Број дваесет и еден

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

1. АПЕЛ ЗА НОСАЧИ НА БРЕМИЊА

Драги браќа и сестри, се чувствувам принудена конечно да извршам една долго занемарена должност. {3С 9.1}

Во годините кои претходеа на тешката и долготрајна болест на мојот сопруг, тој секогаш работеше повеќе отколку што за тоа време би направиле двајца други мажи. Тој никогаш не наоѓаше време да се ослободи од притисок на грижи и да се одмори умно и физички. Со посредство на Сведоштвата тој беше предупредуван на опасноста што му се заканува. Ми беше покажано дека тој се занимава премногу со умна работа. Овде ќе наведам делови од едно сведоштво напишано уште на 26. август, 1855. година: {3С 9.2}

„За време на мојот престој во Париз, држава Мејн, ми беше покажано дека здравствената состојба на мојот сопруг е критична и дека неговата умна оптовареност ги надминува неговите сили. Кога сегашната вистина беше прв пат објавена, тој вложуваше крајни напори и работеше со многу малку охрабрување или помош од страна на своите браќа. Од самиот почеток тој ги примаше на себе товарите кои ја надминуваа неговата физичка сила". {3С 9.3}

„Товарот на тие одговорности не ќе беше толку голем ако беше рамномерно распореден. Додека мојот сопруг примаше на себе многу одговорности, некои од неговите браќа во проповедничка служба не сакаа да прифатат никакви одговорности. И токму оние кои ги одбегнуваа товарите и одговорностите не увидуваа колку тој е оптоварен и не беа толку заинтересирани за напредок на Божјото дело онака како што би требало да бидат. Чувствувајќи го тој недостаток, мојот сопруг ги подметнуваше своите рамена под товарите кои беа претешки за неговите сили и кои речиси го скршија. Како резултат на тие напори повеќе души ќе бидат спасени, но тоа негативно влијаеше на целиот негов организам и тој беше лишен од сила. Покажано ми е дека тој - според Божјата намера - во голема мера треба да се ослободи од тие грижи и од толку напорната работа, за да има повеќе време за проучување на Библијата и за дружење со своите деца, настојувајќи да ги култивира (развива) нивните умови". {3С 9.4}

„Јас видов дека не е наша должност да се збунуваме себеси со личните несогласувања на другите. Таквите умни напори поради туѓите грешки треба да се избегнуваат. Ако продолжи вака да ги напрега сите свои сили како што правеше досега, мојот сопруг пред време ќе отиде во гроб, а неговите напори за Божјото дело ќе бидат загубени; меѓутоа, ако се растовари додека сè уште има сила, тој може да поживее подолго и неговата работа да биде поделотворна". {3С 10.1}

Сега ќе наведам некои цитати од едно сведоштво кое ми е дадено во 1859. година: „Според она што ми беше покажано во последната визија, мојот сопруг би требало повеќе да се посвети на проучување на Светите Списи за да може што подобро да се оспособи за поефикасна работа во речта и доктрината, како во проповедањето така и во

пишувањето. Видов дека преголемата загриженост во напорите да се среди состојбата во црквата ги истроши нашите енергии. Такво оптоварување со работа во разни места и носење на товар на одговорности за поедини цркви, не се бара од нас, бидејќи членовите на црквите сами треба да ги носат своите товари. Наша должност е да ги поучиме на Божјата реч, да им ја нагласуваме неопходноста од искуствената религија и заземање на што поисправен став во поглед на вистината. Бог сака на големите собири да го подигнеме својот глас истакнувајќи ги оние точки на сегашната вистина кои се од животно значење. Тие вистини треба да се изложат јасно и одлучно; треба исто така да бидат и запишани, кои потоа како неми гласници треба да се изнесуваат пред луѓето насекаде. Наше е во потполност да се посветиме на она што ја претставува суштината на делото; мораме да пружиме јасни докази дека живееме во светлината на Господовото лице. Кога помалку би се занимавале со црковните несогласувања би имале повеќе време за проучување на библиските предмети; со појасна примена на вистината, нашиот ум би се привикнал на такво размислување и така подобро би се оспособиле за важната работа која ја имаме преземено врз нас". {3C 10.2}

„Покажано ми е дека Бог не ги ставил на нас сите мачни товари на одговорности кои ги носевме во минатото. Наше е да ги поучуваме верниците, укажувајќи им на неопходноста сами да се залагаат за себе. Тие предолго беа носени. Причината зашто од нас не се бара да преземаме тешки бремиња и да се ангажираме во тие збунувачки напори е во тоа што Господ има за нас работа со поинаков карактер. Тој не сака ние така да ги исцрпуваме своите физички и умни енергии, туку да ги чуваме во резерва, за да може нашиот глас да се чуе во посебни прилики, кога навистина ќе затреба нашата помош". {3C 11.1}

„Видов дека ќе дојде до значајни појави во кои ќе се бара да помогнеме со своето влијание. Во црквата ќе се појават влијанија и заблуди и тогаш ќе се укаже потреба за нашето влијание. Меѓутоа, ако своите сили ги исцрпиме со претходни напори, ќе ни недостига онаа смиреност во расудувањето, мудрост за донесување одлуки и она владеење со себе кое е неопходно да се има во тие важни прилики кога Бог ќе нè повика да одиграме некоја значајна улога". {3C 11.2}

„Сатаната ги осакатил нашите напори делувајќи на луѓето во црквата од нас да бараат речиси двојна работа за да го расчистиме нашиот пат низ темнината и неверството. Тие напори за да се воведе ред и поредок во црквите ги истрошија нашите сили и настана малаксаност и изнемоштеност. Покажано ми е дека ни претстои работа, но непријателот на душите ќе се противи на сите напори кои ние ќе се обидеме да ги направиме. Луѓето може да се во состојба на отпаднишство, така што Господ нема да може да ги благослови, и тоа ќе биде обесхрабрувачко; но ние не треба да се обесхрабруваме. Ние треба да ја вршиме својата должност изнесувајќи ја светлината, препуштајќи им ја на луѓето одговорноста дали ќе ја прифатат или не". {3C 11.3}

Овде ќе наведам цитат од едно друго сведоштво, напишано на 6. јуни 1863. година: „Покажано ми е дека нашето сведоштво е сè уште потребно во црквата и дека треба да се поштедиме себеси колку што е можно повеќе од неволи и грижи, за да можеме да запазиме духовна и молитвена состојба на умот. Должност на останатите во редакцијата е да ги напрегнат своите умни сили повеќе, а мојот сопруг да ја намали својата активност во тој поглед. Тој преголем дел од своето време им посветува на активности кои го збунуваат и оптоваруваат неговиот ум и тоа го попречува во проучување и пишување,

така спречувајќи ја неговата светлината да зрачи од списанието Преглед како што би требало да биде”. {3C 11.4}

„Мојот сопруг не треба толку умно да се напрегнува и преоптоварува. Тој мора да се ослободи од другите грижи, за да може да се посвети на пишување и на работи кои други не можат да ги направат. Оние кои се ангажирани во редакцијата би можеле да го ослободат од голем товар кога сами вистински би се посветиле на Бога, чувствувајќи длабока заинтересираност за делото. Меѓу нив не би смеело да има никакви себични чувства. Потфатот во кој се ангажирани е Божјо дело, и тие ќе мораат Нему да му положат сметка за своите побуди и начинот на кој се извршува оваа гранка на делото. Од нив се бара да го дисциплинираат својот ум. Многумина мислат дека за заборавноста не треба да се прекорува, но тоа е голема грешка. Заборавноста претставува грев. Тоа доведува до многу пореметувања и грешки. Она што треба да се направи не треба да се заборави. Умот мора да се дисциплинира сè додека не се навикне да помни”. 3C 12.1}

„Мојот сопруг преземаше премногу на себе, работејќи го она што можела да го направат други, но тоа не им го препушташе, стравувајќи дека во своето невнимание ќе направат тешко поправливи грешки и така ќе предизвикаат загуби. Тоа беше преголемо оптоварување за неговиот ум. Оние кои се ангажирани во уредништвото треба да учат со практична примена на наученото да го увежбуваат својот ум, бидејќи се занимаваат само со таа гранка на дејност, додека мојот сопруг има одговорности и за многу други гранки на делото. Ако некој работник згреши, би требало да се чувствува должен да ја надомести штетата од сопствен џеб, не дозволувајќи редакцијата да има загуби поради негово невнимание. Тој затоа не треба да престане да носи одговорности, туку треба да продолжи со работа, трудејќи се да не ја повторува направената грешка. На тој начин ќе научи во оваа работа да биде внимателен како што бара Божјата реч, правејќи го она што е негова должност”. {3C 12.2}

„За да го сочува своето здравје, мојот сопруг мора да најде време да ги врши оние работи за кои здравиот разум му вели дека ќе му го запазат здравјето. Тој доаѓа до заклучок дека мора да се ослободи од товарите и одговорностите кои го притискаат и да го напушти уредништвото, или неговите умни сили потполно ќе откажат. Кога Господ би сакал да се ослободи од положбата на која сега се наоѓа, Тој би му пружил јасни докази за тоа, како што го направил тоа кога го ставил на неговите рамена товарот на тоа дело. Меѓутоа, тој носеше преголеми товари на одговорност, додека неговите соработници во редакцијата, а исто така и оние во проповедништвото, упорно инсистираа тоа така и да остане. Тие општо земено, го избегнуваа товарот и ги поддржуваа оние кои мрмореа против него, оставајќи го самиот да се свиткува под товарот на критика и осуда, сè додека сам Бог не го оправда Своето дело. Ако тие понесоа свој дел од товарот, на мојот сопруг ќе му олесниеше”. {3C 13.1}

„Покажано ми е дека Бог бара од нас посебно внимание да подариме на здравјето кое Тој ни го дал, бидејќи нашето дело сè уште не е завршено. Сè уште мораме да го изнесуваме своето сведоштво и тоа нема да остане без влијание. Треба да ја чуваме својата сила, за да можеме да ја употребиме во Божјото дело кога за тоа ќе се укаже потреба. Ние треба да бидеме внимателни, не преземајќи на себе товари кои други можат и треба да ги носат. Треба да негуваме дух на ведро расположение, дух полн со надеж и смиреност, бидејќи токму од тоа зависи и нашето здравје. Бог не бара од нас со прекумерна работа да го загрозиме своето здравје, за потоа да закрепнуваме од последиците на таквото претерување. Колку што нашата здравствена состојба е

подобра, дотолку ќе биде посовршена и нашата работа. Ако силата се исцрпи со постојано напрегање, нашиот организам е многу подложен на настинка, а во такви моменти болеста лесно може да земе опасен облик. Грижата за себе и за чувањето на своето здравје не треба да ја префрлиме на Бога, бидејќи Тој ја поставил таа одговорност врз нас". {3С 13.2}

Додека бев во Адамс центарот, во државата Њујорк, на 25. октомври 1869. година, покажано ми е дека некои од нашите проповедници не ги носат сите одговорности како што Бог очекува од нив. Тоа уште повеќе ги оптоварува оние кои го носат товарот на одговорност, а посебно мојот сопруг. Некои проповедници не се подготвени да прифатат било каков потфат во Божјото дело со кој би се изложиле на некаков ризик. Често треба да се донесуваат важни одлуки; меѓутоа, бидејќи смртните луѓе не можат на самиот почеток да го согледаат крајот, некои не се осмелуваат да постапат онака како што Бог ги води во Своето провидение. Некој мора да тргне прв, охрабрувајќи се да преземе одреден чекор во Божји страв, а последиците да му ги препушти Нему. Проповедниците кои се притеснуваат да учествуваат во вакви напори, губат многу. На тој начин тие ја пропуштаат од Бога дадената можност да стекнат искуства кои би ги направиле посилни и поделотворни луѓе, луѓе на кои може да се потпре во секоја ненадејна потреба. 3С 13.3}

Брате А, ти го одбегнуваш секој ризик. Не си подготвен за никаков потфат додека не видиш дека на тој пат нема никакви препреки. Сепак, некој мора и тоа да го направи, некој мора да тргне со вера, инаку нема да има никаков напредок, ниту ќе се постигне нешто. Стравот дека ќе згрешиш и тогаш поради таа грешка ќе бидеш критикуван и осудуван, ти ги врзува рацете. Како изговор да не се нафатиш на одговорноста, наведуваш некои грешки кои си ги направил во минатото. Но би требало да ја прифатиш работата според своето најдобро знаење, препуштајќи ги последиците на Бога. Некој мора да биде поттикнувач, а тоа е мачна улога за секого. Ниту еден поединец не треба да ја презема на себе сета одговорност, туку таа мора рамномерно да се подели со многу размислување и сесрдни молитви. {3С 14.1}

Во текот на болеста на мојот сопруг, Господ ги испитуваше и проверуваше припадниците на Својот народ за да открие што им е во срцето; на тој начин Тој им го открива она што ниту самите за себе не го знаеле и што Божјиот Дух не може да го одобри. Мачните околности во кои се најдовме наведоа некои наши верници да го покажат она што инаку никогаш не би го откриле. Господ им покажа дека човечката мудрост е само лудост и дека доколку цврсто не се потпрат на Него, сите човечки планови и калкулации ќе се покажат погрешни. Од сето тоа ние треба да извлечеме поуки. Ако и беа правени грешки, тие од тоа треба да се поучат, а не да ги одбегнуваат товарите и одговорностите. Кога е во прашање нешто големо и кога се решава за прашања од животна важност, Божјите слуги не треба да ги одбегнуваат личните одговорности. Тие не можат да ги одложат бремињата, а сепак да ја вршат Божјата волја. На некои проповедници им недостигаат квалификации неопходни за духовно изградување на црквите и тие не се подготвени да се трошат во Божјото дело. Тие не се склони без никакви други интереси, ревно, трпеливо, истрајно и во потполност да се посветат на делото. Кога овие особини би се применувале во пракса, црквите би се одржувале во ред и работата на мојот сопруг не би била толку напорна. Сите проповедници го немаат на ум фактот дека сè што тие работат верно ќе се преиспита на судот и дека секој ќе прими плата според своите дела. {3С 14.2}

Брате А, ти имаш одговорности кои треба да ги носиш во поглед на Здравствениот Институт. За тоа мораш да размислуваш и тоа треба да го имаш на ум. Ти често го поминуваш времето во читање токму тогаш кога би требало да размислуваш и планираш што треба да направиш во Институтот и редакцијата за сè да функционира правилно. Мојот сопруг го презема тој товар на себе затоа што гледа дека тоа некој мора да го направи за овие установи. Додека другите се притеснуваат, тој доаѓа да помогне и го надополнува пропуштеното. {3C 15.1}

Бог го предупреди мојот сопруг да го чува своето здравје. Покажано ми е дека сам Господ му го поврати здравјето и дека неговиот живот е спасен со чудо на Божјата милост - но не затоа за повторно да ги презема товарите под кои еднаш веќе подлегна, туку за Божјиот народ да може да ползува од неговото искуство во поттикнување на општите интереси на делото, во поврзаност со делото кое Господ ми го дал, и бремето кое Тој го положил на мене да го носам. {3C 15.2}

Брате А, ти треба да бидеш многу внимателен, особено во Батл Крик. Твоите разговори при посетите треба да се сведат само на најзначајните предмети. Биди внимателен и настојувај дадените поуки да ги потврдиш со личен пример. Твојата положба е значајна и бара напори. Додека си тука, треба да најдеш време за размислување за многубројните обврски кои треба да се извршат, а кои бараат сериозно разгледување, исклучително внимание и најсесрдна, верна молитва. Ти треба да манифестираш најголем интерес за сè што е поврзано со делото, за работата во Здравствениот Институт и редакцијата за публикации каков што мојот сопруг поседува; ти треба да чувствуваш дека тоа е твоја должност. Ти не можеш да ја преземеш задачата за која Бог посебно го оспособи мојот сопруг, ниту пак тој може да ги извршува сите работи за кои Бог посебно те оспособил тебе. Но со заеднички и ускладени напори, ти во својата дејност, тој во својата, можете многу да постигнете. {3C 15.3}

Делото за кое чувствуваме заеднички интерес е навистина големо, но има толку малку делотоворни работници, подготвени да го понесат товарот. Бог ќе ти подари сила, брате мој, ако си подготвен да појдеш напред потпирајќи се на Него. Тој ќе ни даде сила и на мене и на мојот сопруг во нашите заеднички напори, ако правиме сè на Негова слава, според нашата способност и сила. Ти треба да се сместиш таму каде што ќе можеш најдобро да ги примениш своите способности со кои Бог те надарил. Треба во потполност да се потпреш на Бога дозволувајќи Тој да те учи, води и да влијае на тебе. Ти си вистински заинтересиран за работата во Божјото дело и затоа од Него постојано треба да очекуваш светлина и водство. Тој ќе ти подари светлина. Но од тебе, како од Христов претставник се очекува оние кои грешат да ги исправиш во љубов и во дух на кротост и тогаш твоите напори нема да бидат залудни. {3C 16.1}

Откако мојот сопруг закрепна од својата болест, ние продолживме најсесрдно да работиме. Не баравме никакви удобности ниту задоволства. Патувавме и работевме на црковните собори, преоптоварувајќи ги своите сили, така што бевме крајно исцрпени, без никаква можност за одмор. Во текот на 1870. година, присуствувавме на дванаесет собори. На неколку од тие собори товарот на целокупна одговорност и грижа беше на нас. Патувавме од Минесота до Мејн, Мисури и Канзас. {3C 16.2}

Мојот сопруг и јас со заеднички напори настојувавме да го подобриме списанието Здравствен Реформатор и од него да направиме интересен и корисен журнал, кој би бил посакуван не само за нашиот народ, туку и за сите останати. Тоа за мојот сопруг беше

големо оптоварување. Тој исто така изврши значајни подобрувања и во списанијата Преглед и Инструктор. Извршуваше работа која требаше да се подели на тројца. И додека сиот товар на издавачката дејност беше положен на него, водењето на Здравствениот Институт и Издавачкото Здружение бараше работа на двајца луѓе за да се извлече од финансиските тешкотии. {3C 16.3}

Неверните луѓе на кои им беше доверена работата во редакцијата и Здравствениот Институт, со својата себичност и непосветеност ги доведоа тие установи во најлоша можна состојба. Имаше многу несредени работи кои требаше да се средат. Мојот сопруг се фати во костец со тоа, работејќи со сите свои сили и се исцрпуваше. Видовме дека му се заканува опасност, но не видовме како тој да запре, а истовремено да не престане сета работа во редакцијата. Речиси секој ден се појавуваше некоја нова тешкотија предизвикана од несовесната работа на луѓето кои беа задолжени за водење на таа работа. Неговиот мозок беше крајно преоптоварен. Сепак, најголемите потешкотии се совладани и сега делото успешно напредува. {3C 17.1}

На Генералната Конференција мојот сопруг молеше да биде ослободен од товарот кој го притискаше; но наспроти неговата молба уште му беше додадена одговорност за уредување на списанијата Преглед и Реформатор, со тоа што оние кои сакаат да го прифатат на себе товарот на одговорност да се поттикнуваат да се преселат во Батл Крик. Меѓутоа, досега уште не дојде никој кој би му го олеснил товарот од финансиското работење во редакцијата. {3C 17.2}

Мојот сопруг бргу се исцрпува. Ние на Запад присуствувавме на четири црковни собори, а браќата ургираа на нас да присуствуваме и на црковните собори на Исток. Меѓутоа, ние не се осмелуваме да преземеме на себе нови товари. Кога во јули 1871. година се вративме од соборот на Запад, затекнавме многу незавршени работи кои се натрупуваа во отсуство на мојот сопруг. Така не ни се пружи никаква можност за одмор. Мојот сопруг мора да се ослободи од товарот на одговорности кои сега го притискаат. Постојат многумина кои се користат со неговиот ум наместо да го користат својот. Имајќи ја во вид светлината која на Бога му беше угодно да ни ја даде, браќа, ве преколнуваме да го поштедите мојот сопруг. Не сакам да ризикувам тој и понатаму да се изложува на опасните последици од вака напорната работа. Тој со години верно и несебично ви служеше, сè додека на крај не подлегна под притисокот на товарот кој е ставен на него. А тогаш неговите браќа, во кои толку имаше доверба, го оставија. Препуштајќи да падне само на моите раце, го заборавија. Речиси две години бев негова негувателка, негов постојан придружник и лекар. Не сакам уште еднаш сето ова да го доживеам. Браќа, ќе сакате ли да ги подигнете од нас сите овие товари, дозволувајќи да ја сочуваме својата сила, бидејќи Бог го бара тоа од нас, за со своите напори направени во Неговата сила да придонесуваме за Божјото дело во целина? Или на овој начин ќе нè исцрпувате до таа мера да станеме речиси некорисни за делото? {3C 17.3}

Претходниот дел од овој апел беше прочитан на црковниот собор во Њу Хемпшир, во август 1871. година. {3C 18.1}

Кога есента 1870. година се вративме од Канзас, брат Б лежеше болен од треска во својот дом. Сестра Ван Хорн токму во тоа време беше отсутна од редакцијата, бидејќи заради ненадејната смрт на својата мајка таа беше погодена од треска. Ниту братот Смит не беше на работното место, бидејќи закрепнуваше од треска во Рочестер, држава Њујорк. Во редакцијата имаше многу незавршени работи, но брат Б сепак го напушти

своето работно место и својата должност поради лично задоволство. Овој факт од неговиот живот покажува каков човек е тој. Тој лесно ги зема светите должности. {3C 18.2}

Постапувајќи вака, тој речиси ја наруши довербата која му беше укажана. Тоа е во спротивност со Христовиот живот, нашиот Пример! Како Син на големиот Јехова и Зачетник на нашето спасение, Тој неуморно се залагал и страдал за нас. Полн со самооткажување, Неговиот животен пат бил обележје на постојани страдања и лишувања. Тоа бил Негов избор. Своите денови во светот, кој создаден со Негова сила, можел да ги минува во удобност и изобилство, полагајќи право на сите задоволства и уживања кои светот може да ги пружи. Но Тој не барал лични задоволства. Живеел не за да си угодува себеси, туку да прави добро и да ги излева обилно Своите благослови на другите. {3C 18.3}

Брат Б боледуваше од треска, и неговата состојба беше критична; но во интерес на Божјото дело морам да кажам дека неговата болест не дојде како последица на неуморната посветеност во редакцијата. Тој непромислено се изложи на настинка на едно патување до Чикаго поради сопствено задоволство и тоа е причина за неговата долготрајна и мачна болест. Бог не можеше да го поддржи во тоа што го напушти своето дело во времето кога веќе толку одговорни личности на истакнати положби во канцеларијата беа отсутни. Тој ја напушти својата должност во време кога не смееше да се оддалечи ниту за еден момент и затоа Бог не можеше да го заштити. {3C 18.4}

За нас немаше време за одмор, колку тој и да ни беше потребен. Списанијата Преглед, Реформатор и Инструктор мораа да бидат подготвени за издавање. Многу писма беа оставени настрана за да ги прочитам дури кога ќе се вратиме. Редакцијата се наоѓаше во тажна состојба. Мојот сопруг отпочна со својата работа и јас му помагав колку што можев; но сето тоа беше малку. Тој работеше без прекин за колку-толку да го расплетка запуштениот начин на работење и да го подобри квалитетот на нашите списанија. Ниту еден од неговите браќа од проповедништвото не му дојде на помош. Во работата беше и со срце и со ум и раце. Браќата А и Ц, иако знаеја дека сиот товар на делото во Батл Крик падна на него, тие не го поддржаа во работата. Опишувајќи ја својата неповолна здравствена состојба, тие тоа го прикажуваа на многу обесхрабрувачки начин, тврдејќи дека се толку исцрпени така што од нив не може да се очекува никаква помош. Така мојот сопруг виде дека од таа страна нема на што да се надева. Наспроти своите двојно зголемени напори тоа лето, тој не можеше да се одмора. И без оглед на својата исцрпеност, тој ги прифати обврските и работите кои други ги занемарија. {3C 19.1}

Списанието Реформатор беше во опасност да згасне. Брат Б го поддржуваше екстремниот став на д-р Трол. Тоа влијаеше на докторот во списанието Реформатор да истапи уште поодлучно од вообичаено, залагајќи се за целосно исфрлање на млекото, шеќерот и солта. Ставот дека овие продукти треба целосно да се исфрлат од употреба може суштински да биде исправен, но сè уште не дошло време да се заземе општ став кон овие точки. А оние кои заземаат ваков став и застапуваат целосно отфрлање на млекото, путерот и шеќерот, треба најнапред тоа да го отстранат од своите трпези. Брат Б, дури и кога во списанието Реформатор заедно со д-р Трол укажуваше на штетните последици на солта, млекото и шеќерот, не го применуваше во пракса она што им го препорачуваше на другите. На неговата маса овие продукти секој ден беа во употреба. {3C 19.2}

Интересот за списанието Реформатор значително опадна кај нашиот народ, и од ден на ден пристигнуваа писма со обесхрабрувачки барања: „Ве молиме да не ни го испраќате повеќе списанието Реформатор”. Од запад, каде што ново населените краеви се многу оскудни со овошје, пристигнуваа писма со прашања: „Како живеат поборниците на здравствената реформа во Батл Крик? Дали потполно ја исфрлиле солта од употреба? Ако е така, ние засега не можеме да ја прифатиме здравствената реформа. Овде е многу тешко да се дојде до овошје. Ја отфрливме употребата на месо, чај, кафе и тутун; но со нешто мораме да го одржуваме животот”. {3С 20.1}

Извесно време поминавме на Запад и знаеме дека таму овошјето е навистина реткост, и сочувствуваме со нашите тамошни браќа кои совесно настојуваат да бидат ускладени со црквата на адвентистите на седмиот ден. Обесхрабрувајќи се на овој начин, некои од нив ја напуштија здравствената реформа, стравувајќи дека тоа во Батл Крик е прифатено премногу радикално и фанатички. Ние на Запад никаде не можевме да пробудиме интерес за нови претплатници за списанието Здравствен Реформатор. Видовме дека писателите на поедини статии во тоа списание одат далеку пред народот, оставајќи го зад себе. Ако заземеме став кој совесните христијани, како вистински следбеници на реформата, не можат да го прифатат, како можеме да очекуваме тоа да биде од полза за оние до кои можеме да допреме само од здравствена гледна точка? {3С 20.2}

Ние не смееме да одиме побргу отколку што тоа можат да го прифатат и оние кои врз основа на својата совест и здрав разум се осведочени во вистините кои ги застапуваме. Ние треба да се адаптираме според потребите на луѓето. На некои од нас им требаа многу години за во поглед на здравствената реформа да се издигнат до ставот на кој сега се наоѓаме. Реформите во поглед на исхраната треба да се спроведуваат внимателно. Апетитот претставува силно искушение со кое мораме да дојдеме во судир, бидејќи светот е оддаден на јадење и пиење. Ако сфатиме дека работата со луѓе бара толку време колку што нам ни е потребно за да го достигнеме сегашниот прогрес во реформата, ние ќе бидеме многу трпеливи со нив, допуштајќи да напредуваат чекор по чекор, како што правевме и самите, сè додека нивните стапала не се зацврстат на платформата на здравствената реформа. Меѓутоа, мораме да бидеме многу внимателни не брзајќи пребргу, за да не бидеме принудени да се враќаме по истата трага. Во реформата е подобро да се направи еден чекор помалку, отколку за еден чекор да истрчуваме пред поставената цел. И ако во сето тоа направиме грешка, тоа нека биде на страната која нè приближува кон народот. {3С 20.3}

Пред сè, мораме да внимаваме со своето перо да не застапуваме ставови кои во своето семејство и на сопствената трпеза не сме ги испробале практично. Тоа би било дволичност, еден вид на лицемерство. Ние во Мичиген можеме многу полесно без употреба на сол, шеќер и млеко во својата исхрана, отколку оние кои живеат на далечниот Запад или на далечниот Исток, каде што овошјето е навистина реткост. Меѓутоа, во Батл Крик постои многу мал број на семејства кои не ги употребуваат овие продукти. Ние знаеме дека неограничената употреба на ова е многу штетна по здравјето, и дека многумина би биле многу поздрави кога тоа воопшто не би го употребувале во својата исхрана. Но тоа не е суштина на пораката која денес треба да ја истакнеме. Народот е толку многу далеку во тој поглед, така што одбегнувањето на најштетните продукти и надразнувачки наркотици е единствено што засега би можеле да прифатат. Ние одлучно се изјаснуваме против тутунот, жестоките пијалаци, бурмутот,

чајот, кафето, месната храна, путерот, зачините, богатите колачи, питите со месо, големата количина на сол и сите надразнувачки супстанци кои се користат во исхраната. {3C 21.1}

Ако на личностите кои сè уште не се посветени во поглед на здравствената реформа веднаш им ги изнесеме своите најстроги погледи во таа насока, постои опасност да се обесхрабрат, гледајќи од што сè треба да се откажат, така што нема да направат никаков напор за да ја спроведат реформата. Народот мораме да го водиме трпеливо и постепено, имајќи ја на ум длабоката јама од која ние бевме извадени. {3C 21.2}

2. НЕПОСВЕТЕНИ СПОСОБНОСТИ

Покажано ми е дека брат Б, поради своите сериозни карактерни недостатоци, не може да биде тесно поврзан со Божјото дело бидејќи тука мораат да се прифатат значајни одговорности. Тој има соодветни умни способности, но своето срце и љубов тој не ги посветил на Бога, па затоа не може да му се довери толку значајна работа како што е публикација на вистината во канцеларијата во Батл Крик. Една грешка или запоставување на должност во оваа работа се одразуваат на големо врз Божјото дело. Брат Б не ги увидува своите недостатоци и затоа не се поправа. {3C 22.1}

Сеопфатноста на нашиот карактер го сочинуваат нашите навики и во најситните детали. Ти, брате мој, си склон да го потценуваш значењето на ситните настани во секојдневниот живот. Тоа е голема грешка. Ниту една должност која треба да се изврши не е безначајна. Секоја постапка има своја тежина, или на вистинската или на погрешната страна. Само со примена на начелата и во најситните детали од секојдневниот живот ние се проверуваме и нашите карактери се образуваат. Во различни околности во животот ние биваме испитувани и тестирани и така стекнуваме сила да се спротивставиме на поголемите и позначајни проби преку кои мораме да поминеме за да се оспособиме за поголеми и поодговорни положби. Умот преку секојдневни проби мора да се вежба на навики на верност, на чувство на правда и должност кои треба да ги става над личните склоности и задоволства. Луѓето со така насочен дух не се колебаат помеѓу доброто и злото, како што трската се лула на ветрот, туку штом ќе се појави некој проблем, тие веднаш увидуваат дека е во прашање начело и инстинктивно, без долга расправа, се одлучуваат за она што е исправно. Тие се верни затоа што се научиле себеси на навики на верноста и вистина. Верни во малку, тие стекнуваат неопходна сила со леснотија да останат верни и во поголеми работи. {3C 22.2}

Со воспитувањето кое брат Б го имал, во него не се зајакнати оние возвишени морални особини кои би го оспособиле сам во Божја сила да застане во одбрана на вистината, па сред најжестокото спротивставување да остане во начелото цврст како карпа, морално непоколеблив, не поведувајќи се по пофалбите или осудата од страна на луѓето, подготвен подобро да умре отколку да ја гази својата совест. Таков карактер се бара во издавачкиот уред од кој треба да излегуваат светите и возвишени вистини, на кои светот треба да биде испитан. {3C 22.3}

Во ширењето на Божјото дело се бараат луѓе со високи морални вредности, луѓе чии срца се вдахновени со света ревност, луѓе цврсто определени, кои не дозволуваат лесно

да бидат поместени, подготвени за крстот и круната да ги жртвуваат сите себични интереси. На делото на сегашната вистина му се потребни луѓе кои се верни на чувството на правда и должност, чиј морален интегритет е постојан и чии енергии одговараат на барањата на Божјото провидение. Овие доблести се подрагоцени од било какво богатство кое може да се вложи во Божјото дело. Енергичноста, моралниот интегритет и непоколебливоста во борбата за правда претставуваат особини кои не можат да се заменат со никаква количина на злато. Луѓето кои ги имаат овие особини шират позитивно влијание каде и да се најдат. Нивниот живот говори посилно од најубедливиот говор. Бог повикува луѓе со срце, ум и морална беспрекорност, луѓе кои може да ги направи чувари на Својата вистина и кои нејзините свети начела коректно ќе ги претставуваат во својот секојдневен живот. {3С 23.1}

Брат Б во извесен поглед има способности кои малкумина ги имаат. Кога со сето срце би му се посветил на делото, тој во редакцијата би можел да заземе значајна и за Бога прифатлива положба. За неговото влијание во редакцијата или во било која гранка на делото да биде онакво какво што треба да биде, тој треба да се обрати, да се понизи како мало дете, барајќи чиста религија на срцето. Меѓутоа, тој вршеше штетно влијание на сите кои работат во редакцијата, а посебно на младите. За ширењето на неговото влијание придонесе водечката положба на која се наоѓаше. Не се однесуваше совесно, имајќи го секогаш пред очите Божјиот страв. Укажуваше наклонетост на поединци повеќе отколку на други. Запоставувајќи ги оние кои со својата верност и способности заслужиле посебно охрабрување, ги ожалостуваше и доведуваше во забуна токму оние на кои требаше да им укаже најголемо внимание. Таквите кои својата наклонетост и внимание пристрасно ја укажуваат на еден или двајца на штета на другите, не би требало да се држат ниту еден ден на положба во редакцијата. Таквата несвета пристрасност кон оние кои можеби угодуваат на нашата вообразба на штета на другите, кои се совесни, кои се бојат од Бога и во Неговите очи се длабоко подобри, претставува навреда за Бога. Ние треба да го цениме она што Бог го цени. Украсот на тивок и понизен дух, Тој го цени многу повеќе отколку надворешната убавина, накитот, богатството или почестите на овој свет. {3С 23.2}

Вистинските Христови следбеници за свои блиски пријатели нема да ги бираат оние кои имаат сериозни недостатоци во карактерот и на чиј пример не треба да се угледаат, додека имаат можност да се дружат со оние кои совесно ги извршуваат своите деловни и верски должности. Оние на кои им недостигаат начелност и верност обично повеќе влијаат на обликувањето на карактерот на своите блиски пријатели отколку оние кои се добро урамнотежени и способни да ги управуваат и влијаат врз оние кои имаат карактерни недостатоци и на кои им недостига духовност и посветеност. {3С 24.1}

Влијанието на братот Б, ако е непосветено, ги изложува на опасност душите на оние кои го следат неговиот пример. Со својата остроумност и подготвеност да тактизира тој ги восхитува луѓето околу себе, наведувајќи ги да му ги препишуваат оние квалификации кои всушност ги нема. Своето време во редакцијата тој го минуваше безгрижно. Ако тоа се однесуваше само на него, злото немаше да биде толку големо, но тој со својата водечка положба негативно влијаеше и на другите. Совесно и внимателно не водеше сметка каков пример им дава на останатите на своето работно место, а особено на приправниците. Кога, покрај своите умни способности, би поседувал и високо чувство на морална одговорност, брат Б би можел да биде од непроценлива корист за редакцијата. Кога постојано би се раководел според начелото,

не допуштајќи било што да го одврати од патот на должност или да го наведе да се согласи на некој погрешен чин, тој со своето влијание значително би ги подобрил другите; но склоноста да попушта на личните задоволства го навела да ја изневери својата должност. Ако во од Бога дадена сила останал верен на начелото и на своето лично осведочување во поглед на вистината и правдата, не наседнувајќи на критика ниту ласкање, би бил далеку подобар и насекаде би ширел многу поповолно влијание. На брат Б му недостигаат особини на претпазливост и економичност. Нему му недостига тактичност која би го оспособила да се прилагоди на барањата на Божјото провидение и да биде секогаш подготвен за акција. Тој сака луѓето да го фалат. Се поведува по околностите и лесно подлегнува на искушенијата, така што на неговиот интегритет не можете да се потпрете. {3С 24.2}

Брат Б не е постојан и цврст во верата. Тој се раководи според моменталните чувства, а не според начелата. Во своето срце тој не е исправен пред Бога и пред очите не му е Божјиот страв ниту славата на Неговото име. Тој во сè постапува како да се занимава со обични работи и воопшто не ја чувствува светоста на делото во која е ангажиран. Самооткажување и штедливост немаше воопшто во неговиот живот и затоа тој нема никакво искуство во тоа. Тој понекогаш ревно се залага и покажува интерес за делото. Потоа повторно поминува некое време во безгрижност и пропушта драгоцени моменти во безначајни разговори, попречувајќи ги така и другите да ги вршат своите должности и давајќи им пример на немарност и несовесност. Божјото дело е свето и бара луѓе со исклучителна честитост. Потребни се луѓе на кои силното чувство на правда ниту во безначајните детали не им дозволува своето работно време да го минуваат несовесно и некоректно, луѓе кои ќе сфатат дека ракуваат со пари кои му припаѓаат на Бога и кои од тоа нема да присвојат ниту еден цент за лична употреба; луѓе кои во отсуство на своите работодавци ќе бидат исто толку совесни и точни, грижливи и вредни во својата работа како и во нивно присуство, докажувајќи со својата верност дека не им е цел само да им угаѓаат на луѓето кои ги гледаат, туку дека се навистина совесни, верни, вистински работници кои го прават она што треба, не за да добијат пофалба од луѓето, туку затоа што тие го сакаат и се одлучуваат за исправното поради возвишеното чувство на своја обврска кон Бога. {3С 25.1}

Родителите не се верни во воспитувањето на своите деца. Тие не увидуваат дека е неопходно да го обликуваат умот на децата со постојано дисциплинирање. Тие им даваат само површно воспитување, подарувајќи повеќе внимание на украсување, отколку на вистинско воспитување со кое способностите се развиваат така што енергиите на душите правилно се насочуваат, а умните способности со вежба се зголемуваат и зацврстуваат. За да можат умните способности да служат на слава на Бога, тие треба да се негуваат. На образованието на умот треба да се посвети посебно внимание, а тоа ќе го постигнеме со настојување секоја умна способност да ја зајакнуваме со практична употреба во нејзиниот посебен домен. Ако родителите им дозволат на своите деца да се поведуваат по личните склоности и задоволства, занемарувајќи ги своите должности, тие ќе формираат таков карактер и нема да бидат подготвени за никаква одговорна положба во животот. Желбите и склоностите на младите треба да се ограничуваат, слабите точки во нивниот карактер да зајакнуваат, а претерано изразените желби да се сузбиваат. {3С 25.2}

Ако дозволиме било која способност да остане неразвиена или спречена во својот правилен развој, Божјата намера за нас нема да се оствари. Секоја способност треба

правилно да се развива, и на секоја треба да ѝ се посвети должно внимание, бидејќи тие меѓусебно се надополнуваат и секоја мора со употреба да се развива за да бидеме луѓе со добро урамнотежен ум. Ако на децата и младите им се дозволи со постојана употреба да развиваат само некои свои способности на штета на другите, тие, кога ќе станат возрасни, ќе останат со неурамнотежен дух и нескладен карактер. Тие можат да бидат подготвени и силни во извесен поглед, но многу слаби и неподготвени во други исто толку важни области. Нема да се развијат во потполни мажи и жени. Нивните недостатоци ќе бидат упадливо забележливи, фрлајќи сенка на целиот нивен карактер. {3С 26.1}

Брат Б негува речиси несовладлива склоност за разгледување на знаменитости и излети во цел на задоволства. Тој напразно троши време и пари за да ја задоволи својата желба за таков вид на екскурзии. Себичната љубов кон задоволствата го наведува да ги занемарува своите свети должности. Брат Б сака да проповеда, но никогаш не се нафати на таа работа толку ревно за да чувствува: „Тешко на мене ако не го проповедам евангелието". Работата во редакцијата која бара негова постојана грижа, тој често ја напушта за да одговори на повикот на некој од своите браќа од други цркви. Кога, чувствувајќи ја возвишеноста и сериозноста на Божјото дело за ова време, би одел напред во самооткажувањето, потпирајќи се на Бога и издигнувајќи го Христовиот крст, би можел да биде корисен. Но тој светоста на делото најчесто ја сфаќа толку лесно, што секој повик да посети некоја црква ја користи како прилика за остварување на своите лични задоволства, накратко кажано, како патување за задоволство. Каква спротивност помеѓу неговиот пат и патувањето на апостолите кои излегле во светот обременети со речта на животот и во манифестирање на Духот, го проповедале распнатиот Христос. Со своето самооткажување и истакнување на крстот, тие укажувале на патот на животот. Тие имале заедница со Христа во Неговите страдања и најголема желба им била да го запознаат Исуса Христа и тоа распнатиот. Не барале лични задоволства, ниту се грижеле за својот земен живот. Не живееле за да си угаѓаат себеси, туку за да прават добро, спасувајќи ги душите за кои Христос умрел. {3С 26.2}

Брат Б може успешно да изложува аргументи за доктринарните точки, но поуките за посветување, самооткажување и носење на крстот тој не ги применува практично во сопствениот живот. Со своите говори тој може да допре до ушите на своите слушатели, но бидејќи посветувачкото влијание на тие вистини не се одразува во неговото срце и живот, тој не е во состојба длабоката претстава за вистината и за нејзината важност во поглед на судот, пред кој мора да се реши случајот на секој поединец, неизбришливо да ја втисне во нивниот ум. Брат Б со вежбање не навикна своите мисли и склоности да ги држи под контрола и неговото однесување - штом ќе заврши богослужението - не е примерно. Тој се однесува како на себе да не го чувствува товарот на делото и со својот пример на површност и несериозност, тој го спушта критериумот на верата, ставајќи го на исто ниво и светото и несветото. {3С 27.1}

Брат Б не е волен да го носи крстот, ниту да го следи Исуса од јаслите па сè до судницата и до Голгота. Во желба да ги задоволи личните склоности и уживања, тој се изложи на најтешки неволји. Тој допрва треба да научи дека потпирањето на сопствената сила и мудрост е всушност само слабост и лудост. Ако постојано го имал на ум фактот дека е ангажиран во Божјото дело, дека е должник на Оној Кој му ги подарил времето и талентите и кои со право бара да ги употреби во Негова слава - ако верно и совесно ги извршувал своите должности - не би паднал во таа тешка и долга болест. Тој

со месеци боледуваше поради настинка на која се изложи на еден од тие свои излети за задоволства и ако за него толку сесрдно не се молеа во вера оние кои чувствуваа дека тој не се подготвил за смртта, тој и ќе умреше од тоа. Ако тогаш умреше, ќе беше затекнат во полоша положба од онаа во која се наоѓа неупатениот грешник. Но Бог милостиво ги слушне молитвите на Својот народ и му ги продолжи деновите на живот за да има можност да се покае поради својата несовесност и да го откупи времето. Со својот пример тој заведе на погрешен пат многумина во Батл Крик. {3C 27.2}

Брат Б се подигна од својата болест, но колку малку тој и неговото семејство се чувствуваа понизени од Божјата рака. Делувањето на Божјиот Дух и мудроста која доаѓа одозгора немаат цел да нѐ направат среќни во самозадоволството, туку да ни го обноват во душата сознанието за вистинската светост. Колку би било подобро за овој брат ако болеста го поттикнеше совесно да го преиспита своето срце и да ја разоткрие несовршеноста на својот карактер, за да може да ги отфрли и од печката на неволјите да излезе понизен и прочистен како злато, одразувајќи го Христовиот лик. {3C 28.1}

Црквата му помогна да закрепне од болеста на која самиот се изложи. Му беа обезбедени болничари, а трошоците за неговото лекување во поголем дел ги носеше црквата; сепак ниту тој ниту неговото семејство не знаат да го ценат сето добро кое им беше направено од страна на црквата. Тие сметаат дека сето тоа што е направено за нив всушност и го заслужиле. Откако закрепна, брат Б има неправедно мислење за мојот сопруг, затоа што не го одобруваше неговиот начин на живот, кој беше за секаква осуда. За да му наштети на влијанието на мојот сопруг, се здружи со некои слични на себе и откако ја напуштија редакцијата, тој нема никакво чувство за правда. Тестот на Божјата проверка ќе ја покаже сета беда на неговата положба. {3C 28.2}

Брат Б сè уште не ја научи лекцијата на самооткажување и спротивставување на желбите за задоволства - а тоа е лекција која мора да ја научи ако сака на крајот сепак да се спаси. Тој ќе мора уште еднаш да помине низ процесот на поостро испитување, бидејќи претходната проба не ја издржа како што треба. Со постојано оправдување на самиот себеси, тој го предизвика Божјото неодобрување и осуда. Од лично искуство тој многу малку знае што значи да се учествува со Христа во Неговите страдања. Склон е кон покажување, не штедејќи ги ниту малку своите средства. Господ го гледа сето тоа. Тој ги одмерува внатрешните чувства и склоности на срцето. Тој го познава човекот. За да ја провери нашата верност, Тој бара да Го љубиме со сето срце, сета душа и со сета своја сила. Љубителите на задоволства можат да имаат облик на побожност проследен дури и со извесен вид на самооткажување, можат понекогаш да жртвуваат и време и пари, а сепак да не бидат подготвени во потполност да му се предадат на Бога и својата волја да ја подредат на Неговата волја. {3C 28.3}

Влијанието на девојките Д во Батл Крик е многу погубно. Тие не се добро воспитани. Нивната мајка ја запостави светата должност и на своите деца не им ускратуваше ништо. Не ги подигаше во Божји страв ниту во склад со Неговите совети. Им попушташе, штитејќи ги од било каква одговорност, сè додека не станаа потполно неподготвени за наједноставните домашни должности во животот. Таа ги научи своите ќерки да мислат само за својот надворешен изглед, но не им го свртуваше вниманието на возвишеноста на внатрешниот украс. Тие млади девојки се полни со суета и горделивост. Нивните мисли се нечисти, нивните разговори изопачувачки; па сепак во Батл Крик има поединци кои го сакаат друштвото на ваквите; а не е можно да се дружите со такви, а да не се спуштите на нивно ниво. Со овие девојки не се постапуваше строго како што

бараше случајот. Тие го сакаат друштвото на момчињата и младите луѓе кои претставуваат предмет на нивните размислувања и нивните разговори. Во своето изопачено однесување, тие се тврдоглави и полни со самодоверба. {3С 29.1}

Цело ова семејство е склоно на покажување (во облекувањето). Мајката не е разумна и достоинствена жена. Таа не е способна да подига деца. На облекувањето на своите ќерки, за да се расфрла со тоа, таа подаруваше поголемо внимание отколку на внатрешното украсување. Својата волја, со примена на дисциплина, таа никогаш не ја прилагоди на Божјата волја. Во своето срце таа не е исправна пред Бога. Делувањето на Неговиот Дух на срцето, благодарение на кое желбите и чувствата се доведуваат во покорност на Христа, за неа е туѓо и непознато. Таа ги нема оние својства кои ја издигнуваат и облагородуваат душата и не го разликува светото од обичното. Своите деца ги пушти да работат што сакаат. Страшното искуство кое го имаше со двете најстари деца не направија длабока импресија врз нејзиниот ум коешто го бараа околностите. Ги научи децата својата љубов и внимание да ги подаруваат само на облекувањето, суетата и лудостите. Своите две помлади ќерки не ги подложи на никаква дисциплина. А. Д. (нејзиниот син), под поволни влијанија, би можел да стане благородно момче, но тој мора уште многу да научи. Склон е повеќе да се раководи според склоностите отколку според должноста. Своеволно и упорно се оддава на задоволства и нема јасна претстава за должноста на еден христијанин. Задоволувањето на своите барања и лични склоности тој со задоволство го прогласува за своја должност. Задоволувањето на своите лични желби тој сè уште не го победил. Неопходен му е појасен духовен вид, за да може да сфати што значи да се посвети на Бога и да ги разбере високите барања кои Бог ги поставува пред Него. Сериозните пропусти во неговото воспитување се одразуваат во неговиот живот. {3С 29.2}

Ако братот Б со своите способности, како раководител во редакцијата беше добро урамнотежен и совесен, неговата работа на тоа работно место можеше да биде од голема вредност, и тој би можел да заработи двојна плата. Но, со оглед на сите негови пропусти и несветото влијание кое го шириле во последните години, за редакцијата би било подобро без него, дури и кога би работел бесплатно. Братот и сестра Б воопшто не научија да штедат. Задоволувањето на апетитот и желбата за задоволства и расфрлање имаат преовладувачко влијание во нивниот живот. За нив е подобро да имаат помали примања, бидејќи се склони да потрошат сè што ќе примат, колку и да е тоа. Штом ќе примат плата, тие со уживање ја трошат и кога ќе искрснат непредвидени потреби или неволји секогаш ги затекнуваат потполно неподготвени. Дваесет долари седмично тие би потрошиле исто толку лесно како и дванаесет. Ако беа штедливи домаќини, подготвени на самооткажување, братот и сестра Б досега можеа да имаат своја куќа, а покрај тоа и нешто заштеда во случај на непредвидена потреба. Меѓутоа, тие не научија да штедат како што тоа го прават другите, од чија помош понекогаш зависат. Нивниот карактер на Божјиот суд нема да се најде совршен ако пропуштат да се поправат и во овој поглед. {3С 30.1}

Брат Б е долго предмет на големата Христова љубов и сомилост, па сепак никогаш не почувствува дека би требало да се угледа на својот голем Пример. Тој упорно бара, како да има право на тоа, и целиот живот бараше на овој свет да помине подобро отколку што помина нашиот Господ. Тој никогаш не ја сфати сета длабочина на незнаење и грев од кои Христос сака да го подигне, за да може да го врзе за Својата божествена природа. {3С 31.1}

Страшно е за некој да се занимава со свети работи кога срцето и рацете не се посветени. Страшна е одговорноста да се биде Христов соработник; да се стои пред народот како Негов претставник не е ниту малку едноставно. Фактот дека делата на секој поединец ќе се испитуваат на судот е страшна реалност. Апостолот вели: „Зашто не се проповедаме себеси туку Исуса Христа, нашиот Господ". „Зашто Бог кој заповеда од темнината да засветли светлина, блесна во нашите срца поради просветлување на спознавањето на Божјата слава во лицето на Исуса Христа". Доволноста на овој апостол не се наоѓала во него самиот, туку во благородното влијание на Христовиот Дух, кој ја исполнувал неговата душа, доведувајќи ја секоја мисла во покорност на Христа. Силата на вистината која го следи проповедањето на Божјата реч ќе биде животен мирис за живот или смртен за смрт. Од проповедникот се очекува да биде жив пример на Христовиот ум и дух, живо послание кое го читаат и можат да го сфатат сите луѓе. Јас треперам при помислата дека дури и меѓу адвентистите на седмиот ден има проповедници непосветени од вистината која ја проповедаат. Победа за нив може да издејствува само брзото и силно делување на Божјиот Дух на нивното срце, давајќи им спознавање и јасна претстава за Божјата слава. {3С 31.2}

Проповедањето на братот Б не било проследено со посветувачкото влијание на Божјиот Дух. Тој е во состојба да зборува течно и своето излагање убаво да го образложи, но во неговите проповеди недостига духовност. Неговите апели не допираат до срцата со една нежност која е нова за нив. Тие можат да бидат убаво составени, но срцата на нивните слушатели не се трогнати и разнежени од чувството на Спасителовата љубов. Грешниците не стануваат осведочени и привлечени од чувството дека „минува Исус Назареецот". Грешниците треба јасно да се осведочат за Христовата близина и подготвеност да им подари спасение. Пред народот треба да биде истакнат само Спасителот, додека срцето на говорникот треба да биде потчинето и исполнето со Неговиот Дух. Самото нагласување, погледот и изговорениот збор, со неодолива сила треба да влијаат на срцата на слушателите и на нивниот ум. Исус треба да биде во срцето на проповедникот. Ако неговите зборови и тонот на неговиот глас оддишуваат со нежноста на Христовата љубов, тоа ќе биде благослов подрагоцен од сите богатства, задоволства и слава кои може да ги даде овој свет, бидејќи таквиот благослов не може да помине, а да не го изврши она за што е испратен. Така оставениот впечаток ќе предизвика длабоко осведочување на слушателите и многумина ќе се запрашаат: „Што треба да правам за да бидам спасен?" {3С 31.3}

3. НЕУРАМНОТЕЖЕНИ УМОВИ

Бог на секој од нас ни доверил света доверба, за која нè смета одговорни. Според Неговата намера ние треба своите умни способности и таленти кои ни ги дал да ги користиме на начин со кој, правејќи добро, најмногу ќе придонесеме за оддавање слава на Дародавецот. За сите свои умни способности ние му должиме само на Бога. Тие свои способности ние можеме да ги развиваме и со контролирање да ги насочиме така што ќе служат токму на онаа намера за која ни се и дадени. Должни сме својот ум со воспитување да го привикнуваме на развојот на сите енергии на душата и на секоја способност. Со користење на сите способности и умот ќе зајакне и ќе се остварат токму оние цели поради кои тие способности ни се и дарувани. {3С 32.1}

Многумина во голема мера пропуштаат прилики да прават добро затоа што својот ум го напрегаат само во еден правец, занемарувајќи грижливо да подарат внимание на оние поединости за кои мислат дека не се способни. Така некои послаби способности остануваат потполно неразвиени, бидејќи напорите кои треба да се вложат за истите да се пробудат и активираат, не се ниту малку пријатни. Сите сили на умот треба да се увежбуваат, сите способности да се развиваат. Моќта на забележување, расудувањето, помнењето и сите умни способности треба со увежбување подеднакво да се зајакнуваат за да имаме добро урамнотежен ум. {3С 33.2}

Ако користиме само некои од своите умни способности, а други занемаруваме, намерата која Бог ја има за нас нема да се оствари во потполност, бидејќи секоја способност има свое значење и во голема мера зависат една од друга. Не може да се користи само една, а со тоа да не се наруши рамнотежата. Ако вниманието се подари на јакнење на само една способност додека други остануваат занемарени, онаа која со користење ја јакнеме се развива екстремно затоа што останатите не ги увежбуваме никако. Умните способности на поединци закржлавеле и таквите не се добро урамнотежени. Тие способности природно според својата конституција не се еднакви кај сите. Ние во тоа значително се разликуваме, некои се силни во одредени точки, но многу слаби во другите. Овие, толку воочливи недостатоци не би требало да постојат. Кога оние кои имаат вакви недостатоци настојуваат да ги зајакнат слабите точки во својот карактер со вежба, би станале посилни. {3С 33.1}

Пријатно е, но не најкорисно, да се развиваат само оние способности во кои сме најсилни, занемарувајќи ги оние во кои сме слаби, но кои исто така треба да се јакнат. На најслабите способности треба да им се подарува најголемо внимание за да можат сите сили на умот да делуваат складно и урамнотежено како добро приспособена машина. Во одржување на сите способности, како и во сè друго, ние зависиме од Бога. Да се увежбуваат умните способности, така што со тоа ги зајакнуваат и развиваат и сите останати способности - е христијанска обврска. Ако тоа го занемариме, никогаш нема да ја остваримe целта која се поставува пред нас. Немаме право да занемаруваме ниту една од силите кои Бог ни ги подарил. Насекаде во светот можеме да наидеме на мономанијаци (Душевно болен човек кој себеси си наврtел во главата само една болна мисла (фикс идеја)). Тие се често душевно здрави во секој поглед, освен во еден. Причина е што со користење развивале само една од своите интелектуални способности, додека останатите дозволиле да стојат неискористени. Онаа способност која прекумерно се користи се троши и заболува, а човекот станува инвалид. Таквиот живот не служи на слава на Бога. Ако таквиот човек сите органи на својот организам ги употребувал соодветно, тие би се развивале правилно и здраво; со товарот на работа никогаш не би бил притиснат само еден и ниту еден не би бил скршен од преоптовареност. {3С 33.2}

Проповедниците треба да внимаваат со своите планови да не ги попречуваат Божјите намери. Тие се во опасност да го ограничат Божјото дело, ограничувајќи ги своите напори на едно место и не покажувајќи посебен интерес за сите гранки на делото. Има и такви кои сето внимание го сосредоточуваат само на една област, исклучувајќи ги сите други кои можат да бидат исто така значајни. Тие луѓе се едностранu. Сите сили на нивното битие се сосредоточени на прашањето кое моментално ги обзема нивните мисли. Сè друго се губи од вид. Таа омилена тема станува суштина на нивното размислување и предмет на сите нивни разговори. Секој

доказ кој може да се доведе во врска со тој предмет тие со копнеж го прифаќаат и се задржуваат толку долго на тоа што тоа го заморува умот на оние кои слушаат. {3С 34.1}

Често се губи многу време во објаснување на прашања кои всушност не се толку важни и кои можат да се разберат и без посебно докажување, бидејќи и самите претставуваат докази. Меѓутоа, вистинските и суштински важни прашања треба да се излагаат јасно и убедливо, колку што е можно тоа да се направи со зборови и аргументи. Моќта умот да се сосредоточи на еден предмет, исклучувајќи ги сите останати, е корисна до извесен степен. Меѓутоа, постојаното користење на таа способност ги заморува органите кои мораме да ги повикаме на помош во таа работа и премногу ги оптоварува, а последица од тоа е неуспех да се изврши најголемо можно добро. Главниот товар паѓа на поедини органи, додека други остануваат неискористени. На тој начин силите на умот не се користат правилно и здраво и како последица на тоа, животот се скратува. {3С 34.2}

Во работата треба да учествуваат сите способности на нашето битие, делувајќи ускладено и дополнувајќи се една со друга. Оние кои своите умни сили ги сосредоточуваат на еден предмет имаат големи недостатоци во други области, бидејќи сите свои способности не ги развиваат со рамномерна употреба. Предметот кој го имаат во вид просто го приковува за себе сето нивно внимание и тие се наведени во тоа да тонат сè подлабоко и подлабоко. Бидејќи се толку заинтересирани и обземени со тоа, тие во тоа гледаат знаење и светлина. Меѓутоа, многу малку се оние кои можат да ги следат ако во предметот кој го излагаат не продираат исто толку длабоко. Таквите се наоѓаат во опасност да ораат толку длабоко, така што нежното семе на вистината фрлено во таква длабочина никогаш не изникнува. {3С 34.3}

Често се вложуваат многу мачни напори кои не се неопходни и кои никогаш нема да бидат ценети. Ако оние кои имаат изразена способност да се сконцентрираат на одреден предмет ја развиваат само таа способност, запоставувајќи ги сите други, тие не можат да имаат добро урамнотежен ум. Тие се слични на машина во која едновремено работи само една гарнитура на колца. Додека некои колца и делови рѓосуваат поради неактивност, други предвремено се трошат со постојана употреба. Оние кои користат само една или две од своите способности, не развивајќи ги подеднакво, не постигнуваат во животот ниту половина од она што Бог очекува од нив. Тоа се едностранi луѓе. Тие употребуваат само половина од способностите и силите кои Бог им ги подарил, додека другата половина рѓосува заради неактивност. {3С 35.1}

Ако на таквите им се довери одредена задача која бара размислување, тие не треба сите свои сили да ги сконцентрираат само на тоа, исклучувајќи ги сите останати интереси. Иако она што ни е дадено како должност треба да биде нивно главно занимање, тие треба да најдат време и за другите гранки на делото. Тоа би било многу подобро и за нив самите и за делото како целина. Никогаш не треба исклучиво да се полага внимание само на една гранка на делото, занемарувајќи ги сите останати. Поединци би морале постојано да внимаваат во своите написи да не ги направат неразбирливи оние прашања кои се сосем јасни, затрупувајќи ги со многубројни аргументи кои не будат жив интерес кај читателот. Ако предолго и досадно се задржуваат на поедини прашања, истакнувајќи ја секоја поединост која ќе им падне на ум, нивниот труд е залуден, бидејќи интересот на читателот нема да биде доволно длабок за да го следи предметот до крај. Со подарување на внимание на толку безначајни ситници можат да се направат нејасни најбитните точки на вистината. Со

тоа може многу да се опфати, но делото во кое се вложува толкав труд, со вакво будење на интерес, нема да направи многу добра. {3C 35.2}

Во овој век, кога пријатните измислици го преплавуваат светот и го привлекуваат умот, подобро е вистината да се изнесува со лесен стил, со неколку силни докази, отколку со претресување и изнесување на многубројни аргументи, бидејќи со тоа претставата за вистината за многумина ја прави понејасна од онаа која ја имале пред да им се изнесени такви докази. За некои сигурното тврдење значи многу повеќе од долгите докажувања. Кај таквите многу прашања се разбираат сами по себе и според нивно мислење во делото не помагаат докази. {3C 36.1}

Спротивставување на адвентистите

Нашите најогорчени противници се наоѓаат меѓу адвентистите на првиот ден. Тие стапуваат во борба на потполно нечесен начин, користејќи го секој метод, колку и да е тоа неразумно и недоследно, само за да ја прекријат вистината и да го прикажат Божјиот закон неважечки. Тие си ласкаат себеси дека целта секогаш ги оправдува средствата. Луѓето помеѓу нив самите, во кои ниту самите немаат доверба, изнесуваат цел куп навреди против саботата од четвртата Божја заповед и тие ги публикуваат таквите тврдења, колку и да се тие невистинити, неоправдани, па дури и смешни, само ако можат да ги употребат против вистината која ја мразат. {3C 36.2}

Вака неоправданите напади на тие неразумни луѓе не треба да нè збунуваат ниту да нè вознемируваат во нашите напори. Оние кои со задоволство го прифаќаат тоа што ваквите го зборуваат и пишуваат против вистината не спаѓаат меѓу оние кои вистината би можела да ги осведочи и кои би биле корисни за Божјото дело, дури и кога би му пристапиле. Времето и силата можат подобро и покорисно да се употребат отколку на опширно негирање на дофрлањата кои ги користат противниците за да нè клеветат и лажно прикажат. Додека се троши драгоцено време во негирање на ваквите трикови на нечесните противници, во незнаење умираат искрени души кои би можеле да се осведочат. Умот се храни со цела низа на бесмислени дофрлувања кои ги измислува сатаната, додека луѓето копнеат по храна која претставува „оброк на време”. {3C 36.3}

На оние кои го истренирале својот ум во војна против вистината им прилега да измислуваат вакви дофрлувања. И не е ниту малку мудро ние да преземаме такви ништожности од нив и, објавувајќи ги во нашиот печат, да го изнесуваме тоа пред илјадници други кои инаку никогаш не би помислиле на тоа. Тоа е токму она што нашите противници го очекуваат. Тие сакаат будно да бидат забележани и нашите публикации да работат за нив. Тоа особено се однесува на поединци меѓу нив. Тоа е нивна главна цел додека ги пишуваат своите лаги, да ги прикажуваат во таква светлина вистината и карактерот на нејзините поборници. Тие побргу би изумреле кога би останале незабележани и кога би се преминало преку нивните заблуди и лаги со презриво молчење. Тие не сакаат да бидат оставени на мир. Спротивставувањето е елемент во кој тие уживаат. Без тоа, нивното влијание би било сосем безначајно. {3C 37.1}

Адвентистите на првиот ден се народ на кој е најтешко да се влијае. Тие генерално ја отфрлаат вистината, како некогаш Евреите. Ние треба, колку што е можно, да ја продолжиме нашата работа како таквите воопшто и да не постојат. Тие се елемент на

забуна, и меѓу нив постои неморалност во страшен обем. И кога многумина од нив, прифаќајќи ја вистината формално, би преминале во нашите редови, тоа би била најголема несреќа. Тие би морале сè да заборават и да учат од почеток, инаку само би ни задавале големи маки. Понекогаш на нивните дрски лаги мора да се одговори. Во таквите случаи тоа треба да се направи неодложно и кратко и веднаш потоа мирно да се продолжи работата. Начинот на Христовото поучување треба да биде и наш. Тој говорел јасно и едноставно, погодувајќи непосредно во коренот на поставеното прашање и секое надмудрување престанало. {3С 37.2}

Не е најмудро да се биде толку отворен и да се изнесува сè што може да се каже, кога неколку аргументи би биле доволни за практично да се постигне целта или противниците да се замолчат. Вие денес можете да го побиете секое тврдење и на своите противници да им ја затворите устата така што веќе ќе немаат зборови, но тие утре повторно ќе ве сретнат на ист терен. И тоа ќе се случува повторно и повторно, бидејќи тие не ја сакаат светлината и нема да излезат на виделина за нивната темнина и заблуда да не се отстрани од нив. Подобро е да задржите некои аргументи, отколку да изнесете сè што знаете за прашањето кое може да се разбере само по себе без толкави докази. Христос проповедал само три и пол години и во тој краток период извршил големо дело. Во овие последни денови исто така треба да се изврши големо дело за кратко време. Додека многумина се подготвуваат да направат нешто, душите пропаѓаат во недостаток на светлина и духовно сознание. {3С 37.3}

Ако луѓето кои се повикани да ја изнесат и бранат библиската вистина прифатат да ги разоткријат лагите и недоследностите на оние кои нечесно Божјата вистина ја претвораат во лага, сатаната ќе им подигне толку противници така што постојано ќе мораат да пишуваат само за тоа, додека другите гранки на делото ќе останат запоставени. {3С 38.1}

Мораме повеќе да го негуваме духот на оние кои ги обновувале ерусалимските сидови. Ние имаме голема работа и не можеме да се симнеме. Ако сатаната успее да нè наведе постојано да одговараме на забелешките на своите противници и со тоа го замолчи нашиот глас, спречувајќи нè да го работиме она што е најважно за сегашното време, тој успеал да ја оствари својата цел. {3С 38.2}

Книгата „Историја за саботата" предолго не им беше понудена на читателите. Нив им е потребна оваа драгоцена книга, иако можеби не е во потполност совршена. Таа никогаш не може да биде подготвена така што во потполност ќе ги замолчи противниците кои не сакаат да се вразумат и кои ги извртуваат Писмата на своја погибел. Сè на овој свет е во постојано брзање. Мажите и жените обземени со своите животни грижи немаат време да размислуваат, па дури ниту да ја читаат Божјата реч, за да ги сфатат сите нејзини значајни вистини. Долгите и тешко сфатливи аргументи ќе заинтересираат само некои од нив, бидејќи луѓето немаат многу време за читање. На адвентистите на првиот ден не можете да им ги избиете од главата нивните приговори против саботата исто така како што ниту Спасителот на светот, со сета Своја сила и чуда, не можел да ги осведочи Евреите дека Тој е Месија, бидејќи тие одлучиле да Го отфрлат. Слично на тие тврдоглави и неверни Евреи и овие повеќе ја прифаќаат темнината отколку светлината; и кога ангел од небо би се симнал да им зборува, тие би рекле дека тоа е од сатаната. {3С 38.3}

На светот му е потребна нашата работа денес. Македонскиот повик: „Дојдете и помогнете ни," допира од сите страни. Јасните и одредени аргументи, истакнати како патокази, побргу ќе го осведочат умот отколку преопширните докази изложени на многу страници кои никој нема интерес да ги чита, освен оние умовите кои сакаат да истражуваат. Книгата „Историја за саботата" треба да му се даде на народот. Додека првото издание е во промет, донесувајќи им корист на читателите, можат да се вршат поголеми подобрувања, додека скоро сè што се може е направено за усовршување на оваа книга. Ако на тој начин допреме до умот и срцата на обичните луѓе, тоа ќе биде наш успех. Оние кои имаат таленти и положби, толку се издигнуваат над едноставноста на делото и толку се задоволни со себе, така што не чувствуваат никаква потреба за вистината. Како и Евреите во својата самоправедност, тие се чувствуваат потполно задоволни со себе и мислејќи дека се потполно здрави, сметаат дека не им е потребен лекар. {3С 39.1}

4. БЛИСКО ПРИЈАТЕЛСТВО СО СВЕТОТ

На десетти декември 1871. година, покажано ми е брате Е, дека ти и твоите сестри се наоѓате во голема опасност, и тоа што ја прави уште поголема е тоа што вие не сте свесни за својата вистинска состојба. Видов дека сте опкружени со темнина која не ве обвитка одеднаш. Во маглата која прераснуваше во сè поголема темнина вие почнавте да влегувате постепено и речиси незабележливо, сè додека темнината за вас не стана исто што и светлината, иако облакот околу вас секој ден стануваше сè поголем. Видов како зраците на светлина понекогаш пробиваат до вас, а потоа повторно ве обвиткува темнина погуста и понепросирна од порано. {3С 39.2}

Вашите училишта за пеење станаа за вас само стапица. Ниту ти ниту твоите сестри немавте подлабоко искуство кое би ве оспособило без опасност да се изложите на влијанијата на кои наидовте во тие училишта. Потребно е да се има многу посилен ум и поцврст карактер отколку што имате вие тројца, за да не се подлегне на влијанието на друштвото во кое вие се движите. Да ги слушнеме Христовите зборови: „Вие сте светлина на светот; не може да се сокрие град кој стои на гора. Ниту свеќата се става под сад туку на свеќник, за да им свети на сите во домот. Така да свети вашата светлина пред луѓето, за тие да ги видат вашите добри дела и да го прославуваат вашиот Татко Кој е на небото". Дали со својот пример позитивно влијаете на оние со кои се дружите во училиштето, осведочувајќи ги во вистината? Верувам дека не. Вие од тоа имате само штета. Темнината со која постојано сте опкружени ја неутрализираше светлината на вашите светилки, така што тие не блескаат со сјај кој би можел да ја растера темнината која ги обвиткува другите. Вие сè повеќе се оддалечувате од Бога. {3С 39.3}

Брате мој, ти едвај имаш претстава за тоа што го работиш. Ти непосредно го попречуваш напредувањето на своите сестри на патот на побожност. Тие со маѓепсничкото сатанско лукавство се вовлечени во стапицата на спиритизмот. Ова посебно се однесува на сестра Ф. За речиси во последен час да се ослободи од сатанската кал на непосветеност, каде што е потполно изопачена нејзината претстава за вечните работи, таа мора да вложи сериозни напори. И ти си заслепен, измамен и маѓепсан, но тоа не го увидуваш. Вие сите тројца сте духовно слаби, додека би можеле да бидете силни во драгоцената и спасоносна вистина, зајакнати и добро утврдени на

Карпата Исус Христос. Јас тоа длабоко го чувствувам. Стравувам за вас, бидејќи гледам искушенија кои ви се закануваат од сите страни, а вие сте толку слаби да им се спротивставите. {3С 40.1}

Брате Е, покажано ми е дека си залуден, мамејќи се сам себеси како во поглед на своите побуди, така и во поглед на вистинските намери на своето срце. Те видов во друштво на ќерката на брат Г. Таа никогаш не го предала своето срце на Христа. Покажано ми е дека таа беше трогната и осведочена. Но со својот начин на работа не го продлабочуваше тоа нејзино осведочување ниту ја поттикнуваше да придава посебна важност за тоа. Ти тврдиш дека спасувањето на душите и ширењето на сегашната вистина го сметаш за свето нешто. Таа не ја почитува саботата во начело. Ја сака суетата на овој свет и ужива во горделивоста и минливите задоволства. Но ти постепено се оддалечуваше од Бога и од светлината, така што и не ја увидуваш разликата која вистината неизбежно ја создава помеѓу оние кои го љубат Бога и оние кои повеќе ги сакаат уживањата отколку Бога. Покажано ми е дека тебе те привлекува нејзиното друштво. Верските состаноци и светите должности станаа за тебе помалку значајни, додека се занесуваше со друштвото на една личност која сè уште беше речиси дете и која нема претстава за вистината и за она што е небесно. Го изгуби од вид самооткажувањето и крстот кој е незаобиколен на патот на секој Христов ученик. {3С 40.2}

Ми беше покажано дека доколку живееше во склад со примената светлина, ти одлучно ќе се определеше за вистината. Со својот пример ти би покажал дека вистината која ја исповедаш ја сметаш толку значајна, така што чувствата и срцето те водат само таму каде што се одразува Христовиот лик. Христос сега ти вели: Определи се, или за мене или за светот. На тебе е да одлучиш. Дали, поведувајќи се по склоностите на непосветеното срце, ќе го отфрлиш самооткажувањето поради Христа и ќе одбиеш да го носиш крстот поминувајќи преку него? Или пак ќе го земеш својот крст, колку и да изгледа тежок и ќе поднесеш некоја жртва поради вистината? Бог нека ти помогне да увидиш каде се наоѓаш и правилно да ја сфатиш вредноста и значењето на она што е неминливо. Твојот духовен вид сега е толку ослабен, така што она што е свето и возвишено го ставаш на исто ниво со земното. Со оглед на одговорностите кои ги имаш, ти наголемо влијаеш и на своите сестри. Твојата единствена сигурност се наоѓа во потполно одвојување од светот. Покажано ми е брате мој, како ги повикуваш младите и ги водиш со себе на забави во време кое треба да се посвети на верските интереси и како во училиштата за пеење се дружиш со оние кои се оддаваат на задоволства, опкружени само со темнина и зли ангели. Каков ефект има и како изгледа твојата слаба и едвај видлива светилка сред таквата темнина и искушение? Тука Божјите ангели не можат да те следат и препуштен си да одиш со својата сопствена сила. Сатаната е многу задоволен кога те гледа во ваква положба, бидејќи може да те направи поуспешен во својата служба отколку да не си ни кажал дека си христијанин кој ги држи сите Божји заповеди. Обраќајќи ѝ се на Лаодикејската црква, Верниот Сведок вели: „Ги знам твоите дела и знам дека не си ниту студен ниту жежок. О, да си студен или жежок! Вака, бидејќи си млак, и не си ниту студен ниту жежок, ќе те изблујам од Своите усни бидејќи зборуваш: Богат сум и се обогатив и ништо не ми е потребно; а не знаеш дека си несреќен, сиромашен, слеп и гол. Те советувам да купиш од Мене злато прочистено во оган за да се збогатиш и бели облеки, за да се облечеш и да не се покаже срамот на

твојата голотија и очна маст за да ги намачкаш своите очи. Зашто Јас ги карам оние кои ги љубам и ги поправам; затоа биди ревен и покај се”. {3С 41.2}

Ти си заслепен и заблуден. Се чувствуваш силен додека всушност покажуваш само слабост. Ти би можел да бидеш силен во силата на Силниот; би можел да бидеш орудие на правда кога би бил подготвен да страдаш поради Христа. И ти и твоите сестри би можеле да го откупите своето време кога би сакале, но за тоа е неопходен напор. Твојата помлада сестра се врза за маж кој не е вреден за нејзината наклонетост. Во својот карактер тој има сериозен недостаток. Му недостига почит за она што е свето и возвишено. Во неговото срце не дојде до никаква промена под влијание на Божјиот Дух. Себичен е и фалбаџија и повеќе ги сака задоволствата отколку должностите. Во самооткажувањето и понизноста тој нема никакво искуство. {3С 42.1}

На создавањето на пријателства треба да се пристапува многу внимателно за да не дојде до блиски врски со личности на чиј пример не треба да се угледаме; бидејќи последиците од таква блискост често можат да бидат одвојување од Бога, од побожноста и од љубовта кон вистината. Таквата блискост со личности кои немаат верско искуство е многу опасна за било кој од вас тројца. Ако го следите водството на Божјиот Дух и го цените спасението на својата душа, вие нема да ги бирате за свои блиски пријатели оние кои не покажуваат сериозна почит кон верските сфаќања и не ги применуваат во пракса. Она што е неминливо секогаш треба да ви биде на прво место. Ништо не врши поподмолно и поопасно влијание на душата, бришејќи ги од неа толку сериозните впечатоци и осведочувања на Божјиот Дух, како што тоа го прави дружењето со оние кои се суетни и безгрижни и чии разговори се сведуваат само на суетата на овој свет. Доколку таквите се привлечни во било кој поглед, дотолку е поопасно нивното влијание како пријател, бидејќи својата нерелигиозност ја прикриваат со изобилство на тие привлечни особини. {3С 42.2}

Бог од вас тројца со право бара нешто што вие не можете лесно да го отфрлите. Христос ве откупил со Својата скапоцена крв. „Вие не сте свои, зашто сте купени скапо. Затоа, прославете Го Бога со своето тело и со својот дух, кои му припаѓаат на Бога”. Зар не сте подготвени на никаква жртва за Бога? Пред вас се големи одговорности во вашиот секојдневен живот. Записите за секој ден од вашиот живот заминуваат пред Бога. На вашиот животен пат ве очекуваат многу опасности кои се скриени за вашите очи. Кога би можело, јас на сопствени раце би ве пренела преку истите; но не ми е дозволено тоа да го направам. Се наоѓате во најкритичниот период на својот животен пат. Ако ги активирате сите заспани енергии на својата душа, насочувајќи ги на стекнување на вечни и неминливи интереси, и ако на таа цел подредите сè друго, вие ќе успеете да го усовршите својот христијански карактер. Во духовната борба против гревот, кои постојано ве облетуваат, вие можете да се впуштите и со Христова помош можете да излезете како победници. Но тоа нема да биде детска игра. Тоа ќе биде тешка борба која вклучува самооткажување и носење на крстот. Опасноста е во тоа што вие не увидувате во потполност колку сте назадувале и колку е ризична вашата сегашна положба. Ако не го согледате животот онаков каков што е, отфрлајќи ги блескавите илузии на фантазијата и прифаќајќи ги поуките со трезвено искуство, ќе се пробудите кога ќе биде предоцна и дури тогаш ќе сфатите каква страшна грешка сте направиле. {3С 43.1}

Вам ви недостигаше воспитување неопходно за да формирате цврст и солиден карактер; затоа е потребно сега да го стекнете она воспитување кое требало да го

добиете пред многу години. Вашата мајка беше премногу попустлива кон вас. Мајката не може никогаш премногу да ги сака своите деца, но може да ги сака неразумно, допуштајќи таквата љубов да ја направи слепа за нивните вечни интереси. Вие имавте попустлива и нежна мајка. Таа премногу ги заштитуваше своите деца. Таа речиси се скрши под товарот кој требаше да го носат нејзините деца, кои можеа да го понесат тој товар подобро од неа. {3С 43.2}

Недостатокот на цврстина и самоодрекување во вашиот карактер претставува голема пречка во вашите напори да стекнете вистинско верско искуство, кое нема да личи на нестабилен песок. Особините постојаност и чесноста на намерата треба да се негуваат. Овие особини се неопходни за христијанскиот живот да биде успешен. Ако имате интегритет на душата, нема да застраните од вистинскиот пат. Никакви побуди нема да можат да ве одвратат од патот на должноста; во сè ќе бидете верни на Бога. Никакви склоности, љубов ниту копнеж за пријателство нема да можат да ве одвојат од вистината и должноста и никогаш нема да ја жртвувате должноста на било какви склоности. {3С 44.1}

Брате мој, ако вака опиен дојдеш во искушение животно да се врзеш со една млада, неискусна девојка на која навистина и недостига воспитување во обичните должности на секојдневниот живот, ќе направиш сериозна грешка; меѓутоа, овој недостаток е безначаен во споредба со нејзиното незнаење во поглед на нејзината должност кон Бога. Таа не беше лишена од светлината; имаше предност да ја запознае верата, па сепак не ја увидува сета беда на својата грешност без Христа. Кога во својата залуденост, веќе неколку пати отсуствуваш од молитвените часови на кои Бог се состанува со Својот народ - за да уживаш во друштво на личност која нема љубов кон Бога и за која верскиот живот нема никаква привлечност - како можеш да очекуваш Бог да ја благослови таквата врска? Не се брзај. Прераното стапување во брак не треба да се охрабрува. Девојката или момчето кои планираат да стапат во брак, а немаат почит кон Божјите барања и не се огледаат на барањата на верата, се во опасност да не ги почитуваат правилно ниту сопружничките должности и обврски. Навиката да се биде често во друштво на својот избраник или избраничка и поради тоа да се жртвуваат верските предности и часови на молитва е многу опасна; со тоа се согласуваш на загуба која не би смеел себе да си ја дозволиш. Навиката во таквото дружење да се остане до доцна во ноќта е вообичаена, но тоа не му е по волја на Бога, дури и кога двајцата сте христијани. Неспиењето во тоа време штети на здравјето, умните сили ги прави неспособни за должностите во следниот ден и има изглед на зло. Брате мој, се надевам дека ќе собереш доволно сила и самопочит за да го избегнеш ваквиот начин на додворување. Кога би ја имал пред очите само Божјата слава, би бил многу повнимателен во своето однесување; не дозволувајќи си себеси копнежливата сентименталност толку да те заслепи што ќе ги запоставиш високите барања кои Бог ги става пред тебе како христијанин. {3С 44.2}

Драго момче и драги девојки, мислам на сите вас, нека ви биде цел да го прославите Бога и во морален поглед да бидете слични на својот Пример. Барајте во своите молитви Божјиот Дух да го обликува вашиот карактер. Сега ви се пружа златна прилика да ги исперете облеките на својот карактер и да ги избелите во крвта на Јагнето. Мислам дека ова треба да биде пресвртница во животот на секој од вас. Што ќе одберете прашува Христос: Мене или светот? Бог бара без никакво условување од ваша страна во потполност да му го предадате своето срце и своите чувства. Ако своите пријатели, браќа или сестри, татко или мајка, куќа или имот, ги сакате повеќе од Мене - вели

Христос - не сте достојни за Мене. Религијата, како најголема обврска во своите барања кон верникот, бара придржување кон нејзините начела. Како што таинствениот магнет секогаш укажува на север, така и барањата на религијата укажуваат на Божјата слава. Со својот завет направен при крштавањето вие се обврзавте да оддавате слава и чест на својот Творец, одлучно да се откажете од себе, распнувајќи ги своите чувства и страсти и доведувајќи ја секоја мисла во покорност на Христовата волја. {3C 45.1}

Одбегнувајте да влегувате во искушение. Кога сте опкружени со искушенија, а не можете да ги контролирате околностите кои ве изложуваат на нив, повикајте се на Божјите ветувања, и свесни за Неговата сила, кажете со самодоверба: „Сè можам во Исуса Христа Кој ми дава моќ". Во Бога е силата за секој од нас. Но потребата за таа сила, која единствено може да ве спаси, ќе ја почувствувате само кога ќе станете свесни за својата слабост и грешност. Исус, нашиот драг Спасител, сега ве повикува да ја зацврстите својата положба на платформата на вечната вистина. Ако страдате со Него, Тој ќе ве овенча со слава во Своето неминливо царство. Ако бидете подготвени за Него да жртвувате сè, Тој ќе биде ваш Спасител. Меѓутоа, ако одберете свој сопствен пат, ќе продолжите да одите во темнина сè додека не стане предоцна за да ја осигурите неминливата награда. {3C 45.2}

Што бевте подготвени да поднесете поради вистината? Ви преостанува многу краток период за да развиете благородни црти во својот карактер. Сите вие, во извесна мера, манифестиравте чувство на незадоволство и унесреќеност. Се жалевте на многу нешта во животот. Покажавте недоверба и ги осудувавте другите. Ова посебно се однесува на Ф и Х. Срцето ви беше често исполнето со горделивост, па дури и со горчина понекогаш. Ја занемарувавте тајната молитва, извршувајќи ги со незадоволство и другите верски должности. Ако бевте поистрајни во своите напори да растете во Христа, вашата жива Глава, сега би биле силни во верата, претставувајќи вистинска благодат за другите со своето влијание. Ако негувавте постојаност, непоколебливост и цврстина, денес би биле доволно силни да се спротивставите на искушението. Но овие драгоцени особини се стекнуваат само ако душата во потполност ги исполнува барањата на религијата. Тогаш побудите стануваат благородни, а умот и чувствата стануваат урамнотежени со примена на возвишените начела. Бог ќе работи со нас само ако сме ангажирани во исправни активности. Мораме да почувствуваме потреба да ги обединиме своите човечки напори и ревнување со божествената сила. Потпирајќи се на Бога можеме да добиеме сила да станеме победници. На тебе брате Е, ти недостига постојаност во намерата и истрајност во работата. {3C 46.1}

Колку голема грешка прават родителите во воспитувањето на своите деца и млади кога ги галат, им попуштаат и им угаѓаат. Така тие стануваат себични и неефикасни, немајќи енергија ниту за малите работи во животот. Тие не се научени силата на карактерот да ја стекнуваат со извршување на секојдневните должности, колку и тие да изгледаат безначајни. Вие занемарувате со волја и радосно да го направите она што непосредно стои пред вас и што некој мора да го прави. Кај сите нас постои изразена склоност да бараме некоја позначајна и возвишена задача. {3C 46.2}

Никој не е оспособен за голема и значајна задача ако не се покаже верен во извршување на ситните должности. Карактерот се изградува постепено и ние мораме да научиме своите напори и енергија да ги вложуваме во сооднос со задачата која треба да ја извршиме. Ако си дозволиме себеси да нè обликуваат околностите, тогаш сигурно нема да успееме да го усовршиме христијанскиот карактер. Вие мора да владеете со

околностите, не дозволувајќи околностите да владеат со вас. Сила за тоа ќе најдете во подножјето на Христовиот крст. Можете постепено да се развивате, совладувајќи ги тешкотиите и победувајќи ја моќта на навиките. Поттик за тоа треба да добиете во животворната Христова сила. Треба да се чувствувате привлечени кон Христа и облечени во убавината на Неговото божествено совршенство. Ќерката на братот Г допрва треба да се воспитува и подготвува за должностите и животните тешкотии кои ја очекуваат жената во бракот, бидејќи таа не е за тоа поподготвена од едно училишно девојче во десеттата година од животот. {3C 46.3}

Во сите свои стремежи треба да се раководите со вера и сите ваши чувства треба во потполност да бидат под контрола на верата. Ако безрезервно се предадете во Христовите раце, потпирајќи се во потполност на Неговата сила, вашиот морален вид ќе биде така изострен што во склопувањето на пријателства нема веќе да правите грешки гледајќи на надворешноста, туку на особините на карактерот. Во морален поглед морате да бидете остроумни и многу чувствителни, за да може и најострата проверка да ја покаже вашата непорочност. Во честитост на душата треба да бидете така постојани што суетата, раскошот ниту било какво ласкање не можат да бидат поттикнати од тоа. {3C 47.1}

О, колку голема предност е да бидете исправен пред Бога, да се биде во потполн духовен склад со својот Творец, така што - кога ќе се најдете во заразно опкружување на лоши примери кои со својата лажлива надворешност ја заведуваат душата од патот на должноста - ангелите ќе можат да бидат пратени да ве избават! Но, доколку сами го повикувате искушението, имајте на ум дека тогаш нема да имате божествена заштита која би ви помогнала да не подлегнете. На трите вредни момчиња пламенот на вжарената печка не им можел ништо, бидејќи со нив сред тој страшен пламен одел Христос. Ако тие влегле сами во тој силен оган, сигурно би биле проголтани. Така ќе биде и со вас. Бог ќе ве сочува кога ќе наидат искушенијата, доколку не им се изложувате своеволно. {3C 47.2}

5. БОЖЈОТО ДЕЛО ВО ДРЖАВАТА ЊУЈОРК

Додека бев во Вермонт, на 10. декември 1871. година, ми беа покажани некои поединости во поглед на Њујорк. Божјото дело во таа држава изгледаше во многу тажна состојба. Тамошните работници, кои ги има малку, не се толку ревни како што тоа го бара од нив нивната вера во светата вистина за наше време, која тие ја исповедаат. Во таа држава има луѓе кои служат во проповедање на Божјата реч и во ширење на нејзините учења, а кои не се вистински работници. Иако веруваат во теоријата на вистината и тоа со години го проповедаат, тие нема да станат соодветни работници сè додека не прифатат поинаков начин на работа. Тие поминуваат многу време меѓу членовите на црквата, а не се оспособени да им бидат од корист, бидејќи ниту самите не му се посветиле во потполност на Бога. За да бидат подготвени да им помогнат на другите, потребен им е дух на истрајност, за да можат да поднесуваат тешкотии поради Христа, „да ја испијат чашата и да се крстат со крштавање". Потребни се верни и несебични луѓе за да се усклади духовната состојба во Њујорк со библиските мерила. Патувајќи само од црква до црква, овие луѓе не се воопшто на висина на својата

должност. Ако Бог ги повикал во Своето дело, тогаш треба да работат на спасување на грешниците. Заминувајќи во нови полиња, тие треба да се проверат и докажат, за да можат и самите да се уверат дали Бог им ја доверил работата на спасување на души. {3С 48.1}

Ако браќата Тејлор, Саундерс, Котрел и братот и сестра Линдсеј работеа во нови полиња, тие досега значително би напредувале. Наидувајќи на судири со противниците, би биле принудени да побараат поддршка за своето тврдење во Библијата и со тоа би го проширале своето познавање на Светите Списи и би се осведочиле дека со Божја помош се оспособени да се соочат со спротивставувањето во било кој облик. На оние кои се задоволуваат постојано да посетуваат едни исти цркви ќе им недостига она искуство кое би требало да го имаат. Тие ќе бидат слаби и неподготвени да поднесат било што поради вистината и ќе се покажат како неделотворни работници. {3С 48.2}

Оние на кои Божјото дело им е во срцето, и кои имаат љубов кон драгоцените души за кои Христос умрел, нема да копнеат по удобен живот и задоволства. Тие ќе работат како што работел и Христос, Кој „дошол да го најде и спаси она што е загубено". Тој вели: „Јас не дојдов да ги повикам праведниците, туку грешниците на покајание". {3С 49.1}

Ако проповедниците од Њујорк навистина сакаат да претставуваат помош за црквата, тие ќе го направат тоа најдобро со заминување во нови полиња и со придобивање на нови души за вистината. Кога членовите гледаат дека проповедниците се со сето срце во делото, дека длабоко ја чувствуваат силата на вистината, трудејќи се и други да запознаат со тоа, тоа и нив ќе ги вдахнови со нов живот и нова сила. Нивните срца ќе бидат поттикнати да направат за напредок на делото сè што е во нивна моќ. Никој на светот не е поподготвен повеќе да жртвува за напредок на делото отколку адвентистите на седмиот ден. И ако проповедниците не ги обесхрабрат со своето незнаење, неактивност и недостаток на духовност, тие масовно ќе се одзвијат на секој апел со кој се обидува да влијае на нивното расудување и совест. Но тие сакаат да видат плодови. И во право се тие браќа од Њујорк кога од своите проповедници бараат плодови. Што направиле тие? Што прават сега? {3С 49.2}

Проповедниците во Њујорк би требало да бидат далеку поделотворни отколку што биле досега. Но тие не се посветуваат на таква работа која бара сериозни напори и наидува на жестоко спротивставување. Таквата работа би ги принудила почесто да прибегнат кон својата Библија и кон молитва, за да бидат во состојба да им одговорат на своите противници, а и своите таленти со таква употреба двојно би ги зголемиле. Во Њујорк има проповедници кои проповедаат со години, но на кои не можете да се потпрете да одржат една серија на предавања. Тие духовно рудиментирале. Тие не ги развивале своите умни сили со проучување на Божјата реч и со судир со противниците, за да станат силни во Господа. Ако, како верни поборници на крстот, излегувале „надвор од кампот," потпирајќи се на Бога и на силите со кои ги надарил, наместо да бидат на товар на своите браќа, би стекнале потребни искуства и сега би биле оспособени во секое време да послужат на делото каде и да се бара нивна помош. Ако проповедниците во Њујорк, општо земено, ги оставеа членовите во црквата повеќе да работат сами за себе, и ако не им стоеја на патот, денес и членовите и проповедниците би стоеле многу подобро во поглед на духовноста и познавањето на вистината. {3С 49.3}

Многумина од нашите браќа и сестри во Њујорк значително заостануваат во поглед на здравствената реформа. Бројот на вистинските здравствени реформатори во таа

држава е исклучително мал. Светлината и духовното сознание на верниците во таа земја не им се ускратени. Но вистината која допрела до нив и им ја осветлила душата, а која тие не умееле да ја ценат и прифатат, ќе биде сведоштво против нив на Божјиот ден. Вистината е дадена за спасение на оние кои сакаат да веруваат и да ја прифатат. Луѓето нема да бидат осудени затоа што ја немале светлината туку затоа што ја имале, но не ја применувале во животот. {3C 50.1}

Бог го снабдил човекот со изобилство на средства потребни за задоволување на неговиот природен апетит. Во производите на земјата Тој дарежливо му пружа изобилство на продукти кои се пријатни по вкус, а и ги содржат сите хранливи состојки неопходни за човечкиот организам. За таквата храна нашиот добар небесен Татко уште на почетокот му рекол на човекот: „јади слободно". Овошјето, зеленчукот и сите видови на житарки можеме слободно да ги јадеме, не престапувајќи ги законите на своето битие. Овие продукти, подготвени на што поедноставен и што поприроден начин, претставуваат вистинска храна за телото и ја чуваат неговата природна сила - без употреба на месна храна. 3C 50.2}

Бог го направил човекот малку помал од ангел и го надарил со својства кои - ако правилно ги користи - го прават вистински благослов за сите кои го опкружуваат и му овозможуваат со тоа да оддава слава на Дарителот. Но, иако создаден според Божјо обличје, човекот со неумереност ги престапува начелата на Божјиот закон во својата физичка природа. Неумереноста во било кој облик просто ја умртвува моќта на забележување и толку ја слабее силата на нашиот ум, така што она што е свечено и неминливо го ставаме на исто ниво со земното. Повисоките сили на умот, наменети за возвишени и благородни цели, се доведуваат во ропство на ниските страсти. Ако негуваме погрешни животни навики, нашите умни и морални енергии не можат да бидат силни, бидејќи помеѓу физичкото и моралното постои голема поврзаност. Имајќи го ова на ум, апостол Петар го подига својот глас, опоменувајќи ги своите браќа: „Љубезни, ве молам како новодојденици и гости, чувајте се од телесните желби кои војуваат против душата". {3C 50.3}

Но во таканаречениот христијански свет има толку малку морална сила. Толку долго се попушта на лошите навики, а физичките и моралните закони се омаловажуваат и газат, додека мерилата на доблест и побожност се спуштаат сè пониско и пониско. Навиките кои го ослабуваат физичкото здравје, се одразуваат исто така неповолно и на умните и на моралните сили. Попуштањето на неприродните барања за јадење и за ниски страсти има многу силно влијание на нервниот систем. Животинските нагони јакнеат, додека моралните склоности слабеат. За неумерениот човек не е можно да биде христијанин, бидејќи неговите повисоки и поблагородни сили им робуваат на страстите. {3C 51.1}

Оние кои имале светлината во поглед на едноставно јадење и облекување во послушност на физичките и моралните закони и кои се одвратиле од светлината која јасно им укажува на должноста, ќе ги одбегнуваат должностите и во друг поглед. Ако тие го задушуваат гласот на својата совест за да го одбегнат крстот кој треба да го понесат во склад со барањата на природните закони, тие - за да го избегнат презирот - ќе ги престапуваат и Десетте заповеди. Некои одлучно се противат да го понесат крстот, да се изложат на срам и да бидат исмејувани поради своите начела. Меѓу припадниците на Божјиот народ, кои тврдат дека овде се само странци и минувачи и будно да го очекуваат доаѓањето на својот Господ, прилагодувањето на светот сè повеќе зазема

замав. Меѓу таканаречените почитувачи на саботата во Њујорк, има многумина на кои повеќе им е грижа за световната мода и телесните желби отколку за здраво тело, бистрина на умот и посветеност на срцето. {3С 51.2}

Бог дозволува поединци во Њујорк, со привиден успех и стекнување на благосостојба, да бидат проверувани и испитувани, за да се покаже што им е во срцето. Горделивоста и љубовта кон светот ги одвојуваат од Бога. Иако тврдат дека ја љубат вистината, тие во суштина ги жртвуваат нејзините начела. Христијаните треба да се пробудат и да дејствуваат. Тие со својот пример активно влијаат на формирање на навики и мислења кај другите. Тие имаат тешки одговорности, бидејќи со своето влијание одлучуваат за судбината на душите. {3С 51.3}

Со јасни и одредени вистини за овие последни денови Господ одвојува од светот еден посебен народ и припадниците на тој народ постојано ги пречистува за Себеси. Горделивоста и нездравите навики, љубовта кон раскошот и попуштањето - сето тоа мора да се остави во светот за во нас да се обнови ликот на Оној според чие обличје сме создадени. „Зашто се покажа Божјата благодат која ги спасува луѓето, учејќи нè да се откажеме од безбожноста и желбите на овој свет и чесно, праведно и побожно да живееме на овој свет, очекувајќи блажена надеж и јавување на славата на големиот Бог и Спасител, нашиот Исус Христос, Кој се даде себеси за нас за да нè откупи од секое беззаконие и да очисти за себе својствен народ кој копнее за добри дела”. {3С 52.1}

На црквата во ----- ѝ е потребно решетање. За тие да можат да бидат подесени и подготвени за работа, меѓу нив мора да дојде до потполно преобразување. Себичност, горделивост, завист, злоба и меѓусебно озборување е негувано меѓу нив сè додека Божјиот Дух не ги напуштил речиси сосем. Молитвите на оние кои тврдат дека го познаваат Бога, а и понатаму остануваат во таква состојба, се одвратни во Неговите очи. Тие не ја потврдуваат својата вера со дела и би било подобро никогаш да не ја запознале вистината отколку со своето исповедање само да ја обесчестуваат. Додека тврдат дека се Христови слуги, тие се слуги на непријателот на правдата и со своите дела потврдуваат дека не го познаваат Бога и дека во срцето не се потчинуваат на Христовата волја. Тие од религијата прават детска игра и се однесуваат како разгалени деца. {3С 52.2}

Божјите деца ширум светот сочинуваат едно големо братство. Нашиот Спасител јасно ги дефинирал духот и принципите според кои треба да се раководат во своите постапки оние кои со својот примерен и свет живот се издвојуваат од светот. Меѓусебната љубов, а над сè љубовта кон својот небесен Татко, тие треба практично да ја потврдуваат и со зборови и на дело. Меѓутоа, сегашната состојба на многумина кои тврдат дека се Божји деца личи на група на сродни, но неблагодарни и кавгаџиски деца. {3С 52.3}

Постои опасност дури и проповедниците во Њујорк да се сместат во категорија на оние кои постојано учат, а никако да дојдат до познавање на вистината. Она што го учат, тие не го применуваат во пракса. Тие се слушатели но не и исполнители. На таквите проповедници им е неопходно искуство во вистината која ќе ги оспособи да го сфатат возвишеното обележје на ова дело. {3С 53.1}

Ние живееме во најсериозен и најзначаен период на земната историја. Опкружени сме со опасностите на последните денови. Ни претстојат значајни и страшни настани. Колку е затоа неопходно сите оние кои се бојат од Бога и го љубат Неговиот закон да се

понизат пред Него и во болка и солзи да ги признаат своите гревови кои како народ ги одвојуваат од Бога! Она што треба најмногу да нѐ загрижи е фактот дека ние не ја сфаќаме својата жална состојба, задоволувајќи се и понатаму да останеме такви. Би требало секој од нас поединечно да прибегне кон Божјата реч и молитва, барајќи го Господа најсердно, за да можеме да го најдеме. Тоа би требало да го направиме своја прва и најважна задача. {3C 53.2}

Членовите на црквата се одговорни за талентите што им се доверени; христијаните не ги исполнуваат своите должности ако не се издигнат до возвишениот став кој е во склад со светите вистини кои тие ги исповедаат. Светлината која ја осветлува нашата патека нѐ прави одговорни да ги пренесеме Неговите блескави зраци и на другите на таков начин за тие да го прослават Бога. {3C 53.3}

Роднини во црквата

Духовниот напредок на членовите на црквата во _____ не е соодветен на светлината која ја осветлила нивната патека. Божја намера е секој талент, со ставање во промет да се умножи, така што кога Господарот ќе дојде да го добие Своето со добивка. Црквата во _____ во поголем дел ја сочинуваат верници кои претставуваат драгоцен материјал, но тие пропуштиле да се издигнат на духовната висина која претставувала нивна предност. {3C 53.4}

Работната атмосфера во таа црква главно ја сочинуваат членови на три семејства кои меѓусебно се поврзани со брачни врски. Талентирани верници и оние кои можат да се развијат во добри работници во таа црква има повеќе отколку што е потребно за таа околина. Црквата како целина не се развива во духовноста. Оние кои имаат од Бога дадени таленти не се во поволна положба за со употреба да ги развиваат. Нема доволно места за сите да работат. Тие просто си пречат еден на друг. И тука се чувствува недостаток на духовна сила. Кога црквата во тоа место би била во помала мера семејна црква, секој би се чувствувал лично поодговорен. {3C 54.1}

Кога оние кои имаат таленти ќе ги користат своите способности и влијание во други цркви, подготвени да помогнат таму каде што помошта е навистина потребна, би стекнале драгоцени искуства во духовен поглед и така - делејќи ги одговорностите и товарите во Божјото дело - би биле на благослов на другите. Во настојување да им помагаат на другите, тие практично би го следеле примерот на својот Учител, Кој дошол не за да Му служат туку за да им служи на другите. Тој не си угодувал Себеси. Не се издигнувал, барајќи луѓето да Го слават и величаат, туку земал обличје на слуга и целиот Свој земен живот го минал правејќи само добро. Можел Своите денови на Земјата да ги помине многу полесно и поудобно, уживајќи во радостите на овој живот. Но Тој не живеел за да ужива, туку за да им правиме добро на другите, ублажувајќи ги нивните страдања; и ние сме повикани да се угледаме на Него. {3C 54.2}

Кога би му се посветиле на Бога, браќата И и Ј би можеле да прифатат поголеми одговорности од сегашните. Тие се чувствуваат подготвени на секое барање за прилози во пари да одговорат веднаш, и мислат дека тоа е главен товар кој треба да го понесат во Божјото дело. Но Бог од нив бара нешто повеќе. Ако посериозно се занимавале со проучување на Божјата реч, за да станат сериозни работници во Неговото дело и дека во спасување на грешниците ревнувале барем толку колку што ревнуваат во своите

земни работи, би се развиле во силни и мудри работници во Божјото дело каде што потребата за работници е толку голема. {3С 54.3}

Останувајќи во една таква семејна заедница, овие браќа сè џуџиња и во умствениот и во духовниот развој. Не е најмудро децата на едно, две или три семејства, кои се меѓусебно поврзани со брачни врски, да живеат толку близу - на растојание од сè на сè неколку километри едни од други. Таквото влијание не е добро ниту за некој од нив. Работите на едниот се работи на сите други. Незгодите и забуните преку кои, помалку или повеќе, минува секое семејство и кои, колку што е тоа можно, треба да се задржат во тесниот круг на семејството, се прошируваат и на останатите роднини и негативно влијаат на верските состаноци. Има поединости кои не треба да се изнесуваат пред трети лица колку и да ни се пријателски наклонети или блиски. Тоа треба да остане строго во тесниот круг на семејството. Меѓутоа, блиските роднински односи помеѓу неколку семејства, чии патишта постојано се вкрстуваат, често го уништуваат достоинството на личностите кое мора да се чува во секое семејство. Во вршењето на деликатната должност на укорување и советување постои опасност да се повредат чувствата, доколку тоа не се прави со најголема нежност и внимателност. И луѓето со најблагороден карактер се подложни на грешки и заблуди, затоа треба да се биде многу внимателен и на ситниците да не им се придава преголемо значење. {3С 55.1}

Ваквата семејна поврзаност меѓу членовите на црквата каква што постои во -------- многу одговара на природните чувства, но имајќи сè во оглед, не е најдобра за развој на урамнотежен христијански карактер. Блиската роднинска и семејна меѓусебна поврзаност на таквите верници ја слабее нивната корисност и влијание во црквата. Она достоинство, должна почит, доверба и љубов, кои една црква ја прават успешна. не можат да се сочуваат во такви услови. Да живеат одвоено и да се гледаат само повремено, сите тие би биле многу посреќни, и влијанието кое го вршат едни на други би било десетпати подобро. {3С 55.2}

Поврзани со брачни врски и доаѓајќи постојано во меѓусебен допир, ваквите верници ги забележуваат недостатоците и грешките едни кај други и се чувствуваат должни тоа да го исправат; а бидејќи се роднини навистина драги еден на друг, се навредуваат поради ситници кои не би ги забележале кај оние со кои не се во толку блиски односи. Некои од таквите болно тагуваат и душевно страдаат, чувствувајќи дека со нив не се постапувало непристрасно и со сето внимание кое го заслужуваат. Понекогаш се појавува ситничарска завист и кртичњаците стануваат планини. Овие мали недоразбирања и безначајни промени на расположенијата доведуваат до поголеми душевни страдања отколку неволјите кои доаѓаат од други страни. {3С 55.2}

Поради ваквите појави и оние кои се навистина благородни и совесни ја губат силата на издржливост и не се во можност да го развијат својот карактер онака како што тоа би успеале во други околности. Така тие рудиментираат и во умствениот и во духовниот развој, што се заканува потполно да ја уништи нивната корисност. Нивната работа и интерес се ограничуваат на нив самите. Нивното влијание е ограничено додека би можело да биде значително пошироко и поопшто. Кога би се нашле во различни околности би биле наведени силите кои Бог им ги доверил да ги развијат и користат значително поуспешно на слава на Неговото име. Сите способности на умот можат значително да се усовршат. Енергиите на душата треба да се пробудат во активностите кои ќе послужат на слава на Бога. {3С 56.1}

Работници за Бога

Бог бара мисионери. Меѓу верниците на црквата во _____ има способни поединци кои со употреба на своите таленти би можеле да се развијат во успешни работници во Божјото дело. Кога овие браќа би научиле интересите на Божјото дело да им бидат на прво место, и поради вистината да ги жртвуваат своите лични склоности и своето задоволство, би ги следел голем благослов. Таквите верници кои ја љубат вистината и кои со години се радувале на сè поголемата светлина од Светите Списи би требало да ја пренесуваат таа светлина и на оние кои сè уште се наоѓаат во духовна темнина. Бог ќе им ја подари Својата мудрост и сила, бидејќи Неговото име се слави и издигнува преку оние кои се подготвени да ја творат Неговата волја. „Кој Мене ми служи, ќе добие почести од Мојот Татко". На верните и подготвените, ако послушаат, ќе им биде подарена Божја мудрост и сила. {3С 56.2}

Верниците во _____ се подготвени да дадат свои средства за разни потфати во Божјото дело, но не се подготвени да се предадат сами себеси и да кажат: „Еве ме мене, испрати ме мене". Она што ги прави луѓето корисни и успешни во Божјото дело не е силата на човечкото орудие, туку силата и мудроста на Оној кој ги ангажира и работи со нив она што треба да биде сторено. Давајќи од нашите добра на Поседникот на небото и земјата, а не давајќи се себеси, не можеме да го очекуваме Неговото одобрување и Неговиот благослов. Во срцето на браќата и сестрите во _____ треба да постои начело да се положи сè, па дури и самите себеси, на олтар на Бога. {3С 57.1}

Во Батл Крик се неопходни луѓе кои можат и сакаат да преземат товари и одговорности. Повици доаѓаат постојано, но одѕиви како и да нема. Некои би одговориле на овој повик кога тоа би им одговарало на нивните земни интереси. Меѓутоа, бидејќи нема никаков изглед дека со доаѓање во Батл Крик ќе ги зголемат своите приходи, тие сметаат дека не им е ниту должност да појдат. „Послушноста е подобра од жртвата". А без послушност и несебична љубов и најбогатите дарови се премногу мизерни за да се приложат на Оној Кој е сопственик на сè што постои. {3С 57.2}

Бог ги повикува браќата и сестрите во_____ да се пробудат и да дојдат на помош на Господа, на помош на Господа против силните. Причина што меѓу оние кои ја исповедаат вистината има толку малку сила е во тоа што со вежба не ги развиваат способностите кои Бог им ги дал. Многумина ги замотуваат своите таленти во крпа и ги закопуваат во земја. Талентите се намножуваат само со употреба. Бог ќе го испита и провери Својот народ. {3С 57.3}

Братот и сестра И верно и совесно го носеа товарот на одговорност во Божјото дело и сега нивните деца не треба да се повлекуваат, препуштајќи тие и понатаму да носат толку тешко бреме. Време е младите да ги извежбаат своите неискористени сили и повеќе да се ангажираат во Господовото лозје. {3С 57.4}

Некои од верниците во Њујорк со загриженост се прашуваат дали братот К, а особено неговата сопруга, треба да се охрабруваат да работат меѓу црквите. Тоа не е терен на кој тие би требало да се докажуваат. И ако Господ навистина го положил на нив товарот на делото, тоа не би било работа со членовите, бидејќи тие во секој поглед се значително пред нив. Тие прво треба да работат со светот, со светот кој потонал во зло

и тоа работно поле е многу широко. Тука им се пружа изобилство на можности да ги проверат своите дарови и да го утврдат својот повик, не влегувајќи во работното поле на другите и не градејќи на темели кои други ги поставиле. Братот и сестрата К многу бавно стекнуваа искуство во самооткажувањето. Бавно ја прифаќа и здравствената реформа во сите нејзини гранки. И во совладување на апетитот останатите верници се исто така пред нив. Затоа тие во тој поглед не можат да бидат благослов за црквите, туку само пречка. {3C 57.5}

Братот К за црквата во _____ не беше благослов туку само голем товар. Тој директно го попречуваше напредокот на другите. Не беше во состојба да помогне кога помошта беше најпотребна. Погрешно ја претставуваше нашата вера. Ниту во неговите разговори ни во животот не се огледуваше светост. Неподготвен да го препознае водството на Божјото провидение, секогаш далеку заостануваше зад другите. Беше постојана препрека на патот на грешникот и со своето влијание не можеше на неверниците да им ја препорача нашата вера. {3C 58.1}

Со своето влијание претставуваше постојана препрека и за црквата и за своите неверни соседи. Ако брат К во потполност му се посветеше на Бога, можеше да биде плоден во добрите дела и со свои напори да направи многу добра. Но она по што припадниците на Божјиот народ најмногу треба да се разликуваат од останатите верски заедници не е само нивното исповедање туку примерноста на нивниот карактер и нивните начела на несебичност. Моќното и пречистувачко влијание на Божјиот Дух на срцето, кое се одразува во зборовите и постапките, ги одвојува од светот и ги обележува како Божји посебен народ. Христовите следбеници по својот карактер и своите склоности треба да бидат слични на својот Учител. Тој е Пример, свет и совршен пример на кој христијаните секогаш треба да се угледаат. Неговите вистински следбеници ќе ги љубат своите браќа и ќе бидат во хармонија со нив. Тие ги љубат и сите свои останати ближни како што Христос им дал пример и подготвени се на секоја жртва за да осведочат и други да раскинат со гревот и да ја прифатат вистината. {3C 58.2}

Вистината, длабоко вкоренета во срцето на верникот, расте и донесува плод во праведноста. Нивните зборови и дела претставуваат канали по кои чистите начела на вистината и светоста најуспешно се пренесуваат на светот. Посебни благослови и предности ги очекуваат оние кои ја љубат вистината и живеат според светлината која допрела до нив. Ако тие занемарат така да прават, нивната светлина ќе стане темнина. Ако тие станат задоволни сами со себе, Господ ќе ги препушти на нивната сопствена мудрост. Милост и вистина се ветуваат на оние кои се понизни во срцето, послушни и верни. {3C 59.1}

Брат К стоеше на патот и на своите деца. Ако навистина беше посветен на Бога, ако со сето срце беше во делото, живеејќи според вистината која ја исповеда, би ја сфатил важноста на обврската тоа да му го заповеда и на своето потомство по себе, како што тоа го направил верниот Аврам. {3C 59.2}

Неслогата и недостатокот на љубов меѓу браќата К претставува срам за Божјото дело. Двајцата грешат во тоа. Двајцата се должни да го потчинат сопственото „јас” и да негуваат христијански особини. Со својата неслога, може без претерување да се каже дека и со омразата која постои меѓу нив, овие двајца родени браќа го обесчестуваат Бога. Брат А К тешко греши. Тој негува чувства потполно спротивни на Божјата волја. Тој ги познава особеностите на својот брат Б К, кој е со толку раздразлива и несреќна

природа. Она што е добро, тој често не го гледа ниту кога е непосредно пред неговите очи, туку само гледа зло и затоа толку лесно се обесхрабрува. Во неговите очи сатаната ја прикажува ситницата како планина. Земајќи сè во оглед, постапките на брат Б К не се толку за осуда како постапките на неговиот брат, бидејќи помалку нанесуваат штета на делото на сегашната вистина. {3С 59.3}

За да престанат да нанесуваат срам на Божјото дело, овие браќа треба потполно да се помират еден со друг. „По тоа се познаваат Божјите деца и децата на ѓаволот; секој кој не твори правда и кој не го љуби својот брат, не е од Бога". „Оној кој тврди дека е во светлина, а го мрази својот брат, сè уште е во темнина". Оние кои работат за Бога мораат да бидат чисти садови, посветени само за употреба во Негова слава. „Очистете се вие кои ги носите Господовите садови". „Ако некој каже: јас Го љубам Бога, а го мрази својот брат, лаже; зашто кој не го љуби својот брат кој го гледа, како може да Го љуби Бога кого не го гледа? И оваа заповед ја имаме од Него: Кој Го љуби Бога да го љуби и својот брат". {3С 59.4}

Христовите претставници имаат одговорна и света задача. Тие претставуваат животен мирис за живот или смртен за смрт. Со своето влијание тие одлучуваат за судбината на душите за кои Христос умрел. И на братот и на сестра К им недостигаат животни искуства. Тие не живееја свет живот. Не стекнаа длабоко и потполно спознавање на Божјата волја. Не напредуваа во својот живот кој треба да му биде угоден на Бога, за нивното искуство да биде од корист на црквата. Нивниот начин на живот беше само товар за црквата. {3С 60.1}

Поранешниот живот на сестра К не беше таков што нејзиното искуство би можело да претставува благослов за другите. Таа не ги извршуваше совесно своите христијански должности и многу пати работеше против својата совест. Наспроти светлината која го осветли нејзиниот пат, таа не одеше по него. Господ ѝ упати на оваа сестра едно сведоштво на опомена и укор. Таа поверува во ова сведоштво и раскина со оние кои повеќе ги сакаат сластите отколку Бога. А тогаш, анализирајќи го својот поранешен живот кој беше преполн со пропусти и зло, падна во неверство и темнина на очајот. Очајот ги рашири над неа своите мрачни крила. Со нејзиното мажење за брат К оваа состојба донекаде се измени, но од време на време сепак паѓаше во длабока потиштеност и депримираност. {3С 60.2}

Сестра К добро ги познава пророштвата и подготвена е да ги поврзе и со леснотија и со задоволство да зборува за тоа. Затоа некои од браќата и сестрите побрзаа да ги препорачаат братот и сестрата К за активни работници. Но постои опасност тие да тргнат на работа од погрешна гледна точка. Сестра К според своето образование се смета повисока од многумина од своето опкружување; и во текот на својата јавна работа таа повеќе се потпира на сопственото знаење отколку на помошта од Светиот Дух. Во духот на гордост и лична независност таа мисли дека повеќе ѝ прилега да поучува други отколку да прима поуки. Поради таквите недостатоци во духовното расудување таа е неподготвена да работи меѓу црквите. На неа ѝ недостига вистинско разликување и духовна сила, што е неопходно да се има за духовно изградување на црквите. За да можат и таа и нејзиниот сопруг, и покрај сè, да се ангажираат во работата, би морале да отпочнат со ширење на позитивно влијание во црквата во _____ . Своите напори тие треба да ги вложуваат таму каде што се најпотребни. {3С 60.3}

На новите полиња има многу работа. Веста на опомена треба да допре и до грешниците кои никогаш не ја слушнале. Тука на братот и сестра К им се покажуваат широки можности да работат и да го докажат својот повик. Во настојувањето да работат во нови полиња никој нема да ги попречува. Но поедини проповедници се наклонети одново и одново да посетуваат исти верници по своите цркви, иако со својата работа ништо не им помагаат, туку само напразно го трошат нивното време. {3C 61.1}

Ние сакаме сите кои се сметаат Божји слуги да бидат работници. Работата на спасување на души не треба да се ограничува само на проповедниците, туку сите на кои вистината им е во срцето и кои вршат добро влијание во своето семејство треба да се чувствуваат одговорни еден дел од своето време да посветат на контактирање со своите соседи, и така во своето опкружување да бидат мисионери за Бога. Тие треба да ги разнесуваат нашите публикации и во Христов дух да водат корисни разговори со оние кои ги посетуваат, молејќи се со нив и за нив. Ваквата работа ќе пробуди дух на истражување и реформација. {3C 61.2}

Вниманието на Својот народ Господ со години го насочувал на здравствената реформа. Тоа е една од големите гранки во делото на подготовка за доаѓањето на човечкиот Син. Јован Крстител бил испратен во духот и силата на пророк Илија да подготви пат за Господа и да го обрати народот кон мудроста на Праведникот. Тој бил соодветен претставник на оние на кои Господ во овие последни денови им ги доверил светите вистини да ги изнесат пред народот за да се подготви патот за второто Христово доаѓање. Јован бил реформатор. Ангелот Гаврил, испратен непосредно од небото, им дал на Јовановите татко и мајка одредени упатства во поглед на здравствената реформа. Тој рекол дека Јован не треба да пие вино ниту жестоки пијалаци и дека од самото свое раѓање ќе биде исполнет со Светиот Дух. {3C 61.3}

Јован се одвоил од пријателите и од животните удобности. Едноставноста на неговото облекување, облеките исткаени од влакно од камила биле постојан прекор за претерувањето и раскошноста на еврејските свештеници и на народот воопшто. Неговата чиста вегетаријанска исхрана - рогач и див мед - била прекор за попуштањето на апетитот и алчноста која преовладувала насекаде. Во книгата на пророкот Малахија читаме: „Еве Јас ќе ви го испратам пророкот Илија пред да дојде страшниот Господов ден и тој ќе ги обрати срцата на синовите кон татковците и срцата на татковците кон своите синови". Овде пророкот го опишува обележјето на најавеното дело. Оние кои треба да го подготват патот за второто Христово доаѓање се претставени како верниот Илија, како што и Јован дошол во Илиин дух за да го подготви патот за првото Христово доаѓање. Големото прашање за значењето на реформата треба да го поттикне и пробуди јавното мислење. Умереноста во сè треба да се поврзе со пораката за наше време за да може Божјиот народ да се сврти од своето идолопоклонство - од незаситното попуштање на апетитот и претерувањето во облекувањето и во други области. {3C 62.1}

Самооткажувањето, понизноста и умереноста барани од праведниците, кои Бог посебно ги водел и благословил, треба да се истакнуваат пред народот, наспроти претераните и толку нездрави навики на оние кои живеат во овој век на потполна изопаченост. Бог покажал дека здравствената реформа е толку неразделно поврзана со пораката на Третиот ангел, како раката со телото. Запоставувањето на овој значаен предмет е главна причина за физичката и моралната изопаченост. Оние кои попуштаат на апетитот и на страстите и ги затвораат очите пред светлината од страв дека ќе ја

увидат грешноста на своето попуштање со кое не сакаат да раскинат, се виновни пред Бога. Срцето на секој поединец кој ќе ја отфрли светлината во едно, станува бесчувствително и неприемливо за светлината и во други прашања. Сите оние кои ги пристапуваат своите морални обврски во поглед на јадењето и облекувањето подготвуваат пат за кршење на Божјите барања и во поглед на вечните интереси. Нашето тело не е наша лична своина. Бог бара од нас да водиме грижа за организмот кој ни го подарил, за да можеме да му го претставиме своето тело како жива, света и прифатлива жртва. Нашето тело му припаѓа на Оној Кој нè создал и должни сме разумно и на најдобар можен начин да го чуваме од распаѓање. Ако виталните сили на своето тело ги ослабнеме со самозадоволување, со попуштање на апетитот и облекување според нездравите барања на модата - само за да не се разликуваме од светот - ние стануваме непријатели на Бога. {3С 62.2}

Братот и сестра К не ја ценеа светлината за здравствената реформа. Тие не ја гледаат нејзината потполна поврзаност со пораката на Третиот ангел. Во Своето провидение, Бог ги одвојува припадниците на Својот народ од настраните и убиствени навики на овој свет, од попуштањето на апетитот и страстите, за да можат цврсто да стојат на патот на самооткажување и умереност во секој поглед. Оние кои Бог ги води, ќе бидат посебен народ. Тие нема да бидат слични на светот. Следејќи го верно Божјото водство, тие ќе ги остваруваат Неговите намери, потчинувајќи ја во потполност својата волја на Неговата волја. Христос ќе престојува во срцето. Божјиот храм ќе биде свет. Вашето тело е, вели апостолот, храм на Светиот Дух. Од Своите деца Бог не бара со самооткажување да нанесуваат штета на силата и здравјето на своето тело. Тој бара покорување на законите на природата токму затоа за да го сочуваат своето здравје. Патот кој Тој ни го препорачува е природен пат и доволно е широк за секој христијанин. Со Својата дарежлива рака Бог богато нè снабдил со различно изобилство на животни продукти за задоволување на потребите за храна. Но за да уживаме во природното задоволување на потребите за храна, со што го чуваме своето здравје и го продолжуваме животот, Тој го ограничува претераното попуштање на апетитот. Тој нагласува: внимавај, воздржи се, откажи се од неприродните барања. Со развивање на изопачен апетит ние ги кршиме законите на своето битие и преземаме одговорност за злоупотреба на сопственото тело и за навлекување на болест на себе. {3С 63.1}

Духот и силата на пророкот Илија ги поттикнуваат срцата на реформа и ги обратуваат кон мудроста на праведникот. Брат и сестра К не се обратени во поглед на здравствената реформа и покрај толку од Бога дадените докази по тоа прашање. За вистинската вера самооткажувањето е многу битно. Оние кои не научиле да се откажат од себе, се лишуваат од толку битната практична побожност. Барањата на верата неизбежно доаѓаат во судир со чувствата на непрепороденото срце и земните интереси. Ништо друго не можеме да очекуваме. Во Господовото лозје има работа за сите. Никој не треба да остане неактивен. Божјите ангели, симнувајќи се на Земјата со пораки на милост и опомена и издигнувајќи се повторно на небо, се во постојано движење. Тие небесни гласници ги поттикнуваат срцата и мислите на луѓето. Кога оние кои веќе поседуваат знаење за вистината би ги ускладиле потполно своите напори со делувањето на Божјиот Дух, би виделе голем напредок во делото. {3С 64.1}

Пред нас се отвораат нови полиња на кои сите со практично вложување на напори можат да ги проверат своите способности и својот повик, изведувајќи ги душите од темнината и заблудата на цврстата платформа на вечната вистина. Ако брат и сестра К

се чувствуваат од Бога повикани да соработуваат во Неговото дело, тие ќе најдат доволно работа во повикување на грешниците на покајание; но за да може Бог да работи во нив и преку нив, тие мораат да бидат во потполност обратени. Работата на подготовка на народот во овие последни денови за Христовото доаѓање е исклучително света и сериозна задача и бара побожни и несебични работници. За оние кои се понизни, истрајни и одлучни секогаш ќе се најде доволно работа во Господовото лозје. Постојат одговорни задачи кои треба да се извршат, но кои бараат ревно залагање со сите расположливи сили. Бог ја прифаќа само доброволната служба. Кога вистината која толку ја исповедаме е толку значајна што од неа зависи судбината на душите, колку внимателни треба да бидеме во нејзиното излагање! {3С 64.2}

„Патот на праведникот е како блескава светлина која свети сè повеќе додека не биде ден". Брате и сестро К, ако живеевте според светлината која го осветлуваше вашиот пат, ако повеќе би се приближиле кон Бога, цврсто верувајќи во вистината и понизно одејќи пред Бога во светлината која ви ја даде, вие денес би имале искуство од непроценлива вредност. Ако ги умножувавте талентите кои Бог ви ги позајми, вие сега ќе блескавте како светилки во овој свет. Но за сите оние кои не живеат според примената светлина, светлината се претвора во темнина. За Бог да може да нè прифати и благослови како што ги прифатил нашите претходници, мораме да бидеме верни како што биле тие. Мораме да напредуваме во примената светлина како што правеле верните пророци во дамнешното минато. Божјите барања во однос на нас се соодветни на благодатта која ја излеал на нас и Тој не прифаќа помалку од тоа. Сите Негови оправдани барања мораат во потполност да се задоволат. За да одговориме на своите должности, мораме да стоиме на тоа возвишено ниво кое редот и напредокот на светата вистина го има подготвено за нас. {3С 64.3}

Брат Л не го сфаќа посветувачкото и благородно влијание на Божјата вистина на човечкото срце. Тој не е трпелив, понизен и благ како што би требало да биде. Тој лесно се возбудува, сопственото „јас" доаѓа до израз и тогаш тој кажува и прави многу нешта без соодветно размислување; така што влијанието кое тој го шири не е секогаш спасоносно. Ако беше исполнет со Христовиот Дух, тој, додека со една рака се држи за Семоќниот, со рака на вера и љубов би достигнал до јадните грешници. На брат Л му е неопходно моќното влијание на божествената љубов која го обновува и пречистува срцето, го посветува животот, го издигнува и облагородува целото битие. Тогаш неговите зборови и постапки ќе го одразуваат мирисот на небото, а не на неговиот сопствен дух. {3С 65.1}

Ако зборовите на вечниот живот се засеани во срцето, тие ќе го донесуваат својот плод во правда и мир. Драг мој брате, ти мораш да го совладаш во себе духот на самодоволност и самоважност. Мораш да негуваш дух на подготвеност за со задоволство да примаш поука и совет. Што и да работат или зборуваат другите, ти секогаш треба да се прашаш: Што се однесува тоа на мене? Христос ме повикува да одам по Него. Мораш да негуваш дух на кротост. Тебе ти е неопходно искуство во вистинската побожност и сè додека не го постигнеш тоа, не можеш со разбирање да учествуваш во Божјото дело. Мораш да омекнеш и да го потчиниш својот дух, покорувајќи се на Христовата волја. Во секој момент мораш да го сочуваш скромното достоинство на Христовиот следбеник. Нашето однесување, нашите зборови и нашите постапки претставуваат проповед и за другите. Ние сме живи посланија кои сите ги знаат и читаат. {3С 65.2}

Мораш да внимаваш никогаш да не ја проповедаш вистината во дух на кавга или расправа; зашто ако направиш така, борбата сигурно ќе се сврти против тебе и поголема корист ќе му донесеш на непријателот отколку на Божјата вистина. Секој пат кога ќе се впуштиш во расправа, тоа мора да произлезе од чувството на должност. Ако за сила во потполност се потпреш на Бога, предавајќи Му се Нему и препуштајќи вистината да однесе победа, сите сатански лукавства и сите негови распламтени стрели ќе се свртат против него, а ти ќе бидеш зајакнат, сочуван од заблуда и од секое застранување. Мораш да негуваш претпазливост и никогаш да не брзаш со сопствена сила. Делото е значајно и свето и потребна ти е голема мудрост. Секогаш треба да се советуваш со браќата кои имаат искуство во работата. Меѓутоа, пред сè друго, мораш потполно да ги запознаеш сопствените слабости и опасности кои ти се закануваат и да ги зајакнеш слабите точки во својот карактер за да не доживееш бродолом во верата. {3С 66.1}

Ние живееме сред опасноста на последните денови и ако во дух на самодоверба и независност се изложувама на сатанските лукавства, ќе бидеме совладани. Мораш да се ослободиш од високото мислење за себе и да се сокриеш во Бога, потпирајќи се само на Неговата сила. Нема потреба да се задржуваш во црквите, работејќи само со членовите. Ако си подготвен да се посветиш на Бога, можеш да работиш во некое ново поле и Тој ќе работи со тебе. Бог ја прифаќа само чистотата на срцето и животот и ништо помалку од тоа. За да владееме со Христа, мораме и да страдаме со Него. {3С 66.2}

Братот М можеше со години добро да послужи ако на време се откажеше од сè поради Христа. Меѓутоа, тој не беше посветен со вистината и во своето срце не е исправен пред Бога. Тој го закопа својот талент во земја. Што ќе каже оној кој погрешно ги употребил своите таленти кога Господ ќе дојде и од него ќе побара да положи сметка за своето повереништво? Брат М не служеше на чест на Божјото дело. Опасно е да се застане против Божјото провидение и против сè што ќе нè снајде, како сето тоа да е подготвено така што мораме да подлегнеме на искушението и да бидеме уништени. Процесот на кастрење и пречистување во цел на подготовка за небото не е ниту пријатен ниту лесен и ни донесува многу страдање и маки, затоа што не сме подготвени да ја потчиниме својата волја на Христовата. Преку печката за претопување мораме да поминуваме сè додека не согори секоја нечистотија и додека не бидеме така пречистени што во нас ќе се одразува божествениот лик. Оние кои се раководат според сопствените склоности и она што се гледа однадвор, не можат исправно да судат за она што Бог го прави. Тие се полни со незадоволство и гледаат промашување таму каде што всушност има триумф, голема загуба таму каде што има добивка; и подготвени се, како Јаков некогаш, да извикнат: „Сите овие нешта се против мене," додека токму тие појави на кои тие се жалат придонесуваат заедно за нивно добро. {3С 66.3}

Без носење на крстот, нема ниту круна. Како некој може да стане силен во Господа ако не минува низ некоја неволја? За да имаме силна вера, мораме да дојдеме во ситуација да се покаже нашата вера. Пред својата маченичка смрт, Павле го храбрел Тимотеј со овие зборови: „Биди соучесник во страдањата на евангелието по силата на Бога". Преку многу неволји ние треба да влеземе во Божјото царство". Нашиот Спасител бил испитуван на сите можни начини, а сепак постојано победувал со Божја сила. И наша предност е со Божја сила да бидеме силни под сите околности и да се фалиме со Христовиот крст. {3С 67.1}

6. ЛИЧНОТО ИСКУСТВО НЕДОВЕРЛИВО

Драга сестро Н, во визијата која ми беше дадена на 10. декември 1871. година видов дека некои поединости претставуваат голема пречка на патот на твоето оздравување. Посебните црти на твојот карактер те спречија да не ги прифатиш добрите совети кои можеше да ги примиш и да ја подобриш својата здравствена состојба која можеше да се подобри. Имаше свои посебни сфаќања од кои не сакаше ниту малку да отстапиш. Имаш некои сопствени идеи до кои се држиш, иако често не се во склад со законите на здравјето, туку едноставно се твое мислење. {3С 67.2}

Ти упорно се држиш за својата волја и сметаш дека таа твоја ситуација никој не може да ја разбере подобро од тебе самата, бидејќи се поведуваш по своите чувства. Се раководиш според сопствените чувства, повикувајќи се секогаш на своето искуство. По неколку различни обиди во кои не најде задоволство, одлучи дека е најдобро да се придржуваш до сопственото мислење. Меѓутоа, што беше твое мерило? Твоите чувства. Но, драга моја сестро, што имаат твоите чувства со вистинските факти во овој случај? Речиси ништо. Чувствата не се никаков критериум, особено кога се под контрола на бујната фантазија и цврста волја. Ти си многу решителна во тоа што ќе го наумиш и твоите постапки се однапред испланирани, но ти сега не го набљудуваш својот случај од правилна точка на гледање. Твојот суд не е толку сигурен за да можеш да се потпреш на него и во овој случај. {3С 68.1}

Видов дека малку се опорави, но не толку бргу како што можеше, ако не преземеш сè во свои раце. Од таа причина, а и за да ја сфатиш должноста да ги прифатиш советите на поискусните од тебе, сакав да дојдеш во нашиот Здравствен Институт. Лекарите во Институтот ја знаат твојата болест, нејзините причини и целокупниот начин на лекување подобро од тебе; и ако се согласиш да попуштиш во своите врежани сфаќања и ги прифатиш нивните совети, би имало надеж за твоето опоравување. Меѓутоа, ако тоа го одбиеш, не гледам надеж дека ќе се опоравиш онака како што би можела со примена на правилен начин на лекување. {3С 68.2}

Како што кажав веќе, ти, сестро моја, премногу се потпираш на искуството. Твоето искуство те наведува упорно да продолжиш по извесен пат. Меѓутоа, тоа што многумина го нарекуваат искуство не е искуство во секој поглед. Тоа едноставно е навика која слепо и често во незнаење се следи со упорна ревност, а без внимателно размислување или испитување на законите според кои се добиваат одредени резултати. {3С 68.3}

Вистинското искуство е исход на грижливо експериментирање, под услов умот да е слободен од предрасуди и однапред создадено мислење или навики. Резултати се совесна грижливост и цврста желба нешто да научиме, да се поправиме и да ја промениме секоја навика која не е во склад со физичките и моралните закони. Тебе ти се чини дека е лудо и дури свирепо ако некој го оспорува она што го научи од искуствата. Меѓутоа, погрешните поими за искуството се повеќе од било што друго извор на стекнати и одлучно чувани заблуди во тој поглед; бидејќи она што вообичаено се нарекува искуство не е искуство во вистинска смисла на тој збор. Тука ништо не е проверено со стварно доживување и детално испитување со познавање на начелата кои се од значење во спомнатиот случај. {3С 69.1}

Покажано ми е дека твоето искуство не е доверливо затоа што е спротивно на природниот закон и е во судир со непроменливите начела на природата. Суеверието, драга моја сестро, кое произлегува од болната фантазија те доведува во судир и со природните науки и со библиското начело. Кому треба да му се покоруваш? Твоите силни предрасуди и длабоко врежано мислење за патот по кој е најдобро да продолжиш одамна те оддалечуваат од она што е исправно и добро. Јас со години го познавам твојот случај, но се плашев дали ќе успеам да ти ја изнесам светлината во врска со тоа прашање толку јасно за ти да можеш да го сфатиш тоа и практично да го примениш. {3С 69.2

Денес има многу инвалиди кои секогаш ќе останат такви затоа што никако не даваат да се осведочат дека нивното искуство не е сигурно. Мозокот е престол на човечкото битие, централа на целокупниот нервен систем и умни дејности. Влијанијата од мозокот преку мозочните нерви, како по телеграфски жици се пренесуваат до секоја точка во телото, и ги контролираат животните текови во сите делови на организмот. За секое и најмало движење во било кој дел од нашето битие командите доаѓаат од мозокот. {3С 69.3}

Ако твојот ум е трајно обземен со мислата дека капењето ти штети, тоа влијание автоматски се пренесува на сите нерви на телото. Нервите го контролираат целиот крвоток. Под влијанијата примени од мозокот, крвта се повлекува во крвните садови и добрите фактори на капењето во потполност се губат. Сето ова се случува затоа што крвта со интервенција на умот и волјата е спречена да циркулира брзо особено во површинските предели, за да се поттикне и оживее крвотокот. На пример, ти имаш впечаток дека при капењето ќе настинеш. Мозокот ти ја праќа таа порака преку нервниот систем по целото тело и крвните садови, покорувајќи се на твојата волја, не можат да ја извршуваат својата должност и реакциите по капењето стануваат негативни. Науката за човекот и медицината не познаваат причина зашто грижливо подготвеното капење не би донело навистина добри резултати. Тоа особено важи за оние кои не се движат доволно за да ги вежбаат своите мускули и за да ја поттикнат циркулацијата на крвта низ организмот. Капењето ја ослободува кожата од натрупување на нечистотија која постојано се собира и ја одржува кожата влажна и еластична; на тој начин крвотокот станува порамномерен и посилен. {3С 69.4}

Капењето никако не треба да го запоставуваат ниту оние кои се здрави. Тие на секој начин треба да се капат барем два пати седмично. Оние кои не се здрави имаат многу нечистотија во крвта и нивната кожа не е во состојба сето тоа да го излачи. Многубројните пори, кои всушност се мали усни преку кои кожата дише, стануваат запушени и потполно неупотребливи. Со често капење кожата мора да се одржува потполно чиста за да можат порите непречено да ја вршат својата улога, ослободувајќи го телото од нечистотија; затоа на слабите и болните благодатите на капењето им се неопходни и повеќе од два пати седмично. Капењето и на болните и на потполно здравите им овозможува полесно и послободно дишење. По капењето мускулите полесно се свиткуваат, умот и телото се поживотворни, мислата станува поведра и секоја способност посвежа. Капењето ги смирува нервите, го поттикнува потењето, го забрзува крвотокот, ги отстранува пречките во организмот и благотворно влијае на работата на бубрезите и уринарните органи. Капењето ја потпомага работата на цревата, желудникот и панкреасот, вбризгувајќи во нив нова енергија и нов живот, го поттикнува варењето и го зајакнува целиот организам. Наместо да се зголемува

опасноста од настинка, капењето, ако правилно се користи, го зајакнува и штити организмот од настинки, бидејќи го подобрува крвотокот, олеснувајќи го протокот на крв низ крвните садови и ја јакнее работата на внатрешните органи кај кои обично постои навала на крв. Крвта се насочува кон површината на телото и се постигнува полесно и порамномерно струење на крвта низ крвните садови. {3С 69.4}

Се вели дека искуството е најдобар учител. Изворното искуство е навистина подобро од знаењето стекнато од книги. Но обичаите и навиките ги врзуваат мажите и жените како железни синџири и тие тоа најчесто го нарекуваат искуство, во вообичаената смисла на тој збор. Тоа е злоупотреба на овој инаку драгоцен израз. Таквите грчевито се држат за своите штетни навики кои очевидно штетат на нивното телесно, умно и морално здравје и кога ќе се обидете да ги поучите, тие упорно го бранат својот став, повикувајќи се на своето искуство. Меѓутоа, вистинското искуство е во хармонија со законите на природата и со науката. {3С 71.1}

Овде и наидуваме на најголемите тешкотии во религиозните прашања. На таквите можете да им изнесувате најјасни факти и најочевидни вистини, поткрепени и со Божјата реч, но нивното срце и нивните уши остануваат затворени, а нивен најсилен доказ е: „моето искуство". Некои нагласуваат: „Господ ме благослови во ваквото верување и ваквиот живот. Затоа не е можно да сум во заблуда". Но зборот: „моето искуство" не се изостава, и така се отфрлаат највозвишените и најсветите библиски вистини поради нешто што тие го нарекуваат искуство. Повикувајќи се на искуството, многумина се оддаваат на најлоши навики. Во намера да ја докажат исправноста на своето искуство, кое е во спротивност со најочевидните докази, многумина пропуштат да го достигнат оној степен на физички, умен и морален развој кој би можеле и кој по својата должност би морале да го достигнат. Често ќе наидете на мажи и жени, кои со погрешни навики го уништиле својот организам и своето здравје, како на други им го препорачуваат своето искуство како нешто сигурно, иако токму тоа искуство ги лишило од виталноста и здравјето. Би можеле да наведеме многу примери кои покажуваат како мажите и жените се измамуваат, потпирајќи се на некое свое искуство. {3С 71.2}

Во почетокот, Господ го создал човекот совршен, со потполно урамнотежен ум и со совршено развиени органи. Адам бил совршен претставник на човечкиот род. Секоја негова особина била соодветна на својата намена и имала своја одредена задача, па сепак за да функционираат правилно, зависеле една од друга. На Адам и на Ева им било дозволено да јадат плодови од секое дрво во градината, со исклучок на едно. На тој свет пар Господ му рекол: Оној ден кога ќе јадете од дрвото на познавање на добро и зло, навистина ќе умрете. Измамена од змијата, Ева поверувала дека Бог нема да постапи вака како што кажал. „Нема вие навистина да умрете," рекла змијата. Ева го изела плодот и ѝ се присторило дека почнала да живее некој нов и повозвишен живот. Потоа таа го однела плодот и на својот сопруг и она што имало пресудно значење на него било токму нејзиното искуство. Змијата ѝ рекла дека нема да умре ако го земе тој плод, и таа не почувствувала ништо лошо, ништо што би претчувствувало на смрт, туку токму онака како што кажала змијата, некое пријатно возбудување, претпоставувајќи дека така се чувствуваат и ангелите. Нејзиното искуство било спротивставување на Божјата заповед и Адам си дозволил себеси да биде заведен од искуството на својата жена. Така е и во верскиот живот на многумина. Божјите категорични заповеди се престапуваат и затоа „што нема веднаш осуда за злото, срцето на човечките синови копнее да прави зло". {3С 72.1}

Наспроти најодредените Божји заповеди, мажите и жените се поведуваат по своите склоности, а тогаш уште и дрско се молат за тоа, како од Бога да можат да изнудат согласување да живеат во спротивност и со науката и со божествените начела. На Бога не му се угодни таквите молитви. Сатаната доаѓа при таквите личности, како што ѝ дојде на Ева во Едемската градина, и ги импресионира, и таквото свое доживување на умот тие го сметаат за најпрекрасно искуство кое Господ им го дал. Вистинското искуство е во совршена хармонија со природните и божествените закони. Лажното искуство ќе се накити себеси пред науката и начелата на Јехова. Верскиот свет е покриен со морална темнина како мртовечки сандак. Суеверието и верската затолченост го обземаат умот на мажите и жените и го замаглуваат нивното расудување, така што тие не ги увидуваат своите должности кон ближните ниту обврската без изговор да се потчинат на Божјата волја. {3С 72.2}

Валам го прашувал Бога може ли да појде да го проколне израелскиот народ, бидејќи за тоа му била ветена голема награда. Бог му рекол: „Не оди," меѓутоа, тој бил ургиран од пратениците, а му биле понудени и поголеми награди. Нему му била откриена Божјата волја во врска со тоа прашање, но тој копнеел за богата награда, така што се осмелил повторно да го праша Господа и тогаш му било дозволено да појде. Потоа стекнал чудесно искуство, но кој би посакал да биде воден од такво искуство? Има луѓе кои лесно би сфатиле што им е должност кога тоа би било во склад со нивните природни склоности. Околностите и разумот можат јасно да укажуваат на должноста, но кога тоа не одговара на нивните природни склоности, тие најчесто ги отфрлаат таквите докази. А тогаш уште се осмелуваат од Бога да бараат да им ја покаже нивната должност. Меѓутоа, со Бога не се шегува. Тој дозволува таквите да одат по желбите на сопственото срце. „Но не го послуша народот Мојот глас". „И Јас ги пуштив на волјата на нивните срца, нека одат по своите мисли" (Псалм 81:11,12). {3С 73.1}

На оние кои сакаат да продолжат по патот кој одговара на нивното вообразување им се заканува опасност да бидат препуштени да одат по своите склоности, претпоставувајќи дека ги води Божјиот Дух. На многумина околностите и фактите им укажуваат на должноста, но под влијание на пријателите и поведувајќи се по своите склоности, тие скршнуваат од патеката на должноста и преминуваат преку овие јасни факти; а потоа - навидум совесно - долго и сесрдно молат за светлина. Тие во тоа манифестираат сериозни чувства и сметаат дека ги води Божјиот Дух. Но тие се лажат. Со ваквото постапување всушност се жалости Божјиот Дух. Имаа светлина и многу лесно можеа да сфатат што им е должност, но неколку лажливи чувства ги заведуваат на погрешен пат. Потоа брзаат пред Господа молејќи се упорно за тоа, и Господ ги препушта да продолжат по својот пат. Тие толку сакаат да продолжат по патот кој сами го избрале, така што Тој им дозволува така и да направат и да ги сносат последиците. И тогаш тие вообразуваат како стекнале прекрасно искуство. {3С 73.2}

Драга моја сестро, постојаноста е силно и владеечко влијание во твојата душа. Ти успеа да собереш сила да се бориш со противниците и да остваруваш до крај тешки и мачни потфати. Не сакаш расправии. Многу си чувствителна и длабоко повредлива. Многу си совесна и мораш претходно навистина да се осведочиш за да го прифатиш мислењето на другите. Ако физичкото здравје не ти беше толку нарушено ти би била исклучително корисна во животот. Долго боледуваш и тоа делуваше на твоето вообразување така што ги сосредоточи своите мисли само на себе, а тоа негативно влијае на целиот организам. Твоите навики во многу нешта не се добри. Исхраната не

ти е соодветна ниту според количината ниту според квалитетот. Храната која ја земаш е со толку слаб квалитет, така што не може да се претвори во добра крв. Го навикна својот желудник на таков вид на храна. Тоа, според твое мислење, за тебе е најдобра храна затоа што од неа имаше најмалку тешкотии. Меѓутоа, тоа не беше соодветно искуство. Твојот желудник од таквата храна не добиваше сила која требаше да ја прими. Храната земена во течна состојба не може да го зајакне и направи здраво твоето тело. Меѓутоа, кога ќе ја промениш оваа навика и ќе почнеш да земаш повеќе цврста, а помалку течна храна, твојот желудник ќе се вознемири. Не се грижи за тоа, не смееш да попуштиш во тоа; мораш да го навикнеш својот желудник да поднесува многу поцврста храна. Во облекувањето премногу се затоплуваш и со тоа ја разнежнуваш својата кожа, правејќи ја неотпорна, а на телото му ја ускратуваш можноста да дише. Порите на кожата, или малите усни низ кои телото дише, на тој начин се затвораат и организмот е полн со нечистотија. {3С 74.1}

Твојата навика да се возиш (во кочија тоа време) на чист воздух и сонце е многу корисна. Тоа задржување надвор од затворениот простор ти го одржа животот, така што сè уште поседуваш извесна физичка сила. Меѓутоа, ти ги занемаруваш другите видови на физичко движење кое е поважно од возењето. Чувствувајќи го тоа пешачење и верувајќи дека ќе ти наштети ако и најмалку одиш пеш, склона си и на најкраткото растојание да зависиш од превоз. Меѓутоа, во тој поглед твоето искуство не е доверливо. {3С 75.1}

Истата придвижувачка сила која ја вложуваш при влегување и излегување од кочија и при качувањето и симнувањето низ скали би можела исто така да ја користиш и во прошетка и во извршувањето на своите редовни секојдневни должности. Во поглед на своите домашни должности ти си потполно беспомошна. Не се чувствуваш храбра да водиш грижа ниту за облеката и храната на својот сопруг. Но, сестро моја, таа неспособност постои повеќе во твоето вообразување отколку во стварноста. Ти замислуваш дека ќе се замориш па дури и преоптовариш ако го направиш ова или она, и тоа тогаш така и се случува. Меѓутоа, ти поседуваш сила која, практично и промислено употребена, би можела да биде корисна и тоа би те направило многу среќна. Ти толку се плашиш од беспомошноста што воопшто не ја користиш силата со која Господ те благословил. Ти во многу нешта му помагаш на својот сопруг, но во исто време до крај го исцрпуваш неговото трпение и сила. Кога тој се понадева дека ти сепак би можела да измениш некои свои навики и барем некако да го подобриш своето здравје, ти сметаше дека тој не го разбира твојот случај. И твоите пријатели веруваа дека би можела да бидеш корисна на своето семејство, доколку не се оддаваш толку на чувството на беспомошност. Сето тоа тебе болно те растажува, бидејќи мислиш дека тие не те сфаќаат. Некои немудро ти ги наметнуваат своите гледишта, што исто така те ражалостува. Сметаше дека само Бог, во одговор на твоите молитви, може да ти помогне и многу пати на тој начин и добиваше помош. Но физичката сила која можеше да ја имаш, не ти е вратена затоа што немаше свој удел во тоа. Не соработуваше во потполност со делувањето на Божјиот Дух. {3С 75.2}

Господ ти даде задача да го направиш она што Тој нема намера да го прави за тебе. Своите постапки мораш да ги ускладуваш со природните закони, раководејќи се според начелото, без оглед на своите чувства. Мораш да почнеш да постапуваш според светлината која Господ ти ја упатува. Можеби нема да бидеш во можност да прифатиш сè одеднаш, но со постепено напредување во верата, верувајќи дека Бог ќе ти помогне

и дека Тој ќе те зајакне, ќе можеш многу да направиш. Би требало повеќе да се движиш и во своето семејство да извршуваш полесни работи за кои не е потребно големо напрегање, за да не зависиш толку од другите. Свеста дека сепак нешто можеш да направиш ќе ти даде нова сила. Кога во настојување да им помогнеш на другите повеќе би ги користела своите раце, а помалку својот мозок, ти и умно и физички би зајакнала. Твојот мозок не е неактивен, но не ги користиш во соодветна мера и останатите органи на своето тело. Движењето би било многу корисно за тебе, но со него мораат систематски да бидат опфатени особено оние органи кои се заслабнати, за да можат со употреба да зајакнат. Лекувањето со движење е многу корисно за оние болни кои се премногу силни за да се занимаваат со физичка работа. Но болните кои се потпираат само на движење и стануваат зависни од тоа, а го запоставуваат вежбањето на останатите свои мускули, се во голема заблуда. {3C 76.1}

Околу нас има илјадници болни и луѓе на смртна постела кои би можеле да се опорават и да живеат само кога за тоа би имале волја, но нивното вообразување ги спречува во тоа. Тие стравуваат дека со работа и движење би ја влошиле својата здравствена состојба, додека токму таа промена е неопходна за да се опорават. Со сила на волјата тие треба се издигнат над своите болки и слабости, и занимавајќи се со некоја корисна работа, би заборавиле на болките во грбот, белите дробови и главата. Запоставувањето на движењето на пулсот на целото тело или на поедини негови делови доведува до пречувствителност на организмот и условува болест. Неактивноста на било кој орган ја слабее силата на мускулите и ја забавува циркулацијата на крвта низ крвните садови. {3C 76.2}

Ти сметаш дека не си во состојба да извршуваш било каква должност во својот домашен живот и за сè се потпираш на други. Понекогаш ти е многу удобно да бараш помош која ти е неопходна. Во планирањето и барањето на некој кој ќе работи наместо тебе, ти често трошиш двојно повеќе сила отколку што тоа го бара самата таа работа. Само кога би одлучила сама да ги извршиш тие ситни работи и семејни должности, би се почувствувала среќна и зајакната, и твоето влијание во Божјото дело би се чувствувало многу повеќе. Создавајќи ги Адам и Ева, Бог во рајот ги опкружил со изобилство на сè што било корисно и убаво. Тој засадил за нив една прекрасна градина. Тука немало ниту едно растение, свет или дрво кое не би било корисно, или кое не би претставувало украс. Творецот знаел дека Адам и Ева како Негови созданија не можат да бидат среќни ако не би имале со што да се занимаваат. Рајот претставувал вистинско уживање за нивната душа, но тоа не било доволно; за да можат сите органи од нивното прекрасно создадено тело складно да се движат, им била неопходна работа. Сите органи на телото Бог ги создал за да може човекот разумно да ги користи. Ако среќата се состоела во неактивност, на човекот - додека се наоѓал во света невиност - не би му било дадено занимање. Но Оној Кој го создал човекот, знае што е најдобро за неговата вистинска среќа, и штом го создал му дал и соодветно занимање. За да биде среќен, човекот мора да работи. {3C 76.3}

Бог на секого од нас му дал нешто да работи. Извршувајќи различни должности кои ни се наменети во животот, ние стануваме корисни членови на човечкото општество и служиме на благослов на другите. Со корисна работа јакнеат не само органите на телото, туку благодарение на нивното движење и умните способности стануваат посилни и поделотворни. Употребата на само еден мускул, како ниту постојаното користење на само некои умни способности нема и не може да ги развие и зајакне останатите

способности кои не се користат. Секоја умна способност и секој мускул имаат своја одредена улога и сите мораат соодветно да се употребуваат, за да можат правилно да се развиваат, чувајќи го здравјето и силата на организмот. Секој орган и секој мускул имаат своја улога во животниот организам на нашето битие, Секој орган во таа машинерија мора да биде жив, активен и делотворен. Чудесната и фина машинерија на нашиот организам мора да се одржува во постојано движење, за да ја исполни целта која ѝ е наменета. Сите способности на нашиот организам зависат една од друга, и сите мораат да се употребуваат за да можат правилно и соодветно да се развиваат. Ако еден мускул во телото се употребува значително повеќе од останатите, тој ќе се развие многу повеќе и со тоа ќе го наруши складот и убавината во развојот на организмот. Со различни активности соодветно и складно се развиваат сите мускули на нашето тело. {3С 77.1}

Оние кои се со слабо здравје и по својата природа невнимателни, не смеат да попуштаат на својата склоност да бидат неактивни, лишувајќи се од воздух и сонце, туку треба што повеќе да се движат на свеж воздух, одејќи или нешто работејќи во градината. Тоа секако ќе ги замори, но никако нема да им штети. И ти, сестро моја, по такво движење ќе чувствуваш замор, но тоа ништо нема да ти штети, само одморот потоа ќе ти биде многу послодок. Неактивноста ги слабее органите кои не се употребуваат. Болки и исцрпеност се чувствуваат затоа што мускулите ослабнале. Не е мудро да не се користат некои мускули само затоа што при нивна употреба се чувствува болка. Таквата болка често е предизвикана од напорите на природата да го поврати животот и силата на оние делови на организмот кои поради неактивност станале речиси безживотни. Движењето на тие долго неупотребувани мускули предизвикува болки, бидејќи природата повторно се буди и оживува. {3С 78.1}

Пешачењето, во секој случај кога за тоа постои можност, е најдобар лек за болните, бидејќи во таквото движење учествуваат сите органи на телото. Многумина кои зависат од физикална терапија можат со вежбање на мускулите сами да направат за себе многу повеќе отколку што физиотерапевтот може да направи за нив. Во некои случаи недостатокот на движење причинува цревата и мускулите да се соберат и ослабнат и тие органи кои слабееле затоа што не се доволно користени, ќе зајакнат благодарение на движењето. Не постои вежба која би можела да го замени пешачењето. Со пешачење во голема мера се подобрува циркулацијата на крвта. {3С 78.2}

Активното користење на екстремитетите за тебе, сестро Н, би било многу корисно. Ти имаш многу свои претстави за тоа и многу си самоуверена, што се одразува на твоја штета. Сè додека се плашиш да им се довериш на лекарите, мислејќи дека својата болест ја знаеш многу подобро од нив, тие нема да можат да ти помогнат со своето лекување, туку само уште повеќе ќе ти наштетат. На своите пациенти лекарот може да им помогне само ако тие во него имаат доверба. Ако сама себе си препишеш лечење и сметаш дека тоа го знаеш подобро од лекарите, тогаш навистина не може да ти се помогне. Мораш да ја потчиниш својата волја и да ги напуштиш своите идеи, не спротивставувајќи се на нивниот суд и совет во поглед на твојата болест. {3С 78.3}

Господ нека ти помогне, сестро моја, да имаш не само вера туку и соодветни дела. {3С 79.1}

7. ВЕРНОСТ ВО ДОМАШНИТЕ ДОЛЖНОСТИ

Драга сестро О, јас мислам дека не си среќна. Во копнеж да направиш нешто големо, ги занемаруваш своите непосредни должности. Не си среќна затоа што занемарувајќи ги секојдневните мали животни должности, очекуваш да направиш нешто повозвишено и поголемо. Вознемирена си, нерасположена и незадоволна. Повеќе сакаш да заповедаш отколку да ги исполниш барањата. Повеќе сакаш на другите да им кажеш што треба да прават, туку само со задоволство и весело да се прифатиш за работа. {3С 79.2}

Ти можеше да го направиш домот на својот татко многу посреќен ако повеќе водеше грижа за среќата на другите отколку за своите лични склоности. И кога ги извршуваш своите вообичаени секојдневни должности, ти во својата работа не си со сето срце. Твоите мисли се надвор од тоа, на некоја попријатна и повозвишена работа, на нешто што повеќе се цени. Некој сепак мора да ги извршува и тие работи кои ти не ги сакаш и кои дури ти се одвратни. Тие обични и едноставни должности, кога би ги извршувала верно и со волја, би претставувале за тебе неопходна пракса да ги засакаш домашните должности. Во тоа се наоѓа возвишено и за тебе многу важно животно искуство, но ти не го сакаш тоа. Ти мрмориш на својата судбина и со тоа ги унесреќуваш сите кои се наоѓаат околу тебе, а и на сама себе си нанесуваш голема штета. Можеби никогаш нема да бидеш повикана да се занимаваш со некоја дејност која е позната во јавноста. Меѓутоа, сè што е неопходно да се направи - било тоа да е миење на садови, поставување на масата, нега на болните, готвење или перење - сето тоа има своја морална вредност и значење; и сè додека не си во состојба со задоволство да ги прифатиш овие работи, нема да бидеш оспособена за некои позначајни и повозвишени должности. Некој мора да ги извршува и тие скромни секојдневни должности и оние кои го прават тоа треба да бидат осведочени дека работата со која се занимаваат е неопходна и чесна; и дека со својата животна улога, колку и да е таа скромна, служат на слава на Бога токму онака како што служел и ангелот Гаврил кога бил испратен кај пророците. Секој треба да ја работи својата работа во склад со својата животна улога. Жената во својот дом, извршувајќи ги своите едноставни, но неизбежни домашни должности, може тоа да го направи во ист дух на верност, послушност и љубов во кој и ангелите ја извршуваат својата мисија. Усогласувањето со Божјата волја прави да биде од чест секоја работа која мора да биде завршена. {3С 79.3}

Тебе ти недостигаат љубов и сочувство. Твојот карактер треба да се изградува. Престани да ги растргаш и мачиш другите со своето нерасположение и наместо тоа манифестирај љубов и нежност. Одрекувај го сопственото јас. Ние по создавањето не сме ангели туку пониски суштества; но сепак нашата работа е значајна. Ние не се наоѓаме на небото, туку на земјата. Кога ќе бидеме на небо, тогаш ќе бидеме оспособени за возвишени и благородни небесни должности. Меѓутоа, на овој свет мораме да бидеме испробувани и проверувани; затоа мораме да се наоружаме за борба и за извршување на своите должности. {3С 80.1}

Највозвишена должност на младите е во сопствениот дом со својата љубов и интерес да бидат вистински благослов за своите браќа и сестри и за своите родители. Тука тие можат да покажат самооткажување и несебичност во грижа и залагање за другите. Таквата работа никогаш не ја понижува жената. Тоа е најсвета и највозвишена

должност која таа може да ја извршува. Какво влијание сестрата може да има на своите браќа! Ако е исправна, таа може одлучно да влијае на формирање на нивниот карактер. Со своите молитви, со својата благородност и љубов таа може да направи многу за целото домаќинство. Овие благородни особини, сестро моја, не можеш никогаш да ги пренесеш на другите ако тие не постојат во тебе самата. Задоволството на душата, љубовта, благородноста и ведрината на карактерот: особини со кои може да се придобие секое срце, ќе се одразат на тебе самата во толкава мера колку што ти им даваш на другите. Ако во срцето не владее Христос, тогаш до израз доаѓа незадоволство и морална деформација. Само себичноста ги наведува луѓето од други да го бараат она што не се подготвени да им го дадат. Ако Христос не е во срцето, карактерот ќе биде грд. {3C 80.2}

Она што ја испробува душата и што бара храброст не се само големите потфати и тешки борби. Секојдневниот живот донесува сопствена забуна, неволји и обесхрабреност, бидејќи и наједноставната работа често бара многу трпение и истрајност. За да се совладаат овие тешкотии, неопходни се самодоверба и одлучност. Чувството на сигурност дека Господ е со тебе ќе ти пружи помош и утеха во секоја ситуација. Духот на кротост и спокојство е она што тебе најмногу ти недостига и без тоа не можеш да бидеш среќна. Бог нека ти помогне, сестро моја, да копнееш по кротост и правда. Тебе ти е потребен Светиот Дух. Ако сакаш нешто да постигнеш или да се задоволиш со својата сегашна положба, Бог ќе ти помогне, ќе те зајакне и благослови. Но ако ги занемариш малите должности, никогаш нема да ти се доверат поголеми. {3C 81.1}

8. ГОРДОСТ И ЛЕСНОУМНОСТ

Драги деца П и Г, вие живеете во самоизмама и не сте христијани. Да се биде вистински христијанин значи да се биде сличен на Христа. Во тој поглед вие сте далеку од целта; но јас сепак се надевам дека нема да се лажете сè додека не стане предоцна за изградба на соодветен карактер за небо. {3C 81.2}

Вашиот пример не е добар. Не одлучивте да ги послушате Христовите зборови: „Ако некој сака да оди по Мене, нека се откаже од себе, нека го земе својот крст и нека врви по Мене". Ова е поука која сè уште не сте ја научиле. Самооткажувањето сè уште не е составен дел од вашето воспитување. Занемаривте внимателно да ги проучувате зборовите на животот. „Прегледајте ги писмата," нагласува небесниот Учител. Тој знае дека тоа им е неопходно на сите за да станат Негови вистински следбеници. Вие со задоволство читате приказни, но Божјата реч не ви е интересна. Би требало своето читање да го ограничите на Светото Писмо и на други корисни книги со духовен карактер. На тој начин ќе ја затворите вратата на искушенијата и ќе бидете благословени. {3C 81.3}

Да ја прифатевте светлината која ви беше дадена во Батл Крик, сега во поглед на богоугодниот живот би биле во далеку поповолна положба. Вие двајцата сте горделиви и лесноумни. Не чувствувате дека ќе морате пред Бога да положите сметка за сите предности кои ви се дадени, па и за сите парични средства кои минуваат низ вашите раце. Не огледајќи се на гласот на совеста и на Божјото одобрување, копнеевте само за лично задоволство и себично уживање. Како Христови слуги не се однесувате одговорно

кон својот Спасител Кој ве откупи со Својата драгоцена крв. „Не знаете ли дека кому му служите, слуги сте на оној кого го слушате; или на гревот за смрт, или на послушноста за оправдување. Но фала на Бога, што бевте слуги на гревот, па ја послушавте од срце науката на која ѝ се предадовте. Ослободувајќи се од гревот, станавте слуги на праведноста”. {3С 82.1

Вие тврдите дека сте Христови слуги. Дали со задоволство Му се потчинувате во послушноста? Дали сесрдно се прашувате како можете најдобро да му угодите на Оној Кој ве повика да бидете војници на Христовиот крст? Дали двајцата го носите крстот не срамејќи се од тоа? Одговор на овие прашања дајте на Бога. Сите ваши постапки, колку и да ги држите скриени, му се познати на вашиот небесен Татко. Пред Него ништо не е тајно ниту скриено. Нему му се познати не се само сите ваши дела туку и побуди кои ве навеле на тоа. Тој знае за секој ваш збор и за секоја ваша мисла. Ваша должност е да ги контролирате своите мисли и да се борите против празното фантазирање. Вие можеби мислите дека да не е никаков грев да им се дозволи на своите мисли слободно да талкаат без никакво ограничување. Но тоа не е така. За своето оддавање на лесноумноста, вие сте одговорни пред Бога, бидејќи таквото фантазирање наведува на грев кој претставува остварување на она на што се задржувале мислите. Владејте со своите мисли и тогаш многу полесно ќе ги контролирате и своите постапки. Вашите мисли треба да бидат посветени. Во своето послание до Коринтјаните, Павле пишува: „Да ги наведнеме мислите и секоја горделивост кои стануваат против Божјото познавање и да ја покоруваме секоја помисла на послушност кон Христа”. Кога ќе го постигнете тоа, тогаш двајцата најдобро ќе го разберете делото на посветување. Вашите мисли треба да бидат чисти, невини и благородни; вашите дела чисти и без грев. Вашето тело ќе биде сочувано во светост и чест за да можете да го принесете во жртва „жива, света, угодна на Бога; тоа да биде ваше духовно богомолство”. Од вас се очекува самооткажување како во мали, така и во големи работи. Треба во потполност да Му се потчините на Бога, бидејќи во својата сегашна состојба за Него сте неприфатливи. {3С 82.2}

Вашето влијание на повеќето млади во -----, беше потполно непосветувачко. Вашата склоност кон раскошно истакнување ве наведува на неоправдано трошење на пари; и не ги сфаќате вистински барањата кои Господ ги има во однос на вас. Сè уште не ја почувствувавте сласта на самооткажувањето, чиј плод е посветеноста. Цел на вашиот живот беше да си служите, себеси да си угодувате само себеси. Да се трошат немилосрдно парите за да се задоволат барањата на горделивоста беше ваша постојана пракса. О, колку би било подобро за вас ако ги ограничивте своите барања и направевте некоја жртва за Божјата вистина. Ако се откажевте од нешто што е само желба на очите, желба на телото и гордост на животот, би имале што да приложите во Божјата ризница. Наместо да купувате непотребни и безначајни работи вложете барем нешто во небесната банка за кога ќе дојде Господарот да ја примите и платата и каматата. {3С 83.1}

Дали размислувавте на кој начин би можеле најдобро да го прославите својот Откупител на Земјата? О, не! Вие наоѓавте задоволство само во тоа да си угодите себеси и да примате пофалби од другите, додека настојувањето да стекнете Божјо одобрување не беше бреме на вашиот живот. Чистата и беспрекорна вера, со нејзините цврсти начела, би се покажала и за вас како сигурна котва на душата. За да одговорите на големите цели на животот, морате да се чувате од примерот на оние кои бараат само

задоволство и уживање и кои го немаат пред очите Божјиот страв. Бог ви пружа изобилство на Свои ветувања. Ако, прифаќајќи ги условите поставени во Неговата реч, се одвоите од светот, Тој ќе ви подари сила да се спротивставите на секое понижувачко влијание и да го развиете во себе само она што е благородно, добро и возвишено. Христос во вас ќе биде „извор на вода која тече во вечен живот". Волјата, разумот и сите наши чувства, кога се под контрола на верата имаат сила која преобразува. {3C 83.2}

„Ако јадете, ако пиете, или што друго и да правите, сè правете на слава на Бога". Според ова начело треба да се раководиме во секоја своја постапка, во секоја мисла и побуда. Посветувањето на целокупното битие треба да биде под контрола на Светиот Дух. Непосветената волја и страсти мораат да бидат распнати. Тоа можеби ви изгледа како многу тешка задача, но морате да ја извршите за да не ги слушнете на крајот од Христовите усни оние страшни зборови: „Бегајте од Мене". Сè можете да направите преку Христа, Кој ви дава моќ. Вие сте во години кога волјата, апетитот и страстите кои Бог ги засадил во вашата душа за повисоки и свети намери, најгласно бараат да им се попушта. Но затоа не морате со злоупотреба да ги претворате во свое проклетство. Тие неизбежно ќе станат тоа само ако не ги држите под контрола на разумот и совест. Ограничувањето и откажувањето се зборови и постапки во кои вие сè уште немате животно искуство. Искушенијата ве занесуваат. Оние кои се со непосветени срца пропуштаат да ја прифатат силата и помошта која Бог им ја пружа. Тие немаат мир и постојано копнеат по нешто што е ново, што задоволува и пријатно го возбудува умот и тоа го нарекуваат уживање. Сатаната има примамливи работи со кои знае да ја заинтересира и пробуди фантазијата на младите, за да ги улови во својата стапица. Вие ја градите зградата на својот карактер на песок и треба најсесрдно да повикате во молитва: „О, Господе, промени ги најскриените побуди на мојата душа!" Вие сте во состојба да влијаете на останатите млади во црквата и на добро и на зло. {3C 84.1}

Бог на мирот нека ја посвети во потполност вашата душа, тело и дух. {3C 84.2}

9. ДЕЛОТО ВО БАТЛ КРИК

Во визијата која ми беше дадена на 10. декември 1871. година во Бордовил, држава Вермонт, ми беше покажано дека мојот сопруг се наоѓа во многу тешка положба. Покрај напорната работа, на него беше и товарот на грижи и одговорности за делото. Неговите соработници во проповедништвото немаа такви обврски и не знаеја да ги ценат неговите напори. Тој постојан притисок премногу ги исцрпуваше неговите умни и физички сили. Покажано ми е дека Божјиот народ кон него се однесува, во извесна смисла, слично како што Израелците се однесувале кон Мојсеј. Како што тие во секоја тешкотија која би се појавила мрмореле против Мојсеј, така денешните незадоволници мрморат против мојот сопруг. {3C 85.1}

Во редовите на почитувачите на саботата немаше ниту еден кој работеше така како што работеше мојот сопруг. Не огледајќи се на своите лични интереси и жртвувајќи ја радоста на својот семеен живот, тој во потполност се посвети на подигање на Божјото дело. Во својата предаденост на делото, често го доведуваше во опасност своето здравје, па дури и самиот живот. Под постојан притисок на грижи и одговорности за делото, тој често немаше време за проучување, размислување и молитва. Бог не бараше од него, дури ниту поради интерес и напредок на издавачката дејност во Батл

Крик, толку да се оптоварува уште и со таа работа. Постојат и други исто така значајни гранки на делото, кои беа занемарени затоа што тој толку се посвети на ова. Бог и нему и мене ни даде сведоштва кои допрва треба да дојдат до срцата на слушателите. Тој отвори пред мене многу канали на светлина, не само за моја корист, туку и за корист на Неговиот народ во целина. Тој исто така на мојот сопруг му даде голема светлина во поглед на многуте библиски предмети, не само за него, туку и за другите. Покажано ми е дека за тоа треба и да се пишува и да се зборува и дека новите зраци на светлината ќе продолжат да блескаат од Божјата реч. {3С 85.2}

Покажано ми е дека би постигнале десет пати повеќе во подигањето на Божјото дело кога би работеле според потребите на делото во разни места и под специфични околности, отколку ако би останале во Батл Крик. Нашите дарови се исто толку потребни на делото и во пишувањето и во проповедањето. Бидејќи беше толку оптоварен од цела низа на грижи и финансиски прашања, мојот сопруг не беше во можност и како говорник да биде толку делотворен како што би можел да биде. И повеќе се изложуваше на нападите на непријателот, бидејќи беше на таква положба на постојан притисок; а луѓето - како во времето на старозаветниот Израел - се во постојано искушение да се бунат и мрморат против оној кој се наоѓа на најодговорна положба во Божјото дело. {3С 85.3}

Наоѓајќи се така под бремето кое никој друг не би се осмелил да го прими на себе, мојот сопруг понекогаш, притиснат од мноштво грижи, говореше преостро и без доволна внимателност. Понекогаш и ги осудуваше своите соработници поради нивната немарност во работата; а кога се правени грешки кои би можеле да се избегнат го сметаше своето негодување потполно оправдано. Таквото негово држење секогаш не даваше најдобри резултати. Поради тоа укорените понекогаш пропуштаа да го направат токму она што требаше да се направи, бидејќи стравуваа да не згрешат и да не бидат повторно обвинети, Поради сето тоа товарот на одговорност сè повеќе паѓаше на мојот сопруг. {3С 86.1}

За него ќе беше подобро повеќе да се повлекуваше од редакцијата, препуштајќи ги тие работи на другите. И доколку тие, по трпеливата и добра проверка, би се покажале како несоодветни и неоспособени за таа работа, тогаш треба да се отстранат и да се пуштат да се занимаваат со работи во кои нивната невнимателност и нивните пропусти ќе ги погодуваат нивните лични интереси, а не Божјото дело. {3С 86.2}

Имаше и такви кои заземаа истакнати положби во издавачката дејност а кои беа, најблаго кажано, потполно неверни. И ако оние кои им беа претпоставени будно ја следеа нивната работа, не дозволувајќи си себеси сензибилноста да ги заслепи и просто парализира, тие луѓе многу порано би биле отстранети од Божјото дело. {3С 86.3}

Кога мојот сопруг се опорави од својата долга и тешка болест, тој повторно се прифати за работата која тие неверни луѓе ја оставија во краен неред и материјални тешкотии. Тој ги употреби сите свои сили на својот ум и тело за да го подигне угледот на делото и за да ја ослободи редакцијата од срамната несреденост во која ја оставија луѓето на кои личниот интерес им беше на прво место и кои не чувствуваа дека учествуваат во едно свето дело. Божјата рака е испружена да им суди на тие нечесни луѓе. Нивното однесување и последици кои произлегоа од тоа треба да бидат сериозна опомена на другите да не прават така. {3С 86.4}

Искуството кое мојот сопруг го доживеа во текот на својата болест беше многу несреќно за него. Тој се залагаше за интересите на Божјото дело толку сесрдно како никој друг. Се изложуваше на опасност прифаќајќи ја секоја положба на која го доведе Провидението, без оглед дали тоа ќе му донесе осуда или пофалби. Во борбата често беше осамен. И покрај физичките и духовните страдања кои го следеа за сето тоа време, не се огледаше на сопствените интереси, додека оние кои беа од Бога одредени да го поддржуваат, го напуштаа кога нивната помош му беше најпотребна. Не само што беше оставен сам да се бори и напрега, без нивна помош и соучество, туку често беше изложен на нивното спротивставување и мрморење - мрморење против оној кој за Божјото дело направи десет пати повеќе од било кој од нив. Сето тоа имаше свои последици. Тоа го наведе човекот кој никогаш не беше скептик туку полн со доверба, да ја изгуби довербата во своите браќа. Оние кои учествуваа во сето ова во голема мера ќе бидат одговорни за последиците. Доколку сесрдно и совесно Му служеа на Бога, Тој немаше да ги напушти. {3С 87.1}

Покажано ми е дека мојот сопруг им пружи на своите браќа неоспорни докази за својата верност и приврзаност кон Божјото дело. Бидејќи помина многу години од својот живот во откажување и во постојан труд за да ја постави издавачката дејност на сигурен темел, тој, во корист на Божјото дело, се откажа од она што му припаѓаше нему и што можеше да го задржи и од тоа да прима добивка. Со таа своја постапка им докажа дека му е многу повеќе грижа за напредокот на Божјото дело отколку за сопствената корист. {3С 87.2}

Кога мојот сопруг се разболе, многумина се однесуваа кон него исто така бесчувствително како што фарисеите се однесуваа кон унесреќените и угнетените. Фарисеите им зборуваа на таквите страдалници дека страдањата кои ги снаоѓаат се последица на нивните гревови и дека се наоѓаат под Божја осуда. На тој начин тие уште повеќе го зголемуваа товарот на овие несреќници. Кога мојот сопруг подлегна под товарот на своите грижи имаше и такви кои без милост го осудуваа. {3С 88.1}

Кога почна да закрепнува и во својата слабост и оскудица по малку да работи, тој од раководечките луѓе во редакцијата побара попуст од 40% за порачка на книги во вредност од 100 долари. Беше подготвен да плати шеесет долари за книги иако знаеше дека издавачката куќа тоа не ја чинеше повеќе од педесет долари. Тој исклучителен попуст го побара со оглед на својата минатата работа и на жртвите кои ги поднесе во корист на издавачкиот отсек, но и таа мала благонаклоност му беше ускратена. Ладнокрвно му беше соопштено дека може да добие попуст од само 25 проценти. Нему ова многу тешко му падна, но сепак тоа се обиде да го поднесе на христијански начин. Бог ја виде од небото таа неправедна одлука и оттогаш ја презема работата во Свои раце, враќајќи го ускратениот благослов, како што тоа своевремено го направил и со праведниот Јов. Од моментот на таа немилосрдна одлука, Бог работеше за својот верен слуга, враќајќи му го здравјето на телото, силата и бистрината на умот и слобода на духот во подобра состојба отколку што беше пред неговата болест. Од тој период мојот сопруг имаше задоволство со свои раце бесплатно да ги дава книгите кои сами ги издававме во вредност од илјада долари. Бог нема потполно и засекогаш да ги напушти оние кои Му беа верни, дури и ако тие некогаш згрешат. {3С 88.2}

Мојот сопруг ревнуваше за Бога и за вистината, и таа ревност понекогаш го наведуваше со прекумерната работа да го загрози своето физичко и умствено здравје. Меѓутоа, Господ тоа не го смета како толку голем грев како што се немарноста и

несовесноста на Неговите слуги во осуда и жигосување на злото. Оние кои ги пофалуваат неверниците и им ласкаат на непосветените и самите учествуваат во нивните гревови на занемареност и неверност. {3C 88.3}

Бог го избра мојот сопруг и му даде посебни квалификации, природни способности и искуство за да го води Неговиот народ во ова дело кое треба да напредува. Но меѓу адвентистите на седмиот ден како и меѓу Израелците во старо време има и такви кои мрморат и тие завидливци и злобници со своите сугестии и навестувања им дадоа прилика на непријателите на нашата вера да ја доведат во сомнеж чесноста на мојот сопруг. Тие завидливци од редовите на нашата црква го изнесоа сето тоа во лажна светлина и пред неверниците и беше создаден погрешен впечаток кај многумина кои ја прифатија вистината. Тие сега во мојот сопруг гледаат себичен и алчен човек, плашејќи се и од него и од вистината која како народ ја исповедаме. {3C 89.1}

Кога Израелците во Стариот Завет биле ограничувани во поглед на апетитот, или кога им било поставувано било кое построго барање, тие сметале дека е тоа Мојсеево самоволие и дека на тој начин тој сака да владее над нив како апсолутен господар, додека тој само бил орудие во Божјите раце, за да го доведе народот во потчинетост и послушност на Божјиот глас. {3C 89.2}

Современиот Израел исто така мрмори и му завидува на мојот сопруг затоа што ги брани интересите на Божјото дело. Тој не престанува да ја поттикнува дарежливоста, ги укорува оние кои го љубат овој свет, ја осудува себичноста, бара прилози за Божјото дело. За да ја поттикне дарежливоста кај своите браќа, самиот предводеше во дарежливото приложување. Меѓутоа, многумина завидливци дури и тоа го толкуваат како негова желба лично да ги користи парите на своите браќа и да се богати на сметка на Божјото дело, додека всушност Бог ги довери средствата во негови раце за да го издигне од немаштијата и да не зависи од милоста на променливите и завидливи луѓе кои не престануваат да мрморат. Затоа што не ги следевме себично само сопствените интереси, туку се грижевме за вдовиците и сирачињата, Бог, во Своето провидение, работеше во наша корист и нè благослови со напредок и изобилство во сè. {3C 89.3}

Мојсеј ги жртвувал царството, најголемите почести на светот и раскошот на царскиот дворец; повеќе сакал да страда со Божјиот народ отколку да ужива во минливите сласти на гревот, бидејќи срамот поради Христа го сметал за поголемо богатство од сето египетско богатство. Ако сакавме удобен и лесен живот, слободен од напори и грижи, можевме тоа да го имаме. Но тоа не беше нашиот избор. Одлучивме активно да учествуваме во Божјото дело; избравме патувачки живот со сите негови тешкотии, лишувања и опасности, а не опуштен живот. Не живеевме поради себе самите, за да си угодиме себеси, туку се трудевме да живееме на слава на Бога и да му угодуваме само Нему. Не ни беше животна цел со работата да создадеме имот, но Бог го исполни Своето ветување давајќи ни стопати повеќе уште во овој живот. Тој може тоа и да ни го одземе, за да нè испита. Ако биде така, ние се молиме за потчинетост за понизно да го понесеме тој тест. {3C 89.4}

Парите, материјалните добра и влијанието кое Бог ни ги довери како свои таленти, ние настојуваме да ги вложиме во Неговото дело, за да можеме - доколку огнот го проголта тоа наше богатство или несреќа го намали - да имаме задоволство во сознанието дека барем нешто од тоа се наоѓа таму каде што огнот не може да проголта ниту било каква несреќа да намали. Божјото дело е банка која никогаш не може да

пропадне и вложувањето на нашето време, нашите напори, интереси и финансиски средства во таа банка претставува богатство на небото кое не пропаѓа. {3C 90.1}

Покажано ми е дека мојот сопруг има тројно повеќе грижа отколку што требаше да има. Неподготвеноста на браќата Р и С да му помогнат во носење на неговите одговорности за него беше тешка проба, а посебно го болеше што не сакаа да помогнат во деловните прашања во врска со Здравствениот Институт и Издавачкото Здружение. Откако овие неверници беа отстранети од издавачкото дело, работата во таа гранка постојано напредуваше. И бидејќи делото се развиваше, беа потребни луѓе кои се подготвени да ги прифатат одговорностите. Но оние кои можеа тоа да го направат не сакаа, затоа што тука не би можеле да заработат како во некои доходовни работи. {3C 90.2}

Во нашата редакција недостига талент каков што се бара на тоа место. Таа работа бара најодбрани и исклучителни личности. Според постоечката состојба во самата редакција и расположливите можности, мојот сопруг мора и натаму да ги поднесува товарите кои не би требало да ги носи. Тој под тој товар издржа толку долго само со чудото на Божјата милост. Меѓутоа, има многу нешта што сега треба да се земат во оглед. Со своето истрајно залагање и со својата верност кон делото тој покажа што сè може да се направи во издавачката дејност. Успешно да ги извршуваат работите во редакцијата можат само луѓе со несебична верност кон делото и со посветено расудување. Мојот сопруг толку долго и сам ги носеше овие товари, така што тоа страшно се одрази на неговите сили и неопходна му е промена. Тој би морал во голема мера да се ослободи од ваквите грижи, но тој сепак може да продолжи да соработува во Божјото дело и со зборови и со перо. {3C 90.3}

Кога есента во 1870. година се вративме од Канзас двајцата бевме толку исцрпени што ни беа потребни неколку седмици одмор за да ги повратиме своите исцрпени сили. Но кога толку значајната гранка на делото во Батл Крик ја затекнавме речиси сосем напуштена, се чувствувавме принудени да работиме со двојно поголема енергија и работевме преку своите сили. Покажано ми е дека мојот сопруг овде не треба да остане подолго освен ако не се најдат луѓе кои се свесни за реалните потреби на делото и подготвени да го носат товарот на одговорност, додека тој би им бил само советник. Тој мора да се ослободи од овој товар, бидејќи Бог има за него значајна задача: да пишува и да ја проповеда вистината. Нашето влијание на ширењето на полето на дејноста ќе придонесе многу повеќе за напредок на делото. Мислите на многумина се оптоварени со предрасуди. Со лажни тврдења ние сме прикажани пред народот во погрешна светлина и тоа за многумина е препрека да ја прифатат вистината. Ако тие навистина поверуваат дека во Батл Крик на одговорни положби се наоѓаат интриганти и фанатици, тие констатираат дека делото како целина е во заблуда и дека нашите погледи за библиската вистина мораат да бидат погрешни и се плашат од било какво истражување и прифаќање на вистината. Но не е наше луѓето да ги повикуваме да гледаат на нас, и ние воопшто не треба да зборуваме за себе ниту да го оправдуваме својот карактер, туку треба да зборуваме само за вистината, издигнувајќи ја вистината, да зборуваме за Христа, издигнувајќи го Христа; и тоа - проследено со Божја сила - ќе ги отстрани предрасудите и ќе ги разоружи противниците. {3C 91.1}

Браќата Р и С сакаат да пишуваат; тоа е случај и со мојот сопруг. Затоа Бог, со светлината која блеска од Неговата реч го доведе во област на плодно размислување за да биде на благослов на Неговиот народ како целина. Додека го носеше тројното

бреме на одговорност, некои од неговите соработници во службата дозволија да се скрши под тој товар, тешејќи се со мислата дека сам Бог го поставил мојот сопруг на чело на делото и го оквалификувал за тоа; додека нив наводно не ги оспособил за таа положба. Затоа не ги прифатија одговорностите и товарите кои можеа да ги понесат. {3C 91.2}

На делото му се потребни луѓе кои за него ќе чувствуваат ист таков интерес каков што чувствува мојот сопруг. Во историјата на адвентистите на седмиот ден немаше позначаен период од сегашниов. Издавачката дејност не треба да се намали туку да се зголеми, бидејќи побарувачката за нашите публикации е сè поголема. Против мојот сопруг толку се мрмореше и тој толку долго беше обвинуван и околу себе виде толку малку искреност во луѓето, така што и самиот почна да се сомнева во секого, па дури и во своите браќа во проповедништвото. Тие го чувствуваа тоа, но стравувајќи да не постапат немудро, во многу случаи не преземаа ништо. Но дојде време кога тие луѓе мораат заеднички да се фатат за работа за да ги понесат товарите. На тие проповедници им недостига вера и доверба во Бога. Тие веруваат во вистината и затоа би требало во Божји страв да ги обединат своите напори и да го прифатат товарот на одговорност за делото кое Бог им го доверил. {3C 92.1}

Кога еден од нашите браќа ќе направи сè што според свое мислење можел да направи, а други мислат дека тоа можело да се направи и подобро, тој треба трпеливо и љубезно на братот да му ја понуди услугата на своето расудување, а не да го осудува ниту да ја доведува во прашање искреноста на неговите намери, како што ниту самиот не би сакал некој да се сомнева во него или неоправдано да го укорува. Ако братот на кој Божјото дело му е во срцето увиди дека во своите најсердни напори направил и некоја грешка, тој ќе страда длабоко поради тоа и ќе биде склон да губи доверба во себеси и во своето расудување. На неговата од Бога дадена мажевност ништо нема да делува толку поразително и обесхрабрувачки како свеста дека правел грешки во делото кое Бог му го наменил и кое му е подраго од животот. Колку затоа е неправедно кога оние кои ги разоткриле неговите грешки уште подлабоко ги забодуваат тие трња во неговото срце за уште повеќе да го боли! Со секој таков убод тие ја слабеат неговата вера и храброст, поттикнувајќи во него осведочување дека никогаш веќе нема да може успешно да соработува во Божјото дело. {3C 92.2}

Често на оној кој згрешил вистината и фактите за тоа мораат јасно да му се предочат за да ја увиди својата заблуда и да се поправи. Но тоа секогаш треба да се прави со сочувство и со жалење, а не бесчувствително и строго, имајќи ги на ум сопствените слабости, за и самите да не бидеме искушани. Кога оној кој згрешил ќе ја увиди и признае својата заблуда, тогаш, наместо да го жалостиме и уште повеќе да ги продлабочуваме неговите рани, треба да го тешиме. Во Својата беседа на гората, Христос вели: „Не судете за да не ви се суди; зашто каков суд искажувате, таков и вам ќе ви се искаже; и со каква мера мерите, со таква ќе ви се мери”. На оние кои остро ги осудуваат другите, Спасителот им го упатил прекорот: „Зашто ја гледаш раската во окото на братот свој, а гредата во своето око не ја гледаш?” Често е случај оној кој брзо ги воочува грешките на своите браќа, сам греши многу повеќе, но тоа не го гледа. {3C 93.1}

Како Христови следбеници, треба да постапуваме едни со други токму онака како што би сакале Господ да постапува со нас во нашите грешки и слабости, бидејќи сите сме грешни и потребна ни е Неговата сомилост и простување. Христос земал на себе човечка природа за да сфати како треба да сочувствува со нас и пред Таткото да се залага

за грешните и заблудени смртници. Тој доброволно прифатил да биде наш Застапник и се понизил за да ги запознае искушенијата кои нас нè снаоѓаат, за да може да им помогне на оние кои се искушуваат и да биде нежен и верен Првосвештеник. {3С 93.2}

Често е навистина неопходно да се разобличи заблудата и гревот отворено да се осуди. Но проповедниците кои работат на спасување на своите ближни не би требало да бидат толку немилосрдни во однос на грешките на своите соработници ниту да ги истакнуваат недостатоците во нивната концепција на работа, изнесувајќи го тоа пред јавноста и така осудувајќи ги нивните слабости. Тие треба да се запрашаат дали таквата постапка, кога би се применила на нив, би го вродила саканиот плод и би ја зајакнала нивната љубов и доверба во оние кои ги истакнуваат нивните грешки. Особено грешките на проповедниците кои се залагаат за Божјото дело би требало да се задржат во што потесен круг, бидејќи многумина кои се слаби, дознавајќи дека и проповедниците имаат исти слабости како и сите други луѓе, тоа би го користеле како изговор за своите слабости. Уште пострашно е да се изнесуваат недостатоците на проповедниците пред неверните, ако се смета дека тој проповедник би можел и понатаму да работи на спасување на душите. Од таквата постапка не може да произлезе никакво добро, туку само штета. Господ не ги одобрува ваквите постапки, бидејќи на тој начин се поткопува довербата на народот во оние кои Тој ги прифаќа како соработници во Своето дело. Проповедниците треба љубоморно да го чуваат карактерот на секој свој соработник. „Не ги допирајте Моите помазаници”, вели Господ „и на Моите пророци не им правете зло”. Треба да се развива љубов и меѓусебна доверба. Проповедникот кој во недостаток на вистинска љубов и доверба во некој од своите соработници, со тоа не само што не придонесува за среќата на осомничениот, туку правејќи го несреќен својот брат, се унесреќува и самиот себеси. Во љубовта се наоѓа многу поголема моќ отколку што некогаш може да се најде во осудувањето. Љубовта ќе си расчисти себеси пат низ сите препреки, додека осудата и критиката ги затвораат сите приоди на душата. {3С 93.3}

Неопходни се промени во работата и обврските на мојот сопруг. За издавачката куќа недостатокот на неговото долгогодишно искуство можеби би претставувало загуба, но никакви материјални загуби не можат да се споредат со загубата на здравјето и животот на еден Божји слуга. Приливот на парични средства можеби нема да биде толку голем во недостатокот на домаќинско штедење; но ако мојот сопруг би морал повторно да подлегне под тој товар, тоа би ги деморализирало неговите браќа и би ги ослабнало неговите раце. Вредноста на финансиските средства никогаш не може да се спореди со ова. {3С 94.1}

Има уште многу нешта што треба да се направат. На полето на мисионството потребни се мисионери, кои ако притреба, ќе бидат подготвени да појдат во други земји и да им ја однесат сегашната вистина и на оние кои седат во темнина. Но меѓу младите има малку такви кои се склони во потполност да му се посветат на Бога и да ги стават своите таленти во Негова служба. Тие премногу бегаат од одговорности и одбегнуваат преземање на товар. Тие не стекнуваат толку неопходни искуства во преземањето на товар и запознавањето на Светите Списи, што би ги оспособило за работите кои Бог ги очекува од нивните раце. Должност на сите е да разгледаат што сè можат да направат за Учителот Кој умрел за нив. Меѓутоа, многумина гледаат да направат што помалку, а притоа негуваат некаква надеж дека на крајот сепак ќе одат на небо. Им се пружа предност со учествување во спасување на душите да имаат ѕвезди на своите круни. Но, насекаде преовладува немарност и духовна мрзливост! Во срцата на многумина

најмногу место заземаат себичноста и суетата, затоа останува толку малку место за она што е небесно. {3C 94.2}

Во молитвата која Христос им ја препорачал на Своите ученици се наоѓа и барањето: „Прости ни ги нашите долгови како што и ние им ги простуваме на нашите должници!" Ние не ја изговараме оваа молитва искрено, ако не сме подготвени да простиме, бидејќи бараме од Господа да ни ги прости нашите престапи исто онака како што и ние им простуваме на оние кои нешто ни должат. Меѓутоа, малку се оние кои го сфаќаат вистинското значење на овие молитви. Кога оние кои не простуваат би ја сфатиле сета длабочина на значењето на овие зборови, не би се осмелиле да ги повторуваат во своите молитви, барајќи од Бога со нив да се постапува токму онака како што смртниците постапуваат со своите ближни. Па сепак овој дух на закоравеност и непростување постои меѓу браќата во страшна мера. Во меѓусебното истерување на правда, браќата често бескрајно се истоштуваат со претерани барања. {3C 95.1}

Посебни проби

Положбата која мојот сопруг толку долго ја заземаше во Божјото дело беше за него едно посебна проба. Со својата способност да се прилагоди на работите и остроумно однапред да предвидува, ги наведе своите соработници на него да ги префрлат сите одговорности кои беа должни самите да ги преземат. Тоа го направи неговиот товар уште поголем. А нив токму тоа што не учествуваа во носењето на товар ги лиши од драгоценото искуство кое можеа да го стекнат ако ги увежбаа своите умни способности со планирање и грижа што мора да се преземе за напредок на делото. {3C 95.2}

Браќата проповедници го изложија мојот сопруг на тешки проби со тоа што не беа покрај него тогаш кога нивната помош му беше најпотребна. Разочарувањето кое го доживеа повеќе пати поради тоа што оние од кои зависел не му притекнаа во помош во времето на најголемите потреби, ја уништи во него речиси секоја надеж и доверба во постојаноста на своите соработници. Тоа толку ја рануваше неговата душа, така што оправдано се чувствуваше тажен и си дозволи себеси во мислите постојано да се задржува на својата обесхрабреност. Бог сака овој продор на темнината да сопре, бидејќи му се заканува опасност поради тоа да доживее бродолом. Кога во душата е толку скршен, природно е во мислите да се враќа во минатото и задржувајќи се постојано на страдањата кои ги доживеа, тој сè повеќе се оптоварува со незадоволство, бидејќи не може да се помири со тоа што Бог дозволи без потреба да биде изложен на непотребни неволји (проби). {3C 96.1}

Со тоа што својот пат не му го довери во потполност на Бога, предавајќи се во Неговите раце и не дозволувајќи да го совладаат сомнежи и недоверба во исправноста на своите браќа, тој го жалостеше Светиот Дух. Давајќи израз на своите сомневања и обесхрабреност, тој не го отстрани злото, туку само му даде прилика на сатаната да го мачи и да го доведе до очај. Говорејќи за својата обесхрабреност и постојано задржувајќи се на непријатните доживувања од своето минато, тој грешеше. Задржувајќи се на тоа, тој околу себе шири темнина, а не светлина. Со тоа многу ги обесхрабри и своите браќа, што нему не му помогна ниту малку, туку само уште повеќе ги слабееше неговите раце. Требаше да земе за правило дека за своите сомневања и обесхрабреност воопшто не треба да зборува ниту да размислува за својата болка.

Знаејќи колку е посветен на Божјото дело и колку грижи го притискаат поради тоа, многумина од браќата искрено го сакаа и сожалуваа, извинувајќи му се. {3C 96.2}

Мојот сопруг неуморно се залагаше за нашата издавачка дејност да ја издигне на нивото на кое сега се наоѓа. Покажано ми е дека кај народот имаше симпатии и љубов кон него повеќе од што тој мислеше дека има. Многумина ревно ги прелистуваат списанијата за да најдат некоја негова статија. Ведрите и охрабрувачки тонови во неговите записи многумина ги читаат со олеснување во душата, а некои дури и плачат од нескриена радост. Меѓутоа, кога неговите реченици зрачат со исцрпеност и тага, уште поголема тага и дух на нерасположение се одразува на лицето на браќата и сестрите додека тоа го читаат во списанието во која статијата е напишана. {3C 96.3}

Господ сака мојот сопруг да се научи на простување и на заборав на тие мрачни поглавја од својот живот. Сеќавањето на неволјите од минатото само внесува нерасположение и тага во сегашноста и тој повторно ги преживува тие немили настани од своето минато. Правејќи така, тој само уште повеќе тоне во темнина и тие трња само уште подлабоко се забодуваат во неговата душа. Тоа е слабоста на мојот сопруг и на Бога тоа не му е по волја. Тоа внесува темнина, а не светлина. Со манифестирање на своите чувства на ваков начин тој можеби ќе почувствува извесно привремено олеснување; но тоа ја прави горчливата претстава за тежината на страдањата кои ги поднел уште подрастична во неговата фантазија; и затоа грешките на своите браќа кои секако придонесоа за овие негови страдања ги гледа толку големи и болни така што тоа му се чини неиздржливо. {3C 97.1}

Мојот сопруг толку долго живееше во таа темнина и толку долго се задржуваше во мислите на своето несреќно минато, така што тој едвај може да владее со себе кога тоа ќе му дојде на ум. Околностите и настаните кои некогаш не ни би ги забележал, сега во неговите очи прераснуваат во тешки и болни неправди од страна на неговите браќа. Тој стана толку чувствителен на неправдите на кои беше изложен, така што треба што помалку да се задржува во околината на Батл Крик, каде што доживеа толку непријатности. Бог ќе ја излекува ранетата душа на мојот сопруг, ако овој тоа му го дозволи. Но за да се оствари тоа, тој мора да го погреба минатото. Тој за тоа веќе не треба ниту да зборува, ниту да пишува. {3C 97.2}

На Бога навистина не му е по волја што мојот сопруг ги прераскажува своите тешкотии и своите посебни неприлики од минатото. Ако на сето тоа гледаше како тоа воопшто да не му е направено нему туку на Господа, чие орудие е, би можел да очекува голема награда. Но тој го доживеа тоа мрморење на своите браќа како да е насочено против него самиот и се чувствуваше повикан на сите да им објасни колку е грешен и неоправдан таквиот став кон него, бидејќи сметаше дека таквата осуда и навреди со ништо не ги заслужи. {3C 97.3}

Ако мојот сопруг сфатеше дека сето ова треба да му го препушти на Господа и дека сите нивни мрморења и запоставувања се насочени против Господарот, а не против Неговиот слуга, тој не би се чувствувал толку погоден, ниту тоа толку би го болело. Требаше да му се препушти на Господа, чиј слуга е, Тој да се бори за него и да го оправда Своето дело. Тогаш би можел да смета на драгоцена награда на крајот за сите свои страдања поднесени поради Христа. Покажано ми е дека мојот сопруг не треба да се задржува на болните факти од нашето минато, ниту да пишува било што за тоа, туку да се држи подалеку од тоа. Ако тој го одврати своето внимание од сето тоа, Господ ќе ги

залечи раните од минатото. „Зашто нашата сегашна грижа ни донесува вечна и од сè попрестижна слава, нам кои не гледаме на она што се гледа, туку на она што не се гледа; зашто ова што се гледа е само привремено, а она што не се гледа останува засекогаш". Кога браќата кои го малтретираа ќе го признаат тоа и ќе побараат прошка, тој треба да го прифати тоа и благородно и великодушно да ги охрабри оние кои беа измамени од непријателот. Тој треба да негува дух на простување, не задржувајќи се на грешките и заблудите на другите, бидејќи со непростување тој ја слабее не само сопствената душа, туку им задава болка и на своите соработници кои грешеа, но со своето признание прават сè што можат за да го исправат она што не беше добро во минатото. Ако Бог најде за потребно да им предочи нешто од нивното минато за да сфатат како да ги одбегнуваат таквите грешки во иднина, тој ќе го направи тоа; но тоа никако не треба го презема на себе мојот сопруг, бидејќи тоа во неговата свест ги оживува страдањата од минатото кое – во склад со Божјата волја - треба да го заборави. {3C 98.2}

10. ПАРАБОЛИ ЗА ЗАГУБЕНОТО

Загубената овца

Укажано ми е на параболата за загубената овца. Пастирот во оваа приказна ги остава деведесет и деветте овци во пустината и тргнува во потрага по едната која се загубила. Кога загубената овца повторно е пронајдена, пастирот ја подига на своите рамена и се враќа со радост. Тој не се враќа мрморејќи и осудувајќи го тоа јадно суштество кое му задало толку грижи, туку својата загубена и повторно најдена овца ја носи со радост. {3C 99.1}

На својата среќа поради постигнатиот успех тој ѝ дава уште поголеми изливи на радост, повикувајќи ги и пријателите и соседите да му се придружат во тоа, бидејќи „ја најдов својата изгубена овца". Она за што сега зборува не е скитањето на овцата, туку радоста поради нејзиното враќање; бидејќи радоста што овцата е пронајдена ги фрла во сенки сите грижи, стравувања и опасности на кои се изложил пастирот барајќи ја загубената овца и враќајќи ја на сигурно место. „Ви велам дека на небото ќе биде поголема радост за еден грешник кој се кае, отколку за деведесет и девет праведници на кои не им треба покајание". {3C 99.2}

Загубениот денар

Загубениот денар го претставува заблудениот грешник кој сè уште талка. Грижливоста која ја манифестира жената во параболата за да го пронајде загубениот денар содржи поука за Христовите следбеници во поглед на нивните должности кон заблудените кои застрануваат од вистинскиот пат. Жената пали свеќа за да го осветли секој агол, потоа со метла ја чисти целата куќа и внимателно пребарува додека не го пронајде загубеното. {3C 99.3}

Овде е јасно одредена должноста на христијанинот кон оние на кои помошта им е неопходна, бидејќи се оддалечуваат од Бога. Оние кои застраниле не треба да се остават во темнината на заблудата, туку треба да направат сè што можат за тие

повторно да се вратат на патот на светлината. Светилката на Божјата реч е запалена; и христијаните со најсердна молитва за небесно просветлување треба да ја проучуваат Божјата реч за да бидат оспособени со нејзините аргументи, укори, закани и охрабрувања да допрат до срцата на заблудените, растерувајќи ја темнината на заблудите и неверството која ги опкружува. Рамнодушноста и немарноста го предизвикуваат Божјото негодување. {3С 99.4}

Пронаоѓајќи го загубениот денар, жената ги повикува сите свои „другарки и соседи велејќи: „Радувајте се со мене; јас го најдов загубениот денар". „Така ви велам," нагласува Христос, „настанува радост пред Божјите ангели за еден грешник кој се кае". Кога Божјите ангели толку се радуваат на враќањето на заблудените кои ги увидуваат и признаваат своите гревови, враќајќи се во членството на црквата, колку повеќе Христовите следбеници, кои и сами прават грешки и на кои секој ден им е потребно простување и од Бога и од нивните браќа, треба да се радуваат на враќањето на секој поединец кој, заведен со сатанските лукавства, бил на погрешен пат и толку страдал поради тоа! {3С 100.1}

Наместо да се држат што подалеку од заблудените, нивните браќа треба да ги побараат и да се состануваат со нив. Наместо да ги осудуваат поради грешките кои ги држат во темнината на заблудата, тие со молитва за божествена благодат и појасно разбирање на Светите Списи треба да ги запалат сопствените светилки за да можат да ја растераат темнината која ги опкружува заблудените. И кога ќе успеат оние кои застраниле да ја увидат својата заблуда и да ја прифатат понудената светлина, треба да ги прифатат со радост, а не во дух на префрлање и настојување да им се укаже на сета тежина на нивната грешност која предизвикала толкава болка, загриженост и мачни напори тие да се вратат. Кога ангелите кои никогаш не згрешиле толку се радуваат на враќањето на заблудените, колку тогаш треба на тоа да се радуваат нивните браќа кои и самите толку пати почувствувале потреба за сочувство, љубов и внимание кога талкале во темнината, не знаејќи како да си помогнат себеси! {3С 100.2}

Загубениот син

Свртено ми е вниманието и на параболата за загубениот син кој барал од таткото да му го предаде неговиот дел од имотот, сметајќи дека тоа му припаѓа. Сакал да се одвои од својот татко и да располага со својот дел како што одговара на неговите склоности. Таткото излегол во пресрет на неговото барање и синот во својата себичност се оддалечил од таткото, за да не го вознемирува повеќе со своите совети и укори. {3С 100.3}

Овој син мислел дека трошејќи го сиот имот на лични задоволства, без нечии совети и ограничувања, ќе биде навистина среќен. Не сакал да биде вознемируван со било какви заемни обврски. Ако останал на татковиот имот, таткото, како кон свој син, би полагал право на одредени барања. Меѓутоа, тој не чувствувал никакви обврски кон својот благороден татко и потпора за својот себичен и бунтовен дух наоѓал во тврдењето дека дел од татковиот имот му припаѓа нему. Побарал свој дел во време кога по правило не би можел да полага право на ништо и не требало да има нешто. {3С 101.1}

Кога во својата себичност примил богатство кое не го заслужил, отишол многу далеку од татковата куќа за да може дури и да го заборави својот татко. Презирајќи и отфрлајќи го секое ограничување, одлучил да се оддаде на сите можни уживања кои ќе ги посака. Бидејќи во грешното попуштање на себе потрошил сè што му дал таткото, во таа земја настапила голема глад и тој се нашол во тешка немаштија. Дури тогаш почнува да жали што толку се оддавал на неконтролирани задоволства, бидејќи расипнички трошејќи ги парите, останал без никаде ништо. На крајот бил принуден по толкава разузданост да се понизи до таа мера да храни свињи. {3С 101.2}

Дури кога паднал толку ниско, тој почнал да размислува за добрината и љубовта на својот татко. Тогаш почувствувал дека таткото му е потребен. Сам себеси се довел во вака тешка положба на потполна отфрленост и крајна беда. Сфатил дека од таткото го одвоила само неговата непослушност и грев. Размислувал за предностите и изобилството кое во куќата на неговиот татко го уживаат изнајмените слуги, додека тој овде осамен и отуѓен од татковиот дом умира од глад. Понижен од својата неволја, тој одлучува да се врати кај својот татко и понизно да му ја признае својата вина. Стигнувајќи до просјачки стап, немал дури ниту пристојна облека. До таа мера бил унесреќен од бедата и ослабнел од гладта што било и страшно да се погледа. {3С 101.3}

Додека бил уште далеку од татковиот дом, таткото забележал скитник и прво помислил на својот бунтовно настроен син кој го напуштил пред повеќе години за да се оддаде на расипнички живо со грев. Родителските чувства биле трогнати. Наспроти сите обележја на неговата пониженост, таткото го препознава својот син. Тој не чека синот да му дојде, туку бргу му приоѓа во пресрет. Не го осудува што со својот грешен живот му задал толку болка и страдања, туку брза што побргу да му пружи докази на својата љубов и знаци на своето простување. {3С 101.4}

Иако синот толку ослабнал и неговото бледо лице јасно ја одразува разузданоста на животот кој го водел, иако покриен со просјачки партали додека босите нозе му биле покриени со прав и исушена кал од пешачење, таткото покажува најнежно сожалување додека синот во понизност се фрла пред неговите нозе. Во своето достоинство, таткото не се повлекува од синот, ниту пак бара нешто од него. Тој не му ги набројува неговите гревови од минатото за да му покаже колку ниско паднал. Тој го подига од земјата и го бакнува. Тој го зема својот бунтовен син на градите и со својот скапоцен плашт го покрива неговото речиси голо тело. Го припива до своето срце со толку топлина и сочувство, така што синот, ако некогаш се посомневал во татковата љубов и добрина, тоа веќе не може ниту да го помисли. Иако тежината на својата вина ја сфатил уште тогаш кога одлучил да се врати во татковиот дом, сега, бидејќи бил вака дочекан, тој уште подлабоко ја чувствува одвратноста на патот по кој одел. Неговото срце, кое уште порано се потчинило на влијанието на Божјиот Дух, сега уште повеќе се скршило поради болката која ја задал на татковската љубов. {3С 102.1}

Покајничкиот син кој се плашел од средбата со таткото, мислејќи дека тој нема да сака да му прости, не очекувал ваква средба. Знаејќи дека не заслужува ваков прием, тој го признава својот грев што го напуштил својот татко со зборовите: „Згрешив против небото и тебе и веќе не сум достоен да се наречам твој син”. Сакал да биде примен само како наемник. Но таткото им наредува на слугите, во знак на посебна почит, да го обележат во таква облека како секогаш да бил негов послушен син. {3С 102.2}

Враќањето на својот изгубен син, таткото го претворил во вистинско семејно славење и посебни изливи на радост. Постариот син кој се наоѓал во поле не знаел дека братот му се вратил, но слушајќи го општото манифестирање на радост и восхит ги прашал слугите што значи тоа. Му објасниле дека неговиот брат, кого веќе го сметале мртов, се вратил дома и дека таткото подготвил угоено теле поради него, бидејќи повторно го добил како од мртвите. {3C 102.3}

Тогаш постариот син се разбеснил и не сакал ниту да влезе во домот за да го види и поздрави својот брат. Негодувал што на тој нечесен брат кој го напуштил таткото, а на него како на постар брат му ја префрлил сета тежина на одговорностите кои им биле заедничка должност, сега му укажува толкави почести. Тој син навистина водел неморален живот, растурајќи го имотот кој му го дал таткото сè додека не останал без ништо, додека неговиот постар брат дома верно ги извршувал своите должности како син. А сега тој расипник се враќа во татковиот дом и го дочекува со уважување и почести какви што на постариот син никогаш не му биле укажани. {3C 103.1}

Таткото сесрдно го замолил својот постар син да влезе и со радост да го поздрави својот брат, бидејќи тој бил загубен и се нашол; бил мртов во беззаконие и грев, но повторно оживеал; тој морално се освестил и почувствувал одвратност поради грешноста на својот досегашен живот. „А тој му рече на таткото: Ете толку години ти служам и никогаш не престапив ниту една твоја заповед, па на мене никогаш не ми даде ниту јаре за да се веселам со своите пријатели. А кога дојде овој твој син, кој ти го растури имотот со блудници, ти му закла угоено теле". {3C 103.2}

Тој го уверил својот син дека тој секогаш бил со него и дека сето она што му припаѓало него му припаѓало и нему, и дека тој требало да се радува затоа што „овој твој брат беше мртов и оживеа; и загубен беше и се најде". Фактот дека оној кој бил изгубен, сега е пронајден и оној кој бил мртов во престапот и гревот, сега е меѓу живите, за таткото бил поважен од сè друго. {3C 103.3}

Оваа парабола Христос ја раскажал за да ни покаже како нашиот небесен Татко ги прима грешниците кои се каат. Синот му згрешил на таткото, но таткото полн со сожалување, сомилост и подготвеност на простување, излегува во пресрет на расипникот и покажува голема радост што неговиот син, кого го сметал мртов за секое чувство на сродство, сега ја увидува сета длабочина на својот грев, се враќа кај таткото, ја цени неговата љубов и ги признава неговите барања. Таткото знае дека на тој син, кој тргнал по патот на гревот, а сега се кае, навистина му се потребни неговото сожалување и љубов. Синот многу страдал; и сфаќајќи ја сета тежина на својата беда, се враќа кај таткото како единствен кој може да му помогне во таа голема неволја. {3C 103.4}

Враќањето на загубениот син бил повод за најголема радост. Жалбите на постариот брат биле природни, но не и оправдани. Па сепак браќата во своите меѓусебни односи често постапуваат на сличен начин. Многумина премногу се трудат и се залагаат заблудените да почувствуваат каде и во што згрешиле, и постојано ги потсетуваат на нивните грешки. На оние кои грешеле им е потребно сожалување, треба да им се укаже помош во љубовта и сочувството. Тие страдаат во својата душа и често се потиштени и обесхрабрени. А над сè друго, потребно им е искрено и вистинско простување. {3C 104.1}

11. РАБОТА МЕЃУ ЦРКВИТЕ

Во работата за црквата во Батл Крик во пролетта 1870. година, немаше таква потполна зависност од Бога каква што бара таков значаен потфат. Браќата Р и С не го направиле Бога своја надеж и поддршка, работејќи во Неговата сила и зависејќи од Неговата благодат, како што требало. {3С 104.2}

Брат С е премногу строг кон оние за кои мисли дека во нешто грешат. Тој кон таквите не покажува сочувство и внимателност - особини кои секако би ги барал од другите кога сам би се нашол во слични околности. Тој исто така се наоѓа во голема опасност да донесува погрешен суд за карактерот и склоностите на другите. Да се влијае на карактерот и одлуките на другите е најчувствителна и најделикатна задача која некогаш им е доверена на смртниците. Оние на кои тоа им е задача мораат да имаат способност на јасно поимање и моќ на правилно расудување. Вистинската независност на умот е нешто што потполно се разликува од избувливоста. Дозата на независност која наведува на внимателност, побожност и одмерено мислење во духот на молитва не треба лесно да се отфрли, сè додека доволно силните докази не нè осведочат дека сме на погрешен пат. Таквата независност ќе ги сочува оние кои се наоѓаат на одговорни положби да останат смирени и постојани сред многубројните заблуди кои преовладуваат на сите страни, и ќе ги наведе внимателно да ги разгледаат доказите за сè што некој предлага, а не поведувајќи се по влијанието на другите, да донесуваат заклучоци без вистинско и потполно познавање на сите околности. {3С 104.3}

При испитувањето на поедини случаи во Батл Крик се постапувало како кога адвокатот со вкрстени прашања го испрашува сведокот. Отсуството на Божјиот Дух тука беше неоспорно. Меѓу оние кои учествуваа во тоа имаше само неколку активни и ревни работници. Изнесени се сведоштвата на оние кои беа праведни во сопствените очи и задоволни сами со себе, и по влијанието на таквите се поведуваат браќата Р и С во своето расудување. Тоа придонесе сестрите Т и У да не бидат примени во членството на црквата само поради некои безначајни недостатоци. Ако способноста за расудување на браќата Р и С беше на неопходно ниво, тие би увиделе дека изнесените приговори не се доволна причина за на овие сестри да им се оневозможи пристап во црквата. Тие двете се одамна во верата и правилно ја празнуваат саботата, осумнаесет или дваесет години. {3С 105.1}

Сестра В која ги изнесе овие замерки, би требало да изнесе многу посериозни причини против себе, причини поради кои ниту самата не би можела да биде член на црквата. Дали таа е без грев? Дали нејзините патишта се совршени пред Бога? Дали е совршена во трпението, самооткажувањето, благородноста, долгото поднесување и благоста? Ако е слободна од овие слабости, така распространети кај жените, тогаш може прва да фрли камен. Тие сестри на кои им беше оневозможен пристапот во црквата, беа достојни да најдат свое место во неа; тие му беа драги на Бога. Меѓутоа, кон нив се постапуваше немудро, и тоа без доволна причина. Имаше и други случаи во кои се постапуваше без ниту малку небесна мудрост и здраво расудување. Расудувањето на братот С е под влијание на неговата жена, која беше најуспешен сатански медиум, и со години беше многу изопачена. Ако имаше квалитети на вистинска независност, би имал и повеќе самопочит и со долично достоинство би го подигал сопствениот дом. Кога

сепак ќе одлучеше да изнуди почит во своето семејство, обично ќе претераше со тоа и беше престрог, зборувајќи грубо и заповеднички. Увидувајќи дека згрешил, по извесно време повторно заминуваше во друга крајност, спуштајќи се под нивото на своето достоинство. {3С 105.2}

Во такво расположение тој, без оглед на сопственото расудување, би прифатил сè што ќе каже неговата жена и лесно наседнуваше на нејзините интриги. Таа често му се прикажуваше како голема маченица прераскажувајќи ги големите непријатности, на кои наводно беше изложена од страна на нејзините браќа во негово отсуство. Во лукавството и способноста да ја злоупотреби довербата на својот сопруг, беше исклучително вешта. Ако брат С во потполност ја прифатеше светлината која Господ му ја даде навреме во поглед на неговата сопруга, таа сега не би била во можност толку да го мами. Тој толку пати беше роб на нејзините хирови, затоа што своето срце и својот живот не ги посвети во потполност на Бога. Се лутеше на своите браќа и им создаваше тешкотии. Сопственото „јас" во него беше распнато. Требаше најсесрдно да настојува своите мисли и чувства да ги доведе во покорност на Христа. Верата и самооткажувањето во тоа најмногу ќе му помогнеа. Ако го земеше сето Божјо оружје, користејќи го во своја одбрана само она што му го дава Божјиот Дух и силата на вистината, би бил силен во Божјата сила. {3С 106.1}

Меѓутоа, брат С е слаб во многу нешта. Кога Бог од него би побарал да го разобличи и осуди ближниот, да укори и исправи некој брат или да се бори против своите непријатели, тоа за него би била природна и релативно лесна задача. Додека борбата со самиот себе, потчинувањето на желбите и склоностите на сопственото срце, преиспитувањето и контролирањето на своите нескриени побуди е многу потешка задача. А колку е тој неподготвен да се впушти во таква борба! Борба против сопственото „јас" е најтешка борба која некогаш е водена. Да се отфрли себичноста, да се потчини во сè на Божјата волја, да се облече во понизност, да се има онаа љубов која е чиста, мирољубива, секогаш подготвена да замоли, полна со благородност и добри плодови - тоа не е лесно да се постигне. Сепак негова предност, а и должност е токму во тоа да стане совршен победник. За да може да се обнови во познавањето на Бога и вистинската светост, душата мора во потполност да Му се предаде. Светиот Христов живот и карактер претставуваат вистински пример. Неговата доверба во својот небесен Татко немала никакви граници. Неговата подготвеност безрезервно да го послуша била совршена. Тој не дошол за да Му служат, туку за да им служи на другите. Не дошол да ја спроведува Својата волја, туку волјата на Оној Кој Го испратил. Тој во сè се потпирал на Оној Кој правилно суди. Иако бил Спасител на светот, Тој за себе скромно рекол: „Јас не можам да правам ништо сам од Себе". {3С 106.2}

Станал сиромав, откажувајќи се од славата и од било која почест на овој свет. Често бил гладен и жеден, а многу пати и исцрпен од своите напори и дури немал каде да ја засолни Својата глава. Често - затекнат во сенката на студената и влажна ноќ - голата земја му претставувала постела. Покрај сето тоа, Тој ги благословувал оние кои Го мразеле. Каков живот! Какво искуство! Можеме ли ние, кои тврдиме за себе дека сме Христови следбеници, радосно и без мрморење да поднесуваме такви страдања и лишувања на какви се изложил нашиот Господ? Можеме ли да испиеме таква чаша и да се крстиме со такво крштавање? Ако се согласиме на тоа, ќе учествуваме со Него и во славата на Неговото царство на небото. Ако не, нема да имаме со Него никаков дел. {3С 107.1}

Брат С би морал да стекне едно искуство, без кое неговата работа претставува само штета. Премногу се поведува по она што го слуша од другите за заблудените; склон е да суди според впечатоците кои ги стекнал и постапува строго тогаш кога благоста би била далеку попрепорачлива. Тој ги заборава сопствените слабости и тешко поднесува приговори, дури и тогаш кога навистина не е во право. Кога ќе дојде до заклучок дека некој брат или сестра грешат во нешто, тој со своето осудување не знае да престане, иако со тоа ја изложува на опасност и сопствената душа и душите на другите. {3С 107.2}

Брат С би морал, колку што е тоа можно, да одбегнува судења во црквата и било какво учествување во решавањето на такви тешкотии. Тој има корисен дар кој е потребен во Божјото дело. Тој треба да се одвои од оние кои ја привлекуваат неговата наклонетост, го нарушуваат неговото расудување и го наведуваат на немудри постапки. Такво нешто не му е ниту потребно ниту препорачливо. Тој покажува премалку вера во Бога. Премногу се задржува на своите телесни слабости, и оддавајќи се на така мрачни мисли само уште повеќе го зајакнува своето неверување. Бог има изобилство на сила и мудрост за оние кои тоа сесрдно го бараат во вера. {3С 107.3}

Видов дека братот С е силен во некои точки, додека во други е слаб како дете. Неговиот начин на постапување со заблудените имаше разорни последици. Тој е осведочен во својата способност да придонесе за средување на пореметените односи каде што тоа, според негово мислење, е неопходно, но тој не ја гледа постоечката состојба во вистинска светлина. Притоа, тој се раководи според сопствените сфаќања и не е во состојба да воочува разлики, па често постапува без милост и сочувство. Во самиот чин на должност и строга примена на дисциплина кон поединците може и да се претера. „И кон едни милостиви, правејќи разлика; други во страв спасувајте, оттргнувајќи ги од огнот, мразејќи ја и облеката опоганета од телото”. {3С 108.1}

Должноста, строгата должност има сестра близначка, која се вика благост. Кога должноста ќе ѝ се придружи на благоста, се постигнуваат големи предности; но ако должноста е лишена од љубезност, ако кон должноста не се припои и нежната љубов, ќе се направи пропуст и последиците од тоа можат да бидат многу штетни. Мажите и жените не се согласуваат да бидат на нешто принудени, но со благост и љубов можат да се придобијат многумина. Братот С со задоволство го подига камшикот на евангелието, а неговите зборови најчесто се само свиреж кој го следи таквото камшикување. Со таквото постапување тој не успева да ги поттикне другите на поголемо ревнување во добрите дела, туку само предизвикува уште поголема воинственост против својата строгост. {3С 108.2}

Ако братот С чекореше во светлината, не би упаѓал толку често во толку сериозни грешки. „Кој оди дење не се сопнува, бидејќи ја гледа светлината на овој свет; а кој оди ноќе, се сопнува, бидејќи нема светлина во него”. Само патот на послушноста е сигурен пат. „Кој оди без грев, оди сигурно”. Чекори во светлината и „тогаш сигурно ќе одиш по својот пат, и ногата твоја нема да се сопнува”. Оние кои не се држат за светлината секогаш остануваат слаби и неразвиени во верата. Брат С би морал да сфати колку е важно да оди во светлина, колку и самооткажување да бара тоа. Сесрдните напори, поттикнати со љубовта кон душите, ја јакнеат верата во срцето и развиваат христијански доблести. {3С 108.3}

Брате мој, ти по природа си независен и самодоволен. Ти ги преценуваш своите работни способности. Му се молиш на Бога да те понизи и да те направи соодветен за

Своето дело, а кога Тој во одговор на твоите молитви ќе те изложи на дисциплина која е неопходна за оставарување на таа цел, ти тогаш најчесто се оддаваш на сомневања и малодушност, сметајќи дека имаш причини да бидеш обесхрабрен. Кога брат В те предупредуваше и советуваше да не се занимаваш со настанатите тешкотии во црквата, ти најчесто сметаше дека тој те ограничува. {3C 109.1}

Покажана ми е твојата работа во Ајова. Ти не беше одлучен да собираш со Христа, туку растураше, збунуваше и ги растеруваше неупатените овци. Ти ревнуваше, но не според знаење. Работеше, но не во љубов, туку во строгост и жестина. Се држеше непопустливо и заповеднички. Не ги крепеше слабите и превиваше ранетите. Со својата неразумна строгост истера од стадото поединци до кои никогаш веќе нема да се допре и кои нема да се вратат. Зборовите изговорени на несоодветен начин имаат спротивно дејство. Твоето влијание делува како пустошен дожд. {3C 109.2}

Кога брат В те предупредуваше, советуваше и укоруваше, чувствуваше дека тој те вознемирува и попречува во работата. Сметаше дека, кога би те пуштиле да работиш слободно и самостојно, би можел да направиш големо и добро дело. Меѓутоа, влијанието на твојата сопруга во голема мера ја неутрализираше твојата корисност. Ти не управуваш добро со сопствениот дом и не си во состојба да им заповедаш на своите домашни после себе. Ти мислиш дека знаеш како треба да управуваш со своето домаќинство. Но колку се измами во тоа! Премногу често се раководиш според моменталните побуди што те доведува во забуна и обесхрабреност, го помрачува твоето расудување, слабејќи те духовно и обележувајќи ја твојата работа со големи недостатоци. {3C 109.3}

Напорите на браќата Р и С во _____ беа избрзани. Нивните искуства од минатото и грешките кои ги направија беа доволни причини да не ја извршуваат работата за која не се оспособени. Тука потребите беа големи и беше тешко да се подигне црква во такво место. Тие беа опкружени со противнички интереси од сите страни, и секој чекор требаше да се разгледува многу внимателно и со многу молитви. {3C 110.1}

Тие двајца браќа беа предупредувани повеќе пати и укорувани поради своите непромислени постапки и тие не смееја да преземаат на себе такви одговорности. О, колку за Божјото дело во _____ би било подобро сите овие браќа да се испратени во некое ново поле! Тука сатанското утврдување е силно исто така како и во другите безбожни градови, а тој е многу лукав противник во своите напади. Меѓу почитувачите на саботата во _____ има бунтовнички настроени елементи кои претставуваат постојана препрека за делото. Меѓутоа, секогаш постои соодветно и вистинско време кога треба да се зборува и работи - златна прилика која ќе даде најдобри резултати на вложениот труд. {3C 110.2}

Ако дозволивме овие појави поцелосно да се развијат, бунтовните елементи и непосветените поединци би се издвоиле и сега не би имале противничка група. Тоа секогаш треба да се одбегнува ако е некако можно. Подобро е црквата трпеливо да поднесува и додевање, отколку со избрзано решавање на извесни прашања да предизвика дух на воинственост. Оние кои навистина ја љубат вистината треба поради неа да работат така што пред очите ќе ја имаат само Божјата слава и да дозволуваат светлината на вистината да заблеска пред очите на сите. {3C 110.3}

Би можело да се очекува елементите на забуна и незадоволство да создаваат тешкотии. Сатаната нема да може мирно да набљудува како во се подига црква

која би ја оправдала вистината и би ги растерала надмудрувањето и заблудата. Неговата лутина ќе се запали и тој ќе започне војна против оние кои ги држат Божјите заповеди и го имаат сведоштвото на Исуса Христа. Меѓутоа, вистинските верници не треба поради тоа да станат нетрпеливи и обесхрабрени. Таквите појави треба да ги прават вистинските верници уште повнимателни и побудни. Тоа треба да ги наведе со уште поголемо сочувство, нежност и љубов да се молат за оние кои се во толку голема заблуда во поглед на вечните вредности. Како што Христос поднесувал и сè уште ги поднесува нашите заблуди, нашата неблагодарност и нашето толку слабо напредување во љубовта, така и ние треба да ги поднесуваме оние кои го испитуваат и проверуваат нашето трпение. Зар следбениците на Оној кој бил полн со самооткажување и самопожртвуваност да не бидат слични на својот Учител? Срцето на христијанинот треба да биде полно со љубов и трпение. {3С 110.4}

Евангелскиот сејач

Параболата за евангелскиот сејач која Христос ја раскажал на Своите слушатели содржи поука која треба да ја проучуваме. Оние кои ја проповедаат сегашната вистина и го сеат доброто семе на Божјата реч остваруваат исти резултати како и сејачот спомнат во евангелието. Проповедањето на вистината која ја буди и осведочува совеста на слушателите допира во помала или поголема мера до сите општествени слоеви. Некои се како земја покрај патот. Изговорените вистини допираат до нив; но тие не ги развиваат своите морални сили, повеќе се раководат според наклоностите отколку според должноста и лошите навики ги прават нивните срца сè помалку приемчиви додека не станат тврди како затапкан пат. Таквите можат да тврдат дека веруваат во вистината, но немаат вистинска претстава за нејзиниот свет и возвишен карактер. Не раскинувајќи го пријателството со оние кои бараат задоволства и изопачено друштво, тие постојано се изложуваат на искушенија и можат да се прикажат како необработено земјиште покрај патот. Тие просто го повикуваат непријателот да ги искушува и конечно ја губат и онаа почит кон вистината која делумно ја имале кога доброто семе паднало на почвата на нивното срце. {3С 111.1}

Други се слични на каменито земјиште. Тие со задоволство прифаќаат сè што за нив е ново и возбудливо и со радост ја примаат Речта на вистината. За својата вера и надеж, тие зборуваат со воодушевување, сесрдно и ревно, а понекогаш дури и ги укоруваат оние кои имаат долго искуство во верата поради некои нивни делумни пропусти или недостаток на воодушевување. Но кога во пламенот на неволји и искушение ќе се стават на проба, кога Бог ќе ги употреби Своите ножици за кастрење, за да донесат повеќе род, нивната ревност исчезнува, а нивните гласови замолкнуваат. И тие веќе не се фалат во својата сила и во силата на вистината. {3С 111.2}

Тоа се оние кои се раководат само според ветувањата. Тие немаат длабочина ниту постојаност на карактерот. Начелото во нивниот живот не е вкоренето доволно длабоко за да се раководат според него во своите постапки. Тие со зборови ја издигнуваат вистината, но не го поткрепуваат тоа со дела. Семето на вистината не фатило корен под површината. Нивното срце не се обновува под преобразувачкото влијание на Божјиот Дух. И кога вистината повикува на дело, кога поради вистината треба да се поднесуваат жртви, нив ги нема никаде; кога ќе наидат на искушенија и прогонства, тие отпаѓаат од

верата, бидејќи вистината не се вкоренила длабоко во нивното срце. Вистината, изложена јасно и недвосмислено, ја разоткрива изопаченоста на карактерот. Некои не можат да ја издржат таа проба и најчесто ги затвораат очите пред своите недостатоци. Иако совеста им сведочи дека зборовите, кои во поглед на христијанскиот карактер, им ги изнесуваат Божјите гласници, се навистина вистинити, тие тој глас сепак не го слушаат. Нив ги навредуваат тие зборови, и подобро ќе се откажат од вистината, отколку да ѝ се потчинат и да бидат посветени со неа. Тие си ласкаат себеси дека можат да отидат на небо и на некој полесен начин. {3C 112.1}

Во оваа парабола е прикажан уште еден вид на слушатели. Тоа се мажи и жени кои ја слушаат Божјата реч, се осведочуваат во нејзината вистинитост и ги прифаќаат нејзините докази, но не ја увидуваат грешноста на своето срце. Љубовта кон светот зазема истакнато место во нивниот живот. Во деловните односи и однесувањето со другите, тие настојуваат за себе да извлечат најголема корист. Лажните цитати, измамите и разните злоупотреби со кои тие најчесто стекнуваат и натрупуваат средства ќе се покаже навистина како трње во нивниот развој, фрлајќи ги во сенка сите нивни добри намери и цели. Доброто семе посеано во нивното срце ќе биде потполно задушено. Често се толку обземени со грижа како да заработат пари, или со стравување да не го изгубат стекнатото, така што земните интереси им се поважни од сè друго. За негување на добро семе во сопствената душа тие немаат време. Состаноците на кои верските предности би го охрабрувале нивното срце тие воопшто не ги посетуваат, стравувајќи да не претрпат загуба во некој земен интерес. Измамата на богатството ги наведува да се мамат со мислата дека натрупувањето на земното богатство е должност, за да можат да го помагаат Божјото дело. Меѓутоа, што повеќе го зголемуваат своето земно богатство, срцето сè помалку им е склоно да се одвои од тоа, сè додека потполно не се одвратат од вистината која им била драга. Доброто семе во нивното срце е задушено со буење на непотребните земни грижи и стравувања - љубовта кон задоволствата на овој свет и почестите кои го следат богатството. {3C 112.2}

Пченица и кокол

Во друга парабола која им ја раскажал на Своите ученици, Христос го споредува небесното царство со нива која домаќинот ја засеал со добро семе но додека тој спиел, дошол непријателот и посеал кокол. „Зар ти," го прашале слугите домаќинот, „не посеа добро семе на својата нива? Тогаш, откаде е коколот? А тој им рече: Човек непријател го направи тоа. А слугите рекоа: Сакаш ли тогаш да одиме и да го исплевиме? А тој рече: Не, да не би корнејќи го коколот, да ја откорнете со него и пченицата. Оставете ги нека растат двете заедно до жетвата. А во времето на жетвата, ќе им речам на жетварите: Најнапред соберете го коколот и врзете го во снопови за горење; а житото приберете го во мојата житница". Ако слугите верно ја сочувале будноста, ако не спиеле, на непријателот не би му се пружила толку поволна прилика по нивата засеана со пченица да посее и кокол. Сатаната никогаш не спие. Тој будно ја користи секоја прилика преку своите агенти да сее семе на заблуда, кое наоѓа плодна почва во срцето на непосветените. {3C 113.1}

Искрените верници и поборници на вистината често ги жалостат и дополнително зголемуваат нивните потешкотии и непосветените елементи кои се вовлекуваат меѓу

нив за да ги вознемируваат, обесхрабруваат и попречуваат во нивните напори. Но Господ ги учи Своите слуги да бидат многу претпазливи во сите свои потфати. „Оставете нека растат двете заедно," нагласува Тој. Не плевете го каколот, за при плевењето да не го повредите и коренот на драгоцените стебленца на пченицата. И проповедниците и членовите треба да бидат многу внимателни да не ревнуваат неразумно. Постои опасност да се вложува премногу труд во отстранување на тешкотиите во црквата кои често, ако не би им подарувале толку внимание, и сами би исчезнале. Погрешно е да се обидувате настанатите тешкотии во црквата да ги решавате предвреме. Треба да се покаже многу трпение, огледност и самосовладување за да се надминат настанатите тешкотии, а не да се обидуваме да ги решаваме според своето лично мислење. {3С 113.2}

Постапката преземена во _____ беше избрзана, доведувајќи предвремено до одвојување во таа мала црква. Ако водачите на црквата би го сфатиле вистинското значење на Христовите поуки дадени во параболата за пченицата и каколот, тие не би се впуштале во тоа што таму го направиле. Пред да се преземат чекори кои дури и на најнедостојните би им пружиле повод да се жалат што се исклучени од членството на црквата, тоа прашање секогаш треба највнимателно да се разгледа со најсесрдна молитва. Во местото _____ се преземени мерки кои доведоа до создавање на противничка страна. Срцата на некои кои тука ја прифатија вистината навистина се како земја покрај патот, некои како каменито земјиште, а некои како земја зарасната во трње кое немилосрдно ги гуши билките со добро семе; таквите никогаш нема да го усовршат христијанскиот карактер. Меѓутоа, има помал број и на такви кои со правилна нега и јакнење би можеле да се утврдат во вистината. Но браќата Р и С со своите непромислени постапки прерано предизвикаа криза, а им недостигаше мудрост и разумност во расудувањето помеѓу поделените. {3С 114.1}

Кога престапниците заслужуваат да бидат одвоени од црквата како што сатаната заслужил да биде исфрлен од небото, секогаш ќе се најдат и такви кои ќе им бидат наклонети. Секогаш ќе има такви кои ќе бидат поподложни на влијанието на поединците отколку на влијанието на Божјиот Дух и здравите начела. Во својата непосветеност, таквите секогаш се подготвени да го поддржуваат злото, укажувајќи сожалување и наклоност токму на оние кои тоа најмалку го заслужуваат. Таквите имаат силно влијание на другите; набљудувајќи го фактот во лажна светлина, тие нанесуваат голема штета и се причина за пропаст на многу души. Во својот бунт сатаната завел третина ангели да го напуштат и Таткото и Синот, приоѓајќи му нему како зачетник на бунтот. Што друго можеме да очекуваме од луѓето со чуден дух отколку да создаваат тешкотии и да внесуваат забуна? Мораме да го имаме тоа на ум и да ја одбегнуваме неопходноста за плевење на каколот, за со каколот да не ја исплевиме и пченицата. {3С 114.2}

„Во светот ќе имате неволји" вели Христос, „но во Мене ќе имате мир". Неволите на кои се изложени христијаните.- тагата, немаштијата и срамот - претставуваат од Бога одредени средства со кои Тој го одвојува плевелот од пченицата. Својата горделивост, себичност, зли страсти и љубовта кон задоволствата на овој свет сите мораме да ги победиме; токму со таа цел Бог дозволува да се проверуваме и испитуваме преку неволјите, а и за да ни покаже дека тие зла сè уште се наоѓаат во нашиот карактер. За да станеме учесници во божествената природа со избегнување на изопаченоста на овој свет и телесните желби, мораме да извојуваме победа со Божја сила и со Неговата

благодат. ”Зашто нашите сегашни лесни неволји,” вели апостолот, „ни донесуваат вечна и од сè попретежна слава, нам кои не гледаме на она што се гледа, туку на она што не се гледа; зашто она што се гледа е привремено, а она што не се гледа е вечно”. Неволите, страдањата, искушенијата, несреќите и другите наши проби - претставуваат орудија со кои Бог нè чисти, посветува и подготвува за небесниот амбар. {3С 115.1}

Штетата нанесена на Божјото дело со избрзаните постапки никогаш не може потполно да се надополни. Божјото дело во не напредува како што можеше и веќе не е во толку поволна светлина како што беше порано. Меѓу нас често има поединци чие влијание е многу мало во корист на вистинската страна. Тие во животот изгледаат потполно бескорисни; но кога ќе станат бунтовници, тие знаат да бидат многу воинствени и ревни работници за сатаната. Таквата работа е поприродна на склоностите на непрепороденото срце. Затоа самоиспитувањето и тајната молитва претставуваат голема потреба. Бог ветил мудрост на сите кои ќе го бараат тоа од Него. Често пати со мисионерската работа се зафаќаат луѓе кои не се подготвени за тоа. Тие покажуваат надворешна ревност, но ја занемаруваат тајната молитва. Таквите работници причинуваат само штета, бидејќи настојуваат со сопствени правила да ја регулираат совеста на другите. Тука самосовладувањето е исклучителна потреба. Острите зборови предизвикуваат кавга и раздор. Брат С е во постојана опасност да попушта на духот на остроото критикување. На проповедникот на правдата тоа никако не му прилега. {3С 115.2}

Брате С, ти би морал уште многу да учиш. Ти си склон за своите неуспеси и разочарувања да го обвиниш брат В, но кога внимателно би ги преиспитал своите побуди и своето однесување, би увидел дека причините за тоа се наоѓаат во тебе самиот. Поведувајќи се по склоностите на своето непрепородено срце, стана роб на сопствените навики. Преостриот, тирански дух кој понекогаш го манифестираш го уништува твоето влијание. Брате мој, ти мораш за себе лично да извршиш една задача која никој друг не може да ја изврши. Секој пред Бога ќе мора да полага сметка за себе. Тој ни го дал Својот закон како огледало во кое можеме да ги откриеме сите недостатоци на својот карактер. Гледајќи во тоа огледало ние не треба да ги истражуваме недостатоците на своите ближни ниту будно да внимаваме дали тие го задоволуваат поставениот критериум, туку да ги откриеме сопствените мани, за да можеме да се ослободиме од нив. Меѓутоа, она што ни треба не е само знаење; примената светлина треба и практично да ја применуваме во животот. Не ни е препуштено сами да се определиме; за послушност, кога тоа ни одговара, или пак за непослушност кога тоа што се бара од нас не ни е по волја. Послушноста е подобра од жртвата. {3С 116.1}

12. ДО ИМОТНИТЕ РОДИТЕЛИ

На црковниот собор во Вермонт 1870. година, Божјиот Дух упорно ми предочуваше јавно да го изнесам сведоштвото за должноста на остарените имотни луѓе во поглед на распоредување на нивниот имот. Покажано ми е дека луѓето кои инаку се остроумни, вешти и досетливи во своите работи и на кои одлучноста и совесноста им се доблести, често покажуваат голем недостаток на овие доблести во правилната распределба на

својот имот додека сè уште се живи. Иако не знаат кога може да заврши нивното време на проба, тие дозволуваат да минуваат година по година, а имотно-правните работи да им останат недовршени и често и го завршуваат својот живот, не искористувајќи ги своите таленти. Или пак умираат ненадејно, без никакво претчувство, и со нивниот имот се располага на начин кој тие никогаш не би го одбрале. На нив се наоѓа вина затоа што биле немарни и неверни повереници. {3C 116.2}

Христијаните кои веруваат во сегашната вистина треба и во ова да покажуваат мудрост и претпазливост. Тие не би смееле да го занемарат благонавременото распределување на своите средства, очекувајќи некој посоодветен момент за тоа во текот на својата долга болест. Нивните имотно-правни работи треба да бидат така средени, што со нивниот имот, во случај на нивна ненадејна смрт, кога тие веќе не можат да кажат било што, се постапува токму така како тие да се живи. На многу членови на семејствата на нечесен начин им се одзема она што со право им припаѓа и тие остануваат сиромашни само затоа што е занемарена работата која можела да се направи за еден час. Оние кои пишуваат тестамент не треба да жалат ниту труд ниту пари тоа да се состави на законски и правилен начин, така што никој потоа не може тоа да го оспори. {3C 117.1}

Видов дека оние кои тврдат дека веруваат во вистината треба да ја потврдат својата вера и со дела. Тие треба да си направат за себеси пријатели со неправедно богатство за, кога ќе осиромашат, да ги примат во вечното престојувалиште. Бог ги направи луѓето повереници на Своите добра. Тој во нивните раце става средства со кои треба да се помага големото дело на спасување на души поради кои Христос го напуштил Својот дом, сите Свои богатства и слава и станал сиромав, за со Своето понижување и жртва, да Му врати на Бога многу Адамови синови и ќерки. Во Своето провидение, Господ одредил работата во Неговото лозје да се помага со средства доверени на Неговите повереници. Занемарувајќи со својот придонес да го помогнат напредокот на Божјото дело, тие се покажуваат како неверни и мрзливи слуги. {3C 117.2}

Покажани ми се извесни појави во врска со Божјото дело во државата Вермонт, а особено во Бордовил и околината. Следните цитати се од Сведоштвата за Црква број 20 страна 651: {3C 118.1}

„За многумина кои живеат во Бордовил треба да се изврши големо дело. Видов дека непријателот се залага со сите сили за да ги оствари своите намери. Луѓето на кои Бог им ги доверил материјалните средства како свои таленти настојуваат да ги пренесат своите одговорности во својство на Божји повереници на своите деца. Наместо да му го вратат на Бога она што е Негово, тие полагаат право на сè што поседуваат како на сопствена своина, како сето тоа да го стекнале со својата сила и со својата мудрост”. {3C 118.2}

„Некои ги стават своите средства надвор од својата контрола, доверувајќи ги во рацете на своите деца. Скриените побуди со кои притоа се раководат е на тој начин од себе да ја симнат одговорноста и со своите средства да не го помагаат ширењето на вистината. Таквите го сакаат Божјото дело само со зборови, но не и со дела и вистина. Тие не сфаќаат дека парите со кои располагаат не се нивни, туку Господови”. {3C 118.3}

„Родителите мораат да внимаваат талентите во материјални и финансиски средства, кои Бог ги ставил во нивните раце, да не им ги доверуваат на своите деца, освен ако имаат сигурни докази дека нивните деца покажуваат повеќе интерес, љубов

и верност кон Божјото дело од нив самите и дека тие деца ќе бидат посесрдни и поревни во унапредувањето на Божјото дело и во помагање на разните потфати од таа област за која се потребни пари. Меѓутоа, многумина ги стават своите средства во рацете на своите деца, бидејќи на тоа ги поттикнува сатаната, само затоа за да ја префрлат својата одговорност во улога на повереници на други. Правејќи така, тие навистина ги стават своите средства во редовите на непријателот. Сатаната настојува сето тоа да го насочи така како што најдобро им одговара на неговите цели и Божјото дело да остане без средства со кои би можело значително да биде помогнато". {3С 118.4}

„На многумина кои високо ја издигнуваат верата им недостигаат соодветни дела. Кога верата која толку ја истакнуваат би ја потврдиле и со своите дела, нивното влијание би можело да биде многу делотворно на страна на вистината. Но тие не ги умножуваат талентите кои Бог им ги дал на употреба. Оние кои мислат дека ќе ја смират својата совест со тоа што својот имот го ветуваат на децата или го ускратуваат на Божјото дело дозволувајќи тоа да прејде во рацете на неверните и безгрижни наследници кои тоа немилосрдно ќе го трошат или пак ќе го натрупуваат и обожаваат, ќе мораат за тоа да положат сметка пред Бога, како неверни повереници над добрата на својот Господар. Тие дозволуваат сатаната да ги надмудри преку тие деца чиј ум е под негова контрола. Сатаната ги остварува своите намери во многу вакви случаи, додека Божјите повереници делуваат како парализирани и замрени. Тие не свесни за своите големи одговорности и полагањето на сметка која наскоро ќе следи". {3С 118.5}

Покажано ми е дека времето на проба за некои од околината наскоро ќе заврши и дека е многу важно тие да го завршат своето животно дело така што на крајот ќе можат да ги слушнат зборовите на Божјото одобрување. „Добро извршено, добар и верен слуго". Исто така, укажано ми е и на недоследноста на оние кои тврдат дека веруваат во вистината, а со своите средства не го помагаат делото, туку ги остваат на своите деца. Многу татковци и мајки живеат сиромашно и оскудно сред изобилието. Тие, до извесна мера, сами себе си го ускратуваат личниот комфор и често се откажуваат и од она што е неопходно за одржување на животот и здравјето, иако на располагање имаат изобилство на средства. Се однесуваат како да им е забрането со сопствени пари да ги задоволуваат своите реални потреби или да ги употребат во добротворни цели. Пред себе имаат само една цел: да го сочуваат својот имот за да го остават на своите деца. Тие се толку обземени со таа идеја и таа е толку вткаена во сите нивни постапки, така што децата едвај го чекаат моментот кога сиот имот ќе стане нивна своина. Тие зависат од тоа, и тоа има значајно, но не и поволно влијание на нивниот карактер. Некои од нив стануваат расипници, некои себични и скржавци, а некои со незадоволство се оддаваат на неработење и лесноумност. Многумина од нив не знаат да водат економија и да ги штедат парите, ниту воопшто се трудат сами себе да се издржуваат. Тие низ животот минуваат без некаква цел и многу се непостојани. Впечатоците кои се стекнуваат во детството и младоста се вткаени во самото ткиво на карактерот и стануваат принцип на дејноста во годините на зрелост. {3С 119.1}

Оние кои се запознаени со начелата на вистината треба строго да се придржуваат до Божјата реч како водилки во својот живот. Тие секогаш треба да му го дадат на Бога Божјото. Видов дека во државата Вермонт многумина прават голема грешка што присвојуваат и на други ги пренесуваат средствата кои Бог им ги доверил само на чување. Тие го губат од вид фактот дека Тој полага право на сè што имаат. Ним

непријателот на правдата им ги заслепил очите и тие продолжуваат по патот кој ќе заврши кобно и за нив и за нивните деца. {3C 120.1}

Младите влијаат на родителите да го препуштат својот имот во нивните раце, за да можат слободно да располагаат со него според своето убедување. Со оглед на светлината од Божјата реч, која во поглед на парите доверени на повереницте е толку разбирлива и јасна, и на предупредувањата и прекорите кои Бог ги дава во тој поглед преку Сведоштвата, ако младите - имајќи ја пред себе сета таа светлина - сепак посредно или непосредно влијаат на своите родители уште додека се живи или пак со тестамент да им го ветат својот имот, преземајќи на себе страшни одговорности. Синовите и ќерките на остарените родители кои ја исповедаат вистината, треба во Божји страв да ги советуваат и најсесрдно да ги замолат своите родители да останат верни на својот завет во верата, заземајќи во поглед на имотот став кој Бог го одобрува. Употребувајќи ги своите средства за напредок на Божјото дело, родителите стекнуваат богатство на небото. Тие не треба да се лишуваат од богатството во небесната ризница, оставајќи сè на наследниците кои и онака имаат доволно. На тој начин не само што себе се лишуваат од драгоцената предност да вложуваат во небесната ризница, која е непропадлива, туку и ја закинуваат Божјата ризница. {3C 120.2}

На црковниот собор нагласив дека имотот кој најчесто им се ветува на децата, додека за Божјото дело не се одвојува ништо, или пак некоја бедна милостина која не е вредна за помен - тој имот често станува вистинско проклетство за оние кои го наследуваат. Тоа за наследниците често ќе претставува искушение и отворена врата за попуштање на многу опасни и штетни желби на овој свет. {3C 120.3}

Родителите треба да се држат за правата кои им се од Бога дадени. Тој ним им доверил таленти кои треба да ги употребат на слава на Неговото име. Децата не можат да се сметаат одговорни за талентите доверени на родителите. Додека се при здрав разум и способни правилно да расудуваат, родителите со молитва и помош од советник кој има искуство во вистината и ја познава божествената волја, треба да направат распределба на својот имот. Ако имаат деца кои се болни или се мачат во сиромаштија и кои совесно ќе ги употребат овие средства, тоа треба да се земе во оглед. Меѓутоа, ако имаат неверни деца кои во изобилството на овој живот му служат на светот, ставајќи ги своите средства во рацете на таквите наследници само затоа што се нивни, родителите прават грев против Оној Кој ги направил Свои повереници. Божјите барања не смеат лесно да се земаат. {3C 121.1}

Исто така треба јасно да се сфати дека родителите кои направиле тестамент, тоа не може да ги спречи, додека сè уште меѓу живите, од тој имот да одвојуваат за Божјото дело. Тие треба тоа да го прават; бидејќи располагањето со вишокот на својот земен имот за нив претставува вистинско задоволство додека се живи, а на небото вечна награда. Средствата кои Господ им ги позајмил тие треба да ги употребат за работата која треба да биде сработена во Неговото лозје. {3C 121.3}

Љубовта кон парите е корен на речиси сите злосторства направени на овој свет. Родителите кои себично ги задржуваат своите средства за да ги богатат своите деца, а не ја увидуваат потребата на Божјото дело и не се подготвени да ги задоволат тие потреби, се наоѓаат во страшна заблуда. Парите, со кои мислат дека им помагаат на своите деца, за нив претставуваат само проклетство. {3C 121.4}

Парите оставени на децата често претставуваат корен на горчина. Децата најчесто се караат околу имотот кој им е оставен, па дури и во случај да постои тестамент, ретко кога наследниците се задоволни од распределбата што ја направиле родителите. И наместо наследените пари да ги поттикнуваат на благодарност и почит кон родителите, тие најчесто се повод за незадоволство, мрморење, завист и непочитување. Браќата и сестрите кои меѓусебно живееле во мир, стануваат несложни и раздорот во семејството често е предизвикан од поделбата на наследениот имот. Богатството е пожелно само ако се користи за задоволување на реалните потреби и за да се прави добро на другите. Наследеното богатство за наследникот почесто претставува стапица отколку благослов. Родителите не треба да ги изложуваат своите деца на искушенија, оставајќи им средства за кои тие деца ниту малку не се труделе. {3C 121.4}

Видов дека некои од оние кои тврдат дека ја исповедаат вистината, на нечесен начин влијаат на своите родители да ги чуваат своите средства за нив, наместо за време на својот живот да ги употребат за Божјото дело. Оние кои влијаат на родителите да ги пренесат на нив како наследници своите должности, во својство на повереници, не знаат што прават. Тие преземаат на себе двојна одговорност - влијаат на родителите да не ја исполнат Божјата намера во располагање со средствата кои Тој им ги доверил за да ги употребат на Негова слава, а покрај тоа преземаат одговорност на повереници за парите кои родителите биле должни преку менувачите да ги стават во промет, за Господарот да го добие Своето со добивка. {3C 122.1}

Многу родители прават голема грешка што својот имот го стават во раце на наследниците додека уште сами сносат одговорност за употреба или злоупотреба на талентите кои Бог им ги доверил. Со таквиот пренос на имотот ниту родителите ниту децата не стануваат среќни. Ако поживеат уште некоја година, родителите обично се жалат поради таквата своја состојба. На тој начин љубовта на родителите воопшто не се зголемува кон нивните деца. Таквата дарежливост не го зголемува ниту чувството на благодарност и обврска на децата кон родителите. Во самата основа на таквата постапка се наоѓа проклетство чии плодови се само себичност од страна на децата, несреќа и бедно чувство на принудна зависност од страна на родителите. {3C 122.2}

Кога родителите, додека се уште меѓу живите, би им помогнале на своите деца сами да се снаоѓаат во животот, тоа би било многу подобро отколку да им остават голем имот по смртта. Младите кои главно се потпираат на резултатите од сопствената работа стануваат подобри мажи и жени, и поспособни за практичниот живот од оние кои се потпираат на имотот на своите родители. Младите кои зависат од изворот на сопствената работа обично ги ценат и развиваат своите способности, ги подобруваат своите предности, а своите таленти ги негуваат, насочувајќи ги на остварување на одредена цел во животот. Тие често развиваат особини на трудољубивост и морална вредност што претставува темел за успех во христијанскиот живот. Додека оние деца и млади за кои родителите најмногу прават, нејчесто не чувствуваат речиси никаква обврска кон нив. Заблудите за кои овде е збор постојат во _____. Своите должности во својство на повереници, родителите ги пренесуваат на своите деца. {3C 122.3}

На црковниот собор во_____.1870. година апелирав на оние кои се имотни да ги вложуваат своите средства, како верни повереници, во Божјото дело и таа задача да не им ја препуштаат на своите деца. Тоа е работа која Бог им ја дава како задача токму на нив и кога Господарот ќе ги повика да положат сметка, тие како верни повереници ќе

вратат сè што им било доверено и тоа не само основата, туку и остварената добивка. {3C 123.1}

Укажано ми е на случаите на браќата Х, У и З. Тие луѓе правеа сериозни грешки во врска со распределбата на својот имот. Некои од нивните деца, влијаејќи на родителите во тоа одлучување, примија на својата душа тешки одговорности за кои се толку жално неподготвени. Отворајќи ја на тој начин вратата на искушението, тие просто го повикуваат непријателот да ги искушува и уништува со своите напади. Двајцата помлади синови на братот Х се во голема опасност. Тие се дружат со поединци чии карактерни особини нема да ги издигнат, туку уште повеќе ќе ги понижат. Вешто подготвеното влијание на таквото дружење незабележливо ги зафаќа овие млади луѓе. Разговорите и ставовите на овие лоши другари систематски го поткопуваат позитивното влијание на сестрите и зетовите на овие млади луѓе. Додека на спомнатиот црковен собор зборував за овој предмет, бев многу возбудена, знаејќи дека токму пред мене седат поединците кои ми беа покажани во визија. На оние кои ме слушаа им ја нагласував потребата за потполна посветеност на Бога. Не ги спомнував имињата на престапниците, бидејќи тоа не ми беше дозволено. Мое беше да се задржувам на начелниот став, апелирајќи на срцата и совеста на оние кои тврдат дека Го љубат Бога и дека ги држат Неговите заповеди, и во овој поглед да развиваат христијански карактер. Светлината е дадена, и останува да се види дали ќе биде прифатена. {3C 123.2}

Го напуштив спомнатиот собор со голем товар на загриженост за душите на чија опасност ми беше укажано. По неколку месеци стигна и веста за смртта на братот У. Неговиот имот е оставен на неговите деца. Кон крајот на декември одредивме да одржуваме состаноци во државата Вермонт. Мојот сопруг не се чувствуваше добро, и затоа не можеше да појде на пат. За да го одбегнам преголемото разочарување, решив да појдам во Вермонт во друштво на сестра Хол. Им говорев на присутните со извесна слобода, но на состаноците на конференцијата немаше слобода. Знаев дека Божјиот Дух нема да се манифестира непречено сè додека меѓу присутните не дојде до потполно признавање и додека нивните срца не се скршат пред Бога. Не можев веќе да молчам. Господовиот дух се спушти на мене и накратко ја прераскажав суштината на она што го напишав. Спомнав по име некои од присутните кои стоеја на патот на Божјото дело. {3C 124.1}

Последиците од заветувањето на имотот на наследниците и обидот на нив да се пренесат одговорностите на повереници, додека родителите им беа уште живи, се изнесени многу убедливо. Алчноста на синовите на братот У ги наведе на овој погрешен пат. Тоа посебно се однесува на еден од неговите синови. Совесно укажував на случувањата во таа црква, особено на синовите на братот У. Еден од спомнатите браќа кои, за жал, и самиот веќе беше татко, изопачен во срцето и животот, го срамеше драгоцениот углед на сегашната вистина. Со својот низок критериум во поглед на моралот, тој ги расипува и изопачува младите. {3C 124.2}

Господовиот Дух се спушти на насобраните и некои со солзи и во понизност ги признаваа своите гревови. По овој собор разговарав со помладите синови на братот Х, повикувајќи ги и преколнувајќи, поради спасение на својата душа, да го прекинат дружењето со другарите кои ги насочуваат на патот на пропаста, копнеејќи по она што може да им го поврати мирот. Додека се залагав за тие млади луѓе, срцето ми беше преполно со чувства кон нив, и со сето срце копнеев да му се предадат на Бога. Молејќи се толку сесрдно за нив, ги храбревме и тие да се молат. Победата е стекната и тие му

се потчинија на Бога. Нивните гласови се слушнаа во понизност и покајничка молитва и јас почувствував дека Божјиот мир е навистина на нас. Ангелите се насекаде околу нас, и јас во визија ја здогледав Божјата слава. Состојбата на делото во повторно ми беше покажана; и гледам дека многумина од тамошните членови многу застранија од Бога. Назадувањето тука посебно ги зафаќа младите. {3С 124.3}

Покажано ми е дека двајцата помлади синови на братот Х по природа се со добро срце и совесни момчиња, но сатаната го заслепил нивното поимање. Нивните другари никако не припаѓаат на категоријата на оние кои би можеле да го зајакнат нивното чувство за морал, нивната претстава за тоа и нивната љубов кон вистината и сето она што е небесно. „Еден грешник расипува многу добра". Потсмевливиот дух и изопачените разговори на таквите другари ги растеруваат сериозните и верски впечатоци. {3С 125.1}

Погрешно е христијаните да се дружат со оние кои се со непостојан морал. Блиското дружење кое само одзема време, не поттикнува јакнење на моралот и не придонесува за јакнење на умните и духовните сили, е опасно. Ако моралната атмосфера која го опкружува поединецот не е чиста и света, туку загадена со изопаченост, оние кои вдишуваат таква атмосфера, ќе увидат дека таа речиси незабележително делува на умот и срцето, труејќи и изопачувајќи сè околу себе. {3С 125.2}

Навистина беше неопходно овие млади луѓе да го променат своето друштво. „Злите разговори ги расипуваат добрите обичаи". Сатаната преку своите агенти делувал да ги упропасти овие млади луѓе. Ништо не може поуспешно да ги осуети сериозните впечатоци и добри желби, како дружењето со суетни, безгрижни и изопачени поединци. Колку и да е привлечноста на таквите пријатна поради нивната остроумност, духовитост и зајадливи шеги, самиот факт дека кон верата се однесуваат лесноумно и рамнодушно, е доволна причина за одлучно одбегнување на таквите. Доколку се попривлечни во сè друго, дотолку е поопасно нивното влијание кое го шират на својата околина, бидејќи својата привлечност вешто ја користат за да влијаат на другите. {3С 125.3}

Овие момчиња треба за свои другари да ги бираат оние кои ја љубат вистината во нејзината чистота, чиј морал е неизвалкан и чии навики се чисти од секое зло. На оние кои навистина сакаат да бидат Божји синови, деца на небесниот Цар, Божјата реч упатува повик: „Затоа излезете помеѓу нив и одвојте се, вели Господ, и не допирајте се до ништо нечисто и Јас ќе ве примам". Бог ги љуби овие млади луѓе и ако тие одлучат да го следат водството на Неговиот Дух, тие ќе одат во Неговата сила и во склад со Неговите совети. {3С 126.1}

Бог го надари братот А У со добри особини, со брзо сфаќање и со правилно разбирање на Неговата реч. Ако своето срце во потполност му го посветеше на Бога, би можел да врши позитивно влијание на своите браќа, како и на останатите со кои се дружи. Но љубовта кон парите толку ја обзема неговата душа и толку се врежа во сите негови деловни трансакции, така што тој се прилагодува кон светот, наместо да се менува со обновување на својот ум. Нечистата љубов кон добивката ги изопачи и уништи неговите способности. Ако своите способности активно ги употребеше во служба на Учителот, наместо на себичните и лични интереси, цел би му била Божјата слава и доброто на ближните. Ако сите свои сили ѝ ги посветеше само на таа цел, умните способности со кои го надарил Бог би му дале на неговиот карактер енергичност,

понизност и делотворност со кои би заслужил почит, влијаејќи само позитивно на сите со кои доаѓа во допир. {3С 126.2}

Покажано ми е дека наследувањето на родителскиот имот навистина претставува корен на горчина на нивните деца. Нивниот дотогашен мир, среќа и меѓусебна доверба, со ова се сериозно нарушени. На брат А У навистина не му беше потребен имотот на неговиот татко. Тој и без тоа имаше доволно од Бога доверени таленти со кои требаше да работи. Ако правилно ги употребеше талентите кои веќе му беа доверени, би се нашол барем меѓу оние кои се верни и во најмалото. Управувањето со имотот наследен од таткото, за кој толку лакомо се грабаше, беше за него, во својство на повереник, поголема одговорност отколку што можеше да понесе. {3С 127.1}

Среброљубието во неговото срце со години ја задушуваше љубовта кон Бога и кон ближните. И кога татковото богатство му падна во рацете сакаше да задржи за себе сè што беше можно. Постапуваше себично со своите браќа, бидејќи неговите предности тоа му го овозможуваа. И браќата не се раководеа со вистински чувства. Беа огорчени на него. Се раководеше со своите предности во однос на другите сè додека со тоа не го изложи на срам Божјото дело. Губејќи власт над самиот себе, главна цел му беше себично стекнување на добивка. Љубовта кон парите беше корен на сите зла во неговото срце. Ако своите сили корисно ги употребеше за работа во Господовото лозје, можеше да направи многу добра, а вака неговите злоупотребени способности донесуваат само штета. {3С 127.2}

Браќата Б немаа помош од оние кои можеа да им помогнат. А Б работеше само во корист на сопствената штета. Преземањето на преголеми обврски го попречуваше во развојот на духовната сила и храброст. Членовите на таа црква кои ја имаа светлината и вистината и кои можеа да бидат силни во Господа и подготвени, ако затреба, и да се жртвуваат за вистината, станаа слаби како некои деца. Тие очекуваа брат А Б да го посвети своето време и сила во решавање на нивните тешкотии за чија појава немаше вистински причини. А кога таквите тешкотии поради себичност и непосветеност на срцето, сепак ќе се појавеа, можеа да се отстранат за еден час, кога би имало понизност и подготвеност на признание. 3С 127.3}

Браќата Б згрешија согласувајќи се да останат во _____ Требаше да го променат местото на живеење, а овде да навраќаат само неколку пати годишно. Тогаш би можеле со поголема слобода да ја изнесуваат вистината и да ги прикажуваат фактите онакви какви што навистина беа. Ако живееја во некое друго место би биле ослободени од овие товари и нивното сведоштво, кога ќе дојдат во оваа црква, би било десет пати посилно. Брат А Б кој беше принуден да се занимава со безначајни кавги помеѓу членовите и да остане во _____ , требаше да работи надвор од тоа место. Тој долго служеше „околу масите", сè додека духовно не ослабна до таа мера, така што веќе не беше во состојба да ја сфати убедливата сила на вистината. Не ги препознаваше веќе будно потребите на Божјото дело. Неговите духовност и храброст сè повеќе исчезнуваа. Делото на систематско добродетелство беше занемарено. Некои од браќата кои порано беа потполно посветени на напредокот на Божјото дело, станаа себични и скржави. Наместо да станат уште посамопожртвувани и нивната љубов кон вистината и побожноста сè повеќе да јакнее, тие стануваат сè помалку побожни, а сè послични на светот. Таткото Ц е еден од таквите. Нему му е неопходно ново обратување. Овој брат имаше голема предност, но ако не ја искористи, осудата и темнината кои ќе уследат ќе бидат соодветни

на светлината која ја имаше, бидејќи не ги умножуваше талентите кои Бог му ги довери токму во таа цел. {3С 127.4}

Дозволувајќи нивната љубов кон вистината и нивното ревнување за Божјото дело постојано да слабее, браќата во Вермонт го жалостат Светиот Божји Дух. {3С 128.1}

Брат Д Б мината сезона ги преоптовари своите сили, работејќи под шатор во нови полиња без соодветна помош. Бог не бара од овој брат ниту од било кој од Своите слуги да го загрозуваат своето здравје со претерани напори. Браќата во треба да го докажат својот интерес за делото со своите дела. Тие сигурно би нашле помош ако Божјото дело навистина им е во срцето и ако ја чувствуваат вредноста на душите. Брат Д Б чувствуваше длабока приврзаност кон Божјото дело и знаеше да ги цени душите, што бараше постојани напори; додека една голема црква во со своите ситни расправии му оневозможува на братот Д Б да му помогне на својот брат. Овие браќа треба да се подигнат во обновена сила, да се ослободат од искушенијата и обесхрабреноста на кои беа изложени во што го направи нивното сведоштво толку неделотворно и да побараат нова сила од Семоќниот. Тие треба да изнесат отворено и јасно сведоштво на браќата Х и У предочувајќи им ја вистината и правејќи сè што е во нивна моќ за да можат овие луѓе правилно да го распределат својот имот. Преземајќи сам толку големи одговорности, брат А Б го загрозува своето умно и телесно здравје. {3С 128.2}

Ако брат Ц одеше во светлина во последните неколку години, тој сега би знаел да ја цени вредноста на душите. Ако развиваше љубов кон вистината, би се оспособил да ја пренесува вистината и на другите. Тој би можел да му помогне на братот Д Б во неговата работа при одржување на богослужениja под шатори. Би можел да преземе барем грижа за домашната црква. Ако имаше љубов кон своите браќа и ако беше посветен со вистината, тој би градел мир, а не раздор - поради кој брат А Б, покрај другите тешкотии, би бил принуден да се одвои од своите браќа во најзначајните моменти, а брат Д Б да се напрега повеќе отколку што тоа му дозволуваат неговите сили. Сепак, иако брат Д Б направи сè што беше во негова моќ, не е остварено сè што можеше да се оствари ако во имаше интерес да се помогне тогаш кога тоа беше најпотребно. Страшна одговорност паѓа на таа црква што ја занемари својата должност. {3С 129.1}

Покажано ми е дека брат Х, делејќи го имотот на своите деца, се обиде на нив да ги пренесе и своите одговорности што не смееше да го направи. Тој сега гледа дека со тоа не ја зголеми љубовта ниту го придоби вниманието на своите деца. Овие наследници не чувствуваат никаква обврска кон своите родители за сè што тие направиле за нив. Бидејќи се уште млади и неискусни, тие не се во состојба да ги носат одговорностите кои на тој начин се пренесени на нив. Непосветени во срцето, тие ги сметаат своите вистински пријатели за непријатели, додека ги прифаќаат оние кои настојуваат да ги одвојат од нивните вистински пријатели. Тие сатански агенти постојано сугерираат лажни идеи на овие млади луѓе, создавајќи раздор помеѓу браќата и сестрите, и нивните родители. {3С 129.2}

Таткото Х направи сериозна грешка. Ако имаше повеќе доверба во сопругот на својата ќерка која искрено ја сака вистината и да ги прифатеше советите на поискусните луѓе кои беа подготвени да помогнат, можеа да бидат избегнати големи грешки. Но непријателот обично успева токму на овој начин, кога се работи за распределба на имотот. {3С 130.1}

Овие случаи се спомнати во склад со Божјата намера: за да можат сите да увидат какво погубно влијание има лажното богатство на човечкото срце. Неизбежните последици на ваквата постапка се очевидни и треба да послужат како сериозна опомена на родителите и на лакомите деца. Во Божјата реч лакомството се прикажува како идолопоклонство. Мажите и жените не можат во исто време да го држат Божјиот закон и својата љубов да ја подаруваат на парите и богатството на овој свет. Љубовта и наклонетоста на срцето треба да се насочуваат на она што е небесно. Ризница на нашето богатство треба да биде небото, бидејќи каде е нашето богатство, таму ќе биде и нашето срце. {3C 130.2}

Број дваесет и два

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

13. ПРАВИЛНО ВОСПИТУВАЊЕ

Работата на обликување на умот на младите е најчувствителна задача со која мажите и жените можат да се занимаваат. Најголемо внимание во воспитувањето на младите треба да се посвети на разновидноста на поучувањето, за да можат во нив да се поттикнат возвишените и благородни сили на умот. Родителите и учителите не се квалификувани да ги воспитаат децата ако сами претходно не ја совладале лекцијата за самоконтрола, трпение, добрина и љубов. Колку е значајна улогата на родителите, старателите и учителите! Малку се оние кои ги увидуваат најважните потреби на образованието и како треба да се управува со развојот на умот, мислите и чувствата на младите. {3C 131.1}

Има време за учење на децата и време за воспитување на младите, а на училиште е битно овие две дејности да се комбинираат во што поголема мера. Со обука, децата можат да се подготват или за служба на гревот или за служба на правдата. Со воспитување од најраното детство се формира карактерот на младите и за земниот и за верскиот живот. Соломон вели: „Учи го детето на патот по кој треба да оди, па нема да отстапи од него ниту кога ќе остари". Ова е јасно кажано. Поучувањето кое Соломон овде го препорачува значи дека децата треба да се воспитуваат, насочуваат и развиваат. За родителите и учителите да бидат успешни во оваа задача, тие самите мораат да го знаат „патот" по кој детето треба да оди. Тоа не е само знаење кое може да се стекне од книги. Тоа опфаќа сè што е добро, полно со доблести, праведно и свето. Тоа вклучува умереност, побожност, братска љубов и љубов кон Бога и ближниот. За да се оствари оваа цел, мора да се посвети посебно внимание на физичкото, умното, моралното и верското воспитување на децата и младите. {3C 131.2}

Воспитувањето и поучувањето на децата, и во семејниот круг и на училиште не смее да биде слично на дресирањето на немите животни; бидејќи овие деца имаат разумна волја, на чија контрола треба да ги потчинат сите свои сили. Немите животни мораат да

се дресираат, бидејќи не се надарени со разум и не знаат да мислат. Меѓутоа, човечкиот ум мора да се учи и привикнува на самоконтрола. Умот мора со обука да се привикнува да владее со човечкото суштество, додека животните се потчинуваат на контролата на еден господар и се привикнуваат да му бидат покорни. За своите животни господарот претставува и ум, и расудување и волја. И детето може да се воспитува така што, како некое животно, воопшто ќе нема своја волја. Дури и инвидуалноста на таквото дете може потполно да се изгуби во личноста на оној кој врши врховен надзор над неговото воспитување; неговата волја, сите негови намери и цели се подредени на волјата на неговиот воспитувач. {3С 132.1}

На децата и младите кои така се воспитуваат секогаш ќе им недостига морална сила и чувство на лична одговорност. Тие не се учени да се раководат со разум и начела. Нивната волја секогаш ја контролирал друг, а силите на умот никогаш не се активирани, ниту им била пружена било каква можност со вежба да се развијат и да зајакнат. Посебноста на нивната лична природа не е почитувана, и способностите на нивниот ум не се насочувани така за да ги напрегнат своите најјаки сили кога тоа ќе им затреба во животот. Учителите и воспитувачите не би смееле да запрат на тоа, туку посебно внимание треба да подарат на развој на послабите способности на своите ученици, за да можат сите сили на битието со вежба да зајакнуваат постепено, и за да се постигне соодветен сооднос во развојот. {3С 132.2}

Децата од многу семејства изгледаат добро воспитани додека се наоѓаат под дисциплина на воспитувачите. Меѓутоа, кога системот кој им претставувал правило, на некој начин ќе затаи или откаже, се покажува дека таквите деца не се способни да мислат, работат или да одлучуваат самостојно. Тие деца долго се држени под стегите на железни правила, и оневозможувани се самостојно да мислат и да постапуваат дури и во она што сосем им прилегало, така што подоцна немаат доверба во себе ниту смеат да се потпрат на својот суд или на свое лично мислење. И кога, излегувајќи од родителскиот дом, треба да постапуваат самостојно, тие лесно наседнуваат на расудувањето на другите и се заведуваат на погрешен пат. Тие се вообичаено со нестабилен карактер. Тие не биле ставени во положба да се зацврстат во своето расудување, и затоа нивните умни сили не се правилно развиени и зајакнати. Толку долго биле под апсолутна контрола на своите родители, така што потполно и во сè се потпреле на нив - родителите за нив и мислеле и одлучувале. {3С 132.3}

Од друга страна, младите не треба да се препуштат да мислат и постапуваат потполно независно од расудувањето на своите родители и учители. Децата и младите треба да се учат да го почитуваат расудувањето стекнато врз основа на лично искуство. Треба да се воспитуваат така што своето мислење и волја ќе ги ускладуваат со мислењето на своите родители и воспитувачи, и ќе ги наведат навистина да ја увидат исправноста и умешноста на прифаќањето на нивниот совет. Тогаш нивниот карактер и кога нема да биде веќе под контрола и раководство на постарите, нема да биде сличен на трска која ја ниша и свиткува секој ветер. {3С 133.1}

Строгото воспитување на децата и младите, без правилно насочување во склад со своите способности и возраст да работат и размислуваат самостојно, за во нив да се развие чувство на самопочит и доверба во сопствената способност за работа, најчесто создава умно и морално слаби личности. И кога така воспитани еднаш ќе се најдат сами пред светот, ќе се потврди фактот дека биле дресирани како животни, а не воспитувани

како деца. Нивната волја, наместо да биде водена и правилно насочена, била насилно ограничувана со грубата дисциплина на родителите и учителите. {3С 133.2}

Родителите и учителите кои се фалат дека имале потполна контрола над умот и волјата на децата кои биле под нивен надзор, би престанале со тоа фалење кога би можеле да го видат идниот живот на тие деца, кои насилно и со страв биле постојано потчинувани. Таквите речиси по правило ќе бидат неподготвени за тешките и сериозни животни должности. Кога таквите нема веќе да бидат под надзор на родителите и воспитувачите и кога ќе бидат принудени да мислат и да постапуваат самостојно, речиси е сигурно дека ќе тргнат по погрешен пат и ќе попуштат на силата на искушението. Тие доживуваат неуспех во земниот живот, а исти промашувања се гледаат и во нивниот верски и духовен живот. Кога воспитувачите на децата и младите би можеле да ги видат последиците на својот погрешен начин на воспитување во идниот живот на своите воспитаници, неодложно би го промениле својот начин на воспитување. Оние учители кои се фалат дека имаат речиси потполна власт над волјата на своите воспитаници не се најдобри учители, иако нивните привремени успеси можат да делуваат многу ласкаво. {3С 133.3}

Божја намера никогаш не била умот на едно човечко суштество да биде потполно под контрола на друг. И оние кои настојуваат индивидуалноста на своите ученици потполно да ја стопат во својата личност - тие да им претставуваат ум, волја и совест, преземаат на себе страшна одговорност. Таквите ученици можат, под одредени околности, да изгледаат како добро увежбани војници; меѓутоа, кога ограничувањата ќе се отстранат, ќе се види дека ним им недостига независност во работата и цврстина во начелото. Оние на кои цел им е своите ученици да ги воспитуваат така што тие ќе се осведочат дека во нив самите лежи сила која ќе ги направи мажи и жени цврсти во начелото, оспособени за секоја положба во животот, тоа се најуспешни и вистински корисни учители. Нивната работа можеби нема да изгледа толку корисна во очите на безгрижните набљудувачи, и нивните напори можеби нема да бидат ценети толку високо како работата на оној учител кој умот и волјата на своите ученици ги држел под свој апсолутен авторитет; но идниот живот на учениците ќе покаже кој воспитно-образовен систем бил подобар. {3С 134.1}

Постои опасност и родителите и посветените работници премногу да сакаат да заповедаат и диктираат, додека недоволно се дружат со своите деца и ученици. Тие често се држат премногу резервирано, и го наметнуваат својот авторитет со студени и непривлечни манири, со што срцата на децата и учениците не можат да се придобијат. Кога тие би ги собрале своите деца околу себе покажувајќи им со тоа дека ги сакаат и покажувајќи интерес за нивните напори, па дури и за нивните игри, однесувајќи се некогаш дури и како дете меѓу нив, тие би ги направиле своите деца многу среќни и би ја придобиле нивната љубов и доверба. На тој начин и децата побргу би научиле да го почитуваат и прифаќаат авторитетот на своите родители и учители. {3С 134.2}

Навиките и начелата на просветниот работник треба да се сметаат дури и за позначајни од неговите литерарни и стручни квалификации. Ако учителот е искрен и вистински христијанин, тој ќе чувствува потреба да се интересира за физичкото, умното, моралното и духовното воспитување на своите студенти. За да шири правилно влијание, тој мора совршено да владее со себе, а неговото срце мора да биде исполнето со вистинска љубов кон секој студент, што ќе се види и почувствува во неговиот поглед, зборови и постапки. Тој мора да има цврстина и постојаност на карактерот; и тогаш ќе

може да го обликува умот на своите студенти и да ги упатува на научни сознанија. Воспитувањето примено во најраното детство главно го обликува карактерот на младите за цел живот. Оние кои се занимаваат со воспитување и образование на младите треба да бидат многу внимателни, за да успеат нивните умни способности да ги насочат така што ќе можат да ги искористат на најдобар можен начин. {3C 135.1}

Ограниченост во училиштата

Системот на образование применуван на минатите генерации беше штетен за здравјето, па дури и за самиот живот. Многу деца и млади поминуваа по пет часа секојдневно во училници кои не беа ниту доволно проветрени ниту доволно пространи за удобно и здраво сместување на учениците. Воздухот во тие простории, набргу стануваше отровен за белите дробови на оние кои мораа да го вдишуваат. Малите деца, чии органи и мускули се уште нејаки, а мозокот неразвиен, се држени затворени во такви простории на штета на своето здравје. Многумина од нив беа толку нежни и слаби, и таквата ограниченост во училиштето на која беа изложени од ден на ден ги правеа нервозни и болни. Поради нервна исцрпеност, тие рудиментираат и во својот физички развој. И ако светилката на животот згасне, родителите и учителите сметаат дека со ништо директно не придонеле за гаснење на животната искра. Стоејќи покрај гробот на своето дете, ужалените родители гледаат на својата болна загуба како на посебна дозвола на Провидението, додека животот на детето е уништен со нивното погрешно постапување и незнаење за кое нема никакво оправдување. Да се припишува таква смрт на Божјото провидение претставува богохулење. Бог сака малите да живеат и да бидат добро воспитани, за со својот благороден христијански карактер да бидат на Негова слава и на слава на овој свет и во оној подобар иден свет. {3C 135.2}

Родителите и учителите, прифаќајќи ја одговорноста да ги воспитаат своите деца, не увидуваат дека се пред Бога исто толку одговорни да се запознаат со функционирањето на организмот, за да можат со своето знаење да го чуваат здравјето и животот на своите деца и своите ученици. Илјадници деца умираат поради такво незнаење на своите родители и учители. Мајките минуваат многу часови во непотребно украсување на облеката и за себе и за своите деца за да се фалат со тоа, а потоа се жалат дека немаат време за читање и не стигнуваат да стекнат информации неопходни за одржување на здравјето на своите деца. Тие сметаат дека е полесно грижата околу тоа да им ја доверат на лекарите. За да одат во чекор со модата и обичаите, многу родители го жртвуваат здравјето и животот на своите деца. {3C 136.1}

Да се запознаат функциите на чудесно создадената машинерија на човечкиот организам: коските, желудникот, панкреасот, срцето и порите на кожата, и да се сфати колку меѓусебната поврзаност на сите органи е битно за здравјето на организмот - тоа е студија за која многу мајки се потполно незаинтересирани. За меѓусебното влијание на телото врз умот, или на умот врз телото, тие не знаат ништо. Големото значење и улога на умот, кој ги ограничува човечките суштества и ги поврзува со бесконечниот Бог, тие изгледа воопшто не го сфаќаат. Секој орган на телото е создаден за да му се покорува на умот. Умот, како престолнината во една земја, е водечка сила во телото. На децата им се дозволува да јадат месни производи, путер, сирење, свинско месо, богати торти и

разни зачини. Покрај тоа што храната им е нездрава, им се дозволува да јадат кога не е време за јадење и помеѓу оброците. Со тоа се нарушува работата на желудникот, неприродно се надразнуваат нервите, а силите и способностите на умот слабеат. Родителите не сфаќаат дека на тој начин сеат семе кое донесува болест и смрт. {3C 136.2}

Многу деца се упропастени за цел живот затоа што со претерано учење занемариле да ги зацврстат своите физички сили. Многу мали деца отишле во гроб поради непромислено постапување на родителите и наставниците кои, или со ласкање или со страв, го преоптоварувале нивниот млад ум во време кога биле премногу млади за на училиште. Нивниот ум бил оптоваруван со поуки во време кога сè уште не требало ниту да ги запишуваат на училиште, туку требало да се задржуваат од тоа сè додека нивната физичка конституција не биде доволно силна за такви умни напори. Малите деца треба да се пуштат слободно и среќно да трчаат како јагнињa во отворена природа. Треба да им се овозможи во најповолни околности да положат темел за здрава и силна конституција. {3C 137.1}

До осмата или десеттата година од животот, на децата единствени учители треба да им бидат нивните родители. Колку што нивниот ум е во состојба тоа да го сфати, родителите треба да ја отвораат пред нив големата Божја книга на природата. Мајката треба помалку љубов и внимание да подарува на вештачкото украсување на домот и во подготвување на раскошна облека, за да имаат време и во себе и во своите деца да будат љубов за нежните пупки и миризливото цвеќе. Свртувајќи го вниманието на своите деца на разновидноста на боите и облиците, може да ги запознае со Бога Кој го создал сето тоа толку прекрасно и толку привлечно. На тој начин таа може да ги насочи нивните мисли кон Творецот и во нивното младо срце да пробуди љубов кон Него. Во сè што е создадено, родителите можат да им укажуваат на своите деца на Бога како на Создател. Единствена училница за деца до осум или десет години живот треба да биде слободното движење во природа, на чист воздух, во цвеќето и прекрасните глетки на природната декорација, а најпознат учебник треба да им биде ризницата на природата. Поуките втиснати во мислите на малото дете опкружено со пријатни и привлечни сцени од природата, нема лесно да се заборават. {3C 137.2}

За децата и младите да бидат здрави, весели и живи (подвижни), за нивните мускули и умни сили складно да се развиваат, тие треба што повеќе да се наоѓаат на чист воздух и да имаат правилно распоредено време за занимање и забава. Децата и младите кои постојано се врзани за училиштето и книгите, не можат да имаат силна физичка конституција. Ако мозокот постојано е принуден на тешки напори, без соодветно физичко движење, крвта надоаѓа во мозокот и циркулацијата на крвта по организмот не е рамномерна. Мозокот прима премногу крв, а крајните органи на рацете и нозете премалку. Треба да се постави правило со кое учењето на учениците и студентите ќе се сведе на одреден број на часови, а останатото ќе се посвети на физичка дејност. И ако своите навики во поглед на јадењето, облекувањето и спиењето ги ускладат со природните закони, тие ќе можат да се посветат на учење, а со тоа да не го загрозат ниту физичкото ниту умното здравје. {3C 137.3}

Физичко опаѓање на човечкиот род

Првата Мојсеева книга дава потполно одреден извештај за животот на општеството и поединците во првиот период од земската историја; а сепак никаде не наоѓаме запис дека некое дете се родило слепо, глуво, деформирано или малоумно. Не е забележен ниту еден случај на природна смрт на новороденче, дете во период на развој или пак на човек во млади години. Немаме дури ниту запис дека мажите и жените умирале од болест. Објавувањата за смртта забележана во Битие гласи вака: „Така поживеа Адам деветстотини и триесет години и умре". „Така поживеа Сит деветстотини и дванаесет години и умре". За другите (кои живееле подоцна) е забележано: „Живееше до длабока старост и умре". Била голема реткост син да умре пред таткото и таквиот случај е сметан толку исклучителен што било потребно и да се забележи: „И умре Аран пред својот татко Тара во својата земја, во Ур Халдејски". Аран бил исто така татко пред својата смрт. {3С 138.1}

Бог го надарил човекот со толку голема животна сила, што веќе шест илјади години им се спротивставува на сите можни болести кои го снаоѓаат како последица на изопачените навики. Самиот факт е доволен доказ со колкава сила и енергија Бог го надарил човекот при неговото создавање. За болеста во поголема мера да го зафати човечкиот род, требало да поминат повеќе од две илјади години попуштање на злото и на ниските страсти. Ако Адам, при создавањето, не бил надарен со витална сила дваесет пати поголема отколку што е силата на денешниот човек, човечкиот род, со своите денешни навики и кршење на природните закони, веќе би престанал да постои. Во време на првото Христово доаѓање, човечкиот род се изопачил толку бргу, што намножувањето на болестите кои ја снаоѓале таа генерација претставувало поплава на болка и неискажани страдања. {3С 138.2}

Прикажана ми е тажната состојба на светот во наши денови. Човечкиот род уште од времето на Адамовиот пад сè повеќе се изопачува. Покажани ми се некои од причините поради кои сегашната состојба на мажите и жените, создадени според Божјо обличје, е толку тажна. И кога ќе помислам колку би морало да се направи за да се спречи барем до извесна мера таквата состојба на физичко, умно и морално опаѓање, срцето ме боли и просто малаксува. Бог не го создал човечкиот род во вака бедна состојба во која денес се наоѓа. Оваа денешна состојба не е дело на Божјото провидение, туку дело на човекот; тоа е предизвикано од лошите навики и разни злоупотреби, од кршењето на законите кои Бог ги одредил да владеат со човечкото постоење. Со попуштање на апетитот Адам и Ева прво ја изгубиле својата возвишена и среќна состојба на светост. Попуштањето на тоа исто искушение го доведува целиот човечки род во ваква состојба на слабост и немоќ. Луѓето дозволуваат над нив да царува апетитот и страстите, потчинувајќи го разумот и секое расудување. {3С 139.1}

Кршењето на природните закони и човечките страдања и болести како неминовна последица на тоа траат толку долго што мажите и жените ја сметаат сегашната состојба на општеството - во кое преовладуваат болести, страдања, неотпорност на организмот и прераната смрт - како неминовна судбина на човештвото. Човекот од раката на Творецот излегол толку совршен, со толку прекрасен облик и толку полн со животна сила, така што требало да поминат повеќе од илјада години за на него да се забележат последиците од изопачениот апетит и страсти и од општото кршење на природните закони. Како што минувало времето, така товарот на деформации и болести сè потешко

се чувствува од генерација во генерација. Попуштањето на апетитот и сетилните страсти сè повеќе ги слабее човековите животни сили. {3C 139.2}

Патријарсите од Адам до Ное, со неколку исклучоци, доживувале речиси по илјада години. Од Ноевите денови, должината на човековиот век сè повеќе се скратува. Болните кои за време на Христовиот живот на земјата биле донесени кај Него од сите градови, села и населби, страдале од сите можни болести. А во текот на генерациите кои следеле по тој период, болестите се во постојан пораст и сè повеќе земаат замав. Поради постојаното кршење на животните закони, смртноста страшно се зголемува. Човечкиот век толку се скратил, така што луѓето на денешните генерации заминуваат во гроб во старост во која луѓето од оние поколенија, кои живееле неколку илјада години по создавањето, штотуку стапувале на сцената на делувањето. {3C 139.3}

Болестите, со генерации, наследно се пренесуваат од родителите на потомството. Уште во колевка децата често се принудени да боледуваат и страдаат поради гревовите на своите родители, со кои нивните животни сили се толку ослабнати. Своите лоши навики во јадењето, облекувањето и општата неумереност во својот живот, тие ги пренесуваат во наследство на своите деца. Многумина се раѓаат умоболни, деформирани, слепи, глуви и со многу тешки умствени нарушувања. Зачудувачко е отсуството на начелото кое ја карактеризира оваа генерација, а кое особено се манифестира во непочитувањето на законите на животот и здравјето. Непознавањето на овој предмет преовладува во сите општествени слоеви, иако светлината блеска насекаде околу нив. Најважна грижа на повеќето луѓе е: „Што ќе јадеме, што ќе пиеме и во што ќе се облечеме". И покрај сè што е кажано и напишано како треба да постапуваме со своето тело, општо земено, апетитот е голем закон кој владее со човечките склоности. {3C 140.1}

Моралните сили се ослабени затоа што мажите и жените не се подготвени да живеат во послушност на законите на здравјето и да ја прифатат таа голема цел како лична должност. Своите изопачени навики и одвратни болести кои ја трујат крвта и ги слабеат силите на мозокот, родителите ги оставаат во наследство на потомството. Повеќето луѓе, игнорирајќи ги законите на своето битие, попуштаат на апетитот и страстите на сметка на умот и моралот, како намерно да не сакаат да знаат за последиците од престапувањето на природните закони. Тие попуштаат на расипаниот апетит со користење на отрови кои бавно делуваат, кои ја расипуваат крвта и ја поткопуваат силата на нервниот систем, изложувајќи се на тој начин на болести и смрт. Нивните пријатели и роднини ги нарекуваат последиците од ваквиот животен избор волја на Провидението. Тоа е навреда за небото. Бунтувајќи против законите на природата, тие мораат да сносат казна поради злоупотреба на тие закони. Страдањата, тешките болести и смртта сега преовладуваат на сите страни, особено меѓу децата. Колку е голема спротивноста помеѓу ова поколение и генерациите кои живееле за време на првите две илјади години! {3C 140.2}

Значењето на домашното воспитување

Јас запрашав дали оваа поплава на зло не може да запре и да се направи нешто младите на ова поколение да се спасат од пропаста која им се заканува. Покажано ми е дека голема причина за оваа навистина жална состојба се наоѓа во тоа што родителите

не се чувствуваат должни да ги доведат своите деца во послушност на природните закони. Мајките ги сакаат своите деца со идолопоклоничка љубов и им попуштаат на нивните барања, иако знаат дека со тоа го загрозуваат нивното здравје и ги изложуваат на опасност од болест и несреќа. Оваа сурова добрина во голема мера ја манифестира денешното поколение. Желбите на децата се исполнуваат на штета на нивното здравје и карактер, бидејќи на мајката ѝ е полесно да им попушта, отколку да им го ускрати она што гласно го бараат. {3C 141.1}

На тој начин мајките сеат семе кое ќе никне и ќе донесе свој род. Децата и младите со воспитување не се подготвуваат да се откажат од апетитот и да ги ограничат своите желби. Така тие стануваат себични, самоволни, непослушни, неблагодарни и несвети. Мајките кои вака работат, со горчина ќе ги жнеат плодовите од она што го посеале. Тие грешат и против небото и против своите деца и Бог ги смета одговорни за тоа. {3C 141.2}

Ако системот на воспитување во минатото бил спроведен на поинаква основа, младите на ова поколение не би биле толку изопачени и недоверливи. Управителите и просветните работници во училиштата треба да бидат тие кои, знаејќи што значи физиологијата, ќе ги заинтересират студентите не само да го проучуваат како предмет, туку и практично да го применат стекнатото знаење на други. Покрај училиштата би требало да се подигаат разни занаетчиски работилници во кои студентите покрај учење би имале можност и на неопходно движење. {3C 141.3}

Активноста и разонодата на студентите треба да се усклади со природните закони и да се приспособат така што тоа ќе одговара на нивното телесно и душевно здравје. На тој начин, додека стекнуваат литерарно образование, ќе имаат можност да се упатат и во практичните знаења од деловниот живот. Во младите за време на школувањето треба да се пробуди чувство на морална свест, за да увидат и да почувствуваат дека општеството со право смета на нив, дека се должни да живеат во послушност на природните закони, за со својот живот и влијание, добар пример и поука да бидат на корист и благослов на другите. На младите треба постојано да им се предочува фактот дека секој од нив има свое влијание кое постојано делува во општеството, влијание кое ги поправа и ги издигнува другите, или пак ги понижува и ги прави уште полоши. Прво што младите треба да научат е да се запознаат себеси и да знаат како да го сочуваат своето здравје. {3C 142.1}

Многу родители ги држат своите деца во училиште речиси цела година. Тие деца механички го минуваат цел материјал предвиден со наставната програма, но не го запомнуваат она што го научиле. Интелектуалниот живот на тие постојани студенти изгледа многу сиромашен. Монотоното продолжување на студиите го заморува умот и тие покажуваат многу слаб интерес за она што го учат. Од прекумерно читање на книги многумина и се разболуваат. Тие немаат внатрешна љубов кон учењето ниту било каква амбиција за стекнување на знаење. Студиозното размислување и истражување ним никогаш не им станува навика. {3C 142.2}

На децата им недостига правилно домашно воспитување кое би ги оспособило да станат корисни членови на човештвото. Меѓутоа, секој напор со кој се издига интектуалната култура над моралното воспитување е погрешно насочен. Упатувањето, поправањето и облагородувањето на децата и младите треба да биде најважна должност и на родителите и на просветните работници. Оние кои знаат логично да размислуваат и правилно да расудуваат се многу малку, затоа што со лошите влијанија

се попречува развојот на интелектот. Претпоставката на родителите и учителите дека умот зајакнува со постојано учење, ќе се покаже како заблуда, бидејќи во многу случаи се постига спротивен ефект. {3C 142.3}

Многу родители и учители не сфаќаат дека во раното воспитување на децата најмногу внимание треба да се посвети на физичкиот развој на детето, за да се осигура здрава кондиција на телото и умот. Постои обичај децата да се праќаат на училиште додека практично се бебиња на кои им е неопходна мајчина љубов и нега. Во толку чувствителен период на развојот, малите се натрупани во непроветрени училници каде што, седејќи на лошо конструирани седишта, се принудени постојано да го држат телото во неповолна и неправилна положба. Како неминовен резултат на тоа, на младиот и нежен склоп на детето доаѓа до деформации. {3C 143.1}

Склоностите и навиките на младите многу често се манифестираат и во времето на зрелост. Младото дрво можете со свиткување да го доведете во речиси секој облик кој ќе го посакате; и ако го принудите да расте во таква положба, тоа ќе остане деформирано и секогаш ќе сведочи за повредата и злоупотребата нанесена од вашата рака. По повеќегодишно растење во таква положба, вие можете да се обидете повторно да го исправите дрвото, но секој таков напор ќе се поткаже потполно неуспешен. Сличен е случајот со умот на младите. Тие мораат многу внимателно и нежно да се воспитуваат во детството. Со начинот на воспитување тие можат да се насочат или во добра или во погрешна насока; и во својот иден живот тие најчесто продолжуваат по патот на кој се упатени во детството и младоста. Навиките стекнати во младоста со текот на времето стануваат сè посилни. {3C 143.2}

Ние живееме во време кога речиси сè е површно. Има многу малку цврстина и стабилност во карактерот затоа што воспитувањето и обуката на децата од самата колевка било површно. Зградата на нивниот карактер е градена на нестабилен песок, а самооткажување и самоконтрола воопшто не е вградувана во нивниот карактер. Ги галеле и во сè им попуштале до таа мера што станале речиси потполно неспособни за практичен живот. Љубовта кон задоволствата стекнува контрола над умот, а на децата толку им се ласка и во сè им се попушта на нивна пропуст. Младите треба да се учат и воспитуваат така што искушенијата, тешкотиите и опасностите кои животот неминовно ги донесува, нема воопшто да ги изненадат. Треба да се научат да владеат со себеси, сами да се контролираат, благородно да ги поднесуваат тешкотиите. И ако самоволно не се изложуваат на опасности, ако без потреба не истрчуваат на патот на искушенијата, ако бегаат од лошото влијание и дружењето со расипници, и тогаш кога неминовно се принудени да се наоѓаат во друштво на таквите, тие ќе имаат сила да се залагаат за она што е правилно, да ги чуваат начелата и, благодарение на Божјата сила, да останат морално неосквернавени. Ако младите кои примиле добро воспитување го направат Бога своја надеж, нивните морални сили ќе ја издржат и најтешката проба. {3C 143.3}

Меѓутоа, многу малку родители се свесни за фактот дека нивните деца се токму такви какви што тие ги направиле со својот пример и дисциплина и дека затоа не се одговорни за развојот на карактерот на своите деца. Кога родителите како христијани ќе ја прифатат Христовата волја во срцето, тие би ја послушале заповедта на небесниот Учител: „Најнапред барајте го Божјото царство и Неговата правда, а сè друго ќе ви се додаде". Кога оние кои тврдат дека се Христови следбеници само би го послушале ова, тие би им покажале, не само на своите деца, туку и на сите неверници околу себе вистински пример на библиската вера. {3C 144.1}

Кога христијанските родители би живееле во склад со барањата на својот божествен Учител, тие би се придржувале кон едноставност во исхраната и облекувањето, и би живееле повеќе во склад со природните закони. Тие не би посветувале толку време на таков живот, преземајќи ги на себе грижите и товарите кои Христос не им ги наменил, туку напротив бара да ги одбегнуваат. Кога на родителите на прво место би им било Божјото царство и Неговата праведност, тие не би го пропуштиле своето драгоцено време во непотребно надворешно украсување, додека духовниот и умен развој на нивните деца е речиси потполно занемарен. Кога драгоценото време кое го посветуваат на облекување на своите деца за да изгледаат однадвор убави, би го посветиле на размислување како во сè да им пружат правилни поуки, родителите би направиле подобро, многу подобро. Поминувајќи го драгоценото време на милост во облекување, посети и празни разговори, родителите не придонесуваат за спасување и среќа ниту за себе ниту за своите деца. {3C 144.2}

Многу родители се жалат дека немаат време културно да се издигнуваат, да ги воспитуваат своите деца за практичните животни должности или да ги поучуваат како да станат јагништа на Христовото стадо. Непроценливата вредност на погрешно пропуштеното време, таквите родители ќе го сфатат дури кога пред Бога, Јагнето и светите ангели ќе бидат повикани да положат конечна сметка. Многумина дури тогаш ќе увидат дека со својот погрешен став ја одредиле судбината на своите деца. Не само што за себе не ги заслужиле зборовите на Христовото одобрување: „Добро извршено, добар и верен слуго, влези во радоста на својот Господар," туку ќе слушнат и како на нивните деца се искажуваат страшните зборови за осуда „Бегајте од Мене!" Со тоа нивните деца засекогаш ќе бидат исклучени од радоста и среќата на небото и од Христовото присуство. Зборовите: „Добро извршено, добар и верен слуго," Христос никогаш нема да им ги упати на оние кои не го заслужиле тоа со верниот живот на самооткажување и самопожртвуваност за добро на другите и на слава на Неговото име. Оние, кои наместо да прават добро на другите, живеат за да си угодат себеси, ќе се соочат со бескрајна загуба. {3C 145.1}

Кога родителите би можеле да сфатат колку тешка и сериозна одговорност преземаат на себе со воспитувањето на своите деца, тие би посветувале многу повеќе време на молитва, а многу помалку на непотребниот раскош и фалење. Посесрдно, со длабоко размислување и проучување, би му се молеле на Бога за Негова мудрост и соработка за во своите деца да развијат карактер кој Тој може да го одобри и прифати. Во воспитувањето на своите деца и младите, желбите не им биле насочени кон тоа тие да стекнат чест и пофалба во овој свет, туку да ги изградат оние прекрасни особини на карактерот кои Бог може да ги одобри. {3C 145.2}

Потребни се срдечни молитви за небесна мудрост за да знаеме правилно да ги насочуваме мислите на младите, бидејќи од насочувањето кое родителите ќе им го наметнат на умот и волјата на своите деца, зависи многу. Да се урамнотежи нивниот ум со правилно насочување и во вистински момент - е најважна задача, бидејќи нивната вечна судбина може да зависи од само една одлука донесена во критичен момент. Колку затоа е важно умот на родителите да биде што послободен од збунувачките и исцрпувачки грижи на земниот живот, за да можат смирено, разумно и во љубов да размислуваат, придавајќи на спасението на своите деца најголемо внимание и значење! Внатрешното украсување треба да биде највисок идеал кон кој треба да стремат родителите во воспитувањето на своите деца. На посетителите и странците, родителите

никогаш не треба да дозволат да им го крадат времето, кое како најголем животен капитал им го должат на своите деца, давајќи им трпеливо секојдневни поуки за да можат правилно да го насочат нивниот умствен развој. {3C 146.1}

Животот е премногу краток за да се минува во празни и неважни диверзии, во бескорисни посети, во непотребно украсување на телото или во некои возбудливи забави. Не смееме неискористено да го пропуштаме времето кое ни е од Бога дадено за добро на другите и за собирање на богатство на небото. Време за извршување на неминовните должности не преостанува многу. Мораме да посветиме време на облагородување на сопственото срце и умот за да се оспособиме за своето животно дело. Запоставувајќи ги тие основни животни должности и прилагодувајќи се на навиките и обичаите на светот, ние правиме големо зло и на самите себе и на своите деца. {3C 146.2}

Мајките чија должност е со воспитување да го обликуваат умот и карактерот на младите, не смеат да бараат среќа и расположение во возбудливите забави на овој свет. Пред нив е значајна животна задача, и тие не смеат да го минуваат своето време на недоличен начин. Времето е еден од многу значајните таленти кој ни е од Бога доверен и за кој ќе мораме да полагаме сметка. Губењето на време е губење на разумот. Умните сили мораат постојано да се облагородуваат. Должност на мајките да ги облагородуваат своите умни сили и да го држат своето срце чисто. Тие треба да ја користат секоја можност за свое морално и умно усовршување, за да можат што подобро да се оспособат за воспитување на своите деца. Оние кои им попуштаат на своите склоности постојано да бидат во друштво на другите, бргу стануваат нервозни кога таквото друштво им недостига. Таквите мајки немаат способности да се прилагодат на приликите. Светите домашни должности ним им изгледаат премногу прости и неинтересни. Тие не се ниту малку склони кон самоиспитување и самодисциплина. Нивниот ум копнее по разновидност, возбудливи сцени и световност. За да им угодат на таквите свои склоности, тие ги запоставуваат децата; а ангелите записничари покрај нивните имиња запишуваат: „Бескорисни слуги”. Нашиот ум, според Божјата намера, не треба бесцелно да скита, туку во животот треба да биде искористен за добро. {3C 146.3}

Кога родителите би сфатиле дека воспитувањето на децата за корист во световниот живот им е од Бога дадена должност, кога тие на тој начин би го украсувале внатрешниот храм на душите на своите синови и ќерки, би виделе во општеството голема промена на подобро. Тогаш не би ни постоела толку голема незаинтересираност за практична побожност и не би било толку тешко да се пробудат моралните чувства на децата за да ги сфатат барањата кои Бог ги има во однос на нив. Меѓутоа, родителите стануваат се повеќе безгрижни во воспитувањето на своите деца за корисна активност. Многу родители им дозволуваат на децата да стекнат лоши навики и да се раководат според сопствените склоности, не предочувајќи им ги опасностите на кои се изложуваат на тој начин и потребата да се раководат според начелата. {3C 147.1}

Децата често почнуваат нешто да работат со воодушевување, но тоа толку бргу им здосадува и тогаш тие бараат промена и прифаќаат нешто друго. Така прифаќаат неколку потфати и наидувајќи на помали тешкотии, оставаат сè. И така, преоѓајќи бргу од едно на друго, не завршуваат ништо. Родителите не би смееле да дозволат склоноста за постојани промени потполно да загосподари со нивните деца. Не би смееле толку, оддавајќи се на било што друго, да не најдат време за трпеливо дисциплинирање на младиот ум во развој. Неколку зборови на охрабрување или мала помош во вистинскиот

момент може да им помогне на децата да ги совладаат настанатите тешкотии и обесхрабрување, а задоволството кое произлегува од успешно извршената работа ги поттикнува ва нови и уште поголеми напори. {3C 147.2}

Токму поради тоа што никогаш не им се упатува по некој збор на охрабрување и мала помош во нивните напори, многу деца и млади стануваат малодушни и склони кон чести промени. Тој свој тажен недостаток тие често го повторуваат и во годините на зрелост. Таквите луѓе не успеваат речиси во ништо за што ќе се нафатат, бидејќи не научиле да останат истрајни и под обесхрабрувачки околности. Така, животниот век на многумина претставува неуспех, затоа што во младоста не биле правилно дисциплинирани. Воспитувањето примено во детството и младоста остава траен печат не само на нивната деловна кариера во животот на зрелост, туку и на нивниот верски живот. {3C 148.1}

Физичката работа - потреба на учениците

Во сегашниот образовен систем, вратата на искушението е отворена пред младите. Иако мораат да поминат многу часови во учење, тие имаат и многу часови кога не работат ништо. Тие слободни часови често се користат на лесноумен начин. Знаењето за лошите навики се пренесува со меѓусебен контакт од едни на други, и порокот постојано се зголемува. Многу момчиња кои во семејството примале верско воспитување, и кои на училиште тргнале релативно невини и чесни, се расипуваат со дружење со изопачени и порочни другари. Тие ја губат самопочитта и ги жртвуваат начелата на благородност. Тогаш веќе се подготвени да продолжат морално надолу, бидејќи совеста веќе толку им отапела, така што гревот и не изгледа толку одвратен. Тие зла би можеле во голема мера да отстранат кога учењето би се комбинирало со корисна работа. Исти зла постојат и во високите училишта, само во уште поголема мера, бидејќи многу млади потонале во порок и нивната совест е потполно нечувствителна. {3C 148.2}

Многу родители ги прецену ваат добрите особини и постојаноста на своите деца. Тие не увидуваат дека и нивните деца се изложени на лажното влијание на своите порочни другари. Тие родители стравуваат кога ги праќаат своите деца на училиште во некое друго место, но се тешат со мислата дека им дале добро домашно и верско воспитување и дека така во високото училиште ќе останат верни на своите начела. Многу родители имаат само бледа претстава за тоа колкава расипаност постои во тие образовни институции. Овие родители често напорно работат и се изложуваат на големи лишувања за да им овозможат на своите деца да го завршат високото образование. Но многумина по толку напори мораат да доживеат горчливо искуство дека децата им се враќаат од студиите со порочни навики и уништено здравје. Тие деца често веќе не покажуваат почит кон своите родители, неблагодарни се и непосветени. Овие несреќни родители, така наградени од своите неблагодарни деца, го оплакуваат својот пропуст што на тој начин ги изложиле на искушението да им се вратат како физички, умни и морални инвалиди. Разочарани во своите надежи и со скршено срце, тие гледаат како тие деца на кои толку полагале надеж, продолжуваат по патот на порок и живеат еден мизерен живот. {3C 149.1}

Но има и такви кои остануваат цврсти во начелата, оправдувајќи ги надежите и очекувањата на своите родители и учители. Тие низ целиот тек на школување минуваат

со чиста совест и од сето тоа излегуваат во добро здравје и неизвалкани од изопачувачките влијанија. Но бројот на таквите е мал. {3C 149.2}

Има студенти кои потполно се посветуваат на своите студии, и сите свои напори ги сосредоточуваат на стекнување на знаење. Тие работат со мозокот, но дозволуваат нивните физички сили да останат потполно неактивни. Така мозокот се преоптоварува со работа, додека мускулите слабеат, не работејќи речиси ништо. И кога ќе ги завршат студиите, станува очевидно дека стекнале знаење по цена на животот. Учеле ден и ноќ, година за година, постојано напрегајќи го само умот, додека развојот на мускулите со соодветна вежба, потполно го запоставиле. Тие жртвувале сè што имале за стекнување на знаење и заминуваат во своите гробови. {3C 149.3}

Младите девојки често се посветуваат на студиите, занемарувајќи ги притоа другите гранки на воспитувањето, кои за практичниот живот се дури и поважни од самото изучување на книги. И откако ќе стекнат одредено образование, тие често остануваат инвалиди за цел живот. Тие го загрозуваат своето здравје, задржувајќи се премногу во затворени простории, лишени од чист воздух и од Бога дадената сончева светлина. Тие девојки можеа разумно да го завршат своето школување, доколку со студиите разумно ја комбинирале и домашната работа и движењето на отворено. {3C 150.1}

Здравјето е големо богатство. Тоа е најдрагоцен имот кој смртниците можат да го имаат. Богатството, почестите или знаењето се прескапо платени ако поради тоа мора да се жртвува здравјето. Ниту едно од овие достигнувања не може да нè направи среќни, ако немаме здравје. Страшен грев е да се злоупотребува здравјето кое ни е од Бога дарувано; бидејќи секоја злоупотреба на здравјето нè прави немоќни во животот и губитници, какво и образование да стекнеме на сметка на тоа! {3C 150.2}

Во многу случаи родителите кои се имотни во материјален поглед не увидуваат од колкаво значење е децата, покрај стекнување на научно образование, исто така да бидат добро упатени и во практичните домашни должности. Тие не сфаќаат колку, поради духовниот и морален живот на нивните деца и нивното идно добро, е важно тие да им пружат јасна претстава за корисноста од работата. Тоа е во интерес на нивните синови и ќерки за во случај на несреќни околности, да можат да останат во благородна независност од другите, знаејќи како да ги користат сопствените раце. Кога располагаат со капитал на здравје и физичка сила, тие не мораат да бидат сиромашни, дури и ако во рацете немаат ниту еден денар. Се случува оние кои во младоста живееле во големо изобилство, да бидат лишени од сè и да бидат принудени сами да се издржуваат и себеси и родителите и целото семејство. Колку тогаш е важно младите благовремено да се научат на корисна работа, за да бидат подготвени за секое изненадување. Богатството е навистина право проклетство доколку тоа синовите и ќерките на оние кои го поседуваат ги спречи да научат корисни занимања кои можат да ги оспособат за практичен живот. {3C 150.3}

Оние кои не се принудени да работат, често не се движат ниту толку колку што е неопходно за физичкото здравје. Младите луѓе кои не ги користат своите раце и мозок во активно занимање, стекнуваат улично воспитување скитајќи по кафеаните, пушат, пијат и играат карти. {3C 150.4}

Изговарајќи се дека поради нежното здравје не се за активна работа, девојките и младите жени најчесто читаат романи. Нивната слабост е последица на неактивноста и

потполно запоставување на мускулите кои Бог им ги подарил. Тие сметаат дека се премногу чувствителни за грубите домашни работи, но затоа со задоволство везат и се занимаваат со безначајни ситници, чувајќи ја така нежната кожа на своите раце, додека преоптоварените мајки мачно се напрегаат со перење и пеглање на нивната облека. Таквите девојки и млади жени не се христијанки, бидејќи ја престапуваат петата Божја заповед. Тие не ги почитуваат своите родители. Но токму мајките се најмногу виновни за тоа. Тие им дозволуваат на своите ќерки да ги пронајдат сите можни изговори за одбегнување на домашните работи, сè додека тие работи не им станат потполно одвратни, и тие наоѓаат уживање само во удобноста и безделничењето. Тие јадат, спијат, читаат измислици и зборуваат за модата, додека животот им минува без некаква цел. {3С 151.1}

Сиромаштијата во многу случаи претставува благослов, бидејќи го спречува деморализирањето и упропастувањето на младите и децата со неработење. Треба да се негуваат и правилно развиваат не само умствените сили туку исто така и физичките сили на младите. Одржувањето на цврста и силна конституција кај своите деца, за да се развијат во здрави мажи и жени, треба да биде прва и постојана грижа на родителите. Младите треба да се научат да работат во интерес на нивното физичко здравје и морална добробит, дури и ако тоа не им е неопходно поради материјално издржување. Ако сакаат да развијат чист и благороден карактер, мораат да се привикнуваат на корисна и правилно распоредена работа, при што рамномерно се активираат сите мускули. Душевното задоволство кое на децата и младите им ја создава свеста дека биле корисни и дека, откажувајќи се од нешто, им помогнале на другите - ќе им ја донесе најголемата радост која некогаш ја почувствувале. Зошто имотните луѓе си го ускратуваат и себеси и на своите деца овој голем благослов? {3С 151.2}

Родители, имајте го на ум фактот дека неактивноста претставува најголемо проклетство за младите. Не дозволувајте им на своите ќерки наутро предоцна да стануваат, минувајќи ги во постела драгоцените моменти кои Бог им ги подарил за да ги искористат во најдобра цел, и за кои ќе мораат да Му положат сметка. Мајката им нанесува на своите ќерки голема штета кога ги ослободува од товарите и одговорностите кои, во цел на своето сегашно и идно добро, би требало да ги носат заедно со неа. Дозволувајќи им на своите деца да се оддаваат на потполна неактивност, посветувајќи го своето време само на читање на романи, родителите ги прават неспособни за вистинскиот живот. Читањето на новели и измислени приказни е најголемо зло на кое се оддаваат младите. Читањето на романи и љубовни приказни никогаш не ги подготвува младите за добри и практични мајки. Тие sидаат кули во воздух и живеат во еден имагинарен свет. Стануваат пречувствителни и вообразено болни. Тие рудиментираат во својот умствен развој, иако можеби си ласкаат себеси дека се над сите останати. Активното учествување во домашните работи претставува најголема благодат за младите девојки. {3С 151.3}

Физичката работа не го попречува развојот на умните способности; напротив, предностите стекнати со физичка работа создаваат рамнотежа и го спречуваат претераното оптоварување со умствени напори. Напорите се пренесуваат на мускулатурата и така се растоварува исцрпениот мозок. Многу немарни и бескорисни девојки сметаат дека на една отмена девојка не и прилега да се занимава со активна работа. Меѓутоа, нивниот карактер е премногу провиден за да може да се измами една разумна личност во поглед на нивната вистинска вредност. Тие се смешкаат, кикотат и

толку се извештачени како да не можат да изговорат ниту еден збор јасно и природно, туку сè што ќе кажат е нејасно изговорено и е проследено со кикотење. Дали тоа се отмени девојки? Тие не се родени толку несериозни туку станале такви со воспитување. Извештаченоста, неподготвеноста да им се помогне на другите, претерувањето во облекувањето - не претставуваат отменост. Здравото тело бара и здрав ум. Добро урамнотеженият ум никогаш нема да ја негира потребата од физичка работа и практичното познавање на сите домашни должности - на девојката и се потребни и едното и другото. {3C 152.1}

За да можат мажите и жените да бидат со добро урамнотежен ум неопходно е да ги развиваат и користат сите свои умни способности. Светот е преполн со едностранi мажи и жени кои станале такви затоа што користат само еден вид на способности, додека другите рудиментираат поради неактивност. Поголемиот дел од младите погрешно се воспитува. Тие теоретски премногу учат, додека го запоставуваат само она што ќе им треба во практичниот деловен живот. Многумина стануваат родители, не сфаќајќи воопшто какви одговорности преземаат на себе и нивното потомство паѓа уште подлабоко на скалата на човечката непотполност и недостатоци. Така човечкиот род бргу се изопачува. Постојаното учење, кое сега се практикува по училиштата, ги прави младите неспособни за практичниот живот. На човечкиот ум му е неопходна активност. Ако не се насочи во добра насока, тој ќе се активира во погрешна. За да се сочува урамнотеженоста на умот, во училиштата треба да се комбинира учењето и работата. 3C 152.2}

Системот на воспитување и образование во минатото требало да се постави на поширока основа. Покрај училиштата треба да се подигаат земјоделски имоти и занаетчиски работилници. Учителите се должни да ги упатуваат студентите во домашните работи. Еден дел од времето секој ден треба да се посветат на практична работа, за да можат и физичките и умните сили и способности да се развијат рамномерно. Ако училиштата беа така уредени, денес не би имале толку поединци со неурамнотежен ум. {3C 153.1}

Бог подготвил за Адам и Ева за една прекрасна градина. Ги снабдил со сè што било корисно за задоволување на нивните реални потреби. Тука имало разновидни плодоносни стебла под товарот на прекрасните плодови. Со Својата дарежлива рака ги опкружил со изобилство на благослови. Корисните и прекрасни дрва и цвеќињата кои спонтано растеле насекаде околу нив, не пропаѓале. Адам и Ева навистина биле имотни и среќни. Едем бил нивна сопственост. Адам бил господар на сиот прекрасен имот. Никој не може да го оспори фактот дека тој бил имотен. Меѓутоа, Бог видел дека Адам не може да биде во потполност среќен без некое корисно занимање. Затоа му дал нешто да работи - да ја обработува градината. {3C 153.2}

Кога мажите и жените во ова време на изопаченост располагаат со поголема количина на земно богатство - кое, во споредба со рајските убавини подарени на имотниот Адам, не претставуваат ништо - тие мислат дека би го понижила нивното достоинство и во тој дух ги воспитуваат и своите деца. Така имотните родители ги учат своите деца и со поука и со пример дека парите ги прават благородни и отмени. Меѓутоа, нашата претстава за благородноста и отмеността треба да се мери со умствените и моралните вредности. Бог не ги цени луѓето според нивната облека. Апостол Петар во вдахновение советува: „Вашата убавина да не биде однадвор во плетење на косите, и во украсување со злато и сребро и во облекување на разни облеки;

туку сокриениот човек на срцето во непропадливиот украс на кроткиот и мирен дух, што е од голема вредност пред Бога”. Вредноста на кроткиот и тивок дух не може да се мери со никакви почести ниту со богатствата на овој свет. {3С 153.3}

Со параболата за богаташот кој ги срушил сите свои амбари и изградил нови за да има место каде да го смести своето богатство, Христос покажува како Тој ги цени богатите на овој свет кои горделиво се издигнуваат во срцето поради својот земен имот. Заборавајќи на Бога, богаташот не увидува од каде му е сето тоа што го поседува. Тој не изразува никаква благодарност на својот милостив Добродетел. Во оддавањето на слава и честитањето на самиот себе, тој вели: „Душо, имаш многу имот за многу години; јади, пиј, весели се”. Господарот, кој му го дал сето ова со цел да ги усреќи своите ближни и да послужи на слава на Неговото име, разгневен од ваквата неблагодарност рекол: „Безумнику, оваа ноќ ќе ја земам твојата душа, а она што го подготви чие ќе биде? Така е со секој оној кој стекнува богатство за себе, а не се богати во Бога”. Овде можеме да видиме по што бесконечниот Бог го цени човекот. Никаква среќа, положба и богатство на овој свет не му донесуваат на човекот Божја наклонетост ниту Негово одобрување. Сето тоа човекот го добива од Бога за да го развие својот карактер и за да се увиди што му е во срцето. {3С 154.1}

Луѓето можат да имаат огромно богатство; па сепак, ако не се богатат во Бога, ако не се грижат за стекнување на небесно богатство и божествена мудрост, Творецот ги нарекува безумници, и ние треба да ги препуштиме на Неговиот суд. Работата е вистински благослов. Без работа не е можно да се доживее вистински благослов на здравјето. Сите способности треба рамномерно да се употребуваат за да можат правилно да се развиваат и за да можат мажите и жените да бидат со урамнотежен ум. Ако младите беа поучувани во текот на своето школување на сите гранки на дејност, ако покрај стекнување на сознание беа упатувани и на практична работа, нивното образование би било многу покорисно. {3С 154.2}

Постојаните умствени напори, додека мускулите остануваат потполно неактивни, го слабеат нервниот систем и студентите чувствуваат речиси несовладлива желба за промена и возбудливи забави. И кога по секојдневната настава, на која се принудени по неколку часа секој ден напорно да учат, ќе бидат пуштени на слобода, тие речиси здивуваат. Многу од студентите не биле под никаква контрола во своите домови. Им било дозволено непречено да се поведуваат по своите склоности. Тие ги сметаат часовите на учење како мачен товар. И бидејќи по училишните часови немаат со што да се занимаваат, сатаната им сугерира како промена спорт и разни палавости. Таквите со своето влијание деморализираат и други. Оние студенти кои имаа среќа да стекнат верско знаење во кругот на семејството и на кои пороците на општеството им се непознати, често најмногу се дружат со оние чиј начин на размислување е формиран на значително пониско духовно ниво и чии предности за стекнување на верски и умствен развој се многу ограничени. Тие се наоѓаат во опасност, дружејќи се со таквите и вдишувајќи ја атмосферата која морално не издигнува туку понижува, и сами да паднат на ниското ниво на своите другари. Да се има што повеќе време во слободните часови, за повеќето студенти претставува вистинско задоволство. Многумина од нив, кои од своето семејно опкружување излегуваат невини и чисти, ги изопачува друштвото на кое наидуваат на училиште. {3С 155.1}

Бев наведена да се запрашам: Зар во цел на школување на нашите млади мора да се жртвува сè што е во нив вредно и добро? Ако покрај нашите училишта се отворани и

училници со земјоделска и занаетчиска насока, каде што соодветни учители би ги упатувале младите во разни гранки на учење и дејност; посветувајќи секој ден еден дел од времето на умствена работа, а еден дел на физички напори, денес би имале поблагородна категорија на млади кои треба да излезат на сцената на дејноста и да влијаат на оформување на општеството. Многу од младите кои би завршиле такви училишта, би излегле од нив постабилни и со поцврст карактер. Тие би биле истрајни, храбри и одлучни во совладувањето на тешкотии и толку принципиелни што не се поведуваат по лошото влијание, колку и да е тоа популарно. Во училиштата, покрај останатиот персонал, треба да постојат и искусни учителки кои ќе ги упатуваат младите девојки во вештината на добро готвење. Младите девојки треба да научат како се крои и поправа облеката и на тој начин да се оспособат за практичните животни должности. {3C 155.2}

За момчињата треба да се организира изучување на разни занаети, при што тие ќе мораат да ги активираат своите мускули исто така како и своите умни сили. Ако младите имаат можност да стекнат само едностранo образование, што е тогаш позначајно: стекнување на научни сознанија - или пак стекнување на сознанија за работата, толку корисна за практичниот живот? Ние без колебање одговараме: ова последното. Ако едно од спомнатите мора да се запостави, тогаш подобро тоа да биде изучување на книги. {3C 156.1}

Има многу девојки кои се мажат и основаат семејство, но кои имаат многу мало практично знаење за должностите на сопруга и мајка. Тие се подготвени нешто да читаат, да свират на некој музички инструмент, но не се оспособени да готват. Тие не знаат да замесат и подготват добар леб, што е многу важно за здравјето на семејството. Не знаат да скројат и сошијат облека, бидејќи никогаш не го научиле тоа. Сето тоа го сметале неважно и сега во брачниот живот во сето тоа зависат од други како да се мали деца. За таквото незнаење во поглед на најосновните животни должности не може да се најде изговор, тоа ги прави несреќни многу семејства. {3C 156.2}

Сфаќањето дека работата делува понижувачки на животот на современите луѓе однело во гроб илјадници од нив, кои сè уште можеле да живеат. Оние кои се занимаваат само со физичка работа често претеруваат во тоа, не дозволувајќи си себеси ниту малку одмор; додека интелектуалците го преоптоваруваат мозокот и страдаат од недостаток на здрава животна енергија која се стекнува со физички напори. Кога интелектуалците барем во извесна мера би ги презеле товарите на оние кои се занимаваат со физичка работа, јакнејќи ги на тој начин своите мускули, тогаш припадниците на работничката класа би имале помалку обврски, а повеќе време за своето умствено и морално издигнување. Оние кои се занимаваат со литерарна работа и својата работа ја извршуваат главно седејќи, треба со нешто и физички да се занимаваат, иако таквата работа не им е потребна како средство за издржување. Здравјето треба да им биде доволен мотив на својата умствена работа да ги соединат и физичките напори. {3C 156.3}

За да имаме добро урамнотежени и складно развиени мажи и жени, треба да се комбинира развојот на умствените, моралните и физичките сили. Некои се поспособни за вложување на поголема интелектуална сила од другите, додека другите се наклонети да ја сакаат и да уживаат во физичката работа. Двете од овие класи треба да настојуваат да се подобрат во она што им недостига, за да можат да го посветат целото свое битие на Бога како жива, света и Нему угодна жртва, кое е нивната разумна служба. Навиките

и обичаите на современото општество не треба да им бидат правило според кое ќе се раководат. Апостол Павле во вдахновение додава: „Не се прилагодувајте според овој век, туку променете се со обновување на својот ум, за да можете да ја препознаете добрата, угодна и совршена Божја волја”. {3C 157.1}

Оние кои се занимаваат со интелектуална работа премногу го напрегаат својот ум. Своите умствени сили тие често расипнички ги трошат, додека од друга страна има и такви на кои физичката работа им е највисока цел во животот. Овие последниве воопшто не ги вежбаат силите на својот ум. Нивните мускули постојано се во движење, додека на мозокот му се ускратува интелектуалната сила, исто како што и интелектуалците со постојани умствени напори ја ускратуваат силата и крепоста на телото, занемарувајќи го движењето и употребата на мускулите. Оние кои се согласуваат да се занимаваат само со физичка работа и им препуштаат на другите да мислат за нив, додека тие само ги извршуваат налозите и плановите на другите, ќе имаат силни мускули, но нивните умни способности ќе останат неразвиени. Нивното влијание на добро е незначително во споредба со она какво што би можело да биде кога би го користеле својот мозок толку колку и мускулите. Таквите почесто и полесно им подлегнуваат на нападите на болестите, бидејќи на нивниот организам недостигаат виталните сили на мозокот неопходни за спротивставување на болестите. {3C 157.2}

Луѓето кои се физички силни и здрави треба да се привикнуваат и да мислат со своја глава и да постапуваат и да не зависат од другите да мислат за нив. Распространета е заблудата дека работата е понижувачка. Поради тоа младите копнеат по повисока наобразба за да станат учители, службеници, трговци и адвокати, и подготвени се за било кое занимање само да не мораат физички да работат. Девојките и младите жени ги сметаат сите домашни работи и должности понижувачки. И иако физичкото движење е условено со извршување на домашните должности, доколку не е претерано, е многу корисно за здравјето, сепак тие копнеат за образование кое ќе им овозможи да станат учителки или службенички, или ќе се определат за некој занает кој ќе ги принуди постојано да седат во затворен простор. Цветот на здравјето исчезнува од нивното лице и често се мета на разни болести токму затоа што им недостига физичко движење и што имаат воглавном изопачени навики. За да бидат модерни во сето тоа, тие постојано копнеат по некаква префинетост која само им донесува немоќ и постојано здравствено опаѓање. {3C 158.1}

Вистина, има извесно оправдување што младите жени не се согласуваат работите на домаќинка да ги прифатат како професија, бидејќи оние кои изнајмуваат готвачки, обично ги третираат како слугинки. Работодавците најчесто не ги почитуваат и со нив постапуваат како да не се достојни да бидат членови на нивното семејство. Им ги ускратуваат предностите кои обично и ги укажуваат на шнајдерката, секретарката или наставничката по музика. Меѓутоа, ниту едно од овие занимања не е толку значајно како работата на домаќинката. За да се подготви добра и здрава храна и вкусно да се постави на масата, потребни се разумност и искуство. Подготвувајќи храна која ние ја јадеме, од која се создава нашата крв и се исхранува целиот наш организам, готвачката зазема најзначајна и највозвишена положба. Улогата на службеничка, шнајдерка или професор по музика не може да се изедначи по значењето и важноста со улогата на готвачката. {3C 158.2}

Од сето ова се гледа што би можело да се постигне со правилно насочен систем на образование. Времето е премногу кратко за да се надополни сè што е пропуштено во

претходните генерации. Сепак, дури и во овие последни денови може да се направи многу за да се исправат постоечките погрешни сфаќања во воспитување на младите. И бидејќи време има сè помалку, да се заложиме најревно во воспитувањето на младите да бидеме доследни на својата вера. Ние сме реформатори и сакаме студиите на кои ги праќаме нашите деца навистина да бидат од корист. За да го постигнеме тоа, треба да им се пружи такво занимање кое бара активност не само на умот туку и на мускулите. Секојдневната систематска работа треба да претставува составен дел од воспитувањето на младите, дури и во ова последно време. Со поврзување на корисната работа со учењето во нашите училишта сè уште може многу да се направи. Придржувајќи се кон тој план, студентите ќе стекнат еластичност на духот и бистрина на мислите, и во даден момент ќе бидат поспособни за умствени напори отколку да се ограничеле само на учење. Тие од училиштето можат да излезат со неоштетено здравје, подготвени храбро, силно и со истрајност да одговорат на секоја должност која Бог ќе им ја одреди во Своето провидение. {3С 158.3}

Бидејќи времето е толку кратко, мораме да работиме трудољубиво и со двојно поголема енергија. Нашите млади можеби никогаш нема да посетуваат колеџ, но можат и треба да стекнат одредено образование во рамките на оние знаења кои се важни за корисен живот и врз основа на кои ќе можат практично да ги употребат своите умни и физички способности. Многу малку има млади кои, иако завршуваат високи училишта, не примаат вистинско воспитување кое би можеле практично да го употребат во животот. Тие можат да уживаат глас за да стекнат високо образование, но всушност се само школувани незнајковци. {3С 159.1}

Има многу млади луѓе чија служба Бог би ја прифатил ако безрезервно би Му се посветиле Нему. Ако своите умни сили, кои ги употребуваат во служба за себе и за стекнување на земен имот, би ги употребиле во служба на Бога, би можеле да бидат ревни, истрајни и успешни работници во Неговото лозје. Многу од нашите момчиња треба да посветат повеќе внимание на проучување на Светите Списи, за да може Бог да ги употреби во Своето дело. Меѓутоа, тие многу поголемо внимание посветуваат на минливите интереси туку на стекнување на духовно знаење; затоа не успеваат во Божјото дело да учествуваат на начин кој Бог би можел да го прифати. Малкумина од нив се подготвени да ги предупредуваат грешниците и да доведуваат души кај Христа, додека би требало да ги има многу. Во прашањата и интересите на овој свет нашите млади, општо земено, се многу поупатени отколку во прашањата за Божјото царство. Тие би можеле да ги насочат своите мисли на она што е небесно и божествено и чекор по чекор да напредуваат во светлина и сила, сè додека не бидат во состојба да ги обратат грешниците кон Христа и на неверните и малодушните да им укажуваат на блескавата патека која води во небото; за кога ќе заврши борбата и самите да можат да бидат примени во радоста на својот Господар. {3С 159.2}

Младите не треба да се впуштаат во објаснување на Светите Списи и држење на предавања за пророштвата сè додека добро не се запознаат со значајните библиски вистини кои се обидуваат да им ги објаснат на другите. Можеби им недостигаат некои знаења од најосновните училишни предмети и затоа не успеваат да го направат она што би можеле ако ја имале предноста на добро школување. Незнаењето не ја зголемува понизноста ниту духовноста на оние кои тврдат дека се Христови следбеници. Вистините на Божјата реч најдобро може да ги цени образован и просветен христијанин. Христа најдобро можат да го прославаат оние кои разумно Му служат. Голема цел на

воспитувањето е оспособувањето на секој од нас со силите кои ни ги дал Бог да ја прикажеме верата на евангелието на најдобар начин и што повеќе да придонесеме за слава на Неговото име. {3C 160.1}

На Оној Кој ни го дава животот му ги должиме сите таленти кои ни се доверени; и тој долг нè обврзува да ги негуваме и усовршуваме примените таленти. Со воспитување умот се дисциплинира, а неговите сили се развиваат и насочуваат така што можеме успешно да ги употребиме на слава на Бога. Нам ни се неопходни училишта во кои идните проповедници ќе можат да ги запознаат барем основните области на образование и да го усовршуваат своето знаење за вистините на Божјата реч за ова време. Тука треба да се држат посебни предавања за пророштвата. За оние кои навистина имаат способности и кои Бог може да ги прифати како работници во Своето лозје, би било многу корисно во таквото училиште да поминат барем неколку месеци. {3C 160.2}

14. ЗДРАВСТВЕНАТА РЕФОРМА

На десетти декември 1871. година повторно ми беше покажано дека здравствената реформа е една од гранките на големото дело со кое народот треба да се подготви за второто Христово доаѓање. Здравствената реформа е толку тесно поврзана со пораката на Третиот ангел како раката со телото. Законот од десет Божји заповеди се запоставува и гази, но Господ нема да ги казни престапниците на Својот закон, а претходно да не им упати порака на предупредување и опомена. Таа порака ја објавува Третиот ангел. Ако луѓето секогаш беа послушни на тој закон живеејќи според начелата кои се пропишуваат во него, проклетството на болестите кои денес го преплавуваат светот не би постоело воопшто. {3C 161.1}

Кршејќи ги природните закони со тоа што попуштаат на својот изопачен апетит и телесни желби, мажите и жените во исто време го престапуваат и Божјиот закон. За да сфатиме колкав грев е да се престапуваат законите кои Тој ги поставил во нашето битие, Господ ни дал светлина за здравствената реформа. Сите наши радости или страдања произлегуваат од послушноста или пак непослушноста кон законите на природата. Нашиот милостив небесен Татко ја гледа сета длабочина на несреќата во која живеат луѓето, некои свесно, а повеќето несвесно, престапувајќи ги законите кои самиот Тој ги воспоставил. И во Својата љубов и сомилост кон човечкиот род Тој ни дава светлина за здравствената реформа. Тој го објавил Својот закон, но и казната која неминовно го следи престапувањето на истото, за да можат сите да живеат во склад со законите на природата. Својот закон Тој го објавил толку јасно и го прави толку впечатлив, што изгледа како град кој стои на гора. Секое со разум надарено суштество може да го сфати тоа ако сака. Одговорни нема да бидат само оние на кои им недостига здрав разум. Да се објаснат законите на природата и да се нагласува значењето на покорувањето на истите - тоа е делото кое ја следи пораката на Третиот ангел со цел да се подготви еден народ за Господовото доаѓање. {3C 161.2}

Адам и Ева паднале поради неумереност во желбата за јадење. Доаѓајќи на овој свет, Христос се спротивставил на најтешките искушенија и во име на човечкиот род, ги победил токму тие барања, покажувајќи со тоа дека и човекот може да стане победник. Како што Адам со падот во поглед на апетитот го загубил блаженството на Едем, така

Аврамовите деца, благодарение на Христа, можат да го победат апетитот и со умереност во сè повторно да го стекнат Едем. {3С 161.3}

Незнаењето повеќе не претставува изговор за кршење на законот. Светлината денес јасно блеска и никој не мора да остане во незнаење, бидејќи сам Бог му дава упатства на човекот. Сите до кои допрела светлината се врзани со најсвета обврска пред Бога да обрнат внимание на здравата филозофија и вистинското искуство кое Тој сега им го дава во поглед на здравствената реформа. Тој сака за големиот предмет на здравствената реформа да се размислува, во јавноста да се пробуди длабок интерес и истражување во врска со тоа прашање; бидејќи невозможно е додека луѓето не се ослободат од своите грешни и нездрави навики кои се исцрпувачки за мозокот - да ја увидат и распознаат светата вистина со која треба да се посветат, облагородат, издигнат и удостојат за друштвото на светите ангели во царството на славата. {3С 162.1}

Жителите на светот во времето на Ное биле уништени затоа што се изопачиле со попуштање на расипаниот апетит. Жителите на Содом и Гомор биле уништени поради задоволување на неприродните барања кои им го помрачиле умот до таа мера што не правеле разлика помеѓу светите Божји барања и незаситните барања на апетитот. Тоа подоцна ги направило вистински робови на страстите и станале толку дрски и животински понижени во својата изопаченост и одвратност, така што Бог веќе не можел да ги трпи на Земјата. И безбожништвото на Вавилон Бог го припишува на алчноста и пијанството на неговите жители. {3С 162.2}

Апостол Павле ги опоменува и храбри верниците: „Ве молам браќа, поради Божјата милост да го дадете своето тело во жива, света и угодна жртва на Бога; тоа да биде ваше духовно богомолство". Според овие зборови, луѓето можат да се обесветат со грешното задоволување на своите барања. А кога се несвети, луѓето се неподготвени за „духовно богомолство" и недостојни за небото. Прифаќајќи ја светлината за здравствената реформа која Бог им ја дава во Својата милост, луѓето можат да се посветат со вистината и да се удостојат за бесмртност. Но ако тие ја отфрлаат таа светлина и продолжуваат со својот начин на живеење да ги кршат законите на природата, тие мораат да ги сносат предвидените казни. {3С 162.3}

Бог го создал човекот совршен и свет. Но поради престап на Божјиот закон човекот ја изгубил својата света и возвишена положба. По тој пад, болестите и страдањата кои донесуваат смрт сè повеќе земаат замав. Меѓутоа, иако човекот тешко го навредил својот Творец, Божјата љубов кон човечкиот род сè уште не престанува; и Тој на луѓето им упатува светлина за да можат да увидат дека можат да водат совршен живот само ако живеат во склад со природните закони кои владеат со неговото битие. Затоа од најголема важност е тие да знаат како треба да живеат за да можат да ги употребат своите физички и умни сили на слава на Бога. {3С 162.4}

На човекот не му е можно да го даде своето тело на жива, света и угодна жртва на Бога додека се оддава на навики кои ги нарушуваат неговите физички, умни и морални сили, само затоа што сега тоа е вообичаено во светот. Апостолот додава: „Не се прилагодувајте според овој век, туку променете се со обновување на својот ум, за да можете да ја препознаете добрата, угодна и совршена Божја волја". Додека седејќи на Маслинската гора, давал упатства на Своите ученици во поглед на знаците кои треба да претходат на Неговото доаѓање, Христос нагласил: „Како што беше во времето на Ное, така ќе биде и при доаѓањето на човечкиот Син. Зашто како што пред потопот јадеа и

пиеја, се женеа и мажеа до оној ден кога Ное влезе во ковчегот и не почувствуваа додека не дојде потопот и не однесе сè; така ќе биде и при доаѓањето на човечкиот Син". {3С 163.1}

Истите гревови поради кои Божјиот гнев се спуштил на светот во деновите на Ное постојат и во нашите дни. Современите мажи и жени своето јадење и пиење го изедначуваат со алчност и пијанство. Овој толку распространет грев, попуштањето на изопачениот апетит ги распламтил страстите на луѓето од времето на Ное и водел до сеопшта изопаченост, сè додека нивното претерување и злосторства не допреле до небото и Бог одлучил со потоп да ја исчисти Земјата од нејзината морална расипаност. {3С 163.2}

Истите гревови на јадење и пиење ја умртвиле моралната чувствителност на жителите на Содом, така што злосторствата станале наслада за мажите и жените на тој безбожен град. Христос го предупредува светот: „Како што беше во деновите на Лот: јадеа, пиеја, купуваа, продаваа, садеа, сидаа; а во денот кога излезе Лот од Содом, удри оган и сулфур од небото и уништи сè. Така ќе биде и во оној ден кога ќе се појави Синот човечки". {3С 163.3}

Христос овде ни остава многу значајна поука. Во Своето учење Тој никогаш не го поттикнувал безделничењето. Неговиот пример е спротивен на тоа. Христос бил ревен работник. Неговиот живот бил олицетворение на самооткажување, трудољубивост, истрајност и штедење. На ставот дека јадењето и пиењето треба да се сметаат поважни од сè друго, Тој укажува како на опасност која им се заканува на многумина. Тој ги открива неизбежните последици од попуштањето на апетитот и барањата. Моралните сили стануваат сè послаби, така што гревот веќе не изгледа како грев. Пред злосторството се затвораат очите, а ниските страсти го контролираат умот сè додека општата изопаченост не ги искорени вистинските начела и побуди и додека не дојде дури и до богохулење. Сето тоа се последици на прекумерното оддавање на јадење и пиење. Тоа е верна слика на општествената состојба за која Тој рекол дека ќе претходи на Неговото второ доаѓање. {3С 164.1}

Дали мажите и жените ќе бидат предупредени? Ќе сакаат ли да ја прифатат светлината или ќе продолжат да му робуваат на апетитот и ниските страсти? Христос пред нас поставува нешто повозвишено за што треба да се залагаме, а не само да мислиме што ќе јадеме или пиеме и во што ќе се облечеме. Во јадењето, пиењето и облекувањето толку се претерува, така што тие станаа вистински злосторства кои ги обележуваат гревовите на последните денови и претставуваат еден од знаците на скорото Христово доаѓање. Времето, парите и силата кои му припаѓаат на Бога, а нам ни се доверени само како дарови, се трошат на непотребно украсување во облекувањето и претерувањето во попуштањето на изопачениот апетит, што само ги слабее животните сили и донесува страдање и предвремена смрт. Нашето тело не може да претставува жива и света жртва на Бога додека е полно со изопаченост и болести предизвикани со грешното попуштање на апетитот. {3С 164.2}

За да го сочуваме здравјето, треба да знаеме и како треба да јадеме и пиеме и како да се облекуваме. Болестите се предизвикани со кршење на здравствените закони; тоа се неизбежни последици од престапувањето на природните закони. Прва должност која треба да ја чувствуваме кон Бога, кон себе и кон ближните е послушност и покорување на Божјите закони, кои ги опфаќаат и законите за здравјето. Кога сме

болни, ние претставуваме дополнителен товар за своите пријатели и онеспособени сме за исполнување на своите должности кон семејството и кон ближните. А кога предвремената смрт ќе настапи како неизбежен исход од нашето кршење на природните закони, тогаш нанесуваме болка и страдање на другите, ги лишуваме членовите на своето семејство од утеха и помош кои сме можеле да им ги пружиме, а на Бога му ја скратуваме службата која со право ја очекувал од нас во слава на Своето име. Зар тогаш не сме престапници на Божјиот закон во најлоша смисла? {3С 164.3}

Меѓутоа, Бог е полн со милост, добрина и сочувство, и кога светлината ќе допре до оние кои со грешно попуштање го нарушиле своето здравје, кога тие ќе се осведочат за гревот, ќе се покајат и ќе побараат прошка, Тој ја прифаќа бедната жртва која му се приложува и ја прима. О, колку нежно милосрдие со кое Тој не го одбива остатокот од злоупотребениот живот на грешникот кој страда, но и кој се кае! Во Својата бескрајна милост, Тој ги спасува и таквите како жар од оган. Но колку недолични и бедни жртви, во најдобар случај, се принесуваат на чистиот и свет Бог! Благородните способности се парализирани со лошите навики на грешно попуштање. Желбите се изопачени, а душата и телото се осакатени. 3С 165.1}

15. ЗДРАВСТВЕНИОТ ИНСТИТУТ

Големото дело на реформа мора да напредува. Здравствениот Институт во Батл Крик е подигнат со цел да се исцелуваат болните, да се шири светлината, да буди дух на истражување на вистината и да поттикнува реформа. Таа институција се заснова на принципи кои се разликуваат од принципите на било која друга здравствена институција во оваа земја. На пријателите и раководителите на овој Институт парите не им се главна цел. Тие поаѓаат од верскиот став, раководејќи се според совеста и желбата тука да се применуваат начелата на библиската хигиена. Повеќето институции од овој вид се засноваат на поинакви начела, тие се конзервативни и цел им е да им излезат во пресрет на половина пат на сите популарни слоеви и својот начин на работа да го насочуваат така што со стекнување на покровителство на имотните ќе обезбедат што повеќе пари. {3С 165.2}

Здравствениот институт во Батл Крик е заснован на цврсти верски принципи. Неговите водечки луѓе го признаваат Бога како вистински сопственик. Лекарите и помошниот персонал имаат цел да работат совесно и во Божји страв и секогаш да бараат Негово водство. Поради тоа Институтот стои на сигурни темели. Кога болните ќе се осведочат дека директорите, управителите, лекарите и болничарите во овој Институт го имаат пред очите Божјиот страв, тогаш тука се чувствуваат посигурно отколку во популарните институции од сличен вид. {3С 166.1}

Кога оние кои работат во Здравствениот Институт во Батл Крик би отстапиле од чистите и возвишени принципи на библиската вистина, имитирајќи ги во теорија и пракса оние кои раководат со слични институции - каде што болните се лекуваат само за пари и каде што на целиот тој проект не се гледа од возвишен верски став - тогаш во Институтот не би можел да се очекува посебен Божји благослов. Најголем придонес на оваа институција, според Божјата намера, треба да биде духовното усовршување на народот пред Бога. За се достигне тоа совршенство, мажите и жените мораат да имаат и физички и умни сили за да ги сфатат возвишените вистини на Божјата реч и да бидат

доведени во положба да ги увидат недостатоците на својот карактер. За да можат да бидат во пријателство со Бога, треба сериозно да се реформираат. Христовата вера не смее да се потиснува во втор план ниту нејзините свети начела смеат да се спуштаат за да се наиде на одобрување на извесни општествени слоеви, колку и да се тие популарни. Ако критериумот на вистината и светоста се спушти, намерата која Бог ја има за ова институција, нема да се оствари. {3C 166.2}

Меѓутоа, ние со пациентите не треба да дискутираме за особеностите на нашата вера. Нивниот ум не треба без потреба да се возбудува со расправа за прашањата во кои се разликуваме, освен ако тие сами не го побараат тоа; а и тогаш е потребна голема внимателност за умот на болниот да не се возбудува со наметнувачко истакнување на особеностите на нашата вера. Здравствениот Институт не е место каде што треба да се расправа за оние точки на нашата вера во кои се разликуваме од останатиот христијански свет. На Институтот се одржуваат молитвени часови на кои можат да присуствуваат сите кои сакаат; меѓутоа, постојат многу прашања од областа на библиската вера за кои може да се зборува, не потегнувајќи ги спорните прашања во кои се разидуваме. Со премолчувачкото влијание понекогаш се постигнува повеќе отколку со отворена расправа. {3C 166.3}

Некои од почитувачите на саботата сметаат дека и на молитвените часови треба да им се овозможи да зборуваат за саботата и за пораката на Третиот ангел, зашто во спротивно би биле ограничени. Тоа е обележје на ограниченоста на умот. Пациентите кои не се запознаени со нашето учење немаат поим што значи пораката на Третиот ангел. Употребата на тие изрази без јасно образложување на истите, донесува само штета. Ние треба да им пријдеме на луѓето на нивен терен, а притоа да не жртвуваме ниту едно начело на вистината. Состаноците за молитва ќе се покажат како благослов не само за пациентите, туку и за лекарите и за помошниот персонал. Кратките и интересни часови за молитва и јавно богослужение ја зголемуваат довербата на пациентите во нивните лекари и болничари. Помошниот персонал не треба да се лишува од тие состаноци поради нивните работни обврски, освен ако тоа не е неопходно. Ним им се неопходни такви состаноци и треба да присуствуваат на нив. {3C 167.1}

Со редовно присуствување на такви состаноци пациентите стекнуваат доверба во Институтот и се чувствуваат слободни како да се во својот дом. Така се подготвува патот семето на вистината да фати корен во нивното срце. Тие состаноци се посебно интересни за оние кои тврдат дека се христијани, а остваат поволен впечаток и на оние кои не се. Се зголемува меѓусебната доверба, додека предрасудите губат на интензитет, а во многу случаи и потполно исчезнуваат. Потоа се буди желба да се присуствува на саботните состаноци. Тука, во Божјиот дом, е вистинско место да се зборува за нашите верски чувства. Тука проповедникот може јасно да зборува за битните точки на сегашната вистина и во Христов Дух на љубов и сомилост да се нагласува неопходноста од покорување на сите Божји барања, дозволувајќи ѝ на вистината да ги осведочи срцата слушателите. {3C 167.2}

Покажано ми е дека во Институтот може да се направи и повеќе ако во него се наоѓаат благородни лекари со правилно насочување, вистинска култура и потполно разбирање за сè што спаѓа во должност на лекарот. Лекарот мора да има многу трпение, љубезност и сочувство. Овие особини нему му се навистина неопходни во постапувањето со напатените инвалиди кои заболеле со телото, а многумина и со

телото и со духот. Не е ниту малку лесно да се изврши правилен избор на мажи и жени оспособени за тоа место, кои складно, ревно и несебично ќе се залагаат за напатените болни. На Институтот му се неопходни луѓе кои во Божји страв ќе можат да помагаат не само на телесно болните, туку да ја истакнуваат здравствената реформа од верска гледна точка. {3C 167.3}

Оние кои се ангажираат во ова дело треба да бидат посветени на Бога. Нивна цел не треба да биде само грижата за телото и борбата против болестите, како што обично го прават популарните лекари, туку и да бидат духовни татковци, да го лекуваат умот, и на душите заболени од гревот да им укажуваат на најсигурниот лек - на Спасителот Кој умрел за нив. Оние чии сили болеста ги намалила и ослабнала, страдаат не само во една смисла. Душевните страдања нив ги мачат многу потешко отколку физичките болки. Многумина чувствуваат грижа на совеста и до нив не може да се допре само со начелата на библиската вера. {3C 168.1}

Кога несреќниот парализиран човек од Капернаум бил на носилки донесен кај Спасителот, случајот бил толку итен што не смеело да се одложува ниту еден момент, бидејќи телото веќе почнало да се распаѓа. Кога оние кои го донеле на одарот увиделе дека е невозможно да се дојде до Христа, тие го отвориле покривот на куќата и го спуштиле болниот заедно со постелата пред Него. Спасителот ја видел и во потполност ја сфатил неговата состојба. Тој исто така знаел дека овој тежок болен повеќе страда од душевни отколку од телесни маки. Знаел дека неговите гревови биле најголем товар кој го мачел со месеци. Масата насобрани речиси без здив очекувала да види како ќе постапи Христос во овој речиси безнадежен случај, и со вчудоневидување ги слушнала Христовите зборови: „Не плаши се синко, ти се простуваат твоите гревови". {3C 168.2}

Тоа биле најдрагоцените зборови кои можеле да допрат до увото на овој несреќен патник, бидејќи товарот на гревот толку страшно го притискал, така што никогаш не можел да најде никакво олеснување. Христос го подигнал товарот кој толку тешко го притискал овој несреќник: „Не плаши се синко;" Јас, твојот Спасител, дојдов да простувам гревови. Колку бргу се променило бледото лице на овој страдалник! Надежта го заземала местото на мрачното очајување, а мирот и радоста местото на страшното сомневање и длабока потиштеност. Дури кога на душата ѝ се вратени мирот и среќата, можеле да бидат отстранети и телесните страдања. Следно што се слушнало од Христовите божествени усни по изјавата „ти се простуваат твоите гревови," било: „Стани и оди". Во напорот да се покорат на волјата, безживотните и бескрвни раце добиваат живот. Крвта во потполно здрава циркулација почнува да струи низ неговите вени; оловната боја на неговото лице исчезнува и наместо неа се појавува руменило на здравјето. Органите кои со години одбивале да се покорат на волјата, сега се полни со живот, а исцелениот паралитичар пред масата насобрани ја зема својата постела и си заминува дома, славејќи го и фалејќи го Бога. {3C 168.3}

Ова е запишано нам за поука. Лекарите кои сакаат во лекувањето на болните да имаат успех треба да знаат како да им служат на душите на заболените. Ако со полна доверба се потпрат на Бога, тие можат да имаат силно влијание на добро. На некои инвалиди прво треба да им се олеснат болките за да може да се допре и до нивните души. По укажаното олеснување на телото, лекарот често може со повеќе успех да апелира на совеста и тогаш срцето станува поприемчиво за вистината. Постои опасност оние кои работат во Здравствениот институт да ја изгубат од вид целта поради која

адвентистите на седмиот ден ја подигнале оваа установа и во својата работа да поаѓаат од светскиот став, угледувајќи се на други институции од сличен вид. {3C 169.1}

Ние не сме го подигнале Здравствениот институт за да заработиме пари, иако и парите се неопходни за да може институцијата успешно да функционира. Сите треба да учествуваат во штедењето, за да не се трошат напразно средства. Но за вложување во разни помагала со кои што е можно повеќе ќе се олесни работата на помошниот персонал, а особено на лекарите, секогаш треба да има доволно пари. Управата на Институтот треба да може да си ја дозволи онаа опрема која ќе помогне за успешно лекување на болните. {3C 169.2}

Кон пациентите треба да се однесуваме со најголема љубов и сочувство. Но лекарите сепак мораат да бидат одлучни, не дозволувајќи во начинот на лекување пациентите да им ја наметнуваат својата волја и да диктираат. Одлучноста од стана на лекарот е неопходна за доброто на самите пациенти. Меѓутоа, таа одлучност, мора да биде исполнета со учтивост полна со почит. Ниту лекарите ниту помошниот персонал никогаш не треба да се расправаат со пациентите, ниту пак да употребуваат груби, предизвикувачки зборови или дури и зборови кои не се најљубезни, колку и пациентите да бидат провокативни. {3C 170.1}

Една од големите цели на нашиот Здравствен Институт е да ги упатиме душите заболени од грев кон Големиот Лекар, вистинскиот Извор на здравје и да го насочиме нивното внимание на неопходноста од реформа од верска гледна точка, за да не го престапуваат веќе Божјиот закон со своето грешно попуштање. Кога моралната чувствителност на болниот би се пробудила и кога тие би увиделе дека со попуштање на апетитот и ниските страсти се изложуваат на болести и грешат против својот Творец, тие по излегувањето од Здравствениот Институт не би ги напуштиле начелата на здравјето туку би ги држеле во својот дом, би биле вистински здравствени реформатори. Кога во нив ќе се пробуди моралната чувствителност, пациентите ќе одлучат совесно да се држат за своето осведочување и увидувајќи што е вистина, тие ќе се придржуваат кон неа. Тие ќе имаат вистинска и благородна независност да ја применуваат и во пракса вистината која ја прифатиле. А кога умот е во мир со Бога, и здравствената состојба се подобрува. {3C 170.2}

На членовите на црквата во Батл Крик лежи најголема одговорност да живеат според примената светлина, да ја сочуваат својата едноставност и одвоеност од светот, за со своето влијание да делуваат убедливо на оние кои присуствуваат на нашите состаноци, но сè уште не ја познаваат вистината. Ако црквата во Батл Крик е само едно безживотно тело кое во својата горделивост се издига над едноставноста на вистинската побожност, а се наведнува кон светот, тогаш нејзиното влијание не само што не приведува души кон Христа, туку и најсветите и најважни библиски вистини ги прави неделотворни. Членовите на тие цркви имаат предност да ги користат предавањата на лекарите од Здравствениот Институт. Информации за големиот предмет на здравствена реформа тие можат да добијат од прва рака, само ако сакаат. Меѓутоа, членовите на црквата во Батл Крик, кои силно се истакнуваат со исповедање на вистината, далеку заостануваат зад другите кои не се благословени со предностите кои тие ги имаат. Со својот пропуст да живеат според светлината која ја примиле за здравствената реформа, тие ги обесхрабруваат и лекарите и пријателите на Здравствениот институт. Ако црквата манифестираше поголем интерес за реформите на кои сам Бог укажува за да ја подготви

за Христовото доаѓање, нејзиното влијание би било десетпати поголемо отколку што е сега. {3C 170.3}

Многумина кои тврдат дека веруваат во Сведоштвата не живеат во склад со дадената светлина. Некои се однесуваат рамнодушно кон реформата за облекување, а други дури и ја презираат затоа што прифаќањето на таа реформа вклучува и крст. Јас му благодарам на Бога за тој крст. Тоа е токму она што ни недостига за како народ кој ги држи Божјите заповеди да се разликуваме и одвоиме од светот. Реформата во облекувањето за нас денес е исто она што била сината лента за старозаветниот Израел. Оние кои се горделиви и кои немаат љубов кон светата вистина, која треба да ги одвои од светот, ќе го покажат тоа со своите дела. Во Своето провидение Бог ни ја дал светлината за здравствената реформа за да ја разбереме во секој поглед и за - следејќи ја применета светлина и однесувајќи се правилно кон животот - да можеме да го сочуваме здравјето и да го прославиме Бога и да бидеме на благослов на ближните. {3C 171.1}

Црквата во Батл Крик, општо земено, со својот пример не беше поддршка за Институтот. Тие не ја ценеа светлината за здравствената реформа ниту ја применуваа во своите семејства. Болестите кои ги снајдоа многу семејства во Батл Крик не би се појавиле ако ја следеа светлината која Бог им ја дал. Слично на стариот Израел, ја омаловажија светлината и веќе не ја видоа потребата за ограничување на својот апетит повеќе од стариот Израел. Израелевите синови сакале месо, зборувајќи, како што и денес зборуваат многумина: „Ќе умреме без месо". Бог им дал месо на бунтовно настроените Израелци, но на месото било Неговото проклетство. Илјадници од нив умреле додека саканото месо им било во забите. Ние го имаме примерот на старите Евреи и опомена да не правиме како што правеле тие. Нивната историја на постојано неверување и бунт е забележана како посебна опомена да не се поведуваме по нивниот пример во мрморењето против Божјите барања. Како можеме толку рамнодушно да преминеме преку тоа, бирајќи сопствен пат, одејќи по она што го гледаат нашите очи и оддалечувајќи се сè повеќе од Бога како што правеле и Евреите? Бог не може да направи ништо големо за припадниците на Својот народ поради нивното тврдо срце и нивното страшно неверство. {3C 171.2}

Бог не гледа кој е кој; туку во секое поколение ги прифаќа сите оние кои се бојат од Него и постапуваат правилно; додека оние кои мрморат, не веруваат и се бунат, нема да го добијат Неговото одобрување и благослови ветени на оние кои ја љубат вистината и одат во неа. Оние кои ја имаат светлината, а не ја следат, туку ги занемаруваат Божјите барања, ќе увидат дека нивните благослови се претвораат во проклетство, а милоста во осуда. Бог сака да се научиме на понизност и послушност, додека ја читаме историјата за стариот Израел кој бил Негов избран и посебен народ, но кој на себе навлекол пропаст одејќи по своите патишта. {3C 172.1}

Библиската вера не е штетна ниту за телесното ниту за умното здравје. Влијанието на Божјиот Дух е најдобар лек кој заболените мажи и жени можат да го примат. Небото е извор на здравје во секој поглед и доколку болниот кој верува е поподложен на небесното влијание, дотолку е посигурно неговото оздравување. Во некои здравствени установи препорачуваат забави, разни игри и танц за да се предизвика расположение, но се плашат од последиците на верскиот интерес. Теоријата на др. Хексон во тој поглед не само што е погрешна, туку и опасна. Тој го изнесува тоа на таков начин што пациентите кои ќе го прифатат неговото упатство доаѓаат до заклучок дека во интерес

на своето оздравување треба што помалку да размислуваат за Бога и за небото. Вистина е дека има поединци со неурамнотежен ум кои вообразиле дека се многу религиозни и кои себе си наметнуваат постови и молитви на штета на сопственото здравје. Тие самоизмамени души се мачат и казнуваат сами себеси. Бог не го бара тоа од нив. Таквите имаат фарисејска правда чиј извор не е во Христа, туку во нив самите. Тие за спасение се потпираат на сопствените добри дела и се обидуваат да го заслужат небото со пофални дела наместо за тоа, како и сите грешници, да се потпираат на заслугите на распнатиот и воскреснат Спасител. Здравје на телото и сила на душата, денес и засекогаш, претставуваат само Христос и вистинската побожност. {3C 172.2}

Облаците кои се надвиснаа над нашиот Здравствен Институт се повлекуваат, бидејќи Божјиот благослов ги следеше напорите направени за тој институт да се постави на здрави темели и да се исправат грешките на оние кои со својата несовесност се довеле во толку тешка состојба, обесхрабрувајќи ги сите кои вистински му се наклонети. {3C 173.1}

Оние кои во добротоворни цели му дале на Институтот право на користење, интерес или камата на своите акции, направиле многу благородно дело, кое нема да остане ненаградено. Сите оние кои сè уште не го направиле ова, би требало во прва прилика да ги отстапат своите интереси во целост или барем делумно, како што тоа го направиле повеќето акционери. И бидејќи ова го бараат интересот и корисноста на оваа институција, сите, а особено оние кои сè уште не се вклучиле, треба да продолжат со своето вложување. {3C 173.2}

Видов дека во нашиот народ постои значителен вишок на неискористени финансиски средства и дека дел од тоа би требало да се вложи во Здравствениот Институт. Исто така видов дека во нашиот народ има многу достојни сиромаси кои во својата болест и страдање очекуваат помош од Институтот, но не се во можност да платат полна цена за храната, лекувањето и останатото. За последните три години Институтот се бореше со долговите и не можеше во значителна мера да посвети внимание на оние пациенти кои не се во можност да плаќаат полна цена на лекувањето. На Бога би му било драго кога сите имотни припадници на нашата црква великодушно би вложиле свои пари во Институтот, овозможувајќи ѝ на тој начин на оваа институција да им помага на понизните и достојни сиромаси од Божјиот народ. Во врска со тоа, видов дека Христос се поистоветува со сите кои страдаат и боледуваат и дека сè што ќе успееме да направиме на еден од Неговите најмалечки, кои Тој ги нарекува Свои браќа, му е направено на Божјиот Син. {3C 173.3}

„Тогаш царот ќе им каже на оние што Му стојат од десна страна: одете благословени кај Мојот Татко; примете го царството кое ви е подготвено од создавањето на светот. Зашто гладен бев и ми дадовте да јадам; жеден бев и Ме напоивте; гостин бев и Ме примивте; гол бев и Ме облековте, болен бев и Ме посетивте, бев во затвор и дојдовте кај Мене. Тогаш праведниците ќе му одговорат: Господе! Кога те видовме гладен и те нахранивме? Или жеден, па те напоивме? Кога те видовме болен или во затвор и дојдовме кај Тебе? И Царот им рече: вистина ви велам; кога му направивте на еден од овие Мои најмали браќа, Мене ми направивте. Тогаш ќе им кажам и на оние што стојат од левата страна: Бегајте од Мене во вечниот оган подготвен за ѓаволот и неговите ангели. Зашто гладен бев и не ми дадовте да јадам, жеден бев и не Ме напоивте; гостин бев и не Ме примивте; гол бев и не Ме облековте; болен бев и во затвор бев и не Ме посетивте. Тогаш тие ќе Му одговорат,

велејќи: Господе! Кога те видовме гладен или жеден, или гостин или гол, или болен или во затвор и не те посетивме? Тогаш ќе им одговорам: вистина ви велам; кога не направивте на еден од овие мои најмали браќа, ниту Мене не ми направивте. И овие ќе отидат во вечна мака, а праведниците во вечен живот" (Матеј 25:34-46). {3С 174.1}

Издигањето на Здравствениот институт од онаа бедна состојба во која се наоѓаше есента во 1869. година на неговата денешна висина и поволна положба која влева многу надеж, бараше многу жртви и напори за кои неговите пријатели и поборници малку знаат. Тогаш Институтот имаше долг од тринаесет илјади долари и само осум пациенти кои го плаќаа лекувањето. И што беше уште полошо, поранешните управители со својот начин на однесување толку ги обесхрабрија донаторите и симпатизерите на оваа институција, така што тие не сакаа да обезбедуваат средства за отплата на спомнатите долгови ниту на било кој да му препорачуваат тука да се лекува. Во таа тешка и обесхрабрувачка ситуација мојот сопруг според своето сфаќање дојде до заклучок дека имотот на Институтот мора да се продаде поради отплата на долговите, а она што ќе преостане да им се врати на акционерите во сооднос со нивниот удел во акциите. Но едно утро, во текот на молитвата зад семејниот олтар, додека клечеше на колена молејќи се за божествено водство во поглед на Институтот, Божјиот Дух се симна на него, и тој извика: „Господ ќе го оправда секој збор кој го даде преку визија во поглед на Здравствениот Институт и таа установа ќе се издигне над својата сегашна бедна состојба и славно ќе напредува". {3С 174.2}

Од тоа време ние рамо покрај рамо најсесрдно се залагаме за интересите на Институтот за да го неутрализираме влијанието на себичните луѓе кои го доведоа до материјални тешкотии. Вложивме свои средства, давајќи им така пример и на другите. Ги поттикнувавме на трудољубивост и штедење сите вработени во Институтот, инсистирајќи лекарите и помошниот персонал, не штедејќи напори, да работат за скромна плата сè додека Институтот не се стабилизира и повторно ја стекне довербата на нашиот народ. Советувавме, го осудувавме злото и изнесувавме јасно сведоштво против секое манифестирање на себичност во врска со Институтот. Знаевме дека без Божји благослов Здравствениот институт не може да има вистински успех. Ако Институтот е следен со Божјиот благослов, следбениците на овој потфат ќе се осведочат дека тоа навистина е Божјо дело и ќе се чувствуваат сигурни да го одржуваат со свои донации, за да може да ги оствари Божјите намери. {3С 175.1}

Лекарите и некои од помошниот персонал сесрдно се дадоа на работа, работејќи напорно под исклучително тешки услови. Лекарите, Хинли, Чемберлен и Ламсон работеа ревно и енергично и за скромни плати за да ја подигнат оваа институција која сè повеќе тонеше во долгови. И благодарение на Бога, основните долгови беа отплатени и беа извршени многу подготовки за подобро сместување на болните. Тиражот на списанието Здравствен реформатор, кој за Институтот претставува основа за успех, двојно е зголемен и тоа е сега интересно и привлечно списание. Довербата на многумина во нашиот Институт е потполно обновена и сите расположиви места за прием и лекување на болните во текот на целата година беа пополнети. {3С 175.2}

За длабоко жалење е што претходните раководители на Институтот со својот начин на работа толку ја презадолжија оваа институција и ја доведоа во толку тешка ситуација. Но финансиските загуби и жалоста на кои беа изложени акционерите се незначителни во споредба со напорите, збунетоста и грижата, кои јас и мојот сопруг без никакви надоместоци, а лекарите и персоналот со мали плати моравме да ги поднесуваме. Ние

земавме удел во дел од акциите на Институтот во вредност од илјада и петстотини долари од кои не примаме никаква добивка, но тоа е незначително во споредба со многубројните страдања кои моравме да ги поднесуваме поради пропустите на претходните управници. Но затоа Институтот денес ужива подобар углед од кога и да е порано, и вреди многу повеќе од сè она што е вложено во него. Оние кои ја изгубиле довербата во оваа институција поради порано направените грешки, немаат веќе никаква причина за предрасуди. И ако и понатаму манифестираат незаинтересираност, тоа е само затоа што повеќе се раководат според предрасудите отколку со здравиот разум. {3С 176.1}

Благодарение на Божјото провидение, брат А ги посвети сите свои сили и својот интерес на Здравствениот Институт. Тој несебично се посвети на интересите на Институтот не штедејќи ги своите сили и не гледајќи ја сопствената корист. Потпирајќи се во потполност на Бога и очекувајќи сила и совети само од Него, тој може да биде вистински благослов и за лекарите и персоналот, како и за пациентите. Тој ги поврза сите свои интереси со Институтот и претставува вистинска благодат за другите, носејќи го радосно товарот на должности, кои ниту се малку ниту се лесни. Тој претставува благослов за другите и тие благослови повторно се одразуваат на него. {3С 176.2}

Но брат А е во опасност на себе да преземе товари кои би можеле да го понесат и другите. Тој не треба да се исцрпува со работи кои можат да ги извршат и другите, чие време не е толку драгоцено. Негово е да го извршува должностите на управник и надзорник и треба да ги чува своите сили, за да може со своето искуство и совети да ги упатува другите. Тоа е неопходно за него за ја сочува својата влијателна положба во Институтот. Неговото искуство во мудрото и економично управување е многу драгоцено. Но тој е во опасност премногу да се одвојува од своето семејство и сето свое време му го посветува на Институтот, преземајќи на себе преголемо оптоварување, како што правеше и мојот сопруг. Залагањето на мојот сопруг за Здравствениот Институт, Издавачкиот оддел како и за делото воопшто, беше толку големо што во потполност го скрши и беше принуден извесно време потполно да се повлече од работата, а ако повеќе време му посветеше на своето семејство, а помалку на овие установи, немаше постојано да се напрега само во една насока, ќе го сочуваше своето здравје и не ќе мораше да ја прекинува својата работа. Брат А е вистински човек за таа положба, но тој не би смеел да работи како што работеше мојот сопруг, дури и ако работите не би се одвивале толку успешно како кога тој ќе им се посвети со сите свои сили. Ниту од мојот сопруг ниту од братот А Бог не бара да се лишат од сите радости на семејниот живот, да се одвојат од домот и семејството, дури ниту во интерес на овие толку значајни институции. {3С 176.3}

Во текот на последните три, четири години неколкумина го посветија својот интерес на Здравствениот Институт, трудејќи се да ја подобрат неговата положба. Меѓутоа, на некои им недостигаше искуство и здраво расудување. Сè додека брат А работи несебично, потпирајќи се само на Бога, Тој ќе биде негов помошник и советник. {3С 177.1}

Лекарите во Здравствениот Институт не треба да се чувствуваат приморани да ја вршат работата која може да ја извршува помошниот персонал. Своите витални сили тие не треба да ги трошат помагајќи им на пациентите во купатило или во салата за рекреација, што успешно можат да го направат и други. Никако не би смеело да се оскудува во помошен персонал кој ќе ги негува болните и ќе води грижа за немоќните

и за оние на кои надзорот им е неопходен. Лекарите треба да ја чуваат својата сила за успешно извршување на своите професионални должности. Тие треба да им кажат на оние кои зависат од нив што треба да работат. Ако нема доволно помошен персонал, за таквите работи треба да се обучат соодветни личности кои ќе бидат адекватно наградени за својата работа. {3С 177.2}

Како работници во Институтот треба да се користат само оние кои несебично ќе се залагаат за неговите интереси и таквите треба добро да се наградат за нивниот труд. Во Институтот треба да има доволно персонал, особено за време на болната летна сезона, така што никој не мора да се преоптоварува со работа. Институтот ги надмина своите материјални тешкотии и затоа ниту лекарите ниту помошниот персонал не треба да се принудуваат да работат многу напорно и да се изложуваат на такво лишување кое беше неопходно додека институцијата се наоѓаше во тешки услови, предизвикани од пропустите на несовесните луѓе кои речиси целосно ја упропастија. {3С 178.1}

Покажано ми е дека лекарите во нашиот Институт треба да бидат мажи и жени полни со вера и духовност. Својата доверба тие секогаш треба да ја полагаат на Бога. Многумина кои доаѓаат тука да се лекуваат, навлекле на себе разновидни болести, попуштајќи им на своите грешни барања. Оваа класа на луѓе не го заслужува она сочувство кое тие често го бараат. И за лекарите е многу мачно своето време и енергија да ги посветуваат на таквите кои сами себе и физички и умно и морално се понижиле до таа мера. Но има луѓе кои ги престапуваат законите на природата од незнаење. Тие се оддаваа на неумереност во работата и во јадењето, затоа што тоа е вообичаена пракса. Некои многу страдаа и потрошија на лекари, но здравствената состојба никако не им се подобри, туку им беше и полоша. Конечно, напуштајќи ја работата, општеството и семејството, побараа последен спас во нашиот Здравствен Институт, со слаба надеж за закрепнување. Таквите заслужуваат сочувство. Со најнежно внимание и нега треба да им се објаснат законите кои владеат со нивното битие, за да престанат да ги кршат, и владеејќи со себе, да ги одбегнат страдањата и болестите кои се неминовна последица на газењето на природните закони. {3С 178.2}

Доктор Б не е најсоодветен за лекар на нашиот Институт. Набљудувајќи ги мажите и жените со нежна конституција, чии умни и морални сили се потполно ослабнати, тој смета дека да се лекуваат таквите значи само губење на време. Можеби тоа во многу случаи е навистина така, но работата со болните и страдалниците не би смеела да го обесхрабрува ниту во него да предизвика одвратност кон нив. Тој не смее да го губи сочувството, љубовта и трпението, мислејќи дека неговата работа е напразна додека се залага за оние кои тоа никогаш нема да знаат да го ценат и кои своето здравје, ако го повратат, нема да го користат на добро на другите, туку ќе продолжат да им угодуваат на своите барања поради кои го загубиле здравјето. Доктор Б поради тоа не би смеел да ја губи волјата и да се обесхрабрува. Тој треба да се сети како Христос постојано доаѓал во непосреден допир со болните и страдалниците. Иако болните во многу случаи сами си ја предизвикале болеста со својот погрешен начин на живеење и кршење на природните закони, Христос има сожалување кон нивните слабости. И кога Му приоѓале и оние кои боледувале од најстрашната болест, Тој не се повлекувал на извесна оддалеченост, стравувајќи од зараза; туку ги допирал со Својата рака и ѝ наредувал на болеста да се повлече. {3С 178.3}

„И кога влегуваше во едно село, го сретнаа десет лепрозни, кои стоеја оддалеку и го подигнаа гласот велејќи: Исусе! Учителу! Смилувај се на нас. И гледајќи ги, Тој им

рече: одете и покажете им се на свештениците. И тие одејќи по патот, се очистија. А еден од нив гледајќи дека се исцели, се врати, фалејќи Го Бога на сиот глас и падна ничкум пред Неговите нозе и Му заблагодари. Тоа беше Самарјанин. А Исус одговарајќи рече: Не ли се исцелија десетмина? Каде се деветминатa? Како меѓу нив не се најде никој да дојде да Му заблагодари на Бога, туку само овој туѓинец? И му рече: стани и оди; твојата вера ти помогна". {3C 179.1}

Ова содржи значајна поука за сите нас. Овие несреќни губавци биле зафатени од болеста до таа мера што веќе биле во фаза на распаѓање и поради тоа биле потполно изолирани од општеството за да не ги инфицираат другите. Нивните ограничувања биле регулирани со јавни прописи. Исус толку се приближил до нивното изолирано престојувалиште, така што можеле да Го видат со своите очи, и тие во своето големо страдање Го молеа како единствен кој може да ги исцели. Христос им наредил да се покажат пред свештениците и тие тргнале на тој пат, верувајќи дека со Негова сила ќе бидат исцелени. Додека уште биле на тој пат, тие почувствувале дека се исцелени од својата страшна болест. Но само еден почувствувал потреба и должност да се заблагодари, само еден сфатил колку Му должи на Христа за големото дело кое го направил за него. Единствено тој се враќа, славејќи Го Бога и во најдлабока понизност паѓа пред Христовите нозе, признавајќи го со благодарност делото кое го направил за него. И тоа бил туѓинец; деветминатa останати биле Евреи. {3C 179.2}

Поради овој еден човек, кој правилно ќе го искористи добиениот благослов на оздравување, Христос ги исцелувал сите десет. Другите деветмина заминале без да го ценат извршеното дело, ниту да Му заблагодарат на Христа за тоа што го направил. {3C 180.1}

Така некој ќе возврати и на лекарите на Здравствениот Институт за нивните напори. Но ако во своите напори да им помогнат на болните и напатените смртници наидат на еден помеѓу двесетмина кој правилно ќе ја искористи примената благодат на оздравување и кој ќе знае да ги цени неговите напори, лекарот треба да биде благодарен на Бога и да биде задоволен. Ако од десет животи се спаси еден и ако од сто души барем една душа ќе се најде спасена во Божјото царство, сите кои работат во Здравствениот Институт ќе бидат богато наградени за своите напори. Нивните грижи и вложен труд нема да бидат напразни. Кога Царот на славата, Височеството на небото, толку се залагал за болните и напатените, иако само неколку од нив ја ценеле Неговата божествена помош, срамно е лекарите и помошниот персонал на нашиот Институт да се жалат на тоа што луѓето не ги ценат нивните слаби напори. {3C 180.2}

Покажано ми е дека оние деветмина кои не се вратиле да оддадат слава на Бога верно ги прикажуваат некои од почитувачите на саботата кои доаѓаат во Здравствениот Институт како пациенти. Ним им се подарува навистина големо внимание и би требало да имаат повеќе разбирање за неспокојството и обесхрабреноста на лекарот, трудејќи се да не им задаваат непотребни грижи. Со жалење морам да констатирам дека токму нашите верници често ги претставуваат болните со кои на Институтот е најтешко да се работи. Во своите барања и замерки тие се послободни и погласни од другите. Луѓето на овој свет и припадниците на другите христијански вероисповеди повеќе ги ценат напорите направени за нивно оздравување. Тие и кога ќе се вратат дома, шират за Здравствениот Институт поповолно влијание од почитувачите на саботата. А некои од оние кои се најслободни во замерките и кои најмногу се жалат на управата на Институтот се токму оние кои тука се лекувани со попуст. {3C180.3}

Тоа делува многу обесхрабрувачки на лекарите и помошниот персонал; но тие треба да се сетат на Христа, својот голем Пример, и да не се изморат правејќи добро. Ако еден помеѓу многуте се покаже благодарен и правилно насочен, тие треба да бидат благодарни на Бога и охрабрени. Тој еден може да биде и странец, и тогаш ни се наметнува прашањето: „Каде се останатите деветмина? Зошто сите почитувачи на саботата со својот интерес и поддршка не го помагаат Здравствениот Институт?" Некои од почитувачите на саботата имаат толку малку интерес за Здравствениот Институт, па иако се лекувани бесплатно во него, пред другите пациенти со омаловажување зборуваат за средствата кои се користеле за лекување на болните. Желба ми е таквите да размислат за своите постапки. Господ гледа на таквите како на оние девет лепрозни кои не се вратиле да Му оддадат благодарност. Странците знаат што им е должност и ги ценат напорите преземени во цел на нивно закрепнување, додека напред спомнатите го користат своето влијание против оние кои се залагале за нивното лекување. 3С 181.1}

Доктор Б треба да негува љубезност и добрина за без потреба да не ги навредува чувствата на пациентите. Тој е отворен и срдечен, совесен, искрен, но и огнен. Тој добро ги познава болестите, но би требало да има поголемо знаење како да ги лекува болните. Покрај стручно знаење, тој треба да негува и лична култура и отменост во своите манири, бирајќи зборови и примери при разговорите во ординацијата. {3С 181.2}

Доктор Б е многу чувствителен и по природа избувлив и импулсивен, па премногу се поведува по моменталните чувства. Тој се труди да ја исправи својата избувлива природа и да ги победи своите карактерни недостатоци, но ќе мора уште многу да работи на тоа. Кога гледа дека нешто не оди како што би требало, тој е премногу брз да им каже што мисли на оние што згрешиле и во таквите прилики не бира најсоодветни зборови. Тој понекогаш толку ги навредува пациентите, што тие го замразуваат и навредени го напуштаат Институтот на своја штета и на штета на самата установа. Само со укори и осудување на пациентите кои се болни и со тело и со дух, ретко може да се постигне било што на добро. Меѓу оние кои се движат во друштвото на овој свет и го набљудуваат животот од таа гледна точка, многу малку има такви кои се подготвени отворено да им се укажува на фактите за нив самите. Дури ниту вистината не треба да се изнесува секогаш и на секое место. Треба да се најде момент и прилика кога изговорениот збор нема да навреди. Лекарите не смеат да дозволат нервниот систем да им попушти поради прекумерна работа, бидејќи во таква состојба нема да можат да ги сочуваат спокојството, стабилноста и ведрината на духот. Доктор Б е премногу врзан за Институтот. Нему му е потребна промена. Би требало во цел на одмор и посета повремено да оди во Батл Крик, но тоа не треба секогаш да биде посета во својство на лекар, туку можност малку да се опушти и своите мисли да ги ослободи од постојаната грижа за болните. {3С 181.3}

Предноста повремено да излегуваат надвор од кругот на Здравствениот институт треба да им се укаже на сите лекари, а посебно на оние кои носат и товар на одговорности. Ако се премногу малку, треба да се обезбедат повеќе помошници. Никако не смее да се дозволи лекарите толку да се оптоварат со работа, така што тоа ќе ги онеспособи за извршување на нивната професионална должност. Тоа треба да се спречи, ако е некако можно, бидејќи негативно би се одразило на интересите на самиот Институт. Лекарите секогаш треба да се чуваат во добра кондиција, не дозволувајќи своето здравје да го загрозат со претерана работа или било каква недоличност од своја страна. {3С 182.1}

Покажано ми е дека доктор Б премногу се обесхрабрува. Причини за вознемиреност и грижа, кои го стават трпението на лекарот и помошниот персонал на проба, секогаш ќе има. Тие мораат да бидат подготвени на тоа, не губејќи го поради тоа својот мир и рамнотежа. Тие мораат да останат смирени, љубезни и благи што и да се случи. Тие вршат влијание на пациентите кои доаѓаат од разни страни и тоа, без разлика дали влијанието е позитивно или негативно, се одразува на угледот на Здравствениот институт. Секогаш мораат да имаат на ум дека работат со луѓе со болен дух кои најчесто ги гледаат случувањата во погрешна светлина, а сепак се осведочени дека совршено разбираат сè. Лекарите секогаш мораат да ја имаат на ум вистината дека „благиот одговор го смирува гневот". Во институција каде што се негуваат болни, тактиката мора да биде таква што оние кои се со нестабилен дух се држат под контрола, а болните успешно се лекуваат. Оние лекари кои остануваат смирени сред бурата на непромислени и избувливо изговорени зборови и кои можат да владеат со себе и тогаш кога ги провоцираат и навредуваат, се вистински победници. „Подобар е спориот на гнев отколку јунакот и господарот на своето срце е подобар од оној кој може да заземе град". Да се совлада себеси и да се задржат страстите под контрола на разумот и волјата, е најголема победа која мажите и жените можат да ги стекнат. Доктор Б не е слеп за посебните недостатоци на својата природа. {3С 182.2}

Тој ги увидува своите недостатоци, а кога ќе почувствува притисок склон е да удри назад и да се повлече од битката. Но со тоа ништо не се постигнува. Под влијание на околината во која е доведен и притисоците на кои е изложен се развиваат силни склоности на неговиот карактер, склоности од кои треба да се отстранат грубите нерамнини и тој може да стане благороден и возвишен. Со избегнување на судири тој не може да се ослободи од своите карактерни недостатоци. Дури и кога би побегнал од Институтот, тој со тоа не би ги победил ниту отстранил маните на својот карактер. Ако сака да биде меѓу оние кои, „дојдоа од голема неволја, ги испраа и избелија своите облеки во крвта на Јагнето," и кои ќе стојат пред Божјиот престол чисти и без никакви мани, тој мора да го изврши делото кое нему му е наменето. Можноста да се испереме е пружена на сите нас. Изворот е подготвен со неизмерна цена. И нам, кои сме толку несовршени пред Бога задача ни е да се испереме. Господ нема намера да ги отстранува тие наши дамки и недостатоци, ако ние не сакаме да направиме ништо од своја страна. Ние мораме да ги испереме своите облеки во крвта на Јагнето. Мораме со вера да се фатиме за заслугите на Христовата крв, за со Неговата благодат да можеме да ги совладаме сите свои заблуди, гревови и несовршености на својот карактер и да излеземе како победници, перејќи ги своите облеки во крвта на Јагнето. {3С 183.1}

Доктор Б треба секој ден да настојува нешто да додаде на своето знаење и да негува љубезност и префинетост во своето однесување. Во своите разговори во ординацијата тој се спушта на премногу ниско ниво за да може да го шири влијанието кои другите ги издигнува и облагородува. Тој мора да го има на ум фактот дека контактира со луѓе од сите општествени слоеви, дека тие ги пренесуваат своите впечатоци за тоа на други луѓе и дека сето тоа се одразува на угледот на Институтот. Залагањето за мажите и жените кои се болни и со тело и со душа е многу деликатна задача. На лекарите на Институтот им е потребна голема мудрост за да можат со посредство на умот да го лекуваат и телото. Но само малкумина од нив увидуваат колкава е моќта на умот над телото. Многу болести од кои страда човечкиот род имаат свој зачеток во душата и можат да се излекуваат само со обновување на душата и телото. Умот на заболените има многу

повеќе отколку што можеме да замислиме. Маката во срцето на многумина нѐ прави диспептичари, бидејќи душевните страдања имаат парализирачко влијание врз органите за варење. {3С 183.2}

За да се придобие довербата на ваквите болни, на лекарот му е неопходно добро расудување, трпение, благост и љубов. На срцето кое е скршено од тага и на обесхрабрената душа ѝ е потребно благо однесување и за таквите нежното сочувство и љубовта се најдобар лек. Лекарите треба прво да ја стекнат нивната доверба и дури тогаш можат да им укажат на Најголемиот лекар кој може да излекува од секоја болест. Кога нивните мисли се насочени на Оној Кој може да ги ослободи од секој товар и кога ќе поверуваат дека Тој се грижи и за нив, оздравувањето на нивното толку заболено тело и душа ќе биде сигурно. {3С 184.1}

Другите здравствени институции со љубомора гледаат на нашиот Здравствен инситут во Батл Крик. Во нив се поаѓа од ставот на овој свет, додека водечките луѓе во нашиот Институт се раководат според чистите верски принципи, признавајќи го Бога како нивен поседник. Тие не работат себично само за пари, туку се раководат според човекољубието и свеста дека тоа е Христово дело. Тие се трудат да им помогнат на страдалниците, да ги исцелуваат болните и со тело и со душа, приведувајќи ги кон Христа како кон Пријател на секој грешник. Тие не го оставаат настрана прашањето на верата туку се потпираат на Бога чувствувајќи се потполно и во сѐ зависни од Него. Тие ги упатуваат своите пациенти кон Христа. Откако за болните ќе направат сѐ што е во нивна моќ, лекарите го повикуваат Бога да соработува со нивните напори и да го обнови здравјето на страдалниците, правејќи го она што тие не можат. Во некои случаи Тој тоа и навистина го прави, одговарајќи на молитвата на верата. Тој и понатаму ќе го прави тоа ако тие останат верни, потпирајќи се со полна доверба на Него. Здравствениот Институт ќе биде навистина успешен, бидејќи Бог го поддржува. Следен со Неговите благослови, Институтот ќе напредува претставувајќи орудие со кое ќе се направат навистина многу добра. Претставниците на другите институции увидуваат дека во нашиот Институт постои висок критериум на морал и верско влијание. Тие гледаат дека неговите водечки луѓе не се раководат според себичните принципи на овој свет и се љубоморни поради неговото истакнато и водечко влијание. {3С 184.2}

16. ОПАСНОСТ ОД ПОФАЛБИ И ИЗДИГНУВАЊЕ

Покажано ми е дека треба да се постапува многу внимателно дури и тогаш кога е неопходно угнетените да ги ослободиме од товарите кои ги измачуваат, за да не им дадеме повод - наместо само на Господа - да се потпираат на сопствената мудрост. Опасно е да се фалат поединци или да се издигаат способностите на некој проповедник. На денот на Божјиот суд многумина ќе бидат измерени на мерила и ќе бидат пронајдени лесни токму поради таквите пофалби. Браќа и сестри, јас ве предупредувам: не им ласкајте никогаш на луѓето поради некои нивни способности, бидејќи тие не можат тоа да го носат. Сопственото „јас" едвај чека да се издигне и последица на тоа е губење на рамнотежа. Браќа и сестри, повторно нагласувам, ако сакате рацете да ви бидат чисти од било чија крв, никогаш не му ласкајте никому и не ги издигнувајте напорите на обичниот смртник, бидејќи тоа може да му послужи на пропаст. Опасно е на било кој начин да се издигнува некој брат или сестра, колку и тие да изгледаат скромни и

ненаметливи со своето однесување. Ако тие навистина поседуваат дух на скромност и понизност што е пред Бога драгоцено, помогнете им тоа да го задржат. Тоа нема да го постигнете со незаслужено укорување ниту пак со потценување на нивната вистинска вредност. Меѓутоа, многу малку се оние кои можат да поднесат пофалба, а тоа да не им наштети. {3С 185.1}

Некои од способните проповедници кои денес ја проповедаат сегашната вистина, сакаат одобрувања и пофалби. Одобрувањето и пофалбите за нив се стимуланси како чашата вино за пијаницата. Поставете ги таквите проповедници онаму каде што постои мало собрание каде не се манифестира некоја посебна возбуда ниту пак одлучно спротивставување, и тие ќе ја изгубат својата ревност и секој интерес и ќе изгледаат малаксани и изнемоштени како пијаница кога му недостига чаша алкохол. Ваквите нема и не можат да станат вистински и практични работници сè додека не научат да работат без возбуда предизвикана од одобрување и пофалба. {3С 185.2}

17. ЗАЛАГАЊЕ ЗА ЗАБЛУДЕНИТЕ

Браќата Ц и Д во управувањето со она што црквата им го доверила во Батл Крик не беа успешни. Премногу работеа во сопствен дух, не чувствувајќи се потполно зависни од Бога. Пропуштија да ја извршат својата должност приведувајќи ги верниците на Изворот на жива вода на кој би ги задоволиле своите духовни потреби и би ја изгаснале жедта на својата душа. На обновувачкото и посветувачко влијание на Светиот Дух, кој би донел мир и надеж на вознемирената совест и би ги обновил здравјето и среќата на душата, не му е придадено најголемо значење. Возвишената цел кон која копнеел, не е постигната. Овие браќа премногу манифестираа испрашувачки дух на студена критика кон поединците кои изразија желба да станат членови на црквата. Овие браќа, како проповедници, не беа подготвени да заплачат со оние кои плачат ниту да се радуваат со оние кои се радуваат, што им беше должност. {3С 186.1}

Христос се поистоветува со оние кои се во неволја и кои имаат потреба од Него. Сите нивни потреби и страдања Тој ги чувствува како свои. „Зашто огладнев,” вели Тој, „и Ми дадовте да јадам; жеден бев и Ме напоивте; гостин бев и Ме примивте; гол бев и Ме облековте, болен бев и Ме посетивте; во затвор бев и дојдовте кај Мене”. Срцата на оние кои му служат на Бога треба да бидат полни со нежно сочувство и искрена љубов кон Христовите следбеници. Тие треба да покажуваат ист интерес каков што покажал Христос во пастирската грижа за изгубената овца; да го следат Неговиот пример и да покажат исто сочувство и благородност, иста нежна сомилост и љубов кои Тој ги покажал кон нас. {3С 186.2}

Големите морални сили на душата се вера, надеж и љубов. Без делотворноста на овие сили, работата на проповедникот колку и да е сесрдна и ревносна, не донесува никакво добро на црквата, ниту Бог може да ја прифати таквата работа. Христовиот проповедник кој треба да ја пренесува на народот свечената Божја порака секогаш треба да го прави само она што е правилно, да ја љуби милоста и да оди понизно пред Бога. Христовиот дух во неговото срце го наведува со сета сила на својата душа да се залага за овците на Неговото пасиште како што тоа го прави и вистинскиот пастир. Љубовта е златен синџир кој ги поврзува меѓусебно срцата на верниците, спојувајќи ги со доброволна врска на пријателство, нежност и верна постојаност, и која ја спојува

душата со Бога. Меѓу браќата неоспорно се забележува недостаток на љубов, сочувство, милосрдие и нежност. Христовите проповедници се премногу студени и бесчувствителни. Нивните срца не горат со нежно сочувство и сесрдна љубов. Најчиста и највозвишена предаденост кон Бога се манифестира во најсесрдната желба и неуморните напори да се придобиваат души за Христа. Причина што проповедниците кои ја проповедаат сегашната вистина немаат веќе успех во тоа е тоа што во голема мера им недостига вера, надеж и љубов. Сите ќе мораме да се соочуваме со неволји, судири, самоодрекување и скриени искушенија на срцето. Ќе тагуваме и плачеме поради своите гревови; ќе имаме постојана борба и непроспиени ноќи проследени со грижа на совеста, срамејќи се поради своите пропусти и недостатоци. {3С 187.1}

Проповедниците на крстот на нашиот драг Спасител нека не ги забораваат своите искуства од сличен карактер; нека тие секогаш на ум го имаат фактот дека и тие се луѓе, подложни на истите грешки и слабости како и нивните браќа. Ако сакаат да им помогнат на своите браќа, треба да бидат истрајни во напорите да им прават добро и срцата секогаш да им бидат исполнети со сочувство и љубов. За да им помогнат таму каде што се слаби и каде што помошта им е најпотребна, мораат да настојуваат да им допрат до срцата. Оние кои се трудат во зборовите и науката треба да ја победат закоравеноста на сопственото срце, личната горделивост и неверство, ако сакаат истото тоа да го видат и кај своите браќа. Христос за нас направил сè, бидејќи бевме потполно беспомошни. Врзани со синџирите на темнината, гревот и очајот, за себе не можевме да направиме ништо. Само преку вера, надеж и љубов можеме сè повеќе да се приближуваме кон критериумот на совршена светост. Нашите заблудени браќа чувствуваат потреба за сочувство и помош исто така како што сме чувствувале и ние. Да не ги оптоваруваме со непотребни укори туку да ѝ дозволиме на Христовата љубов да нè направи толку сочувствителни и полни со сомилост, за да можеме искрено да заплачеме над заблудените и оние кои застрануваат од Бога. Вредноста на душата е неизмерна. Нејзината вредност може да се мери само со цената која е платена за нејзиното откупување. Вистинската вредност на душата ја објаснува само Голгота, Голгота, Голгота! {3С 187.2}

18. САБОТНА ШКОЛА

Животворната побожност е начело кое треба да се применува во пракса. Божјата сила може да го направи за нас она што сите системи на светот не можат да го направат. Усовршувањето на христијанскиот карактер во потполност зависи од благодатта и силата кои можеме да ги најдеме само во Бога. Ако силата на Божјата благодат во нашето срце не помага и не ги посвети нашите напори во цел на спасување и на своите души и на душите на другите, ние сами не можеме да успееме во тоа. Системот и редот се многу важни, но погрешно е да се мисли дека оваа задача може да се оствари без делување на божествената сила и благодат на умот и срцето. Без Божја сила која може да нè вдахне со храброст во остварување на нашите намери, срцето и телото би останале потполно безуспешни во повторувањето на вообичаените церемонии. {3С 188.1}

Брат Е за саботната школа во Батл Крик пробуди голем интерес. Мислите на младите беа обземени само со тоа, додека другите верски должности беа занемарени. Често се случуваше управителот, добар дел од учителите и учениците, по завршување на

саботната школа, да се враќаат дома да се одморат. Тие сметаа дека нивната главна задача за тој ден е завршена и дека немаат веќе никакви должности. Кога на повик на ѕвончето за претпладневно богослужение, членовите од своите домови тргнаа во молитвениот дом, сретнуваа многу членови на саботната школа кои се враќаа дома. И колку и да беше важна проповедта, голем дел од оние од саботната школа не наоѓаа никакво задоволство во значајните поуки кои проповедникот ги изнесуваше од Библијата. Додека многумина од младите воопшто не присуствуваат на претпладневните богослужења, некои и од оние кои ќе останат немаат никаква корист од изнесеното излагање, бидејќи сметаат дека тоа премногу ги заморува. {3C 188.2}

Во нашите саботни школи треба да владеат дисциплина и ред. Децата и младите кои ги посетуваат тие школи треба да ги ценат предностите кои тука им се пружаат и од нив треба да се бара да се покоруваат на саботно школските правила. За фактот дали децата ги имаат научени своите лекции од Библијата, родителите треба да се грижат дури и повеќе отколку за тоа учениците да ги имаат научено лекциите од своите училишта. Своите библиски поуки, децата и младите треба да ги учат повнимателно отколку задачите во секојдневното училиште. Ако децата и родителите не ги увидуваат важноста и значењето на ова, тогаш е подобро децата да останат дома, бидејќи саботната школа за нив нема да претставува благослов. И родителите и децата треба да соработуваат со водачот на саботната школа и со своите учители, пружајќи со тоа очевиден доказ дека ги ценат нивните напори. На верското воспитување на своите деца и млади, родителите треба да подарат посебно внимание, за да им овозможат што подобро сознание на Светите Списи. {3C 189.1}

Многу деца и млади се изговараат дека недостатокот на време е причина што не ја научиле својата саботношколска поука, но малку се оние кои навистина не би можеле да најдат време за тоа само кога би сакале. Некои од нив го посветуваат своето време на забави и разоноди, други пак на непотребно украсување на својата надворешност, потхранувајќи ги на тој начин горделивоста и суетата. Драгоцените часови така пропуштени се Божјо време и тие ќе мораат да полагаат сметка пред Него. Секое дело и секој момент од времето пропуштен во бескорисно украсување или во забава и празни разговори, ќе бидат изнесени на суд. {3C 189.2}

19. ПЕРСОНАЛОТ ВО ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Оние во издавачката дејност кои тврдат дека веруваат во вистината треба да ја откриваат силата на вистината со својот живот, покажувајќи дека во сè се раководат според нејзините начела. Својот карактер и начин на живеење тие треба да го обликуваат според својот совршен Пример. Кога би можеле јасно да ја согледаат страшната реалност на вечноста, каков страв од осуда би ги зафатил некои од овој персонал кои сега се толку рамнодушни, иако временското растојание кое ги дели од сцената на вечноста е многу мало. Многу опомени, со силно нагласени чувства и сесрдни молитви, се упатувани на секој поединец кој верно е регистриран на небото за да ги среди своите сметки за денот на конечното испрашување. Со Својата љубов која не престанува, со Своите благослови и опомени, Христос неуморно ги следи оние кои како канцелариски персонал се посветиле на Неговото дело, но Му се одвратни гревовите и неверството кои се залепиле за нив како лепра. Длабоките и сериозни

вистини кои имале предност да ги слушаат во канцеларијата, би требало да ја придобијат нивната наклонетост, наведувајќи високо да ја ценат светлината која Бог им ја дал. Ако одлучат да живеат во склад со примената светлина, таа ќе го украси и облагороди нивниот живот со небесни украси, чистота и вистинска добрина. {3С 190.1}

Пред секој од овие работници е отворен патот со сето срце да се посвети на Христовото дело и на спасување на душите. Христос го напуштил небото и Татковата прегратка и дошол на овој студен, непријателски и изгубен свет, за да ги спаси оние кои сакаат да бидат спасени. Се согласил како бегалец да биде одвоен од Таткото и да го замени друштвото на чистите ангели со друштвото на паднатиот човечки род, потполно потонат во грев. Со болка и чудење Христос гледа како Неговите таканаречени следбеници во канцеларијата, студено, рамнодушно и немарно се однесуваат кон светлината и пораките на опомена кои Тој им ги упатува во Својата љубов. За сите кои се гладни и жедни, Христос обезбедува леб и вода на животот. {3С 190.2}

Од сите вработени во редакцијата Господ очекува во својата работа да се раководат според високи побуди. Во тоа Христос им дава пример со сопствениот живот. Сите треба сесрдно, совесно и верно да се залагаат за спасување на душите. Кога сите и во таа гранка на дејност би се раководеле од несебични намери, сфаќајќи ја светоста на делото, би ги следеле Божји благослови. Кога секој поединец радосно и со задоволство би го прифатил својот дел од одговорноста, мојот сопруг не би бил изложен на толкаво исцрпување и неволји. {3С 190.3}

Колку малку сесрдни молитви се упатени на Бога за оние кои работат во таа гранка на дејност, а не се со сето срце во вистината! Кој ја чувствувал вредноста на тие души за кои Христос умрел? Видов дека ангелите се тажни поради лесноумната површност на таканаречените Христови следбеници кои во редакцијата се занимаваат со свети работи. Таквите, кои како бесплодно дрво ѝ пречат на земјата, Господ ги повикува да Му се посветат во потполност, сосредоточувајќи ја на Него својата љубов и сите свои надежи. {3С 191.1}

Од сите кои се поврзани со редакцијата Господ очекува подготвено да го преземат на себе и товарот на грижите и обврските. Оние кои не се подготвени на самоодрекување и кои копнеат само за задоволства не се соодветни за работа на такво место. Вработените во редакцијата треба да влегуваат во таа установа со чувство дека тоа е свето место - место каде што, со публицирање на вистината од кои зависи судбината на душите, се извршува Божјото дело. Ова не се чувствува и не се доживува како што треба. Во печатницата се водат разговори со кои мислите се одвраќаат од работата. Редакцијата не е место за посети, за додворување, за забава или за угодување на себеси. Тука сите треба да бидат свесни дека работат за Бога. Оној кој ја испитува секоја побуда и го чита срцето, го проверува и решета Својот народ, особено оние кои имаат светлина и ја познаваат Неговата волја и кои се ангажирани во Неговото свето дело. Бог Кој ги испитува срцата и внатрешните органи не прифаќа ништо помалку од потполна предаденост кон делото и посветеност само на Него. Сите вработени во редакцијата треба да ги извршуваат своите секојдневни должности и обврски така како да се наоѓаат во Божја присутност. Тие не треба да се задоволат со толкав труд колку само за да примат плата, туку треба подготвено да се нафатат за секоја работа каде што нивната помош може да затреба. Некои се совесни и тогаш кога брат Вајт не е тука, но има и такви кои работат само кога се под надзор. Кога сите вработени кои тврдат дека се Христови следбеници совесно би ги извршувале своите должности, би се

почувствувала голема промена на подобро. Момчињата и девојките премногу се занесуваат со меѓусебното дружење, невкусни шеги и празни разговори, и поради тоа Божјите ангели се често прогонети од редакцијата. {3С 191.2}

Маркус Лихтенштајн беше богобојазливо момче, но гледајќи кај поедини членови во црквата, вработени во редакцијата, толку малку вистинска верска начелност станал толку збунет и потиштен, така што веќе сето тоа му станало одвратно. Несовесноста во поглед на празнување на саботата, манифестирана од некои кои тврдат дека ги држат Божјите заповеди, посебно го збунувала. За работата во редакцијата и печатницата Маркус имал високо мислење, но суетата, лесноумноста и недостатокот на начелност потполно го збунувале. Бог го поттикнал и во Своето провидение го поврзал со Своето дело во канцеларијата. Но некои од вработените во редакцијата толку малку ја познавале Божјата волја, така што не придавале заслужено внимание на големото дело на Маркусовото обратување од јудаизмот. Не ја ценеле неговата вредност. Однесувањето на поединци како што бил Ф често му задавало болка, а кога би се обидел да ги укори, неговите зборови биле дочекани со презир зашто воопшто се осмелува да ги поучува. Неговиот несовршен јазик за поединци бил повод за иронично дофрлување и потсмев. {3С 192.1}

Маркус длабоко ја сожалувал духовната состојба во која се наоѓал Ф, но не гледал начин на кој би можело да му се помогне. Ако младите навистина биле она што го исповедаат, Маркус никогаш не би го напуштил делото. Ако тој доживее бродолом во верата, неговата крв сигурно ќе се најде на облеките на младите кои исповедаат христијанство, но со своите дела, зборови и однесување јасно покажуваат дека не припаѓаат на Христа туку на овој свет. На таа тажна состојба на рамнодушност, и неверство, мора да се стави крај. Во оваа институција мора да дојде до коренита промена, или оние кои имаа толкава светлина и предност ќе мораат да бидат отпуштени, а на нивните места се земени други, па макар тоа да се и неверници. Самоизмамата е навистина страшна несреќа. Укажувајќи на ваквите, ангелот рече: „Ако вашата правда не биде поголема од правдата на книжевниците и фарисеите, нема да влезете во небесното царство". Самото исповедање на верата не е доволно. За да може да се спроведе во животот, делото на каење и преобразување мора да започне одвнатре, во душата и срцето. {3С 192.2}

Христовата љубов се спушта во земните длабочини на мизеријата и страдањето, инаку не би можела да допре до грешникот во неговата токму таква состојба. Таа исто така достигнува до престолот на Вечниот и Возвишениот, инаку човекот не би можел да се издигне од својата понижувачка положба, и нашите потреби и желби никогаш не би биле задоволени. Патот кој од оваа Земја води на небо е Христос. Тој претставува спојувачка алка во синџирот кој ги поврзува овие два света. Божјата љубов и Неговата подготвеност да се спушти до нас, ни ја донесува токму Христос, и со Своите заслуги нè помирува со Бога. Христос е Патот, Вистината и Животот. Да се оди чекор по чекор, мачно и полека, напред и само напред, по патот на чистота и светост, не е лесна задача. Меѓутоа, Христос на секој чекор ни пружа изобилство на нова сила за да можеме да напредуваме во богоугодниот живот. Тие сознанија и искуства се неопходни за сите вработени во редакцијата, за да не го изложуваме секој ден на срам Христовото дело. {3С 193.1}

Брат Г, со преценување на сопствените заслуги и вредности, прави сериозна грешка во својот живот. Тој не ни започнал да гради на правилен начин за да биде успешен во

животот. Тој sида во висина, но темелот не го поставил како што треба. Темелот мора да се постави под површината и дури тогаш градбата може да се подигне во висина. Нему му се неопходни дисциплина и искуство во секојдневните животни должности, што не се постигнува со изучување на училишните предмети. Неговото разновидно образование не може да ги замени благодатите на физичката работа и движењето, што е неопходно за да се зацврсне за тешкотиите и неволјите кои животот ги донесува со себе. {3C 193.2}

Според она што ми е покажано, канцеларискиот персонал во установите на црквата, треба многу внимателно да се бира. Млади, непроверени и непосветени не треба да се поставуваат на такви места, бидејќи тука се изложуваат на искушенија, а сè уште ја немаат потребната цврстина на карактерот. Оние кои поседуваат цврстина на карактерот и постојаност во начелото и на кои Божјата вистина им е во срцето, нема да претставуваат постојан извор на грижи и стравувања, туку вистинска помош и благослов. Редакцијата за публикации има доволно причини за свој помошен персонал да бира добри, способни и начелни службеници. Црквата од своја страна не треба да извлекува било каква материјална корист од оние кои доаѓаат тука за да работат и да научат занает. Има места каде што може да се добијат подобри плати отколку во нашите установи, но никаде не може да се најде позначајно, почесно и повозвишено вработување отколку што е Божјото дело во редакцијата. Оние кои работат верно и несебично ќе бидат наградени. За нив е подготвен венец на слава според кој сите земски почести и задоволства се незначителни како еден мал дел од правта на мерила. Посебно ќе бидат благословени оние кои бдеат над духовното добро на останатите на работното место. Во споредба со тоа, сите земски и минливи интереси стануваат потполно безначајни. На една страна е златниот прав; на друга - човечката душа која во Божјите очи е толку драгоцена што Божјиот Син ги жртвувал сите почести и слава на небото за да ја откупи од оковите на гревот и безнадежната положба. Човечката душа има безгранична вредност и заслужува најголемо внимание. Сите вработени во оваа установа кои се бојат од Бога треба да отфрлат сè што е детинесто и суетно и во вистинска морална храброст и достоинство на својата мажевност, избегнувајќи сетилна блискост, да бидат срце со срце поврзани со врски на христијанска љубов. Човечките срца толку копнеат за љубов и сочувство како цвеќето за освежувачка роса и закрепнувачките зраци на сонцето. {3C 193.3}

Библијата треба да се чита секој ден. Животот на вера и посветеност на Бога претставува најдобар штит за младите изложени на искушенијата од опасно дружење во текот на школувањето. Во Божјата реч наидуваме на морални начела и вистински критериум за распознавање на доброто и злото. Постојаноста во начелата на вистината претставува единствена заштита за младите. Цврстината во намерата и одлучноста на волјата ја затвора вратата за многу искушенија и влијанија кои се штетни за зачувување на христијанскиот карактер. Попуштањето на слабоста и неодлучноста во времето на детството и младоста го прави животот постојан товар и борба поради неподготвеност за одлука и недостаток на цврстина во начелата. Таквите никогаш не постигнуваат позначаен успех во животот, а во опасност се да го загубат и подобриот живот. Сигурност е само ако се продолжи по вистинскиот пат. Прво во животот треба да ни биде: да послужиме на слава на Бога и за добро на ближните, вршејќи ги верно должностите и поднесувајќи ги цврсто и одлучно неволјите (пробите) и товарите кои секој нов ден ги донесува со себе. Сесрдност и истрајност во напорите, пратени со цврста одлука и

потполна доверба во Бога, помагаат во секоја неизвесност, оспособувајќи нè да бидеме корисни на овој свет и да се удостоиме за вечен живот. {3С 194.1}

20. ЉУБОВ И ДОЛЖНОСТ

Љубовта има сестра близначка, а тоа е должноста. Љубовта и должноста секогаш треба меѓусебно да се надополнуваат. Манифестирањето на љубов, а занемарувањето на должностите ги прави децата и младите тврдоглави, самоволни, изопачени, себични и непослушни. Крутата примена на должност, без љубов која го ублажува и придобива срцето, дава слични резултати. За правилно да ги дисциплинираме своите деца, должноста и љубовта мораат да се спојат. {3С 195.1}

Упатството дадено на свештениците во старо време гласело: „И народот Мој нека го учат што е свето и нека ги учат да го распознаваат чистото од нечистото. А кога ќе судат за некоја расправа, нека судат според Моите закони". „Кога ќе му кажам на безбожникот: ќе загинеш, а ти не ме го опоменеш безбожникот да се оттргне од својот пат, тој безбожник ќе загине поради своето беззаконие, но неговата крв ќе ја барам од твоите раце. Ако го опоменеш безбожникот да се врати од својот пат, а тој нема да се врати, тој ќе загине за своето беззаконие, а ти ќе ја сочуваш својата душа". {3С 195.2}

Овде е јасно изложена должноста на Божјите слуги. Тие не можат да се ослободат од својата должност совесно да ги укоруваат и осудуваат гревовите и неправилностите во Божјиот народ, колку и да е тоа непријатна задача и колку и да наидуваат на спротивставување на оние кои грешат. Меѓутоа, во повеќето случаи укорените би ја прифатиле опомената и укорот само кога во тоа не би ги попречувале оние кои им укажуваат сожалување, мислејќи дека мораат да застанат во нивна одбрана. Таквите не увидуваат дека Господ е незадоволен од престапникот кој нанесува штета на Неговото дело и срам на Неговото име. Поради тоа што престапникот е неопоменат и продолжува по својот погрешен пат, душите застрануваат од вистината и доживуваат бродолом во својата вера. Оној Божји слуга кој се поведува по злото и чие расудување на тој начин е помрачено, набргу застанува на страна на престапникот кој со своето влијание нанесува толкава штета, со тоа практично му зборува на виновникот: „Не плаши се, не попуштај. Ти си потполно во право". Таквите му зборуваат на грешникот: „Ќе ти биде добро". {3С 196.1}

Од Своите слуги Бог бара, одејќи во светлината, да не ги затвораат своите очи пред сатанското делување. Тие секогаш треба да бидат подготвени да опоменуваат и да ги укоруваат оние кои се во опасност да бидат заведени од лукавствата на непријателот. Сатаната се бори со сите средства да стекне предност. Тој е истраен во тоа и никогаш не одмора. Тој будно настојува да ја искористи секоја можна прилика во своето војување против вистината и против интересите на Божјото царство. Тажен е фактот дека будноста на Божјите слуги во поглед на сатанските лукавства не е ниту напола таква каква што би требало да биде. И наместо да се противат на ѓаволот, за да побегне од нив, многумина се склони да прават компромис со силите на темнината. {3С 196.2}

21. ЦРКВАТА ВО БАТЛ КРИК

Има многу сериозни приговори против подигање на училиште во Батл Крик. Таа црква е голема и во неа има голем број на млади. Кога влијанието кое членовите го вршат еден на друг во вака голема црква би било такво да го издигнува и облагородува карактерот, поттикнувајќи на чистота и посветеност на Бога, тогаш доаѓањето на младите на школување во Батл Крик би било вистинска предност во однос на било кое друго место. Но ако влијанијата во Батл крик и во иднина ќе останат такви какви што беа во минатите години, ги предупредувам родителите да не ги испраќаат своите деца во Батл Крик. Многу малку има верници во таа црква кои со своето влијание ги зацврстуваат и приведуваат душите кон Христа; додека има многу такви кои со својот пример ги одвратуваат младите од Бога и поттикнуваат во нив љубов кон светот. {3С 197.1}

На многу членови на црквата во Батл Крик видно им недостига чувство на лична одговорност. Оние кои живеат во склад со она што го исповедаат, ќе ја сочуваат пристојноста на својот карактер во сите околности и нема да се виткаат како трска на ветрот. Оние кои живеат во други места би се чувствувале многу привилегирани кога би можеле да живеат во Батл Крик, во една толку силна црква, каде што и нивните деца би можеле да ги користат благодатите на саботната школа и на разните верски собири. Некои од нашите верници беа подготвени на големи жртви за нивните деца да живеат тука. Но речиси сите беа разочарани. Во таа црква имаше многу малку од оние кои манифестираа несебичен интерес за тие млади. Тамошните членови фарисејски се држат далеку од оние на кои помошта им е најпотребна. Некои од младите од таа црква кои тврдат дека Му служат на Бога, а всушност повеќе ги сакаат задоволствата на овој свет, склопуваат познанства со младите кои дошле од други места, силно влијаејќи на нив, па наместо да ги приближат кон Бога, ги приближуваат кон овој свет. Така, кога тие ќе се вратат дома обично се подалеку од вистината отколку што биле пред доаѓањето во Батл Крик. {3С 197.2}

Во тој центар на делото потребни се мажи и жени кои ќе бидат вистински татковци и мајки во Израел, кои ќе имаат срца за другите, а не само за себе и своите. Нивните срца треба да горат од љубов кон младите и тие да им бидат драги без оглед дали тие се членови на нивните семејства или деца на нивните ближни. Сите тие се членови на големото Божјо семејство, за кое Христос , во Својата љубов, жртвувал сè за да ги спаси. Тој ја оставил Својата слава и станал сиромав, за човечките синови да се обогатат со Неговото сиромаштво. На крајот го положил и Својот живот на олтар за да го спаси човечкиот род од неговата беспомошност. Тоа е пример на несебична добрина која Христос ни ја оставил за да се угледаме на Него. {3С 198.1}

Со посебно Божјо провидение многу млади, а и постари дошле во закрила на црквата во Батл Крик за тамошните членови да ги поделат со нив благословите на големата светлина која Бог им ја дал и за со несебични напори да ја имаат таа драгоцена привилегија да ги приведат кон Христа и вистината. На оние кои дошле под влијание не вистината, Христос ги испраќа Своите ангели да им го омекнат срцето, правејќи ги приемчиви за трајно делување на Неговата вистина. И додека Бог и ангелите толку се залагаат, оние кои тврдат дека се Христови следбеници остануваат студено рамнодушни. Тие не делуваат ускладено со Христа и светите ангели. Иако тврдат дека се Божји слуги, тие служат на сопствените интереси и бараат задоволство, додека

душите околу нив пропаѓаат. Така запоставените навистина би можеле да кажат: „Никој не се грижи за мојата душа”. Пропуштајќи златна прилика да ги приведат спомнатите души кон Христа, припадниците на оваа црква ги занемаруваат предностите и благословите кои им се ставени на дофат. {3С 198.2}

Неверниците со месеци живееле меѓу нив, а тие не направиле никакви посебни напори за да ги спасат. Како Господ ги набљудува овие слуги? Ако браќата и сестрите живееле во склад со своите возвишени исповедања, неверниците би одговориле на напорите направени за нив! Ако барале прилика да работат за интересите на својот Господар, трудејќи се да го помогнат Неговото дело, би покажале љубов и наклонетост кон своите ближни, би нашле време да се молат со нив и за нив, и би чувствувале света одговорност да ја покажат својата вера со дела, поука и пример, Тие души преку нив би можеле да бидат спасени и нивните круни да ги украсат со ѕвезди на радост. Но во многу случаи, оваа пропуштена златна прилика никогаш повеќе не се укажува. Душите кои беа на работ го заседоа своето место во редовите на непријателот и станаа непријатели на Бога и на вистината. А записот за неверството на таканаречените Христови следбеници е однесен на небо. {3С 198.3}

Покажано ми е дека младите од Батл Крик можеа да направат многу за доброто на своите другари ако навистина беа она што го исповедаат. Но на повеќето им недостига христијанско искуство. Тие не го познаваат Бога од лично искуство. Им недостига лично искуство во христијанскиот живот, и доколку не стекнат такво искуство, ќе мораат да пропаднат заедно со неверниците. Ваквите повеќе се раководат според наклоностите, отколку според чувството на должност. Некои од нив и не се обидуваат да се раководат според начелата. Тие не се измачуваат за да влезат низ тесна врата ниту стравуваат дека би можеле да ја изгубат таа предност. Самоуверени се, фалбаџии, горделиви, непослушни, неблагодарни и непосветени. Токму таквите одведуваат и други на широкиот пат кој води во пропаст. Бидејќи Христос не е во нив, тие не се во состојба да Го покажат со својот пример и карактер. {3С 199.1}

Црквата во Батл Крик имаше голема светлина. Како луѓе тие уживаа посебна Божја наклонетост. Тие не беа оставени во незнаење во поглед на Божјата намера за нив. Ако одеа во светлина, ќе беа во многу поповолна положба отколку што се сега. Тие не се одликуваат како посебен, избран и свет народ доследен на барањата на својата вера, народ кој Бог го признава како синови на светлината. Тие не се толку послушни и побожни како што тоа го бара од нив нивниот возвишен повик и светите обврски како синови на светлината и денот да живеат во склад со добиената светлина. Ним им е доверена најсериозна порака на милост која некогаш му била упатена на светот. Правејќи ги чувари на Своите заповеди, Господ им дал предност која ја нема ниту една друга црква. Бог им ја дал Својата посебна наклонетост, доверувајќи им ја Својата света вистина, не само тие да ја користат благодатта на применатa светлина, туку за светлината со која небото ги осветлило да ја пренесуваат и на други и за оние кои ќе ја примат вистината и понатаму да Го слават Бога. Поради грешното занемарување на должностите, многумина од Батл Крик на Божјиот ден ќе мораат да полагаат ужасна сметка. {3С 199.2}

Многумина во Батл Крик кои тврдат дека веруваат во вистината ја негираат својата вера со сопствените дела. Тие се како неверниците и исто толку се далеку од исполнувањата на Божјите барања и верата која ја исповедаат, како што биле и припадниците на еврејската црква во времето на првото Христово доаѓање. Кога

Христос би се појавил меѓу нив, осудувајќи ја себичноста, горделивоста, љубовта и пријателството кон светот, како што тоа го правел при Своето прво доаѓање, многу малку од нив би Го признале како Цар на славата. Приказот кој Тој би им го предочил за нивното запоставување на должностите тие би го одбиле и во лице би Му рекле: „Ти си потполно во заблуда, ние правевме добри и големи дела, правевме дури и чуда и поради своите добри дела заслужуваме високи признанија". {3С 200.1}

Евреите не западнале одеднаш во духовната темнина која ги обземала. Постепено, темнината ги обземала сè повеќе и повеќе, така што на крај не биле во состојба да го препознаат дарот кој Бог им го испратил во Својот Син. Членовите на црквата во Батл Крик имаа извонредни предности и ќе им биде судено според светлината и предностите кои ги имаа. Според своите недостатоци, неверување, закоравеноста на срцето и запоставувањето на светлината која им е дадена, тие не се ништо подобри од исто така привилегираните Евреи, кои ги отфрлиле благословите кои им биле понудени и го распнале Божјиот Син. Евреите денес служат на чудење и срам на светот. {3С 200.2}

Припадниците на црквата во Батл Крик се слични на Капернаум кој, поради светлината и примените привилегии, како што вели Христос, „се подигнал до небото". Ако Содом и Гомор ја добиеја таа светлина и тие предности со кои бил почестен овој град, тие би постоеле и денес. Ако светлината и знаењето кои ги примија членовите на црквата во Батл Крик им беа дадени на народите кои сè уште се наоѓаат во духовна темнина, тие ќе беа далеку пред оваа црква. {3С 200.3}

Уживајќи ги благословите на евангелието, припадниците на Лаодикеја навистина веруваат дека се богати во Божјата милост и Неговото одобрување, додека Верниот Сведок вели дека се сиромашни, слепи и бедни. Ист е случајот и со црквата во Батл Крик и со голем број на оние кои тврдат дека ги држат Божјите заповеди. Господ не гледа онака како што гледа човекот. Неговите мисли не се како нашите мисли и Неговите патишта не се како нашите патишта. {3С 201.1}

Божјата реч и Неговиот закон, запишани во душата и манифестирани во посветен и побожен живот, имаат голема моќ и влијание во осведочување на светот. Лакомството, кое претставува идолопоклонство, и завистa и љубовта кон светот ќе бидат искоренети од срцата на оние кои се послушни на Христа и кои наоѓаат задоволство во тоа да прават што е добро, да ја љубат милоста и да одат понизно пред Бога. О, што сè опфаќа поимот: да се оди понизно пред Бога! Божјиот Закон, кога е запишан во срцето, ги доведува умот и волјата во потполна потчинетост на Христа. {3С 201.2}

Нашата вера е посебна. Многумина кои тврдат дека живеат во време кога пораката на милоста последен пат одѕвонува, не се одвоени од својата љубов кон светот. Наведнувајќи се идолопоклонички пред овој свет и неговите привлечности, тие ги жртвуваат светоста и начелата за да го стекнат неговите одобрувања. Опишувајќи го народот кој ја имал Божјата благонаклоност, апостолот вели: „А вие сте избран народ, царско свештенство, свет народ, народ посебен, за да ги објавите особините на Оној Кој ве повикува од темнината во Својата прекрасна светлина". {3С 201.3}

22. МИСИОНЕРСКА РАБОТА

На десетти декември 1871. година, ми беше покажано дека Бог со посредство на вистината би направил големо дело кога побожните и самопожртвувани луѓе потполно би се посветиле на објавување на истата на оние кои сè уште се наоѓаат во темнина. Оние кои се посветени на Бога и ја познаваат оваа драгоцена вистина треба да ја искористат секоја можност која ќе им се пружи за да ја изнесат пред народот. Божјите ангели делуваат на срцата и совеста на припадниците на разни нации и искрените души се вознемирени набљудувајќи ги знаците на времето и несредената состојба меѓу народите на светот. Со вознемирени срца луѓето се прашуваат: Како ќе заврши сето ова? И додека Бог и ангелите се залагаат да ги трогнат срцата, Христовите слуги како да спијат. Многу малку се оние кои соработуваат со небесните гласници. Сите оние кои се христијани во вистинска смисла на тој збор, без оглед дали се мажи или жени, треба да бидат работници во Господовото лозје. Со ширум отворени очи, тие ревно треба да работат на спасување на своите ближни, угледувајќи се на примерот кој со Својот живот на самоодрекување, жртви и сесрдно залагање им го оставил самиот Спасител. {3С 202.1}

Меѓу адвентистите на седмиот ден премалку има мисионерски дух. Кога проповедниците и народот би биле доволно будни да сфатат колкава чест им укажал Бог правејќи ги чувари на Својот закон - втиснувајќи го во нивниот ум и запишувајќи го во нивното срце - тие не би можеле да останат толку рамнодушни. Овие вистини од животно значење треба да го стават на проба целиот свет, па сепак во нашата земја има големи и мали градови и села до кои веста на опомена сè уште не допрела. Млади луѓе, пробудени од повиците кои им се упатени да помогнат во ова големо дело, преземаат извесни потфати, но не го преземаат на себе товарот на делото во доволна мера за да го направат она што би можеле да го направат. Тие прифаќаат некои помали одговорности кои не бараат некои посебни напори. И затоа не стекнуваат навика во потполност да се потпрат на Бога и со жива вера да се напојуваат на Големиот извор на светлина и сила, за нивните напори да бидат крунисани со целосен успех. {3С 202.2}

Оние кои мислат дека се повикани да работат за Учителот не треба со работа да започнат во постоечките цркви, туку треба да заминуваат во нови полиња и таму да ги покажат своите таленти. На тој начин можат да се проверат и самите да се осведочат дали Бог навистина ги избрал за таа работа. Тука најдобро ќе ја почувствуваат потребата за студиозно проучување на Божјата реч и за сесрдни молитви за небесна мудрост и божествена помош. Соочувајќи се со противниците кои на сите можни начини ги напаѓаат доктрините на нашата вера, тие ќе имаат шанси да стекнуваат најдрагоцени искуства. Чувствувајќи ја својата слабост, ќе бидат принудени да прибегнат кон Божјата реч и молитвата. Со такво користење на своите способности тие ќе се учат, поправаат, ќе стекнуваат доверба и храброст во верата, изградувајќи драгоцено животно искуство. {3С 203.1}

Браќата Х правилно ја започнаа својата работа. Тие не работеа по организираните цркви туку заминаа во нови полиња. Започнаа скромно. Беа мали во сопствените очи, чувствувајќи постојано потреба за потполна зависност од Бога. Тие браќа сега се во голема опасност да станат вообразени и задоволни сами со себе. Тоа особено се однесува на А Х. Додека расправаше (дискутираше) со противниците, вистината стекнуваше победа и тој почна да се чувствува силен во сопствената сила. Меѓутоа, штом човек ќе се оддалечи од христијанската едноставност, неговите напори веќе не претставуваат благодат за драгоценото Божјо дело. Тој не треба да предизвикува и да

поттикнува расправи, туку да ги одбегнува колку што е можно. Таквите расправи ретко кога придонесуваат за напредок на сегашната вистина. {3С 203.2}

Ако младите луѓе кои штотуку започнуваат да работат во ова дело имаат дух на мисионство, тие со тоа пружаат доказ дека навистина Бог ги повикал на работа. Но кога, наместо во нови полиња, само одат од црква до црква, тие со тоа покажуваат дека бремето на делото не им е во срцето. Таквите млади проповедници немаат доволно широк духовен поглед. Нивната ревност е премногу слаба. Кога таквите би биле духовно пробудени и навистина верни на Господа, тие трудољубиво би го користеле секој момент од своето време да се оквалификуваат за успешни работници на мисионско поле, а не за завојувани полемичари. {3С 203.3

Младите луѓе треба да учат странски јазици, за Бог да може да ги употреби како Свои орудија кои ќе ја пренесат Неговата спасоносна вистина и на други народи. Тие можат да го усовршуваат своето знаење од странскиот јазик дури и додека се залагаат за обратување на грешниците. Кога правилно би го искористиле своето време, би можеле да го усовршат своето образование и во својата работа да бидат уште покорисни. Со учењето на странски јазици и девојките и младите жени, кои не се оптоварени со потешки одговорности, доколку се посветат на Бога, би можеле корисно да се употребат во делото. Би можеле да се посветат на работа на преводи. {3С 204.1}

Нашите публикации треба да се печатат и на други јазици, за да можеме да допреме и до други народи. Многу може да се постигне со посредство на печатот, но со напорите на проповедникот и работниците кои ги следат тие публикации со жива реч се постигнува уште повеќе. Потребни се мисионери кои внимателно ќе ја проповедаат вистината и на други народи. Проповедањето на сегашната вистина значително може да се прошири со лични напори. Во отстранување на предрасудите со личен контакт и внимателен настап може да се постигне многу повеќе отколку што можат да го направат тоа самите публикации. Оние кои ќе се посветат на оваа работа не треба да се раководат според личните склоности ниту според желбата за популарност или фалење. {3С 204.2}

Кога членовите на црквата ќе видат како младите работници ревно се трудат да се оспособат за поопширна работа во градовите, градчињата и селата каде сè уште не се слушнало за вистината и како тие доброволно заминуваат во други земји за да им ја однесат пораката, за нив самите тоа ќе биде далеку поголемо духовно охрабрување отколку што би го добиле со работата на тие неискусни млади луѓе. Гледајќи како срцата на нивните проповедници горат од љубов и ревнување за вистината и од желба за спасување на душите, и самите членови ќе се пробудат. Тие обично, веќе и сами меѓу себе поседуваат дарови и сила едни со други духовно да се храбрат и овците и јагнињата да ги собираат во трлото. Тие треба да се остават сами да го одржуваат духовниот живот и богослужења во своите цркви, за на тој начин да се активираат сите способности и заспани таленти. {3С 204.3}

Штом ќе се основа една црква, на нејзините членови треба да им се предочи дека помеѓу себе мораат да најдат луѓе кои, пренесувајќи ја вистината и на другите, ќе подигаат нови цркви. Во таа цел сите мораат да работат, развивајќи ги до крајни граници талентите кои Бог им ги дал и тренирајќи ги своите умни сили, за да можат да ги употребат во служба на својот Господар. Ако така подготвените гласници бидат чисти во срцето и во животот, ако нивниот пример е таков каков што треба да биде, нивните напори ќе бидат многу успешни, бидејќи ја имаат најсилната вистина, вистина која е

толку јасна и поврзана и во чиј прилог зборуваат убедливи аргументи. Тие се на Божја страна и Неговите ангели ги помагаат нивните напори. {3С 205.1}

Причина што оние кои ја исповедаат вистината постигнуваат толку малку не е само во тоа што вистината која ја изнесуваат не е популарна туку во тоа што луѓето кои ја носат пораката не се посветени од вистината која ја проповедаат. Ним им недостига насмевката на Христовото одобрување и вдахновение на Неговиот Свет Дух. Нема манифестирање на Божјата сила која ги осведочува грешниците и ги чисти од секоја неправда. Ненадејното уништување само што не наишло, а народот е ужасно непредупреден. Непосветените проповедници страшно ја отежнуваат работата на оние кои доаѓаат по нив и кои чувствуваат товар и дух на делото кое им е доверено. {3С 205.2}

Господ поттикна луѓе со друг јазик и ги доведе под влијание на вистината, за да се оспособат за работа во Неговото дело. Тој ги доведе на дофат на раката на водечките луѓе на нашата издавачка дејност, и ако беа свесни за реалните потреби, ќе можеа да ги користат нивните услуги. Потребно е да се печатат публикации и на други јазици, за и кај тие народи да се пробуди интерес и дух на истражување на Божјата реч. {3С 205.3}

Господ на чудесен начин делуваше на срцето на Маркус Лихтенштајн и го насочи патот на тој млад човек во Батл Крик, за под влијание на вистината да се обрати, да стекне нови искуства и да се вработи во нашата издавачка куќа. Неговото воспитување во еврејската религија би го оквалификувало за успешно пишување на книги. Неговото познавање на еврејскиот јазик ќе беше голема помош за редакцијата во подготовка на публикации со кои би се отворил пристапот до оние општествени слоеви до кои поинаку навистина не може да се дојде. Дарот кој на нашата издавачка редакција Бог го даде во лицето на Маркус не требаше да се потценува. Неговото однесување и совесност беа во потполн склад со начелата на чудесната вистина која тој почна да ја увидува и цени. {3С 205.4}

Но некои во редакцијата со своето влијание го ожалостуваа Маркус и го обесхрабруваа. Тие момчиња кои не го ценеа и почитуваа онака како што навистина заслужи и чиј христијански живот беше во спротивност со она што го исповедаа, беа орудие со кое се послужи сатаната за нашата издавачка дејност да го изгуби дарот кој сам Бог ни го дал. Тој си замина збунет, навреден и обесхрабрен. Оние кои, имајќи долгогодишно искуство, беа најдолжни во своето срце да ја негуваат Христовата љубов, си дозволија себеси нивната себичност, горделивост и нивните бесмислици толку да ги оддалечат од Бога, што во Маркусовото доаѓање во редакцијата не ја увидоа Божјата посебна намера. {3С 206.1}

Ако луѓето поврзани со оваа институција беа будни и ако не беа духовно парализирани, брат И одамна би работел во редакцијата и сега веќе би бил оспособен за работата која неминовно мора да се направи. Тој требаше да се ангажира во обука на младите кои сега би биле оквалификувани за работници во мисионските полиња. {3С 206.2}

Поради попуштањата на лошите влијанија, околку две третини ангажирани во делото станаа духовно мртви. Тие се најдоа во таква положба што Бог со Својот Свет Дух не можеше да влијае на нив. О, колку срцето ми се стега кога гледам колку време помина, а големото дело кое можеше да се изврши останува незавршено, затоа што оние кои се наоѓаат на таа значајна положба не живеат во склад со примената светлина! Сатаната е подготвен лукаво да им пријде на луѓето во светата служба, дошепнувајќи им

дека Бог не бара од нив толкава несебичност, ревност и предаденост во работата, како што зборува брат Вајт; и тие безгрижно се опуштаат во удобна фотеља која сатаната им ја подметнува, мислејќи дека сè е во ред, додека овој секогаш буден и истраен непријател ги врзува со своите синџири на темнината. Сатаната е на дело од сите страни и насекаде околу нив, но тие не се свесни за тоа. Тие темнината ја нарекуваат светлина, а светлината темнина. {3С 206.3}

Кога тие луѓе во Издавачката редакција навистина би се посветиле на светата задача на објавување на последната порака на опомена на овој свет, колку внимателно би требало да ги применуваат во својот живот начелата на вистината со чие објавување во пишан облик секојдневно се занимаваат. Тие би морале да имаат чисто срце и чисти раце. {3С 207.1}

Вработените во оваа гранка на делото не ги искористија будно предностите кои им беа на дофат и можноста да го задржат секој талент кој Бог им го дарувал. Речиси на сите кои се поврзани со оваа установа во голема мера им недостига вистинска претстава за значењето и светоста на ова дело. Горделивоста и себичноста преовладуваат во загрижувачка мера, што не ги привлекува ангелите кон оваа установа како кога срцата на присутните би биле чисти и во постојана заедница со Бога. Вработените во издавачката дејност немаат жива претстава дека вистините со кои секојдневно ракуваат се од небесно потекло, дека се со одредена цел, слична на пораката која Ное требало да ја објави пред потопот. Како што Ное со своето проповедање опоменувал, проверувал и пружал докази на жителите на светот сè додека брановите на потопот не ги збришале од лицето на Земјата, така и Божјата вистина за овие последни денови прави слично дело, опоменувајќи, проверувајќи и пружајќи докази за Неговата милост кон денешниот свет. Публикациите кои ги објавува нашата црква го носат печатот на Вечниот. Тие се протегаат ширум целата Земја и одлучуваат за вечната судбина на душите. Сега многу се потребни луѓе кои можат да ги преведуваат нашите книги и да ги подготват за објавување на други јазици, за да може пораката на Божјата опомена да стигне до секој народ и за да можат мажите и жените во светлина на вистината да се вратат на послушноста на Божјиот закон. {3С 207.2}

Треба да се искористи секоја можност вистината да се шири и во други земји. Тоа ќе бара значителни трошоци, но трошоците во никој случај не смеат да ја спречат оваа работа. Парите имаат вредност само кога ќе се употребат за интересите на Божјото царство. Господ им ги дал финансиските средства на луѓето токму во таа цел за да го помогнат ширењето на Неговата вистина, за таа да може да стигне и до нивните ближни. Многумина меѓу адвентистите на седмиот ден располагаат со значителен вишок на пари. Себичното ускратување на прилогот за Божјото дело ги заслепува нивните очи за важноста и значењето на истото и ги прави неспособни да ја увидат сериозноста на времето во кое живееме, или пак вредноста на неминливото богатство. Тие не ја набљудуваат Голгота во вистинска светлина и затоа не се во состојба да ја ценат вредноста на душите за кои Христос платил неизмерна цена. {3С 208.1}

Луѓето вложуваат пари во она што најмногу го ценат и што според нивно мислење ќе им донесе најголема добивка. И оние кои се впуштаат во голем ризик вложувајќи во земни потфати, а не се осмелуваат толку да вложат во Божјото дело за вистината да стигне до нивните ближни, токму со тие свои постапки покажуваат дека земното богатство го ценат повеќе од небесното. {3С 208.2}

Кога луѓето би биле подготвени своето земно богатство да го положат на Божјиот олтар, и кога исто толку ревно би се труделе за небесното како што се борат за земното, тие радосно и од срце би давале пари секогаш кога ќе им се укаже можност да прават добро и да го помогнат делото на својот Господар. Христос им дал несомнени докази за Својата љубов и наклонетост кон нив, и им доверил материјални добра за да ја провери и искуша нивната верност кон себе. Тој ги оставил сите богатства и слава на небото и поради нив станал сиромав, за тие да се збогатат со Неговото сиромаштво. И бидејќи толку ниско се спуштил за да го спаси човекот, Христос и од него не прифаќа ништо помалку отколку да се откаже од себе и парите кои само му се позајмени да ги употреби на спасување на своите ближни, за со тоа да ја потврди Својата љубов кон Откупителот и да покаже дека го цени спасението кое му е овозможено со таква огромна жртва. {3С 208.3}

Сега е време своите средства да ги употребиме за Божјото дело. Сега е време да се богатиме во добри дела, за да можеме да се надеваме на вечен живот. Една душа спасена во Божјото царство вреди многу повеќе отколку сите богатства на овој свет. Ние пред Бога сме одговорни за душите на оние со кои доаѓаме во контакт, и доколку нашата поврзаност со нив е поблиска, дотолку поголема е и нашата одговорност. Ние сме едно големо братство, и доброто на нашите ближни треба да биде наш најголем интерес. Да не пропуштиме напразно ниту еден момент од своето време. Ако сме биле безгрижни во тој поглед, да се трудиме најсесрдно да се покаеме, за ничија крв да не се најде на нашите облеки. Како Божји деца не можеме да се ослободиме од обврската да учествуваме во големото Христово дело на спасување на своите ближни. {3С 209.1}

Да се совладаат предрасудите и да се осведочат неверниците во своите напори за нивно обратување да не се раководиме по никакви лични интереси, не е ниту малку лесно. Но и тоа не треба да нè спречи во залагање за нивното спасение. Во Божјата реч никаде не читаме дека треба да им се прави добро само на оние кои ги ценат нашите напори и ни возвраќаат на ист начин. Бог сите нè повикува да работиме во Неговото лозје. Должни сме да направиме сè што е во наша моќ. „Наутро сеј го своето семе и навечер нека не одмараат твоите раце, бидејќи не знаеш што ќе биде подобро, ова или она, или двете ќе бидат подеднакво добро”. Со својот голем недостаток на вера ние често го ограничуваме израеловиот Светец. Би требало да Му бидеме благодарни на Господа што се спушта до нас за да нè користи како Свои орудија. На секоја молитва која ја упатуваме искрено и со вера, одговорот сигурно нема да изостане. Одговорот можеби секогаш нема да биде онаков каков што ние очекуваме, но ќе дојде тогаш кога ќе ни биде најпотребен. О, колку е грешно нашето неверство! „Ако останете во Мене,” вели Христос, „и Моите зборови останат во вас, што и да барате, ќе ви дадам”. {3С 209.2}

Младите луѓе, ангажирани во ова дело, не би смееле премногу да се потпираат на своите способности. Тие се неискусни и за мудрост треба да се обраќаат на оние кои имаат долгогодишно искуство во делото и кои имале можност да го запознаат карактерот на делото. {3С 209.3}

Наместо задржување и групирање по црквите, нашите браќа проповедници, според Божја намера, треба да се разидат на сите страни, така што нашата мисионска работа и територијално сè повеќе ќе се шири и ќе се основаат нови мисии и групи. На почетниците во работата секогаш треба да им нагласуваме постојано да ги имаат на ум значењето и важноста на нашата мисија. Луѓето кои се природно надарени со способности, кога ќе ја прифатат вистината, нека не очекуваат работниците да ја

одржуваат нивната попустлива вера во живот, туку како такви и сами треба да ја почувствуваат неопходноста од работата во Господовото лозје. Сè додека членовите во организираните цркви се потпираат на работниците од теренот да ги одржуваат во вера, тие нема да бидат во состојба самостојно да се борат. Таквите треба да се поучат дека во сооднос со напорите кои сами ги вложуваат се зголемува и нивната сила. Напорите во мисионската работа ќе бидат поуспешни ако повеќе се придржуваме кон истакнатиот план во Новиот Завет. {3С 210.1}

Ние треба да работиме како што работел нашиот божествен Учител, сеејќи го внимателно семето на вистината, во длабок копнеж и самоодрекување. Мораме да имаме Христов дух за да не се изморите правејќи добро. Неговиот живот бил постојана самопожртвуваност за добро на другите. Мораме постојано да се угледуваме на Неговиот пример. Сеејќи го семето на вистината, мораме да веруваме дека само Бог може да даде живот, да никне и да донесе род. Можеби никулецот на драгоценото семе извесно време и ќе мирува додека Божјата благодат не го осведочи срцето, а потоа семето ќе почне да рти, никнува и да донесе род на слава на Бога. Мисионерите во ова големо дело треба да работат несебично, сесрдно и истрајно, соработувајќи со Христа и небесните ангели на спасување на своите ближни. {3С 210.2}

Нашите проповедници треба посебно да се пазат од нетрудољубивоста и горделивоста кои често се создаваат од свеста дека ја имаме вистината и од силните аргументи кои нашите противници не можат да ги побијат. Меѓутоа, иако вистините кои ги поседуваме се толку моќни што пред нив се рушат тврдините на темнината, постои опасност проповедниците да ја занемарат личната побожност, чистотата на срцето и постојаната поврзаност со Бога. Тие се во опасност да се чувствуваат богати, мислејќи дека изобилуваат со добри дела, додека им недостигаат најважните христијански особини. Покрај тоа, тие можат да бидат несреќни, бедни, сиромашни, слепи и голи. Тие не чувствуваат потреба во послушност кон Христа да живеат секој ден и секој час. Духовната горделивост ги поткопува животните сили на религијата. За да ја сочуваме понизноста на душата, треба секогаш да имаме на ум како изгледаме во очите на светиот Бог, Кој ја чита секоја тајна на душата, и како би изгледале во очите на своите ближни кога тие би знаеле за нас сè што знае само Бог. Затоа, за да се понижиме, упатени сме да ги признеме своите недостатоци, користејќи ги таквите прилики да ја потчиниме својата горделивост. {3С 210.3}

Проповедниците не треба да ја запоставуваат физичката активност. Тие треба да бидат од корист на оние чие гостопримство го уживаат и секогаш да бидат подготвени нешто да помогнат. Тие не би смееле да дозволат да се побара помош од нив туку сами треба да ги понудат своите услуги на оние кои - негувајќи длабока почит кон проповедничкиот повик - се изложуваат на големи непријатности за нив да го направат она што тие би морале сами да го направат за себе. Некои од нашите проповедници се со слабо здравје затоа што ја занемаруваат физичката активност во корисната работа. {3С 211.1}

Според остварените резултати, видов дека беше подобро браќата Х да го направат она што можеа во подготвување на трактати кои треба да бидат ширени меѓу францускиот народ. Подобро ќе беше списанијата да беа разнесувани, за францускиот народ да има можност да се запознае со доказите за нашата вера, отколку што е пропуштено толку време во техничко и стилско усовршување на истите во сите поединости. Често одложувањето е многу ризично. Требаше Французите уште порано

да ги имаат книгите во кои се изложуваат темелите на нашата вера. Браќата Х не беа подготвени добро да ги подготват тие публикации, требаше тие сами духовно да се издигнат за книгите да не го носат печатот на нивното лично мислење. Тие мораат да се коригираат, за нивното проповедање и пишување да не биде здодевно и заморно и да научат дека изложувајќи ги битните точки на нашата вера треба да бидат јасни и одредени, преминувајќи веднаш на суштината. Сатаната настојува на секој начин да го спречи делото и многу е загубено затоа што публикациите не беа подготвени навреме. Тие браќа можат да направат многу добра ако во потполност се посветат на делото и ако се подготвени да ја следат светлината која Бог им ја дал. {3С 211.2}

23. ПОСЛЕДИЦИ ОД РАСПРАВИИ

На десетти декември 1871. година, покажани ми се опасностите во кои се наоѓа брат К. Неговото влијание во Божјото дело не е такво какво што би требало да биде и какво што би можело да биде. Како што изгледа, тој е слеп според последиците од своето однесување, и не е свесен каква трага остава зад себе. Неговиот начин на работа за Бога е неприфатлив. Покажано ми е дека тој се наоѓа во исто толкава голема опасност во каква што се наоѓаше и Мојсеј Хал пред да ја напушти вистината. Тој имаше премногу високо мислење за себе и својата улога ја сметаше толку важна за делото на вистината, како делото да не може без него. Токму така за себе мисли и брат К. И тој премногу се потпира на сопствената сила и мудрост. Меѓутоа, кога своите слабости би можел да ги види онака како што ги гледа Бог, тој никогаш не би си ласкал сам на себе ниту би имал некаква причина за ликување. И доколку во потполност не се потпре на Бога и на Неговата сила, тој ќе доживее бродолом во својата вера исто како Мојсеј Хал. {3С 212.1}

Во своите напори тој не бара сила од Бога туку се потпира на возбудата која ја поттикнува неговата амбиција. Кога работи само со неколку луѓе и кога нема некоја посебна возбуда која би го стимулирала, тој ја губи храброста. Кога во работата ќе настапат тешкотии кои во него не предизвикуваат некоја посебна возбуда, тој не се потпира поцврсто на Бога и не се залага поревно да излезе од темнината и да стекне победа. Брату К, ти често стануваш детинест, слаб и неделотворен токму во моментот кога треба да бидеш најсилен. Тоа очевидно покажува дека твојата ревност и вдахновение не доаѓаат секогаш од вистинскиот Извор. {3С 212.2}

Покажано ми е дека во тоа се наоѓа опасноста на младите проповедници кои со задоволство се впуштаат во расправи. Тие внимателно следат да го фатат противникот во расправата за некој остар збор и тогаш често стануваат зајадливи. Во своите напори да го поразат противникот премногу често забораваат на Бога. Возбудувањата со кои изобилуваат овие расправи го намалуваат нивниот интерес за верски собири на кои нема никакви посебни возбудувања. Оние кои со задоволство се впуштаат во расправи не се најуспешни работници и не се најсоодветни да го изградуваат делото. Некои страсно сакаат да се впуштаат во расправи и понаклонети се на таков вид на работа отколку на било кој друг. Тие не ја проучуваат Библијата во дух на кротост за да сознаат како да ја стекнат Божјата љубов; како што нагласува апостолот: „Христос со вера да се всели во вашите срца, да бидете вкоренети и втемелени во љубовта; за да можете да разберете со сите светии што е широчина, длабочина и височина и да ја познаете Христовата љубов, за да се исполните со секоја Божја полнина”. {3С 212.3}

Младите проповедници треба да одбегнуваат расправи, бидејќи тие не ја зголемуваат духовноста или понизноста на духот. Во некои случаи неопходно е спротивставување на горделивите расипници кои се спротивставуваат на Божјата вистина во отворена расправа. Меѓутоа, општо земено, тие расправи, уснени или писмени, нанесуваат повеќе штета отколку корист. По секоја таква полемика на проповедникот останува голема одговорност да го одржи интересот. Тој мора да внимава на реакцијата која нужно се создава по ваква возбуда и не смее да се обесхрабрува. {3С 213.1}

Луѓето кои не ги прифаќаат толку јасните барања на Божјиот закон одат по патот на беззаконието, бидејќи толку долго се на страна на големиот бунтовник, против законот кој е темел на Божјото владеење и на небото и на земјата, така што потполно се увежбале во тоа. Нивните очи во таа борба се слепи, а совеста мртва за било какво осведочување. Тие ги затвораат своите очи за светлината да не може да допре до нив. Нивниот случај е безнадежен како и случајот на Евреите на кои Христос напразно им ја нудел Својата светлина. Со чудата кои секојдневно ги правел, со исцелување на болните, со подигање на мртвите и со дела какви никој не правел ниту можел да ги прави, Тој им пружил чудесни докази за Своето Месијанство; но наместо тие докази да ги омекнат и потчинат нивните срца и да ги совладаат нивните безбожнички предрасуди, тоа уште повеќе ги исполнило со демонска омраза и гнев каков што покажал и самиот сатана кога бил симнат од небото. Доколку светлината и пружените докази биле поголеми, дотолку била поголема и нивната омраза. Во својата решителност да ја изгаснат светлината, го осудиле и на смрт предале Христа. {3С 213.2}

Манифестирајќи омраза кон Божјиот закон, кој претставува темел на Неговото владеење и на небото и на земјата, луѓето потполно се поистоветуваат со неверните Евреи од Христовите денови. Во својата дрскост и омраза тие постојано ќе се спротивставуваат на оние кои ги држат Божјите заповеди и ќе ја отфрлат секоја светлина. Тие толку долго ја газеле својата совест и во изборот на темнината наместо светлината срцата толку им одрвенеле, така што лажното сведоштво и давањето на двосмислени изјави, во остварување на своите цели, го сметаат за доблест, како што правеле и Евреите во своето отфрлување на Христа. {3С 213.3}

Наше е да ја искористиме секоја можност, за да ја изнесеме сегашната вистина во сета нејзина чистота и едноставност секаде каде што постои желба и интерес да се слушнат причините за нашата вера. Оние кои се задржуваат само на пророштвата и теоретските точки на нашата вера треба без одложување да преминат и на практичните библиски предмети. Тие треба подлабоко да понираат во изворот на божествената вистина. Грижливо треба да го проучуваат Христовиот живот и Неговите поуки за практичната побожност, дадени за општо добро и за животно правило на сите кои веруваат во Неговото име. Тие треба да бидат вдахновени со Духот на својот голем Пример и со возвишено чувство на свет живот како Христови следбеници. {3С 214.1}

Во изборот на предмети и начинот на своето поучување, Христос ги задоволувал потребите на сите општествени слоеви. Го прифаќал гостопримството на богатите и сиромашните, се запознавал со интересите и животните потреби на луѓето за да може да најде пристап до нивното срце. Учените и најмудри луѓе биле трогнати и восхитени од Неговите излагања кои во исто време биле и толку јасни и едноставни, така што можеле да ги разберат и најскромните. Христос ја користел секоја можност да им укаже на Своите слушатели на небесните прописи и поуки кои требало да ги вградат во својот

живот, за со својот свет и возвишен карактер да се разликуваат од сите останати. Овие божествени поуки не се предочуваат на совеста на слушателите онака како што би требало. Во тие Христови зборови проповедниците кои веруваат во сегашната вистина наоѓаат теми за речиси секоја прилика. Тоа е област на проучување за која истражувачот на Библијата во чие срце не е Духот на божествениот Учител, никогаш нема да биде заинтересиран. Тука се наоѓаат прашања кои Христос ги изложил за сите општествени слоеви. Илјадници луѓе со различен карактер и од сите општествени слоеви биле воодушевени од излагањето кое го слушале. {3С 214.2}

Некои од проповедниците кои веќе долго ја проповедаат сегашната вистина доживуваат големи неуспеси во својата работа. Тие се воспитуваат за воинствени полемичари. Спорните предмети тие ги проучуваат токму во цел на расправање и со задоволство се занимаваат со тие прашања за кои се подготвиле. Меѓутоа, Божјата вистина е едноставна, јасна и убедлива. Таа е складна и, во спротивност со заблудата, таа блеска со бистрина и убавина. Со својата доследност таа го осведочува секое срце кое не е исполнето со предрасуди. Во прилог на вистината, нашите проповедници изнесуваат аргументи кои веќе се подготвени и доколку не наидат на препреки, вистината триумфира. Меѓутоа, покажано ми е дека во многу случаи бедното човечко орудие ја припишува така стекнатата победа како своја заслуга и оние кои се повеќе земни отколку духовни, го фалат и истакнуваат човечкото орудие, додека Божјите вистини не се издигнуваат заради така стекнатата победа. {3С 215.1}

Оние кои со задоволство се впуштаат во расправи најчесто ја губат својата духовност. Тие не потпираат на Бога како што би требало. Тие ја користат теоријата на вистината како камшик со кој ќе го победат непријателот. Острите и зајадливи зборови кои тие ги користат како ненадејни удари за да ги раздразнат и испровоцираат своите противници, го одразуваат чувството на нивното непосветено срце. Христовиот Дух во тоа нема никакво учество. Снабден со убедливи докази, учесникот во расправата смета дека е доволно силен да го победи својот противник и притоа заборава на Бога. Некои од нашите проповедници ги сметаат таквите расправи како своја главна задача. Додека се возбудени поради таквата расправа тие се раздразнети и, чувствувајќи се силни, зборуваат убедливо; и во таквата возбуда луѓето прифаќаат многу поединости во настапот и изразувањето како правилни, додека тоа само по себе е погрешно и не служи на чест на оној кој секако згрешил, служејќи се со изрази кои не прилегаат на еден христијански проповедник. {3С 215.2}

Таквиот став влијае многу неповолно на проповедниците кои се занимаваат со проповедање на светите и возвишени вистини - вистини кои за оние кои ги слушаат значат животен мирис за живот или пак смртен за смрт. Општо земено, расправиите ги прават нашите проповедници вообразени и задоволни со себе и големи во сопствените очи. И тоа не е сè. Оние кои сакаат расправии не се соодветни за пастири на стадото. Секогаш подготвени во средба со противниците да зборуваат зајадливо и со ироничен тон, тие не знаат да се спуштат до срцата на оние кои тагуваат и на кои е потребен збор на охрабрување и утеха. Задржувајќи се главно на спорните прашања и аргументирање, тие ги занемарија практичните вистини кои се толку потребни на Божјото стадо. Тие малку знаат за поуките од Христовите беседи кои се однесуваат на секојдневниот живот на секој христијанин и не се ниту малку склони тоа да го проучуваат. Тие се издигнуваат над едноставноста на Божјото дело. Додека беа мали во своите очи, Бог им помагаше; ангелите соработуваа со нив и ги правеа успешни нивните напори во осведочувањето

на мажите и жените во вистината. Меѓутоа, навикнати да размислуваат само за кавга и расправање, тие често стануваат груби и сурови. Тие го губат интересот за душите и нежното сочувство кое секогаш треба да ги следи напорите на секој пастир на Христовото стадо. {3С 216.1}

Проповедниците кои се склони кон кавги и расправии често со тоа самите се дисквалификуваат да укажат помош на своето стадо токму тогаш кога помошта им е најпотребна. Занемарувајќи ја практичната примена на верата во сопственото срце и во животот, тие не можат да ја поучуваат таквата вера на своето стадо. Ако не се наоѓаат во состојба на возбуденост, тие не знаат како да работат, како силата потполно да ги напуштила. Ако се обидат да зборуваат, тие не знаат како да го изложат предметот кој е соодветен за дадената прилика. Кога со своите проповеди треба духовно да го нахранат стадото и да допрат до срцата на своите слушатели, тие ги повторуваат своите стари стереотипи на кажување проследени со сувопарни и неинтересни аргументи. И така наместо светлина и живот, тие и на себе и на своето стадо донесуваат само темнина. {3С 216.2}

Некои од нашите проповедници наместо негување на духовност, поттикнуваат фалење со ревноста и некоја активност која се заснова на несигурен темел. Во овој век потребни се проповедници кои поседуваат особини на стабилно расудување, побожност и размислување, совест и вера, ревнување и активност. Двете важни особини: размислување и посветеност, активност и ревнување - секогаш треба да одат заедно. {3С 217.1}

Проповедниците кои сакаат кавги и расправии се најмалку сигурни, бидејќи на нив не можеме да се потпреме кога во делото ќе се појават тешкотии. Ако се најдат во место каде што постои слаб интерес за вистината, тие манифестираат недостаток на храброст, ревност и вистинско залагање. Како што пијаницата не е за никаква работа додека не испие барем една чаша, така и тие не можат без возбудување предизвикано од кавга која просто ги оживува и им дава сила. На таквите проповедници им е потребно новообратување. Тие треба поизобилно да се напојуваат на непресушните текови кои извираат од вечната Карпа. {3С 217.2}

Во Својата работа Христос секогаш ги имал пред очите вечните интереси на оние поради чие спасение дошол на светот. Тој минувал насекаде, правејќи само добро. Добродетелството било живот за Неговата душа. Им правел добро не само на оние кои доаѓале кај Него да побараат Негова милост туку и сам истрајно ги барал таквите. Никогаш не се издигнувал поради одобрување, ниту осудите, прекорите и разочарувањата можеле да Го обесхрабрат. Храбро го поднесувал и најголемото спротивставување и најсвирепите постапки. Најзначајната проповед забележана во вдахновените записи на евангелието, Христос ја изговорил на само еден слушател. Додека изморен од патот седел покрај Јакововиот извор, одморајќи се, Тој видел можност да допре до срцето на жената Самарјанка која дошла тука да наполни вода, а преку неа и до многу Самарјани кои биле голема темнина и заблуда. Иако изморен, ги изнесувал вистините за Своето духовно царство кои ја восхитиле таа жена со незнабожечко потекло и ја исполниле со стравопочит кон Христа. Таа побрзала и на другите да им ја пренесе новоста: „Дојдете да го видите човекот кој ми кажа сè што направив; зар не е тоа Христос?” Сведоштвото на оваа жена навело многумина да поверуваат во Христа. Поттикнати од нејзиното кажување, многумина дошле лично да Го слушаат и поверувале заради Неговите зборови. {3С 217.3}

Колку и да бил ограничен бројот на заинтересирани слушатели, ако срцето е трогнато и умот осведочен, тие можат, како и оваа Самарјанка, со своето прераскажување да наведат стотици други да ја истражуваат вистината сами за себе. Работејќи во места каде што треба да пробудат интерес за вистината, можеби ќе доживеете разочарувања, но иако на почетокот можеби ќе изгледа дека интересот е многу слаб, тоа не значи дека сте згрешиле во изборот на местото и во начинот на работа. Ако интересот расте постепено и луѓето ја прифаќаат вистината со разбирање, не во моментално восхитување туку од начело, тогаш влијанието ќе биде многу подлабоко и потрајно отколку кога љубопитноста и интересот нагло се будат и кога чувствата се возбудени во некоја кавга и остар судир помеѓу поборниците и противниците на вистината. Во толку жестоко спротивставување бргу доаѓа до промена на ставовите и одлуките се донесуваат избрзано. Во толку трескавична состојба нема мирно и стабилно расудување. Кога вака создадената возбуда ќе слегне или со некоја невнимателна постапка ќе предизвикате реакција, интересот веќе никогаш нема да може да се пробуди. Со ваква возбуда само се поттикнуваат чувствата и наклонетоста на поединци, но нивната совест не е осведочена и нивните срца не се скршени и понизени пред Бога. {3С 217.4}

Во изнесување на непопуларната вистина која го опфаќа и тешкиот крст, проповедниците мораат да внимаваат секој нивен збор да биде по волја на Бога. Тие треба да ја изнесуваат вистината во понизност, во најдлабока љубов кон душите и во сесрдна желба за нивно спасение. Со своите зборови тие не треба никогаш да сечат, дозволувајќи вистината да сече. Тие не треба да им се спротивставуваат на проповедниците на другите верски заедници, настојувајќи да предизвикаат полемика и расправија. Тие не треба да се стават во положба на Голијат кој дрско ја предизвикувал војската на Израел. Израелците не го предизвикувале Голијат туку Голијат дрско се фалел наспроти Бога и Неговиот народ. Предизвикувањето, фалењето и дрскоста им прилегаат на оние кои се спротивставуваат на вистината и кои се однесуваат како Голијат. Но ниту една од тие особини не треба да се види кај оние кои Бог ги испраќа да ја објават последната опомена на светот осуден на пропаст. {3С 218.1}

Голијат се надевал во своето оружје. Со своето дрско фалење тој ја застрашувал војската на Израел, повикувајќи се најмногу на своето оружје, во кое надмоќно ја гледал својата сигурност и сила. Во својата скромност и ревност за Бога и за својот народ, Давид предложил тој да излезе на двобој со тој фалбаџија. Согласувајќи се на тоа, Саул му го дал на Давид своето царско оружје и оклоп, но тој не се согласил да појде со него. Тој не го земал царското оружје бидејќи не навикнал на тоа. Но затоа од рана младост навикнал да се потпира на Бога и така стекнувал посебни победи. Ако го земал на себе Сауловото оружје и оклоп би давал впечаток дека е воин, додека тој бил само незнаен пастир кој дошол од кај своите овци. Сметал дека ниту најмалку не може да се потпре на Сауловото оружје туку само на Израеловиот Господ Бог. Одбирајќи неколку камења на потокот, и со прачка и стап, тој во име на Израеловиот Бог тргнал да се соочи со вооруженият воин. {3С 218.2}

Голијат со презир го набљудувал Давид, бидејќи давал впечаток на момче потполно неподготвено за двобој. Голијат го навредувал Давид и го проколнувал во име на своите богови. Сметајќи го повредено своето достоинство што на него му се спротивставува едно момче, и тоа само со стап без никаков оклоп, тој почнал да се фали што сè ќе направи од него. Давид не бил раздразнет од тоа што бил толку понижуван ниту

затреперил од заканите на Голијат, туку одговорил: „Ти одиш на мене со меч и со копје и штит; а јас одам на тебе во име на Господа над војските, Кому му се потсмеваше". Довикнувајќи му на Голијат дека во Господово име ќе постапи со него токму онака како што тој пред малку му се заканувал нему, Давид продолжил: „И ќе знае овој народ дека Господ не спасува со меч и со копје, бидејќи битката е Господова и затоа ќе ве предаде вас во наши раце". {3С 219.1}

Нашите проповедници не треба да предизвикуваат и провоцираат дискусија (расправија). Предизвиците нека бидат на страна на противниците на Божјата вистина. Покажано ми е дека брат К и други проповедници премногу често постапуваа како Голијат. А кога веќе се впуштија во расправа, се потпираа на своите подготвени аргументи, како што Саул сакал Давид да се потпре на неговото оружје. Својата доверба и надеж, тие не ја наоѓаа, како понизниот Давид, во Израеловиот Бог, ниту Него го направиле своја сила. Истапуваа самоуверено како Голијат, издигнувајќи се себеси и не криејќи се позади Исуса. Знаејќи дека вистината е силна, тие не се понизиле во срцето ниту со вера барале од Бога да ѝ подари победа на вистината. Издигнувајќи се, губеа рамнотежа и често во расправање доживуваа неуспех, што штетно се одрази не само на нив туку и на душите на другите. {3С 219.2}

Покажано ми е дека некои од нашите помлади проповедници манифестираат вистинска страст за полемизирање и дека тоа, доколку не ја увидат својата опасност, ќе стане вистинска стапица за нив. Покажано ми е дека брат Л се наоѓа во голема опасност. Тој ги насочува своите мисли во погрешна насока и се одвојува од едноставноста на делото. Ако биде мудар, како Давид, да го одложи Сауловото оружје затоа што не навикнал на него, ќе може да се врати пред да биде предоцна. Тие млади проповедници треба да учат од Христа, не само во теоретски туку и во практичен поглед, угледувајќи се на Него во благородноста, благодатта, скромноста и понизноста на духот. И доколку, како Давид, - кога ќе бидат доведени во положба, бранејќи ги вистинските интереси на Божјото дело, ќе мораат да се спротивстават на некој противник - истапувајќи во Божја сила, потпирајќи се само на Него, Тој ќе ги води низ борбата и ќе направи Неговата вистина славно да триумфира. Христол нас ни има дадено: „А архангел Михаил, кога се расправеше со ѓаволот и зборуваше за Мојсеевото тело, не смееше да осуди туку рече: Господ нека те укори". {3С 220.1}

Штом еден проповедник, наместо ставот кој прилега на неговата професија, ќе се спушти на ниво да го исмејува својот противник или да биде зајадлив кон него и да го навредува, тој со тоа го прави она во што Спасителот на светот никогаш не се впуштал; и преминува на теренот на непријателот. Проповедниците кои се расправаат со противниците на Божјата вистина, имаат против себе не само луѓе туку го имаат и сатаната и сите војски на неговите зли ангели. Сатаната будно бара прилика да стекне предност над проповедниците кои ја бранат вистината и кога тие ќе престанат во потполност да се потпираат на Бога и кога нивните зборови не се изговорени во Христов дух и љубов, Божјите ангели веќе не се во можност да ги крепат и просветлуваат. Тие ги препуштаат да се борат во сопствена сила и злите ангели ги обвиткуваат со својата темнина. Затоа изгледа дека противниците на вистината некогаш се во предност и таквата расправа донесува повеќе штета отколку корист. {3С 220.2}

Божјите слуги треба поблиску да му приближат Нему. Браќата К, Л, М и Н, наместо своите склоности кон расправии и кавги, би требало повеќе да негуваат лична побожност. Тие треба да се трудат да бидат пастири на стадото, а не создавајќи

возбудувања да си играат со чувствата на народот. Овие браќа се во опасност повеќе да се потпираат на својата популарност и на својот углед на остри полемичари отколку на тоа да бидат понизни, верни и кротки посветени Христови следбеници, соработувајќи со Него. {3С 221.1}

24. ОПАСНОСТИ И ДОЛЖНОСТИ НА МЛАДИТЕ

Упатено на две момчиња

Минатиот декември покажани ми се опасностите и искушенијата кои им се закануваат на младите. Двајца помлади синови на брат О треба да се обратат и секој ден да умираат за сопственото „јас". Стекнувајќи секој ден ново искуство, Павле, како верен апостол, вели за себе: „Секој ден умирам". Токму тоа искуство им е неопходно на овие момчиња. Тие се во опасност лесно да преминуваат преку своите сегашни должности и да го занемарат воспитувањето неопходно за практичен живот. Тие сметаат дека образованието кое се стекнува со проучување на книги е најважно за успех во животот. {3С 221.2}

Овие момчиња ги занемаруваат своите должности кои ги имаат во домот. Тие не се навикнале на никакви домашни обврски и одговорности, што би морале да го научат според должноста. Тие имаат верна и практична мајка, подготвена да носи многу товари кои тие како нејзини деца не би смееле да ги остават само на неа. Во тоа тие не укажуваат должна почит на својата мајка. Ниту со таткото тие не го делат товарот на домаќинството како што им налага должноста ниту му укажуваат право и должна почит. Тие повеќе се раководат според своите наклоности отколку според својата должност. Копнеејќи да ја задоволат својата себичност и одбегнувајќи ги товарите и напорите, пропуштија да стекнат едно драгоцено искуство толку неопходно за практичниот живот. {3С 221.3}

Тие не го увидуваат значењето на верноста во малку, ниту чувствуваат обврска кон своите родители ниту се верни во исполнување на малите должности кои секојдневниот живот ги донесува со себе. Тие го преценуваат стекнувањето на практични знаења толку неопходни во секојдневниот живот. Младите кои сакаат да послужат на благослов и среќа било каде во животот, тоа треба да го направат најнапред во домот. Ако се раководат според своите склоности, наместо со промислените одлуки на здравиот разум и просветена совест, тие не можат да бидат благослов ниту за општеството ниту за семејството на своите родители и нивните изгледи и за овој и за идниот живот можат да бидат во голема опасност. Многу млади сметаат дека младоста не треба да се оптоварува со никакви грижи, туку треба безгрижно да се поминува во суетни забави, шеги и потполна опуштеност. Оддавајќи се на лудости и угодувајќи им на своите сетила, многумина не мислат за ништо друго освен за своите моментални задоволства. Нивната желба за забави, за дружење, за празни разговори и смеа станува сè посилна и така тие го губат секој интерес за животната реалност и секојдневните домашни должности. Нивниот дух копнее по што повеќе промени и тие стануваат немирни, чудни и раздразливи. Младите би требало да сметаат дека е нивна должност својот дом да го направат среќен и радосен. Тие би требало во семејството да внесуваат зраци на

сончева светлина, а не мрачни облаци со своето непотребно мрморење и незадоволство. {3C 222.1}

Овие момчиња треба да имаат на ум дека пред Бога ќе мораат да полагаат сметка за сите предности кои ги уживаат и ќе одговараат за користење на своето време и на сите свои способности. Тие можеби ќе запрашаат: зар не треба да имаме никакви задоволства и разноди? Треба ли само да работиме, работиме, работиме без никаква промена? Безопасно е она задоволство на кое може да се повика Божјиот благослов со вера. Секое она задоволство кое би ги дисквалификувало за тајна молитва, за побожно размислување пред семејниот олтар или за учествување во богослужението, не само што не е препорачливо, туку е и опасно. Промената од физичката работа која ја има оптоварено физичката сила може да биде многу корисна за извесно време, за сите свои работи подоцна да можат да ги извршуваат уште поуспешно. Меѓутоа, потполната неактивност не е неопходна, а може дури и да биде штетна, доколку е во прашање нивната физичка сила. Дури и кога ќе се заморат од работата која ја извршуваат, не е потребно своите драгоцени моменти да ги пропуштаат во нешто што е бесмислено. Тие тогаш би можеле да побараат нешто со што толку не би се исцрпувале, но добро би ѝ дошло на мајката и на сестрите. Олеснувајќи ги нивните грижи со преземање на себе на најнепријатните работи, тие во тоа можат да најдат задоволство кое произлегува од начелата и кои ќе ги направат вистински среќни, а нивното време нема да биде пропуштено во бесмислици и себично угодување на себе. Така тие можат секогаш корисно да го употребат своето време и постојано да се освежуваат со пријатни промени, а сепак за секој момент од своето време да можат некому да положат сметка. {3C 222.2}

Вие мислите дека стекнувањето на образование во научните дисциплини е најважно. Незнаењето не е никаква доблест, а знаењето не го попречува развојот на христијанскиот карактер; но ако вие за стекнување на знаење копнеете од начело, имајќи ја пред очите вистинската цел и чувствувајќи се должни пред Бога со своите способности да ги помагате другите и да придонесете за слава на Неговото име, тогаш стекнатото знаење ќе ви биде од корист да ја остварите и оваа цел, помагајќи ви да ги употребите способностите кои Бог ви ги дал, и да ги ангажирате во Неговата служба. {3C 223.1}

Но, млади луѓе, колкаво знаење и да стекнете, нема да ја остварите саканата цел, доколку тоа знаење не го примените во практичниот живот. Ако во стекнување на образование сте толку обземени со своите студии така што ги запоставувате молитвата и верските привилегии, па станувате рамнодушни кон вечните интереси на својата душа и да престанете да учите во Христовото училиште, тогаш, слично на Исав, го продавате своето првенство за чинија леќа. Ниту за еден момент не смеете да ја губите од вид целта на вашето образование. Цел секогаш треба да ви биде таков развој и насочување на вашите способности за да можете што покорисно да ги употребите, и во склад со тоа да бидете благослов за другите. Но ако стекнувањето на знаење само го зголемува вашето самољубие и склоноста да одбегнувате одговорност, подобро е да останете без никакво образование. Ако од своите книги и читање правите идол, дозволувајќи тоа да се испречи помеѓу вас и должностите, така што поради своите студии и читање чувствувате одвратност кон суштински важните работи кои некој мора да ги направи, тогаш треба да ја зауздате својата желба за учење, негувајќи љубов кон

обврските кои сега ниту малку не ве привлекуваат. Оној кој е верен во малку, ќе биде верен и во поголемите животни должности. {3С 223.2}

Вие треба да развивате во себе љубов и наклонетост кон своите родители, своите браќа и сестри. „Со братска љубов бидете еден кон друг љубезни. Еден на друг укажувајте си почести. Не бидете мрзливи во работата, бидете огнени во духот, служете Му на Господа. Во неволја трпете, во молитвата бидете еднакви. Делете ги потребите со светиите; со задоволство примајте ги патниците". Млади пријатели, не ги жртвувајте своите вечни интереси на своите студии. Вашите наставници можат да ве поттикнуваат со своето одобрување, а сатаната може да ве измамува со своите лажливи заклучоци. Вие, чекор по чекор, ќе бидете наведени да копнеете кон возвишување и стекнување на признание и одобрување од страна на своите наставници, но затоа вашето знаење од областа на Богоугодниот живот и вера засновани на лично искуство, ќе биде сè помало и помало. Вашите имиња регистрирани на небото ќе се покажат во многу неповолна светлина пред светите и возвишени ангели, пред Творецот на вселената и пред Христа Кој е Височество на небото. Покрај нив ќе стојат записи за гревовите, заблудите, неуспехот, немарноста и за таквото незнаење во духовните прашања, така што Таткото, Синот како наш Застапник и светите ангели ќе се срамат да ве признаат како Божји деца. {3С 224.1}

Вие на училиште се изложувате на разновидни искушенија, на кои во домот на својот татко и под надзор на своите богобојазливи родители, не би биле изложени. И ако во семејството се молите два- три пати дневно за благодат за да се спасите од изопаченоста која го преплавува светот поради сетилните страсти, колку посесрдно морате да се молите на училиште, каде што постојано сте изложени на искушенија и на отровните влијанија кои преовладуваат во училиштата на овој изопачен век, бидејќи таквото опкружување е понеповолно за изградба на христијанскиот карактер. {3С 224.2}

На овие момчиња им недостига цврстина на христијанскиот карактер; ова посебно се однесува на А О. Тој не се вкоренил ниту втемелил во вистината. Неговата зависност од Бога е толку слаба што тој воопшто не прима сила и светлина одозгора, туку во својата душа собира само темнина. Слушајќи ги постојано разговорите за неверството и покажувајќи толку малку вистински интерес за вистината, тој воопшто не е подготвен да ги наведува причините за своето надевање. Тој е непостојан како трска која се витка на ветрот. Има добро срце, но сака шега и разоноди, безделничење и друштво на своите помлади другари. Попуштајќи им на своите наклонетости, тој ги жртвува вечните интереси на својата душа. За тебе брате мој, многу е важно да го одбегнуваш друштвото на младите кои не се наклонети на религијата. За во срцето и мислите да се сврти кон практичните животни должности, потребно е поголемиот дел од својот живот да го минуваш со оние чии разговори и вера и во тебе ќе ја зацврснуваат верата и љубовта кон вистината. {3С 225.1}

Се обидуваше да се ослободиш од ограничувањата кои ти ги наметнува верувањето во вистината, но сепак не се осмели во своето неверство да одиш предалеку. Премногу често се оддаваш на лесноумност и го бараш друштвото на оние кои сами се лишуваат од самоиспитувањето и религијата и со својот избор и со сите свои намери и цели оставаш впечаток дека им припаѓаш на оние ја презираат вистината. Ти не си доволно цврст во верата и намерите за да можеш да се одржиш во друштво на таквите. За со нешто да го исполниш своето време, се оддаваш на духот на несериозност и лесноумност што секако ти нанесува само штета и ти ја затапува совеста. Го сакаш

одобрувањето и пофалбите. Доколку тоа навистина го заслужуваш, тогаш во тоа нема ништо грешно; но ти си во опасност да се измамуваш и себе и другите. Затоа во тој поглед биди внимателен навистина да го заслужиш секое добиено признание. Ако добиеш одобрување поради исправноста во начелото и моралната вредност; тоа е вистинска добивка. Но ако ти ласкаат и те фалат затоа што умееш привлечно да раскажуваш и со своите досетки секогаш да делуваш весело, животворно и духовито, а не поради твоите интелектуални и морални вредности, во очите на разумните и побожни набљудувачи повеќе ќе бидеш предмет на сожалување отколку на завист. Треба да го одбегнуваш ласкањето. Секој кој е толку неразумен да ти ласка, не е и не може да ти биде вистински пријател. Вистински пријател е оној кој те советува, предупредува, опоменува, па и укорува кога не си во право. {3С 225.2}

Вратата на твоите размислувања е отворена за мрачно неверство. Затвори ја во Божји страв. Истражувај ги доказите кои претставуваат столбови на нашата вера и цврсто фати се за нив. Тебе ти е потребна осведоченост и доверба во сегашната вистина, бидејќи само таа може да биде доверлив чувар на твојата душа. Тоа ќе му даде на твојот карактер енергија, делотворност и благородно достоинство со кои се заслужува вистинската почит. Труди се трудољубивоста да ти стане навика, бидејќи тебе тоа сега многу ти недостига. И ти и твојот брат имате блескави идеи за успех, но имајте на ум дека Бог е ваша единствена надеж. Пред тебе понекогаш можеби се отвораат многу ласкави изгледи, но сите очекувања кои те наведуваат да се издигнеш над едноставните домашни должности и светите верски обврски, ќе се покажат како погрешни. Тебе, драг мој млад пријателе, ти е неопходно во срцето да се понизиш пред Бога и да стекнеш драгоцено искуство во христијанскиот живот. Труди се да го запознаеш Господа, да бидеш благослов за другите со беспрекорен и чист живот, полн со благородна цврстина и честитост во извршување на христијанските должности, како и должностите на секојдневниот живот, Своите должности и обврски во семејството, кои до сега ги запоставуваше, должен си да ги преземеш.

Она што ќе се посее, тоа мора и да се жнее. Младите токму сега го сеат своето семе. Секоја постапка во нивниот живот, секој нивен збор претставува добро или лошо семе. Какво е семето, таква ќе биде и жетвата. Ако им попуштаат на избувливоста, желбите и изопачените страсти, ако се оддаваат на задоволување на апетитот и склоностите на своето непосветено срце, ако во себе постојано ја потхрануваат горделивоста и погрешните претстави, попуштајќи на неверството и расипништвото, како жетва можат да очекуваат само грижа на совеста, срам и очај.{3С 226.2}

Божјите ангели постојано се трудат, наведувајќи ги ваквите момчиња во своите молитви искрено да Го побараат Господа: „Биди Ти водач на мојата младост”. Во настојување да ги спаси од сатанските стапици, тие не престануваат да ги повикуваат. Небото може да стане и нивен дом ако се потрудат да го стекнат. Круната на бесмртната слава може да им припадне и ним ако се подготвени да дадат сè за небото. {3С 227.1}

25. ПРОПОВЕДНИЦИ КОИ СЕ ГРИЖАТ САМО ЗА СЕБЕ

Брате Р, твоето влијание не е такво за да послужи на чест на делото на сегашната вистина. Ако дозволеше вистината која ја проповедаш на другите да го посвети прво твојот живот, би бил десетпати повеќе корисен за Божјото дело отколку што си сега. Ти

до таа мера се потпираш на создавањето на сензација што без тоа немаш речиси никаква храброст. Сета твоја сила, слава и успех како работник се наоѓаат во создавање на големи возбудувања и сензации; но тоа не е по волја на Бога. Ти си ласкаш себеси дека со таквите напори го постигнуваш она што ниту оддалеку не е така. {3С 227.2}

Грижливите испитувања покажуваат дека духовната жетва на таквите исклучително возбудливи состаноци е многу слаба. Меѓутоа, ти сепак од целокупното досегашно искуство не дојде до заклучок дека треба да го менуваш својот начин на работа. Многу бавно учиш како во своите идни напори да не повторуваш грешки од минатото. Причината е во тоа што тебе без такви возбудливи состаноци едноставно ти недостигаат стимуланси и ти копнееш по нив како пијаница за чашка ракија која ќе ги пробуди неговите ослабени енергии. Таквите кавги и расправи, кои создаваат возбуда, погрешно се сметаат за ревнување кон Бога и љубов кон вистината. Во таквите свои напори ти речиси потполно си лишен од поддршката на Божјиот Дух. Ако во сите твои потфати Бог беше со тебе давајќи ти мудрост, чувствувајќи товар за душите, да ја искористиш така создадената возбуда за собирање на истите во Христовото царство, ти би ги видел плодовите на својата работа и Бог би бил прославен. Твојата душа треба да биде сета осветлена од духот на вистината која ја изнесуваш на другите. Кога со свои напори ќе ги убедиш душите во она што Божјиот закон бара од нив, учејќи ги да се покајат пред Бога и да веруваат во Христа, твојата работа штотуку отпочна. Ти премногу често наоѓаш некој изговор на други да го пренесеш товарот на започнатата работа која можеше да ја завршиш и сам, изговарајќи се дека не си оспособен за тоа. Затоа, доколку побргу се оспособиш за должноста на пастир на стадото или за пастор, дотолку подобро. {3С 227.3}

Како верен пастир, треба да научиш како треба да се однесуваш кон секоја душа од Христовото стадо, за на секој да му го дадеш неговиот оброк во вистинско време. Потруди се секогаш да имаш внимателно подготвени теми, за да можеш јасно и убедливо да ги изнесеш пред слушателите во вистинско време и на вистинско место, секогаш кога ќе се укаже потреба за тоа. Со Божјата реч ти не успеа во потполност да се подготвиш за „секое добро дело". Кога на стадото му е потребна духовна храна, ти често изнесуваш некои спорни прашања кои повеќе прилегаат на говори на државник за националните интереси. За да си зададеш себеси задача да се снабдуваш со знаење од Божјата реч, која содржи толкаво изобилство на предмети, би можел да придонесеш за развој на Божјото дело, хранејќи го Неговото стадо со соодветна храна која донесува духовно здравје и сила според нивните потреби. {3С 228.1}

Должностите на верен пастир ти допрва треба да ги учиш. Кога тоа сериозно ќе го сфатиш, ќе ја почувствуваш сета тежина на одговорноста, така што веќе нема да ти биде до шега и нема да се впушташ во лесноумни разговори. Христовиот проповедник кој навистина го чувствува товарот на делото и светиот возвишен карактер и светоста на својот повик, нема да биде склон да постапува лесноумно и несериозно со јагнињата на своето стадо. {3С 228.2}

Вистинскиот пастир го храни своето стадо, водејќи грижа за сè што е во интерес на истото. Тој ќе постапува многу мудро, манифестирајќи нежно внимание, наклонетост и сочувство кон сите, а посебно кон оние кои се во искушение, во неволја и очај. Наместо на ваквите да им укажуваш сочувство и љубов кои ги бараат нивните случаи и нивната неволја, ти брате мој, бегаш од таквите, настојувајќи да ја придобиеш наклонетоста на другите. Меѓутоа, „Синот човечки не дошол да Му служат, туку да служи и да ја положи

Својата душа за откуп на многумина” (Марко 10:45). „Вистина, вистина ви велам: слугата не е поголем од својот господар, ниту гласникот е поголем од оној кој го испратил” (Јован 13:26). „Туку се понизи Себеси земајќи обличје на слуга, станувајќи како другите луѓе и во сè беше како човек” (Филипјаните 2:7). „Ние силните должни сме да ги носиме слабостите на слабите, а не да си угодуваме на себеси. И секој од вас да му угодува на ближниот во негова полза, за добар углед. Зашто ни Христос не си угодуваше Себеси, туку како што е напишано: Хулите на оние кои Те хулеа, паднаа на Мене” (Римјаните 15:1-3). {3С 228.3}

Проповедникот на евангелието не смее да господари над оние кои претставуваат Божјо наследство: туку во понизност на духот, во трпение и долготрпение, да опоменува, укорува и храбри, со сета долготрпеливост и доктрина. Каков е твојот досегашен живот во споредба со претходно цитираните стихови? Речиси целиот свој живот им попушташе на своите себични склоности. Се ожени со жена со исклучително силна волја и многу себична. Бидејќи двајцата сте многу себични, вашата поврзаност во бракот не беше од помош ниту на едниот ниту на другиот, туку само ја зголеми вашата заедничка опасност. Ниту двајцата не бевте совесни во вистинска смисла на тој збор ниту живеевте во Божји страв. Љубовта кон себе и задоволувањето на сопствените барања претставуваат начело на вашиот живот. Двајцата сте толку малку посветени на Бога, што не донесувате никакво добро еден на друг. Двајцата сакате да одите по својот пат, двајцата сакате другите да ве галат, пофалуваат и да ви служат. {3С 229.1}

Гледајќи ја опасноста во која се наоѓате, Господ ве предупредуваше повеќе пати преку сведоштвата - доколку не ја победите својата саможивост и својата волја не ја потчините на Божјата волја - ги доведувате во прашање своите вечни интереси. Ако ги послушаше од Бога упатените совети и опомени, ако во понизност се обративте и променивте, твојата сопруга сега не би била во стапицата на непријателот, напуштена од Бога да верува во силните сатански измами. Ако ја следеше од Бога дадената светлина, сега би бил силен и успешен работник во Божјото дело, оспособен да постигнеш десетпати повеќе отколку што си во состојба денес да направиш. Стана слаб затоа што пропушти да ја негуваш светлината. Само за кратко време беше во состојба да го разликуваш гласот на Вистинскиот пастир од туѓиот глас. Занемарувајќи да одиш во светлина, западна во темнина и твојата совест, која често беше газена, потполно отапи. {3С 229.2}

Твојата сопруга не веруваше ниту ја прифати светлината која Бог ѝ ја испрати во Својата милост. Презирајќи го укорот, ја затвори вратата преку која Господовиот глас преку совет и опомена можеше да допре до нејзиното уво. Тоа е токму она што сакаше сатаната, бидејќи веќе ништо не го спречуваше да ја стекне нејзината доверба и - ласкајќи ѝ со своите измами - да ја зароби според неговата волја. {3С 230.1}

Бог ти даде сведоштво дека твојата сопруга претставува само пречка во твојата работа и дека не треба да те следи сè додека не ти пружи очевидни докази дека се обратила и се променила преку обновување на својот ум. Ти тогаш сметаше дека врз основа на ова можеш да бараш стан; го зема тоа сведоштво како изговор и работеше на тоа, иако немаше никаква потреба за сопствен дом. Твојата сопруга имаше должност кон своите родители, кои ги занемари целиот свој живот. Ако со радосно срце ги вршеше своите долго запоставувани должности, сега не би била препуштена да му робува на сатаната, да ја твори неговата волја и да ги изопачува своето срце и душа во служба нему. {3С 230.2}

Твојата наводна потреба да имаш свој дом беше вообразена, како и многу други твои желби. Доби дом кој во својата себичност толку многу го сакаше и можеше, при поаѓање на пат, да ја оставиш својата сопруга во комфорно сместување. Но Бог подготви за неа една финална проба. Болеста на нејзината мајка беше од таква природа што мораше да пробуди сочувство во нејзиното срце, ако тоа не стана потполно бесчувствително и закоравено сред себичноста. Сепак, тоа Божјо провидение не пробуди во срцето на неблагодарната ќерка должна љубов и сочувство кон напатената мајка. Неа не ја спречуваа никакви семејни грижи, таа немаше деца на кои би ѝ ги подарувала својата љубов и внимание, и таа сето свое внимание го подаруваше само на себе и на својата бедна себичност. {3C 230.3}

Товарот на грижите кои нејзиниот татко мораше да го носи беше преголем за неговите години и неговата сила, и тој се скрши под тој страшен товар. И ако ќерката имаше колку-толку сочувство во своето срце, сигурно не би можела да ја заборави својата должност да го подели товарот на настанатата ситуација со својата сестра и нејзиниот сопруг. Но со својата рамнодушност и одбегнување на сите должности таа покажа дека нејзиното срце е бесчувствително и тврдо како камен. {3C 231.1}

Веќе и самиот факт дека беше толку близу до своите родители, а сепак остана толку рамнодушна, доволно зборува против неа. Таа го извести својот сопруг за настаната ситуација. Бидејќи и тој беше себичен како неа, брат Р ѝ упати повик веднаш да се врати. Како гледале на ваквата постапка Божјите ангели како чувари на човечките души, кои се секогаш толку нежни, сочувствителни и полни со љубов? Ќерката препушти други да им ги прават на нејзините родители оние сочувствителни услуги кои требаше да ги подели со својата преоптоварена сестра. Ангелите со вчудоневидување и болка ја набљудуваа сцената и го свртеа лицето од оваа себична жена. На нивните места дошле зли ангели и таа стана вистински сатански роб, според неговата волја. Таа беше сатански медиум и се покажа како голема пречка за својот сопруг, така што неговите напори останаа речиси безначајни. {3C 231.2}

За Божјото дело во _____ ќе беше многу подобро ако тие последни напори не беа направени, бидејќи работата остана недовршена. Интересот беше пробуден, но дозволивте да исчезне, така што веќе никогаш нема да се пробуди. Те повикувам брате Р, горе цитираните библиски стихови кои се однесуваат на Христовата работа и служба да ги споредиш со својата работа во својство на евангелски проповедник, а посебно во случајот кој го наведов, каде што на должноста ти беше толку јасно укажано што можеше да дојде до погрешно толкување само затоа што твојата совест и чувства беа потполно парализирани со долгото идолопоклонство на сопственото „јас”. {3C 231.3}

Откако ги напушти своите родители во нивната болест кога помошта им беше најпотребна, црквата беше принудена да ја преземе таа обврска и да се грижи за унесреќените органи на Христовото тело. Со таа своја бесчувствителна негрижа го предизвика на себе Божјото негодување. Преку твоето однесување Бог не преминува лесно. Божјите ангели тоа го запишуваат. Бог не може да даде успех и свој благослов на оние кои постапуваат спротивно на должноста која најјасно е изразена во Неговата реч - должноста на децата кон своите родители. Оние кои обврските кон своите земни родители не ги сфаќаат посериозно отколку што направи ти, и кои толку лесно се ослободуваат од својата одговорност кон нив, нема да чувствуваат должна почит ниту кон својот небесен Татко. Таквите не ги уважуваат барањата кои Бог ги има во однос на нив. Кога не ги почитуваат и уважуваат своите родители, нема да го почитуваат и љубат

ниту својот Творец. Запоставувајќи ги своите родители, твојата сопруга е престапник на петтото начело од Декалогот: „Почитувај ги својот татко и мајка, за да ти се продолжат деновите на земјата кои ти ги даде твојот Господ Бог". Тоа е прва заповед со ветување. Оние кои не ги почитуваат или обесчестуваат своите родители, не можат да очекуваат да ги следи Божји благослов. Нашите родители имаат право на барањата кои не можеме лесно да ги отфрлиме ниту занемариме. Но децата кои во детството не се воспитани под строг надзор и на кои им се дозволувало да мислат само за себе и за својата удобност, одбегнувајќи ги товарите, стануваат бесчувствителни и безогледни кон оправданите барања на своите родители, кои бдееле над нив од самото раѓање. {3С 232.1}

Брате Р, и ти самиот во тој поглед беше себичен и многу неодговорен во својата должност. Бараше внимание и нежност, но не возвраќаше на ист начин. Беше себичен и претеран во барањата, а често и неразбирлив, давајќи ѝ повод на својата сопруга за неволја. Двајцата бевте непосветени и необично себични. Вашата подготвеност на жртва поради вистината речиси и не постои. И ти и твојата сопруга го одбегнувате секој товар очекувајќи вам да ви се укажуваат услуги, додека би требало да бидете што е можно помалку на товар на другите. {3С 232.2}

Христовите проповедници мораат да се чувствуваат должни, секогаш кога го уживаат гостопримството на своите браќа или пријатели, да послужат на благослов на тоа семејство, настојувајќи да ги охрабрат и духовно да ги зајакнат нејзините членови. Кога одат во посети од куќа до куќа, тие не смеат да ја занемарат должноста на пастир. Тие треба лично да се запознаат со секој член на семејството, за да можат да го прилагодат својот начин на работа и однесување со духовните потреби на секој поединец. Кога еден проповедник кој е должен на светот да му ја објавува веста на опомена, уживајќи го гостопримството на своите пријатели или браќа, ќе ги запостави пастирските должности однесувајќи се безгрижно, впуштајќи се во безначајни разговори и шеги со младите и прераскажувајќи духовити анегдоти за да предизвика смеа, тогаш тој не е достоен да биде проповедник на евангелието; прво треба самиот да се обрати за да може да му се довери грижата за овците и јагнињата на Христовото стадо. Проповедниците кои ги запоставуваат должностите на верен пастир покажуваат дека не се посветиле од вистината која ја проповедаат на другите, и не треба да се плаќаат како работници во Господовото лозје сè додека не стекнат високо мислење за светоста на тој повик. {3С 232.3}

Кога богослужењата се одржуваат само навечер, на проповедникот му останува уште многу слободно време кое може многу добро да го искористи за посети од куќа до куќа. И така проповедниците, доколку имаат дарови на Духот и се угледуваат на својот голем Пример, можат да најдат пристап до човечкото срце и да придобиваат души за Христа. Некои проповедници се премногу непристапни кога ја изнесуваат последната вест на милоста. Тие не ги користат можностите кои им се пружаат да ја стекнат довербата на неверниците со примерно однесување, со своето несебично залагање за добро на другите, со својата благост, трпение, понизност на духот и со својата достоинствена учтивост. Овие духовни родови вршат поделотворно влијание отколку проповедањето од катедра, ако не е проследено со личен контакт со луѓето во нивниот дом. Но со проповедање на јасните вистини кои ги доведуваат слушателите до одлука и соодветни лични напори од куќа до куќа, влијанието на добро може значително да се прошири и душите можат да се обратат кон вистината. {3С 233.1}

Некои од нашите проповедници премногу лесно ги сфаќаат своите одговорности и ги одбегнуваат личните грижи и напори; затоа и не чувствуваат потреба од Божја помош, која би ја чувствувале кога на себе би ги презеле товарите на одговорностите кои Божјото дело и нашата вера ги бараат од нив. Кога треба да се понесе товарот на тоа дело, и кога оние кои исто така носат товар ќе се најдат во тешка положба, тогаш тие чувствуваат потреба да живеат близу до Бога за да можат со доверба да Му го предадат својот пат и со вера да побараат помош која само Тој може да ја даде. Тогаш тие секој ден стекнуваат ново искуство во верата, што за проповедникот на евангелието е од најголемо значење. Работата на проповедникот е посериозна и посвета отколку што замислуваат многумина од нив. Тие треба да шират околу себе свое влијание. Бог бара оние кои ќе ја прифатат таа света задача да бидат поревни во Неговото дело. Суштината на нивната работа треба да биде спасување на душите. Брате Р, ти не ја сфаќаш сериозноста на она за што зборува пророкот Јоил: „Помеѓу тремот и олтарот нека плачат свештениците, Господовите слуги и нека молат; прости му Господе на Својот народ и не го давај Своето наследство на срам". „Кој со солзи сеел, нека жнее со радост. Оди и плаче оној кој го сее семето, ќе тргне со песна, носејќи ги своите снопови". {3С 234.1}

Брате Р, покажано ми е во каква упадлива спротивност со барањата на Божјата реч беше твојот начин на работа. Беше невнимателен во своите зборови и невнимателен во однесувањето. Како овци на Божјото стадо, самите членови мораа да водат грижа за својот пастир, да опоменуваат, укоруваат и плачат поради невнимателноста на својот пастир кој, прифаќајќи го својот повик, се согласил да биде Божји гласник; но сепак повеќе се грижи за себе отколку за своето напуштено стадо. Ти не чувствуваш товар за душите. Ти на работа никогаш не одиш плачејќи и молејќи се за душите кои се во заблуда за да се обратат. Ако така правеше, ќе посееше семе кое веќе одамна ќе никнеше и ќе донесеше плод на слава на Бога. А кога не си зафатен со разговор и молитва со членовите на семејството покрај нивното огниште, тогаш би требало своето време да го употребиш правилно, вежбајќи се за своите должности со некое корисно занимање. {3С 234.2}

Ти и твојата сопруга можевте да се поштедите себеси од многу непријатности и да бидете многу порадосни и посреќни ако помалку копнеевте по удобен и лесен живот, комбинирајќи го учењето со физичката работа. Вашите мускули се создадени за употреба, а не за неактивност. Адам и Ева имале во Едем сè што им било потребно за живот, па сепак нивниот небесен Татко знаел дека со цел на зачувување на трајната среќа им било потребно занимање. Кога ти, брате Р, секој ден, покрај учењето, би ги вежбал и своите мускули, работејќи со своите раце, твојот ум би бил поурамнотежен, твоите мисли би биле почисти и повозвишени, и би имал поприроден и поздрав сон. Твоето расудување не би било толку нарушено и забавено сред надоаѓањето на крв во мозокот. Твоите мисли и претстави за светите вистини би биле појасни, а твоите морални сили значително поактивни. Ти не сакаш да работиш, но во твој интерес е многу повеќе физички да се движиш секој ден, бидејќи со тоа би го поттикнал на здрава активност својот заспан крвоток и би се издигнал над својата мрзоволност и немоќ. {3С 235.1}

Не занемарувајќи го трудољубивото учење, во молитва треба да бараш мудрост од Бога за Тој пред твојот ум да ја отвори ризницата на Својата реч, за да бидеш подготвен за секое добро дело. Никогаш нема да бидеш во положба каде што нема да ти биде потребна сесрдна молитва за да ги совладаш своите искушенија. Треба постојано да

бидеш внимателен и да не мислиш само на себе. Ти создаде навика премногу да се истакнуваш себеси, задржувајќи се само на своите семејни тешкотии и на своето слабо здравје. Накратко, тема на твоите разговори секогаш си само ти. Го стави своето „јас" помеѓу себе и својот Спасител. Треба да заборавиш на себе и да го скриеш своето „јас" позади Исуса. Издигни го драгиот Спасител, а себе изгуби се од вид. Кога ќе ги увидиш и ќе ги дознаеш своите слабости, во себе нема да гледаш ништо на што би требало да придаваш голема важност и внимание. Ти не само што се заморуваше, туку и ги одбиваше своите слушатели со своите преголеми уводи пред да преминеш на главниот предмет на своето излагање. Секој пат кога во своите излагања ќе ги спомнеш своите семејни тешкотии, се понижуваш сам себеси во очите на слушателот и поттикнуваш сомневање дека сепак не си во сè во право. {3С 235.2}

Ти за пример ги земаш проповедниците кои се издигнуваа над себе и кои очекуваа луѓето да ги фалат. Ним, како свои миленици, им ласкаа непромислени луѓе сè додека не станаа вообразени, горделиви и полни со себе и додека, потпирајќи се само на сопствената мудрост, не доживеаја бродолом на верата. Се чувствуваа толку популарни дека можат да прават сè што ќе посакаат, а сепак да ја задржат својата популарност. Во тоа и ти го пречекоруваш дозволеното. Кога еден проповедник со своето однесување ќе им пружи на злите јазици факти како предмет за дискусија и кога неговиот морал сериозно е доведен во прашање, тогаш тој не треба тоа да го смета како завист и озборување. Ти треба да бидеш внимателен и со своето однесување да не ги потхрануваш наклонетостите кои лесно преминуваат во навика и кои можат да ти донесат пропаст. Обрати внимание на оние кои со своето однесување заслужуваат само презир и гадење, а потоа внимавај и на првиот чекор во насоката по која тие одеа. {3С 236.1}

Ти сметаше дека можеш да се потпреш на сопствената сила и мудрост и сатаната те заслепи до таа мера што воопшто не ги увидуваш своите слабости и своите многубројни недостатоци. „А родови на Духот се: љубов, радост, мир, трпение, добрина, милост, вера, кротост, воздржување; на тоа нема закон. А оние кои се Христови го распнаа своето тело за страстите и желбите. Ако во дух живееме, по дух и да одиме. Да не бараме лажна слава, раздразнувајќи се еден со друг и завидувајќи еден на друг". {3С 236.2}

Покажани ми се полињата во кои би требало да се работи. Жителите на градовите, градчињата и селата треба да ја слушнат веста на опомена, бидејќи сите треба да бидат проверени со пораката на сегашната вистина. Делото кое треба да се изврши е навистина големо, а работниците кои се нафаќаат за оваа задача треба да бидат луѓе со здраво расудување кои знаат како треба да работат со душите. Тоа треба да бидат луѓе полни со трпение, добрина и учтивост, луѓе кои се бојат од Бога. {3С 236.3}

Ти бргу ја стекнуваш довербата на народот; но често со своето безгрижно однесување или со некоја непромислена постапка, строгост и манифестирање на заповеднички дух, ја губиш стекнатата доверба, што му нанесува поголема штета на Божјото дело отколку ако ништо не се започнувало. Големи загуби во Божјото дело донесуваат оние проповедници кои се раководат од моменталните побуди. Некои лесно паѓаат во оган и многу се раздразливи; и доколку некој ги навреди, подготвени се да возвратат со иста мерка. Сатаната се радува токму на таквите нивни постапки. Непријателите на вистината ликуваат над ваквите слабости на Христовите проповедници, бидејќи со тоа делото на сегашната вистина се изложува на срам. Оние

кои манифестираат вакви слабости ги претставуваат во лоша светлина и проповедниците на нашата вера и вистината. Проповедникот кој ќе ја злоупотреби дадената доверба, фрла сенка на сомневање и на сите останати и во голема мера ја отежнува работата на оние кои доаѓаат по него. {3C 236.4}

Ти, брате Р, кога одиш да работиш во нови полиња, повеќе се задржуваш на спорните прашања, бидејќи го навикна својот ум на таков начин на работа. Но со таквата своја работа не направи ниту десетти дел од она што можеше да го направиш ако врз основа на секојдневното искуство се оспособеше да им зборуваш на своите слушатели за практичните прашања. За да можеш од лично искуство да научиш што значи практична побожност, мораш да бидеш ученик во Христовата школа. Кога ќе ја почувствуваш спасоносната сила на вистината во сопствената душа, едноставно нема да можеш, а да не го храниш Божјото стадо со истите практични вистини кои го направија твоето срце толку радосно во Бога. Треба да се комбинира практичното со доктринарното за да се импресионираат срцата на луѓето за потчинувањето на барањата на вистината откако под тежината на доказите умот ќе се осведочи. Христовите слуги во начинот на оваа работа треба да се угледаат на примерот на својот Учител. На своите слушатели тие треба постојано да им ја предочуваат неопходноста од практична побожност и тоа на за нив лесно сфатлив начин. Исто како што правел и нашиот Спасител, тие треба со своите поуки да ги наведат да ја сфатат неопходноста од практична примена на начелата на верата и правдата во секојдневниот живот. Бидејќи од своите проповедници во популараните цркви не го добиваат тоа, луѓето копнеат по храна која ги задоволува потребите на душата и дава духовен живот. {3C 237.1}

Твојот живот не е обележан со понизност на умот и со кротост на однесување. Ти тврдиш дека Го љубиш Бога, но тоа не го покажуваш со дела и со вистината. Твоето достоинство лесно и бргу се навредува. Посветувачкото влијание на вистината проповедникот треба прво да го почувствува во сопственото срце и живот и дури тогаш она што го зборува од катедрата ќе може да го поткрепи и со својот личен пример. Проповедниците би морале и сами да се понизат и посветат за да може Бог да ги благослови на посебен начин нивните напори. {3C 237.2}

Ти пропушти златна прилика за собирање на душите, бидејќи Бог - затоа што во срцето не беше исправен пред Него - не можеше да ги поддржи твоите напори. Твојот дух не беше чист во очите на Оној Кој е олицетворение на чистота и светост. Ако му даваш место на беззаконието во своето срце, Господ нема да ги услиши твоите молитви. Нашиот Бог е Бог кој ревнува. Тој ја знае секоја мисла, секоја побуда и намера на срцето. Раководејќи се според сопственото расудување, ти правеше пропусти таму каде што можеше да имаш успеси. Премногу се става на коцка, ако во ова дело се работи немарно или безгрижно. Душите се проверуваат по прашањето на прифаќањето на значајните и вечни вистини и она што ти ќе го кажеш или направиш може да има пресудно влијание во нивната одлука за или против вистината. Кога требаше да бидеш понизен пред Бога и - чувствувајќи го товарот на делото и вредноста на душите - најсердно се молиш за Негова помош во своите напори, ти бараше друштво на млади жени, не огледајќи се на светоста на Божјото дело и својот повик како проповедник на Христовото евангелие. Додека требаше да стоиш помеѓу живите и мртвите, ти се впушташе во лесни и несериозни разговори, во шеги и дофрлувања. {3C 238.1}

Како ангелите кои беа испратени да лебдат околу тебе, можеа да те опсипат со светлина и да те крепат со сила? Кога требаше најсердно да пронајдеш пат и начин како

да го просветлиш умот на оние кои талкаат во темнината на заблудата, ти си угодуваш себеси бидејќи си премногу себичен за да се посветиш на делото за кое немаш ниту љубов ниту наклонетост. Кога оние кои се распрашуваа за вистината ги критикуваа нашите ставови, ти немаше ниту малку трпение со нив. Често даваше кратки и строги одговори, како да немаат никакво право да испрашуваат, туку мораат сè што им се изнесува да го примат како вистина без приговор. Во текот на својата работа како проповедник, ти со својот начин на однесување одврати многу души од вистината. Не си секогаш толку нетрпелив и непристапен; кога си добро расположен умееш да одговориш искрено, но сепак си често неучтив и многу бараш и се однесуваш како разгалено и раздразливо дете. {3С 238.2}

Сокривањето на една шипка злато и еден вавилонски плашт го вознемирил целиот израелски логор. Божјото неодобрување и негодување поради гревот на еден човек ја погодило цела нација. Илјадници од нив загинале на бојно поле, бидејќи Бог не можел да го благослови и помага народот во кој се наоѓал само еден грешник, еден кој ја престапил Божјата заповед. Тој грешник не бил во некоја света служба, па сепак, Бог не можел да ги предводи Изралевите синови во освојување на ветената земја сè додека во нивниот логор се наоѓале тие скриени гревови. {3С 239.1}

И покрај толку јасното предупредување на апостол Павле „Пазете се од сè она што изгледа дека е зло," некои упорно продолжуваат по патот кој не прилега на христијанин. Од припадниците на Својот народ Бог бара да бидат свети, да се држат што подалеку од делото на темнината, да бидат чисти во срцето и во животот, потполно неиспоганети од светот. Тие со вера во Христа станале Негов избран народ и додека стојат на светото тло на библиската вистина, заштитени се од било какво учествување во бесплодните дела на темнината. {3С 239.2}

Брате Р, ти стоеше непосредно на патот на Божјото дело, внесувајќи темнина и голема обесхрабреност во редовите на Неговиот народ. Заслепен од сатаната, работеше само за да придобиеш симпатии, и тоа го доби. Ако живееше во склад со примената светлина, ти во тоа ќе го препознаеше сатанското настојување да те измами и уништи. На Божјите деца јадењето и пиењето не им служат за да ги задоволуваат своите барања, туку за да ги одржат животот и силата творејќи ја волјата на својот Учител. Исто така, и во облекувањето цел им е сочувување на здравјето, а не да предизвикаат внимание ниту за да одат во чекор со модата која постојано се менува. Желбата на очите и гордоста на животот немаат место во нивната гардероба и во нивните домови и тоа од начелни причини. Тие се искрени во сите свои постапки и нивните разговори се секогаш насочени на она што ги издигнува и облагородува мислите. {3С 239.3}

Бог е полн со сомилост и има разбирање за нашите слабости и нашите искушенија; и кога ќе Му пријдеме со скршени срца и со понизен дух, Тој го прифаќа нашето каење и ако се фатиме за Неговата сила да склучиме мир со Него, можеме навистина да се помириме со Него. О, колку треба да бидеме благодарни и радосни, знаејќи дека Бог е толку милостив! {3С 239.4}

Ти пропушташ во потполност да се потпреш на Божјата сила. Во своите мисли и разговори се задржуваш само на себе. Преувеличувајќи ги своите искушенија и пред себе и пред другите, престана да мислиш за вистината и за Примерот на кој сите треба да се угледаме и затоа брате Р, ти си толку слаб. {3С 240.1}

Чувствувајќи го значењето на спасувањето на душите, би требало да изнаоѓаш прилика за разговори за вистината не само кога си зад проповедалната, но ти не размислуваше доволно за одговорноста која почива на еден проповедник на евангелието. Христос и Неговата правда не беа предмет на твоите разговори и така пропушти многу прилики кои, ако беа искористени, значително би придонеле да има повеќе души подготвени да дадат сè за Христа и за вистината. Но ти не си подготвен да го преземеш на себе товарот на одговорности. Пастирската работа вклучува и крст, но ти не си подготвен на тоа. {3C 240.2}

Видов како ангелите будно набљудуваат каков впечаток оставаш на состаноците, какви плодови произлегуваат од тоа и како воопшто влијаеш и на верниците и на неверниците. Видов како ангелите го кријат своето лице и како со тага се свртуваат од тебе. Често се занимаваш со безначајни ситници и кога треба да се преземат напори кои бараат ангажирање на сите сили, јасно расудување и сесрдна молитва, ти се поведуваш по своите желби и склоности; и во судирот не само со луѓето, туку и со мрачните сили на сатаната и неговите зли ангели, се потпираш само на својата сила и мудрост. Тоа значи нетрудољубиво да се работи Божјото дело и да се изложува на постојана опасност ширењето на вистината и работата на спасување на души. {3C 240.3}

Во тебе мора да дојде до промена за да може да ти се довери Божјото дело. Својот живот мораш да го сфатиш како сериозна реалност, а не како некој безделнички сон. Како стражар на ѕидовите на Сион, ти си одговорен за душите кои се доверени на твојата грижа. Својата поддршка ти треба да ја наоѓаш во Бога. Ти работиш без неопходно размислување, раководејќи се повеќе според моменталните побуди отколку според начелото. Не сфаќаш колку ти е неопходно да се менуваш со обновување на својот ум и со распнување на стариот човек во себе со сите негови склоности и телесни желби. Влијанието на Божјиот Дух би требало да ги урамнотежи и регулира сите твои постапки. Сега си несигурен во сè што ќе преземеш. Врзуваш и одврзуваш, градиш и рушиш, го будиш интересот, а потоа, во недостаток на посветеност и божествена мудрост, сето тоа го гушиш. Не си засилен, утврден и постојан во вистината и немаш доволно вера затоа што молитвата не е постојан живот на твојата душа. Мораш животно многу повеќе да се врзеш со Бога, и тогаш нема да сееш во телото и да жнееш изопаченост. {3C 240.4}

Шегите и празните разговори му припаѓаат на овој свет. Христијаните кои имаат Божји мир во своето срце, ќе бидат расположени и среќни и без попуштање на лесноумноста и несериозноста. Стражејќи будно во молитва, тие ќе поседуваат и мир кој ќе ги издигне над сè она што е површно. Тајната на побожноста, откриена на умот на проповедникот, ќе го издигне над секое земско и телесно уживање. Тој станува учесник во божествената природа, одбегнувајќи ја изопаченоста која постои во светот заради попуштање на телесните желби. Поврзаноста која на тој начин се воспоставува помеѓу Бога и неговата душа го прави плоден во познавање на Божјата волја и отвора пред него ризница на практични предмети кои може да ги изнесува пред своите слушатели и кои нема да поттикнат лесноумност или смеа, туку ќе внесат свечено и сериозно расположение, ќе го трогнат срцето и ќе ја пробудат моралната чувствителност кон светите Божји барања врз наклоностите и животот. Оние кои се залагаат во зборовите и науката треба да бидат Божји луѓе, чисти во срцето и животот. {3C 241.1}

Ти се наоѓаш во најголема опасност да го изложиш Божјото дело на срам. Сатаната ги познава твоите слабости. Неговите ангели постојано ги пренесуваат твоите слаби точки на оние кои се заведени од неговите лажни чуда и тие веќе те сметаат како еден

од своите редови. Сатаната ликува што толку немудро продолжуваш по погрешен пат, бидејќи на тој начин се ставаш на негов терен и му даваш предност. Тој добро знае дека поборниците на Божјиот закон со секое свое невнимание ги одвраќаат душите од вистината. Ти не си подготвен да го преземеш на себе товарот на делото и не се залагаш грижливо и сесрдно на луѓето да оставиш поволно влијание во поглед на вистината. Премногу често стануваш нетрпелив, раздразлив и детинест и со своето неконтролирано однесување сам себеси си создаваш непријатели. Со својата невнимателност ти создаваш кај луѓето предрасуди против вистината. Сè додека не се промениш во потполност, применувајќи ги во сопствениот живот начелата на светата вистина кои ги изнесуваш од катедрата, од твојата работа нема да има речиси никаква корист. {3С 241.2}

На тебе останува голема и тешка одговорност. Должност на стражарот е секогаш да биде на своето стражарско место и будно да бдее на душите како оној кој ќе мора за нив да полага сметка пред Бога. Ако твојот ум, обземен со несвети мисли, потполно се одврати од ова големо дело и ако дозволиш себичните планови и проекти, лишувајќи те од сон, ги ослабат твоите умни и физички сили, знај дека грешиш и против сопствената душа и против Бога. Твојата моќ на расудување отапи до таа мера што не воочуваш разлика помеѓу светото и несветото. Бог е обесчестен, Неговото дело е изложено на срам, а доброто кое можеше да го направиш ако во потполност се потпреше на Бога, е упропастено. Ако ги сочуваш своите сили свежи и животворни, за да ги посветиш сите свои способности на умот и телото на Божјото дело, не само што со својата работа би постигнал многу повеќе, туку сето тоа би било и многу посовршено. {3С 242.1}

Твојата работа беше дефективна. Еден мајстор, уметник на својот занает, ангажираше свои луѓе да извршат за него прекрасна и деликатна работа која бара трудољубивост и многу одмерени потези. Прифаќајќи ја ваквата работа, овие луѓе мораат да бидат свесни дека тоа можат да го направат како што треба само ако сите нивни способности се подготвени на постојана активност и најистрајни напори. Но еден меѓу нив се поведува по своите изопачени барања. Тој сака опојни пијалаци. Ден по ден, тој ја задоволува својата желба за стимуланси; и додека се наоѓа под дејство на алкохол, мозокот му е помрачен, нервите ослабени, а рацете несигурни. Тој работи ден по ден, но ја упропастува речиси секоја работа која му е доверена. Тој не само што ја губи својата заработувачка, туку и на својот претпоставен му нанесува ненадоместлива штета. Со својата неефикасност тој ја губи довербата и на претпоставениот и на своите соработници. Прифаќајќи ја таа голема одговорност која му беше доверена, овој човек се прикажа способен да ја изврши во склад со упатствата примени од претпоставените. Меѓутоа, со себичното попуштање на своите барања, тој го изложи на ризик целиот овој потфат. {3С 242.2}

Твојот случај, брате Р, е многу сличен на овој. Само што должноста на Христовиот проповедник, кој треба да го предупредува светот на доаѓањето на судот, е многу поголема од должноста на обичниот занаетчија како што интересите на вечниот живот се позначајни од минливите интереси. Ако слугата на евангелието повеќе им попушта на личните склоности отколку што се раководи според должноста, ако му попушта на сопственото „јас" на штета на духовните сили и постапува непромислено, на денот на судот душите ќе застанат против него и ќе го осудат поради неговото неверство. Крвта на тие души ќе се најде на неговата облека. Непосветениот проповедник може да ги смета за ситници своите импулсивност, избувливост и непосветеност. Исто така, нему

може да му изгледаат како ситници кога го руши она што самиот го подигнал, предизвикува малодушност, очај и обесхрабреност токму кај оние души кои треба да се обратат со вистината која тој ја изнел. Многу е тажно кога проповедникот ќе ја загуби довербата на оние за чие спасение се залага. Меѓутоа, последиците на своето непромислено постапување проповедникот не може и нема во потполност да ги сфати сè додека не гледа онака како што гледа Бог. {3C 243.1}

26. ПРЕКУМЕРНА СКЛОНОСТ КОН ЗАРАБОТУВАЧКА

Брате С, на 10. декември, 1871. година покажани ми се сериозни недостатоци во твојот карактер кои, доколку не ги увидиш и не ги отфрлиш, ќе ја предизвикаат твојата пропаст; и не само што ќе се најдеш недостоен на мерилата на светилиштето, туку со таквото свое влијание ја одредуваш и судбината на другите. Ти или собираш со Христа, или пак растураш. {3C 243.2}

Покажано ми е дека во тебе е длабоко вкоренета љубовта кон светот. Љубовта кон парите е корен на сите зла. Ти си ласкаш себеси дека си исправен и тогаш кога всушност не е така. Бог не гледа како што гледаат луѓето, Тој го гледа срцето. Неговите патишта не се наши патишта, ниту Неговите свети мисли се наши мисли. Твоја најголема грижа и желба е само да стекнеш пари. Обземајќи те сè повеќе и повеќе, таа страст во тебе ја задуши љубовта кон вистината. Љубовта кон парите потполно ја има изопачено твојата душа. Љубовта кон вистината и нејзиниот напредок во тебе речиси исчезна. Сите твои чувства се врзани за земното богатство. {3C 243.3}

Ти ја познаваш вистината; не ти се непознати барањата на Светото Писмо; ти ја знаеш волјата на својот Господар, бидејќи таа е јасно откриена во Неговата реч. Но твоето срце не е наклонето да ја прифати светлината која го осветлува твојот пат. Ти имаш многу високо мислење за себе. Твојата љубов кон самиот себе е поголема од љубовта кон сегашната вистина. Ако не ги увидиш своите слабости и своите заблуди и ако не се поправиш, твојата самодоверба и самозадоволство ќе те одведат во неминовна пропаст. Самоволен си и непопустливо ја спроведуваш својата волја; иако мислењата на другите се поправилни од твоето расудување, не си подготвен да попуштиш. Упорно остануваш на својот став, без никаков оглед на мислењата на другите. Би сакала да ја увидиш опасноста која ти се заканува доколку продолжиш по патот по кој си тргнал. Кога твоите духовни очи би биле просветлени со Божјиот Дух, ти би го видел сето тоа многу јасно. {3C 244.1}

Твојата сопруга ја љуби вистината и таа е една делотворна и начелна жена. Но ти не ја цениш нејзината вредност. Таа неуморно се залага за општо добро на семејството, но ти не ѝ укажуваш должна почит. Не се советуваш со неа, што би требало да го правиш, бидејќи тоа е твоја должност. Премногу држиш до себе и со незадоволство го отвораш своето срце пред својата сопруга, не сакајќи со неа да ги делиш своите мисли, своето верување и своите чувства. Ти си таинствен. Твојата сопруга не зазема почесно место во семејството кое го заслужува и за кое има способности. {3C 244.2}

Ти сметаш дека твојата сопруга не треба да се меша во твоите планови и договори и премногу често ја спротивставуваш својата волја и своите планови наспроти нејзината. Се однесуваш како нејзината личност да треба потполно да исчезне во твојата личност.

Не си задоволен кога таа постапува како да има своја индивидуалност. Таа е одговорна за својата индивидуалност пред Бога. Пред Него секој од нас стои самостојно. Ниту ти можеш да ја спасиш неа, ниту таа тебе. Таа има своја совест според која мора да се управува. Ти пречесто се обидуваш да бидеш нејзина совест, а понекогаш и совест на своите деца. Божјите барања во однос на твојата сопруга се повозвишени од твоите барања кон неа. Таа мора да формира сопствен карактер и за тоа е одговорна само на Бога. {3С 244.3}

Ти си должен да го формираш својот карактер и одговорен си пред Бога за карактерот кој го развиваш. Ти заземаш заповеднички став и имаш диктаторски дух кој не е во склад со Божјата волја. Мораш да престанеш да бидеш толку строг. Склон си фалбаџиски да се гордееш со својот префинет вкус и со смислата за организација. Ти имаш прекрасни идеи, но тоа што умееш толку убаво и точно да им го припишуваш на другите, не го манифестираш во сопствениот карактер и однесување. Не успеа да изградиш совршен и складен карактер. Ти имаш добри идеи во поглед на организацијата, но изопаченоста ги отапи сите твои прекрасни способности. Не ги исполни условите поставени во Божјата реч за да станеш Негово верно дете. Сите Божји ветувања се дадени под одредени услови. „Затоа излезете помеѓу нив и одвојте се, вели Господ, и не допирајте се до ништо што е нечисто и и Јас ќе ве примам и ќе ви бидам Татко, а вие ќе бидете Мои синови и ќерки, вели Господ Саваот. Имајќи вакви ветувања, о љубезни, да се очистиме себеси од секоја нечистотија на телото и духот и да ја твориме светоста во Божји страв". Тоа искуство и ти треба да го стекнеш. Ти сакаш да одиш во друштво на неверниците, да ги слушаш нивните разговори и да учествуваш во нив. Таквите разговори не служат на слава на Бога и на Христа, и кога ти би го имал Христовиот дух не би се наоѓал толку често во друштво на оние кои немаат љубов кон Божјата вистина. {3С 245.1}

За препреките кои им пречат на твоите деца да станат христијани, ти ги обвинуваш другите. Но немој сам себе да се лажеш во тој поглед. Кога не би постоело ништо друго, самото твое влијание како татко е доволно за да ги попречува на тој пат. Твојот пример и твоите разговори се од таква природа, така што твоите деца не можат да веруваат дека твојот животен пат е во склад со верата која ја исповедаш. Твоите разговори со неверниците беа на толку ниско ниво, толку површни и толку полни со шеги, така што со својот пример не можеше никого да издигнеш, а најмалку своите деца. Твоето однесување со другите не е секогаш строго чесно. Не го љубеше Бога со сето срце, сета душа и со сета своја сила, а ближниот како сам себеси. Секогаш кога тоа е во твоја моќ, гледаш да ја искористиш штетата или несреќата на своите ближни. Но секој денар кој ќе го стекнеш на таков начин ќе ти донесе проклетство, кое ќе го почувствуваш порано или подоцна. Бог ја забележува секоја неправедна постапка, кон верните или неверните и не преминува преку тоа. Твојата склоност кон стекнување на нечесна заработка претставува за тебе вистинска стапица и начинот на кој ти постапуваш со ближните во својата работа, нема да ја издржи проверката на Божјиот суд. {3С 246.1}

Твојот христијански карактер е замачкан со лакомство. Ако не ги отстраниш тие дамки, ќе го изгубиш вечниот живот. Секој од нас е задолжен пред Бога за нешто; секој треба да ги намножи добиените таленти. И најскромните и најсиромашни Христови следбеници можат да претставуваат благослов за другите. Тие можеби не се ни свесни дека направиле некое посебно добро, но со своето несвесно влијание тие можат да поттикнат бранови на благослови кои незадржливо се шират и продлабочуваат, и тие

можеби нема да знаат за среќните резултати од своите зборови и од своето совесно однесување до делењето на конечна награда. Тие не се свесни дека направиле некое добро дело. Од нив не се бара да се оптоваруваат со грижата за успех. Нивно е само да одат напред, не со намножување на зборови и фалење, туку со тивко и верно исполнување на должностите кои Бог им ги наменил во Своето провидение, па наградата за таквите нема да изостане. Тоа може да биде случај и со тебе. Сеќавањата од твојот живот се пишуваат во небесните книги и ако ги победиш своите недостатоци, во тој запис ќе се најдат и душите спасени со твоите напори, самооткажување, добри зборови и доследен христијански живот. И кога конечно ќе се дава секому според своите дела, откупените души ќе те наречат блажен, а Господарот ќе каже: „Добро извршено, добар и верен слуго, влези во радоста на својот Господар". {3С 246.2}

Овој свет е навистина преполн со брзање, гордост, себичност, лакомство и насилство; и може да ни се пристори дека не вреди да се губи време во настојувањето во секој момент и во секоја прилика, наспроти вриежот на општа забуна, збрка и судир, да зборуваме зборови кои се благородни, чисти, возвишени, невини и свети. Па сепак, соодветните зборови кои доаѓаат од чисто срце и од посветени усни, и кои се проследени со побожно и доследно христијанско однесување се навистина „златни јаболки во сребрени садови". Зборувајќи празни зборови, ти се покажа како привржаник на овој свет. Понекогаш беше толку невнимателен во своите зборови и непромислен во своите разговори, така што како христијанин паѓаше многу ниско во очите на неверниците. Затоа, кога зборуваше за вистината, твоите зборови не гореа со онаа сериозност и сесрдност кои можат да го трогнат срцето. Зборовите ти беа проследени со површни и несериозни забелешки, што ги наведуваше на заклучок оние кои те слушаа дека твојата вера не е вистинита и дека не веруваш во она што им го проповедаш на другите. Зборови во корист на вистината, изговорени во смирена прибраност, добронамерно и од чисто срце, можат да направат многу противникот да се разоружи и да се придобијат душите. Додека со груб и себичен дух на жигосување на душата уште повеќе се оддалечуваат од вистината поттикнуваат дух на спротивставување. {3С 247.1}

Не треба да очекуваш некои големи прилики или некои извонредни способности, пред да можеш да работиш срдечно за Бога. Не размислувај за тоа што светот ќе мисли за тебе. Ако твоето дружење со луѓето и твоите побожни разговори претставуваат за нив живо сведоштво за чистотата и искреноста на твојата вера и ако тие се осведочат дека сакаш да им помогнеш, твоите зборови нема да бидат напразно изговорени, туку навистина делотворни за добро. {3С 247.2}

Христовиот слуга, во секоја гранка на христијанската служба и со поука и со пример шири спасоносно влијание на другите. Доброто семе, посеано во студеното и себично срце на необратениот, може да лежи извесно време, не давајќи никаков знак дека фатило корен. Меѓутоа, Божјиот Дух често делува на таквото срце полевајќи го со небесна роса, и долгоскриеното семе про'ртува и конечно донесува род на Божја слава. Во нашето животно дело ние не знаеме кое семе ќе про'рти, ова или она. Тоа не се прашања на кои ние како немоќни смртници можеме или треба да даваме одговор. Ние треба да ја работиме својата работа, а резултатите да му ги препуштиме на Бога. Ако се наоѓаше во темнината на незнаењето, твојата вина немаше да биде толку голема. Меѓутоа, ти прими голема светлина, слушна многу за вистината, но она што го слушна не го применуваш во пракса. {3С 248.1}

Христовиот живот е пример за секој од нас, и треба да се угледаме на Неговиот пример на самооткажување, самопожртвуваност и несебично добродетелство. Неговиот живот е бескрајно манифестирање на Неговата голема љубов и залагање за спас на грешниот човек. „Љубете се еден со друг," вели Христос, „како што ве љубев и Јас". Како нашиот живот на самооткажување, жртва и добродетелство може да се спореди со Христовиот живот? Обраќајќи им се на Своите ученици, Христос вели: „Вие сте светлина на светот," „Вие сте сол на земјата". Ако е тоа наша предност и наша должност, а ние остануваме во темнина и неверство, каква тогаш страшна одговорност преземаме на себе? Ние можеме да бидеме канали на светлината или на темнината. Ако занемариме да ја шириме светлината која Бог ни ја дал и ако не напредуваме во знаење и вистинска светлина по патот по кој нè води светлината, ние сме исто толку виновни и толку се наоѓаме во темнина колку што ја занемаривме светлината и вистината. Во овие денови на беззаконие и опасност, карактерот и делото на таканаречените христијани нема да ја издржи пробата кога ќе бидат испитувани според светлината која денес ги осветлува. Помеѓу Христа и Велијар нема никаква сличност; ништо заедничко нема помеѓу светлината и темнината. Како тогаш можат да се ускладат Христовиот Дух и духот на овој свет? Нашиот Бог е Бог кој ревнува. Тој бара искрена љубов и безусловна предаденост на оние кои тврдат дека Го љубат. „Ако негувам беззаконие во своето срце," вели псалмистот, „не би ме услишил Господ". {3С 248.2}

Ти стоеше непосредно на патот на спасението на своите деца. Нивната незаинтересираност за верските прашања ти им ја припишуваш на други, а не на вистинските причини. Твојот пример за нив е камен на сопнување. Според твоите плодови, зборови и дела, тие гледаат дека не веруваш во скорото Христово доаѓање. Некои меѓу нив не се притеснуваат да се шегуваат на сметка на верувањето во близината на Христовото доаѓање и краткоста на времето. Тие се задоволни кога ти се договараш за некоја работа на штета на другата страна без нивно согледување. Тие сметаат дека нивниот татко е многу вешт во трговијата, така што никој не може да го надмудри во тоа, и тие ги следат твоите чекори. Верата без дела е мртва, бидејќи претставува само исповедање. Парите ти дадоа моќ, а ти ја употребуваш таа моќ за да ја користиш несреќата на другите. Твоите шпекулации во деловниот живот не беа искрени и не беше праведен кон своите ближни. Преку својата трговија го жртвуваше својот углед и како христијанин и како чесен човек. Парите кои во трговијата ти остануваат како чиста заработувачка не се доволни за да ја задоволиш твојата жед за добивка и затоа ти ги правиш тешкотиите на сиромашните уште потешки, користејќи ја нивната несреќа за да го зголемиш својот имот. Внимавај добро, брате С. Поради минливата земна добивка ти губиш неспоредливо повеќе. Во моментот на проверка ќе ти недостигаат небесни доблести и достоинство на чесноста. Дали тогаш тоа е добивка или загуба? Дали, покрај сета таа заработувачка, си побогат или посиромашен? Тоа е всушност страшна загуба, бидејќи исто толку загуби од богатството кое можеше да го собереш на небото. {3С 249.1}

Секоја можност која ќе ти се пружи да му помогнеш на братот во неволја, или да го помогнеш Божјото дело во ширење на вистината, претставува бисер кој би можел однапред да го испратиш во небесната банка на сигурно чување. Бог те испитува и проверува. Тој ти даде изобилство на свои благослови и сега чека да види како ќе постапиш со нив, ќе им помагаш ли на оние на кои помошта им е неопходна и дали, сфаќајќи ја вредноста на душите, ќе ги употребиш своите средства на она поради што ти

се доверени. Секоја така искористена прилика претставува можност да собираш богатство на небото. Меѓутоа, себичноста те наведува со стекнување на земното, да го жртвуваш небесното богатство. Повеќе се одлучуваш за богатство кое молците и рѓата можат да го упропастат отколку за она кое останува за цела вечност. Ти се пружа предност укажувајќи нежно сочувство со страдалниците да бидеш благослов за другите; но богот на овој свет толку ги заслепил твоите очи, што воопшто не го препознаваш тој бисер - благослов кој би го примил правејќи добро, богатејќи се во добри дела, подготвен да даваш и да делиш со другите, поставувајќи си себеси добар темел за времето кое доаѓа, за да може со сигурност да се надеваш на вечен живот. Пропуштајќи драгоцени можности да си обезбедиш себеси небесно богатство, ти ја изложуваш на сериозна опасност својата душа. Дали навистина се обогати со својата скржавост? Бог те проверува и од тебе зависи дали од тој процес ќе излезеш како злато или како безвреден троскот. Кога твоето време на милост би завршило вечерва, како би изгледал записникот за твојот живот? Ниту една пара од сè што стекна не можеш да понесеш со себе. Би те следело само проклетството на секоја погрешна постапка во животот. Кога својата остроумност и досетливост во трговијата би ја набљудувал во огледалото кое Бог го става пред тебе, не би имал причини да бидеш задоволен со себе. Лакомството е вистинско идолопоклонство. {3С 249.2}

Твоја единствена надеж е во тоа во срцето да се понизиш пред Бога. „Зашто каква е користа на човекот ако го задобие целиот свет, а ѝ наштети на својата душа? Или каков откуп ќе даде човекот за својата душа?” Не ги затворај своите очи пред опасноста која ти се заканува, те преколнувам. Не биди слеп пред повисоките интереси на својата душа, пред благословените и славни изгледи за подобар живот. Оние кои се оптоварени со копнежот за стекнување на земско богатство се слепи и залудени. Поради овој свет тие се свртуваат од вечното и нераспадливо богатство. Блескавиот, но лажен сјај на овој свет ги зашеметува нивните сетила и тие не ја сфаќаат вредноста на она што е неминливо. Тие се трудат за она што не може да ги задоволи потребите на душите и трошат пари на она што не е храна, додека Христос, за послушноста на божествените барања им нуди мир, надеж и вечно блаженство. Тие драгоцени дарови не можат да се купат за сето богатство на овој свет. Па сепак, многумина се залудени до таа мера што го свртуваат своето лице од небесните привлечности. Христос ќе ги признае имињата на оние кои ниту една жртва која треба да се положи на олтарот на верата и љубовта не ја сметаат прескапа. Тој жртвувал сè за спасение на паднатиот човечки род. Имињата на послушните, самопожртвувани и верни ќе бидат врежани на дланките на Неговите раце. Таквите нема да бидат избрисани од Неговите усни, туку Тој во Своето посебно залагање и посредување пред Таткото ќе ги спомнува и нивните имиња. И тогаш кога себичните и горделивите ќе бидат засекогаш заборавени, имињата на послушните, самопожртвуваните и верните ќе бидат овековечени. За и самите да бидеме среќни, мораме да се трудиме со својот живот да ги усреќиме другите. За наше добро е својот имот, своите таленти и својата наклонетост во благодарност да Му ги подариме на Христа, за на тој начин да најдеме вистинска среќа уште овде и бесмртна слава во вечниот живот. {3С 250.1}

Долгата ноќ на бдеење, маки и страдања наскоро ќе станат минато. Христос наскоро доаѓа. Подготви се. Божјите ангели се трудат твоето внимание, со размислување само за себе и за земските интереси, да ги насочат на она што е небесно и неминливо. Не дозволувај нивниот труд за тебе да биде напразен. Она што тебе ти недостига е вера,

жива вера, вера која делува преку љубовта и ја чисти душата. Имај ја на ум Голгота и неизмерната жртва која е тука поднесена поради човекот. Исус те повикува да Му приjдеш токму таков каков што си и да Го направиш своја сила и свој вечен Пријател. {3С 251.1}

Број дваесет и три

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

27. ЛАОДИКЕЈСКАТА ЦРКВА

Пораката до лаодикејската црква е потресно осудување и соодветно може да се примени на Божјиот народ во сегашно време. „И на ангелот на лаодикејската црква напиши му: така зборува Амин, верен и вистинит сведок, почеток на Божјото создавање: ги знам твоите дела дека не си ниту студен ниту врел. О, да си барем студен или врел! Така бидејќи си млак, и не си ниту студен ниту врел, ќе те изблујам од Своите усни. Бидејќи зборуваш: богат сум и се збогатив и не ми треба ништо; а не знаеш дека си несреќен, и сиромашен, и слеп и гол". {3С 252.2}

Овде Господ ни укажува дека пораката која проповедниците, како оние кои се повикани да го опоменуваат народот, треба да ја изнесуваат, не е порака на мир и безбедност. Тоа не е само теорија, туку практична поука во сите свои поединости. Припадниците на Божјиот народ во пораката упатени до Лаодикеја се прикажуваат во состојба на телесна сигурност. Тие се спокојни, верувајќи дека во поглед на духовните достигнувања се наоѓаат на возвишена положба. „Бидејќи зборуваш: богат сум и се збогатив и ништо не ми треба; а не знаеш дека си несреќен, и сиромашен, и слеп, и гол". {3С 252.3}

Можат ли луѓето да се најдат во потешка измаменост отколку што е убедеността дека се исправни и сигурни, додека всушност сè е сосем спротивно? Пораката на Верниот Сведок ги затекнува припадниците на Божјиот народ во тажна измаменост, иако тие во таа измаменост се можеби искрени. Тие не знаат колку нивната духовна состојба е тажна во Божјите очи. Додека тие си ласкаат себеси дека духовно се наоѓаат на високо ниво, пораката на Верниот Сведок ја руши таа нивна сигурност со потресното осудување на нивната вистинска состојба: духовна заслепеност, сиромаштво и потполна безвредност. Ова сведоштво, иако остро сече и ранува, не може да биде погрешно, бидејќи тоа го зборува Верниот Сведок, а Неговото сведоштво мора да биде вистинито. {3С 252.4}

На оние кои се чувствуваат толку сигурни во своите достигнувања и веруваат дека се богати во духовно знаење, многу тешко им паѓа пораката која го разоткрива фактот дека се во самоизмама и дека им недостигаат сите духовни доблести. Непосветеното

срце е „измамливо над сите нешта и очајно зло”. Покажано ми е дека многумина кои си ласкаат себеси дека се добри христијани не прифатија ниту еден зрак на светлина која доаѓа од Исуса. Ним им недостига живо искуство во богоугодниот живот. Неопходна им е длабока понизност пред Бога за да ја почувствуваат вистинската потреба со сесрдни и неуморни напори да си обезбедат себеси драгоцени особини и дарови на Духот. {3С 253.1}

Бог го води Својот народ чекор по чекор. Животот на христијанинот е постојана борба и постојан марш. Во таа војна нема примирје ниту починка. Само со постојани напори можеме да извојуваме победи над секое искушение кое сатаната ни го подметнува. Како народ ние треба да триумфираме во јаснотијата и силата на вистината. Во прилог на своите ставови ние можеме да наведеме изобилство на јасни докази од Светото Писмо. Но значително ни недостига библиска понизност, трпение, вера, љубов, самооткажување, будност и самопожртвување. Мораме да ги негуваме во себе и да развиваме библиска светост. Гревот се шири и преовладува и меѓу припадниците на Божјиот народ. Јасната порака упатена до Лаодикејците не е прифатена. Многумина неразделно се врзале за своето неверство и за своите омилени гревови иако во својата самоизмама тврдат дека се духовно богати и дека ништо не им треба. Тие сметаат дека укорите во сведоштвата на Божјиот Дух се непосакувани и дека не се однесуваат на нив. На таквите најмногу им е потребна Божја благодат и духовно распознавање, за да можат да ги увидат своите недостатоци во духовното поимање. Ним им недостига речиси сè што е потребно за усовршување на христијанскиот карактер. Им недостига практично познавање на библиската вистина која би ги навела на понизност во животот и на потчинување на својата волја на Христовата. Тие не живеат во послушност на сите Божји барања. {3С 253.2}

Самото исповедање на вистината на зборови не е доволно. Секој војник на Христовиот крст практично се обврзал да води постојана духовна војна против непријателот на душите, осудувајќи го злото и поддржувајќи ја правдата. Меѓутоа, пораката на Верниот Сведок го открива фактот дека припадниците на Божјиот народ се во страшна измама и мораме да ги опоменуваме да се тргнат од својата духовна дремка и да ги пробудат на одлучна активност. {3С 254.1}

Во мојата последна визија покажано ми е дека дури ниту таа одлучна опомена на Верниот Сведок не ја остварила Божјата намера. Членовите на црквата спијат во своите гревови, продолжувајќи со тврдењето дека се богати и дека ништо не им е потребно. Многумина поставуваат прашања: Зошто се упатуваат сите тие укори? Зошто Сведоштвото постојано нè обвинува за назадување и за толку страшни гревови? Ние ја љубиме вистината и остваруваме видни успеси; и затоа не ни се потребни вакви сведоштва со постојани опомени и укори. Но таквите незадоволници нека го преиспитаат своето срце и својот живот нека го споредат со практичните учења на Библијата, нека се понизат во душата пред Бога, за светлината на вистината да ја растера темнината и лушпите да паднат од нивните очи и тогаш ќе го увидат своето вистинско духовно сиромаштво и својата безвредност. Тогаш ќе почувствуваат потреба да купат злато, кое ја претставува чистата вера и љубовта; бели облеки, кои претставуваат беспрекорен карактер, измиен во крвта на нивниот љубен Откупител; и маст за очи, што ја претставува благодатта на јасното распознавање на духовните вредности и разоткривање на гревот. Тие достигнувања се подрагоцени од офирско злато. {3С 254.2}

Покажано ми е дека најголема причина што припадниците на Божјиот народ се наоѓаат во ваква состојба на духовно слепило е во тоа што тие не дозволуваат да бидат поправени. Многумина ги презираат укорите и опомените кои им се упатуваат. Верниот Сведок ја осудува оваа млакост кај припадниците на Божјиот народ која на сатаната му дава голема власт над нив во ова време на стражарење и чекање. Себичните и горделивите и оние кои го љубат гревот секогаш подлегнуваат на сомневања. Сатаната вешто сугерира сомневања и пронаоѓа замерки на одредени сведоштва кои Бог ги испраќа и многумина мислат дека неверството, сомнежот и забележувањето се знак на интелигенција и некоја доблест. Оние кои сакаат да се сомневаат секогаш можат да најдат многу прилики за тоа. Бог нема намера да го отстрани секој повод за неверство. Тој пружа очевидни докази кои мораат внимателно да се испитаат во понизност на духот подготвен да прими поука и сите треба да одлучуваат врз основа на тежината на пружените докази. {3C 255.1}

Вечниот живот е од непроценлива вредност и вреди поради тоа да се откажеме од сè што имаме овде. Покажано ми е дека ние најчесто не придаваме вистинска вредност на она што е неминливо. Сè што е вредно да се поседува, дури и на овој свет, мора да се стекнува со напори, а понекогаш и со најболна жртва. А овде е збор само за пропадливото земско богатство. Треба ли да бидеме помалку подготвени за борба и маки, за сесрдни напори и големи жртви во стекнување на богатство кое е од непроценлива вредност и за живот кој може да се спореди со тој на Вечниот? Може ли вечното спасение да биде прескапо? {3C 255.2}

Верата и љубовта се златни скапоцености кои им недостигаат на многумина во Божјиот народ. Покажано ми е дека неверувањето во сведоштвата кои содржат опомени, охрабрувања и укори, ја засолнува светлината од припадниците на Божјиот народ. Неверството им ги затвора очите така што воопшто не увидуваат во каква состојба се наоѓаат. Таа заслепеност вака ја опишува Верниот Сведок: „А знаеш дека си несреќен, и сиромашен, и слеп, и гол”. {3C 255.3}

Верата во скорото Христово доаѓање сè повеќе исчезнува. „Мојот господар нема да дојде уште долго,” се зборува не само во срцето, туку тоа отворено се изразува и со зборови, најодлучно се потврдува и со дела. Духовната замреност во ова време на стражарење ги обзема сетилата на Божјиот народ, така што многумина не ги гледаат знаците на времето. Страшното беззаконие кое сè повеќе преовладува бара најголема будност и живо сведоштво за гревот да не се вовлече и во црквата. Верата е во страшно опаѓање и до јакнење на верата може да дојде само со нејзина практична примена во животот. {3C 255.4}

Во ширење на пораката на Третиот ангел оние кои беа ангажирани во Божјото дело мораа нешто да ризикуваат, и тие беа подготвени на жртви. Тие ја започнаа својата работа во сиромаштво, поднесувајќи најголеми откажувања и срам. Наидуваа на одлучно спротивставување, што ги наведуваше да го бараат Бога и во својата неволја да живеат само со вера. Со планот на систематско добродетелство кој сега го применуваме обезбедени се доволно средства за издржување на нашите проповедници и во тој поглед нема потреба за практикување на верата. Оние кои сега почнуваат да ја проповедаат вистината не мораат ништо да рескираат, ниту да поднесуваат некои посебни жртви. Во публикациите кои им се ставени на располагање вистината е систематски изложена и изнесени се докази со кои можат успешно да ја бранат. {3C 256.1}

Некои од младите поаѓаат на работа немајќи јасна претстава за возвишениот карактер на делото. Тие не се принудени да се борат со немаштијата и тешкотиите, ниту ги очекуваат тешки судири кои бараат практикување на верата. Духот на практично самооткажување и пожртвуваност ним не им е познат. Некои од нив остануваат горди и возвишени, а вистинскиот товар на делото не е врз нив. На таквите проповедници Верниот Сведок им препорачува: „Биди ревен и покај се". Некои од нив, во својата горделивост, се однесоа така што претставуваат вистинска пречка и проклетство за драгоценото Божјо дело. Влијанието кое тие го вршат едни на други не е спасоносно. Тие луѓе прво би морале само ви потполност да се обратат и да се посветат со вистината која ја проповедаат на другите. {3C 256.2}

Одлучни Сведоштва за црквата

Многумина губат трпение и се навредуваат поради тоа што нивниот мир често се нарушува со опомените и укорите во кои им се предочуваат нивните гревови. „Ги знам твоите дела," вели Верниот Сведок. Побудите, сомневањата, намерите и неверувањето можат да се сокријат од луѓето, но не и од Христа. Верниот Сведок настапува како советник: „Те советувам да купиш од Мене злато прочистено во оган и да се збогатиш; и бели облеки за да се облечеш и да не се за покаже твојот срам и маст за очи да ги намачкаш своите очи и да гледаш. Оние кои ги љубам, ги карам и поучувам; погрижи се и покај се. Еве, стојам на вратата и чукам; ако некој го слушне Мојот глас и ја отвори вратата, ќе влезам кај него и ќе вечерам со него и тој со Мене. Кој ќе победи, ќе му дадам да седне на Мојот престол, како и Јас што победив и седнав со Таткото на Неговиот престол". {3C 256.3}

Оние кои се погодени со укорот на Божјиот Дух не треба да застануваат против понизното орудие кое тој укор го пренесува. Оној кој го изговорил ова, за да ги спаси од пропаст е Бог, а не некој грешен смртник. Оние кои ќе ги презрат и отфрлат опомените ќе бидат оставени во своето слепило и самоизмама. Но оние кои ќе послушаат во ревно настојување да ги отфрлат своите гревови и да ги примат сите благодати што им недостигаат, ќе ја отворат вратата на своето срце, така што драгиот Спасител ќе може да ги учи и да престојува во нив. Таквите секогаш ќе бидат во совршена согласност со сведоштвото на Божјиот Дух. {3C 257.1}

Проповедниците кои ја проповедаат сегашната вистина не треба да ја занемарат и сериозната порака упатена до Лаодикеја. Сведоштвото на Верниот Сведок не е никаква ласкава вест. Господ не им вели на Лаодикејците: Вие сте праведни; изложени сте на укори и казни кои не ги заслужувате, обесхрабрувани сте со непотребна строгост, не сносите вина за заблудите и гревовите за кои сте укорувани. {3C 257.2}

Верниот Сведок вели дека сте во најнеповолна положба токму тогаш кога мислите дека сè ви оди како што треба. Наместо задржување само на теорија, проповедниците треба да изнесуваат и практични поуки. Тие треба да ги проучуваат поуките кои Христос практично им ги давал на Своите ученици и строго да ги применуваат и на себе и на своите слушатели. Зар ќе претпоставиме дека и Христос е лишен од нежната љубов кон припадниците на Својот народ, затоа што им упатува вака остро Сведоштво на укор? О, не! Тој Кој го дал Својот живот за да го спаси човекот од смрт, со Својата божествена љубов ги љуби и оние кои ги кара. „Оние кои ги љубам, тие и ги карам". Но многумина

не сакаат да ја примат пораката која небото им ја праќа во својата милост. Тие не можат да поднесат да се зборува за нивното занемарување на должностите и за нивните гревови: себичноста, горделивоста и љубовта кон светот. {3С 257.3}

Покажано ми е дека Бог, во објавувањето на одредено сведоштво на Неговиот народ, ни даде тешка задача на мене и на мојот сопруг: „Викај на сиот глас, не се притегнувај, објави му ги на Мојот народ беззаконијата негови и на Јакововиот дом неговите гревови". Но многумина не се подготвени да примат порака на укор и тие застануваат да ги бранат оние кои Бог со Своето укорување сака да ги поправи. Таквите секогаш манифестираат некакво сочувство со оние на кои Бог настојува да го открие нивното вистинско сиромаштво. {3С 258.1}

Многумина со страв и сомневање ја примаат Господовата реч упатена преку Неговите слуги. А многумина повторно одложуваат да ги послушаат дадените опомени и укори сè додека од нивните мисли и сфаќања не исчезне и последната сенка на неизвесност. Неверството кое бара некое посовршено спознавање, никогаш нема да ги усвојат доказите кои Бог толку очевидно ги дава. Тој од припадниците на Својот народ очекува да ја засноваат својата вера врз основа на тежината на доказите, а не на некое совршено знаење. Прифаќајќи ја светлината која Бог им ја испраќа, Христовите следбеници се покоруваат на гласот кој Бог им го упатува и тогаш кога мноштвото гласови викаат спротивно на тоа. Потребна е духовна остроумност за да се препознае Божјиот глас. {3С 258.2}

Оние кои не преземаат никаква активност тогаш кога Бог ги повикува на тоа, туку очекуваат појасни докази и поповолни прилики, ќе продолжат да одат во темнина, бидејќи Бог ќе ја повлече Својата светлина. Ако се отфрлат очевидните докази, можеби веќе никогаш нема да се појават. {3С 258.3}

Многумина се искушуваат во поглед на нашето дело, прашувајќи се: дали е тоа од Бога. Паѓајќи во тоа искушение, некои постоечки тешкотии и забуни низ кои минува Божјиот народ им ги припишуваат токму на Сведоштвата на укор кои им се упатени. Тие мислат дека немирот и тешкотиите ги создаваат оние кои ја изнесуваат пораката на опомена, кои укажуваат на гревовите на народот и поединците во настојување да ги исправат. Непријателот на душите измамил и завел многумина. Тие сметаат дека би можеле да ги прифатат напорите на братот и сестра Вајт кога тие постојано не би го осудувале злото и укажувале на гревот. Покажано ми е дека Бог ни го дал ова како задача и штом сме спречени да се состануваме со Неговиот народ и да ги изнесуваме своите сведоштва, неутрализирајќи ги сомневањата на непосветените, тогаш сатаната најмногу навалува со своите искушенија. Оние кои секогаш поставувале некои прашања и манифестирале сомневање, се чувствуваат слободни да ги дошепнуваат своите сомневања и шират неверување. Некои лицемерно и со привидна понизност ги изнесуваат своите наводно длабоко побожни сомневања и тоа многу внимателно, но токму поради тоа тие можат десетпати повеќе да ги охрабруваат оние кои се на погрешен пат и да го слабеат нашето влијание и довербата на Божјиот народ во нашата работа, отколку кога би настапувале отворено. Покажано ми е дека ваквите се измамени од сатаната. Тие си ласкаат себеси дека во сè се исправни, дека се богати во духовното распознавање и дека го имаат Божјото одобрување, додека се всушност несреќни, слепи и голи. Тие го помагаат сатанското дело, а мислат дека ревнуваат за Бога. {3С 258.4}

Некои не ги прифаќаат нашите од Бога дадени сведоштва, ласкајќи си себеси дека и ние можеме да бидеме измамени, и дека тие се во право. Тие сметаат дека на припадниците на Божјиот народ не им се потребни толку јасни сведоштва и укори, бидејќи Бог е со нив. Вака искушуваните поединци, со оглед дека во душата секогаш војувале против совесното укорување и осуда на гревот, подготвени се да повикаат: „Зборувајте ни мили работи". Како таквите ја сфаќаат пораката на Верниот Сведок упатени на Лаодикеја? Тука не може да има никаква измама. Таа порака Божјите слуги мораат да ја пренесат на млаката црква, за нејзините членови да се пробудат од своето чувство на сигурност и опасна измаменост во поглед на реалната состојба пред Бога. Ова сведоштво, ако го прифатат, ќе ги пробуди на делотворна работа и ќе ги наведе да се понизат пред Бога и да ги признаат своите гревови. „Ги знам твоите дела," вели Верниот Сведок, „дека не си студен ниту врел," потоа додава „оние кои ги љубам, ги карам и поучувам, погрижи се и покај се". А потоа следи ветувањето: „Еве стојам на вратата и тропам; ако некој го слушне Мојот глас и ја отвори вратата, ќе влезам кај него и ќе вечерам со него, и тој со Мене. Кој ќе победи ќе му дадам да седи со Мене на Мојот престол, како и Јас што победив и седнав со Својот Татко на Неговиот престол". {3С 259.1}

Припадниците на Божјиот народ мораат да ја увидат својата грешност, да се пробудат на искрено каење и отфрлање на гревовите кои ги довеле во толку жална состојба на духовно сиромаштво, слепило, несреќа и страшна измама. Покажано ми е дека одредено и остро сведоштво мора да живее во црквата. Тоа единствено одговара на пораката упатена на Лаодикејците. Злото мора да се осуди, гревот мора да се нарече со неговото вистинско име, на беззаконието мораме да се спротивставиме брзо и одлучно, за сето тоа да се искорени од нашиот народ. {3С 260.1}

Војување против Божјиот Дух

Покажано ми е дека оние кои стануваат против делото на кое нè поттикнува Божјиот Дух веќе дваесет и шест години и кои сакаат да го задушат нашето сведоштво не војуваат против нас, туку против Бога кој ни дал задача да го шириме тоа дело. Оние кои се сомневаат изнаоѓајќи недостатоци во сè и мислат дека сомневањето е некоја доблест, кои настојуваат да нè обесхрабрат, да ја отежнат нашата работа, да ни ја ослабнат верата, надежта и храброста, се токму оние кои насетуваат зло, се сомневаат во нашите побуди и будно бараат соодветна прилика да застанат против нас. Фактот дека имаме човечки слабости, тие го земаат како очевиден доказ дека ние сме на погрешен пат, а дека тие се во право. И ако им се укаже и најмала прилика да ни напакостат, тие го прават со задоволство во дух на ликување, подготвени да ја прогласат нашата работа на укорување и осуда како суровост и диктаторски дух. {3С 260.2}

Меѓутоа, иако не го прифаќаме нивното толкување дека самата работа со која се занимаваме е причина за нашите тешкотии и останеме при тврдењето дека Бог ни наменил потешка задача од онаа на другите, ние признаваме во каење и понизност на душата дека нашата вера и храброст тешко се испитуваат и дека понекогаш немаме доволно доверба во Оној кој ни ја доверил оваа должност. И кога по сите такви искушенија и болни разочарувања, повторно ќе добиеме сила и храброст, ние длабоко ќе зажалиме што во своите човечки слабости сме губеле доверба во Бога, дозволувајќи

обесхрабреноста да ја помати нашата вера и доверба во Него. Покажано ми е дека и Божјите слуги од најстарите времиња доживувале исти разочарувања и обесхрабреност како и ние сиротите смртници. Ние не сме осамени во тоа, но тоа сепак не ни претставува никаков изговор. {3С 260.3}

Додека мојот сопруг беше покрај мене, помагајќи ми во мојата задача и изнесувајќи јасни сведоштва проследени со Божјиот Дух, многумина мислеа дека тој лично ги навредува со своите укори, додека сам Господ го стави тој товар на него како на Свој верен слуга, копнеејќи на тој начин да ги наведе да се покајат за своето беззаконие и повторно да го стекнат Неговото одобрување. {3С 260.3}

Оние кои Бог ги избрал за некое значајно дело секогаш наидуваа на недоверба и сомневање. Кога Бог им испратил на Израелците порака преку пророкот Илија, тие не го послушале. Сметале дека е непотребно строг. Дури мислеле дека го изгубил разумот кога нив, како избран Божји народ, ги прогласува за грешници толку потонати во беззаконие, така што мора да ги снајде Неговата казна. Сатаната и неговите војски отсекогаш се борат против оние кои донесуваат вести на опомена и кои го осудуваат гревот. Непосветените секогаш се обединуваат со непријателот на душите за да ја направат што е можно потешка работата на Божјите верни слуги. {3С 261.1}

И кога мојот сопруг под товарот кој ги надминува границите на издржливоста паѓаше во очај и малодушност и кога веќе не ни беше до животот, во тоа немаше ништо необично или ново. Кога Илија, еден од големите и силни Божји пророци, бегал од разбеснетата Језавела за да го спаси својот живот, тој, легнувајќи уморен и исцрпен на голата земја, повеќе ја посакувал смртта отколку таквиот живот. Горчливото разочарување поради верата на Израел го скршил неговиот дух и му изгледало дека веќе не може да има доверба во ниту еден човек. Во деновите на своите страдања, Јов ги изговорил следниве зборови: „Да не постои денот во кој се родив”. {3С 261.3}

Оние кои не навикнаа да ја чувствуваат сета длабочина на потребите во делото, кои не стоеја под товарот како запрежна кола натоварена со снопје, кои своите интереси никогаш толку цврсто не ги поистоветуваа со Божјото дело, така што тоа да стане дел од нивното битие и да им е подраго од животот, не се во состојба да ги сфатат чувствата на мојот сопруг како што ниту Израелците не ги ценеле чувствата на Илија. Ние длабоко жалиме што паѓавме во малодушност, без оглед на околностите под кои тоа се случуваше. {3С 261.3}

Ахавовиот случај како опомена

Под изопаченото владеење на Ахав, Израелците се оддалечиле од Бога и ги изопачиле своите патишта пред Него. „И Ахав, синот Амриев правеше зло пред Господа, повеќе од сите кои беа пред него. И малку му беше што одеше во гревовите на Јеровоам, синот Наватов, туку се ожени и со Језавела, ќерката на Сидонскиот цар Етвал, па отиде и му служеше на Вал и му се клањаше. И направи Ахав повеќе од сите израелски цареви кои беа пред него, за да го разгневи изралевиот Господ Бог”. {3С 262.1}

Во морален поглед, Ахав бил многу слаб. Тој немал висока претстава за светоста на она што е небесно и бил себичен и непринципиелен. Женејќи се со жена со одлучен карактер и силна природа, која била верна на идолопоклонството, се направил себеси

и неа посебни сатански агенти во неговото настојување да го заведе Божјиот народ во идолопоклонство и страшен отпад. Језавела, како жена со енергичен дух, имала пресудно влијание на обликувањето на неговиот карактер. Себичен според својата природа, Ахав не бил во состојба правилно да ги цени предностите кои Бог во Својата милост му ги дал на народот, како ниту своите лични обврски кои ги имал кон Бога како чувар и водач на Израел. Господовиот страв секој ден сè повеќе исчезнувал од срцата на Израелците. Богохулните знаци на слепото идолопоклонство можеле да се видат на сите страни. Не се нашол никој кој би се осмелил, со отворено спротивставување на тоа богохулно идолопоклонство кое сè повеќе земало замав, да го изложи на опасност сопствениот живот. Валовите олтари и неговите свештеници кои на нив принесувале жртви на сонцето, месечината и ѕвездите, можеле да се видат на сите страни. Насекаде имало посветени храмови во кои луѓето се клањале на делата на своите раце. Благодатите кои Бог сè уште му ги давал на овој народ не буделе никаква благодарност во срцето на примателите кон Дародавателот. Сите благослови на небото - потоците кои жуборат, живите текови на големите реки, благата утринска роса, врнежите од дожд кои ја освежувале земјата и ги правеле толку плодни нивните полиња, ги припишувале на наклонетоста на своите (пагански) богови. {3С 262.3}

За верната душа на Илија тоа било навистина болно мачење. Возбуден и обземен со оправдано негодување, тој сесрдно се заложил за чест на Божјото име. Гледал како Израелците тонат во страшен отпад. И имајќи на ум сè што Бог направил за нив, бил совладан од болка и вчудовиденост. Меѓутоа, народот повеќето од тоа и заборавил. Излегувајќи пред Господа, додека душата му ја тиштела длабока болка, Илија најсесрдно се молел за спасение на својот народ дури и со некоја казна, ако така мора да биде. Барал од Господа да му ги ускрати небесните благослови на својот неблагодарен народ - росата и дождот, за отпадничкиот Израел напразно да ги моли своите пагански богови: идолите од злато, дрво и камен, или сонцето, месечината и ѕвездите, да ја натопат земјата и да ја направат плодна. Господ му рекол на Илија дека неговите молитви се услишени и дека на Израелците им ги скратува благословите од роса и дожд сè додека повторно не Му се вратат во признавање на своите гревови и покајание. {3С 262.3}

Ахановиот грев и казна

Бог посебно ги предупредил Израелците како Свој народ да не се мешаат со околните идолопоклонички народи од своето опкружување, за во своето срце да не се поведат по привлечноста на нивните храмови и олтари сместени на горите на некои истакнати извишувања и украсени на толку привлечен начин за да ги изопачат сетилата на набљудувачите и потполно да го потиснат Бога од неговата свест. {3С 263.2}

Градот Ерихон бил посветен на најупадливата раскошност на идолопоклонството. Жителите на овој град биле многу богати, но сите богатства со кои Бог ги надарил ги припишувале на даровите на своите паганси богови. Во изобилство на сребро и злато, слично на жителите на претпотопниот свет, биле многу изопачени и богохулни, и со своите безбожни дела му се спротивставувале на небесниот Бог. Така жителите на Ерихон го распалиле Божјиот гнев на себе. Тоа бил исклучително утврден град. Но самиот Војвода на Господовата војска се симнал од небото за да ги предводи

небесните војски во нападот на овој град. Божјите ангели се насочиле на неговите огромни ѕидови и нивните масивни утврдувања и ги срушиле сите на земјата. Сам Бог рекол дека сѐ што му припаѓа на Ерихон, како проклето, мора да биде уништено, со исклучок на Рава и нејзиното семејство, затоа што таа ги заштитила Божјите гласници. Неговата порака до Израелците била: „Но чувајте се од проклетите работи за и самите да не бидете проклети земајќи го она што е проклето и да не навлечете проклетство на сиот Израелски народ и да го уништите". „И во тоа време, Исус проколна велејќи: 'Проклет да е пред Господа човекот кој ќе се осмели да го гради Ерихон! Да го основа на својот првенец и на својот љубимец да му ја постави вратата!'" {3С 263.2}

Бог бил многу строг во поглед на Ерихон, за никој од Израелците да не биде заведен со нешто што обожавале жителите на Ерихон и за во своето срце да не се одврати од Господа. Тој го предупредил Својот народ на тоа со најодредена заповед, па и покрај толку сериозната забрана дадена преку Исус Навин, Ахан се осмелил да ја прекрши заповедта. Лакомството го навело да ги земе вредностите кои според Божјата наредба не смеел да ги допре, бидејќи на нив било Неговото проклетство. И поради гревот на овој човек, Божјиот Израел бил немоќен пред своите непријатели како пролеана вода. {3С 264.1}

Исус Навин и старешините на Израел се нашле во голема неволја и во знак на најголема понизност паднале пред Божјиот ковчег, бидејќи било очевидно дека Господ многу се разлутил на Својот народ. Тука тие се молеле, плачејќи пред Господа. Тогаш Господ му рекол на Исус Навин: „Стани, што си паднал на своето лице? Израел згреши и го прекрши Мојот завет кој им го заповедав; бидејќи земаа од проклетите работи и украдоа и сокрија, и ги ставија меѓу своите работи. Затоа израелевите синови нема да можат да стојат пред своите непријатели, бидејќи се под проклетство; нема веќе да бидам со нив, ако не го истребите помеѓу себе проклетството". {3С 264.3}

Должност да се укорува гревот

Покажано ми е дека овде Бог ни предочува како Тој гледа на гревот меѓу оние кои тврдат дека се Негов народ, народ кој ги држи сите Негови заповеди. Оние кои ја имаа таа посебна чест да бидат сведоци на манифестирањето на Неговата сила, слично на старозаветниот Израел, а сепак се осмелуваат да не ги почитуваат Неговите упатства, неминовно ќе бидат предмет на Неговиот гнев. Бог сака да го поучи Својот народ дека непослушноста и гревот Нему му се одвратни и дека не смеат лесно да се земат. Тој ни покажува дека припадниците на Неговиот народ, кога меѓу нив ќе се најде грев, треба веднаш да преземат одлучни мерки тој грев да се искорени помеѓу нив, така што Неговото негодување не би ја погодило целата црква. Но ако оние кои се наоѓаат на одговорни положби преминуваат преку гревовите на поединците, Неговиот гнев нема да ги одмине, а одговорен за таквите гревови ќе се смета Божјиот народ како целина. Со своите постапки со Својот народ во минатото, Господ покажува постојана неопходност од чистењето на црквата од гревот и злото. Темнината која еден грешник ја распространува околу себе може да ја засолни Божјата светлина од целата црква. Кога припадниците на Божјиот народ ќе увидат дека ги опкружува темнина, а не ја знаат причината за тоа, тие треба сесрдно да Го бараат Бога во длабока понизност и

самоиспитување сè додека не се разоткријат и отстранат гревовите кои го навредуваат и жалостат Светиот Дух. {3С 265.1}

За предрасудите создадени против нас затоа што сме укажале на постоечкото беззаконие кое Бог ми го откри и за обвинувањата дека сме биле преостри и строги, нема никакво оправдување. Бог ни наредил да зборуваме и ние нема да молчиме. Ако Божјите слуги рамнодушно преминуваат преку очевидните гревови кај Неговиот народ, тие со тоа всушност го оправдуваат и поддржуваат грешникот и виновни се исто како и тој, така што Божјото негодување нема да ги одмине и ќе се сметаат одговорни за гревовите на виновникот. Во визија ми е покажано на многу случаи во кои е предизвикано Божјото незадоволство затоа што Неговите слуги немарно гледаат на беззаконието и гревовите кои се прават меѓу нив. Оние кои наоѓаат изговор за таквите гревови, народот ги смета многу љубезни и тие се омилени само затоа што ја одбегнуваат должноста на која Светите Списи толку јасно укажуваат. Таа должност не одговара на нивните чувства и затоа ја одбегнуваат. {3С 265.2}

Духот на омраза кој ги обзема некои затоа што се разоткриени и осудени гревовите кои постојат меѓу Божјиот народ, ги заслепува и страшно измамува нивните души, правејќи ги потполно неспособни да ја воочат разликата помеѓу правилното и погрешното. Со тоа тие самите себеси духовно се заслепуваат. Иако можеби увидуваат дека беззаконие постои, тие не го чувствуваат тоа толку болно како што го чувствувал тоа Исус Навин ниту се подготвени да се понизат пред Бога поради опасностите во кои се наоѓаат душите. {3С 266.1}

Вистинските припадници на Божјиот народ, на кои им е во срцето Господовото дело и спасувањето на душите, секогаш ќе гледаат на гревот во неговата вистинска одвратност. Тие секогаш ќе се залагаат совесно и отворено да се осудат гревовите кои толку често го снаоѓаат Божјиот народ. Поради гревот на таканаречениот Божји народ, тие ќе чувствуваат најдлабока болка особено во завршното дело за црквата, во времето на запечатување на сто и четириесетте илјади кои треба да стојат без мана пред Божјиот престол. Ова последно дело пророкот Езекиел јасно го прикажува со илустрацијата за шестминатa луѓе од кои секој има смртно оружје во своите раце. Еден помеѓу нив пророкот посебно го забележува како човек облечен во бело платно кој имаше писарска опрема покрај својот колк. „И Господ му рече: оди во градот, сред Ерусалим и обележи ги со белег челата на оние кои плачат и воздивнуваат поради сите гадости кои се прават во него”. {3С 266.2}

Кој ги познава Господовите намери во ова време? Дали се тоа оние кои ги покриваат беззаконијата и гревовите меѓу таканаречениот Божји народ и кои во своето срце, иако не отворено, мрморат против оние кои го осудуваат гревот? Дали се тоа оние кои јавно застануваат против ваквите, а го сожалуваат престапникот? Не, навистина не! Ако не се покајат и не престанат - малтретирајќи ги оние кои го носат товарот на одговорности, а крепејќи ги рацете на грешниците во Сион - да прават сатански дела, тие никогаш нема да примат печат на Божјото одобрување. Во општото уништување на злите, кое во Езекиел е прикажано со мисијата на петмина луѓе вооружени со смртно оружје, и тие ќе бидат уништени. Обратете посебно внимание на следново: Оние кои го примаат печатот на вистината, втиснат во нив со силата на Светиот Дух - што овде се прикажува со симболот на човек облечен во бело платно - се оние кои „плачат и воздивнуваат поради сите гадости кои се прават” во црквата. Нивната љубов кон чистотата, честа и славата на Божјото име е толку возвишена и тие имаат толку јасна претстава за тежината и

одвратноста на гревот, така што се прикажани како да се наоѓаат на смртни маки, плачејќи и воздивнувајќи поради гревот. Читајте го деветтото поглавје во книгата на пророкот Езекиел. {3С 267.1}

Меѓутоа, општото уништување на сите оние кои не ја увидуваат спротивноста помеѓу гревот и исправноста, кои не гледаат како оние кои ги разбираат Господовите намери и го примаат Неговиот печат, е опишано со налогот на петминатa луѓе со смртното оружје: „Тргнете по нив низ градот и уништете ги, никого нека не жали вашето око ниту пак некому да му се смилувате; стари и млади, девојки и жени и деца, уништете ги да се истребат; но на оној на кого ќе видите знак, не му пристапувајте; почнете од Моето светилиште”. {3С 267.2}

По поводот на Ахановиот грев, Господ му рекол на Исус Навин: „Нема веќе да бидам со вас, ако не го истребите помеѓу себе она што е проклето”. Каква спротивност кога ова ќе се спореди со ставот на оние кои никогаш не го подигаат својот глас против гревот и беззаконието туку секогаш се на страната на оние кои со своите гревови внесуваат немир во редовите на Израел! „Нема да можеш да стоиш пред своите непријатели сè додека не го отстраните проклетството помеѓу себе,” му нагласил Господ на Исус Навин. Тој овде ја најавува казната која неминовно го следи престапувањето на Неговиот закон. {3С 267.2}

За да го пронајде виновникот, Исус Навин водел истрага прво по племињата, потоа по семејствата и конечно поединечно и како виновник се појавил Ахан. Меѓутоа, за тоа да им биде јасно на сите во Израел, за никому да не му се пружи можност за приговор дека осуденият на смрт евентуално бил невин, Исус Навин применил државничка мудрост. Знаејќи дека Ахан бил вистинскиот виновник и дека со прикривање на својот грев го предизвикал Божјиот гнев врз Неговиот народ, Исус Навин разумно го навел Ахан јавно да го признае својот грев, за Божјата чест и казна која Тој ја бара да биде оправдана пред Израел. „И му рече Исус Навин на Ахан: сине, ајде дај благодарност на Израелевиот Господ Бог и признај пред Него и кажи ми што си направил, немој да криеш од мене”. {3С 267.3}

„А Ахан му одговори на Исус Навин: вистина е, му згрешив на Израелевиот Господ Бог и направив така и така: видов во пленот убава вавилонска наметка и двеста сикали сребро и една шипка злато од педесет сикали, па се полакомив и ги земав; ене ги закопани во земјата пред мојот шатор, и среброто е одозгора. Тогаш Исус Навин испрати пратеници, кои отидоа до шаторот и тука беше закопано сè, и среброто одозгора. И го земаа од шаторот и му го донесоа на Исус Навин и на сите Израелеви синои и го ставија пред Господа. Тогаш Исус Навин и со него сиот Израел го земаа Ахан, синот Зорин, и среброто и наметката и шипката злато, и синовите негови, и ќерките негови, и воловите негови и магаринjата негови, и овците негови, и шаторот и сè што беше негово и ги однесоа во долината Ахор. И му рече Исус Навин: Затоа што некои од нас истреби, Господ ќе те истреби денес тебе! И го каменуваа и запалија сè со оган и посипаа врз нив камења”. {3С 268.1}

Господ му рекол на Исус Навин дека Ахан не само што го земал она што било забрането под закана на проклетство, туку го украл и сокрил украденото. Господ му рекол дека Ерихон и сиот плен во него треба да бидат запалени, со исклучок на златото и среброто, кое требало да се стави во Неговата ризница. Победата во освојувањето на Ерихон не била извојувана со војна ниту Израелците се изложувале на било каква

опасност. Војводата на Господовата војска ги предводел небесните освојувачи. Тоа била Господова војна и самиот Тој извојувал победа. Израелевите синови не задале ниту еден удар. Победничката слава како и пленот му припаѓале на Господа и Тој наредил сè да се запали, со исклучок на златото и среброто кое требало да се стави во Неговата ризница. Ахан добро знаел дека златото и среброто по кои се полакомил Му припаѓаат на Господа, а сепак го украл и задржал за себе она што ѝ припаѓало на Божјата ризница. {3С 268.2}

Лакомство помеѓу Божјиот народ

Покажано ми е дека многумина кои тврдат дека ги држат Божјите заповеди ги користат за лични цели средствата кои Бог им ги доверил, а кои би требало да влезат во Неговата ризница. Тие Го крадат Бога во десетокот и во приносите, кријат од Него и Му ускратуваат верност, нанесувајќи си штета самите себеси. Со своето лакомство, прикривање и крадење од Бога во десетоците и даровите, тие самите себеси се прават губитници во секој поглед, а во црквата внесуваат духовна темнина. {3С 269.1}

Видов дека поради лакомството многумина ќе потонат во темнина. Јасното и отворено сведоштво мора да делува во црквата, инаку Неговиот народ ќе го снајде проклетство исто така неминовно како што ги снашло и Израелците поради нивните гревови. За гревовите на поединците во Својот народ, Бог ја смета одговорна црквата како целина. Ако водечките луѓе занемарат да ги разоткријат гревовите поради кои Бог не може да биде задоволен со Својата црква, тие стануваат одговорни за тие гревови. Меѓутоа, залагањето за душите на заблудените е најделикатна задача на која човекот може да се посвети. Не е секој соодветен да го поправа заблудениот. Секој нема мудрост да постапи правилно, иако милоста му е најдрага особина; и да ја увиди неопходноста од комбинирање на љубов и нежно сочувство со верно и совесно укорување. Некои многу често се непотребно строги и не чувствуваат потреба да се придржуваат до апостолскиот совет: „И така разликувајќи, едни сожалувајте, а други избавувајте и од оган вадете: а карајте со страв, мразејќи ја и облеката испоганета од телото”. {3С 269.2}

Има многумина и такви на кои им недостига разумноста на Исус Навин и на кои не им е должност да ги бараат виновниците и неодложно да застануваат против гревовите кои постојат меѓу нив. Таквите не треба да ги попречуваат оние на кои лежи товарот на одговорности, стоејќи на патот на оние на кои тоа им е задача. Некои постојано се сомневаат и пронаоѓаат замерки што таа задача која Бог не им ја доверил ним, ја извршуваат други. Таквите стојат непосредно на патот, попречувајќи ги оние на кои Бог им ставил товар на укорување и искоренување на распространетите гревови, за Неговиот гнев да се одврати од Неговиот народ. Кога меѓу нас би се постапувало како во Ахановиот случај, многумина кои манифестираат дух на изопаченост и постојано замерување би ги обвиниле оние кои во улога на Исус Навин мораат да го пронајдат и разоткријат виновникот. Со Бога никој не може да се шегува и оние кои во својата изопаченост ги занемаруваат Неговите опомени, не можат да поминат неказнето. {3С 270.1}

Покажано ми е дека признанијата кои некои помеѓу нас ги даваат или ги давале се слични на Ахановото признание. Тие ги кријат своите престапи и не се подготвени на

доброволно признание сè додека Бог не ги разоткрие и дури тогаш ги признаваат своите гревови. Таквите продолжуваат по својот лош пат сè додека не станат потполно нечувствителни. Тие можеби дури и знаат дека како такви претставуваат товар за црквата, како што и Ахан знаел дека поради неговата вина Израел станал немоќен пред своите непријатели. А сепак совеста не ги обвинува поради тоа. Тие не се подготвени, понижувајќи ги своите горделиви и бунтовни срца пред Бога и отфрлајќи ги своите гревови, да ја олеснат положбата на црквата. Божјото неодобрување ги следи сите припадници на Неговиот народ како целина и Тој нема да ја манифестира Својата сила во нивна корист сè додека меѓу нив постои грев и додека тоа го поддржуваат оние кои се наоѓаат на одговорни положби. {3С 270.2}

Оние кои во Божји страв се заложуваат црквата да се ослободи од ваквите пречки и препреки, исправајќи ги тешките застранувања и наведувајќи го народот да се гади од гревот, за да може да напредува во чистотата и да се слави Божјото име, секогаш ќе наидуваат на отпор на непосветените. Вистинската состојба на ваквите и страшните казни кои ќе ги снајдат поради тоа, пророкот Софонија вака ги опишува: {3С 270.3}

„И во тоа време ќе го пребарам Ерусалим со светилници и ќе ги посетам со казна луѓето, кои се одмараат на својотински талог и зборуваат во своето срце: ‘Господ не може да направи ни добро ни зло.’” „Близу е Господовиот ден, голем! Близу е и доаѓа брзо! Горчлив е гласот на Господовиот ден: тогаш и јунакот ќе заплаче. Тој ден е ден на гнев! Ден на тешкотии и неволји! Ден на ужас и запустување! Ден на мрак и наоблаченост! Ден на темнина и маглишта! Ден на трубење и на бојна викотница против утврдените градови и против високите стражарници. Ќе им ги препуштам луѓето на неволјите и ќе одат како слепци зашто згрешија против Господа, нивната крв ќе се разлее како прав, нивните трупови ќе бидат фрлени како смет. Ни нивното сребро ни нивното злато не ќе ги спаси. Во денот на Господовиот гнев, огнот на Неговата ревност ќе ја изгори сета земја. Зашто Тој ќе ги уништи и тоа наскоро, сите жители на земјата”. {3С 271.1}

Предоцна дадено признание

Кога конечно ќе настапи кризата која неминовно мора да дојде и кога Бог ќе проговори во корист на Својот народ, тогаш оние кои постојано грешат, кои претставуваат мрачни облаци и кои непосредно стојат на патот на Божјото залагање за Неговиот народ, можеби ќе бидат вознемирени што со своето мрморење толку долго внесувале обесхрабреност во црквата и можеби, како Ахан во свое време, во страв и ужас ќе признаат дека згрешиле. Но толку предоцна даденото признание за нив самите нема да биде од никаква корист, иако можеби ќе претставуваат олеснување за Божјото дело. Признанието на таквите не доаѓа од осведочувањето за нивната вистинска состојба ниту од свеста колку нивниот начин на живеење му е одвратен на Бога. Бог можеби ќе ги изложи таквите на уште еден испит и проверка, за да се покаже дека тие не се послободни од своите гревови и бунт отколку што биле пред даденото признание. Тие се склони секогаш да се најдат на страната на злото и гревот. И кога оние кои се на Господова страна ќе бидат повикани да преземат одлучни мерки во одбрана на правдата, овие ќе го покажат својот вистински став. Оние кои речиси цел живот биле под контрола на духот кој на Бога му е исто толку туѓ како и духот според кој се

раководел Ахан, ќе останат потполно пасивни и тогаш кога ќе дојде време сите да стапат во одлучна акција. Тие ќе се прикажуваат како да не припаѓаат ниту на едната ниту на другата страна. Толку долго биле под сатанска власт што изгледаат како слепи и не се склони кон она што е право. Ако отворено не застанат на погрешната страна, тоа не е затоа што имаат јасна претстава за правдата туку затоа што не се осмелуваат да постапат поинаку. {3С 271.2}

Со Бога не треба да се шегуваме. Токму во времето на судирот, знамињата на вистината треба да се вејат високо издигнати. Тогаш знаменосците треба да бидат одлучни и да знаат каде им е местото. Тогаш се проверуваат способностите на секој кој вистински војува за правдата. Страшливците и оние кои се извлекуваат никогаш нема да бидат овенчани со ловоров венец на победа. Оние кои се верни на Бога нема да ги прикриваат фактите туку со сето срце и со сета сила ќе бидат во делото, ризикувајќи сè во борбата, без оглед како таа ќе се одвива. Бог е Бог Кој ревнува, Бог Кој го мрази гревот. И оние кои го охрабруваат грешникот зборувајќи: „добро ќе ти биде," ќе ги погоди Неговото проклетство. {3С 272.1}

Признавањето на гревот дадено во вистински момент за да се олесни положбата на Божјиот народ, Господ го прифаќа со задоволство. Меѓутоа, меѓу нас има такви кои, како Ахан во старо време, премногу доцна ќе ги признаат своите гревови за да можат да се спасат. Можеби Бог ќе им пружи уште една можност на проверка, за Неговиот народ да може да се осведочи дека тие не издржале ниту една проба, ниту едно испитување од Бога. Тие не се во хармонија со правичното. Тие го презираат сведоштвото кое допира до срцето и би се радувале кога би можеле да ги замолчат сите оние кои упатуваат укори и опомени. {3С 272.2}

Илија го укорува Ахав

Израелевите синови во текот на својата историја сè повеќе губеле стравопочит кон Бога, сè додека Неговите зборови упатени преку Исус Навин не го изгубиле значењето, така што тие на тоа веќе не му придавале никаква важност. Светите записи велат за Ахав: „За негово време Хил Ветилањанин го сосида Ерихон; го основа на својот првенец Авирон, а на својот љубимец Сегав ја стави вратата според Господовите зборови, кои ги кажа преку Исус Навин". {3С 273.1}

Додека Израел тонел во отпад, Илија останал верен на Бога и бил Негов верен пророк. Неговата верна душа длабоко страдала додека набљудувал како неверството и газењето на верата брзо ги одвојуваат Израелевите синови од вистинскиот Бог и се молел најсрдно за спасување на својот народ. Го молел Господа да не ги отфрли своите заблудени деца, туку, ако не е можно поинаку, со некоја казна да ги наведе на покајание, не дозволувајќи сè подлабоко да тонат во грев додека не Го предизвикаат да ги уништи како нација. {3С 273.2}

Примајќи ја Божјата порака да излезе пред Ахав со најава на Неговата казна поради израелските гревови, Илија патувал денонокно сè додека не стигнал до Ахавовиот дворец. Тој не барал да биде примен како цар ниту чекал формално да го пријават. Кога на тоа никој не се надевал, Илија се појавил пред вчудоневидениот цар на Самарија во својата едноставна облека каква што вообичаено носеле пророците. Не се извинувал

поради својата толку ненадејна и ненајавена појава, подигнувајќи ги рацете кон небото и заколнувајќи се пред живиот Бог, тој достоинствено ги најавил казните кои наскоро ќе се спуштат на Израел. „Овие години нема да има роса ниту дожд додека јас не кажам”. {3С 273.3}

Оваа страшна закана со Божјите казни поради гревовите на Израелевите синови го погодила отпадничкиот цар како молња. Вчудовиден и вџашен, тој изгледал како парализиран човек; и пред да стигне да се поврати од изненадувањето, Илија, не чекајќи да го види ефектот од својата порака, исчезнал исто толку ненадејно и неочекувано како и што дошол. Негова должност била да ги изговори зборовите на Божјата осуда и потоа веднаш да се повлече. Со неговиот збор биле заклучени небесните ризници на роса и дожд и неговиот збор бил единствен клуч со кој тие ризници можеле повторно да се отворат. {3С 273.4}

Господ знаел дека за Неговиот слуга нема безбедност меѓу Израелевите синови. Губејќи ја довербата во отпадничкиот народ Израел, Го упатил да бара засолниште во една незнабожечка нација. Го испратил кај една вдовица која била толку сиромашна, така што едвај го одржувала животот со најоскудни средства. Една жена со незнабожечко потекло, живеејќи најсовесно според светлината која ја имала, била поприфатлива за Бога од толкуте вдовици во Израел кои биле благословени со посебни предности и голема светлина, но не живееле во склад со примената светлина. Бидејќи Евреите ја отфрлиле светлината и останале во темнина, Бог не можел со доверба да го остави Својот слуга меѓу народот кој го предизвикал против себе Неговиот божествен гнев. {3С 274.1}

Тоа за отпадничкиот Ахав и паганската принцеза Језавела била можност да ја проверат моќта на своите богови и да ја докажат наводната невистинитост на Илиините зборови. Језавела имала стотина пророци, додека Илија стоел потполно сам наспроти огромното мноштво отпадници. Неговите зборови го затвориле небото. Ако Вал, давајќи роса и дожд, може да го поврати буењето на вегетацијата, независно од небесните ризници на роса и дожд, тогаш царот и израелскиот народ ќе му се поклонуваат, тврдејќи дека тој навистина е бог. {3С 274.2}

Како човек, Илија бил подложен на истите склоности како и ние. Неговата мисија во однос на Ахав и страшното изрекување на Божјите казни, барале храброст и вера. Реките кои никогаш не престануваат да течат, бреговите покриени со зеленило, шумите со прекрасни бујни дрва - сè на што можеле да запрат неговите очи на патот за Самарија, природно му сугерирале неверување. Како сето тоа во природата што толку прекрасно се одржува во својата убавина, може да биде уништено од суша? Како можат да пресушат тие силни реки кои толку прекрасно ја наводнуваат земјата и кои никогаш не престанале да течат? Но Илија не наседнувал на неверувањето. Тој бестрашно ја продолжил својата мисија, дури и покрај опасноста за сопствениот живот. Верувајќи во потполност дека Бог со најавените казни може да го понизи Својот отпаднички народ наведувајќи го на покајание, пророкот не се плашел од ништо во мисијата која била пред него. {3С 274.3}

Додека Ахав по потполната вчудовиденост од Илиините зборови си дошол на себеси, пророкот исчезнал без трага. На царевото грижливо распрашување за него, никој не можел да каже дека го видел ниту да му пружи било каква уверлива информација за него. Ахав веднаш ја известил Језавела за тешките зборови на осуда и

клетва кои Илија ги изговорил во негово присуство, а таа нескриено ја манифестирала својата омраза кон пророкот пред Валовите свештеници. Сите тие се ѝ придружуваат во осудата и проколнувањето на Јеховиниот пророк. Новостите за пророковата најава на казната која надоаѓа бргу се проширile низ целата израелска земја, предизвикувајќи кај некои страв, а кај многумина омраза и гнев. {3С 275.1}

По неколку месеци жедната земја, неосвежувана од роса и дожд, останала потполно без влага неопходна за живот, а сите растенија во природата почнале да овенуваат. Водотекот на големите реки кои никогаш не престанувале да течат нагло почнал да опаѓа, а потоците да пресушуваат. Језавелините пророци принесувале жртви на своите богови и ги преколнувале ден и ноќ да ја освежат жедната земја со роса и дожд. Но магиите и измамите со кои порано се служеле за да го заведат народот сега веќе не даваат никакви резултати. Свештениците правеле сè што е во нивна моќ за да ја ублажат болката на своите богови; со истрајност и ревнување достојно за подобра цел, тие се задржувале околу своите пагански олтари, додека од сите околни брегови секоја ноќ се издигнувал пламен од спалување на жртви, додека страотните крици на Валовите пророци и свештеници одѕвонувале по цела Самарија која била осудена на пропаст. Но на небото не се појавил ниту еден облак барем малку да ги заштити од топлите сончеви зраци. Зборовите на осуда и казна кои ги искажал Илија не престанале да се исполнуваат и Валовите свештеници со ништо не можеле тоа да го спречат. {3С 275.2}

Поминала цела година и започнала нова, а дожд сè уште немало. Ахавовата земја била изгорена како пожар да поминал низ неа. Некогаш плодните полиња сега биле како пресушена пустина. Воздухот без животворната влага станал загушлив, а виорите од прав ги заслепувале очите и го запреле здивот. Некогаш бујните зелени шуми околу Валовите олтари сега биле без ниту еден лист, а шумските стебла под кои веќе немало ладовина, делувале страотно како некои скелети. Од глад и жед сè повеќе умирале и луѓе и животни. {3С 275.3

Меѓутоа, сите овие толку очевидни докази за Божјата правда и Неговиот суд не ги навеле Израелците на покајание. Тоа ја исполнило Језавела со лудачки бес. Таа не се согласила да се потчини ниту поклони пред небесниот Бог. Валовите пророци, Ахав, Језавела и речиси целата израелска нација, за сета своја несреќа го обвиниле Илија. Ахав барал од сите околни царства и народи да го бараат тој необичен пророк, а потоа од сите тие царства и од Израелевите синови барал да се заколнат дека не знаат ништо за него. Не можеле да го пронајдат човекот кој со своите зборови ги заклучил небесните ризници и клучевите од него ги однел со себе. {3С 276.1}

Бидејќи во својата омраза не успеала да го убие Илија, Језавела одлучила да се одмазди со уништување на сите Божји пророци во Израел. Ниту еден од оние кои се осмелиле да се наречат Божји пророци не смеел да остане жив. Својата лудачка намера оваа безбожна и упорна жена ја извршила со општ колеж на Господовите пророци. Залудени до таа мера, Валовите пророци и речиси сите Израелци мислеле дека со убивање на Божјите пророци ќе ја стопираат несреќата која ги снашла. {3С 276.2}

Но поминала и втората година, а немилосрдното небо не дало ниту капка дожд. Сушата и гладта ја продолжиле својата пустошна мисија, а отпадничките Израелци во својата грешна горделивост сè уште не се поклониле пред Бога, туку мрмореле и се жалеле против Божјиот пророк сметајќи дека стравотиите кои ги преживуваат токму тој

ги донел. Татковците и мајките гледале како децата им умирале од глад, а немале никаква можност да ги спасат. Како народ, тие биле во толкава темнина што воопшто не увиделе дека казната од небото ја предизвикале со своите гревови и дека ова страшна несреќа била допуштена од милост за потполно да не се оддалечат и откажат од Богот на своите татковци. {3С 276.3}

Израелците морале многу да страдаат и патат за да бидат наведени на покајание, за да се вратат кон својата вера и јасно да ги сфатат своите одговорности пред Бога. Нивното отпаднишство било пострашно од сушата и гладот кои ги снашле. Во текот на сите тие тешки години, Илија сесрдно се молел и во вера чекал срцата на Израелците во нивните страдања да се свртат од идолопоклонството и да се вратат кон Бога. Но и покрај сите свои маки, тие упорно останувале во идолопоклонство, сметајќи го Божјиот пророк како причина за својата несреќа. И ако биле во можност да го фатат Илија, тие би го предале на Језавела за таа да ја исфрли над него сета своја омраза, одземајќи му го животот. Поради тоа што се осмелил да им ги искаже зборовите на божествената осуда и казна, Илија станал предмет на нивната огорчена омраза. Во казните кои морале да ги поднесат поради своите гревови, тие не ја виделе Божјата рака, туку сето тоа му го припишувале на Илија. Наместо да се згрозат над своите гревови со кои ги предизвикале Божјите казни, тие го мразеле верниот пророк кој бил само Божјо орудие во осудата на нивните гревови и најавувањето на несреќата. {3С 276.4}

„По многу време, третата година дошла Господовата реч на Илија, велејќи: оди, покажи му се на Ахав и ќе пуштам дожд на земјата". Илија се колебал да тргне на ваков ризичен пат. Три години, како предмет на сеопштата омраза, тој бил прогонуван и баран од град до град и од народ до народ и сите се заколнувале дека не можат да го најдат. А сега, според Божјите зборови, тој сам требало да излезе пред Ахав. {3С 277.1}

Додека сиот Израел бил зафатен од отпадот и додека царот го обожавал Вал, управителот на неговиот дворец останал верен на Господа. Изложувајќи го на опасност сопствениот живот, тој ги спасувал Божјите пророци, криејќи ги по педесет во една пештера и снабдувајќи ги со храна и вода. И додека овој Ахавов слуга по целото царство барал извори, Илија одненадеж се појавил пред него. Авдија со стравопочит се поклонил пред Божјиот пророк. Но кога Илија му рекол да му пренесе одредена порака на царот, тој смртно се исплашил. Свесен дека смртна опасност му се заканува и нему и на Илија, тој најсесрдно го замолил да му го поштеди животот. Но Илија му се заколнал дека уште истиот ден ќе се појави и пред Ахав. Пророкот пред царот ќе излезе сам како еден од Божјите гласници да побара извршување на она што му било наложено и тој по Авдија испратил порака: „Еве го Илија". Ако Ахав сакал да го види Илија, му се пружила можност да дојде до него. Илија нема да оди кај Ахав. {3С 277.2}

Со вчудовидување и страв царот ја примил пораката дека Илија, човекот од кој толку се плашел и кој толку го мразел, доаѓа лично да се соочи со него. Тој толку долго го барал овој пророк за да го уништи и затоа бил свесен дека Илија не би го ризикувал својот живот излегувајќи пред него, кога не бил сигурно заштитен или кога не би имал повторно некоја страшна порака. Сеќавајќи се како на Јеровоам му се исушила раката, тој дошол до заклучок дека е опасно да се подигнува раката на Божјиот гласник. Треперејќи и во страв, придружуван од најистакнатите луѓе во царството и со воена парада, тој побрзал во пресрет на Илија. Гледајќи се лице во лице со човекот кој толку долго го барал, тој не се осмелил да го повреди на било кој начин. Како цар кој бил толку избувлив и толку исполнет со омраза кон Илија, сега во негово присуство бил потполно

немоќен и обесхрабрен. Првите зборови при средбата со пророкот биле само одраз на она што постојано му било во срцето: „Дали ти си оној што донесува несреќа на Израел?” Илија, огорчен и ревнувајќи за чест и слава на Божјото име, смело одговорил на обвинувањето на Ахав: „Не донесувам јас несреќа на Израел, туку ти и домот на твојот татко, оставајќи ги Господовите заповеди и тргнувајќи по Вал”. {3С 278.1}

Како Божји гласник, пророкот ги осудил гревовите на народот и ги најавил Божјите казни кои ќе ги снајдат поради нивната безбожност. И сега, свесен за својата невиност и потполна исправност, опкружен со царската војска и вооружен со луѓе, Илија не покажал никаков страв ниту поданичка почит кон Ахав. Човекот кому Бог му одговорил со Својот глас и кој имал јасна претстава за тоа како Бог гледа на луѓето во нивната грешна изопаченост, немал за што да му се извинува на Ахав ниту да му укажува било каква почест. Како Божји гласник, Илија сега наредувал, а Ахав без приговор слушал, како Илија да е цар, а тој негов поданик. {3С 278.2}

Жртвата на гората Кармил

Илија побарал на Кармил да се собере сиот Израел, како и сите Валови пророци. Со остар поглед кој влева стравопочит, пророкот давал изглед на човек кој стоел во присуство на Израеловиот Господ Бог. Состојбата на Израелците во нивното отпаднишство барала цврстина во однесувањето, остар настап и заповеднички авторитет. Бог подготвувал поука која одговарала на дадениот момент и на постоечките околности. Со Својот Дух Тој понекогаш ги поттикнувал гласниците денонoќно да повикуваат: „Подгответе му го патот на Господа,” како што правел Неговиот гласник Јован. Покрај тоа, потребни се луѓе кои не скршнуваат од патеката на должностите и кои се во состојба одлучно да повикаат: „Кој е на Господова страна?” нека тргне по нас. Бог секогаш има соодветна порака за Својот народ во сите околности. {3С 279.1}

Брзите гласници со Илиината порака веднаш се упатиле по целото царство. Градовите, населбите, селата и семејствата испраќале свои претставници. Сите бргу одговориле на повикот, како да се очекувало некое големо чудо. По налог на Илија, Ахав ги собрал на гората Кармил сите Валови пророци. Срцето на овој отпаднички израелски цар ги обземал некој таинствен страв и тој треперејќи и без никаков приговор се покорил на строгите барања на Божјиот пророк. {3С 279.2}

Народот се собрал на гората Кармил која била толку прекрасна кога - под благотворното дејство на дождот и росата - сè на неа буело со свежина на зеленилото. Но сега под Божјо проклетство исчезнала сета нејзина убавина. На таа гора, некогаш богата со прекрасни шумички и цвеќе, Валовите пророци подигнале многу олтари за своето паганско богослужение. Издигнувајќи се значително над околните предели, оваа гора можела добро да се види од големиот дел на царството. Бидејќи тука Бог видливо бил обесчестен со идолопоклоничкото богослужение на Вал, Илија ја избрал токму таа гора како најсоодветно место за да ја покаже Божјата моќ и да ја одбрани честа на Неговото име. {3С 279.3}

Сите осумстотини и педесет Језавелини пророци, како војници подготвени за битка, настапиле организирано, со придружба на музички инструменти и многу раскошно. Но срцата им трепереле при помислата дека на зборот на овој Јеховин пророк цела израелска земја веќе подолго од три години не добивала ниту една капка дожд.

Чувствувале дека се подготвува некој пресуден судир. Имале доверба во своите богови, но со ништо не можеле да ги демантираат зборовите на Илија и да го прогласат за лажен пророк. На сите нивни беспомошни молитви и жртви, нивните богови останале потполно рамнодушни. {3С 279.4}

Опкружен со мноштвото на отпадничкиот Израел и Валовите пророци, Илија на гората Кармил од рано изутрина мирно стоел. Бестрашно стоел сам пред тоа огромно мноштво на луѓе. Иако народот од целото тоа царство го сметал виновен за својата тешка несреќа, стоел пред нив бестрашно, без никакви видливи војници кои би го чувале, без никакво манифестирање на сила и раскош. Стоел облечен во својата груба облека, додека лицето му одразувало застрашувачка сериозност, како да бил длабоко свесен за својата света должност дека како Божји слуга ги извршува Неговите налози. Илија го насочил својот поглед кон највисокиот врв на планината каде што стоел олтарот на Јехова, додека таа била прикриена со бујна вегетација на зеленило и цвеќе. Сега над нив била страшната пустош на Божјото проклетство; сета беда и пониженост сега се одразува во тој напуштен и срушен Божји олтар, додека околу него се издигнуваат олтари подигнати на Вал. На чело на Валовите свештеници стоел Ахав, додека со страв сите очекувале да слушнат што Илија имал да им каже. {3С 280.1}

Во полна сончева светлина, опкружен со илјадници луѓе - меѓу кои се наоѓале вооружени војници, Валовите пророци и самиот израелски цар - стоел Илија без никаква одбранбена заштита, за човечките очи потполно осамен, но сепак не сам. Околу него бил најмоќниот кордон на небесната војска. Ангелите кои се ненадминливи во силата, се симнале од небото за да го штитат овој верен и праведен пророк. Со строг и авторитативен глас Илија ги запрашал собраните: „До кога ќе бидете на двете страни? Ако е Господ Бог, одете по Него; ако е Вал, одете по него. Но народот не му одговори ниту еден збор". Ниту еден поединец од тоа огромно мноштво на собрани не се осмелил да изговори ниту еден збор за Бога, и да ја манифестира својата верност на Јехова. {3С 280.2}

Каква измаменост и какво слепило кое како мрачни облаци го покрива израелскиот народ! До толку страшно слепило и отпад не дошло одеднаш туку постепено, бидејќи не ги послушале зборовите на укор и опомена кои Господ постојано им ги упатувал поради нивната горделивост и нивните гревови. И затоа сега, во оваа страшна криза - во присуство на идолопоклоничките свештеници и отпадничкиот цар - тие останале неутрални. Ако на Бога му е одвратен еден грев направен кај Неговиот народ многу повеќе отколку некој друг престап, тоа во вака кризни ситуации не е битно. Рамнодушноста и неутралноста во верската криза или некој пресуден момент Бог ги смета како најтешко злосторство, еднакво на најголемото непријателство против Него. {3С 280.3}

Сите насобрани Израелци и понатаму молчеле. Потоа Илија повторно им се обратил: „Јас останав сам од Господовите пророци, а Валови пророци има четиристотини и педесет. Дајте ни две телиња и тие сами нека изберат едно, нека го исечат на парчиња и нека го стават на дрва, но оган нека не палат; а јас ќе го подготвам другото теле и ќе го ставам на дрва, но оган нема да запалам. Тогаш повикајте го името на своите богови, а јас ќе го повикам Господовото име, па кому Бог ќе му се одзвие со оган, тој нека биде Бог. Изберете си себе едно теле и подгответе го први, бидејќи вие сте повеќе; и повикајте ги имињата на своите богови, но оган не подметнувајте. И земаа теле и го подготвија; и почнаа да го викаат името на Вал од наутро до пладне велејќи:

Вал, услиши нѐ! Но никаков глас не се јави, иако скокаа околу олтарот кој го направија”. {3С 281.1}

Предлогот на Илија бил даден на разумен начин. Не осмелувајќи се да го отфрлат предлогот, насобраните собрале сила и храброст да одговорат: „Добро кажа”. Валовите пророци исто така не се осмелувале да не се согласат или на било кој начин да се извлечат. Насочувајќи го вака овој процес, Бог подготвил пораз и конфузија на водачите на идолопоклонството, а видлива победа за прослава на Своето име. Валовите свштеници не се осмелиле да направат било што друго освен да ги прифатат понудените услови. Со страв и чувство на вина во своето срце, иако навидум дрско, тие се собрале околу својот олтар, подготвувајќи дрва и жртва и започнале со своето гатање, обредно пеење и со повици карактеристични за паганското богослужение. По околните шуми и планински врвови одѕвонувале продорните крици од нивното барање помош: „Валу, о Валу, услиши нѐ!” Свештениците масовно се собирале околу својот олтар и манифестирајќи делумна искреност, скокале, се превртувале, врескале на сиот глас, удирајќи со нозете по земјата и со неприродни гестови си ја скубеле косата и се боделе со игли. {3С 281.2}

Минало утрото и дошло пладне, а Валовите свештеници не успеале ниту малку да ги смилостиват своите богови. Никаков глас не одговорил на нивните беспомошни викотници. Во своето лукавство свештениците постојано се обидувале некако со измама да запалат оган на својот олтар и така да го прослават Вал. Но Илија со будно око го следел секое нивно движење. Преку осумстотини гласови засипнале од постојано викање и барање на помош; облеката им била сета облиена со крв, но тие сепак не попуштале во своето беспомошно возбудување. Покрај молитвите на богот на сонцето, сега веќе се слушале и клетви и пцовки што не се палел оган на нивниот олтар. Илија со орловски очи будно набљудувал да не направат некоја измама; бидејќи знаел дека доколку би им тргнало од рака скришум да запалат оган на својот олтар - истиот момент би го растргнале на парчиња. Тој сакал на присутните да им ја покаже сета лудост на нивното сомневање и одење на „двете страни,” кога пред нив биле чудесните дела на Божјата семоќна сила и безбројните докази за Неговата бескрајна милост, љубов и добрина кон сите. {3С 282.1}

„Но кога дошло пладне, Илија почнал да им се потсмева велејќи: Викајте посилно; зашто тој е бог! Сигурно нешто се замислил, или има некоја работа, или е на пат, или можеби спие, па да се разбуди. А тие викаа на сиот глас и се бодеа со ножеви и со игли според својот обичај, додека не беа цели облеани со крв. А кога мина пладне, почнаа да пророкуваат додека не дојде време да се принесе вечерна жртва; но немаше никако глас да одговори или пак некој да слушне”. {3С 282.2}

Како сатаната, кој паднал од небото како молња, со задоволство би им помогнал во овој случај на овие измамени луѓе со чиј ум владеел тој и кои во потполност се посветиле на неговата служба! Тој со задоволство би ја запалил нивната жртва; но Јехова му поставил граница на сатаната. Тој ја ограничил неговата моќ, така што и покрај сите лукавства не можел да распали ниту една искра на Валовиот олтар. Се приближила ноќта. Валовите пророци, уморни, исцрпени и збунети, сугерирале еден едно, друг друго, сѐ додека потполно не омалаксале во своите напори. Нивните крици и клетви не одекнувале повеќе на гората Кармил. Исцрпени и очајни, тие се повлекле од борбата. {3С 282.3}

Сите насобрани во тоа огромно мноштво биле очевидци на страшните испади на избезумените Валови свештеници. Виделе како избезумено скокале околу олтарот како да се обидуваат со топлината на сончевите зраци да го запалат огнот на својот олтар. Заморени со демонското манифестирање на паганското идолопоклонство, едвај дочекале да слушнат што ќе каже Илија. {3С 283.1}

Сега дошол ред на Илија. „Тогаш Илија му рече на народот: пристапете кон мене. И пристапи кон него сиот народ. Тогаш тој го поправи Господовиот олтар кој беше срушен. И зема Илија дванаесет камења според бројот на племињата на Јакововите синови, на кој му дојдоа Господовите зборови велејќи: Израел ќе ти биде името. И направи од тие камења олтар во Господово име и околу олтарот ископа дупка широка за да се посеат две мери жито. И намести дрва, и телето го исече на парчиња и го стави на дрвата. И им рече: наполнете четири стомни вода и излејте ја на жртвата и на дрвата. Па повторно им рече: направете го тоа уште еднаш. Па пак им рече: направете го тоа и по трет пат. Така водата потече околу олтарот и се наполни дупката со вода. И кога беше време да се принесе жртвата, пристапи пророкот Илија и рече: Господе Боже Аврамов, Исаков и Израелев, денес нека познаат дека Ти си Бог во Израел и дека јас сум Твој слуга и дека според Твоите зборови направив сè. Услиши ме, Господе, услиши ме, за да познае целиот овој народ дека Ти, Господе си Бог кога повторно ќе ги обратиш нивните срца. Тогаш падна Господов оган и ја запали жртвата паленица и дрвата и каменот и правот, и водата во дупката ја испи. А народот, кога го виде сето тоа, падна ничкум и рече: Господ е Бог! Господ е Бог!” {3С 283.2}

Илија во времето на вечерната жртва го поправил Господовиот олтар кој го срушиле Валовите свештеници со одобрение на отпадничиот Израел. Тој не повикал ниту еден од народот да му помогне во таа напорна работа. Валовите олтари биле сочувани и подготвени за употреба, но тој се свртел кон Божјиот олтар кој, иако срушен, за него бил посвет и подраг од сите величествени Валови олтари. {3С 284.1}

Илија се повикал на Божјиот завет со израелевите синови, иако тие биле во отпад. Тој спокојно и свечено го обновува срушениот олтар со дванаесет камења, според бројот на дванаесетте израелски племиња. Разочарани од целосниот пораз и преморени со своите залудни напори, Валовите свештеници седеле или лежеле на земјата, чекајќи да видат што ќе направи Илија. Срцата им биле исполнети со страв, но и со омраза кон пророкот што предложил ваков тест со кој била разоткриена нивната немоќ и ништожност на нивните богови. {3С 284.2}

Израелевите синови стоеле како маѓепсани, бледи, загрижени и речиси без здив, ужаснати, додека Илија го повикува Јехова, Творецот на небото и земјата. Тие биле очевидци на фанатички избезумените обиди на Валовите пророци. Сега биле во предност да го видат, сосем спротивно на ова, мирното, достоинствено и за стравопочит заслужно Илиино однесување. Потсетувајќи ги на нивната изопаченост со која го предизвикале Божјиот гнев против себе, тој ги повикал да се понизат во срцето и да се вратат кон Богот на своите татковци, за да го повлече проклетството кое го пуштил на нив. Ахав и неговите идолопоклонички свештеници го набљудувале сето ова со вчудовидување и со страв. Видно загрижени и во свечена тишина очекувале како сето ова ќе заврши. {3С 284.3}

Откако жртвата била положена на олтар, Илија наредил жртвата и олтарот да се полеваат со вода сè додека не се наполни дупката ископана околу олтарот. Тогаш со

стравопочит се поклонил пред невидливиот Бог, ги подигнал своите раце кон небото и мирно ја упатил својата едноставна молитва, без никакви бурни гестови или превиткувања на телото. Никакви крици на барање на помош не одѕвонувале низ гората Кармил. Свечената тишина, која особено тешко им паѓала на Валовите свештеници, ги обземала сите присутни. Илија во својата молитва не користел никакви вообичаени изрази. Тој се молел така како Јехова да е во непосредна близина, набљудувајќи го сето тоа и слушајќи ја непосредно неговата едноставна, но искрена и сесрдна молитва. Валовите свештеници викале, исфрлале пена од усните, скокале околу својот олтар и се молеле многу долго - од изутрина па сѐ до вечерта. Илиината молитва била многу кратка, полна со стравопочит и многу искрена. И откако молитвата била изговорена, од небото, на многу едноставен и видлив начин - како кога ќе блесне молња - се спуштил оган и ги запалил дрвата и жртвата и ја испил водата во дупката, проголтувајќи ги дури и камењата. Јачината на овој блесок ја осветлила цела планина и ги засенила очите на насобраното мноштво. И сите оние од израелското царство кое не присуствувале на собирот на Кармил внимателно и со интерес следеле што се случува таму. Кога огнот се спуштил од небото, многумина од нив го виделе тоа и биле восхитени, бидејќи глетката потсетувала на огнен столб кој ги одвоил израелевите синови на Црвеното море од египетската војска. {3С 284.4}

Собраните на Кармил паднале ничкум во стравопочит кон невидливиот Бог. Бидејќи светлината на огнот кој паднал од небото била толку силна што не можеле да ја гледаат, тие стравувале дека и самите ќе бидат запалени во својот отпад и грев, и сите еднодушно повикале: „Господ е Бог! Господ е Бог!” Израелците како народ конечно се пробудиле и ослободиле од својата заблуда. Тие увиделе колку со својот грев Го обесчестиле Бога и тоа го распалил во нив гневот против Валовите пророци. Ахав и Валовите свештеници со страв го набљудувале чудесното манифестирање на Јеховината сила. Илија повторно им се обратил на присутните со зборовите на застрашувачкиот налог: „Фатете ги тие Валови пророци, за ниту еден да не побегне”. Подготвени да ги послушаат неговите зборови, Израелците ги фатиле лажните пророци кои толку ги залудувале и ги одвеле кај потокот Кисон, каде што Илија со сопствена рака ги заклал тие идолопоклонички свештеници. {3С 285.1}

Откако над лажните пророци бил извршен Божјиот суд и откако народот се покајал за своите гревови и се вратил кон Богот на своите татковци, сега требало од Бога дозволеното проклетство на пустошна суша да се повлече и Тој повторно да го благослови Својот народ, освежувајќи ја земјата со благословите од роса и дожд. {3С 286.1}

Потоа Илија му рекол на Ахав: „Оди, јади и пиј, бидејќи надоаѓа голем дожд”. И додека Ахав отишол на гозба, Илија се искачил на врвот на гората Кармил за да му се помоли на Бога. Со својот чин на извршување на смртната казна над паганските свештеници, тој не станал несоодветен за свеченото општење со Бога во молитва. Со тоа, тој ја извршил Божјата волја. Откако како орудие во Божјите раце - да ја отстрани причината за израелското отпадништво - ги убил сите идолопоклонички свештеници, тој не можел да направи повеќе. Сега во својата молитва се залагал за грешниот и отпаднички Израел. Наведнат во најмачна положба до земјата, и ставајќи го своето лице меѓу своите колена, најсесрдно Му се молел на Бога да испрати дожд. Шест пати по ред го испраќал својот слуга да види има ли некаков знак дека Бог ја услишил неговата молитва. Иако видлив знак дека молитвата му била услишена немало, тој сепак не ја

губел верата и трпението, туку упорно продолжил со сесрдните молитви, испраќајќи го слугата и по седми пат да види дали Бог дал некој видлив знак. Шест пати слугата, гледајќи во насока на морето, се враќал со обесхрабрувачки извештај дека на небото кое изгледало како бакар нема никаков знак од дожд. Седмиот пат тој го известил Илија дека забележал еден мал облак како дланка од човечка рака. Тоа било доволно да ја охрабри Илиината вера. Тој не чекал небото да се замрачи од облаци, за да биде сигурен. Во тој мал облак тој со вера гледал изобилство на дожд. Постапувајќи во согласност со својата вера, тој по својот слуга му испратил порака на Ахав: „Подготви се и оди, за да не те фати дожд". {3С 286.2}

Илиината понизност

Овде Илија се осмелил да направи нешто само врз основа на својата вера. За да се увери, тој не чекал да види. „Притоа се замрачи небото од облаци и ветар и удри голем дожд. А Ахав седнувајќи во својата кочија отиде во Израел. А Господовата рака дојде на Илија и тој затегнувајќи ја својата облека, трчаше пред Ахав сè додека не дојде во Израел". {3С 287.1}

Тоа за Илија бил ден на големи возбудувања и тешки напори, но Господовиот Дух се симнал на него затоа што послушно ја извршил Неговата волја, убивајќи ги идолопоклоничките свештеници. Некој можеби ќе каже дека Илија морал да биде бесчувствителен и суров човек кога можел да направи такво нешто. Но секој кој ќе застане да ја брани честа на Божјото име се изложува на опасност да предизвика против себе критика и осуда од страна на многумина. {3С 287.2}

Преку ноќта дождот кој паѓал толку силно, што не дозволувал око да се отвори, Ахав не можел да го види патот пред себе. Но Илија, зајакнат од Божјиот Дух и сила, ја затегнал својата груба облека и трчал пред царската кочија, водејќи ги до самиот влез на градот. Тој ден Илија, како Божји пророк го понизил Ахав пред неговите поданици и ги убил неговите идолопоклонички свештеници, но сега сакал да покаже дека сè уште го признава како израелски цар. Во знак на посебна поданичка верност, трчал пред царската кочија до градската капија. {3С 287.3}

Овде се наоѓа важна поука за младите кои тврдат дека Му служат на Бога и дека ја носат Неговата порака, но кои имаат високо мислење за себе. Иако не можат да се повикаат на нешто големо и значајно во својот живот, како што тоа можел Илија, сепак сметаат дека им е под чест да извршуваат работи кои според нивно мислење не им прилегаат. Тие не се согласуваат да се спуштат од своето проповедничко достоинство укажувајќи некоја неопходна услуга, бидејќи се плашат дека некој ќе ги види како извршуваат работа на слуга. Сите такви треба да се учат од примерот на Илија. Неговите зборови ги затвориле ризниците на небесното богатство, така што преку три години немало ниту роса ниту дожд, и само на негов збор небото повторно се отворило и паднал изобилен дожд. Сам Бог му укажал чест кога на неговата едноставна молитва, пред царот и илјадници Израелци собрани на Кармил, оган како молња паднал од небото и ја запалил жртвата на Неговиот олтар. Со неговата рака е извршен Божјиот суд во уништување на осумстотини и педесет Валови пророци; сепак, по толку напори и очевиден триумф тој ден, тој - кој можел да го повикува облакот и дождот и оган од небото, на крајот во улога на слуга трча пред царската кочија низ дожд, ветар и темнина

во служба на владетелот кој без притегнување во лице го укорувал, кога тоа било неопходно. Поминувајќи низ капијата, царот влегол во градот, а Илија се завиткал во својата наметка и останал да спие на гола земја. {3С 287.4}

Илија во очај

Откако Илија се покажал толку храбар и бестрашен во борбата помеѓу животот и смртта и излегол како победник во судирот со царот, свештениците и целата нација, би можеле да претпоставиме дека никогаш нема да падне во очај, страв и малодушност. {3С 288.1}

По неговата прва појава пред Ахав кога му ја најавил Божјата казна поради сеопштиот отпад, Бог го засолнил од одмаздата на Језавела на сигурно место во една планинска област, кај потокот Керит. Тука имал чест дека Бог преку ангелот секое утро и секоја вечер му испраќал храна на чудесен начин. А кога поради пустошната суша пресушил и потокот, Тој го испратил кај вдовицата во Сарепта, каде што секој ден правел чудо - намножувајќи ги преостанатите залихи од брашно и масло - за да го прехрани нејзиното семејство и самиот пророк. По ваквите докази на Божјата љубов и грижа за него, би можеле да претпоставиме дека Илија никогаш нема да престане во потполност да се потпира на Него. Но апостолот вели дека тој, иако смртник како нас, бил исто така подложен на искушенија како и секој од нас. {3С 288.2}

Ахав ѝ ги прераскажал на својата жена чудесните настани кои се случиле тој ден и за величенственото манифестирање на Божјата сила со што е потврдено дека Јехова, Творецот на небото и земјата е вистински Бог, нагласувајќи исто така дека Илија ги убил сите Валови пророци. Тоа ја разбеснило Језавела, која и така била потоната во грев и зло, со омраза и бес. Дрска и одлучна во своето идолопоклонство, таа категорично му рекла на Ахав дека Илија не смее да остане жив. {3С 288.3}

Таа ноќ еден гласник го разбудил уморниот пророк и му ја пренел изјавата на Језавела, дадена во име на нејзините пагански богови, дека таа во присуство на Израел ќе направи со него она што тој го направил со Валовите свештеници. На заканите и клетвите од Језавела Илија требало да одговори со апел за заштита и помош од страна на Оној според чиј налог и го направил сето ова. На гласникот требало да му се каже дека Бог во Кој секогаш се надевал може и сега да го заштити од омразата на Језавела и од нејзините закани. Но верата и храброста на Илија како да исчезнале. Тој од својата дремка скокнал на нозе исплашен и збунет. Дождот сè уште паѓал, а насекаде околу него имало само темнина. Губејќи ја од вид Божјата заштита, тој се дал во бегство за да го спаси голиот живот, како зад петици да му е крвен непријател. Бегајќи така, тој го остава на патот и својот единствен слуга, и кога денот осамнал, тој веќе се наоѓал далеку од човечките населби, сам во пустината. {3С 289.1}

„А тој гледајќи го тоа, стана и замина поради спас на својата душа и дојде во Вирсавеја и тука го остави својот слуга. Сам отиде во пустината, оддалечена еден ден одење; и доаѓајќи тука, седна под смреката и посака да умре, па рече: Доста е веќе Господе, прими ја мојата душа, зашто не сум подобар од своите татковци. Потоа легна и заспа под смреката. И гледај ангел го допре и му рече: Стани и јади. А тој погледна и виде леб печен на јаглен и стомна со вода. И јадеше и се напи, па легна повторно. А

Господовиот ангел дојде повторно и го допре, зборувајќи: Стани и јади, зашто патот е далечен. А тој стана и јадеше и се напи; потоа закрепнувајќи од тоа јадење, одеше четириесет денови и четириесет ноќи, сè додека не дојде на Божјата гора Хорив. А таму влезе во една пештера и преноќи во неа; и Господовата реч дојде до него, зборувајќи: Што бараш тука Илија?" {3С 289.2}

Илија требало да има поголема доверба во Бога, Кој - кога требало со бегство да побара засолниште од омразата на Језавела и од Ахав кој толку упорно го барал - го предупредил на тоа. Меѓутоа, сега Господ не му наредил да бега. Не чекајќи Господ да му каже што да прави, постапил избрзано. Ако со вера трпеливо чекал, Бог би го заштитил како Свој верен слуга и би му дал уште една значајна победа во Израел, дозволувајќи Језавела да ја стигне Неговиот суд. {3С 290.1}

Уморен и скршен, Илија седнал да се одмори. Обесхрабрен и подготвен само да се жали, тој рекол: „Доста е веќе Господе, прими ја мојата душа, бидејќи не сум подобар од своите татковци". Му се присторило дека животот веќе не му е потребен. Тој очекувал дека Израелците, по толку видното манифестирање на Божјата сила на Кармил, ќе останат верни на Него. Очекувал дека безбожната Језавела нема веќе да има толкаво пресудно влијание на Ахав и дека во израелското царство ќе дојде до потполна промена. И кога му била пренесена заканувачката порака од Језавела, заборавил дека семоќниот и милостив Бог - Кој на неговите молитви спуштил оган од небото и благотворен дожд по пустошната суша - никогаш не се менува. Бог одговорил на секоја негова молитва, но Илија сега бил бегалец, далеку од човечките огништа и не сакал веќе да види човечко суштество. {3С 290.2}

Како Бог гледал на Својот страдален слуга? Дали го оставил поради скршениот дух и очајот во кој западнал? О, не. Илија бил скршен од обесхрабреност. Целиот претходен ден тој бил изложен на тешки напори, а ништо не јадел. И додека ги предводел царските кочии, трчајќи пред нив до капиите на Израел, бил полн со храброст. Тој со сето срце се надевал дека Израел, како нација, ќе се врати на својата првобитна верност кон Бога и повторно ќе ја стекне Неговата милост и Неговото одобрување. Меѓутоа, реакцијата која често ги следи големите достигнувања во верата и славните успеси, ја доживеал во својата душа и Илија. Тој со вера и со своите чувства бил издигнат до самиот врв на Фазга, а сега се спуштил во најниската долина. Но Божјото око сè уште будно бдеело над Неговиот слуга. Тој Нему и сега - вака скршен и делумно напуштен од Бога и од луѓето - му е драг исто така како и тогаш кога во одговор на неговата молитва оган се симнал од небото и го осветлил цел Кармил. {3С 290.3}

Оние кои не носеле големи одговорности и кои не се способни длабоко да сочувствуваат со другите не се во состојба да ги разберат тогашните чувства на Илија и не се подготвени да му го дадат она нежно сочувство кое го заслужува. Бог знае сè и ги гледа болните рани во срцето кое се стега под ударите на искушенијата и тешките судири. {3С 291.1}

Додека Илија спиел под смреката, го пробудил еден нежен допир проследен со пријатен глас. Тој се разбудил од сонот, подготвен да бега, помислувајќи дека непријателот кој му работи зад грб конечно го пронашол. Но лицето полно со сочувство наведнато над него не било лице на непријателот, туку лице на пријател. Еден ангел од небото дошол со храна за да го поткрепи верниот Божји слуга. „Стани и јади," му рекол

тој на Илија. Послужувајќи се со освежувањето подготвено за него, Илија повторно потонал во сон. Божјиот ангел дошол и по втор пат за да ги задоволи Илиините потреби. Допирајќи го уморниот и истоштен човек, ангелот нежно и со длабоко сочувство рекол: „Стани и јади, зашто патот е далечен". Илија се поткрепил и го продолжил својот пат кон гората Хорив. Тука, бидејќи местото било пусто, нашол засолниште од дивите sверки во една пештера и тука преноќил. {3С 291.2}

Овде Бог, со посредство на еден од Своите ангели го прашал Илија: „Што бараш тука Илија?" Јас те испратив да се засолниш кај потокот Керит, те испратив кај вдовицата во Сарепта Сидонска, те испратив во Самарија за да му пренесеш порака на Ахав, но кој те испрати на овој долг пат низ пустината? И зашто талкаш овде? Излевајќи ја во огорченост болката на својата душа пред Господа, Илија рекол: „Ревнував многу за Господа над војските; бидејќи израелевите синови го оставија Твојот завет, ги срушија Твоите олтари и ги убија Твоите пророци со меч; а јас останав сам, па ја бараат и мојата душа да ми ја земат. А тој рече: Излези и застани на гората пред Господа. И гледај, Господ минуваше, а пред Господа силен ветар, кој ги кршеше браговите и карпите; но Господ не беше во ветрот; а позади ветрот земјотрес; но Господ не беше во земјотресот; а позади земјотресот дојде оган; но Господ не беше во огнот. А позади огнот дојде тивок и придушен глас. Но кога Илија го слушна тоа, го засолна своето лице со наметка и излегувајќи, застана на вратата од пештерата. И му дојде глас зборувајќи: Што бараш тука Илија? А тој рече: Ревнував многу за Господа над војските, бидејќи изралевите синови го оставија Твојот завет, ги срушија Твоите олтари и ги убија Твоите пророци со меч; а јас останав сам, па ја бараат и мојата душа да ми ја земат". {3С 291.3}

Тогаш Господ му се открил на Илија, покажувајќи му мирно и во потполност да се потпре на Него, верувајќи дека во Него ќе најде помош во секоја потреба. {3С 292.1}

Покажано ми е дека и мојот сопруг, паѓајќи во малодушност и немајќи доволно доверба во Бога, правеше големи грешки. Бог повеќе пати му покажуваше несомнени знаци за Својата грижа, љубов и моќ. Но тој, гледајќи дека неговото залагање и ревноста за Бога и за Неговото дело не се сфаќаат и ценат, понекогаш ја губеше храброста и паѓаше во очај. Бог и на мене и на мојот сопруг ни довери посебно значајна задача во Неговото дело - да го укоруваме и советуваме Неговиот народ. Но, гледајќи како нашите совети и укори се омаловажуваат и како наместо љубов и благодарност ни се возвраќа со омраза, ние често ја губевме довербата во Израелевиот Бог и, слично на Илија, паѓавме во малодушност и очај. Токму во тоа беше големата грешка во животот на мојот сопруг - тој губеше храброст затоа што браќата создаваа тешкотии наместо да му помагаат. И кога неговите браќа во тагата и малодушноста на мојот сопруг ги видоа последиците од нивното неверство и недостаток на љубов, некои од нив беа подготвени да ликуваат и користејќи ја неговата обесхрабреност, сметаат дека Бог после сè не е со брат Вајт, бидејќи тој наводно, не би манифестирал такви слабости. Таквите ги упатуваме да се сетат на случајот на Илија во неговото очајување и обесхрабреност. Иако Божји пророк, Илија бил смртен човек како и ние и подложен на слабости. Ние имаме слабости и чувства на смртник и мораме да се бориме против тоа. Но ако во потполност се надеваме во Бога, Тој никогаш нема да нè остави ниту ќе се откаже од нас. Да се потпреме на Него цврсто под сите околности и Тој нема да нè остави сè додека се држиме за својата честитост. {3С 292.2}

Во своите страдања мојот сопруг треба да црпи храброст од сознанието дека има милостив небесен Татко Кој ги чита побудите и ги разбира намерите на душата. Оние

кои се наоѓаат во првите борбени редови и кои со Божјиот Дух се поттикнати да извршат некоја посебна задача за Него, често, кога ќе спадне притисокот, ќе доживеат реакција во својата душа и таков очај кој може да ја разниша и најсилната вера и да го ослабне и најпостојаниот дух. Бог ги разбира сите наши слабости. Тој чувствува сожалување и љубов кон нас и тогаш кога срцата на луѓето можат да бидат тврди како камен. Трпеливо да се чека и да се потпреме на Бога кога сè околу нас изгледа мрачно - тоа е пouката која мојот сопруг мора во потполност да ја научи. Бог нема да го напушти, бидејќи ја гледа неговата честитост. {3С 293.1}

28. МОЈСЕЈ И АРОН

Арон умрел на гората Ор, а тука бил и погребан. На тоа последно патување до врвот на планината го следеле неговиот брат Мојсеј и синот Елеазар. Мојсеј имал болна должност да ја соблече од својот брат Арон свештеничката облека и да ја облече на Елеазар, бидејќи Бог одредил дека тој, по татковата смрт, треба да го наследи во свештенството. Мојсеј и Елеазар како очевидци биле сведоци на Ароновата смрт; и Мојсеј тука го погребал. Таа глетка на гората Ор нè враќа во мислите на некои од најзначајните настани во Ароновиот живот. {3С 293.2}

Арон бил склон кон љубезност, човек кој сам Бог го избрал да стои рамо до рамо со Мојсеј и да зборува наместо него, накратко кажано, да биде Мојсеев гласноговорник. Бог можел да го избере Арон за водач; но Тој, Кој го познава срцето и го чита карактерот, знаел дека Арон е попустлив и дека му недостига морална храброст за да застане во одбрана на правдата во сите околности, без оглед на последиците. Ароновата желба луѓето да имаат добро мислење за него го наведувала понекогаш на сериозни грешки. Попуштајќи им на нивните барања, тој премногу често го обесчестувал Бога. Истиот недостаток на цврсто залагање за правда во семејството резултирал со смрт на двајца негови синови. Арон се истакнувал со побожност и добрина, но ја запоставувал примената на дисциплина во своето семејство. Наместо - вршејќи ја својата должност - да барал послушност и почит од своите синови, дозволувал да се поведуваат по своите склоности. Не ги воспитувал строго во самооткажување, туку им попуштал на нивните желби. Тие не биле дисциплинирани да имаат длабока почит кон родителскиот авторитет. Таткото по правило би требало да управува со своето семејство сè додека е жив. Неговиот родителски авторитет не престанува дури и тогаш кога неговите деца ќе пораснат и ќе имаат сопствени семејства. Во Израел Бог бил владетел на нацијата, а од народот се барала послушност и почит. {3С 293.3}

Уредувањето и благосостојбата во царството зависеле од правилното уредување и редот во црквата. А напредокот, складот и редот во црквата зависеле од редот и потполната дисциплина во семејството. Бог ги казнува неверните родители на кои им ја доверил должноста да ги чуваат начелата на родителскиот авторитет кој претставува основа за дисциплината во црквата и напредокот на нацијата. Едно недисциплинирано дете често може да го наруши мирот и хармонијата во црквата и да го поттикне народот на мрморење и бунт. Господ на најсвечен начин им дал должност на децата во љубов да ги почитуваат и ценат своите родители. Од друга страна, Бог бара од родителите да ги обучуваат своите деца и со неуморна ревност да ги упатуваат во барањата на Неговиот закон, поучувајќи ги совесно и во Божји страв. Извршувањето на овие

должности, кои Бог со толку сериозно нагласување им ги доверил на Израелците, исто така сериозно се бара и од денешните христијански родители. Оние кои ја занемаруваат светлината која Бог им ја дава во Својата реч во поглед на воспитувањето на децата и управувањето со својот дом и после себе, ќе мораат на крајот да положат тешка сметка пред Него. Злата Аронова немарност, во барање на послушност и почит кај своите синови да употреби и авторитет, резултирала со нивна смрт. {3С 294.1}

Бог, на Арон и на неговото потомство по машка лоза, за разлика од сите други во Израел, им го доверил свештенството. Неговите синови биле ангажирани во светата служба во светилиштето. Надав и Авијуд не ја почитувале Божјата заповед: на темјанот кој во своите кадилници го изнесувале пред Него да стават свет оган. Бог под закана на смртна казна забранил мирисниот темјан, кој се изнесувал пред Него, да се потпалува со обичен оган. {3С 295.1}

Меѓутоа, овде се гледаат последиците од лабавата дисциплина. Бидејќи овие Аронови синови не биле воспитани да ги слушаат и извршуваат заповедите на својот татко, и бидејќи не го почитувале родителскиот авторитет, тие не ја увидувале потребата строго да ја извршуваат Божјата заповед. Попуштајќи им на недозволените желби за вино и наоѓајќи се под опојното влијание на истото, нивниот разум бил зашеметен до таа мера што не биле во состојба да го разликуваат светото од обичното. Спротивно на Божјото упатство, Го обесчестиле Творецот, потпалувајќи обичен наместо свет оган. Во Својот гнев, Бог од небото пуштил оган кој ги уништил. {3С 295.2}

Својата тешка болка Арон ја поднесувал трпеливо и во понизна потчинетост. Тага и длабока агонија му ја притискале душата, бидејќи бил осведочен дека ја занемарил својата должност. Тој бил свештеник на Семоќниот во служба на отстранување на народните гревови; бил свештеник и на своето домаќинство, а сепак бил склон да преминува преку неразумноста на своите деца. Ја занемарил својата должност да ги воспитува и да ги учи на послушност, самооткажување и почит на родителскиот авторитет. Попуштајќи на погрешно сфатените чувства, пропуштил во нив да изгради карактер со висока почит кон она што е вечно и неминливо. Како што го прават и денес многу христијански родители, Арон не видел дека со погрешно сфатената љубов и попуштајќи им на децата во злото, го подготвува патот за Божјото незадоволство и излевање на Неговиот гнев на нив со нивно уништување. Занемарувајќи над своите синови да го примени родителскиот авторитет и неопходната дисциплина, ја предизвикал против нив Божјата праведна казна. Арон увидел дека неговите благи опомени, без одлучна примена на родителското ограничување и неговата разумна нежност кон синовите, на крајот се претвориле во вистинска свирепост. Бог го преземал делењето на правдата во сопствени раце и ги уништил двајцата Аронови синови. {3С 295.3}

Кога Мојсеј на Синај бил повикан да се искачи на гората, поминале уште шест дена пред да може да биде примен на облакот - во непосредната Божја присутност. Врвот на Синајската гора бил вжарен од светлината на Божјата слава. Сепак на Израелевите синови, уште додека ја набљудувале таа светлина со своите очи, неверството им било толку природно што почнале да мрморат и да го манифестираат незадоволството поради Мојсеевата отсутност. Додека Божјата слава го означувала Неговото свето присуство на гората и додека нивниот водач имал пријателски разговор со Бога, требало и тие самите да се посветат на сериозно преиспитување на срцето во понизност и Божји страв. Бог ги оставил Арон и Ор да го заземат Мојсеевото место. Од овие од Бога

одредени луѓе израелевите синови требало да примат совети и упатства за време на Мојсеевата отсутност. {3С 296.1}

Овде се покажале Ароновите недостатоци во својство на водач и поглавар во Израел. Повеќето од нив биле упорни во барањето да им направи богови кои ќе одат пред нив при враќањето во Египет. Тогаш на Арон му се пружила прилика да ја покаже својата вера и непоколеблива доверба во Бога и одлучно и бескомпромисно да се спротивстави на предложениот план. Но неговата природна склоност и желба да му попушта и да му угодува на народот, го навеле да ја жртвува честа и славата на Божјото име. Побарал од нив да му го донесат својот златен накит од кој направил златно теле објавувајќи пред народот: „Ова се твоите богови, Израеле, кои те изведоа од египетската земја". И пред тој бесмислен бог тој подигнал олтар, а утрешниот ден го прогласил за Господов празник. Тогаш кај народот исчезнало секое воздржување. Во дух на крајна лесноумност тие почнале да се клањаат на златното теле, да му принесуваат жртви паленици, да се оддаваат на срамни оргии и пијанство, да јадат, пијат и да играат. {3С 296.2}

Минале само неколку седмици откако свечено се заветувале на Бога дека ќе го слушаат Неговиот глас. Со свои уши ги слушале зборовите на Божјиот закон изговорени со застрашувачко височество од Синајската гора, проследено со грмотевици, блескање на молњи и страшен земјотрес. Ги слушнале од усните на самиот Создател зборовите: „Јас сум Господ Бог твој, Кој те изведов од египетската земја, од куќата на ропството. Немој да имаш други богови освен Мене. Не ќе си правиш врежан лик, ниту некаква слика на она што е горе во небото, или долу на земјата, или во водата под земја. Не ќе им се поклонуваш ниту ќе им служиш, зашто Јас, Господ, твојот Бог, Сум ревнив Бог. Ја посетувам неправдата на татковците - на оние кои Ме мразат - на децата до третото и четвртото поколение, а покажувам милост на илјадници, кои Ме љубат и ги пазат Моите заповеди". {3С 296.3}

Арон и неговите синови биле воздигнати со тоа што Бог ги повикал на планината да ја видат Божјата слава. „И тие го видоа израелскиот Бог; а подножјето Негово како да беше од камен сафир, со сјај како сводот небесни по чистота". {3С 297.1}

Бог им доверил на Надав и Авијуд најсвета должност, им укажал чест на најчудесен начин. Им дозволил да го видат величествениот сјај на Неговата слава, за тоа што го виделе на гората да остане трајно во нив, оспособувајќи ги да служат во Неговата света служба и пред народот да Му укажуваат висока чест и почит, за и самиот народ да стекне возвишена претстава за Неговиот карактер и да се чувствува обврзан да ги почитува сите Неговите барања. {3С 297.2}

Пред заминувањето на гората, Мојсеј им ги прочитал на Израелците зборовите на заветот кој Бог го направил со нив, а тие едногласно одговориле: „Тоа што кажа Господ, тоа ќе го правиме и ќе го слушаме". Колку голем бил гревот на Арон, колку бил тој грев само огромен во Божјите очи! {3С 297.3}

И додека Мојсеј на гората сè уште го примал законот, Господ го известил за гревот и бунтот на израелевите синови и барал од него: „Пушти ме да се распламти Мојот гнев на нив и да ги уништам". Но Мојсеј најсесрдно се залагал пред Бога за својот народ. Иако бил најкроткиот човек меѓу живите, кога биле во прашање интересите на народот над кој Бог го поставил за водач, Мојсеј се ослободил од својот поранешен страв и со необична упорност и чудесна смелост се залагал пред Бога за спас на Израел. Не се

согласувал Бог да ги уништи Израелците, иако му ветувал дека во нивното уништување тој лично не само што би бил поштеден туку и почестен, бидејќи Бог од неговото потомство би подигнал подобар народ. {3С 297.4}

Мојсеј надвладеал. Бог го услишил неговото сесрдно залагање да не го уништи неговиот народ. Потоа тој ги земал плочите на заветот - законот од десетте Божји заповеди - и се симнал од гората. Бучната веселба и оргиите на израелевите синови допреле до неговите уши уште пред да стигне во таборот. Гледајќи дека со своето идолопоклонство на најочевиден начин ги прекршиле условите на заветот, бил потполно совладан од болка и гнев над толку бедното и понижувачко идолопоклонство. Збунет и посрамен поради нив, ги фрлил плочите и тие се скршиле. Како што тие го раскинале својот завет со Бога, Мојсеј, кршејќи ги плочите, им ставил до знаење дека и Бог исто така го раскинал Својот завет со нив. Плочите на кои како услов на тој завет бил запишан Божјиот закон, биле скршени. {3С 298.1}

Арон, кој по својата природа бил секогаш благ и љубезен, се трудел да го смири Мојсеј, како Израелците да не направиле некој толку тежок грев поради кој би требало тој сега толку да негодува и страда. Но Мојсеј во лутина го запрашал: „Што ти направи овој народ, па го турна во толкав грев? А Арон му рече: Не се лути господару; ти знаеш дека овој народ е брз на зло. Зашто ми рекоа: Направи ни богови кои ќе одат пред нас, бидејќи не знаеме што стана со тој Мојсеј кој нè изведе од египетската земја. А јас им реков: Кој има злато, нека го симне од себе и ми го дадоа, а јас го фрлив во оган и излезе тоа теле". Со ова Арон се обидел да го наведе Мојсеј на заклучок дека нивниот златен накит во огнот со некое натприродно чудо се претворил во облик на теле. Тој не му пренел на Мојсеј дека во соработка со други занаетчии, тој го излеал тој идол. {3С 298.2}

Арон сметал дека Мојсеј е премногу непопустлив кон желбите на народот. Според негово мислење, во израелскиот табор би имало многу повеќе мир и слога и Мојсеј би имал помалку непријатности и тешкотии ако понекогаш бил помалку строг, помалку одлучен и поподготвен на компромис со народот. Мислејќи дека така ќе биде подобро, Арон во овој случај го применил токму овој метод. Раководејќи се според своите природни склоности, попуштил на желбата на народот, за да го спречи незадоволството и отворениот бунт до кој - според негово мислење - неминовно ќе дошло ако не попуштил на нивното барање. Меѓутоа, доколку Арон цврсто и непоколебливо останал на Божја страна; ако веќе самото навестување на Израелците да им прави богови кои ќе одат пред нив во Египет ги дочекал со оправдан гнев и ужас кое таквиот предлог го заслужува; ако ги потсетил на смртниот страв кој го чувствувале кога Бог од Синај во таква слава и величественост им го објавил Својот закон; ако ги потсетил на нивниот завет со кој се заветувале дека ќе слушаат сè што ќе се побара од нив; ако одлучно им рекол дека по цена на животот нема да им попушти на нивните барања - тој би имал влијание на народот и би спречил ужасен отпад. Меѓутоа, кога во Мојсеево отсуство бил задолжен правилно да го употреби своето влијание, кога требало како што правел Мојсеј одлучно да се спротивстави на тонењето на народот во грев, неговото влијание било на страна на злото. Бил немоќен со своето влијание да се заземе за одбрана на Божјата чест со држење на Неговиот свет закон. Меѓутоа, на страна на злото, неговото влијание било многу силно. Тој управувал, а народот го слушал. {3С 298.3}

Правејќи го првиот чекор во погрешна насока, Арон паднал под влијание на истиот дух со кој народот веќе бил зафатен и тој потоа ја преземал водечката улога во тоа зло додека останатите едноставно го слушале. Овде Арон со своето согласување ги одобрил

најтешките гревови, бидејќи тоа било полесно отколку да се заложи за правда. Кога еднаш скршнал од патеката на праведност, одобрувајќи го народот во нивниот грев, тоа како да го инспирирало со одлучност, сесрдност и ревнување - квалитети кои инаку не му биле својствени. Неговата плашливост одненадеж исчезнала. Со ревност каква што никогаш не манифестирал во одбрана на Божјата чест и во спротивставувањето на злото, земал инструменти со кои од златото од собраниот накит излеал теле. Наредил да се подигне олтар, и со сигурност достојна за подобра цел, го прогласил утрешниот ден за Господов празник. Трубачите ги разгласиле Ароновите зборови низ целиот израелски табор. {3С 299.1}

Ладнокрвната сигурност во овој толку погрешен чин му овозможила на Арон да има поголемо влијание на Израелците отколку што имал Мојсеј водејќи ги по правилен пат и гушејќи го нивниот бунт. Какво страшно духовно слепило го обзело Арон кога можел светлината да ја смета за темнина, а темнината за светлина! Каква дрскост и пречекорување на дозволеното: да го прогласи идолопоклоничкото обожавање на еден златен лик за Господов празник! Ова покажува колкава моќ може да има сатаната над умот кој не е во потполност под контрола на Божјиот Дух. Сатаната го подигнал своето црно знаме сред Израел, и тоа било издигнато како Божјо знаме. {3С 300.1}

„Ова се," рекол Арон без никакво притеснување и срам, „твоите богови Израеле, кои те изведоа од египетската земја". Арон влијаел на израелевите синови во своето идолопоклонство да одат и подалеку од она што имале намера. Престанале да стравуваат за Мојсеј - својот водач - дека е спален со огнот на Божјата слава, кој како пламен кој проголтува пламтел на гората. Уверени дека сега имаат поглавар токму таков каков што им одговара на нивните желби, биле подготвени на сè што тој ќе побара, принесувајќи прилози и жртви на помирување на својот златен бог, почнале да се оддаваат на уживање во оргиите и пијанството. Дошле до заклучок дека за сите неволји кои ги снаоѓале во пустината вината не ја сносат тие, туку дека проблемите секогаш ги создава Мојсеј како нивен водач. Тој не е вистински човек за таа положба. Премногу е непопустлив и постојано им укажува на нивните гревови; опоменува, укорува и им се заканува со Божјиот гнев. Сега е создадено ново уредување и тие се потполно задоволни со Арон и со самите себеси. Само Мојсеј да бил толку љубезен и благ како Арон - мислеле тие - каков мир и хармонија би владееле во израелскиот табор! Сега веќе воопшто не им било важно дали Мојсеј ќе се врати од гората или не. {3С 300.2}

Додека Мојсеј, гледајќи го идолопоклонството на израелските синови во манифестирање на негодувањето и оправданиот гнев што толку бргу и толку срамно заборавиле на Бога, ги фрлил камените плочи и ги скршил, Арон покорно стоел пред него, поднесувајќи ги трпеливо и мирно неговите укори и осуда. Набљудувачите биле восхитени од Ароновото пријатно држење, додека Мојсеевата избувливост им била одвратна. Но Бог не гледа како што гледаат луѓето. Тој не ја осудил Мојсеевата силна ревност и неговото бурно негодување против толку понижувачкиот отпад во Израел. {3С 300.3}

Потоа вистинскиот водач одлучно ја заземал својата положба на страна на Израеловиот Господ Бог. Тој само што дошол од Неговата непосредна присутност, каде што толку сесрдно Го преколнувал во Својот гнев да не го сотре тој заблуден народ. Сега тој мора да направи нешто друго, како Божји слуга, тој мора да ја оправда Неговата чест пред израелските синови, доведувајќи ги до јасно спознавање дека гревот е грев, а правдата е правда. Тој мора одлучно да се заложи да ги осуети ужасните последици од

Ароновото влијание. „Тогаш Мојсеј застана при вратата на логорот и рече: ‘Кој е за Господа, при мене!’ И сите Левитски синови се собраа околу него. Тој им рече: Господ, Бог на Израел, зборува вака: ‘Секој нека го препаша мечот од бедрото и нека тргне низ логорот од врата до врата, па некој нека го убие брата си, некој својот пријател, некој својот сосед.’ Левиевите синови го извршија Мојсеевиот налог и во тој ден паднаа околу три илјади луѓе од народот. ‘Денес му ги посветивте рацете свои на Господа за служба - рече Мојсеј – кој на својот син, кој на братот свој, за да ви даде денес благослов.’” {3С 301.1}

Овде Мојсеј ја дефинира вистинската посветеност како апсолутна послушност на Бога. Тоа значи да се застане во одбрана на правдата, и да се манифестира подготвеност да се извршуваат Божјите намери и во најнепријатните должности, покажувајќи дека Божјите барања ни се поважни од барањата на пријателите, па дури и од животот на најблиските роднини. Својата посветеност на Бога, Левиевите синови ја покажале извршувајќи ја Неговата праведна казна над сторителите на гревот и злосторството. {3С 301.2}

На реката Мерива Арон и Мојсеј згрешиле што славата и честа не му ја оддале само на Бога. Тие двајцата биле уморни и испровоцирани од постојаното мрморење на израелевите синови и токму во моментот кога Господ со милостивото манифестирање на Својата слава имал намера да ги омекне и потчини нивните срца и да ги наведе на покајание, Мојсеј и Арон си ја припишале на себе божествената моќ од карпата да потече вода. „Слушајте, одметници! Ќе извадиме ли од оваа карпа вода?” Ова било златна прилика да Го прослават Господа и да го прослават Неговиот карактер пред нив, да им го покажат Неговото трпение и нежната сомилост кон нив. Тие мрмореле против Мојсеј и Арон затоа што не можеле да најдат вода. Мојсеј и Арон го доживеале тоа како тие да ги искушуваат и понижуваат нив, заборавајќи дека тоа мрморење претставувало навреда за Бога. Со тоа всушност бил навредуван и обесчестуван Бог, а не оние кои Тој ги поставил да ги остваруваат Неговите намери. Обвинувајќи ги за своите неволји Мојсеј и Арон, Израелците го навредувале својот најдобар Пријател и мрмореле против Божјото провидение. {3С 301.3}

Овој грев на тие инаку благородни водачи бил навистина голем. Нивниот живот можел да биде славен до крај. Тие биле навистина истакнати и ценети луѓе; но Бог покажал дека Тој не ги оправдува гревовите на оние кои се наоѓаат на високи положби како што и на оние кои во животот се најскромни. Многумина таканаречени христијани обично ги сметаат за побожни и добри христијани оние кои не го укоруваат и не го осудуваат злото, додека за оние кои смело застануваат во одбрана на правдата и во својата праведност не им попуштаат на несветите влијанија, мислат дека им недостигаат побожност и христијански дух. {3С 302.1}

Оние кои застануваат во одбрана на Божјата чест и кои по секоја цена се борат за чистота на вистината, ќе бидат изложени на безбројни неволји како што бил изложен и нашиот Спасител во пустината на искушението. Додека оние кои попуштајќи му на својот темперамент, кои немаат храброст да го осудат злото туку молчат и тогаш кога со своето влијание требало да застанат во одбрана на правдата и против секој притисок, можат да избегнат многу душевни страдања и непријатности, но затоа ќе загубат многу богата награда, ако не и сопствената душа. Оние кои настојуваат да му угодат на Бога и со вера во Него добиваат сила да се спротивстават на злото и да ја бранат правдата, секогаш ќе бидат изложени на остри судири и често ќе остануваат потполно осамени. Но,

потпирајќи се цврсто на Бога, тие можат да извојуваат драгоцени победи. Неговата благодат ќе биде нивна сила. Нивната морална чувствителност ќе биде секогаш остра и јасна, а нивните морални сили ќе бидат во состојба да се спротивстават на секое лошо влијание. Нивната правичност, слична на Мојсеевата, ќе биде од најчист карактер. {3С 302.2}

Благоста, духот на попустливост и желбата да му се угоди на народот, ги заслепиле Ароновите очи кон гревовите на Израел и кон големината на злосторството кое го одобрил. Заради неговото влијание и согласувањето на зло и грев, во Израел животот го загубиле три илјади луѓе. Во каква спротивност со ова било Мојсеевото држење! Бидејќи на Израелците очевидно им било покажано дека со Бога не може да се шегуваат неказнето; бидејќи - за да им го покаже Божјото оправдано негодување поради нивниот грев - издал страшна наредба сите кои упорно останале во отпадништвото без оглед на роднинските врски или пријателства немилосрдно да се убијат; и бидејќи, во настојување да се одврати Божјиот гнев, казната над оние кои упорно останале во својот бунт била најнепристрасно извршена - Мојсеј бил подготвен за една друга работа (повторно да се залага за нив пред Бога). Со ова тој покажал кој бил вистински пријател на Бога и на народот. {3С 303.1}

„Утредента Мојсеј му рече на народот: 'Тежок грев сторивте; затоа сега ќе се искачам при Господа за да Го молам да ви го прости гревот.' И се врати Мојсеј при Господа и рече: 'Овој народ строи тежок грев, правејќи богови од злато. Но прости им го гревот; ако не сакаш, тогаш и мене избриши ме од Својата книга која ја напиша.' А Господ му рече на Мојсеј: 'Оној кој ми згреши ќе биде избришан од Мојата книга. А сега оди, поведи го тој народ каде што ти кажав. Еве, Мојот ангел ќе оди пред тебе, а кога ќе ги посетам, ќе ги казнам заради нивниот грев.' И Господ удри со помор на народот заради телето што им го направи Арон". {3С 303.2}

Во својата молитва Мојсеј се залагал пред Бога за Израелците кои згрешиле. Тој не се обидувал пред Бога да го намали нивниот грев, ниту за тој грев да најде изговор. Тој отворено и искрено признал дека тие тешко згрешиле, правејќи си себеси богови од злато. Потоа неговата плашливост исчезнува и заради интересот за Израелците кој бил толку блиску проткаен со неговиот живот, истапува пред Бога смело молејќи Го да им го прости големиот грев. Ако нивниот грев е толку голем што Бог не може да им прости, ако нивните имиња мораат да бидат избришани од Неговата книга, тој Го молел Бога и неговото име да биде избришано исто така. Кога Господ го повторил ветувањето дека Неговиот ангел ќе оди пред нив, водејќи ги во ветената земја, Мојсеј знаел дека неговата молитва е услишена. Ако биде предизвикан да ги уништи Израелците поради нивните престапи, Господ строго нагласува дека неминовно ќе ги казни и за овој голем грев. Но ако во иднина бидат послушни, Бог ветил дека ќе го избрише тој голем грев од Својата книга. {3С 303.3}

29. ДО ЕДЕН МЛАД ПРОПОВЕДНИК И ДО НЕГОВАТА СОПРУГА

Драги брате и сестро А, веќе неколку месеци чувствувам дека дојде време да ви пишам за некои детали кои Господ ми ги откри за вас уште пред неколку години. Вашиот случај ми е покажан во врска со уште некои кои мораат да извршат одредена подготовка за да се удостојат за делото на објавување на сегашната вистина. Покажано ми е дека

вам, и на едниот и на другиот, ви недостигаат битни квалификации и, доколку не ги стекнете, со тоа можете да ја загрозите и својата корисност и спасението на сопствената душа. Вие имате недостатоци во карактерот кои неминовно мораат да се отстранат. Доколку на отстранување на тие свои недостатоци не се посветите најодлучно, тие ќе стануваат сè поизразени што ќе се одрази многу неповолно на вашето влијание во делото и конечниот исход ќе биде ваше повлекување од работата на ширење на вистината која толку ви е драга. {3С 304.1

Во визија која ми е дадена за брат Б покажано ми е дека тој има некои многу несреќни црти на карактерот. Својата настрана природа тој не ја потчинувал на неопходната дисциплина. Му било дозволено да се раководи според личното мислење и да го работи само она што му се допаѓа. Нему во голема мера му недостига почит и кон Бога и кон луѓето. Со упорниот и нескршлив дух, тој има многу слаба претстава за вистинската благодарност кон оние кои за него направиле сè што било во нивна моќ. {3С 304.2}

Тој најчесто манифестира крајна себичност. Покажано ми е дека духот на независност, упорност, самоволја, недостаток на почит кон другите, себичност и преголема самодоверба го обележува и карактерот на сестра А. Ако со будна внимателност не ги победи овие недостатоци во својот карактер, таа сигурно нема да седи со Христа на Неговиот престол. {3С 305.1}

Што се однесува до братот А, покажано ми е дека многу поединости спомнати во ова Сведоштво за брат Б се однесуваат и на тебе. Бев насочена кон твојот минат живот. Покажано ми е дека уште од детство си полн со самодоверба, дека си тврдоглав и самоволен, раководејќи се само според сопствените сфаќања. Бидејќи си со така независен дух, многу ти е тешко да се потчиниш на било кој. И кога должноста очевидно ти налага своето мислење и став да го потчиниш на желбите на другите, ти упорно и избувливо истрајуваш во тоа, сметаш дека си целосно компетентен да мислиш и постапуваш во склад со својата волја. Ти ја прифати и засака Божјата вистина, која за тебе значеше и направи многу, но не изврши во тебе потполна промена што е неопходно за усовршување на христијанскиот карактер. Кога почна да работиш во Божјото дело беше поскромен и поподготвен да прифатиш совет и поука. Меѓутоа, штом постигнеш некој успех, твојата самодоверба и духот на независност растат и ти си сè помалку понизен. {3С 305.2}

Набљудувајќи ја работата на брат и сестра Вајт, доаѓаш до заклучок дека би можел многу нешта да ги направиш подобро од нив. Во твоето срце негуваше чувства против нив. Ти по природа си склон кон скептицизам и неверство. Додека ја набљудуваш нивната работа и ги слушаш укорите кои им ги упатуваат на оние кои грешат, ти се прашуваш како сам би поднел толку одредено сведоштво. Одлучувајќи дека тоа не би можел да го примиш, почна да застануваш против нивниот начин на работа и така го отвори своето срце за сомневање, непријателство и љубомора на нив и нивната работа. {3С 305.3}

Во своето срце негуваше предрасуди во поглед на нивната работа. Будно и со големо сомневање следеше, наслушнуваше и присобираше сè што можеше. И бидејќи Бог ти подари извесен успех, почна своето кратко искуство во делото да го изедначуваш со работата на брат Вајт. Си ласкаше себеси дека ти на негово место сето тоа би го направил многу подобро. Стекна многу високо мислење за себе. Мислеше дека твоето

знаење е многу поголемо и подрагоцено отколку што навистина е. Ако имаше само стоти дел искуство во работата, личните напори, грижата, неволјите и носењето на товари и одговорности во ова дело кои ги стекна брат Вајт, ќе можеше подобро да ја сфатиш неговата работа и повеќе ќе беше наклонет да му укажеш сочувство во неговите напори отколку во завист и сомневање постојано да мрмориш против него. {3С 306.1}

Што се однесува до твојата работа на положбата која ја заземаш, би требало да бидеш многу посамокритичен, за со своите постапки да не го предизвикаш Божјото негодување и да го обесчестиш делото на вистината. Би требало во страв и понизност да се запрашаш: „Кој е вреден за ова?" Вистинската причина што двајцата сте подготвени да се сомневате и да ја критикувате работата на брат Вајт е во тоа што знаете многу малку за него. Вашата душа никогаш не ја притискаше товар на некоја голема одговорност, страв и грижа за Божјото дело. Неволите и болката за другите која ја почувствувавте во своето срце се толку незначителни што вие не сте во состојба да цените повеќе отколку што едно десетгодишно момче знае да ги цени грижите, маките и напорната работа на својот грижлив татко. Таквото момче може радосно да минува низ животот бидејќи од лично искуство не ги почувствувал товарите и грижите кои го мачат неговиот татко. Тој дури може и да се чуди на татковото стравување и грижи, сметајќи го сето тоа непотребно. Но кога ќе помине низ животното искуство, кога и сам ќе мора да го носи бремето на животната реалност, тогаш можеби ќе се сети на татковите доживувања и ќе го разбере она што му било толку таинствено во неговата младост; бидејќи низ горчливите животни искуства дошол до драгоцено сознание. {3С 306.2}

Покажано ми е дека се наоѓаш во опасност да се издигнеш над едноставноста на делото сметајќи се себеси најдобар. Мислејќи дека не ти е потребен никаков укор ниту совет, ти зборуваш во своето срце: „Јас сум способен да расудувам, да ја воочам разликата и да се одлучам помеѓу доброто и злото и никој нема право во тоа да ми заповеда. Способен сум сам да одлучувам што треба, а што не треба да работам. Не сум полош од другите. Бог е со мене и ми дава успех во моите напори. Кој има право да се меша во мојот живот?" Кога во визија ми беше покажан твојот случај, слушнав како ги изговараш овие зборови, не пред другите, туку во разговор со сам себеси. Укажувајќи токму на вас двајца, мојот ангел ги повтори следниве зборови: „Ако не се понизите и не бидете како деца, нема да влезете во царството небесно. Кој ќе се понизи како ова дете, тој ќе биде најголем во небесното царство". {3С 306.3}

Покажано ми е дека силата на Божјите деца се наоѓа токму во нивната понизност. Само кога сме мали во сопствените очи, Христос може да биде наша сила и наша правда и да ги благослови нашите напори. Покажано ми е дека Бог сè уште го проверува брат Д. Тој ќе му подари извесен напредок; и ако ја издржи проверката, ако го искористи применият благослов на добро, не припишувајќи го тоа како своја заслуга и не се издига во самодоверба и себичност, Господ и понатаму ќе го благословува, во интерес на Своето дело и слава на Своето име. {3С 307.1}

Видов брате А, дека ти се заканува голема опасност од возвишување, самоправедност, вообразеност и чувства дека си богат и дека ништо не ти треба". Ако не се чуваш од ова, Господ ќе дозволи да продолжиш по својот пат додека твоите слабости не се откријат пред сите. Ќе бидеш доведен во состојба болно да страдаш поради тоа што другите не ги гледаат твоите способности во толку поволна светлина во каква што ти ги гледаш. Покажано ми е дека слабо си подговен да поднесеш голема

благосостојба и некој поголем успех во животот. Само потполното обратување може во тебе да ја изврши онаа промена која ти е неопходна. {3C 307.2}

Покажано ми е дека според својата природа и двајцата сте многу себични. Доколку строго не се чувате од тоа, вие сте во постојана опасност да мислите само на себе. Вие сте склони да мислите и да ги гледате само своите лични интереси и удобности, без оглед колку тоа може да биде непријатно за другите. Остварувајќи ги по секоја цена своите идеи и замисли, вие воопшто не се огледате на планирањата, погледите и чувствата на другите. И едниот и другиот треба многу повеќе да негувате чувство на почит и оглед кон другите. {3C 308.1}

Брате А, ти сметаш дека работата со која се занимаваш е толку значајна што ти е под чест да помагаш и во домашните должности. Кон тие барања немаш никакви склоности. Ти си го запоставувал тоа и во својата младост. Но и тие ситни должности, кои ти толку ги занемаруваш, се битни во формирањето на добро урамнотежен карактер. {3C 308.2}

Покажано ми е дека нашите проповедници, општо земено, пропуштаат да бидат корисни во семејствата чие гостопримство го уживаат. Некои и за тоа време се посветуваат само на проучување, бидејќи таквото занимање не им одговара. Не сфаќајќи дека се од Бога повикани да бидат на благослов на семејството кое го посетуваат, тие се вдлабочуваат само во своите книги и така не стигнуваат да разговараат со членовите на семејството за разни прашања на вистината. Верскиот живот во семејството ретко кога се спомнува. Сето тоа е погрешно. Проповедниците кои не се оптоварени со грижата за издавачката редакција и надзорот над многуте цркви, не би смееле својата работа да ја сметаат толку тешка. Тие треба да покажат најдлабок интерес за членовите на семејствата кои ги посетуваат, а не само да очекуваат ним да им се угодува, додека тие од своја страна со ништо не возвраќаат. Христијанските семејства се чувствуваат обврзани да ги примаат Христовите проповедници, но и проповедниците кои го уживаат нивното гостопримство се исто така должни, прифаќајќи се со задоволство на секоја работа, колку што е тоа можно, да не бидат на товар на своите пријатели. Многу проповедници мислат дека им се должи некое посебно внимание и тоа и го очекуваат, додека таквото угодување често се покажува само штетно, бидејќи ја намалува нивната корисност. {3C 308.3}

Брате и сестро А, престојувајќи кај своите браќа вие најчесто работевте онака како што вам најдобро ви одговара и баравте вам да ви се укажува внимание, без оглед дали тоа им годи на другите или тоа воопшто не им одговара. Вие сте во опасност себе да се направите центар на сè. Со задоволство примате внимание и услуги од другите, додека, поради духовно добро на својата душа, а посебно во интерес на другите, би морале многу повеќе внимание да посветите на оние кои ги посетувате. Со тоа би стекнале поголем углед и би придобиле многу повеќе души за вистината. {3C 309.1}

Брате А, ти имаш посебен дар да ја пренесеш вистината на другите, и имаш многу продорни истражувачки способности на умот; но во својот карактер имаш сериозни недостатоци кои порано ги споменав и кои мораш да ги победиш. Ти занемаруваш многу, навидум мали учтивости кон другите, бидејќи имаш толку високо мислење за себе, така што не ти паѓа на ум дека толку ситни вниманија се очекуваат од тебе. Бог не сака сиот товар да го префрлаш на други, не увидувајќи ја потребата и сам да направиш некои од работите кои некој сепак мора да ги изврши. На проповедникот на евангелието не му е под чест да донесе дрва или вода кога тоа ќе затреба, или да се прифати за било

која неопходна работа во домаќинството чие гостопримство го ужива. Потценувајќи ја важноста на тие мали должности и пропуштајќи да ги изврши, тој самиот се лишува од вистинските благослови, а и на другите им ги скратува добрата кои со право се очекуваат од него. {3C 309.2}

Физичките активности на некои наши проповедници не се соодветни на напорите со кои тие постојано го оптоваруваат својот ум. Поради тоа постојано изгледаат толку слаби и истоштени. Нема вистинска причина проповедниците кои ги извршуваат редовните проповеднички должности поради тоа да го изгубат своето здравје. Нивниот ум не е постојано оптоварен со грижи и тешки одговорности, како што тоа е случај со оние кои сносат одговорности за нашите значајни институции. Покажано ми е дека тие немаат никаква причина или изговор за неуспех во овој толку значаен период на нашето дело, ако внимателно и совесно ја применуваат светлината која им е од Бога дадена во поглед на работата, движењето и правилната исхрана. {3C 309.3}

Некои од нашите проповедници премногу јадат, а не се движат доволно за да ја потрошат огромната енергија која на тој начин ја внеле во својот организам. Тие добро јадат, а потоа најголем дел од своето време, и тоа во седечки став, го минуваат во читање, проучување или пишување, додека би требало барем еден дел од тоа време да го посветат на физичко движење. Ако погрижливо не внимаваат да не го преоптоваруваат својот желудник дури ниту со здрава храна, нашите проповедници сигурно ќе го поткопаат своето здравје. Видов дека вие брате и сестро А, се наоѓате во опасност во овој поглед. Прекумерното земање на храна го попречува слободниот тек на мислите и зборовите и неповолно влијае на срцата на слушателите. Попуштањето на апетитот го замаглува умот и ги затапува светите чувства на душата. Оние кои се склони премногу да јадат, не би смееле да попуштаат на тие свои барања, туку со примена на самооткажување и самосовладување треба да ги сочуваат благодатите на активните мускули и неоптовареният мозок. Прекумерното земање на храна го затапува целото битие, бидејќи за да го свари сето тоа, желудникот одзема енергија неопходна на другите органи. {3C 310.1}

Поради пропустите на нашите проповедници со правилна употреба рамномерно да ги користат сите органи на своето битие, едни од нивните органи страдаат од премореност, а други од неактивност. Ако оптоварувањето дојде само на некој орган или сет на мускули, најмногу користениот орган ќе биде преоптоварен и многу ослабнат. Секоја умна способност и секој мускул имаат одредена улога и сите треба рамномерно да се користат, за со правилна употреба соодветно да ги развиваат и одржуваат во здравје и сила. Во живиот организам на човечкото битие, секој орган има своја задача. Секое тркало од таа машинерија мора да биде живо, активно тркало кое работи. Сите способности на нашето битие влијаат една на друга и сите - со цел на соодветен и правилен развој - треба подеднакво да се користат. {3C 310.2}

Брате и сестро А, ниту еден од вас не наоѓа уживање и задоволство во благодатите на физичката работа во домот. Вие двајцата треба во себе да развивате љубов кон практичните животни должности. Вам ви е неопходно такво воспитување за да бидете поздрави и покорисни во животот. Вие премногу мислите само за тоа што ќе јадете. Продуктите кои даваат слаб квалитет на крвта не би требало ниту да ги допрете, бидејќи двајцата боледувате од туберкулозен оток на жлездите. {3C 310.3}

Брате А, твојата љубов кон читањето, потполната одбивност кон физичките напори и склоноста во говорот да го оптоваруваш само грлото, те прават подложен на заболувања на грлото и белите дробови. Мораш да внимаваш да не зборуваш толку бргу, како дете кое брза што побргу да ја раскаже својата напамет научена лекција. Внимавај во говорот да не ги напрегаш премногу горните говорни органи, бидејќи со постојано напрегање и дразнење на толку чувствителните органи се поставува темел за болести. При зборувањето секогаш треба да се користи и активноста на стомачните мускули. Белите дробови и грлото во формирање на гласот треба да бидат само канали, а не да ги извршуваат сите функции. {3C 311.1}

Покажано ми е дека тебе и на твојата сопруга начинот на кој јадете ќе ви донесе болест, од која - кога еднаш ќе земе замав - нема лесно да се ослободите. Вие можеби тоа со години храбро ќе го поднесувате, не покажувајќи никакви посебни знаци на истоштеност, но причината ќе биде проследена со неминовни последици. Бог нема да направи никакво чудо за вас за да ви го сочува здравјето и животот. Како во поглед на јадењето, така и во поглед на своите умни и физички активности, морате разумно да постапувате, следејќи ја својата просветена совест. Сите наши проповедници треба да бидат искрени и вистински здрави реформатори прифаќајќи ја реформата не затоа што тоа го прават и другите, туку од начело, покорувајќи се на Божјата реч. Бог ни дал голема светлина во поглед на здравствената реформа и од сите бара со почит да ја уважуваме. Тој не ни испраќа светлина за Неговиот народ да ја отфрли или занемари не сносувајќи поради тоа никакви последици. {3C 311.2}

Пионери во нашето дело

Покажано ми е дека ниту еден од вас всушност не се познава себеси. Кога Бог би ве препуштил на непријателот да ве напаѓа со своите искушувања како што го напаѓал Неговиот верен слуга Јов, во вас не би се нашол дух на непоколеблива честитост кој се нашол во Јов, туку дух на мрморење и неверство. Ако се наоѓавте во Батл Крик во текот на болеста на мојот сопруг, кога овдешните членови беа на тешка проба под посебното влијание на сатанската моќ, вие двајцата еднодушно би дишеле со нивниот дух на завист и опаѓање. Заедно со останатите најревно би се труделе еден болен, од грижа сотрен и парализиран човек да го прикажете како престапник поради само еден збор. {3C 311.3}

Вие сте склони своите пропусти и недостатоци да ги покривате со постојано задржување на наводните грешки на брат и сестра Вајт и да ви се пружеше можноста која ја имаа тие во Батл Крик, вие би оделе и подалеку од нив во тој безбожен крстосувачки поход против нас; и бидејќи имате многу помала вера и почит од некои од нив, уште помалку би биле склони да ја цените нашата работа и нашиот повик. {3C 312.1}

Бидејќи, и покрај тажното искуство и проверка на оние кои во своето незадоволство ни завидуваа, изнаоѓаа грешки и мрмореа против нас, од сето тоа не извлековте поука, покажано ми е дека Бог ќе ја искуша вашата верност и ќе ги открие тајните на вашето срце. Вашата недоверба, сомневање, завист и сите ваши слабости ќе бидат изобличени, за да можете сето тоа да го видите и да се запознаете себеси во вистинска светлина - ако тоа го сакате. {3C 312.2}

Видов како прислушувате што зборуваат мажите и жените за нас и како со изразено задоволство собирате неповолни влијанија за нашата работа. Едни изнаоѓаа грешки во едно, други во друго како што израелевите синови мрмореле против Мојсеј кој бил нивен водич. Некои го критикуваа нашиот начин на живеење, зборувајќи дека не сме толку внимателни и умерени како што би требало да бидеме, дека не сме доволно љубезни во однесувањето со другите, дека зборуваме премногу отворено и прекоруваме преостро. Некои, зборувајќи за облекувањето на сестра Вајт, копаа по безначајни ситници. Други изразува незадоволство, по повод извесните постапки на брат Вајт. Така замерките, критикувањето и изнаоѓањето на грешки се пренесувани од усни на усни. Покрај сите такви стои еден ангел кој, иако тие не го гледаат, ревно и верно ги запишува нивните зборови во книгата која еднаш ќе се отвори пред Бога и ангелите. {3С 312.3}

Некои едвај чекаат во животот на брат и сестра Вајт, кои остареа работејќи во Божјото дело, да најдат било што поради што би можеле да ги осудуваат. Некои изразуваат мислење дека сведоштвата на сестра Вајт се несигурни. Тоа е она што го посакуваат многу непосветени. Сведоштвата укоруваат и ја зауздуваат нивната склоност кон суета и горделивост; но да не беше тоа, тие никогаш не би запреле во својата трка по модата и суетата. Бог на сите такви ќе им даде можност да се покажат и да го развијат својот вистински карактер. {3С 312.4}

Пред неколку години покажано ми е дека тука ќе се соочиме со истиот дух кој своевремено се појави во Париз, држава Мејн и кој таму - иако делумно осуетен - никогаш веќе во потполност не е искоренет. Од време на време овој дух на постојано мрморење и бунт се појавува кај некои поединци кои своевремено веќе биле затруени со квасецот на тоа зло кое нѐ следи со години. Сестро А, тој дух ти е својствен и на тебе до извесна мера, и под негово влијание ти формираш свои погледи и сфаќања. Во умот и мислите на сестра Ц постепено се развиваше дух на неверство и лицемерство и сега ниту на неа самата не ѝ лесно да се ослободи од тоа. Тој ист дух кој, Д и останатите во државата Мејн толку долго ги држеше во фанатичка заблуда, спротивставувајќи се на сите настојувања тие да се приведат кон вистината, имаше моќно измамничко влијание на сфаќањата на Е во , а исто така и на тебе. Ти си личност со мирен, но одлучен и непопустлив темперамент на кој непријателот може да влијае и твоето влијание, ако биде негативно, ќе биде проследено со исти резултати како и кај сестра Е, само во уште поголема мера. {3С 313.1}

Чувствата на сомневање, завист и неверување со години сѐ повеќе и повеќе го обземаат вашиот ум. Вам ви е одвратен секој прекор. Пречувствителни сте и штом некој е укорен, во вас се буди сочувство и вие застанувате на негова страна. Таквите чувства не се посветени и не доаѓаат од Божјиот Дух. Брате и сестро А, покажано ми е дека - доколку продолжите со пронаоѓање на туѓи грешки и мрморење, во што се открива оној ист квасец на незадоволство, завист и неверство кој го направи животот на сестра Е и нејзиниот сопруг вистинско проклетство - мораме одлучно да застанеме против тие склоности, не дозволувајќи таков дух да се вкорени во вас; и дека сѐ додека тоа не се развие треба да молчам, бидејќи има време кога треба да се зборува и време кога треба да се молчи. Видов дека доколку работата на братот А е проследена со делумен успех, и ако тој потполно не се обрати, е во опасност да ја загуби својата душа. Тој не ја уважува ниту положбата ниту напорите на другите, ниту манифестира почит кон некого, бидејќи смета дека никој не е подобар од него. {3С 313.2}

Покажано ми е дека искушенијата во поглед на напорите на брат и сестра Вајт постојано ќе се зголемуваат. Нашата работа е посебна и се разликува по својот карактер од сè што останатите работат во ова поле. Бог не повикува проповедници кои служат само со зборови и наука да ја вршат нашата работа ниту нас нè повикува да го работиме само она што е нивна работа. Секој од нас, во извесна смисла, има своја одредена задача. На Бога не му е по волја да ми ги открие тајните на внатрешниот живот и скриените гревови на Својот народ. Дадена ми е тешка должност да го осудувам злото и да ги разоткријам тајните гревови. И кога Божјиот Дух ме поттикна да ги осудам гревовите за кои никој освен сторителите не знаеше ниту дека постојат, тоа ги пробуди природните чувства во срцата на непосветените. Додека некои од срцата се понизија пред Бога и во покајание ги признаа и отфрлија своите гревови, во срцата на другите се роди омраза. Со укорување и осуда на нивните гревови беше повредена нивната горделивост. Наместо да му бидат благодарни на Бога што во Својата милост проговори преку Своето понизно орудие, укажувајќи им на опасностите кои им се закануваат поради нивните гревови, за да ги отфрлат пред да биде предоцна - тие сметаат дека сестра Вајт ги навредува. {3С 314.1}

Некои се подготвени да истражуваат: кој тоа можел да ѝ го каже на сестра Вајт? Некои дури и лично ме прашуваат дали некој ми зборувал за тоа. Јас можев да кажам: Да, да, Божјиот ангел ми го кажа тоа. Но нив всушност ги интересира дали браќата и сестрите ми ги откриле нивните мани. Во иднина нема да ги омаловажувам сведоштвата кои Бог ми ги даде, обидувајќи се со објаснувања да задоволам некои поединци со толку ограничен ум. Ваквите и слични прашања претставуваат навреда за Светиот Дух. Бог сметаше дека е добро да ме стави во положба во која не го ставил никого од нашите редови. Тој положи на мене тешка должност да го укорувам и осудувам гревот, што исто така не им го даде на другите. Мојот сопруг ме поддржуваше во изнесувањето на сведоштвата и го прудружуваше својот глас во упатување на неопходни укори. Тој беше принуден на толку одлучен начин да се спротивстави на духот на неверство и бунт во кој укорените често најдрско застануваа да го поништат секое сведоштво кое јас ќе го изнесев, бидејќи беа погодени и длабоко навредени со дадениот укор. А токму тоа беше Божјата намера за тие да се чувствуваат погодени. Беше неопходно пред своето горделиво срце да се осведочат за својата грешност и да се согласат да се очистат од секое беззаконие. {3С 314.2}

При секој чекор на напредување и успех кој Бог ни го подарил како на Свој народ, меѓу нас имаше и такви кои, како сатански орудија, секогаш се подготвени да се повлекуваат, да сугерираат сомневања и неверство, да подметнуваат препреки на нашиот пат и да ја слабеат нашата вера и храброст. Слично на војниците на фронт, секогаш моравме да бидеме подготвени за борба, подготвени да се пробиваме низ постојаните препреки и спротивставувања. Тоа ја правеше нашата работа десет пати потешка отколку што вообичаено беше. Моравме да бидеме цврсти и непоколебливи како карпа. Таа цврстина беше толкувана како наша бесчувствителност и самоволие. Божја волја никогаш не беше да скршнуваме ниту десно ниту лево за да ги задоволиме барањата на непосветените браќа. Тој бара секогаш непоколебливо да се држиме само до правиот пат. Многумина, тврдејќи дека чувствуваат голем товар на одговорност за нас, сугерираа да тргнеме по овој или по оној пат, спротивно на светлината која Бог ни ја дал. Што би било да се поведувавме по таквата лажна светлина и впечатоците на фанатиците? Сигурно е дека нашиот народ не би имал повеќе доверба во нас. Ние го

подметнавме своето лице како кремен за правда, а потоа ја продолживме верно својата должност. {3С 315.1}

Меѓу нас секогаш имаше поединци подготвени да одат во крајност и да ги пречекоруваат границите на дозволеното. Таквите воопшто немаат утврдена потпора и нанесуваат голема штета на делото на вистината. Има други кои никогаш не можат да заземат цврст и одреден став и не се подготвени за борба кога Бог ќе ги повика Своите верни војници да се наредат во редови и да се најдат на положба. Тие не се подготвени да тргнат во напад на непријателот кога Бог тоа ќе го побара од нив. Тие не преземаат ништо сè додека други не ја извојуваат битката и за нив и извојуваат победа, а тогаш се подготвени да го делат пленот. Колку Бог може да се потпре на таквите војници? Таквите во Своето дело Тој ги смета за кукавици. {3С 315.2}

Ваквите, според она што ми е покажано, немаат никакво лично искуство во борбата против гревот и сатаната. Тие се повеќе склони да се борат против верните Христови војници, отколку против сатаната и неговите војници. Ако, земајќи го на себе сето Божјо оружје, стапеле во борба, би го стекнале она драгоцено искуство за кое токму во борбата им се пружа вистинска прилика. Но тие немаат храброст да се заложат за правда, а понекогаш и да се изложат на ризик во таа борба и да научат како се оди во напад против сатаната и неговите утврдувања. На некои воопшто не им паѓа на ум да се впуштаат во некој ризик или да се изложуваат на било какво откажување. Но некој мора да се изложи на опасност и нешто да рескира во ова дело. Оние кои не се подготвени да рескираат било што или да се изложат на напади, секогаш се подготвени со будно око да ги следат оние кои го носат товарот на одговорности, да ги критикуваат штом ќе им се укаже и најмала можност за тоа и да ги навредуваат. Токму тоа го доживуваат постојано во својата работа брат и сестра Вајт. Тие се постојано изложени на нападите на сатаната и неговите војници, но тоа не е сè. Оние кои според должноста би требало да ги поддржуваат во нивната борба, кога ќе видат како се откажуваат под товарот на претераната работа, често му помагаат на сатаната во неговите напори да ги обесхрабри и ослабне и ако е можно, да ги отстрани од сцената на делото. {3С 316.1}

Брате и сестро А, покажано ми е дека тоа големо внимание, угодување и почит кои луѓето ви ги укажуваат не донесува никакво добро. Во вашата природа не е да покажувате должна почит и внимание на оние ги носат товарите на одговорности и грижи кои Бог ги ставил на нив во Своето дело. Вие двајцата сакате удобен и лесен живот, не сте подготвени за никакви промени ниту за изложување на било какви непријатности. Сакате насекаде и во сè да ви се излегува во пресрет. Премногу држите до себе и имате многу високо мислење за своите достигнувања. Не бевте принудени да ги носите товарите на мачните грижи и одговорности ниту да донесувате значајни и судбоносни одлуки врзани за интересите на Божјото дело, што вообичаено паѓаше на мојот сопруг. Бог го направи советник на Својот народ, за да ги советува и поучува младите советници како што сте и вие самите, во вистината како свои сопствени деца. Кога во понизност ќе ја сфатите својата состојба онаква каква што всушност е, вие ќе бидете подготвени да примате совети. Токму затоа што носевте толку мала одговорност вие не сте во состојба да сфатите зашто брат Вајт сето тоа го чувствува многу подлабоко од вас. Во тоа е разликата помеѓу вас и него во ова прашање. Тој ги посвети триесетте најдобри години од својот живот на Божјото дело, додека вие имате само неколку години искуство и додека вашите тешкотии и неволји не се ништо во споредба со она што тој мораше да го поднесе. {3С 316.2}

Бидејќи оние кои предводеа во ова дело со големи напори ја откриј оваа вистина и ви го ставија во рацете делото во поодминат развој, вие продолживте да работите изнесувајќи ги драгоцените аргументи кои други со неискажани болки и страв ги пронајдоа за вас. Додека за вас се обезбедени изобилство на финансиски средства и редовно примање на својата плата, немајќи никакви причини за грижа во тој поглед, пионерите на делото поднесуваа сиромаштија и лишувања. Без никакво човечко ветување, во сè зависеа од Бога и од неколку искрени поединци кои со сето срце ја прифатија нивната работа. Додека вие сте опкружени со браќа кои ви се наклонети, кои ве помагаат и ги ценат вашите напори, тие први работници во ова дело имаа само неколку пријатели околу себе. Сите би можеле да се набројат за неколку минути. Ние од лично искуство знаеме што значи да се гладува во недостиг на храна и поднесувале студ во недостаток на соодветна облека. Ние поминавме цела ноќ патувајќи со запрежна кола за да ги посетиме своите браќа, бидејќи немавме пари за да платиме преноќевалиште во гостилница. Понекогаш пешачевме со километри, бидејќи немавме можности да платиме превоз. О, колку ни беше драга вистината! Колку драгоцени душите кои се откупени со Христовата крв! {3С 317.1}

Ние не се жалиме поради своите страдања претрпени во тие денови на голема немаштија и неволји кои нè принудуваа да ја практикуваме својата вера. Тоа беа најсреќните денови во нашиот живот. Минувајќи низ страдања и неволји, научивме во едноставноста на верата да се осведочиме колку е добар Господ и во потполност да Му се предадеме. Тој беше наша утеха и потпора. Тој за нас беше спасоносна „сенка" на големата карпа во врелата пустина. Вашата несреќа, брате и сестро, како и повеќето наши млади проповедници е во тоа што не стекнавте слични искуства во лишувањето, сиромаштвото и неволјата. Таквото искуство би вредело многу повеќе отколку куќа и имот, повеќе од злато и сребро. {3С 318.1}

Кога ги изнесуваме своите искуства: како на почетокот на делото, под исклучително тешки услови, во напорна работа и оскудица - издржувајќи се од работата на сопствените раце - ја проповедавме вистината, некои од нашите помлади проповедници кои се во работата само неколку години и немаат такви искуства, тоа ги погодува и ни префрлаат дека се фалиме со сопствените дела. Тоа доаѓа оттаму што тие во својот живот не знаеја за никакви грижи, сиромаштија или самооткажување, така што не знаат како да сочувствуваат со нас и што оваа спротивност не одговара на нивните чувства. Изнесувањето на искуства кои се во толку голема спротивност со нивниот живот придонесува нивната работа да не се појавува во толку поволна светлина како што тие би сакале. {3С 318.2}

Кога го започнавме ова дело, ние двајцата бевме со слабо здравје. Како хроничен диспептичар, мојот сопруг многу страдаше од слабо варење, но ние трипати на ден сесрдно се молевме на Бога да ни подари сила. Мојот сопруг замина да работи на косење на ливади и благодарение на силата која само Бог му ја подари во одговор на нашите молитви, заработуваше пари кои ни беа неопходни за соодветна облека и патни трошоци до една оддалечена држава за да ја однесеме сегашната вистина на своите браќа. {3С 318.3}

Ние имаме право да се повикуваме на своите искуства од минатото, како што тоа го правел и апостол Павле: „Доаѓајќи кај вас бев во оскудица, но не му додевав никому; бидејќи мојата оскудица ја пополнија браќата од Македонија; и во сè се чував себеси и ќе внимавам да не ви бидам на товар. Како што е Христовата вистина во мене, така и

оваа благодарност нема да се земе од мене во пределите на Ахаја”. Во изнесување на своите искуства од минатото, ние се држиме за Павловото охрабрување упатено на еврејските верници: „Сеќавајте се на своите први денови, во кои така просветлени, поднесовте голема борба во страдањата, изложувајќи се од една страна на потсмев и неволји, а од друга, станувајќи соучесници со оние кои го доживуваат истото”. {3C 318.4}

Нашиот живот е нераскинливо поврзан со Божјото дело. Ние немаме никакви други интереси, освен ова дело. И кога го набљудуваме напредокот кој го следи ова дело уште од самиот негов почеток, ширејќи се полека, но сигурно, кога го гледаме успехот на црквата за која со толку мачни напори се залагавме и го жртвувавме речиси и својот живот, кој може да ни забрани да се фалиме во Господа? Нашите искуства, доживеани во ова дело, се многу драгоцени за нас. Ние вложивме сè во тоа дело. {3C 319.1}

Мојсеј бил најкроткиот човек на Земјата, а сепак поради мрморењето на израелевите синови повеќе пати бил принуден да ги изнесува нивните гревови и престапи откако излегле од Египет и да ја докажува исправноста на своите постапки како нивен водач. И пред разделбата со нив, непосредно пред својата смрт, повторно им укажал на нивниот бунтовен дух и постојано мрморење од самото излегување од Египет, нагласувајќи им дека љубовта кон нив го поттикнувала толку да се зазема пред Бога за нив. Им раскажал како силно му се молел на Господа да го пушти преку Јордан во ветената земја, „но Господ беше гневен на мене поради вас и не ме услиши”. Изнесувајќи им ги нивните гревови Мојсеј рекол: „Бевте непокорни на Господа од кога ве познавам”. Тој им кажувал колку пати се застапувал пред Бога во понизност и болка на душата заради нивните гревови. {3C 319.2}

Божја замисла била Мојсеј често да ги потсетува израелевите синови на нивните престапи и бунтови за, увидувајќи ги своите гревови, да се понизат пред Бога во искрено каење. Негова волја не била тие да ги забораваат своите заблуди и гревови со кои го предизвикале Неговиот оправдан гнев против себе. Повторувањето на нивните престапи и неблагодарноста за Божјата милост и добрина кон нив, не било пријатно за нивните чувства. Но Бог, иако тоа не им одговарало, наредил така да се направи. {3C 320.1}

Покажано ми е дека Бог на толку млади луѓе како што сте вие, со само неколку години оскудно искуство во делото на сегашната вистина, нема да довери големи одговорности ниту водење на Неговото дело. Таквите треба да бидат многу внимателни да не ги спротивставуваат своите ставови со расудувањето и мислењето на оние кои имаат зрело искуство, кои со својот живот се неразделно врзани за Божјото дело, и кои учествуваат активно во него од неговите скромни почетоци, скоро онолку години колку што вие имате. Луѓе со толку малку искуство, а со толку самодоверба, Бог нема да ги избере да предводат во ова свето и значајно дело. Тоа би било многу ризично. Луѓето кои толку малку учествуваа во поднесувањето на страдањата, неволјите, спротивставувањата и лишувањата, кои требаше да ги издржат за делото да го достигне сегашното ниво, треба многу да внимаваат на себеси. {3C 320.2}

Младите луѓе кои денес се посветуваат на делото на проповедање на вистината треба во своето срце да негуваат дух на скромност и понизност. За да не доживеат пораз, треба строго да се чуваат од самоиздигнување. Тие ќе бидат одговорни за светлината на вистината која денес току јасно ги осветлува. Покажано ми е дека Бог со негодување

гледа на оние кои мрморат против пионерите на ова дело кои за нив ги извојуваа најтешките битки и поднесуваа толку многу од самиот почеток, кога работата беше исклучително тешка. {3C 320.3}

Бог ги цени искусните работници кои храбро се бореа под бремето на најтешките околности кога имаше толку малку од оние кои сакаа и можеа да помогнат и Тој ревно се грижи за оние кои ја докажаа својата верност. Подготвеноста да им се изнаоѓаат грешки и недостатоци на Божјите слуги кои остареа подигајќи го делото на сегашната вистина, го предизвикува Божјото негодување. Бидете сигурни, млади соработници, дека вашите префрлања и мрморења против тие верни луѓе, ќе сведочат против вас на денот на Божјиот суд. Сè додека Бог не стави на вас товар на поголеми одговорности, не се потпирајте независно на својот сопствен суд и не прифаќајте одговорност за која не сте дораснати. {3C 320.4}

Драги брате и сестро А, вам ви е неопходно да негувате дух на понизност, постојана будност и ревност во молитвата. Што повеќе во својот живот ќе му се приближите на Бога, толку појасно ќе ги видите своите слабости и опасности кои ви се закануваат. Реалната и јасна претстава за Божјиот закон и Христовото дело на страдање ќе ви овозможи подобро да се запознаете сами себеси и да ги увидите сите недостатоци во својот карактер. Накратко, вам, и на едниот и на другиот, ви е неопходно секој ден во лично одржување на врска со Бога да дознаете што е Неговата волја за вас. Кога ќе ги увидите своите големи недостатоци во духовен поглед, ќе го сфатите фактот дека човечката изопаченост, која Божјата реч ја опишува, се одразува и во вашиот живот. Двајцата сте полни со фарисејски дух и ви се заканува опасност своеволно да останете во страшна темнина во поглед на својата вистинска положба пред Бога. {3C 321.1}

Вие двајцата треба посериозно да ги сфатите должностите кои ве очекуваат во сите животни прилики и меѓучовечки односи. Вие занемарувате многу од своите должности и кон Бога и кон луѓето. Неопходно ви е многу подобро да се запознаете себеси. Непознавањето на сопственото срце ве наведува толку лесно да преминувате преку неопходноста од секојдневно животно искуство во богоугоден живот. Вие до извесна мера ја превидувате и неопходноста од постојано божествено влијание во својата работа - што е толку значајно во Божјото дело. Ако занемарувајќи го сето ова продолжите во својата самодоверба и вообразеност, ќе бидете препуштени да се сопнувате и да правите големи грешки. Духот на понизност и зависност е она што вам ви недостига и што треба постојано да го негувате. Оној кој е свесен за сопствената слабост секогаш гледа над себе и знае колку му е неопходна помош од небото. Божјата милост го наведува во себе постојано да негува дух на благодарност. Оној кој најдлабоко е свесен за сопствената слабост знае дека бунтовничката непокорност на срцето може да се победи само со Божјата неспоредлива благодат. {3C 321.2}

Свеста дека во својот карактер имате не само силни, туку исто така и слаби точки, треба постојано да ве чува да не се впуштате во такви потфати или одговорности кои Бог никогаш не ви ги наменил. Своите постапки и својот живот никогаш не треба да ги мерите според човечки мерила, туку со мерилото на должноста откриено во Библијата. Брате и сестро А, вие треба за себе лично да извршите едно дело, за чија неопходност и не сонувате. Вие со години негувате искушенија, негувајќи завист и љубомора во однос на нас и нашата работа. Тоа не му е на Бога по волја. Вие можете да тврдите дека верувате дека сведоштвата се од Бога дадени, но сè повеќе ве обзема сомневање дека суштинската содржина на истите е навистина од Бога. {3C 322.1}

Брате А, твојата работа на придобивање на душите би била многу поуспешна доколку посветеше внимание на практичната примена како и на теоретското излагање, доколку вистината која ја проповедаш практично ја применуваше во своето срце и во својот живот. Неопходна ти е силна поддршка одозгора. Премногу се потпираш на своето опкружување и зависиш од тоа. Кога гледаш пред себе голем број на слушатели, ти се воодушевуваш и добиваш волја и желба да зборуваш. Но кога бројот на слушателите е помал, твоето воодушевување исчезнува и ти ја губиш волјата и храброста за работа. Очевидно нешто ти недостига. Не се потпираш доволно на Бога. Христос изнел некои од позначајните вистини во Своето учење во разговорот со една Самарјанка која дошла да наполни вода, додека Тој, изморен од патот, седел крај изворот за да се одмори. Извор на живата вода е Тој. Изворот на таа чудотворна вода мора да биде и во нас, за нејзиното освежувачко дејство да биде вистинско освежување за оние кои се во сферата на нашето влијание. {3С 322.2}

Христос настојувал да им пријде на луѓето секаде каде што ќе ги сретнел - на прометните градски улици, во приватните домови или на брегот на езерото. Напорно работел во текот на целиот ден, проповедајќи на насобраното мноштво и исцелувајќи ги болните кои Му ги донесувале; а често - велејќи им на Своите слушатели да се вратат во своите домови со цел да се одморат, сам ја минувал цела ноќ во молитва, за наутро повторно да се врати на Својата напорна работа. О, брате и сестро, за самооткажувањето и самопожртвувањето поради Христа и поради вистината вие всушност не знаете ништо. Би морале многу повеќе да се потпирате на Бога, а помалку на своите лични способности. Вие треба да бидете сокриени во Христа. {3С 322.3}

Брате А, ти си склон во прекорувањето да бидеш преостар и во поглед на поединците да создаваш сопствени заклучоци, особено ако на некој начин ги попречуваат твоите планови; и во зависност од тоа во каква светлина ги гледаш, понекогаш непоштедно ги напаѓаш. Во однесувањето со луѓето ти воопшто не си чувствителен, благ и учтив како што беше твојот Пример. Ти треба да ја ублажиш својата природа, да станеш полубезен, манифестирајќи во многу поголема мера непристрасност и човекољубие. Со сесрдна молитва и жива вера треба во душата многу поблизу да се врзеш со Бога. Секоја молитва упатена со вера го издигнува молителот над обесхрабрувачкото делување на сомневањето и човечките страсти. Молитвата ни дава сила секогаш одново да се фаќаме во костец со силите на темнината, за трпеливо да ги поднесуваме сите свои неволји и потешкотии како добри Христови војници. {3С 323.1}

Сè додека, наместо во вера, излез бараш во своите сомневања и стравувања или се обидуваш да пронајдеш решение за сè што можеш јасно да сфатиш, твојата збунетост ќе биде само уште подлабока и подлабока. Ако пак во чувство на потполна беспомошност и зависност, му се обратиш на Бога, доверувајќи ги во молитва своите потреби и неволји на Оној Кој во Својата семоќ гледа сè и по Својата волја владее и управува со сè што создал, Тој кој може да ја слушне твојата молба, ќе ја осветли твојата душа и сè отколку тебе; бидејќи искрената молитва ја поврзува душата со срцето на Семоќниот. Можеби веднаш нема да забележиш видливи докази како лицето на твојот Спасител во сочувство и љубов се наведнува над тебе, но тоа е токму така. Можеби нема да го почувствуваш на себе Неговиот видлив допир, но Неговата рака во љубов и нежна сомилост е сепак над тебе. {3С 323.2}

Вие двајцата сте му драги на Господа, и Тој сака да ве спаси преку изобилството на Својата сила за спасение. Но тоа не се остварува онака како што вие замислувате, туку на оној начин кој Бог го одредил. Морате да ги прифатите условите поставени во Светите Списи, а Бог ќе ги исполни Своите ветувања исто толку сигурно како што е сигурен и самиот Негов престол. Не смееш, брате мој, да застануваш против укорите и опомените само затоа што пораките и опомените кои Бог ги упатува на Својот народ се толку понижувачки и болни за непропородената човечка природа. Секој ден треба да умираш во себе и да го распнуваш своето „јас". {3С 323.3}

Според светлината која Бог ми ја даде во визија, беззаконието и заблудите сè повеќе земаат замав дури и меѓу народот кој тврди дека ги држи Неговите заповеди. Духовната остроумност: гревот да се види онаков каков што е, и потоа да се истреби од црквата, е сè помалку меѓу Божјиот народ; додека духовното слепило сè повеќе зема замав. Недвосмисленото (отвореното) сведоштво мора повторно да оживее, и тоа ќе ги издвои од Израел оние кои секогаш војуваа против орудијата кои се од Бога одредени за да се одржува црквата чиста. Сè она што е погрешно мора да се нарекува погрешно. Тешките гревови мораме да ги наречеме со своето вистинско име. Сите припадници на Божјиот народ треба поблиску да се доближат до Бога и да ги исперат облеките на својот карактер во крвта на Јагнето; дури тогаш ќе бидат во состојба да го видат гревот во неговата вистинска светлина и да сфатат колку истиот е одвратен во Божјите очи. {3С 324.1}

За нашите прародители, кога биле искушувани дека ја престапуваат Божјата заповед со еден мал чин - земајќи од забранетото дрво плод кој бил толку пријатен и за окото и за вкусот - тоа изгледало сосем безначајно. Тоа за престапниците, била само една мала и безначајна постапка, но тие со тоа ја прекинале својата поданичка верност на Бога и отвориле брана на изобилство на несреќи и зла која го преплавила светот. Кој може во моментот на искушение да ги согледа сите страшни последици од само еден погрешен и непромислено преземен чекор! Сигурни можеме да бидеме само тогаш ако Божјата благодат во секој момент претставува заштита за нашиот духовен вид - јасно да ја воочуваме разликата помеѓу доброто и злото. Без никакво притеснување или расправање мораме будно да ги чуваме приодите на душата против злото. {3С 324.2}

За вечниот живот мораме одлучно да се бориме. Само со истрајни напори, строга дисциплина и жестоки судири можеме да излеземе како победници. Но ако со трпение и одлучност, во име на Оној Кој поради нас извојувал победа во пустината на искушението, победиме како што победил и Тој, нè очекува вечна и непроценлива награда. Нашите напори, нашето самооткажување и нашата истрајност мораат да бидат соодветни на непроценливата вредност на она по што копнееме. {3С 324.3}

Ти не би смеел да си дозволиш себеси, поведувајќи се по личната наклонетост, да ги земаш во заштита укорените престапници само затоа што ти однадвор не гледаш причини за осуда. Но Бог гледа; Тој ги чита побудите и намерите на душата. Те преколнувам во име на нашиот Господ, Кој нè повикал и ни одредил должност, не мешај ги своите раце во тоа, и дозволи ни да ја извршиме задачата која сам Бог ни ја доверил. Изрази на наклонетост и сочувство упатувај им на оние кои тоа навистина го заслужуваат - кои со Божјиот Дух се принудени да му укажуваат на Божјиот народ на неговите престапи и на гревовите на израелскиот народ. Заблудата и гревот во овие последни денови повеќе и полесно се прифаќаат отколку вистината и правдата. Од војниците на

Христовиот крст со право се очекува, земајќи го на себе сето Божјо оружје, да ги растеруваат облаците на моралната темнина која ја преплавува свеста. {3С 325.1}

Бог сака и на едниот и на другиот од вас да ви подари драгоцени победи, ако во потполност Му се предадете и Му дозволите Неговата благодат да ги разнежи и потчини вашите горди срца. Вашата самоправедност пред Бога нема никакви вредности. Ништо не може да се постигне со сила, ниту со дух на избувливост. Злото не може да се искорени ниту карактерот може да се реформира во неколку слаби и само повремено преземени напори. Посветувањето не е дело за еден ден или една година, туку траен процес на духовна активност во текот на целиот живот. Без трајни напори и постојана активност не може да се постигне никаков напредок во богоугодниот живот ниту да се стекне победнички венец. Нашето дело наскоро треба да излезе на суд пред Бога и многу е опасно да се раководиме во работата според својата мудрост и лично расудување. Во духот на самодоверба со која двајцата сте обземени, вие не би биле среќни дури ни на небото, бидејќи таму сите се подготвени на послушност и потчинување, па дури и највозвишените ангели. На вистинска послушност и потчинување вие допрва треба да се учите. Преку Божјата благодат двајцата морате потполно да се промените. {3С 325.2}

Сестро А, според она што ми е покажано, мораш сериозно да се чуваш пред својот сопруг да не ја отвораш вратата на искушенијата која потоа нема да можеш да ја затвориш колку и да сакаш. Многу е полесно да се пушти непријателот во своето срце, отколку подоцна да го избркаме кога веќе еднаш ќе се зацврсти. Ти си горда и многу навредлива, затоа мораш повеќе да се приближиш кон Бога и најсердно да бараш благодат, божествена благодат, за да можеш да поднесуваш неволји како добар војник на Исуса Христа. Бог ќе ти биде помошник ако за сила му се обраќаш само Нему. Двајцата треба посердно да Му се посветите на Бога. Единствен начин да останете понизни во стражарењето е да стражарите во молитва. Ниту за момент не смеете да се опуштите, мислејќи дека можете лесноумно да се оддавате на задоволства и уживање. Христовиот живот е наш Пример. Тој бил страдалник кој поднесувал страдања и неволји. Бил рануван и изложен на удари. Вие премногу се задоволувате со сегашната состојба. Морате будно и постојано да стражарите над себе за сатаната да не ве измами со своето лукавство, да го изопачи вашето сфаќање и да ве заведе во темнината на недоследноста. Вашата будност треба да ја карактеризира дух на понизност и постојана зависност од Бога. Будноста не се огледува во манифестирањето на горделивост и самодоверба, туку во длабоко чувство на сопствената слабост и детската доверба во Бога и во Неговите ветувања. {3С 325.3}

Во споредба со околностите кога почнавме со објавувањата на оваа порака, кога бевме толку малку и кога многумина нè сметаа за фанатици - денес објавувањето на пораката е лесна и пријатна задача. Оние кои го носеа товарот на одговорности за ова дело во деновите на неговото појавување и првите успеси, знаат какви судири, маки и душевни страдања мораат да поднесуваат. Тоа беше товар од кој не се ослободуваа ниту дење ниту ноќе. На одмор или некаква угодност не ни помислуваа, дури и кога беа притиснати од страдање и болест. Краткиот период бараше постојана активност, а работници имаше толку малку. {3С 326.1}

Често - кога се наоѓавме во тешка и безизлезна положба - поминувавме цела ноќ во најсердни молитви и солзи, барајќи од Бога помош и светлина за да ја разбереме Неговата реч. И кога дојде светлината и ги растера мрачните облаци на неизвесност,

каква радост, благодарност и среќа тоа донесуваше на загрижените и сесрдни истражувачи на вистината! Нашата благодарност кон Бога беше исто толку голема и потполна како и нашата сесрдност во трагањето по светлината. Понекогаш срцата ни беа толку совладани со љубов и благодарност кон Бога, така што не можевме да заспиеме цела ноќ. {3С 326.2}

Оние кои сега одат да ја проповедаат вистината имаат подготвено сè и тие не мораат да се изложуваат на оскудица и откажување кои мораа да ги поднесуваат првите поборници на вистината. Пораката, како алка во синџир, беше објавувана постепено, дел по дел, сè додека не се сконструира совршено поврзан синџир на јасно откриените вистини. Беше неопходно многу длабоко и внимателно истражување за вистината да заблеска во хармонија. Огорченото и одлучно спротивставување ги поттикнуваше Божјите слуги често да Му се обраќаат во најсесрдни молитви и ревно да ги проучуваат Светите Списи. Светлината до која доаѓаа на тој начин за нив беше навистина драгоцена. {3С 327.1}

Покажано ми е дека причината што некои не се во состојба да увидат што е правилно се наоѓа во тоа што тие практично го поддржуваат непријателот, кој работи паралелно со нив, додека тие воопшто не ја увидуваат неговата моќ. Понекогаш изгледа многу тешко трпеливо да се чека сè додека сам Бог не застане во одбрана на правдата. Но ако го загубиме трпението, ќе ја загубиме и неминливата награда. Како верни работници на големата Божја нива, често мораме да сееме со солзи, а сепак да бидеме трпеливи и полни со надеж. Мораме да бидеме подготвени на тешкотии и неволји. Искушенијата и мачните напори можат да ни ја натажат душата, но - за на крајот да жнееме со радост - мораме трпеливо да чекаме во надеж. Во завршната победа на Своето дело Бог нема да има место за оние кои ги немало никаде во деновите на опасност, кога својата сила, храброст и влијание треба да ги употребат во борба против непријателот. На оние кои стојат како верни војници во борба против злото и во одбрана на правдата, војувајќи со „поглаварите и власта и со управителите на темнината на овој свет, со духовите на пакоста под небото," Христос на крајот ќе им упати зборови на пофалба: „Добро завршено, добар и верен слуго, влези во радоста на својот Господар". {3С 327.2}

Совесното упатување на опомени и укори и строгата исправност во постапувањето со укорените, никогаш не се попотребни отколку денес. Симнат од небото, сатаната работи со голема сила знаејќи дека има многу малку време. Тој го преплавува светот со примамливи измислици, а и Божјиот народ со задоволство слуша пријатни и слаткоречиви излагања. Покажано ми е дека Божјиот народ би морал да преземе поодлучни напори за да ја растера духовната темнина која сè повеќе се шири. Строгото делување на Божјиот Дух денес е попотребно од кога и да е. Мораме да се тргнеме од својата замреност. Мораме да се пробудиме од духовната затапеност која се заканува да нè уништи, ако не ѝ се спротивставиме. Сатаната се бори со сите сили да загосподари со човечкиот ум. Опасноста да се најдат на страната на темнината им се заканува и на проповедниците и на народот. Никој не може да остане неутрален. Мораме одлучно да се определиме за доброто или за злото. Христос вели: „Кој не е со Мене, против Мене е; и кој не собира со Мене, растура". {3С 327.3}

Секогаш ќе се најдат поединци кои сочувствуваат со престапниците и ги земаат во заштита. И сатаната имал соучесници на небото и повлекол со себе голем број на ангели. Бог и Христос со небесните ангели биле на една страна, а сатаната на друга. И покрај

бескрајната сила и височеството на Бога и Христа, многумина од ангелите изразувале незадоволство и преминале на страна на непријателот. Наседнувајќи на сатанското лукаво дошепнување, тие навистина поверувале дека Таткото и Синот се нивни непријатели, а дека сатаната е нивен добродетел. Иста таква моќ да завладее со умот - само сто пати зголемена со вековното искуство - тој манифестира и денес. Мажите и жените се многу често измамени и заслепени од неговото измамничко дошепнување, а за тоа воопшто и не се свесни. Давајќи им место на сомневањата и неверството во поглед на Божјото дело и негувајќи чувства на недоверба и горчлива завист, тие само го подготвуваат патот на сатаната за потполно да ги заслепи. Тие огорчено застануваат против оние кои се осмелуваат да зборуваат за нивните заблуди и да ги разоткријат нивните гревови. {3С 328.1}

Оние кои во Божји страв се осмелуваат совесно да застанат против гревот и злото, нарекувајќи го гревот со неговото вистинско име, само извршуваат една непријатна должност поради која и самите мораат многу да страдаат. На таквите малкумина од нив им укажуваат љубов и благодарност, додека од повеќето се презрени и занемарени. Сите оние кои ги сожалуваат и ги земаат во заштита укорените, се наоѓаат на страна на злото и му помагаат на сатаната во неговите напори да ги осуети Божјите намери. {3С 328.2}

За непрепородената човечка природа укорите секогаш претставуваат навреда. Со своето немудро манифестирање на сочувство кон укорените, многумина погубно влијаат на душите на таквите; бидејќи кога браќата им укажуваат такво сочувство - заклучок на укорените - е дека мора навистина да им е направена неправда и дека укорот е неоснован и даден во лош дух. Единствена надеж за грешниците во Сион е потполно да увидат, искрено да признаат и да ги отфрлат своите гревови. Оние кои настојуваат да го ублажат од Бога упатениот укор, зборувајќи дека и оној кој укорува е делумно виновен, дека укорот не е даден на најдобар начин, го работат токму она што го сака непријателот. Секој начин кој сатаната може да го измисли за да ги направи укорите неделотворни, ги остварува неговите намери. Некои, обвинувајќи го оној кој само ја пренесува од Бога испратената порака на опомена и укор, зборувајќи дека тоа е премногу строго, на тој начин и сами ќе станат одговорни за душата на престапникот кој Бог сака да го спаси и кому му го упатил укорот токму затоа што Го љуби. Целта е престапникот да се понизи пред Бога и да ги отфрли своите гревови. Тие лажни добродетели наскоро ќе мораат да одговараат пред Бога за своите смртоносни дела. {3С 329.1}

Многумина кои тврдат дека веруваат во вистината се потполно слепи за опасностите кои им се закануваат. Беззаконието кое го негуваат во своето срце тие практично го манифестираат во животот. Оние кои се наклонети на таквите, бидејќи не можат да ги читаат нивните срца, често мислат дека тие во потполност исправни. {3С 329.2}

Блек Хок, држава Колорадо,
август 1873.

30. НЕЗДРАВО ФАНТАЗИРАЊЕ

Драга сестро Ф, покажано ми е дека тебе ти е неопходно потполно обратување. Ти ја прифати вистината, но не ги прими благословите кои вистината ги донесува со себе,

затоа што нејзината преобразувачка сила не си ја искусила во личниот живот. Ако делото на благодатта не изврши поцелосна промена во твоето срце и ако својата волја не ја потчиниш на Христовата волја, се наоѓаш во опасност да го загубиш и овој и идниот живот. {3С 329.3}

Ти сега не си на вистинскиот пат за да го најдеш оној мир и среќа кој вистински понизниот верник - подготвен да го понесе крстот - сигурно може да го најде. Ти носиш изразен белег на татковиот карактер. Многу си склона кон себичност, па иако ти не го увидуваш тоа, сепак тоа е вистина. Мислиш само на своите лични интереси; како да си угодиш себеси, како да се дофатиш за она што најмногу ти се допаѓа, не водејќи сметка воопшто за среќата на оние кои се околу тебе. Во барање на среќата одиш по потполно погрешен пат. Среќата може да се најде само во совесно извршување на должностите и во заборав на себе. Сè додека мислиш само за себе, не можеш да бидеш вистински среќна. {3С 329.4}

Својата од Бога одредена задача во животот ти не ја прифаќаш со радосно срце. Ти ги запоставуваш обичните и едноставни должности кои се наоѓаат непосредно пред тебе, а во мислите постојано се занесуваш со некое повозвишено занимање кое – како што ти замислуваш - повеќе би одговарало на твојот вкус и би ја пополнило празнината во твојот живот и пустошот во твојата душа. Во тоа неминовно ќе се разочараш. Делото кое Бог ти го намени се состои во обичните, секојдневни должности на животот кои се наоѓаат секаде околу тебе - за едноставните должности на семејниот живот да ги извршуваш радосно, не само механички, туку тоа да го работиш и со срце и со раце. {3С 330.1}

Ти и не се трудиш да ги усреќуваш другите. Ти воопшто не воочуваш колку има делумно безначајни работи во секојдневниот живот кои би можела да ги извршиш, колку ситни вниманија со кои би можела да ги израдуваш своите родители и останатите членови на семејството. Постојано се занимаваш со мислата дека е доблест да се одвоиш од семејството и да се затвориш во сама себеси, да размислуваш само за својот несреќен живот, да собираш трње и да наоѓаш задоволство во тоа сама себе да се рануваш со тоа трње. Својата навика да се оддаваш на толку нездраво фантазирање мораш да ја прекинеш. Твоите должности остануваат незавршени. Оддавајќи се на тие несреќни мисли ти ги запоставуваш должностите и работите кои мораше да ги извршиш за на другите да им го олесниш носењето на животното бреме. Ти не се познаваш сама себеси. Прифати ги твоите должности! Пробуди се и врати се на своите запоставени обврски. Откупи го минатото со идна сесрдност. Прифати ги обврските кои се непосредно пред тебе; и во верното исполнување на должностите ќе заборавиш на себе и нема да имаш време со тоа нездраво фантазирање да се правиш себеси толку незадоволна и несреќна. {3С 330.2}

Речиси сè во христијанскиот живот ти мораш да научиш одново. Не се подобруваш толку брзо како што би можела и морала ако сакаш да стекнеш вечен живот. Сега изградуваш карактер кој ќе ти овозможи влез во небото, или пак засекогаш ќе те исклучи од него. Во своите мисли ти си толку обземена со себе што не сфаќаш реално што мораш да преземеш за да станеш вистинска следбеничка на кроткиот и понизен Спасител. Ти потпоплно ги занемаруваш своите домашни должности. Наместо во семејството да бидеш благослов и светлина за своите блиски кои те опкружуваат, ти си за нив како сенка на некој мрачен облак. Секогаш си лута, нерасположена и несреќна, иако за тоа немаш никаква вистинска причина. Не беше будна за да видиш што можеш да направиш

за да ја растовариш својата преоптоварена мајка и на колку начини би можела да бидеш вистински благослов за своите родители. Од своите родители и сестри постојано очекуваш да ти помагаат за да бидеш среќна, да работат место тебе, додека твоите мисли се вечно сосредоточени само на тебе и на твоето „јас". Божествената благост не е во твоето срце, иако постојано се лажеш со мислата дека постојано напредуваше во познавањето на Неговата волја. {3С 331.1}

Со задоволство се впушташ во разговор со оние кои не припаѓаат на нашата вера, иако не си во можност на разумен начин да им ги изнесеш причините и темелите на нашата вера. На тој начин не ја прикажуваш сегашната вистина во вистинска светлина и така на делото му нанесуваш повеќе штета отколку корист. Ти треба помалку да зборуваш за доказите на нашата вера, а повеќе да ја проучуваш Библијата. Твоето однесување најдобро покажува колку вистината влијаела на твоето срце и твојот живот. Со тоа можеш да постигнеш многу повеќе отколку ако само зборуваш, додека во многу нешта ти недостига вистинска верност. {3С 331.2}

Ако не барајќи удобност, задоволство и уживање само за себе - повеќе се угледуваше на примерот на нашиот Откупител, полн со самооткажување и самопожртвуваност, Кој секогаш копнееше само други да благослови и усреќи, и ти со своето влијание би можела да послужиш на благослов на другите. Додека се наоѓаме во друштво или во своето семејство, во еден потесен или поширок круг, ние на многу различни начини можеме да го признаеме нашиот Господ, или можеме да се откажеме од Него. Можеме да се откажеме од Него со своите зборови, превртливост и спротивставување на вистината. Со своите зборови ние често и не сакајќи признаваме дека Христос не е во нас. Од Христа можеме да се откажеме и во својот карактер: со барање на недозволени уживања и лична удобност, со одбегнување на животните должности и одговорности кои во тој случај мора наместо нас да ги преземе некој друг. Исто така од Христа можеме да се откажеме и со својот начин на облекување, прилагодување кон светот или несоодветно однесување. Можеме да се откажеме од Него и со претерано истакнување на сопственото мислење и копнеж по секоја цена да се оправдаме себеси. Исто така, можеме да се откажеме од Него и со потполно оддавање на болната сентименталност и постојаното задржување над нашите тешки животни околности и неволји. {3С 331.3}

Никој не може вистински да го исповеда Христа пред светот ако Христовиот ум и дух не живеат во него. Невозможно е да се пренесува на другите она што самите не го поседуваме. Нашите разговори и нашето однесување треба да бидат реален и видлив одраз на благодатта и вистината кои се наоѓаат во нас. Ако срцето е посветено, потчинето на Бога и понизно, плодовите од тоа ќе се видат и однадвор и со тоа најуспешно ќе Го исповедаме Христа. Исповедањето само со зборови не е доволно. Ти, драга моја сестро, мораш да имаш нешто повеќе од тоа. Ти сама себе се лажеш. Твојот дух, твојот карактер и твоите постапки не сведочат за понизноста, самооткажувањето и љубовта. Во исповедање на верата ти можеш многу да зборуваш за љубовта и понизноста, но ако во своето секојдневно однесување не се одразува влијанието на Божјата благодат, тогаш немаш удел во небесниот дар. Не се откажа од сè поради Христа, не Му ја предаде Својата волја и сè што ти е најдраго за да станеш Негова ученичка. {3С 332.1}

Ти грешиш и се откажуваш од својот Спасител, задржувајќи се постојано на мрачни претпоставки и натрупувајќи во себе и реални и вообразени тешкотии. Ти веќе денес се

оптоваруваш со тешкотиите на утрешниот ден, го загорчуваш сопствениот живот и со измислени проблеми, како некои темни облаци, го замрачуваш хоризонтот и на сите околу себе. Драгоценото време на милост кое Бог ти го дава за да правиш добро и да се обогатиш во добрите дела, ти го користиш многу немудро занимавајќи се постојано со мрачни мисли и градејќи кули во воздух. Ти ѝ дозволуваш на својата фантазија да се занимава со прашања кои не можат да ти донесат никакво растоварување ниту среќа. Твоето нездраво фантазирање претставува за тебе најсериозна препрека во стекнување на здраво духовно искуство, во побожниот живот и во моралната оспособеност за подобар живот. {3С 332.2}

Божјата вистина прифатена со срце, може да те направи мудра за спасение. Верата во вистината и нејзината практична примена во животот донесува доблести неопходни за извршување на секојдневните должности и поднесување на секојдневните тешкотии. Да се бара благодат за утрешниот ден не е неопходно. Мораш да сфатиш дека денот за кој треба да се грижиш е денешниот. Бори се да бидеш победник денес; откажувај се од себе денес, стражари будно во молитва денес. Околностите во кои живееме, нашата околина, промените кои секој ден се случуваат околу нас и пишаната Божја реч, која има одговор за сè - ни пружаат доволно поуки што ни е должност и што треба да работиме од ден на ден. Наместо постојано задржување на мислите од кои немаш никаква корист, ти треба секој ден да ги истражуваш Светите Списи и да ги извршуваш своите секојдневни должности кои можат да ти изгледаат здодевни, но кои некој мора да ги изврши. {3С 333.1}

Убавините на природата со својот јазик постојано зборуваат на нашите сетила. Срцето кое е отворено за надворешни впечатоци може да биде импресионирано од Божјата љубов и Неговата слава, која е откриена во делата на Неговите раце. Увото подготвено да слуша може да ја слушне и да ја разбере пораката која Бог ни ја испраќа преку природата. Во зраците на Сонцето и во разните појави во природата кои можеме да ги набљудуваме со својот поглед, се кријат значајни поуки за нас. Зелените полиња, високите дрва, пупките и цвеќето, облаците во минување, жуборењето на потокот, сонцето, месечината и ѕвездите на небесниот свод - сето тоа го привлекува нашето внимание, нè наведува на побожно размислување и нè повикува подобро да се запознаеме со Бога, Кој е Творец на сето тоа. Разните појави кои можеме да ги видиме во природата содржат за нас значајни поуки: природата се покорува на волјата на својот Творец, никогаш и во ништо не Го негира и никогаш не одбива да се потчини и на најмалото навестување на Неговата волја. Само паднатите човечки суштества одбиваат во целост да се потчинат на Оној Кој го создал сето тоа. Нивните зборови и постапки се во постојано непријателство со Бога и се спротивставуваат на начелата на Неговото владеење. {3С 333.2}

Твоите мисли не се возвишени. Во светот на природата има толку многу нешта што можат да предизвикаат љубов и обожавање кон Создателот. Има толку поттикнувања за позитивни размислувања, а не да се вовлекуваш во себе, задржувајќи се само на разочараните надежи и изопаченото фантазирање. Не се впуштај со задоволство во разговори со неверниците и во полемика со оние кои се спротивставуваат на нашата вера, бидејќи за тоа не си подготвена со темелно познавање на Светите Списи. Го запостави проучувањето на Библијата. Најдобро можеш да ја препорачаш вистината на другите со понизност на сопствениот живот и со совесно извршување на секојдневните должности. Во претставување на вистината ќе бидеш поуспешна ако совесно го

извршуваш својот дел во најсердно залагање за оние чии души сакаш да ги спасиш. Најдобар начин да ја препорачаме вистината на другите не се состои во докажување и расправи, туку во настојување во својот секојдневен живот да бидеме доследни и постојани во она што го исповедаме – да живееме како кротки и понизни Христови ученици. {3C 334.1}

Многу е тажно да се биде постојано незадоволен од својата околина и своите секојдневни должности да ги сметаме толку прости и безначајни. Скромните секојдневни домашни должности тебе ти стануваат одвратни. Вознемирена си, нерасположена и потполно незадоволна. Сето тоа произлегува од себичноста. За себе и за своите постапки имаш многу поповолно мислење отколку што тоа другите го гледаат. Твојата љубов кон сама себе е поголема од твојата љубов кон родителите, сестрите и братот, поголема дури и од љубовта кон Бога. Ти постојано копнееш за некоја пријатна професија која, според твое мислење, повеќе ќе ти прилега. Не си подготвена трпеливо да се задоволиш со поскромна дејност, која ти е од Бога одредена, додека не се покажеш способна за повозвишени дејности. „Блазе на кротките, бидејќи ќе ја наследат земјата”. {3C 334.2}

Таканаречените христијани кои постојано се жалат на нешто и лелекаат и кои сметаат дека е грев да се биде среќен и пријатно расположен, немаат вистинска претстава за верата. Оние кои на прекрасните сцени во природата гледаат како на некоја мртва слика, кои повеќе ги набљудуваат мртвите лисја отколку убавината на живото цвеќе, кои уживаат од јазикот со кој зборува природата да го издвојуваат само она што е тажно, кои не ја гледаат убавината на долините облечени во бујно зеленило, кои ги затвораат своите сетила пред радосните гласови на Божјите дела во природата кои се толку милозвучни за увото да ги слуша - таквите не се во Христа. Таквите не одат во светлина, туку само собираат околу себе темнина, додека би можеле да уживаат во благодатите на светлината - за во срцето да ги огрее Сонцето на Праведноста, донесувајќи здравје на своите зраци. {3C 334.3}

Драга моја млада сестро, ти живееш во нереален живот полн со фантазија. Ти во ништо не можеш да откриеш ниту да почувствуваш благослов. Во својата фантазија ти постојано замислуваш тешкотии и неволји кои и не постојат; ситните неудобности ги прикажуваш како тешки неволји. Тоа не е онаа кротост која Христос ја нарекува блаженство. Тоа е несвето бунтовничко незадоволство кое не му прилега на едно Божјо дете. Кротоста е драгоцена особина, тоа е подготвеност мирно и без мрморење да се поднесуваат страдања и неволји, подготвеност да се издржат искушенијата. Кротоста е трпеливо настојување да бидеме ведри и среќни под сите околности. Оној кој ја поседува, кротоста го наведува секогаш и за сè да му биде благодарен на Господа. Кротоста го прави човекот подготвен да поднесе и разочарување и неправда, а сепак да не копнее по одмазда. Кротоста не значи да се биде молчалив и зловолен. Мрзоволноста е спротивност на кротоста, бидејќи само ранува и нанесува болка на другите, а сама себеси не си донесува никакво задоволство. {3C 335.1}

Ти штотуку стапи во Христовата школа; и речиси сè мораш да учиш отпочеток. Во поглед на облекувањето не претеруваш расипнички, но си склона да се гордееш со својот надворешен изглед. За облекувањето, во желба кон што помалку едноставност, мислиш повеќе отколку што би требало. Христовиот повик: „Дојдете кај Мене сите кои сте уморни и обременети и Јас ќе ви дадам одмор и ќе се научите од Мене; зашто Јас сум кроток и понизен во срцето и ќе најдете спокој на своите души” - ти е упатен и на

тебе. Стави го својот врат во јаремот кој Христос го препорачува и во таа потчинетост ќе ја најдеш токму таа среќа која напразно се обидуваш да ја стекнеш на себеси својствен начин, продолжувајќи по сопствен пат. {3С 335.2}

Ти би можела да бидеш ведра и расположена само кога би била подготвена своите мисли да ги потчиниш на Христовата волја. Настојувај без одложување и во потполност да го преиспиташ своето срце и секој ден да умираш за себичноста и за сопственото „јас". Можеби ќе се запрашаш: Како можам да господарам со своите постапки и да ги совладам своите внатрешни желби? Многумина кои не исповедаат љубов кон Бога, успеваат до извесна мера да го совладаат својот дух, без помош на Божјата благодат. Тие негуваат самоконтрола. Тоа е навистина прекор за оние кои знаат дека од Бога можат да добијат сила и благодат, а сепак не ги користат благодатите на Божјиот Дух. Христос е наш Пример. Тој секогаш бил кроток и понизен во срцето. Да се учиме од Него и во сè да го следиме Неговиот пример. Божјиот Син во сè бил и останал беспрекорен. И ние мораме да копнееме по такво совршенство и да победуваме како што победил Тој, ако сакаме да имаме место крај Неговата десна страна. {3С 336.1}

Ти имаш чудни особини кои мораш строго да ги дисциплинираш и одлучно да ги совладаш пред да помислиш на стапување во брак. Затоа не мисли за брак сè додека не ги победиш тие недостатоци во својот карактер кои би те направиле несреќна сопруга. Пропушти можности систематски да се привикнеш на секојдневните домашни работи. Не ја увидуваш потребата да стекнеш работни навики. Навиката да се ужива во корисна работа, кога еднаш ќе се стекне, никогаш веќе не се губи. Тогаш си подготвена да го најдеш своето место во новите животни околности, оспособена за секоја должност и навикната да ја сакаш работата. Кога ќе стекнеш навика да наоѓаш задоволство во корисна работа, твојот ум ќе биде обземен со она што го работиш и нема да имаш време да се оддаваш на болно фантазирање и сонување. Познавањето на корисна работа би му дала на твојот вознемирен и незадоволен дух енергија, делотворност и соодветно достоинство, кои ги влева почитувањето на околината. Ти во голема мера не се познаваш себеси, не ја познаваш измамливоста на сопственото срце. Срцето е измамливо повеќе од сè и многу е изопачено. Најсериозно преиспитај го своето срце и најди време за побожно размислување и молитва. Сè додека не ги увидиш недостатоците во својот карактер и најискрено не ги отфрлиш своите грешки, не можеш да бидеш Христова ученичка. {3С 336.3}

Ти сакаш да мислиш и разговараш за момчињата. Нивната учтивост и пристојност ја толкуваш како посебна наклонетост кон тебе. Си ласкаш себеси дека тие те ценат повеќе отколку што тоа навистина е случај. Предмет на твоите разговори треба да биде она што е навистина корисно, што облагородува и издигнува. Ти, драго мое дете, не негуваш навики на искреност и потполна отвореност. Твоето срце не е на страна на правдата. Твоето влијание на младите не е поволно, бидејќи не поседуваш Христов дух, а сепак си ласкаш себеси дека многу си напредувала во христијанскиот живот. {3С 337.1}

Реформацијата мора да започне во семејството на твојот татко. Ти носиш обележје на татковиот карактер. Мораш да вложуваш одлучни напори за да ги избегнуваш неговите грешки и неговите екстремности. Ако навистина си Христова ученичка, ќе увидиш дека во својот дом мораш да извршиш значајно дело. Секое семејство може да биде постојано училиште. Постарите сестри можат позитивно и силно да влијаат на помладите членови на семејството. Набљудувајќи го примерот на постарите, помладите се секогаш склони да се поведуваат по нивниот пример отколку да ги послушаат често

повторените совети и упатства. Најстарата ќерка треба да го смета помагањето на мајката во носењето на нејзините тешки и многубројни товари за своја христијанска должност. Часовите поминати во постела, спиејќи или занимавајќи се со некои мрачни мисли, додека рамената на останатите членови се свиткуваат под тешките и мачни товари, не се само загубени туку и полошо од тоа. {3C 337.2}

Постарите ќерки можат да им помагаат на родителите во воспитување на помладите членови на семејството. Овде ти се пружа одлична можност љубезно, трудољубиво и во Божји страв да ги поучуваш оние кои помалку знаат од тебе. Така можеш да ги стекнеш симпатиите на оние на кои им помагаш. Тоа може да претставува едно од најдобрите училишта за практикување на христијанските доблести. Ти не ги сакаш децата. Всушност, не сакаш ништо што бара стабилност, сесрдност и истрајност во напорите. Ти сакаш промени и разновидност и постојано се стремиш кон нешто што ќе ти пружи наводно задоволство и среќа. Тебе ти е неопходно да се учиш и да создаваш добри навики, а за тоа време сега е многу подобро отколку што некогаш ќе биде во иднина. Ти во својот живот речиси сè мораш да менуваш на подобро и Бог нека ти помогне тоа да го направиш без никакво одложување. Кога Христос ќе дојде во Своето царство, само чистите, добрите и светите ќе можат да престојуваат со Него. {3C 337.3}

Спасението и животот не можеш да го стекнеш без сесрдни и истрајни напори. Набљудувано од очите на небото, твојот досегашен живот беше бесцелен и речиси потполно бескорисен. Сè уште ти се пружа можност да го откупиш своето минато и облеките на својот карактер да ги испереш во крвта на Јагнето. Бог е подготвен да ти помогне, доколку чувствуваш потреба од Неговата помош. Твојата праведност нема никаква вредност во Божјите очи. Конечна победа можеш да стекнеш само благодарение на Христовите заслуги. И ако на крај се најдеш меѓу засекогаш спасените, небото ќе биде за тебе навистина евтино. {3C 338.1}

Број дваесет и четири

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

31. ГОЛЕМИОТ БУНТ ВО ИЗРАЕЛ

Во својот бунт против Мојсеј и Арон, Корej, Датан и Авирон застанале исто така и против Господа. Сам Господ положил посебни одговорности на Мојсеј и Арон, доверувајќи им достоинство на свештенство и авторитет да ги предводат израелевите синови. Со својот бунт и мрморење тие постојано му задавале болка на Мојсеј. Како од Бога избран, нивен видлив водач, тој за нив бил нераскинливо врзан во сите опасности низ кои минувале. Трпеливо и без одмазда ги поднесувал нивното незадоволство,

нивната завист и мрморење, без да негува дух на одмазда, не копнеејќи да се ослободи од својата тешка положба. {3C 339.1}

Секогаш кога би се нашле во некоја опасност, или кога би морале да ги зауздаат своите желби за јадење, Израелците - наместо да имаат доверба во Бога, Кој на толку чудесен начин ги избавувал толку пати - постојано мрмореле против Мојсеј. Божјиот Син - иако невидлив за очите на илјадници Израелци - всушност бил нивен водач. Тој во столб од облак и оган постојано одел пред нив, насочувајќи го секое нивно движење, додека Мојсеј како видлив водач само ги спроведувал упатствата примени од ангелот, кој всушност бил Христос. {3C 339.2}

Понижувачко идолопоклонство

Во Мојсеево отсуство израелевите синови побарале од Арон да им направи богови кои ќе ги предводат во нивната намера да се вратат во Египет. Тоа била тешка навреда за нивниот главен водач, Синот на Семоќниот Бог. Само неколку седмици пред, тоа, тие треперејќи од страв и ужас во подножјето на Синајската гора ги слушале Господовите зборови: Немој да имаш други богови освен Мене". Божјата слава која ја обележувала Неговата присутност на таа гора и која, кога се слушнал овој глас, ги разнишала темелите на целата планина, сè уште било во нивно сеќавање, но тие се свртија од Господа и побараа други богови. Додека Мојсеј, како нивен видлив водач, сè уште општел со Бога на гората, тие ги заборавиле Божјите ветувања и Неговото предупредување: „Еве, Јас го испраќам Својот ангел да оди пред тебе и да те чува на патот и да те одведе на местото кое ти го подготвив. Слушај Го, зашто нема да ви ги прости гревовите, бидејќи Моето име е во Него". {3C 339.3}

Со своето безбожничко барање: „Направи ни богови кои ќе одат пред нас," Израелците го покажале своето неверство и неблагодарност. Иако Мојсеј бил отсутен, сепак останало Божјото присуство; тие не биле напуштени. Маната паѓала и понатаму и божествената рака не престанувала да ги храни и наутро и навечер. Со столбот од облак дење и со столбот од оган ноќе било означено постојаното Божјо присуство и тоа бил потсетник пред нивните очи. Божјата присутност не зависела од Мојсеевото присуство. Меѓутоа, во исто време додека тој на гората сесрдно се молел за нив, тие запаѓале во срамен грев, престапувајќи го законот кој неодамна им бил објавен на толку величествен начин. {3C 340.1}

Тука се покажала Ароновата слабост. Ако одлучно стоел во вистинска морална храброст и смело ги укорил водачите на ова срамно барање, неговите зборови, изговорени во вистински момент, би го спречиле овој срамен отпад. Но во желба да ја сочува својата популарност кај мноштвото народ, во кое повеќето биле бунтовници, и во страв да не го предизвика нивното незадоволство, тој во тој одлучен момент кукавички ја жртвувал поданичката верност на целата израелска нација. Тој подигнал олтар, направил еден леан кип, го најавил денот кога тој кип требало да се посвети како предмет на обожавање и званично објавил пред сите израелски синови: Ова се вашите богови кои ве изведоа од Египет. И додека врвот на гората сè уште бил осветлен од присуството на Божјата слава, Арон мирно присуствувал на забавата и играњето во чест на тој мртов кип. Господ му наредил на Мојсеј да се симне веднаш и да го укори и казни тој отпаднички народ. Но Мојсеј не се согласил да ја напушти гората сè додека неговите

сесрдни молитви за израелските синови не бидат услишени и додека неговото барање да им се прости не биде прифатено. {3C 340.2}

Плочите на законот скршени

Симнувајќи се од гората, Мојсеј во своите раце го носел драгоцениот запис за Божјото ветување дадено на луѓето под услов на послушност. Иако Мојсеј бил најкроткиот човек на Земјата, во него се распалил гнев и силна ревност за Божјата слава. Во своето бурно негодување тој го фрлил драгоцениот запис за Божјото ветување кое му било подраго од животот. Гледајќи како неговите сонародници го газат Божјиот закон, тој во своето ревнување за Бога и во настојување да го уништи идолот кој тие го обожавале, ги жртвувал камените плочи. Арон мирно стоел, поднесувајќи ја без ниту еден збор Мојсеевата строга осуда. Сето тоа можело да биде спречено ако Арон ги изговорил вистинските зборови во вистинско време. Ако одлучно и храбро се заложил за правда во моментот кога на Израел му се заканила оваа страшна опасност, тој можел да го смири нивниот дух и да ги насочи на вистинскиот пат. {3C 341.1}

Дали Бог ја осудил Мојсеевата постапка? Не, не; во својата голема добрина Бог му ја простил на Мојсеј неговата избувливост во ревнувањето, бидејќи сето тоа го направил во својата ревност и болно разочарување кога со свои очи ги гледал несоборливите докази на изрелското отпадништво. Како човек кој можел да ги спаси Израелците во мигот на нивната опасност, Арон останал потполно смирен. Тој не покажал никакво гадење поради нивните гревови, ниту пак чувствувал грижа на совест поради своите престапи, туку се обидувал да го оправда своето однесување и учество во овој страшен грев. За својата слабост во согласувањето со барањето да им направи богови, тој сега го обвинил народот. Тој не бил подготвен да ги поднесува нивните мрморења и да се изложува на притисокот од нивните негодувања и нивните неразумни желби, како што тоа го правел Мојсеј. Тој без никакво спротивставување учествувал во духот и чувствата на бунтовниците, а сега се обидувал сета одговорност да ја префрли на нив. {3C 341.2}

Израелците сметале дека Арон како водач - бидејќи не бил толку непопустлив - бил многу попријатен и поприфатлив отколку Мојсеј. Сметајќи дека Мојсеј во престрогото укорување на својот брат манифестира многу суров дух, нивните симпатии биле потполно на Ароновата страна. Меѓутоа, Бог му ја простил на Мојсеј неговата избувливост манифестирана во најискрено ревнување, додека Арон го сметал одговорен за неговата грешна попустливост и недостаток на честитост манифестирани под притисокот на околностите. За да се поштеди себеси, Арон жртвувал илјадници Израелци. Тие ја примиле Божјата казна поради своето отпадништво, но по кратко време повторно продолжиле да изразуваат незадоволство и да се бунат. {3C 341.3}

Народот мрмори

Кога постигнувале извесни успеси, Израелците сета своја слава ја припишувале во свои заслуги; но кога биле на тест и проба од глад или војна, тогаш за сите свои неволји го обвинувале Мојсеј. Божјата сила која се манифестирала на толку чуден начин во

нивното ослободување од египетското ропство и која од време на време можеле да ја видат и во текот на целото свое патување, требала да ги инспирира со вера за да не ги отворат своите усни за било каков израз на сомневање и неблагодарност. Меѓутоа, и најмалото насетување на немаштија, и најмалото стравување од било која причина, ги притискале во заборав сите добра со кои биле опсипани и сета помош која ја примале во моментите на најголема опасност. Сè она што морале да го доживеат поради обожавањето на златното теле би требало да остави на нив толку добар впечаток, за тоа никогаш да не го заборават. Меѓутоа, иако во своите проретчени редови и постојани загуби поради тоа што не престанувале да го навредуваат ангелот кој ги водел, сè уште можеле да ги видат свежите знаци на Божјиот гнев, тие не ги прифатиле тие поуки ниту со срце ниту со вера и послушност настојувале да го откупат минатото, туку повторно подлегнале на искушувањата на непријателот. {3С 342.1}

Најкроткиот човек на светот и покрај своите најсесрдни напори не бил во состојба да ја скроти нивната непокорност. Мојсеевото најнесебично залагање за нив било наградено само со завист, сомневање и лажни обвинувања. Во својот скромен пастирски живот, додека ги чувал стадата на Јотор, бил многу посреќен и поспокоен отколку на својата сегашна положба како пастир на огромното мноштво на бунтовни и непомирливи духови. Со нивната постојана, а потполно беспричинска недоверба и завист било потешко да се излезе на крај, отколку со крволочните волци во пустите Мадијански планини. Но Мојсеј не се осмелувал да го бира сопствениот пат ниту да го работи она што му било најпријатно. По Божја наредба Тој го оставил пастирскиот стап и место него го земал жезолот на власта; не осмелувајќи се да го одложи тој жезол и да се повлече од својата положба сè додека Бог не го отпушти. {3С 342.2}

Сатаната ги искушува поединците. Своите подмолни дошепнувања тој ги подметнува многу лукаво, поттикнувајќи сомневања и недоверба во зборовите и постапките на оние кои се наоѓаат на одговорни положби и кои се трудат со својата работа да ги остварат Божјите намери. Сатаната посебно се труди од Бога избраните луѓе да ги опсипува со неволји, збунетост и спротивставување за да ги спречи во нивната работа и, доколку е можно, да ги направи малодушни. И најдобрите напори на Божјите слуги, избрани да извршат некоја посебна задача, можат во голема мера да бидат осуетени од завист, кавга и зли претпоставки. {3С 343.1}

Со посредство на своите агенти сатаната постојано настојува таквите луѓе да ги отргне од положбата која според нивна должност им припаѓа. Сите оние кај кои може да пробуди недоверба и сомневање тој постојано ги користи како свои орудија. Мојсеевата положба на постојана грижа и тешки одговорности за израелските синови не била ценета. Ако не се под непосредно влијание на Божјиот Дух, луѓето по природа се склони на завист, сомневање и свирепа недоверба, со особини кои - доколку не се искоренат - раѓаат желба други да се поткопаат и срушат, за тие во својата себичност да се издигнат над нивните урнатини. {3С 343.2}

Корej, Датан и Авирон

На овие луѓе, по Божја одредба, им биле доверени посебни почести. Тие му припаѓале на бројот на оние, кои заедно со седумдесет старешини, биле повикани да појдат со Мојсеј на гората и да ја гледаат Божјата слава. Тие виделе величествена

светлина која го засолнувала божествениот Христов лик. Долниот дел од тој облак изгледал како 2дело од сафир и како кога небото е ведро". Тие луѓе јаделе и пиеле во присуство на Господовата слава и не биле уништени од ненадминливата светлина на славата која се рефлектирала врз нив. Но дошло до голема промена. Искушението, кое на почетокот изгледало безначајно, сè повеќе земало замав и добивало на сила, сè додека сатаната потполно не загосподарил со вообразувањето на овие луѓе. За толку дрското манифестирање на незадоволство, во кое се впуштиле со најголем ризик, немало никаква основа. Прво почнале да навестуваат сомневање, што подготвено го прифатиле и многу други, и тоа ги охрабрило да продолжат уште еден чекор понатаму. Охрабрувајќи се меѓусебно во своите сомневања и прераскажувајќи си еден на друг кој што можел да забележи, овие измамени луѓе навистина поверувале дека на тој начин ревнуваат за Господа и дека Тој нема да им прости ако до крај не ја остварат својата намера: на Мојсеј да му се отворат очите во поглед на неговиот наводно погрешен став кон израелскиот народ. Како што од малку квасец скиселува цело тесто, така духот на недоверба, неслога, завист и злоба го зафатил целиот израелски народ. {3С 343.3}

Своето разурнувачко дело Корej, Датан и Авирон најнапред го започнале со напад на луѓето на кои Бог им доверил свети должности. Потоа успеале за своите идеи да придобијат двесте и педесет угледни и во народот ценети кнезови. Имајќи на своја страна толку голем број на угледни и ценети луѓе, биле сигурни дека можат да извршат радикална промена во раководењето со нацијата. Верувале дека со трансформација на власта во Израел ќе можат значително да ја подобрат постоечката администрација. {3С 344.1}

Корej не бил задоволен од својата положба. Тој бил поврзан со службата во светилиштето, но љубоморно барал и копнеел по свештеничка служба. Главната улога во водење на народот Бог му ја доверил на Мојсеј, додека свештенството му било дадено на Арон и на неговите синови. Корej одлучно барал и практично го принудувал Мојсеј да се изврши промена, за тој да може да дојде до свештеничко достоинство. За да биде што посигурен во остварувањето на своите цели успеал во бунтот да ги вовлече и Датан и Авирон, водечките луѓе од Рувимовото племе. Тие како потомци на најстариот Јаковов син сметале дека ним им припаѓа главниот авторитет кој Мојсеј, го приграбил за себе; па заедно со Корej и тие одлучно побарале свештеничка положба. Многу ревни во својата завист и злоба, овие тројца придобиле покрај себе уште двесте и педесет угледни луѓе, кои исто така одлучно барале учество во свештенството и управување со нацијата. {3С 344.2}

Бог ги почестил Левитите со служба во светилиштето затоа што не учествувале во обожавањето на златното теле и што верно го извршиле Неговиот налог во истребување на идолопоклониците. На Левитите исто така им било доделено да се грижат за светилиштето и да ги распнуваат своите шатори непосредно околу него, додека останатите свои шатори ги подигале на одредена оддалеченост од тоа свето место. Кога Израелците требало да го продолжат својот пат, Левитите биле задолжени да го расклопат шаторот и ковчегот на заветот и сите останати свети предмети да ги носат на своите рамена. Повикувајќи се на фактот дека Бог како на Левити им укажал толку големи почести, тие сега копнееле по уште повисока положба, за да имаат поголемо влијание кај народот. „И се собраа против Мојсеј и Арон и им рекоа: Вие премногу презедовте на себе; погледнете го сиот овој народ, сите се свети и меѓу нив е Господ; зошто се издигнувате над Господовиот собир?" {3С 345.1}

Ласкање и лажно сочувство

На оние кои се наоѓаат во темнината на заблудата и заслужуваат укор, ништо не им е подраго отколку кога ласкаво им се одобрува и понатаму да грешат. Прикажувајќи го Мојсеј како властољубив водач, Корej најнапред ги придобил Израелците да го слушаат, а потоа и да му ја укажат својата наклонетост. Нагласувал дека Мојсеј е преостар, премногу строг, склон кон диктаторско наредување, кој постојано ги укорува како грешници, додека тие всушност се свет народ, посветен на Господа и Господ е меѓу нив. Многу поединости кои ги доживувале при своето дотогашно патување низ пустината, каде што често биле изложени на опасности и каде што многумина од нив загинале поради своето мрморење и непослушност, Корej ги прикажал во таква светлина, така што тие во своето изопачено сфаќање дефинитивно заклучиле дека би биле поштедени од сето тоа само ако Мојсеј постапел поинаку - ако не бил толку непопустлив и престрог. За сите свои неволји и страдања претрпени во пустината тие сега го обвиниле Мојсеј. Корej, како водечка личност, исповедал голема мудрост во утврдувањето на вистинската причина за нивните тешкотии и неволји. {3С 345.2}

Во тоа изразување и ширење на незадоволство дошло до таква согласност во мислењето меѓу инаку нескладните елементи, каква што досега се немала видено. Успехот кој го имал Корej во придобивањето на мнозинството народ на своја страна уште повеќе го зацврстил во уверувањето дека неговото расудување било правилно и дека Мојсеј навистина ја злоупотребил власта со што ја загрозил благосостојбата и спасението на Израел. Тврдел дека сам Бог му се открил, давајќи му должност да изврши промена во управувањето со израелската нација додека не биде предоцна. Тој изјавил дека вината не е на страна на Израелците како народ; тие биле сите праведни, а тоа дека тие со своето мрморење го предизвикале Божјиот гнев претставувало само голема заблуда; тие само ги барале своите права и сакале лична независност. {3С 346.1}

Бидејќи во свеста неодоливо им навирале сеќавањата на Мојсеевото самопожртвувано трпение со нив и на неговото несебично залагање за нив додека сè уште биле во синџирите на ропството, совеста на некои од нив не им давала мир. Таквите не можеле во потполност да се согласат со Кореевото мислење за Мојсеј и се обиделе да зборуваат во прилог на обвинетиот. Затоа Корej, Датан и Авирон биле принудени да пронајдат некоја убедлива причина зашто Мојсеј од самиот почеток манифестирал толкав интерес за израелските синови. Злиот дух на себичност на кој се предале и кој ги понижил до таа мера да станат сатански орудија, ги навел на заклучокот: дека Мојсеј ги оставил во намерата да скитаат низ пустината сè додека не пропаднат сите, за тогаш да може да го приграби нивниот имот. {3С 346.2}

Корej, Датан и Авирон со двеста и педесет кнезови кои им се придружиле, најнапред манифестирале љубомора, потоа завист и конечно отворен бунт. Тие зборувале за положбата на Мојсеј како водач на народот, сè додека не вообразиле дека тоа е многу завидна положба која секој од нив би можел да ја зазема исто така како и Мојсеј. Во манифестирањето на незадоволство отишле толку далеку, така што во својата самоизмама навистина поверувале дека Мојсеј и Арон сами себе се поставиле на положбите кои ги заземаат. Тврделе дека Мојсеј и Арон се издигнуваат над Господовиот народ, преземајќи го на себе и свештенството и извршната власт и дека тие две служби

не смеат да бидат ограничени само на нивниот дом. Бунтовниците тврделе дека им здодеало да бидат еднакви со своите браќа; бидејќи тие (Мојсеј и Арон) не се посвети од народот на кој Бог исто така му ја укажува Својата посебна наклонетост, присуство и заштита. {3С 346.3}

Проверка на карактерот

Слушајќи го сето ова што го зборувал Корej, обземен од длабока болка и тага, Мојсеј паднал на своето лице пред народот. „Потоа му рече на Корej и на сета негова дружина: 'Утре Господ ќе покаже кој е Негов и кој е свет и кому му дозволува да Му се приближи. Кого ќе избере и кого ќе го пушти кај Себе. Направете вака: Земете кадилници, Корej со својата дружина и ставете утре оган во нив и посипете одзгора темјан пред Господа и кого ќе го избере Господ тој ќе биде свет.' И му рече Мојсеј на Корej: 'Чујте, Левиеви синови! Зар ви е малку што Израелевиот Бог ве одвои од израелското општество, за да ве приближи кон Себе за да ја вршите службата во Господовиот шатор и да стоите пред заедницата служејќи ѝ? Те доближи тебе и со тебе сите твои браќа, Левиеви синови; а вие уште барате и свештенство! Ти и сета твоја дружина се собравте пред Господа; зашто кој е Арон за да викате против него?'" Мојсеј им рекол дека Арон не ја презел на себе својата должност, туку дека Бог го поставил на таа света положба. {3С 347.1}

Датан и Авирон во својот одговор одбиле да дојдат пред Мојсеј и дрско порачале: „Малку ли е што нè изведе од земјата во која тече мед и млеко за да нè погубиш во пустината; па сакаш насилно да загосподариш над нас? Не нè воведе во земја во која течат мед и млеко и не ни даде во наследство ниви и лозови насади! Сакаш ли да им ги ослепиш очите на луѓево? Не доаѓаме!" {3С 347.2}

Тие го обвинувале Мојсеј затоа што не влегле во ветената земја, тврдејќи дека Господ никогаш не би постапил така со нив. Тврделе дека осудата според која тие мораат да изгинат во пустината не ја изрекол Господ и дека тие никогаш нема да поверуваат дека Тој можел да каже такво нешто. Тоа го изрекол Мојсеј, а не Господ; и сето тоа Мојсеј го прави со вообразување дека тие никогаш нема да влезат во Хананската земја. Дури рекле дека тој ги извел од земјата во која тече мед и млеко. Во својот слеп бунт тие потполно заборавиле што сè претрпеле во Египет и какви страшни казни ги снашле во таа земја и сега го обвиниле Мојсеј дека ги извел од една толку добра земја, за да ги погуби во пустината и да се збогати со нивниот имот. Тие на најдрзок начин го прашале Мојсеј дали смета дека никој помеѓу илјадниците Израелци не е доволно мудар да ги прочита неговите намери и да ги разоткрие неговите трикови; и зар мисли дека ќе му дозволат како слепци да ги води каде што ќе посака; во еден момент кон Ханан, во друг кон Црвеното море и Египет. Сето ова било изговорено на најнавредлив начин пред целиот израелски народ и со најодлучна изјава дека на Мојсеј и Арон веќе не му признава никаков авторитет. {3С 348.1}

Длабоко потресен од овие неправедни обвинувања, свесен дека никогаш не постапил самоволно, Мојсеј се обратил на Господа пред сиот народ, повикувајќи Го Тој да биде судија во ова. Под влијание на Кореевото лажно прикажување, народот, општо земено, бил незадоволен. „Потоа му рече Мојсеј на Корej: 'Ти и сета твоја дружина истапете утре пред Господа; ти и тие, и Арон. Секој нека ја земе својата кадилница пред Господа - двесте и педесет кадилници. А ти и Арон донесете ја секој својата кадилница.'

Секој ја зеде својата кадилница, стави оган во неа, потоа одозгора посипа темјан и застана, со Мојсеј и Арон, кај влезот во Шаторот на средбата". {3С 348.2}

Во својата самодоверба и желба за свештенство, Корej и неговите едномисленици ги земале своите кадилници и застанале пред вратата од Шаторот на средбата со Мојсеј. Самоизмамен и заслепен од завист и бунт, Корej мислел дека Израелците како народ се навистина праведни и дека Мојсеј како тирански водач без никаква причина постојано им укажува на потребата од светост кога тие се свет народ. {3С 349.1}

Слушајќи го ласкањето на бунтовниците, Израелците поверувале дека како народ се навистина праведни пред Бога и дека сите нивни неволји доаѓаат од Мојсеј кој како водач постојано ги потсетува на нивните гревови. Мислеле дека под водство на Корej, кој - наместо постојано потсетување на гревовите и неуспеси - ќе знае да ги храбри, зборувајќи само за нивните добри дела, ќе можат мирно и успешно да го продолжат својот пат - не во еден момент напред, во друг - назад во пустината, туку право во ветената земја. Одлуката која им била соопштена дека нема да влезат во ветената земја му ја припишале на Мојсеј, тврдејќи дека тоа не го рекол Господ. {3С 349.2}

Бунтовниците пропаѓаат

Во својата дрска самодоверба, Корej го собрал сиот народ против Мојсеј и Арон; тогаш се покажала Господовата слава на сиот народ. И им рече Господ на Мојсеј и Арон: „Одделете се од заедницата за да ја сотрам веднаш! Тие паднаа ничкум и извикаа: 'Боже! Господару на духовите на секое тело! Зар ќе се разгневиш на сета заедница, кога згрешил само еден!' {3С 349.3}

Тогаш Господ му рече на Мојсеј: 'Кажи му на народот да се оддели од околината на живеалиштата на Корej, Датан и Авирон!' Мојсеј стана и тргна кон Датан и Авирон. По него тргнаа израелевите старешини. И вака му проговори на народот: 'Отстапете од шаторите на тие нечесни луѓе и не допирајте се до ништо што е нивно, за да не бидете уништени заради нивните гревови.' Така тие се оддалечија од околината на живеалиштата на Корej, Датан и Авирон. Тогаш Датан и Авирон излегоа и застанаа при влезот на своите шатори со своите жени, со своите синови и со своите мали деца. 'По ова ќе видите - рече Мојсеј - дека Господ ме испрати да ги исполнувам сите овие дела и дека не ги правам сам од себе: ако овие луѓе умрат како што умираат сите луѓе, тогаш Господ не ме испратил. Но ако Господ направи нечуено: ако земјата ја отвори својата утроба и ги проголта со сè што е нивно, па ако слезат живи во подземјето, тогаш знаете дека овие луѓе Го презреа Господа.'" Штом Мојсеј ги изговорил овие зборови, земјата се отворила и ги проголтала нивните шатори заедно со сето она што им припаѓало на нив. Сите тие живи паднале во јамата, земјата повторно се затворила над нив и тие исчезнале. {3С 349.4}

Кога ги слушнале страотните крици на оние кои пропаѓале, Израелците се разбегале што подалеку од нив. Знаејќи дека со прифаќање на обвинувањата против Мојсеј и Арон и самите се виновни во извесна мера, се исплашиле дека ќе погинат заедно со бунтовниците. Но Божјиот суд сè уште не бил завршен. Од облакот на славата светнал пламен како молња и ги запалил сите двесте и педесет луѓе кои ги земале кадилниците во своите раце и ставиле во нив темјан за да кадат. Тоа биле кнезови, луѓе ценети и

влијателни кај народот, луѓе кои биле познати. Тие биле високо ценети и нивното расудување често било барано во најтешките спорови. Но, затруени од влијанието на бунтовниците и самите станале завидливи, љубоморни и бунтовнички расположени. Тие не пропаднале заедно со Корej, Датан и Авирон; бидејќи не биле водачи на бунтот. Им била пружена можност, гледајќи го крајот на главните водачи во бунтот, да се покајат за своите гревови поради учествувањето во тоа. Меѓутоа, тие не се каеле ниту се помирувале со уништувањето на овие безбожници, па затоа Бог во Својот гнев морал да ги уништи и нив. {3С 350.1}

„Тогаш му рече Господ на Мојсej: 'Кажи му на Елеазар, синот на свештеникот Арон да ги отстрани кадилниците од пожариштето, зашто се осветени, а неосветениот оган од нив нека го распрсне подалеку. Кадилниците на оние кои згрешија и кои со гревот го закопаа животот нека се приковат во плочки за обложување на жртвеникот. Имено, беа донесени пред Господа, па се осветени. Нека им бидат опомена на сите израелеви синови!'" {3С 350.2}

Духот на бунтовништво не е искоренет

По ова страшно манифестирање на Божјиот гнев и Неговиот суд, Израелците се вратиле во своите шатори. Иако страшно исплашени, тие не се понизиле пред Бога. Со ласкавото уверување од страна на Корej и неговите едномисленици дека тие се многу добар народ и дека Мојсej им направил толку многу зла, тие биле длабоко задоени со духот на незадоволство и бунт. Мислите им биле толку исполнети со духот на оние кои пропаднале, така што било многу тешко да се ослободат од нивната заслепеност и предрасуди. Ако сега признаат дека Корej и неговата дружина како безбожници биле во заблуда, а дека Мојсej е во право, тогаш ќе бидат принудени да ја прифатат Божјата реч, а со тоа и пресудата по која сите мораат да погинат во пустината - во што никако не сакале да веруваат. Никако не сакале да се помират со тоа, па се обиделе себеси да се убедат дека сето тоа било само некој трик и дека Мојсej повторно ги измамил. Луѓето кои биле уништени им зборувале толку пријатни зборови и манифестирале кон нив посебна љубов и наклонетост, а за Мојсej мислеле дека е само лукав човек. Така конечно дошле до заклучок дека Корej и оние кои пропаднале со него морале сепак да бидат добри луѓе, а дека Мојсej на некој начин ја предизикал нивната пропаст. {3С 351.1}

Сатаната настојува да ги одведе измамените премногу далеку за да не можат да се вратат. Тој може потполно да го изопачи нивното расудување, нивниот духовен вид и нивната моќ на расудување. Така било и во овој случај со Израелците. „Утреден целиот народ мрмореше на Мојсej и Арон, велејќи: 'Го истепавте Господовиот народ.'" Тие биле разочарани во своите очекувања, гледајќи дека сè се решило во корист на Мојсej и Арон. Со воодушевување го набљудувале Корej и неговите истомисленици, како во улога на свештеници, без никаква стравопочит, мавтале со своите кадилници. Тие не гледале дека овие луѓе со тоа најдрско го омаловажуваат божественото височество. Кога виновниците биле уништени, Израелците во голем страв се разбегале на сите страни, но набргу потоа, сите исплашено повторно се собрале против Мојсej и Арон, обвинувајќи ги за крвта на оние кои погинале од Господовата рака. {3С 351.2}

„А додека народот се собираше против Мојсej и Арон, тие се свртија кон Шаторот на средбата, и ете, облак го покри и Господовата слава се јави. Тогаш Мојсej и Арон

отидоа пред Шаторот на средбата. И Господ му рече на Мојсеј: ‘Оддалечете се од заедницата; ќе ги погубам во еден миг!’ Но тие паднаа на своите лица”. Иако Израелците во својот бунт толку отворено застанале против Мојсеј и толку дрско постапувале со него, тој пред нив ја покажал истата љубов и интерес како порано. Паѓајќи на своето лице пред Господ, Го преколнувал најсесрдно да го поштеди Својот народ. И додека во молитва се залагал Господ да им ги прости гревовите, Мојсеј му наредил на Арон да го изврши за нив обредот на помирување, за неговите молитви проследени со мирис на темјан да го смилостиват Господа, па да не погине сиот народ во својот бунт. {3С 352.1}

„Потоа Мојсеј му рече на Арон: Земи кадилница, стави оган од жртвеникот во неа, сложи темјан и побрзај до заедницата, па застапи се за неа, зашто Господовиот гнев избувна и злото почна! Арон зеде што му рече Мојсеј и отрча среде собранието, а кога таму: поморот веќе почнал меѓу народот. Потоа застана меѓу мртвите и живите и злото запре. Од тоа зло беа четиринаесет илјади и седумстотини мртви, освен оние кои загинаа заради Корej. И Арон се врати кај Мојсеј кон влезот на Шаторот на средбата и поморот запре”. {3С 352.2}

Поука за наше време

Случајот на Корej, Датан и Авирон претставува за нас сериозна поука и предупредување да не се угледаме на нивниот пример. „Ниту да го искушуваме Христа, како што некои од нив ги искушуваа и загинаа од змии. Ниту да мрмориме како што некои од нив мрмореа и изгинаа. Ова се случуваше за нивен углед, а за наша поука, на кои дојде крајот на светот”. {3С 353.1}

Во Божјата реч имаме толку докази дека Неговиот народ често е подложен на големи измами. Во многу случаи она што би можело да изгледа како искрено залагање за чест и слава на Божјото име настанало така што поединци му дозволиле на искушувачот да им втисне во мислите изопачена претстава за одредени факти. Исти такви појави можеме да очекуваме и во овие последни денови, бидејќи сатаната и денес делува исто толку лукаво како што некогаш делувал и на израелскиот народ. Не се сфаќаат суровоста и разорната моќ на предрасудите. Иако израелевите синови со свои очи ја виделе пропаста на тие бунтовнички водачи, сомневањата и недовербата кои им ги влеале во душата не исчезнале. Виделе како земјата се отвора и како водачот на бунтот исчезнува во нејзината утроба. Тоа страшно манифестирање на Божјата сила требало да ги излекува од болеста која се нарекува бунт против Бога и да ги наведе на најискрено каење што толку го навредувале Мојсеј. {3С 353.2}

Овде Господ на сите Израелци им пружил прилика да ја увидат сета погрешност на својот став, што требало да ги наведе на каење и најискрено признание. Тој на измамените им пружил несоборливи докази дека биле во заблуда, а дека Мојсеј како Негов слуга потполно бил во право. Имале можност цела ноќ да размислуваат за страшниот чин на божествената казна која ја гледале со свои очи. Но нивното сфаќање било потполно изопачено. Корej бил потикнувач на измамата, а двеста и педесет кнезови му се придружиле во ширењето на незадоволство, додека целиот народ, во помала или поголема мера, бил зафатен со огорчена љубомора, сомневање и омраза кон Мојсеј, што го предизвикало Божјото негодување и гнев на толку страшен начин. Сепак во тоа нашиот милостив Бог се покажал како Бог на правдата, но и на милоста. Во

казнувањето Тој правел разлика помеѓу поттикнувачите - водачите во бунтот - и оние кои биле измамени и заведени. Се сожалил на незнаењето и неразумноста на оние кои биле измамени. {3С 353.3}

По Божји налог токму Мојсеј ги повикал израелските синови да отстапат од шаторите на тие луѓе кои тие ги избрале за свои водачи наместо него. Токму тие луѓе чие отстранување тие со предумисла го барале, во таа прилика биле орудија во Божјите раце за спасување на нивниот живот. „Отстапете од сите страни од Кореевиот шатор," нагласил Мојсеј. И тие исто така биле во голема опасност Бог да ги уништи во Својот гнев поради нивните гревови, бидејќи со своето сочувство и здружување со бунтовниците станале соучесници во нивното злосторство. {3С 354.1}

Ако оние кои го започнале бунтот во покајание побарале прошка од Бога и од Неговиот навреден слуга, дури и во моментот додека Мојсеј полагал тежок испит пред очите на целиот народ, ударот на Божјата одмазда сè уште можел да биде запрен. Но Корej, како главен иницијатор на бунтот и неговите следбеници стоеле во своите шатори толку дрско како да го предизвикуваат Божјиот гнев, како Бог никогаш да не делувал преку Својот верен слуга Мојсеј. И што е уште понеблагодарно, тие луѓе во својот бунт се однесувале како да не биле почестени токму со Мојсеевото присуство да дојдат во речиси непосредната Божја присутност и да ја здогледаат Неговата ненадминлива слава. Тие луѓе со свои очи на Мојсеевото лице - кога се симнувал од гората, носејќи други камени плочи - виделе таков блесок на Божјата слава така што Израелците не смееле да му се приближат, туку во страв бегале од него. Тој ги повикал кај себе и покажувајќи им ги новите камени плочи со Божјиот закон, рекол: Му се молев на Господа да ја одврати жестината на Својот гнев од вас. Барав нејсесрдно ако Бог мора да го отфрли и сотре Својот народ да го избрише и моето име од Својата книга. И еве го Неговиот одговор на моите молитви! Овие камени плочи кои ги држам во своите раце претставуваат залог за Неговото помирување со Својот народ. {3С 354.2}

Израелците го препознале Мојсеј, иако бил преобразен и прославен, по неговиот, на нив познат глас. Тие му рекле дека не можат да гледаат во неговото лице, бидејќи блескавата светлина која зрачела од неговото лице била неподносливо силна за нивните очи. Неговото лице блескало како сонце, така што не можеле да го гледаат. За да ја отстрани настаната тешкотија, Мојсеј го прикривал лицето со превез. Фактот дека блескавата светлина претставувала отсјај на Божјата слава со која Бог го почестил, тој не го навел како причина дека народот мора тоа да го поднесува, туку ја покрил својата слава. Неговото лице осветлено од Божјата слава народот не можел да го гледа поради својата грешност. Исто така ќе биде и со светиите кога ќе бидат прославени непосредно пред второто Христово доаѓање. Безбожниците ќе се повлекуваат и ќе бегаат од таа глетка, бидејќи славата на лицето на светиите за нив ќе биде неподнослива. Меѓутоа, сета впечатливост на Божјата слава која била видена на Мојсеевото лице и сите докази на Божјото одобрување на тој понизен Божји слуга, под влијание на бунтот, сега биле заборавени. {3С 354.3}

Божјата милост омаловажена

На Израелците им била пружена можност сериозно да размислат за глетката која ја набљудувале со свои очи кога Божјиот гнев без милост се спуштил на луѓето кои биле

најодговорни за овој голем бунт. Тоа што Бог, кога Неговиот гнев се распалил против најодговорните, не го уништила во потполност тој неблагодарен народ, била само Неговата добрина и милост. Тој му оставил време за покајание на оној голем број кои си дозволиле себеси да бидат измамени. Фактот дека Господ, како нивен невидлив водач, покажал толкаво трпение и милост во овој случај, е запишан како очевиден доказ за Неговата подготвеност да им прости и на најголемите престапници кога тие ќе го увидат својот грев и ќе Му се вратат во покајание и понизност. Манифестирањето на Божјата одмазда ги запрело Израелците во нивното дрско пречекорување на дозволеното, но тие не биле осведочени дека во Неговите очи се големи грешници и дека со својот бунтовнички став го заслужуваат Неговиот оправдан гнев. {3С 355.1}

Луѓето му ја нанесуваат речиси најтешката навреда на Бога кога ги презираат и отфрлаат оние кои Тој како Свои орудија ги поставува да ги водат. Меѓутоа, Израелците во својот бунт направиле и повеќе од тоа; тие дури имале намера да ги убијат Мојсеј и Арон. Во страв да не бидат уништени, тие побегнале од шаторот на Кореј, Датан и Авирон, но од духот на бунт не биле излекувани. Не очајувале во болка и душевно страдање поради својата вина; ниту пак гласот на побунетата совест ги обвинувал што ги злоупотребиле своите најдрагоцени предности грешејќи против Господа и против Мојсеј иако знаеле дека не биле во право. Долгото Христово трпение, кој во улога на ангел чувар, толку трпеливо ги водел низ пустината, претставува драгоцена поука за нас. {3С 355.2}

Нивниот невидлив Водач со задоволство би ги поштедил од немилосрдното уништување и сè уште чекал да побараат милост. Сè уште им се пружала можност да се покајат и да примат прошка. Моментот на божествена одмазда се приближил, но сè уште можеле да се покајат. Ненадејната и нездржлива интервенција на небото, кога земјата се отворила, го задржала кратко овој дрзок бунт. Ако сега одговориле на посредувањето на Божјото провидение, сè уште можеле да бидат спасени. Но каењето и понижувањето на целокупниот народ морало да биде соодветно на нивниот престап. По толку отвореното манифестирање на Божјата сила тие веќе не биле во никаква неизвесност. Тие можеле во потполност да ја сфатат светоста на Мојсеевиот и Ароновиот повик и нивната вистинска положба, ако сакале тоа да го прифатат. Но тие пропуштиле да ги воочат толку јасните докази кои Бог им ги пружил и тоа било судбоносно. Не го сфатиле пресудното значење на моментот да побараат прошка од Бога за своите тешки гревови. {3С 356.1}

Таа ноќ на милост, Израелците не ја минале во признавање на своите гревови и во каење, туку во пронаоѓање на начини како да ги побијат толку очевидните докази за својот тежок грев. Сè уште негувале огорчена омраза против Мојсеј и Арон - луѓе кои сам Бог ги именувал и се храбреле меѓусебно во своето спротивставување на нивниот авторитет. Сатаната бил на дело да го изопачи нивното расудување и со врзани очи да ги води право во пропаст. Потполно затруени од духот на незадоволство и омраза, во своето срце биле непоколебливо уверени дека Мојсеј и Арон се зли луѓе и дека се одговорни за смртта на Кореј, Датан и Авирон, кои по нивно мислење можеле да ја спасат нацијата, воведувајќи подобро уредување во кое пофалбите и мирот би го зазеле местото на постојаните укори, загриженост и судири. {3С 356.2}

Ден пред тоа, Израелците, заплашени од стравотните крици на осудените престапници, кои тонеле во бездната, бегале на сите страни, зборувајќи: „Да не нè проголта земјата”. А утредента израелевите синови им рекоа на Мојсеј и на Арон: „Го

истепавте Господовиот народ!” Во своето негодување тие биле подготвени да дигнат раце на луѓето кои сам Бог ги поставил, верувајќи дека убивајќи ги оние кои биле добри и свети направиле големо зло. {3С 357.1}

Но Господовото присуство манифестирано во Неговата слава над Шаторот на средбата ги запрело бунтовниците во нивната намера. Господовиот глас од Неговата застрашувачка слава - со зборови слични на оние еден ден порано биле упатени на тој ист народ - сега им наредил на Мојсеј и Арон: „Оддалечете се од заедницата, ќе ги погубам во еден миг!” {3С 357.2}

Овде наидуваме на изненадувачки пример на духовна заслепеност која може да го обземе човечкиот ум кога намерно се затвораат очите пред светлината и доказите. О, колку е тешко да се потчини духот на длабоко вкоренетиот бунт! Во начинот на кој биле уништени Корej и неговата дружина, Израелците навистина имале најубедлив доказ дека тие луѓе биле измамници, но тие сè уште се држеле дрско, обвинувајќи ги Мојсеј и Арон дека уништиле добри и свети луѓе. „Зашто бунтот е како грев на гатање, а тврдоглавоста како суеверие и идолопоклонство”. {3С 357.3}

Не сфаќајќи ја сета тежина на направениот грев, Мојсеј не побрзал на Господовиот збор веднаш да го напушти народот, како што тие еден ден порано побегнале од шаторите на Корej, Датан и Авирон. Се колебал затоа што не му било ниту малку лесно толкаво мноштво народ да го препушти на нивната пропаст, иако знаел дека со својата упорност во бунтот заслужуваат божествена осуда. Бидејќи тие не увидувале никаква потреба да се понижат и да размислуваат за своето спасение, тој паднал со своето лице пред Бога и во најсердна молитва се залагал за нив. {3С 357.4}

Во овој случај Мојсеј бил симбол на Христа. Во тој критичен момент тој покажал грижа на вистински пастир за стадото кое му било доверено. Го преколнувал навредениот Бог во Својот гнев да не го уништи во потполност тој народ кој сам го избрал. Со своето посредување ја задржал раката на одмаздата, така што непослушниот и бунтовен Израел не бил потполно уништен. Тој му наредил на Арон што треба да преземе во тој страшен момент кога како резултат на Божјиот гнев, поморот веќе започнал. Земајќи кадилница во својата рака, Арон постојано кадел пред Господа, додека Мојсеевото сесрдно преколнување за народот се издигнувало кон небото заедно со мирисот на темјан. Не осмелувајќи се да ја прекине својата молитва, Мојсеј цврсто се држел за Ангелот како Јаков во својата борба и одолеал на ист начин како Јаков. И додека Арон уште стоел меѓу живите и мртвите, стигнал милостив одговор: ‘Ја услишив твојата молитва и нема потполно да ги уништам.’ Токму оние луѓе кои бунтовниците толку ги презирале, сакајќи да ги одведат во смрт, придонеле со своите молитви извадениот меч на божествената одмазда да се врати во корицата и толку неблагодарниот израелски народ да биде поштеден. {3С 358.1}

Презирање и отфрлање на укорот

Апостол Павле јасно вели дека искуствата на Израелците во текот на нивното патување низ пустината се запишани за добро на оние кои живеат во последните денови на земската историја. Да не мислиме дека опасностите кои нам ни се закануваат се помали од оние кои им се заканувале на Израелците; напротив, тие се уште поголеми.

И ние често доаѓаме во искушение да завидуваме и да мрмориме, па дури и да манифестираме бунтовнички дух, како што е запишано за старозаветниот Израел. Секогаш ќе постои склоност да се застанува против укорувањето и осудата на гревот и на сè што е неправилно. Но зар гласот на укорот поради тоа треба да замолкне? Ако би било така, тогаш не би биле во поповолна положба од останатите верски заедници во нашата земја, каде што не се осмелуваат ниту да ги спомнат гревовите и заблудите кои преовладуваат кај народот. {3С 358.2}

Оние кои Бог ги издвоил за проповедници на правдата имаат сериозна и света одговорност да ги укоруваат и разоткриваат гревовите на народот. Павле му препорачува на Тит: „Ова зборувај го и советувај и карај со полн авторитет. Никој нека не те презира". Секогаш ќе се најдат такви кои ги презираат и укоруваат и оние кои се осмелуваат да го опоменат престапникот; меѓутоа, има моменти кога мора да се укорува. Павле му налага на Тит некои остро да ги укори, за да бидат здрави во верата. Членството на црквата го сочинуваат мажи и жени кои се разликуваат според многу работи; тие со себе ги донесуваат и своите особености и карактерни недостатоци. И доколку тие недостатоци не се искоренат пред да се развијат, тие мораат да бидат укорени. Кога оние кои се наоѓаат на одговорни положби никогаш никого не би укориле, во црквата би дошло до нагло опаѓање на моралот и Бог би бил многу обесчестен. Но, како треба да се укорува? Апостол Павле дава одговор: „Со долго трпение и поука". На оние кои заслужуваат укор секогаш треба да им се укаже на начелото и никогаш не треба рамнодушно да се преминува преку гревот кај Божјиот народ. {3С 358.3}

Секогаш ќе има мажи и жени кои го презираат укорот и чии чувства се бунат против тоа. Никому не му е пријатно кога ќе му се укаже на неговите грешки. Речиси во секој случај кога укорот е неопходен, ќе се најдат поединци кои потполно лесно преминуваат преку фактот дека Господовиот Дух бил ожалостен и дека му е нанесен срам на Божјото дело. Таквите обично ги сожалуваат оние кои заслужуваат укор, бидејќи се повредени личните чувства. Таквата непосветена наклонетост и сожалување ги прават сите оние кои го манифестираат тоа соучесници во вината на укорениот. Во девет од десет случаи, на укорениот би му се помогнало да ја увиди својата грешка и да се поправи, кога би бил препуштен да го почувствува товарот на својата вина. Меѓутоа, тука најчесто се наоѓаат непосветени симпатизери кои, мешајќи се во туѓи работи, погрешно го толкуваат сочувството на оној кој укорува и самата природа на укорот. Изразувајќи сочувство со укорениот, тие го наведуваат на заклучок дека се бунат против оној кој само ја извршил својата должност. Оние кои верно ги исполнуваат своите непријатни должности, свесни дека за тоа ќе полагаат сметка пред Бога, ќе го примат Неговиот благослов. Бог бара од Своите слуги секогаш да бидат ревни во извршување на Неговата волја. Во своето послание до Тимотеј, апостолот го храбри својот млад соработник: „Проповедај ја Речта, настојувај во добро време и во невреме; карај, укори, воздигни со долго трпение и учење". {3С 359.1}

Израелците во пустината не сакале да се покорат на наредбите на Господа и да ги почитуваат Неговите ограничувања и забрани. Тие едноставно сакале да живеат според својата желба, да одат според мислите на своето срце и да се раководат според сопственото расудување. Ако биле препуштени непречено да го прават сето тоа, тие никогаш не би мрмореле ниту би се жалеле на Мојсеј; но ограничувањата постојано внесувале во нив немир и незадоволство. {3С 360.1}

Бог сака припадниците на Неговиот народ да бидат дисциплинирани и сложни во работата, за да можат едни со други да се гледаат во очи и да бидат еднодушни и едномислени. Но за да се оствари тоа, треба уште многу да се направи. Непрепороденото срце мора да се потчини и потполно да се промени. Бог сака во црквата секогаш да постои живо сведоштво. Укори и охрабрувања секогаш се потребни, а некои, во зависност од случајот, мораат и остро да се укорат. Да слушнеме како поединци се жалат: О, јас сум толку чувствителен, така што не поднесувам ниту најмал прекор!" Кога таквите би сакале да ја признаат својата вистинска состојба, тие би рекле: „Јас сум толку самоволен, толку полн со самозадоволство и гордост, така што не поднесувам никакви наредби ниту било какви укори. Имам право да се раководам според сопственото расудување, да верувам и да зборувам според своето убедување". Господ не сака ние да се откажеме од својата личност. Но кој може правилно да процени до каде може да го одведе личната независност? {3С 360.2}

Петар ги советува и храбри своите браќа: „Така и вие млади, потчинете им се на постарите: а сите вие слушајте се меѓусебно и стекнувајте понизност, бидејќи Бог се спротивставува на горделивите, а на понизните им дава благодат". Апостол Павле во своето послание до Филипјаните препорачува единство и понизност. „Ако имате некоја утеха во Христа, топлина, љубов или заедница на Духот, сочувство или милост, зголемете ја мојата радост; исто да мислите, иста љубов да имате, да бидете еднодушни, едномислени; ништо не правете од инает, ниту за празна слава, туку во дух на љубезност сметајте го другиот поголем од себе. Не грижете се само за своите, туку и за другите. Затоа во вас нека е истата мисла како и во Исуса Христа". На друго место, Павле исто така ги советува своите браќа: „Љубовта да не биде лажна. Мразејќи го злото, правете добри дела. Сакајте се еден со друг со братска љубов. Укажувајте си почести еден на друг". Во посланието до Ефесјаните, тој нагласува: „Слушајте се меѓусебно во Божји страв". {3С 360.3}

Историјата на израелскиот народ ни покажува колку опасна може да биде силата на измамата. Не увидувајќи ја својата грешност, многумина не чувствуваат никаква потреба за Божјата милост ниту за Неговото простување. Во таква духовна темнина, тие природно се изложуваат на искушенија и на силата на темнината. Тие се далеку од Бога, а сепак се многу задоволни сами од себе, иако нивното однесување е одвратно на Бога. Таквите секогаш се спротивставуваат на водството на Божјиот Дух, а посебно на укорувањето. Тие не сакаат никој да ги вознемирува. Понекогаш ги обзема страв од себичните побуди и тогаш манифестираат добронамерност, загриженост и свест за сопствената вина; но им недостига длабоко искуство со Бога, бидејќи не се врзале со вера за Вечната Карпа. Таквите никогаш не ја увидуваат потребата за јасно и одредено сведоштво. Тие не ја увидуваат одвратноста на гревот, токму затоа што не живеат во склад со светлината како што живеел Христос. {3С 361.1}

Меѓутоа, има и такви кои имале голема светлина, длабоко осведочување и позитивно искуство под влијание на Светиот Дух, но подлегнале на разновидни сатански искушенија и лукавства. Тие не ги ценат зраците на светлината кои Бог им ги испраќа. Не ги прифаќаат опомените и укорите кои доаѓаат од Светиот Дух и затоа се наоѓаат под Негова осуда. Таквите никогаш нема да се согласуваат со недвосмислените сведоштва, бидејќи тие ги осудуваат. {3С 361.2}

Божја намера е припадниците на Неговиот народ да бидат единствени, еднодушни и едномислени. Меѓутоа, тоа не може да се оствари без влијание на јасното, одредено

и живо сведоштво во црквата. Христос му се молел на Таткото за Своите ученици да бидат единствени меѓу себе како што Тој бил едно со Својот Татко. „Не молам само за нив, туку и за оние ќе поверуваат во Мене поради нивните зборови; сакам сите да бидат едно, како што Ти, Татко си во Мене и Јас во Тебе; и тие да бидат едно во нас, за светот да поверува дека Ти си Ме пратил. И славата која Ми ја даде, Јас им ја дадов на нив, да бидат едно како што ние сме едно. Јас во нив и Ти во Мене; да бидат обединети и да познае светот дека Ти си Ме пратил и дека ги љубиш нив како што Ме љубиш Мене". {3С 361.3}

32. АПЕЛ ДО МЛАДИТЕ

Драги момчиња и девојки, од време на време Господ ми дава сведоштва кои содржат опомени и предупредувања за вас. Тој ве охрабрува да Му го предадете своето срце и да Му ги посветите своите највозвишени и најсвети чувства. Бидејќи овие опомени толку живо ми излегуваат пред очи, гледам дека се наоѓате во опасност за која воопшто не сте свесни. Во училиштето сместено во Батл Крик се сретнуваат многу млади кои според своите сфаќања и интелектуално насочување многу се разликуваат. Ако тие момчиња и девојки не се посветат во потполност на Бога, покорувајќи се на Неговата волја и одејќи понизно по патот на Неговите заповеди, отворањето на училиштето во Батл Крик ќе се покаже како голема пречка за напредок на црквата. Ова училиште може да биде вистински благослов, но исто така и проклетство. Сите вие кои се нарекувате со Христовото име најсердно ве повикувам: Отстапете од своето беззаконие и развивајте карактер на кој Бог може да го стави печатот на Своето одобрување. {3С 362.1}

Ве прашувам: Верувате ли дека укорите кои ви се упатени преку сведоштвата се навистина од Бога? Ако навистина верувате дека ви зборува Божјиот глас, укажувајќи на опасностите кои ви се закануваат, дали ги послушавте дадените совети? Дали тие сведоштва и опомени ги одржувате свежи во своите мисли, читајќи ги често и со сесрдни молитви? Деца и младино, Господ често ви зборува преку Своите опомени, но вие не сакате тоа да го послушате. Иако не ги затворивте своите срца за советите и опомените кои Господ ви ги упатува во поглед на вашиот карактер и опасностите кои ви се закануваат, како и во поглед на патот на кој ве упатува, некои помеѓу вас сепак не подаруваат доволно внимание на она што се бара од нив за да добијат духовна сила и да станат благослов за училиштето, за црквата и за сите со кои доаѓаат во допир. {3С 362.2}

Момчиња и девојки, вие сте одговорни пред Бога за светлината која ви ја дал. Оваа светлина и овие опомени, ако не им го посветите заслуженото внимание, ќе сведочат против вас на денот на Божјиот суд. Вие сте многу јасно предупредени на опасностите кои ви се закануваат; упатени ви се многу совети и опомени кои како заштитна ограда треба да ве штитат од сите страни. Во Божјиот дом вие постојано слушате најсериозни излагања и до срце продорни вистини кои, под влијание на Светиот Дух, ви ги изнесуваат Божјите слуги. Каков впечаток сето тоа остава на вашето срце и на вашиот карактер? За секој таков апел и опомена вие сносите одговорност, бидејќи според тоа сите оние кои ќе продолжат да живеат суетно, лесноумно и горделиво, ќе бидат осудени. {3С 363.1}

Драги млади пријатели, она што сега го сеете, тоа и ќе го жнеете. Сега за вас е времето на сеидба. Каква ќе биде жетвата? Што всушност вие сеете? Секој збор што ќе го изговорите, секоја ваша постапка всушност претставува семе кое ќе донесе добар или лош род, а исходот ќе биде радост или тага за оној кој сее. Бог ви дал голема светлина и многу предности; и бидејќи јасно ви укажал на опасностите кои ви се закануваат, сета одговорност паѓа на вас. Од тоа на каков начин ја прифаќате светлината која Бог ви ја дава, зависи дали во борбата за своето спасение нема да бидат успешни или поразени. Во тој поглед сами одлучувате за својата судбина. {3С 363.2}

Влијанието кое и не знаејќи го вршите едни на други може да биде позитивно, но исто така и негативно. И исходот од тоа, таков каков што е, се бележи во небесните книги. Ангелот го бележи секој ваш збор и секоја ваша постапка. Дали секое утро кога ќе станете чувствувате потреба да побарате сила и помош од Бога? Дали своите потреби во понизност и со искрено срце ги изнесувате пред својот небесен Татко? Ако е така, ангелите верно ги бележат вашите молитви; и доколку тие молитви се упатени од срце - кога ќе се најдете во опасност и несвесно да направите нешто што не е добро, влијаејќи и на другите да се угледаат на вас, вашиот ангел чувар ќе биде покрај вас, укажувајќи ви на подобар пат, помагајќи ви да внимавате на своите зборови, влијаејќи на вашите постапки. 3С 363.3}

Ако, несвесни дека ви се заканува опасност, не упатувате молитви за помош и сила неопходна за да се спротивставите на искушението, неминовно ќе се најдете на погрешен пат. Секое занемарување на должноста се бележи во небесните книги и на денот на проверка вие ќе се најдете лесни. Меѓу вас има поединци кои се воспитани во дух на побожност, а има и такви на кои постојано им се попуштало, угодувало и ласкало и кои со пофалби се разгалени до таа мера што станале потполно неспособни за практичниот живот. Јас зборувам за оние кои ги познавам. Со попушатње, ласкање и неактивност, нивниот карактер е толку изопачен, така што станале потполно бескорисни во овој живот. А кога уште овде се толку некорисни, како можат да се надеваат на оној живот каде што сè дише со чистота, светост и потполно совршенство на карактерот? Јас се молев за таквите и лично зборував со нив. Гледам дека тие само негативно ќе влијаат на другите, наведувајќи ги да се оддадат на суета, надворешно украсување на своето тело и потполна безгрижност во поглед на вечните и неминливи интереси. Единствена надеж за таквите е сериозно да размислат за своите патишта, во своето срце полно со горделивост и суета длабоко да се понизат пред Бога во каење и потполно обратување. {3С 364.1}

Суетата во поглед на облекувањето и љубовта кон забавите и разонодите претставуваат големо искушение за младите. Бог има свети барања во однос на секој од нас. Тој бара сета своја љубов да му ја посветиме само Нему. На ваквото барање често добиваме одговор: „О, јас не тврдам дека сум христијанин!” А што ако не тврдиш? Зар мислиш дека Бог од тебе не го бара истото што и од оние кои се нарекуваат Негови деца? Зар Господ толку лесно ќе премине преку твојата дрскост и немарност само затоа што го презираш Неговото барање за свет живот? Секој ден во кој ќе ги занемариш Божјите барања, секоја неискористена можност да ја прифатиш понудата на Неговата милост, го зголемува списокот на гревови кои ќе сведочат против тебе на денот кога секој ќе мора да положи сметка пред Бога. Ви се обраќам вам, момчиња и девојки, без оглед дали исповедате или не исповедате вера. Бог ја бара вашата љубов, вашата доброволна послушност и посветеност. Ви преостанува кратко

време на проверка и вие можете да ја искористите таа прилика за безусловно да Му се предадете на Бога. {3С 364.2}

Послушноста и потчинетоста на Божјите барања, според зборовите на вдахновениот апостол, се услови за да станеме Божји деца, членови на царското семејство. Секое дете и секое младо суштество, секој маж и секоја жена Христос со Својата крв ги спасува од бездната на пропаста во која сатаната упорно ги турка. Дали грешниците, не прифаќајќи го спасението кое толку милостиво им се нуди, со самото тоа се ослободуваат од своите обврски? Нивниот избор и понатаму да останат во гревот и дрско да го престапуваат Божјиот закон ниту најмалку не ја намалува нивната вина. Исус платил цена за нивниот откуп и тие Нему Му припаѓаат. Тие се Негова своина и доколку не се согласат да бидат послушни на Него, Кој го дал Својот живот за нив, туку своето време, сила и таленти ги посветуваат во служба на сатаната, смртта ќе им биде заслужена плата. Неминливата слава и вечниот живот претставуваат награда која нашиот Спасител им ја нуди на сите кои сакаат да го слушаат. Тој им овозможува во Негово име да го усовршат христијанскиот карактер и да победат како што победил Тој. Со Својот живот на Земјата, Тој им оставил пример како можат да победат. „Зашто плата за гревот е смрт, а Божјиот дар е вечен во Исуса Христа, нашиот Господ”. {3С 365.1}

Божјите барања се задолжителни за секого. Оние кои го занемаруваат големиот дар на спасение кој толку милостиво им се нуди и кои ќе се одлучат во непријателство со Бога и толку самопожртвуваниот Откупител да продолжат да живеат само за себе, ќе примат заслужена казна. Тие сеат во телото и од телото ќе жнеат само изопаченост. {3С 365.2}

Оние кои со крштавање се „облекоа во Христа” покажувајќи го со тоа своето откажување од светот и заветувајќи се да живеат нов живот, не треба да подигаат идоли во своето срце. Оние кои еднаш ја почувствувале радоста поради простувањето на гревовите и кои ја искусиле Спасителовата љубов, а и понатаму продолжуваат да се дружат со Христовите непријатели, отфрлајќи ја совршената праведност која Тој им ја нуди и бирајќи го она што Тој го осудува во Својата реч, ќе бидат построго судени од незнабошците кои ја немале таа светлина ниту знаење за Бога и за Неговиот закон. Оние кои не се согласуваат да живеат според светлината која Бог им ја дал, туку се оддаваат на забави, суета и лудостите на овој свет, одбивајќи својот живот да го ускладат со праведните и свети барања на Божјиот закон, во Божјите очи носат вина за најтешки гревови. Нивната вина, одговорност и плата ќе бидат соодветни на светлината и предностите кои ги имале. {3С 365.3}

Светот во потполност е обземен со забави и уживање. Прва и најголема цел на повеќето од нив, а особено жените, е да се фалат со својот надворешен изглед. Љубовта кон модата и задоволствата ја уништува среќата на илјадници човечки суштества. Дури и некои од оние кои тврдат дека го љубат Бога и ги држат Неговите заповеди се адаптираат колку што е можно на ваквите, а сепак го задржуваат своето христијанско име. Некои од младите толку копнеат за фалбаџиско истакнување на своето тело, така што се откажуваат од своето христијанско име само за да можат непречено да се поведуваат по своите склоности кон суетата во облекувањето и љубовта кон сетилните задоволства. Едноставноста во облекувањето и одбегнувањето на накитот и раскошното украсување е во склад со нашата вера. Дали сме во бројот на оние кои увидуваат колку е неразумно претерувањето во модата и оддавањето на задоволствата на овој свет? Ако сме, тогаш треба да го одбегнуваме и самото одобрување на сето тоа што ги обзема

мислите и срцето на оние кои живеат само за овој свет и кои воопшто не размислуваат за идниот, вечен живот. {3C 366.1}

Млади христијани, видов дека некои од вас се исклучително наклонети кон модата и украсувањето што многу ме загрижува. Кај некои кои добивале добри верски упатства од најраното детство и кои со крштавање „се облекле во Христа" изјавувајќи дека се мртви за овој свет, видов суета во облекувањето и несериозност во однесувањето, што многу го растажува нашиот Спасител и го срами Божјото дело. Со длабока болка во душата го видов вашето верско опаѓање и вашата склоност кон модата и украсувањето на својата надворешност. Некои на своја несреќа имаат и златни ланчиња, или некои слични украси, и украсувајќи се со нив на толку нападен начин, за да го свртат вниманието на себе, само покажуваат недостаток на добар вкус. Таквите со својот изглед и однесување потсетуваат на раскошен паун кој се фали со своите прекрасни пердуви за да предизвика воодушевување на набљудувачите. Но пердувите претставуваат сè со што оваа сирота птица може да го привлече вниманието, бидејќи нејзиниот глас и облик се сè друго, само не привлечни. {3C 366.2}

Младите треба да се одликуваат со копнеж за украси на кроткиот и понизен дух, со тие скапоцени камења од непроценлива вредност кои небото ги цени. Тоа е украс кој може да привлече внимание на многумина на овој свет, а тоа уште повеќе го ценат небесните ангели, а пред сè нашиот небесен Татко; и сите оние кои ќе се украсат со тој украс ќе бидат примени со добредојде во небесните дворови. {3C 367.1}

Младите имаат способности со кои, доколку правилно ги развиваат, би можеле да ги оквалификуваат за речиси секоја доверлива положба. Кога тие во стекнување на образование би мислеле на тоа, развивајќи ги своите од Бога дадени способности, така што со корисна употреба ќе послужат на благослов на другите, тие никогаш не би останале на понизок степен на умниот развој. Би манифестирале длабочина на мислите и цврстина во начелата со што би стекнале почит и углед. Со своето благотворно влијание би наведувале и други да ја увидат и признаат силата на разумниот христијански живот. Оние кои повеќе мислат на надворешното украсување на телото отколку на својот духовен и умствен развој и кои не ги развиваат своите способности за најуспешната употреба во службата на Бога и на ближните, не се свесни за своите одговорности пред Бога. Таквите секогаш се склони во сè што работат да бидат површни со што нивната корисност во животот значително се намалува, а нивните умни способности остануваат неразвиени. {3C 367.2}

Во своето срце чувствувам длабока болка поради овие млади, како и поради нивните родители. Во воспитувањето на овие деца е направен голем пропуст, и голема и тешка е одговорноста на оние кои си го дозволиле себеси тој пропуст. Родителите кои, наместо разумно и принципиелно зауздување, ги разгалувале своите деца попуштајќи им во сè, сега можат да видат каков карактер формирале во нив. Во карактерот на децата се одразува нивното воспитување. {3C 367.3}

Аврамовата верност

Враќајќи се во своите мисли во дамнешното минато, размислувам за верниот Аврам кој, во послушност на божествениот налог примен во една ноќна визија во

Вирсавеја, без одложување поаѓа на пат заедно со својот сакан син Исак. Стигнувајќи до самиот врв на кој според Божјиот налог требало да принесе жртва, тој ги симнал дрвата од рамената на својот слуга и ги натоварил на Исак, кој требало да биде жртвуван на нив. Ја вооружал својата душа со одлучност и страшна сериозност на моментот, подготвен да го изврши делото кое Бог го барал од него. Со скршено срце, со треперлива рака го земал приборот за палење на огнот и ножот, додека синот му го поставил прашањето: „Татко, еве дрва и оган, а каде е јагнето за жртва?" Но Аврам сè уште не можел тоа да му го соопшти. Таткото и синот заедно го подигнале олтарот, а тогаш за Аврам настапил најтешкиот момент да му ја каже страшната вистина на својот син Исак: дека токму тој - неговиот сакан син - мора да биде жртва. Во тоа време Исак не бил дете; бил возрасно момче, кое ако сакало лесно можело да се спротивстави на барањата на својот татко. Меѓутоа, тој не го обвинил својот татко дека го загубил умот ниту се обидел да ја промени неговата намера. Со полна доверба во татковата љубов тој мирно се предал во неговите раце, верувајќи дека таткото не би се согласил на толку страшен начин да го жртвува единствениот син, доколку тоа не му е наредено од Бога. Синот се согласил да биде жртвуван, бидејќи во потполност верувал во чесноста на својот татко. Но, кога сè било готово, кога Аврам до крај ја покажал својата вера, а Исак својата послушност, Божјиот ангел ја запрел Аврамовата рака, која веќе била подигната за да го убие својот син и му рекол дека тоа е доволно. „Сега дознав дека навистина се боиш од Бога, кога не го пожали својот син единец пореди Мене". {3С 368.1}

Овој чин на Аврамова вера е забележан за наше добро. Тоа ни пружа голема поука секогаш да ги прифаќаме Божјите барања со полна доверба, колку и тие да изгледаат тешки и болни, а за децата тоа е поука за совршено покорување и на родителите и на Бога. {3С 368.2}

Во овој случај Исак бил претслика на Божјиот Син Кој се согласил да биде жртва за гревовите на светот. Бог сакал на овој начин да му ја предочи на Аврам евангелската порака за спасението на човекот. За да му ја открие таа вистина во сета нејзина стварност и за да ја испита неговата вера, од него било побарано да го жртвува својот сакан син Исак. Сите душевни страдања и речиси смртни макки низ кои Аврам морал да помине во ова мрачно и тешко искушение биле дозволени со една цел - планот за откупување на паднатиот човек подлабоко да се втисне во неговата свест. Од своето лично искуство би требало да сфати колку неискажано било самооткажувањето на Семоќниот Бог кога го дал Својот единороден Син на жртва за да го спаси човекот од вечна пропаст. Ниту едно душевно страдање во Аврамовиот живот не може да се спореди со она што го поднел, додека покорувајќи се на божествениот налог, го водел синот на ридот Морија, за да го принесе на жртва. {3С 369.1}

Бог го предал Својот Син да живее на оваа Земја во најголема понизност, самооткажување, сиромаштво, тешки напори и срам и да умре со страшна смрт на крстот. Но тука немало ангели, како во Аврамовиот случај, да ја донесат радосната вест: „Доволно е; Ти не треба да умреш, мој сакан Сине!" Легиони на ангели исполнети со тага и болка чекале во надеж дека Бог, како во Исаковиот случај, во последен момент ќе спречи Неговиот Син да умре со толку страшна смрт. Но на ангелите не им било дозволено да му пренесат било каква вест на драгиот Божји Син. Уследиле најболни понижувања во судницата, а потоа патот до Голгота. Му се потсмевале и Го плукале во лице. Мирно го поднесувал зајадливото пецкање, навредите и иронијата на оние кои Го мразеле, сè додека на крстот не ја наведнал Својата глава и не издивнал. {3С 369.2}

Дали Бог можел да ни даде поголем доказ за Својата љубов отколку да го предаде Својот Син да го поднесе тоа понижување и страдање? И како што тој Божји дар на човекот е потполно доброволен и непроценлив, а Неговата љубов бесконечна, така и Тој со право очекува нашата доверба во Него да биде безгранична, нашата послушност потполна; Тој бара цело срце и неподелени чувства – сè што човекот може да даде. Нашата послушност треба да одговара на тој Божји дар таа мора да биде потполна и без недостатоци. За сè што имаме ние Му должиме само на Бога. На Божјите барања можеме да удоволиме само со подготвеност во потполност да се предадеме на доброволна жртва. Тој бара одлучност и подготвеност да послушаме без никаков изговор и не прифаќа ништо помалку од тоа. Токму сега имаме можност да бидеме сигурни во Божјата љубов и Неговото одобрување. Оваа година може да биде последна година од животот за некои кои ги читаат овие редови. Има ли меѓу младите читатели на овој апел и такви кои повеќе ќе ги изберат задоволствата на овој свет, отколку оној мир кој Христос им го дава на сите кои ревно истражуваат и ја творат Неговата волја? {3С 369.3}

Нашиот карактер, нашите постапки и нашите побуди, Бог ги мери на мерилата на светилиштето. Тешко на оној кого нашиот Откупител, Кој умрел на крстот за да нè привлече кон Себе, ќе го прогласи лесен поради недостаток на љубов и послушност. Бог нè надарил со големи и драгоцени дарови. Обдарени со светлина во препознавање на Неговата волја, никој од нас не мора да скита во темнината на заблудата. Да се биде пронајден лесен на мерилата на денот на конечната пресметка, ќе биде нешто најстрашно - ужасен пропуст кој никогаш повеќе нема да може да се поправи. Зар ќе дозволите, млади пријатели, во Божјата книга тој ден напразно да се бараат вашите имиња? {3С 370.1}

Бог ви одредил задача која треба совесно да ја извршите за да бидете Негови соработници. Сите со кои сте опкружени претставуваат загубени души кои треба да се спасат. Насекаде се наоѓаат такви на кои им е потребно охрабрување и за кои со своите ревни напори можете да претставувате вистински благослов. И вие можете да бидете орудие во Божјите раце за душата на грешникот да се одврати од гревот и да ја прифати правдата. Чувството на лична одговорност пред Бога ќе ве наведе да чувствувате и потреба од верност во молитвата и постојана будност во стражењето за сатаната да не ве изненади со своите искушенија. Ако навистина сте христијани, вие повеќе ќе тагувате и плачете поради моралната темнина која го обзема светот отколку да се оддавате на лесноумност и горделивост во облекувањето. Вие ќе бидете меѓу оние кои плачат и воздивнуваат поради гадотиите кои се прават на Земјата. Ќе успеете одлучно да се спротивставите на искушението, како што е оддавањето на суета и раскошно фалење со накитот. Оние кои наоѓаат задоволство во тие бесмислени ништожности, занемарувајќи ги притоа своите возвишени должности, со тоа покажуваат дека и во моралниот и во интелектуалниот развој останале џуџиња. {3С 370.2}

Младите на нашите денови можат да бидат Христови соработници само ако сакаат. Во работата за Христа нивната вера би зајакнала и нивното познавање на божествената волја би било сè поголемо. Секоја искрена намера и секоја добронамерна постапка се бележи во книгата на животот. Јас сакам, колку што е тоа во моја моќ, да ги пробудам младите за да увидат колку е погрешно да се оддаваат на задоволување на телесните желби и да го спречат својот морален и интелектуален развој со ништожните минливости на овој живот. Кога младите во своите мисли и зборови би се издигнале над

безвредните привлечности на овој свет, имајќи пред очите само една цел: со својот живот да Го прослават Бога, Неговиот мир кој го надминува секој ум, би бил и нивен мир. {3С 370.3}

Христовото понижување

Зар Христос како наш Пример не одел по тешкиот пат на самооткажување, самопожртвување и понизност поради нас, за да нè спаси? Во своите напори да нè спаси, наидувал на тешкотии, искусил разочарувања и поднесувал потсмев и понижувања. И треба ли ние тогаш да го одбегнуваме патот по кој одел Царот на славата? Имајќи во вид што сè поднел Откупителот поради нас во пустината на искушението, во Гетсиманската градина и на Голгота, треба ли да се жалиме на неволјите и искушенијата кои се неминовни во цел на стекнување на победи? Сето ова го поднел за да ни го покаже патот и за да ни укаже божествена помош без која нема спас ниту излез. Младите кои сакаат да стекнат вечен живот нека не очекуваат дека можат да се поведат по своите склоности. За таква награда мора да се жртвува сè. Тие сега треба да одлучат дали се за Христа или за светот. Колку има млади кои се подготвени да поднесат лишувања, умор, тешки напори и грижи, за да си служат сами на себе и да остварат одредена цел во својот живот? Тие и не помислуваат да се жалат на непријатностите и тешкотиите со кои мораат да се соочат за да ги остварат своите цели. Зошто тогаш би се плашеле од судирите, самооткажувањето и од било каква жртва неопходна за да се стекне вечен живот? {3С 371.1}

Христос се спуштил од дворовите на славата на овој од грев осквернавен свет и се понизил примајќи на Себе човечка природа. Тој се поистоветил со нашите слабости и бил искушуван во сè како и ние што се искушуваме. Христос развивал совршенство на карактерот на оваа Земја, не поради Себе, бидејќи Неговиот карактер бил чист и беспрекорен, туку поради паднатиот човек. Сега Тој го нуди Својот карактер на човекот и него може да го прими секој кој го сака тоа. На грешникот, благодарение на искреното каење, верата во Христа и послушноста на совршениот Божји закон, му се припишува Христовата правда, така што таа станува и негова правда и неговото име се запишува во животната книга на Јагнето. Така тој станува Божјо дете и член на Неговото царско семејство. {3С 371.2}

Плаќајќи неизмерна цена, Христос го откупил светот и припадниците на човечкиот род биле предадени во Неговите раце; тие станале Негова своина. Во Своето самопожртвување Тој ги оставил сите почести и богатства на небото, Својот величествен дом во царските дворови и станал „син на Јосиф и Марија". Јосиф бил еден од најскромните столарски работници. И Исус исто така бил работник, живеејќи од едноставна и напорна работа. Кога дошло време да ја започне Својата јавна мисија, веднаш по крштавањето, го издржал мачниот пост од речиси шест седмици. Неискажаните страдања низ кои минувал тогаш биле предизвикани не само од мачното чувство и од последиците на четериесетдневното гладување; најмногу од сè го притискала вината за гревовите на светот која ја презел на Себе. „Зашто Оној Кој не знаеше за грев, стана грешен поради нас". Под тој ужасен товар на вина поради нашите гревови, Тој се спротивставил на страшните искушенија, како што се: апетитот, љубовта кон светот и земските почести и горделивото фалење кое води до дрско пречекорување

на дозволеното. Христос минал низ сите три големи и главни искушенија и ги победил во име на човекот, изградувајќи за него совршен карактер, бидејќи знаел дека човекот сам за себе тоа никогаш не може да го оствари. Тој знаел дека токму во тие три точки сатаната најмногу го напаѓа човечкиот род. Совладувајќи го Адам, сатаната имал намера да го продолжи своето дело сè додека не го упропасти целиот човечки род. Христос се впуштил во борба со сатаната за да го порази во корист на човекот, бидејќи видел дека човекот само со својата сила не може да го победи. Со својот живот на страдања, самооткажување и самопожртвуваност, со Своето страдање и со Својата смрт, Христос подготвил пат за спасение на човекот. На тој начин Тој му овозможил на човекот, следејќи го Неговиот пример, и самиот да стане победник, како што и Тој победил поради него. {3С 372.1}

„Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух кој живее во вас, и дека не сте свои? Зашто скапо сте купени. Затоа прославете го Бога со своето тело и со својата душа, кои се Божји". „Не знаете ли дека вие сте Божји храм и дека Божјиот Дух живее во вас? Ако некој го осквернува Божјиот храм, него ќе го уништи Бог; бидејќи Божјиот храм е свет, а тоа сте вие". „Не влечете во туѓ јарем неверник: зашто што има правдата со беззаконието? Или каква заедница има светлината со темнината? Како се согласува Христос со Велијар? Или каков дел има верникот со неверникот? Или како се совпаѓа Божјиот храм со идолите? Зашто вие сте храм на живиот Бог, како што кажа Бог: ќе се вселам во нив и ќе живеам во нив и ќе им бидам Бог и тие Ќе бидат Мој народ. Затоа одвојте се од нив, вели Господ и не допирајте се до нешто нечисто и Јас ќе ве примам; и ќе ви бидам Татко и вие ќе бидете Мои синови и ќерки, вели Господ Саваот". {3С 372.2}

Колку милостиво и нежно постапува нашиот небесен Татко со нас како со Свои деца? Тој нè штити од илјадници опасности кои ние не ги гледаме и нè чува да не пропаднеме како плен на подмолното сатанско лукавство. Бидејќи со своите ослабени сетила не ја забележуваме заштитничката грижа која Бог ни ја укажува преку Своите ангели, ние со толку малку почит размислуваме за секогаш будниот интерес кој нашиот милостив и добар Творец толку благонаклонето ја укажува со делата на Своите раце и не сме благодарни за толкавото изобилство на милосрдие со кое тој секојдневно нè опсипува. {3С 373.1}

Младите се потполно несвесни за многубројните опасности на кои сме изложени секој ден. Сè за тие опасности тие никогаш нема ниту да дознаат, но ако будно стражат во дух на побожност и во молитва, Бог ќе ја одржи нивната совест чувствителна и нивното разбирање јасно, така што тие ќе го распознаат делувањето на непријателот и ќе бидат во состојба да се спротивстават на неговите напади.

Меѓутоа, многумина од младите веќе толку долго се поведуваат по своите лични склоности, така што должноста за нив претставува само еден безначаен збор. Тие немаат жива претстава за возвишените и свети должности кои би можеле да ги извршуваат за добро на другите и на слава на Бога; и потполно ги занемаруваат. {3С 373.2}

Само кога духовно би се пробудиле и би сфатиле колку им е потребна Божја сила во спротивставување на искушенијата, младите би можеле да стекнат драгоцени победи и прекрасно искуство во христијанската борба. Колку малку млади мислат на предупредувањето на вдахновениот апостол: „Бидете трезни и внимавајте, бидејќи вашиот противник ѓаволот рика како лав, барајќи кого да проголта. Бранете се од него

со постојаност во верата". Кога во визија видел каква моќ има сатаната над луѓето, Јован извикнал: „Тешко на вас кои живеете на земјата и во морето, бидејќи ѓаволот се симна кај вас и многу се налути, знаејќи дека има многу малку време". {3С 373.3}

Единствената безбедност за младите се наоѓа во постојаната будност и сесрдната молитва; и тие не смеат да си ласкаат себеси дека и без тоа можат да бидат христијани. Своите намери да искуша и измами, сатаната лукаво ги крие под наметката на светлината, исто како тогаш кога му се приближил на Христа во пустината на искушението. Тој тогаш се појавил во облик на небесен ангел. И нам непријателот на душите може да ни дојде како небесен гостин и затоа апостол Павле ни препорачува трезвеност и постојана будност како наша единствена сигурност. Младите кои безгрижно се оддаваат на лесноумност и кои ги занемаруваат своите христијански должности постојано подлегнуваат на искушенијата на непријателот, додека би можеле да ги совладаат на ист начин како што и Христос ги совладал. {3С 374.1}

Служењето на Христа за потполно посветената душа не претставува никаков мачен напор. Послушноста на нашиот Спасител не нè лишува од среќата и вистинското задоволство во овој живот, туку напротив го облагородува и издигнува нашиот карактер. Секојдневното проучување на драгоцените зборови на животот кои се наоѓаат во Библијата ги зајакнува интелектуалните способности и го храни умот со знаење за величествените и славни Божји дела во природата. Со проучување на Светите Списи стекнуваме вистинско знаење за тоа како треба да се живее за да се чувствуваме навистина среќни. Внимателното проучување на Божјата реч ги снабдува истражувачите со силни библиски докази, така што во јасна светлина на вистината може да го негира и отфрли секое сомневање на неверникот. Оние кои ги пребаруваат Светите Списи секогаш можат да бидат утврдени во вистината; подготвени да се спротивстават на искушението на непријателот, богати во добрите дела и подготвени на одговор на секој кој ќе ги запраша за нивната надеж. {3С 374.2}

Премногу често се создава впечаток дека религијата го понижува човекот и дека прифаќањето на Библијата како правило на својот живот претставува понижување за грешниците и необратените. Тие сметаат дека барањата на Библијата се нерационални и дека, прифаќајќи ги таквите предизвици, би морале да се лишат од сè што е вкусно, убаво и привлечно, а наместо тоа да го прифатат понижувањето и деградацијата. Тоа е најголема измама со која сатаната го заведува човечкиот ум. Чистата Христова религија од своите следбеници бара едноставност на природната убавина и измазнетост на природното облагородување и возвишена чистота, а не она што е извештачено и лажно. {3С 374.3}

Додека чистата религија се смета престрога во своите барања и додека, особено од страна на младите, ненаклонето се споредува со лажниот сјај и привлечностите на овој свет, барањата на Библијата се сметаат понижувачки со тестот на потполно самооткажување кое ја одзема секоја радост на животот. Меѓутоа библиската религија секогаш само издигнува и облагородува. И кога оние кои исповедаат вера во Христа би ги применувале начелата на чистата религија во својот живот, Христовата религија би била поприфатлива за луѓето со благороден и возвишен ум. Библиската религија не содржи во себе ништо што би можело да ги повреди најблагородните човечки чувства. Во сите свои прописи и правила, таа е чиста како Божјиот карактер и возвишена како Неговиот престол. {3С 375.1}

Спасителот на светот нè предупредува да се чуваме од горделивоста на животот, но не и од неговата природна убавина. Укажувајќи на природната убавина на полското цвеќе и на лиљаните кои во својата беспрекорна убавина мируваат на градите на езерото, Тој рекол: „Погледнете на лиљаните во полето како растат; не се трудат ниту предат. Но Јас ви велам дека ниту Соломон во сета своја слава не се облече како еден од нив". Овде Тој покажува дека, колку и луѓето да се трудат и мачат со своето надворешно украсување да станат предмет на восхитување, сите нивни вештачки украси - кои тие толку високо ги ценат - не можат да се споредат со природната убавина на едноставното полско цвеќе. Тие едноставни цветчиња, облечени со божественият украс, ја надминуваат во својата убавина дури и прекрасната Соломонова облека. „Ниту Соломон во сета своја слава не се облече како еден од нив". {3С 375.2}

Ова е значајна поука за секој Христов следбеник. Откупителот на светот им зборува на младите. Ќе сакате ли да ги послушате овие зборови од небесните поуки? Тој ве повикува да размислувате за овие теми кои облагородуваат, издигнуваат, усовршуваат и чистат, а никогаш не понижуваат ниту го попречуваат развојот на умните способности. Неговите зборови: „Вие сте светлина на светот," и вам ви се упатени. „Не може да се сокрие град кој стои на гора". „Така да блеска вашата светлина пред луѓето, за да ги видат вашите добри дела и славата на вашиот Татко Кој е на небото". Ако Божјата светлина е во вас, таа ќе осветлува и други. Светлината никогаш не може да се сокрие. {3С 376.1}

Драги момчиња и девојки, со својата склоност да се облекувате во склад со барањата на модата, да се украсувате со злато и вештачки украси нема да им ја препорачате на други својата вера или вистина која ја исповедате. Во вашето настојување да ја украсите својата надворешност разумните луѓе ќе видат само духовна слабост и доказ за гордоста на срцето. Едноставното, уредно и ненаметливо облекување претставува најдобра препорака за моите млади сестри. Едноставноста во облекувањето и пристојното однесување претставува најдобар начин со својата светлина да осветлувате и други. Само така можете на сите околку себе да им покажете дека во споредба со она што е вечно и нераспадливо, правилно ги цените минливостите на овој живот. 3С 376.2}

Сега ви се пружа златна прилика да изградите чист и свет карактер за идниот вечен живот. Не смеете да си дозволите себеси тие драгоцени моменти да ги поминете во суетно украсување на својата надворешност, занемарувајќи го притоа внатрешниот накит на душата. „Вашето украсување да не биде однадвор во плетење на косата и во китење со злато или во облекување; туку во скриеното срце на човекот, во нераспадливоста на кроткиот и тивок дух, што е скапоцено пред Бога". {3С 376.3}

Бог, Кој сè на што може да запре погледот создал толку прекрасно и убаво, сака сè што е убаво. Тој во Својата реч ни открива колку ја цени вистинската убавина. Украсот на кроткиот и понизен дух во Неговите очи има навистина голема цена. Зар тогаш не треба најсесрдно да се трудиме и бориме за она што Бог го смета подрагоцено од скапите облеки, бисери или злато? Внатрешните украси, убавината на кротоста, духовната хармонија со небесните суштества, никогаш нема да го намалат вистинското достоинство на карактерот, ниту ќе нè направи помалку привлечни на овој свет. {3С 376.4}

Чистата и беспрекорна религија го облагородува верникот. Обележје на вистинскиот христијанин е секогаш пријатното расположение, светата и срдечна доверба во Бога и потполната предаденост на Неговото провидение, што толку освежувачки делува на душата. Божјата љубов и Неговата добрина христијанинот ја манифестира во она изобилство во кое и ја прима. Убавините на природата претставуваат теми за кои треба да се размислува. Набљудувајќи ги убавините на природата со кои сме опкружени и размислувајќи за тоа, нашите мисли се издигнуваат кон Творецот Кој го создал сето тоа толку совршено и прекрасно. Сите тие прекрасни Божји дела им зборуваат на нашите сетила, величајќи ја Неговата моќ и издигнувајќи ја Неговата премудрост. Секоја Божја творба има свои убавини кои го привлекуваат вниманието и интересот на Божјото дете, наведувајќи го тие драгоцени докази на Божјата љубов и добрина да ги цени над секое дело на човечката уметност. {3С 377.1}

Со зборови на силна сесрдност пророкот (псалмистот) го велича Бога за Неговите создадени дела: „Кога ќе ги погледнам небесата, делата на Твоите прсти, месечината и ѕвездите кои си ги поставил; што е човекот, па се сеќаваш на него?" „Јехова, Господе наш, колку е величествено Твоето име по целата Земја!" „Јас ќе те славам Тебе, Господи, со сето срце свое; ќе ги раскажувам сите Твои прекрасни дела". {3С 377.2}

Она што патот на многумина кои исповедаат религија го прави толку мрачен е недостатокот на вера. Има и такви кои се нарекуваат христијани, но не се достојни за тоа име. Тие немаат христијански карактер. Кога нивното христијанство ќе се стави на проба, нивната дволичност станува премногу очевидна. Вистинската религија се одразува во секојдневниот живот. Животот на вистинскиот христијанин е обележан со сесрдно и несебично залагање за добро на другите и за слава на Божјото име. Неговиот животен пат не е мрачен. Еден од вдахновените писатели на Светото Писмо вели: „Патот на праведникот е како светилка која свети сè повеќе додека не осамне ден. А патот безбожнички е како темнина, не знаат на што ќе се сопнат". {3С 377.3}

И зар младите ќе се согласат и понатаму да водат бесмислен живот со погрешни навики и површност, дозволувајќи модата и сетилните задоволства да го спречуваат развојот на нивните умствени способности? Бог би можел да каже: „Оваа ноќ ќе ставам крај на вашето беззумие". Тој може да дозволи таквите кои не донесуваат никаков род во Негова слава да ги снајде смртна болест. Соочени со страшната реалност на заминување во вечноста, тие можеби би ја сфатиле вредноста на душите. Би виделе дека со својот живот не Го славеле Бога, осветлувајќи го патот на спасението пред другите. И бидејќи живееле само за да си угодат себеси, тогаш во пресмртни маки и страв не би можеле да имаат јасна претстава за вечноста која ги очекува. Размислувајќи за својот дотогашен живот тие, мачени од грижа на совеста, би можеле само да извикаат: „Ништо не направив за Исуса, Кој направи сè за мене. Мојот живот беше страшен несупех". {3С 377.4}

Драги момчиња и девојки, додека се молите да не паднете во искушение, не заборавајте дека вашата работа не завршува со молитва. Доследни на својата молитва, морате да направите сè што е во ваша моќ за да се спротивставите на искушенијата, а она што не можете да го направите сами препуштете му го на Исуса Тој да го направи за вас. Бидете многу внимателни со своите зборови и однесување да не го повикате непријателот да ве искушува - во тоа никогаш не можете да претерате. Со своето безгрижно занемарување на опомените и укорите кои им се упатени, многумина од нашите момчиња и девојки ширум ја отвораат вратата на сатаната. Ако Божјата реч ја

земеме за свој патоказ, а Христа за свој небесен Учител, секогаш ќе ги препознаеме Божјите барања, но исто така и ќе ја разоткриеме сатанската измама, излегувајќи од секое искушение како победници. Кога во потполност се управуваме по упатствата на Божјиот Дух, покорувањето на Неговата волја нема да ни биде непријатна должност. {3С 378.1}

Сега е време за работа. Ако сме Божји деца секогаш ќе имаме што да направиме за Него сè додека живееме на овој свет. Никогаш да не кажеме дека немаме што да работиме, сè додека Божјото дело на Земјата не заврши. Би сакала сите млади, кои Бог ги сметал одговорни, да ги видат своите должности и обврски онака како што јас тоа го видов. Најголемото дело на овој свет било направено со најмногу вложен труд и тоа била мисија на Оној Кој поднел маки и страдања. Оние кои се лесноумни и површни не се подготвени за никакво добро дело. {3С 378.2}

Духовната слабост на многу млади мажи и жени на нашето време е навистина за жалење, бидејќи тие би можеле да бидат силни во добрите дела кога би Му се посветиле на Бога. Многу тагувам поради недостатокот на стабилност кај младите. Тоа треба сите да нè загрижува. Кај младите очевидно недостига сила и волја да го прифатат она што е правилно и добро и одлучност наместо според личните склоности да се раководат според должноста. Во недостаток на морална сила најчесто не се во состојба да се спротивстават на искушенијата. Причината што тие се џуџиња во духовен поглед е во тоа што не ги развиваат своите духовни сили со неопходна вежба. Наместо да напредуваат, тие остануваат неподвижно на исто место. Секој чекор во животот на вера и должност претставува чекор во правец на небото. Многу би се израдувала кога би слушнала дека кај младите дошло до промена во многу нешта, до реформа каква што немало до сега. Сатаната се служи со сите можни лукавства за да ги наведе и понатаму да останат рамнодушни и безгрижни во поглед на своите вечни интереси. Најсесрдно го повикувам младите едни со други да се потсетуваат на заветот кој го направиле при крштавањето и свечено да се заветат пред Бога дека својата љубов и внимание нема веќе да ги подаруваат на модата и надворешниот изглед {3С 379.1}

Сакам да ги потсетам младите кои со задоволство ја украсуваат својата надворешност и носат разни украси на своите шапки дека поради нивните гревови, на главата на нашиот Спасител е ставен срамен венец од трње. Додека посветувате толку драгоцено време на украсувањето на својата облека, сетете се дека Царот на славата носел обична наметка без никаков пораб. Додека се оптоварувате со украсување на својот изглед, сетете се дека Исус често бил преморен од постојаните напори во самооткажувањето и самопожртвувањето за да им пружи помош на болните и оние кои имале потреби. Тој минувал цели ноќи осамен на некоја планина, не поради Својата слабост и Своите потреби, туку затоа што ја видел и почувствувал немоќта на вашата природа да се спротивстави на искушенијата на непријателот токму во ова во што сега попуштате. Тој знаел дека ќе бидете рамнодушни во поглед на своите опасности и дека нема да чувствувате потреба од молитва. Поради вас Тој упатувал молитви на Својот Татко во болни воздишки и солзи. Токму затоа за да нè спаси од попуштање на горделивоста, суетата и љубовта кон задоволствата на кои денес се оддаваме и кои ја потиснуваат Неговата љубов од нашето срце, нашиот Спасител ги пролеал тие горчливи солзи во Своите молитви и Неговото лице било изменето од болка и страдање повеќе отколку лицето на некој од човечките синови. {3С 379.2}

Ќе сакате ли млади пријатели, да се пробудите и да се оттргнете од таа страшна духовна замреност настаната поради постојаното прилагодување кон светот? Ќе сакате ли да го послушате гласот на опомена кој ве предупредува дека оние кои се безгрижни во ова време на опасност ги чека неминовна пропаст? Во Своето трпение Бог нема бесконечно да чека на вас, една и лесноумна душа! Оној во чии раце е судбината на секој од вас, нема да дозволи постојано да се шегуваме со тоа. Исус вели дека постојат и поголеми гревови од оние поради кои биле уништени Содом и Гомор. Тоа е гревот на оние кои имаат голема светлина за вистината за овие денови, а сепак не се поттикнати на покајание. Тоа е грев на отфрлање на најсвечената порака на милост на овој свет. Тоа е грев на оние кои го гледаат Исуса во пустината на искушението, наведнат под товарот на смртната агонија поради гревовите на овој свет, а сепак не се чувствуваат поттикнати на длабоко и потполно каење. Тој постел шест седмици за во интерес на човекот да го победи задоволувањето на апетитот и суетата, како и желбата за фалење со земските почести. Тој на таквите им покажува како и самите можат да победат како што Тој победил: но ним не им е пријатно да поднесуваат спротивставување и презир, потсмев и срам поради Него. Да се откажеме во потполност од себе во постојано залагање за добро на другите, навистина не е пријатно. Да се победува како што победил Христос не е пријатно; и затоа тие се свртуваат од примерот кој толку јасно им е даден и не се угледуваат на својот Спасител, Кој дошол од небесните дворови за да им даде таков пример. {3С 380.1}

На Содом и на Гомор ќе им биде полесно на денот на страшниот суд, отколку на оние кои ја имаат големата светлина на нашето време, но занемаруваат да живеат во склад со таа светлина и своето срце во потполност да му го предадат на Бога. {3С 380.2}

33. ДЕСЕТОЦИ И ДАРОВИ

Мисијата на Христовата заедница е спасување на грешниците кои пропаѓаат. Нејзина должност е знаењето за Божјата љубов да им се пренесува на луѓето и со силата на таа љубов да ги доведува кај Христа. Вистината за наше време мора да се пренесе до најмрачните делови на светот, а таа работа треба да отпочне од сопствениот дом. Христовите следбеници не треба да живеат себичен живот, туку исполнети со Христовиот Дух, треба да делуваат во потполн склад со Него. {3С 381.1}

За сегашното студенило и неверување постојат причини. Љубовта кон светот и грижите на овој живот ја одвојуваат душата од Бога. Водата на животот мора да биде во нас, да истекува од нас и да тече во вечен живот. Ако христијанинот сака да ужива во светлината на животот, тој мора да ги зајакне своите напори и други да доведе до познавање на вистината. Неговиот живот мора да се истакнува со залагање и жртвување за добро на другите; и тогаш нема да се жали дека нема на што да се радува. {3С 381.2}

Ангелите секогаш настојуваат другите да ги направат среќни. Тоа е нивната радост. Она што себичното човечко срце би го сметало како понижувачка служба - служење на унесреќените и на оние кои во секој поглед се пониски и според карактерот и според рангот - тоа е задачата на чистите и безгрешни ангели од царските дворови на небото. Духот на Христовата самопожртвувана љубов е дух кој владее на небото и претставува суштина на небесното блаженство и среќа. {3С 381.3}

Оние на кои настојувањето други да направат среќни не им причинува никакво особено задоволство и кои не се подготвени да се жртвуваат за добро на другите, го немаат Христовиот дух ниту духот на небото; бидејќи немаат ништо заедничко со работата на небесните ангели, не можат ниту да учествуваат во блаженството и среќата која им ја причинува таквата работа. Христос вели: „Така и на небото ќе биде поголема радост за еден грешник кој се кае, отколку за деведесет и девет праведници што немаат потреба од каење". Кога ангелите толку се радуваат на грешникот кој се кае, зар покајниците кои и самите се спасени со Христовата крв не се радуваат кога гледаат дека со нивниот труд се обратуваат и други кон Христа? Работејќи во склад со Христа и со светите ангели, ќе ја искусиме радоста која не може да се доживее во никоја друга работа. {3С 381.4}

Принципот според кој Христос ја поднел Својата жртва на крстот за сите кои веруваат во Него им наметнува сериозни обврски: да се откажуваат од себе, да ја пренесуваат примената светлина и на други и со своите прилози да го помагаат ширењето на светлината. Доколку навистина се поврзани со небото, тие во тоа дело ќе соработуваат заедно со ангелите. {3С 382.1}

Принципот на оние кои живеат за овој свет е сосем спротивен на ова: не само да даваат туку да земаат сè што може од пропадливите работи на овој живот. Себичната љубов кон добивката е раководечко начело на нивниот живот. Меѓутоа, најчистата радост не се наоѓа во богатството и незаситното лакомство, туку таму каде што е задоволството и каде што љубовта е основно начело. Илјадници од нив го минуваат животот во потчинување на своите желби, но срцата им се полни со незадоволство. Тоа се жртви на себичност и незадоволство со залудни обиди да најдат задоволување во попуштање на телесните желби. На лицето им се гледа дека се несреќни, а зад нив останува самопустош, бидејќи не се плодни во добрите дела. {3С 382.2}

Доколку Христовата љубов го исполнува нашето срце и го контролира нашиот живот, лакомството, себичноста и љубовта кон задоволствата ќе бидат победени и ќе ни биде вистинско задоволство да ја твориме волјата на Оној за чии слуги се сметаме. Нашата среќа ќе биде соодветна на нашите несебични дела, на кои ќе нè поттикнува Христовата љубов. {3С 382.3}

Божествената мудрост воспоставила законитост во планот на спасението: секоја преземена активност да има и повратно дејство, што го прави делото на добродетелство - во сите негови гранки - двоен благослов. Оној кој им дава на сиромашните претставува благослов за нив, но со тоа и тој самиот е уште повеќе благословен. Својата цел во спасување на грешникот Бог би можел да ја оствари и без помош на човекот, но Тој знае дека човекот не може да биде среќен ако не учествува во тоа големо дело кое постојано го потсетува на самооткажувањето и добродетелството. {3С 382.4}

За човекот да не остане без благословените плодови на добродетелство, нашиот Откупител создал план да го направи човекот свој соработник. Преку низа околности кои го бараат нашето милосрдие, Тој ни пружа најдобри можности да го негуваме добродетелството, така што прилозите за помош на сиромашните и за напредок на Неговото дело ќе ни станат редовна навика. Тој често ни ги праќа сиромашните како свои претставници. Потребите на таквите и потребите на светот кој пропаѓа во незнаење нè повикуваат своите таленти, средства и влијание да ги употребиме за да им ја однесеме вистината по која гладуваат. Кога со своето залагање и со своите дела на

добродетелство ќе одговориме на тој повик, се поистоветуваме со Оној Кој поради нас стана сиромав. Давајќи, стануваме вистински благослов за другите и на тој начин собираме за себе непропадливо богатство. {3С 382.5}

Во црквата се чувствува голем недостаток на христијанско добродетелство. Оние кои би можеле најмногу да придонесат за напредок на Божјото дело, прават многу малку. Во Својата милост Бог ја открил Својата вистина и на побогатите за да можат да ја ценат нејзината непроценлива вредност во споредба со земското богатство. На таквите Исус им вели: „Ајде по Мене". Тој ги проверува повикувајќи ги на вечера која е подготвена и за нив. Тој будно набљудува каков карактер тие развиваат: дали своите себични интереси ги сметаат подрагоцени од вечното и нераспадливо богатство. Многумина од тие браќа според своите постапки впечатливо потсетуваат на повиканите кои се спомнуваат во следнава Христова парабола: {3С 383.1}

„А Тој му рече: Некој човек приготви голема вечера и повика многумина, па го испрати својот слуга да им каже на поканетите: Дојдете, зашто сè е готово. И сите почнаа да бараат изговори. Првиот му рече: Купив нива и морам да одам да ја видам. Вториот му рече: Купив пет јареми волови и одам да ги видам. Третиот му рече: Се оженив и не можам да дојдам. Слугата му го кажа ова на својот господар. Тогаш домаќинот се налути и му рече на својот слуга: Оди брзо на раскрсниците и на градските улици и повикај сиромаси, сакати и слепи". {3С 383.2}

Оваа парабола точно ја прикажува состојбата на многумина кои тврдат дека веруваат во сегашната вистина. Господ ги повикува да дојдат на вечерата која ја подготвил за нив со голема жртва; но ним земските интереси им се многу поважни од небесното богатство. Тие се повикани да земат учество во она што е од неминлива вредност; но нивните имоти, нивниот добиток и нивните куќи се попривлечни за нив отколку прифаќањето на небесниот повик и тие ги наведуваат своите земски работи како изговор што не го прифаќаат небесниот налог. „Дојдете зашто веќе сè е подготвено". Задржувајќи го себично своето земско богатство, тие велат: „Не, Господе, не можам да Те следам!" {3С 383.3}

Дури и оној дел кој Бог им го дал за да провери дали ќе му го вратат на „Бога она што е Божјо", таките го задржуваат за себе под изговор дека не можат да ги исполнат тие барања на вистината. Држејќи се грчевито за своето земско богатство, тие велат: „Ова морам да го чувам; не смеам да го запоставам она од што зависи мојот живот; тоа е сè што имам". Така срцата на овие луѓе стануваат тврди како затапкан пат. Тие ја затвораат вратата на своето срце пред небесниот гласник кој ги повикува: „Дојдете, зашто веќе сè е подготвено," но ширум ја отвораат за грижите на овој свет и за земските работи, додека Исус напразно чука, чекајќи да Му отворат. {3С 384.1}

Срцата на ваквите се толку зараснати во трњето на земските грижи, така што за она што е небесно во нив нема место. Сите изморени и натоварени Исус ги повикува да дојдат кај Него и им ветува дека во Него ќе најдат мир. Тој ги повикува да ги заменат мачните јареми на лакомството и себичноста, кои ги прават робови на сатаната, со Неговиот јарем кој е толку благ и со Неговото бреме кое е лесно. „Научете од Мене", продолжува Тој, „Зашто Јас сум кроток и понизен во срцето и ќе најдете мир за своите души". Тој сака тие да го отфрлат тешкото бреме на земските грижи и тешкотии и да го земат Неговиот јарем на самооткажување и пожртвуваност за другите, и ќе се уверат дека бремето е лесно. Оние кои одбиваат да го прифатат олеснувањето кое Христос го

нуди, кои продолжуваат да го носат мачниот јарем на себичноста, напрегајќи се до крајни граници за да натрупуваат пари за себични задоволства, никогаш не го доживуваат оној мир и спокојство кои би ги нашле под Христовиот јарем и под бремето на самооткажување и несебично добродетелство кое Христос го носел поради нив. {3С 384.2}

Кога љубовта кон светот го обзема срцето и ќе стане владеечка страст, тогаш во него веќе нема место за служба на Бога. Вишите сили на умот се предаваат во ропство на сатаната и не можат да се посветат на Бога и на небото. Мислите за Бога потполно се губат од вид, а способностите на умот рудиментираат и се сведуваат само на натрупување на пари. {3С 385.1}

Поради својата себичност и љубов кон светот, овие луѓе сè помалку ја увидуваат големината на делото кое наскоро треба да се заврши. Тие не го навикнале својот ум да ја смета службата за Бога за света должност; и во тој поглед немаат никакво искуство. Грижите за стекнување и чување на имотот ги обземаат сите нивни чувства, а големината на планот на спасението потполно го фрлаат во сенка. Додека своите земски планови постојано ги подобруваат и прошируваат, тие не чувствуваат потреба со своите средства да го помогнат ширењето на Божјото дело. Тие ги вложуваат своите средства во минливи земски потфати, а не во она што е вечно и нераспадливо. Срцето им е полно со амбиции за сè поголема добивка. Бог ги направил чувари на Својот закон за да можат светлината која Тој им ја дал во Својата милост да им ја пренесуваат и на другите. Но тие толку се оптоварувaат со грижите за минливите земски интереси, така што немаат време за благотворно дружење со своите ближни - па не стигнуваат да разговараат со нив, да се молат со нив и за нив и барем да се обидат да ги приведат кон вистината. {3С 385.2}

Таквите се одговорни пред Бога за доброто кое би можеле да го направат, но пропуштаат златни прилики бидејќи мислите и срцето им се обземени со товарот на земските грижи и тоа го користат како изговор. Душите за кои Христос умрел би можеле да бидат спасени со нивните лични напори и добар пример. Драгоцените души пропаѓаат затоа што ваквите не ја извршуваат својата должност: со светлината која Бог им ја дал да ја осветлуваат патеката на другите. Меѓутоа, драгоцената светлина е ставена под сад и не им свети на оние кои се наоѓаат во таков дом. {3С 385.3}

Секој од нас е Божји повереник. Секому Господ му доверил нешто од Своето богатство, но повереникот често се однесува како тоа богатство да е негова своина. Христос вели: „Тргувајте додкеа не се вратам”. Доаѓа време кога Христос ќе го побара своето и тоа со камата. Од секој Свој повереник Тој ќе побара: „Дај сметка за да видам како си управувал со она што ти е доверено”. Оние кои парите на својот господар наместо да ги стават во промет, ги сокриле во крпа и ги закопале во земја и кои ги трошеле доверените средства на непотребни работи, наместо со вложување во Неговото дело да ги умножат, нема да бидат пофалени од страна на Господарот, туку напротив заслужено ќе бидат осудени. Враќајќи му на Бога само еден талент, лошиот слуга вели: „Знаев дека си тврд човек; жнееш каде што не си сеел; па се исплашив и го сокрив својот талент во земјата; и еве ти го твоето”. Земајќи го своето, Господарот му одговорил: „Лош и мрзлив слуго! Ако си знаел дека жнеам каде што не сум сеел и собирам каде што не сум садел, требаше моето сребро да им го дадеш на трговците; и кога Јас ќе дојдев, ќе го земев Своето со добивка!” {3С 385.4}

Овој бескорисен слуга знаел што Бог со право очекува од него, но цврсто одлучил да ја осуети Божјата намера, обвинувајќи Го за неправда што покрај талентот кој му го доверил бара добивка. Токму така се жалат и мрморат многумина од побогатите верници иако тврдат дека веруваат во вистината. Слично на неверниот слуга; тие се плашат дека добивката од талентот кој Бог им го доверил би можела да се побара за ширење за вистина; затоа стекнатата добивка цврсто ја „врзуваат" и ја вложуваат во своите земски потфати и ја закопуваат во светот - така што не им преостанува ништо, или речиси ништо, што би можеле да го вложат во Божјото дело. Примените таленти тие ги закопуваат во земја, стравувајќи дека Бог би можел да го побара своето и тоа со добивка. Кога, на барање на Господарот, ќе го донесат она што им било доверено, неблагодарно се изговараат што не ги ставиле примените таленти во промет - што не ги вложиле во проекти со кои би го помогнале напредокот на Неговото дело. {3С 386.1}

Оној кој ќе ги изневери добрата примени од Бога, го губи не само својот талент кој Тој му го доверил, туку исто така го губи и вечниот живот. За таквите на крајот ќе се каже: „Лошиот слуга фрлете го во затвор". Верниот слуга кој ги вложува своите средства во делото на спасување на душите, ги користи на слава на Бога и на крајот ќе ја прими Неговата пофалба: „Добро направено, добар и верен слуго… влези во радоста на својот Господар!" Што ќе ја направи таа радост на нашиот Господар? Радоста на Оној „Кој поради Неговата идна радост претрпе крст, не водејќи сметка за срамот и седна од десната страна на Божјиот престол" ќе биде во тоа што спасените од оваа Земја конечно ќе ги види во царството на славата. {3С 387.1}

Мислата дека сме Божји повереници треба постојано да ја има на ум секој припадник на Божјиот народ. Параболата за талентите, ако правилно се сфати, претставува брана против лакомството, кое Бог го нарекува идолопоклонство. Практичното добродетелство би донело духовен живот на илјадници таканаречени верници кои сега немоќно лелекаат над темнината која ги опкружува. Тоа би ги претворило од себични и алчни поданици на сатаната во ревни и верни Христови соработници во спасување на грешниците. {3С 387.2}

Планот на спасение е заснован и втемелен на жртвата. Исус ги напуштил царските дворови на небото и станал сиромав поради нас за ние да се збогатиме со Неговото сиромаштво. Сите кои учествуваат во процесот на спасување овозможен со непроценливата жртва на Божјиот Син се обврзани да го следат Неговиот совршен пример. Христос е аголен камен темелник и на тој темел сите треба да sидаме. Сите мораме да манифестираме дух на самооткажување и подготвеност на жртва. Несебичноста, понизноста и пожртвувањето биле обележје на Христовиот живот на Земјата. И зар луѓето како наследници на вечното спасение кое им го овозможил Христос, напуштајќи го и небото поради тоа, ќе одбијат да го следат својот Господ во Неговото самооткажување и пожртвуваност? Христос вели: „Јас сум лозата, а вие сте прачките. Секоја прачка на Мене која не раѓа, ќе се отсече; а секоја која раѓа род ќе се очисти за да роди поголем род". Суштинскиот животен принцип, животворниот сок кој струи низ лозата, ги храни прачките за да можат да растат и да донесуваат род. Зар слугата е поголем од својот Господар? Зар членовите на Христовата заедница и покрај Неговото самооткажување и пожртвување поради нас, ќе продолжат да си угодуваат себеси? Самооткажувањето е суштински услов за да станеме вистински Христови следбеници. {3С 387.3}

„Тогаш Исус им рече на Своите ученици: ако некој сака да оди по Мене, нека се откаже од себе, нека го земе својот крст и нека врви по Мене". Со ова Христос им порачува на Своите следбеници: Самооткажувањето е пат по кој Јас поминав пред вас; и не барам од вас ништо повеќе отколку да го следите примерот кој Јас, вашиот Господ и Учител, ви го давам со сопствениот живот. {3С 388.1}

Спасителот на светот го победил сатаната во пустината на искушението. Победил за да му покаже на човекот дека и тој може да победи. Тој рекол: „Господовиот Дух е на Мене; затоа Ме помаза да им го објавам евангелието на сиромашните; Ме испрати да им проповедам ослободување на заробените и на слепите прогледување, да ги пуштам на слобода напатените". {3С 388.2}

Продолжувањето на ова големо дело за кое Христос дошол и на овој свет, Тој им го доверил на Своите следбеници. Како наш Поглавар, Христос предводи во големото дело на спасување, а од нас бара да го следиме Неговиот пример. Тој ни ја доверува пораката наменета на цел свет. Оваа вистина треба да се објави на секој народ и на секое колено и јазик. Правото кое сатаната го полага на овој свет мора да се оспори и Христовите следбеници мораат да го победат сатаната на ист начин на кој го победил и Христос. Борбата против силите на темнината мора да се води постојано. За ова големо дело да може успешно да се приведе кон крај, средства мора да се бараат од народот. Бог нема намера средствата кои се неопходни за тоа да ги испраќа од небото туку во рацете на Своите следбеници ставил таленти во вид на финансиски средства кои треба да ги употребат за водење на таа борба. {3С 388.3}

Бог му дал на Својот народ одреден план за собирање на средства и кога тоа би се почитувало во Неговата ризница би имало доволно пари за да се финансира тоа дело. Божјиот план во системот на десеток е прекрасен според својата едноставност и еднаквост. Овој план треба сите да го прифатиме храбро и со вера, бидејќи е од божествено потекло. Во него успешно се комбинираат едноставноста и корисноста и не е неопходно големо образование за тоа да се сфати и да се примени во пракса. Сите кои ќе го прифатат ова можат да почувствуваат дека учествуваат во помагање на драгоценото дело на спасување. Секој од нас, без оглед на возраста и полот, може да даде свој придонес во својство на повереник, за потребните средства да дојдат во Неговата ризница. Апостолот вели: „Секој од вас нека оддели и остави кај себе онолку колку што Бог го благословил". {3С 388.4}

Благодарение на овој систем би можеле да се остварат големи цели. Кога сите еднодушно би го прифатиле овој систем, секој би станал совесен и верен Божји повереник и никогаш не би недостигале средства кои се неопходни за спроведување на големото дело во објавувањето на последната порака на милост на овој свет. Кога сите би го прифатиле овој систем, Господовата ризница би била секогаш полна, а дарителите не би осиромашиле поради тоа. Со секој свој прилог тие, како во брачна врска, би станувале сè поприврзани на делото. „Собирајќи си себеси добар темел за иднината, за да примат вечен живот". {3С 389.1}

Кога оние кои ќе продолжат да учествуваат во систематско давање ќе увидат дека со своите прилози ја потхрануваат љубовта кон Бога и ближните и дека со тоа стануваат сè покорисни за Божјото дело, ќе се осведочат колку голем благослов е да се биде Христов соработник на тој начин. Припадниците на христијанските цркви, општо земено, го негираат Божјото оправдано барање со средствата кои Тој им ги доерил да

ја помагаат борбата против моралната темнина која сè повеќе го преплавува светот. Божјото дело на Земјата нема да напредува онака како што би требало сè додека Христовите следбеници не станат ревни и истрајни работници. {3C 389.2}

Секој поединец во црквата мора да увиди дека вистината која ја исповеда е суштинска реалност и сите треба да станат несебични работници. Некои од побогатите почнуваат да мрморат поради тоа што ширењето на Божјото дело бара и парични средства. Тие велат дека на барањата за пари, кои постојано се појавуваат едно по друго, им нема крај. На таквите сакам да им кажам: ние се надеваме дека делото сè повеќе ќе се шири и потребата за пари ќе биде сè поголема, а повиците за надополнување на ризницата сè почести за делото да може да продолжи. {3C 389.3}

Ако сите го прифатиле и во потполност исполниле планот на систематско давање, во ризницата секогаш би имало доволно средства. Приходите постојано би надоаѓале како непресушна река во која постојано се влеваат нови притоки на добродетелство. Прилозите за Божјото дело претставуваат составен дел на евангелската вера. Зар размислувањето за бескрајната цена, платена за наше откупување, не ни наметнува сериозна обврска и во финансиски поглед и зар тоа не бара од нас сите свои сили да ги посветиме во работа за Учителот? {3C 389.4}

Сметка за сите свои долгови ќе мора да положиме на Господа кога повторно ќе дојде и ќе побара: „Дај ми сметка за твоето повереништво". Ако луѓето, отфрлајќи ги Божјите барања, се склони сè што Бог им доверил себично да задржат за себе, Бог засега ќе ги остави да прават што сакаат и често ќе ги испитува дури и со благословено намножување на нивното изобилство и таквите можат и понатаму да уживаат почит од страна на луѓето и да поминуваат без никаков укор или осуда во црквата; но доаѓа време кога Тој ќе побара: „Дај ми сметка за твоето повереништво". Христос вели: „Кога не направивте на еден од овие Мои најмалечки браќа, ниту Мене не Ми направивте". „Не сте свои; зашто скапо сте купени" и обврзани сте да Го славите Бога и со своите средства исто така како и со своето тело и со својата душа, бидејќи сето тоа Нему му припаѓа". „Скапо сте купени, не со распадливо злато и сребро туку со скапоцената Христова крв како невино и чисто Јагне". Тој бара со помагање во делото на спасување на душите да Му ги вратиме даровите кои ни ги доверил. Тој ја дал Својата крв за нас и со право го бара среброто кое ни го доверил. Со Неговото сиромаштво ние се збогативме и зар ќе одбиеме да Му го вратиме она што и онака било Негово? {3C 390.1}

Во поддржување на Своето дело Бог не зависи од човекот. Тој би можел средствата кои се неопходни за остварување на таа цел да ги испрати непосредно од небото, кога во Своето провидение би видел дека тоа е најдобро за човекот. Би можел да испрати ангели на небесниот свод и своите барања да ги објави на светот со живи зборови. Бог во тоа не зависи од ничие сребро или злато. Тој вели: „Зашто Мои се сите горски sверови и добитокот по планините". „Ако огладнам, не би ти кажал на тебе, бидејќи Моја е вселената и сè што е на неа". Потребата од наше учествување во ширењето на Неговото дело, Бог ја предвидел само поради нашето добро. Правејќи нè свои соработници, Тој ни укажува голема чест. Потребата од човечка соработка, Тој ја предвидел само затоа за да им пружи можност да учествуваат во делата на добродетелство. {3C 390.2}

Во мудроста на Своето провидение Бог дозволува меѓу нас секогаш да има и сиромашни, бидејќи додека го набљудуваме сиромаштвото и страдањата во сите можни облици, нашата вера треба да се покаже на дело и ни се пружа можност да

развиваме христијански карактер, Тој нè доведува во контакт со сиромашните за во нас да предизвика христијанско сочувство и љубов. {3C 391.1}

Грешниците кои пропаѓаат во темнината на заблудата, мораат и понатаму да останат во темнината на незнаењето ако некој не им ја донесе светлината за сегашната вистина. Бог нема да испрати ангели од небото за да го направат она што им е дадено како задача на луѓето. Тој секому му дал своја работа токму затоа за да нè провери и за да го откриеме својот вистински карактер. Христос често ги праќа сиромашните и страдалниците меѓу нас како Свои претставници. „Зашто гладен бев," вели Тој, „и не Ми дадовте да јадам; жеден бев и не Ме напоивте". Со страдањата на човечкиот род, Христос се поистоветува во лицето на страдалните човечки синови. Тој ги смета нивните потреби и сиромаштво како Свои, а нивните болки и страдања ги носи во Своето срце. {3C 391.2}

Моралната темнина во која светот пропаѓа, бара од христијаните и христијанките да вложуваат лични напори, со своите прилози и со своето влијание да се изедначат со Оној Кој, и покрај Своето бескрајно богатство, станал сиромав поради нив. Божјиот Дух не може да престојува во оние кои, и покрај тоа што ја познаваат вистината, мораат да бидат толку поттикнувани барем малку да ја сфатат својата должност да соработуваат со Христа. Апостолот нагласува дека на давање треба да нè поттикнуваат некои повисоки побуди, а не само човечкото сочувство. Тој го нагласува начелото дека во несебичното залагање пред своите очи секогаш треба да ја имаме само славата на Божјото име. {3C 391.3}

Светото писмо бара од христијаните да го прифатат планот на активно добродетелство што постојано ќе ги поттикнува да учествуваат во спасување на своите ближни. Моралниот закон кој наложува празнување на саботата не претставува никаков товар, освен за оние кои ќе го престапат и кои поради тој престап мораат да примат казна. Системот на десеток не претставува никаков товар за оние кои се придржуваат за тој пропис. Овој систем даден на Евреите никогаш не бил укинат ниту ублажен со волјата на Оној со чија наредба е и воведен. Наместо прогласување за незадолжителен, христијаните треба да го применуваат тој систем уште поцелосно и да го шират, за спасението преку Христа поцелосно да се изнесе на светлина во христијанската ера. {3C 391.4}

Исус јасно му ставил до знаење на законикот дека услов за добивање на вечен живот е исполнување на посебните барања на законот: „Љуби го Господа, својот Бог со сето свое срце, со сета своја душа, со сите свои мисли и со сета своја сила; а својот ближен како самиот себеси". Кога симболичните жртви престанале со Христовата смрт, оригиналниот закон врежан на камените плочи, останал непроменет, укажувајќи на неговите барања кон човекот во сите векови. Должноста на човекот и во христијанската ера не е ограничена туку само појасно е дефинирана и поедноставно изразена. {3C 392.1}

Евангелието, кое сè повеќе се ширело, барало и вложување на сè повеќе средства за да може да продолжи започната борба и по Христовата смрт и тоа законот на давање на доброволни прилози го направил уште попотребен отколку за време на еврејското владеење. Сега Бог бара не помали, туку значително поголеми давања отколку во било кој период од минатото. Според начелото кое го поставил Христос, давањата и

прилозите треба да бидат соодветни на примената светлина и на благословите кои ги уживаме. Тој вели: „Кому му е дадено многу, многу и ќе се бара од него”. {3C 392.2}

Благословите на христијанската ера претставуваат одговор на делата на милосрдие и добродетелство на првите ученици. Излевањето на Светиот Дух по Христовото вознесение на небото, ги доведува учениците до уште поголемо самооткажување и самопожртвување во спасување на другите. Кога верниците во Ерусалим биле загрозени со сиромаштво, Павле во своето послание до Коринтјаните ги повикува благородните христијани на дело на милосрдие и добродетелство: „А вие како што изобилувате во сè: во верата, во разумот, во секоја сесрдност и во љубовта кон нас, изобилувајте и во оваа благодат (со дела на добродетелство)”. Овде покрај вера, љубов и христијанска сесрдност, се нагласува и благодатта на добродетелство. Оние кои мислат дека можат да бидат добри христијани иако своето срце и уши ги затвораат пред Божјиот повик да бидат дарежливи, се наоѓаат во страшна заблуда. Тоа се оние кои сесрдно се залагаат за нејзиното ширење, но ништо на прават за нејзиниот вистински напредок. Верата на таквите е мртва, бидејќи не се усовршува со дела. Господ никогаш не прави таков пропуст да ја остави обратената душа под власт на лакомството. {3C 392.3}

Системот на десеток постоел уште пред Мојсеевото време. Прилозите за верски цели луѓето ги давале и пред да биде даден потполно одреден систем преку Мојсеј, туку се протега дури од Адамовите денови. Покорувајќи се на Божјите барања, побожните и верни луѓе со своите прилози покажувале дека ја ценат Неговата милост и примените благослови. Тоа, пренесувано од поколение на поколение, го прифатил и Аврам, давајќи му десеток на Мелхиседек, свештеникот на Семоќниот Бог. Исто начело постоело и во деновите на патријархот Јов. И Јаков таа ноќ во Ветил, како бегалец и осамен патник ја спуштил својата глава на каменот за да се одмори, му ветил на Господа: „Што и да ми дадеш, од сè десетти дел ќе ти дадам на Тебе”. Бог никогаш не ги принидува луѓето на давање. Сè што тие даваат мора да биде доброволно. Тој не сака Неговата ризница да се полни со наметнати прилози. {3C 393.1}

Ставајќи ни го во должност давањето, кое има цел да ја осуети себичноста, а да ја јакнее љубовта кон Бога и кон луѓето, Бог сака да нè доведе во близок однос со себе и во нас да пробуди подлабоко сочувство кон ближните. Планот на систематско добродетелство Бог го создал за добро на човекот, кој според својата природа е склон на себичност и своето срце го затвора за благородни дела. Господ бара прилозите да се даваат во одредено време. За давањето да премине во навика, а добродетелството да стане христијанска должност. Срцето, поттикнато и отворено со еден прилог, просто нема време во себичност студено да се затвори пред следното давање. Како што реката постојано тече, така и каналот на добродетелство останува силно отворен. {3C 393.2}

Што се однесува до висината на бараниот износ, Бог одредил десети дел од секој приход. Тоа е препуштено на совеста и добродетелството на секој поединец, чие расудување во системот на десеток треба да биде слободно. И иако во тоа е дозволена слобода на совеста, планот на давање е одреден и доволно јасен. Бог не бара никакво принудување. {3C 394.1}

Според она што е дадено преку Мојсеј, Бог од луѓето бара десеток од секој приход. Доверувајќи му ги добрата на овој живот, Тој им дал таленти кои треба со умножување да Му ги вратат. Тој го бара десетокот како најмал дел кој човекот треба да Му го врати.

Тој вели: Ви давам девет десетини, а само една барам за Себе; тоа е Мое. Ускратувајќи го десетокот, луѓето Го крадат Бога. Покрај десетокот, барани се и приноси за грев, приноси за помирување и дарови на благодарност. {3С 394.2}

Сè што се ускратува од она што Бог го бара, а тоа е десеток од секој приход, се бележи во небесните книги како крадење на Бога. Таквите Го крадат својот творец. И кога тој грев ќе се изнесе пред нив, не е доволно само од тој момент да се променат и во иднина да постапуваат правилно. Тоа нема да ги измени податоците кои се запишани на небото за проневера на имотот кој им е доверен за да го вратат на Доверителот. Неопходно е длабоко каење поради неверниот однос кон Бога и ниската благодарност. {3С 394.3}

„Смее ли човек да Му задржува на Бога? А вие Мене Ми задржувате и прашувате: Во што ти задржуваме? Во десетокот и во приносот. Проколнати сте, зашто Ми задржувате вие, сиот народ! Донесете ги сите десетоци во ризницата, за да има храна во Мојот дом. Тогаш испитајте Ме - зборува Господ над Војските - не ќе ли ви ги отворам небесните брани и не ќе ли излеам врз вас благослов со полна мерка". Овде е дадено ветување дека благословите сигурно ќе се излеат на послушните ако сите десетоци ги донесат во Божјата ризница. {3С 394.4}

„Нема ли заради вас да му забранам на скакулецот да не ви ги расипува веќе посевите и за да не ви биде неплодна лозата во полето - говори Господ над Воинствата. Тогаш сите народи ќе ве сметаат за благословени, зашто ќе бидете земја на блаженството, говори Господ над Воинствата". Кога сите кои ја исповедаат вистината би ги прифатиле Божјите барања во поглед на десетокот, на кој Тој полага апсолутно право, тогаш ризниците би биле снабдени со изобилство на средства неопходни за напредок на големото дело на спасување на човечкиот род. {3С 395.1}

Бог му дава на човекот девет десетини, додека една десетина бара за свети цели, како што му дал шест работни дена за да ги заврши сите свои работи, а седмиот ден го задржал за Себе. Зашто како што саботата е посветена, така и десетокот како десетти дел од приходот е посветен на Бога; и тоа Бог со право го задржува за Себе. Со добивката од Своите средства доверени на човекот, Тој сака да го продолжи Своето дело на Земјата. {3С 395.2}

Од Својот народ во старозаветниот период Бог барал три пати годишно да се собира на свети собори. „Три пати во годината секое машко нека дојде пред Господа на местото кое Тој ќе го избере; на Празникот на бесквасните лебови, на Празникот на седмиците и на Празникот Сеница; но никој нека не дојде празен пред Господа, туку секој со дар од она што го има, според благословот на твојот Господ Бог со кој те дарувал". На светите и верски цели им било посветено не помалку од третина од нивниот приход. {3С 395.3}

Секогаш, во било кој период од земската историја, кога припадниците на Божјиот народ со задоволство и доброволно го манифестирале Неговиот план на систематско добродетелство во своите дарови и прилози, би можеле да се осведочат дека ветениот напредок ги следи нивните напори токму во сооднос со нивната послушност. Секогаш кога ги признавале Неговите барања и ги извршувале, славејќи Го со сè што имале, нивните амбари биле полни со изобилство. Меѓутоа, кога Му задржувале на Господа од десетокот и приносот, морале да дојдат до болното осведочување дека не задржуваат

само од Него туку и од себе; бидејќи Тој им ги скратувал Своите благослови токму во сооднос со нивното задржување на десетокот и приносот. {3C 395.4}

Некој ќе каже дека ова е еден од исклучително строгите закони кои се задолжителни само за Евреите. Но тоа не претставувало никаков товар за срцето кое било подготвено да Го љуби Бога. Само кога ќе дозволат во нив да зајакне себичноста со постојано задржување, луѓето ги губат од вид вечните интереси и своето земско богатство почнуваат да го ценат повеќе од спасување на душите. Божјиот Израел во овие последни денови има уште понеодложни потреби отколку што имал старозаветниот Израел. Големото и значајно дело треба да се заврши за многу кратко време. Божја намера никогаш не била уредбата за десетокот да се запоставува кај Неговиот народ. Напротив, Тој одредил духот на пожртвуваност сè повеќе да се шири, за да може делото да се заврши. {3C 396.1}

Систематското добродетелство не треба да се претвори во систематско принудување. Бог ги прифаќа само доброволните дарови. Вистинското добродетелство произлегува од начелата на благодарна љубов. Љубовта кон Христа не може да постои без соодветна љубов и кон оние поради чие откупување Тој дошол на овој свет. Љубовта кон Христа мора да биде владеачко начело на нашето битие, начело кое ги контролира сите емоции и ги насочува сите енергии. Откупувачката Христова љубов треба да ги пробуди сите нежни чувства и сета самопожртвувана верност која може да постои во срцето на човекот. Кога тоа би било така, тогаш не би биле потребни никакви посебни повици да се уништи себичноста, да се пробудат заспаните чувства и да се собираат прилози за драгоценото дело на вистината. {3C 396.2}

Исус нè откупил со непроценлива жртва. Сите наши способности и сето наше влијание навистина му припаѓаат на нашиот Спасител и мораат да бидат посветени во Негова служба. Постапувајќи така, ние ја покажуваме својата благодарност за тоа што од робувањето на гревот сме откупени со драгоцената Христова крв. Нашиот Спасител не престанува да се залага за нас. Вознесувајќи се на висините, Тој пред Таткото постојано апелира за нас повикувајќи се на заслугите на Својата пролеана крв. Подигнувајќи ги Своите ранети раце, Тој се зазема за Своите припадници за да не подлегнат под притисок на своите искушенија. {3C 396.3}

Кога би имале појасна претстава за тоа чудесно Христово залагање за нашето спасение, нашето срце би горело од подлабока и посесрдна љубов кон Него. Сериозно би се загрижиле поради својата нечувствителност и својата студена рамнодушност. Целосната посветеност и добродетелство, поттикнати со благодарност и љубов, му даваат и на најмалиот дар на доброволна жртва на Бога благопријатен мирис, правејќи го прилогот непроценливо вреден. Меѓутоа, кога доброволно ќе му предадеме на нашиот Откупител сè што можеме да му дадеме, колку и да е тоа драгоцено за нас, кога својот долг на благодарност кон Бога ќе го сфатиме реално таков каков што е, тогаш сè што даваме ќе ни изгледа недоволно и сиромашно. Но кога ангелите ќе ги принесат тие наши прилози, кои и нам ни изгледаат толку незначителни, на престолот на милоста како мирисен темјан, тие ќе бидат прифатени. {3C 396.4}

Ние не ја сфаќаме својата вистинска положба како Христови следбеници. Немаме правилна претстава за својата одговорност во својство на вработени Христови слуги. Тој нè поттикнал со наградата на Својот страдалнички живот и Својата пролеана крв за да нè врзе со доброволна служба за Себе. Сите добра што ги имаме ни ги позајмил нашиот

Спасител. Тој нè направил Свои повереници. Нашите најмали прилози, нашите најскромни услуги, направени со вера и љубов, можат да бидат посветени дарови во служба на Учителот за придобивање на душите и за издигнување на Неговата слава. Интересите и напредокот на Христовото царство мораат да ни бидат поважни од сè друго во животот. Оние на кои личните задоволства и себичните интереси им се главна цел во животот не можат да бидат верни повереници. {3C 397.1}

Оние кои се откажуваат од себе за да им прават добро на другите и кои сами себеси и сè што имаат го посветуваат во Христовата служба, ќе доживеат среќа по која напразно копнеат себичните луѓе. Нашиот Спасител вели: „Секој од вас кој нема да се откаже од сè што има, не може да биде Мој ученик". Милосрдието олицетворено во вистинска љубов „не го бара своето". Тоа е плод на несебична љубов и добрина кои беа обележје на Христовиот живот. Божјиот закон во нашето срце ќе ги потчини нашите лични интереси кон повозвишени и неминливи интереси. Христос ни наложува најнапред да го бараме небесното царство и Неговата правда. Тоа е наша прва и највозвишена должност. Нашиот Господар ги предупредува Своите слуги да не собираат за себе богатство на оваа земја, бидејќи со тоа нивните срца би биле повеќе врзани за земските отколку за небесните вредности. Токму во тоа многу несреќни души доживеале бродолом. Таквите, потполно спротивно на налогот на нашиот Господ, доживуваат љубовта кон парите да стане владеачка страст во нивниот живот. Во своите напори за стекнување на пари, тие не знаат за мерка. Тие се трујат со желбата за стекнување на богатство и се опиваат исто како пијаниот човек со ракија. {3C 397.2}

Многу христијани забораваат дека се слуги на Господарот над господарите; дека тие сами, нивното време и сè што имаат Му припаѓа на Господа. Многумина се искушувани, а повеќето од нив и подлегнуваат на лажливото мамење на сатаната да ги вложуваат своите пари во потфати кои ќе им донесат најголем профит, сметајќи притоа не само на секој денар туку и на секој ден (помала вредност од денар). Малкумина се оние кои се чувствуваат обврзани во своите сметки да ги стават потребите на Божјото дело на прво место, па дури потоа да ги задоволуваат своите желби. Многу малку се оние кои во Божјото дело вложуваат соодветно на своите можности. Многумина ги заробуваат своите средства со вложување во недвижнини кои би морале да ги продадат за да можат да ги вложат парите во Божјото дело; и тие го користат тоа како изговор што толку малку вложуваат во делото на својот Откупител. Со тоа тие практично ги погребуваат своите средства во земја како што го правел тоа човекот од Христовата парабола. На тој начин тие на Бога Му го задржуваат десетокот кој е Негова своина, а задржувајќи од Бога - задржуваат и од самите себе - губејќи го небесното богатство. {3C 398.1}

Планот на систематско добродетелство не претставува некој тежок товар. „А за милосрдие на светите, како што уредив по Галатските цркви, така и вие правете. Секој прв ден во седмицата секој од вас нека остава кај себе и нека собира колку што го благословил Господ, за да не собира кога Јас ќе дојдам". Предноста да учествуваат во давањето не им е ускратена на сиромашните. Тие, исто како и најбогатите, можат да учествуваат во ова дело. Поуката која Христос ја дал во врска со прилогот на онаа сиромашна вдовица, која приложила само два денари, покажува дека и најмалиот доброволен прилог на сиромашниот, ако е даден од срце полно со љубов е прифатлив пред Бога како и најголемите донации на богатите. {3C 398.2}

На мерилата на светилиштето прилозите на сиромашните, ако се поттикнати од љубов кон Христа, не се ценат според големината на износот, туку според љубовта која

поттикнува на жртва. За дарежливиот сиромав кој дава малку, но од срце, Христовите ветувања се сигурни исто онака како и за богатиот кој дава од своето изобилство. Сиромавиот принесува жртва од своето сиромаштво и тоа навистина го чувствува. Тој навистина се откажува од нешто што му е потребно, додека богатиот, давајќи од своето изобилство, не чувствува немаштија и не се откажува од ништо што навистина му е неопходно. Според тоа, во даровите на сиромашните доаѓа до израз посветеноста која ја нема во даровите на богатите, бидејќи тие даваат од своето изобилство. Во Своето провидение Бог го уредил целиот план на систематско добродетелство така што тоа навистина ќе служи за добро на човекот. Ако Божјите слуги постапуваат во склад со Неговото провидение, кое никогаш не е неактивно, сите ќе бидат активни работници. {3С 398.3}

Оние кои натрупуваат пари за своите деца, задржувајќи и од она што ѝ припаѓа на Божјата ризница, ги изложуваат на опасност духовните интереси на своите деца. Својот имот, кој претставува камен на сопнување и за нив самите, тие го стават на патот на своите деца и своите наследници, така што и тие постојано се сопнуваат околу тоа и пропаѓаат. Многумина прават големи грешки во поглед на својот земен имот. Тие се скржави, скратувајќи си ги и себеси и на другите добрата кои би можеле да ги уживаат со правилна употреба на парите кои Бог им ги позајмил и стануваат себични и алчни. Тие ги запоставуваат своите духовни интереси и рудиментираат во верскиот развој, само поради натрупување на богатство кое не можат да го искористат. Својот имот тие го остават на своите наследници, за кои, во девет од десет случаи, тоа станува уште поголемо проклетство отколку што било за нив самите. Потпирајќи се на имотот наследен од родителите, таквите деца често немаат успех во овој живот, а во најмногу случаи пропуштаат да мислат и на вечниот живот. Најдобро наследство кое родителите можат да им го остават на своите деца е навикнување на корисна работа и пример на животот обележан со несебично добродетелство. Со таквиот живот тие ја покажуваат вистинската вредност на стекнатите пари. Парите треба да се ценат според доброто кое со нив може да се оствари во задоволување на реалните потреби за себе, за своите ближни и за напредок на Божјото дело. {3С 399.1}

Некои сакаат да даваат во сооднос со она што го имаат, сметајќи дека Бог не може повеќе да бара ниту да очекува од нив, бидејќи навистина немаат многу пари. Приходите не им се такви за да им остане нешто кога ќе ги задоволат основните потреби на своето семејство. Но многумина од таквите би можеле себеси да си го постават прашањето: Дали давам во сооднос со она што би можел да го имам? Бог бара тие корисно да ги употребат своите телесни и умни сили. Некои од нив не ги користат на најдобар начин своите од Бога дадени способности. Иако како потреба по паѓањето во грев се поврзува со проклетството, работата е од Бога доделена на човекот. Корисната работа е неопходна не само за физичко и умно, туку и за морално добро на човекот. Вдахновениот апостол Павле вели: „Не бидете мрзливи во работата”. {3С 400.1}

Ниту едно човечко суштество, без разлика дали е богато или сиромашно, не може да Го слави Бога живеејќи немарен и мрзлив живот. Времето и физичката сила за многумина од сиромашните се единствен капитал кој тие го поседуваат, а тие тоа често го пропуштаат и напразно го трошат во љубов кон удобноста и безгрижната мрзливост и затоа немаат ништо да Му принесат на Господа во десетокот и во приносот. Ако на ваквите христијани им недостига мудрост за најкорисна работа и за правилна проценка на нивните физички и умни сили, тогаш во кротост и понизност на умот треба да ги

прифаќаат советите и препораките на своите браќа, кога со своето подобро расудување би ги надополниле своите недостатоци. Многумина сиромашни кои сега ништо не прават за добро на своите ближни ниту за Божјото дело, би можеле да направат многу кога би сакале. Тие се одговорни пред Бога за својот капитал во физичката сила исто така како што богаташот е одговорен за својот капитал во пари. {3С 400.2}

Некои од оние кои би требало да донесат средства во Божјата ризница очекуваат да примаат од неа. Тоа се оние кои сега се сиромашни, а би можеле да ја подобрат својата состојба со правилно користење на своето време и одбегнувајќи ги патентните права и своите склоности со шпекулации да дојдат до пари на полесен начин отколку што е истрајната работа и трпеливата работа. Кога оние кои во животот немале многу успех би биле подготвени да ги прифатат поуките, би можеле да стекнат навики на самооткажување и штедење, како и предност да уживаат во давањето, а не во примањето на милосрдие. Многумина всушност се мрзливи слуги. Кога трудољубиво би преземале сѐ што е во нивна моќ, многумина би искусиле големи благодати на укажување на помош на другите и би увиделе дека навистина „е поблагословено да се дава отколку да се прима". {3С 400.3}

Правилно насоченото добродетелство позитивно влијае на умните и моралните енергии на човекот и поттикнува на најздрава активност во корист на сиромашните и во цел на напредок на Божјото дело. Кога оние кои поседуваат пари би имале на ум дека за секој вложен денар се одговорни пред Бога, нивните божемни потреби би биле значително помали. Гласот на пробудената совест би сведочел колку е погрешно парите, кои толку се потребни на ширење на Божјото дело, да се трошат на задоволување на апетитот, горделивоста, суетата и љубовта кон забавите и разонодата. Оние кои толку го трошат имотот на својот Господар, ќе мораат пред Него да полагаат сметка за секоја своја постапка. {3С 401.1}

Кога оние кои тврдат дека се христијани помалку би трошеле на украсување на своето тело и на разубавување на своите богати куќи и на раскошни јадења со кои само го загрозуваат своето здравје, би можеле многу повеќе да вложат во Божјата ризница. На тој начин тие практично би го следеле примерот на својот Откупител, Кој го оставил небото и сите Свои богатства и слава, и станал сиромав поради нас, за ние да стекнеме право на вечното и нераспадливо богатство. Ако се чувствуваме премногу сиромашни за верно да Му ги вратиме на Бога десетоците и приносите кои Тој со право ги очекува од нас, тогаш сме сиромашни и за скапоценото облекување и за раскошните јадења; бидејќи на тој начин ги трошиме парите на својот Господар во штетно настојување да им угодиме на телесните желби и да се славиме себеси. Би требало сериозно да се запрашаме: со што си го осигуруваме себеси небесното богатство во Божјото царство? Дали навистина се богатиме кај Бога? {3С 401.2}

На Своите ученици, Христос им ја дал следнава поука во поглед на лакомството: „На еден богат човек му роди нивата. И тој си мислеше во себе, зборувајќи: Немам во што да ја соберам својата жетва. И рече: вака ќе направам: ќе ги срушам сите свои амбари и ќе направам поголеми; и таму ќе го соберам сето свое жито и ќе ѝ кажам на својата душа: душо имаш имот за многу години; одморај, јади, пиј и весели се. А Бог му рече: безумнику, оваа ноќ ќе ти ја земам твојата душа; а она што го приготви, чие ќе биде? Така е со оној кој си стекнува богатство за себе, а не се богати кај Бога". {3С 401.3}

Должината и среќата на животот не се состои во големината на нашиот земен имот. Овој безумен богаташ во својата крајна себичност натрупал за себе толкаво богатство кое воопшто не можел да го искористи. Тој живеел само за себе; лишен во потполност од Божјата љубов, без никаков оглед и милост кон другите извлекувал корист само за себе. Немилосрдно им ускратувал на сирачињата и вдовиците и ги мамел своите ближни само за да ги зголеми залихите на земното богатство. Можел да го вложува своето богатство во нераспадливите трезори на небесната ризница, но поради своето незаситно лакомство, тој ги загубил двата света. Оние пак, кои средствата кои Бог им ги доверил понизно ги користат во слава на Неговото име, наскоро ќе примат од рацете на својот Господар нераспадливо богатство, со благослов на добредојде: „Добро извршено, добар и верен слуго, влези во радоста на својот Господар!” {3C 402.1}

Кога размислуваме за непроценливата жртва поднесена за спасение на човекот ние се губиме од вчудоневидување. Кога луѓето ќе се најдат во искушение да го задржат делот кој му го должат на Бога и кога себичноста најбурно негодува барајќи победа во нивното срце, тогаш тие треба да ја зајакнуваат својата начелна одлучност на она што е правилно со мислата дека Христос го напуштил непроценливото богатство на небото и станал најголем сиромав поради нив. Тој на Земјата немал каде да ја засолни Својата глава. А сето тоа го жртвувал поради нас, за ние да стекнеме право на неминливото небесно богатство. {3C 402.2}

По патот на самооткажување и жртви, кои Христос доброволно ги прифатил на овој свет, мораат да минат и сите Негови следбеници за на крај да се прослават заедно со Него. Тагите и страдањата кои човекот мора да ги поднесе, Тој доброволно ги презел на Себе. Луѓето наклонети кон овој свет, општо земено, најчесто ги гледаат само земните интереси кои ја фрлаат во сенка славата и неминливата вредност на она што е небесно. Во интерес на некоја земна добивка луѓето ја заобиколуваат земјата и морето и подготвени се на многу лишувања и страдања за да ја остварат својата цел; додека неминливите богатства и славата на небото немаат за нив никаква привлечност. Божјото дело обично најсесрдно го помагаат оние кои се релативно сиромашни. Тие великодушно даваат од својот скромен имот. Со постојано давање тие сè повеќе ја зајакнуваат својата дарежливост. Кога приходите едвај им стигаат за да ги покријат расходите, нивните желби за стекнување на земно богатство немаат никакви шанси да зајакнат. {3C 402.3}

Но многумина, кога ќе почнат да стекнуваат земно богатство, почнуваат и да сметаат колку време ќе им биде потребно да заработат одредена сума. Во незаситната желба да натрупуваат богатство на овој свет, тие пропуштаат да се богатат кај Бога. Нивното добродетелство и милосрдие не одат во чекор со зголемување на нивниот имот. Како што растат нивните желби за богатење, така и нивните чувства сè повеќе се врзуваат за нивното богатство. Зголемувањето на имотот ја јакнее нивната желба да стекнат уште повеќе, сè додека не им се појават мисли дека давањето на десеток за нив претставува претерано и неоправдано барање. „Кога расте богатството”, вели псалмистот, „не дозволувајте срцето да прирасне за него”. Многумина велат: „Да бев побогат како тој и тој, јас би ги намножил своите дарови во Божјата ризница. Јас со своето богатство не би правел ништо друго туку ќе го користам само за напредок на Божјото дело”. Некои од таквите Бог ги проверува на тој начин што им дава богатство; но со богатството доаѓаат и жестоки искушенија и нивната подготвеност на добродетелство станува многу помала отколку што била во деновите на нивното сиромаштво. Незаситната желба за сè

поголемо стекнување ги обзема мислите и срцето и тие стануваат идолопоклоници. {3С 403.1}

Оној кој на луѓето им нуди неминливи богатства и вечен живот на блаженство во Своето царство, како награда за целосната послушност, не прифаќа поделено срце. Ние живееме во време преполно со опасности на последните денови, кога сè што е околу нас ги привлекува чувствата и ги одвраќа мислите од Бога. Своите должности ќе ги препознаеме и правилно ќе ги сфатиме само тогаш ако ги набљудуваме во светлината која блеска од Христовиот живот. Како што Сонцето во своето движење од исток кон запад, го осветлува светот со своите зраци, така и вистинските Христови следбеници треба да бидат светлина на светот. Живеејќи во светот, тие треба да бидат блескави светилки, за оние кои се наоѓаат во темнина да бидат осветлени и загреани со зраците на таа светлина. На Своите следбеници Христос им вели: „Вие сте светлина на светот; не може да се сокрие град кој стои на гора!” {3С 403.2}

Христос - нашиот голем Пример - бил олицетворение на самопожртвуваност и зар животот на оние кои тврдат дека се Негови следбеници треба да биде во таква спротивност со Неговиот живот? За спасение на светот кој пропаѓа во зло, Спасителот дал сè - па дури и самиот Себе. Припадниците на Божјата црква спијат. Тие се ослабени од неактивност. Од сите краеви на светот се слушаат гласови: „Дојдете и помогнете ни!” но нема соодветен одговор. Тука и таму се вложува некој слаб напор. Малку се оние кои покажуваат желба да бидат Христови соработници; ако се најде некој таков, се остава да се мачи потполно осамен. На толку широкото поле на туѓи мисии постои само еден мисионер од нашата средина. {3С 404.1}

Вистината е моќна, но не се применува во пракса. Не е доволно само да се приложуваат пари. Бог ги повикува луѓето кои се подготвени доброволно да ја проповедаат вистината на народите од други племиња и јазици. Конечна победа нема да ни донесе нашата бројност ниту богатство, туку потполната предаденост на делото, моралната храброст, сесрдната љубов кон душите и неуморната ревност. {3С 404.2}

Многумина сметаат дека Евреите како народ треба да се сожалуваат затоа што со давање на десетоците и даровите постојано биле оптоварени материјално да ја помагаат својата религија. Но Бог, Кој го создал човекот и се погрижил во Своето провидение за сите негови потреби, сигурно зане што е најдобро за него. Со посредство на Својот благослов Бог прави деветте десетини кои му остануваат на верникот, да имаат за него поголема вредност отколку целокупниот имот без Неговиот благослов. Оние кои од себични побуди Му донесуваат несовршен принос сигурно нема да ги одмине несреќа или потешка загуба. Бог ги чита побудите на срцето. Тој ги познава помислите и намерите на луѓето и ќе им го даде во свое време она што го заслужиле. {3С 404.3}

Системот на десеток се темели на принцип кој не се менува исто како и Божјиот закон. Системот на десеток бил вистински благослов за Евреите, зашто да не било така, Бог не би им го пропишал. И таа уредба, за сите оние кои ја уважуваат, ќе остане благослов до крајот на времето. Нашиот небесен Татко не го вовел планот на систематско добродетелство за да се збогати од него, туку со Своите благослови да го усреќи човекот. Тој гледа дека системот на добродетелство е токму она што му недостига на човекот. {3С 404.4}

Оние верници кои се најуредни во помагање на Божјото дело со своите прилози се најнапредни и во духовниот живот. Со посредство на таква дарежливост Христовиот

следбеник ги поистоветува своите интереси со интересите на својот Господар. Од Своите верници денес, како и од Евреите во минатото, Бог бара систематско добродетелство во сооднос со нивните приходи. Планот на спасение е заснован на непроценливата жртва на Божјиот Син. Светлината на евангелието која блеска од Христовиот крст е најголема осуда за себичноста, а поттик за дарежливост и добродетелство. Не го оплакуваме фактот што има сè повеќе повици за давање. Во Своето провидение Бог го повикува Својот народ од својата ограничена сфера на делување кон поголеми потфати. Во ова време кога моралната темнина го преплавува светот, се бараат навистина неограничени напори. Световноста и лакомството ги нагризуваат животните сили на Божјиот народ. Мораме да сфатиме дека во Својата милост, Бог го бара тоа сè повеќе од нас. Божјиот ангел делата на добродетелство ги ставил веднаш по молитвата. „Твоите молитви и твоето милосрдие излегоа пред Бога," му нагласил ангелот на Корнелие. {3С 405.1}

Во Своето поучување Христос вели: „Ако не бевте верни во неправедното богатство, кој ќе ви го довери вистинското?" Духовното здравје и просперитетот на црквата во голема мера зависат од систематското добродетелство. Тоа е слично на животворниот крвоток кој мора да циркулира низ целото битие, оживувајќи го секој орган и секој дел од телото. Тоа во нас ја зголемува љубовта и ревнувањето за душите на нашите ближни, бидејќи со самооткажување и самопожртвување доаѓаме во поблизок однос со Христа, Кој станал сиромав поради нас. Доколку повеќе вложуваме во делото на спасување на душите, дотолку тие души стануваат подраги и поблиски на нашето срце. Ако според бројот на членови сме преполовени, но ако сите тие членови се ревни работници, би биле сила пред која светот би треперел. На Своите активни работници Христос им ги упатува следниве зборови: „И еве Јас сум со вас во сите дни до свршетокот на светот". {3С 405.2}

Ќе наидуваме на спротивставување поттикнато од себични побуди и предрасуди, но сепак мораме без страв, одлучно и во жива вера да продолжиме да сееме покрај секоја вода. Сатанските агенти се страшни и опасни. Во средба со нив, ќе мораме да се впуштаме и во отворени судири. Во својата работа да не се ограничуваме само на нашата земја. Светот е полето, а жетвата е зрела. Налогот кој Христос им го дал на учениците пред Своето вознесување, гласи: „Одете по целиот свет и проповедајте го евангелието на секое создание". {3С 406.1}

Голема болка ни причинува кога гледаме како некои од нашите проповедници се задржуваат само околу своите цркви, каде што вложуваат некој мал напор, но со својата работа не постигнуваат речиси ништо. Светот е полето. Тие треба да одат кај оние кои не се членови на нашата црква и да ги приведуваат кон вистината. Браќа и сестри, да го погледнеме примерот на верниот Аврам како според Божјата заповед тргнува на ридот Морија за да го жртвува својот син - единец. Тука се гледа послушноста и подготвеноста на жртва. На египетскиот дворец Мојсеј го очекувала круна и царски престол, но тој свртел грб на тоа искушувачко подмитување и „одбил да се нарече син на фараоновата ќерка; одбирајќи попрво да страда со Божјиот народ, отколку да има привремена сладост на гревот; сметајќи го срамот поради Христа за поголемо богатство од сето египетско богатство". {3С 406.2}

Апостолите не се грижеле многу за својот живот, радувајќи се што се удостоиле да поднесат срам поради Христа. Павле и Сила поднеле загуба на сè што имале. Биле сурово камшикувани и на најнемилосрден начин фрлени во влажна ќелија на дното на

затворот, додека нозете во толку мачна положба им биле стегнати во направи за мачење. А дали поради тоа до ушите на чуварот допрел барем еден глас на нивно незадоволство или поплака? О, не? Низ тишината на ноќта од ќелијата се слушале само песни на радост и благодарност на Бога. Длабоката и сесрдна љубов на овие ученици според делото на својот Откупител им давала сила да страдаат поради тоа. {3С 406.3}

Доколку Божјата вистина го исполнува нашето срце, ги обзема нашите чувства и го контролира нашиот живот, и ние ќе се радуваме да страдаме и трпиме поради вистината. Ниту sидовите на затворот, ниту направите за мачење нема да можат да нè заплашат ниту да нè спречат во нашата голема задача. {3С 406.4}

О, душо моја, појди на Голгота! Да обратиме внимание на понизноста на Божјиот Син во овој живот. Тој „бил човек на болката и запознаен со тагата". Да размислуваме длабоко за понижувањето на кое се согласил, за Неговата агонија во Гетсиманија и ќе сфатиме што значи самооткажувањето. Ако страдаме поради сиромаштија и немаштија, да знаеме дека низ сето тоа минал и Христос - Височеството на небото. Но тој поднесувал сиромаштво поради нас. Му припаѓаме ли на сталежот на побогатите? - Тој бил најбогат. Но Тој се согласил за ние да се збогатиме со Неговото сиромаштво. Во Христа имаме најизраезн пример на самооткажување. Големината на Неговата жртва била не само во тоа што, напуштајќи ги царските дворови на небото, се согласил безбожните луѓе да го прогласат за престапник и да постапуваат со Него како таков и да умре со срамна смрт како злосторник, туку во тоа што го презел на Себе товарот на гревот на целиот свет. Христовиот живот претставува најтежок укор за нашата рамнодушност и нашето студенило. Ние се приближуваме кон свршетокот на земската историја и затоа сатаната е многу разлутен, знаејќи дека му преостанува уште малку време. Тој се служи со сите можни облици на лукавство и „со секоја измама и неправда меѓу оние кои пропаѓаат". Оваа борба нашиот голем Војвода ја оставил во наше наследство, за со Негова сила да се избориме до конечната победа. Но ние не правиме ниту дваесетти дел од она што би можеле да го направиме кога би биле будни. Неопходни се луѓе кои ќе соработуваат со Христа, луѓе кои ја увидуваат потребата од постојани напори. Работата на објавување на нашата литература никако не треба да се намали, туку напротив двојно да се зголеми. Исто така, треба да се отвораат училишта во разни места за младите да можат да се подготват за работата на ширење на вистината. {3С 407.1}

Изгубено е веќе многу време и ангелите на небото водат записник за нашите пропусти. Поради својата духовна заспаност и непосветеност пропуштивме драгоцени можности кои Бог ни ги испратил во лицето на оние кои навистина можеле да ни помогнат во нашата сегашна потреба. О, колку сега, во настојувањето да допреме до другите нации, добро би ни дошла помошта на нашата Ана Мор! Со нејзиното познавање на мисионерските полиња би можеле да најдеме пристап до оние кои зборуваат на други јазици, а до кои сега не можеме да дојдеме. Бог ни понудил драгоцен дар во таа сестра, кој толку добро би ни дошол во нашата сегашна потреба, но ние не го ценевме тој дар и затоа Тој ја зема од нас. Таа сега мирно се одмора од своите напори, но нејзините дела полни со самооткажување „одат по неа". Тажно е што во недостаток на знаење немаме пристап до разните народи и области во големото поле на жетва и што со тоа нашата мисионерска работа се успорува. {3С 407.2}

Со длабока болка во душата жалиме што сме изгубиле некои од ваквите дарови кои сега би ги имале само ако сме биле будни и внимателни. Останuваме без работници во

текот на самата жетва. Како народ треба во своето срце да се понизиме пред Бога и во најдлабока понизност да Му се молиме на Господа да ни ја прости нашата рамнодушност и себичното угодување на себе и да ги избрише срамните записи за толкавото запоставување на должностите и пропуштањето на приликите. Размислувајќи за крстот на Голгота, вистинскиот христијанин ќе ја отфрли и самата помисла за ограничување на своите прилози со кои всушност и не губи ништо и ќе биде подготвен да одговори на повикот: {3C 408.1}

Дојди да работиш во Моето лозје, {3C 408.2}

Те чека одмор по твојата работа! {3C 408.3}

Пред Своето вознесување на небото, Христос, укажувајќи на полињата зрели за жетва, им рекол на Своите ученици: „Одете по сиот свет и проповедајте го евангелието". „Бадијала добивте, бадијала давајте". Колку сме подготвени на самооткажување за оваа запоставена жетва конечно да се приведе кон крај? {3C 408.4}

Бог бара таленти, влијание и средства. Зар да не одговориме на овој повик? Нашиот небесен Татко ни дава толкави дарови, а бара да Му вратиме само еден дел; и на тој начин нѐ проверува: дали сме достојни за дарот на вечниот живот. {3C 408.5}

34. СИСТЕМАТСКО ДОБРОДЕТЕЛСТВО

Кога сите оние на кои Бог им ги подарил благословите на земските добра би го прифатиле Неговиот план и совесно би давале десеток од сите свои приходи, не ускратувајќи ги ниту своите приноси за грев и даровите на благодарност, ризницата постојано би се полнела. Едноставноста на планот на Творецот за систематското добродетелство со ништо не ја намалува неговата исправност, туку ја издигнува Божјата мудрост во создавањето на тој план. Сето тоа го носи печатот на божественото потекло и се одликува со едноставност и корисност. Кога во склад со Божјата намера, систематското добродетелство би било универзално прифатено и кога во давањето на десеток и побогатите би учествувале исто толку совесно како што тоа го прават сиромашните, не би било потребно на верските собири постојано да се повторуваат повиците на давање. Планот на систематско добродетелство е занемарен во црквата и последици од тоа се финансиско слабеење и духовно назадување. {3C 408.6}

„Зар човекот ќе Му задржува на Бога? А вие Мене Ми задржувате; а потоа зборувате: Во што ти задржуваме? Во десетокот и во приносот. Проколнати сте, бидејќи Ми задржувате, вие Мој народе. Донесете ги сите десетоци во ризницата за да бидат храна во Мојот дом и потоа испитајте Ме, вели Господ над војските: зар нема да ги отворам отворите небесни за да излејам благослов на вас, па да имате и на претек? Заради вас ќе им забранам на оние, што ги изедуваат плодовите земни, и лозата ваша во полето нема да остане без плод, вели Господ Саваот. И блажени ќе ве нарекуваат сите народи, зашто ќе бидеме земја на благослови, вели Господ Саваот". {3C 409.1}

На Бога Му се задржува десетокот и приносот. Страшна работа е да се биде виновен за задржување на она што ѝ припаѓа на Божјата ризница или да се краде од Бога. Проповедниците кои ја изнесуваат Божјата реч на нашите големи собири, чувствуваат колку е грешно да Му се задржува на Бога она што со право Му припаѓа. Тие знаат дека

Бог нема да ги благослови припадниците на Својот народ сè додека тие го запоставуваат Неговиот план за систематското добродетелство. Тие се обидуваат да ги пробудат своите слушатели, потсетувајќи ги на нивната должност и укажувајќи им отворено и јасно на опасностите кои себичноста и лакомството ги донесуваат со себе. Совеста се буди, доаѓа до осведочување и така се пробива мразот на себичноста. И кога од катедра јавно ќе им се упати повикот нешто да приложат за Божјото дело, некои под силно влијание на состанокот ќе се пробудат и ќе дадат, иако инаку не би дале ништо. Што се однесува до ваквите, повикот на давање успеал. Меѓутоа, на овие потресни повици најчесто се одзиваат оние чие срце не е замрзнато од мразот на себичноста. Тие не престанале со своите средства редовно да го помагаат делото. Овие сесрдни повици наидуваат на најдлабок одек токму во душата на таквите кои се подготвени да дадат сè што имаат, кога тоа би им го дозволувале околностите во кои живеат. {3C 409.2}

Меѓутоа, тие дарежливи и крајно искрени верници, поттикнати од ревноста, љубовта кон Божјото дело и желбата во акција да се стапи веднаш, често мислат за себе дека можат да направат и многу повеќе отколку што Бог бара од нив, бидејќи нивната корисност во други насоки е оневозможена. Таквите понекогаш се обврзуваат дека ќе дадат одредена сума на пари, иако не знаат како да дојдат до тие пари и тогаш ќе се најдат во тешка положба кога треба да ги исполнат така дадените обврски. Со тоа, некои се принудени да ги продадат своите производи со големи загуби, додека некои се откажуваат и од најнеопходните животни потреби за да ги исполнат своите завети. {3C 410.1}

На почетокот на нашата работа имаше моменти кога таквите жртви имаа свое оправдување и кога Бог ги благословуваше сите оние кои имаа смелост на таков начин да се заложат за Неговото дело. Оние кои беа наклонети на вистината беа многу малку, а нивните средства беа многу ограничени. Меѓутоа, во меѓувреме делото се прошири и зајакна, така што сега во рацете на нашите верници има доволно средства да се помага делото во сите гранки, доколку сите редовно даваат свој придонес. Напредувањето на Божјото дело не би смеело да се попречува на било кој начин. Оваа драгоцена вистина е направена толку јасна, така што ја прифатија многумина во чии раце се наоѓаат од Бога доверени средства токму затоа за да ги помагаат интересите на ова дело. Ако таквите совесно ја извршуваат својата должност, нема да биде потребно да се врши притисок на посиромашните браќа. {3C 410.2}

Ние живееме во услови на изобилство. Кога десетоците и прилозите би се давале во сооднос со она што секој од нас го примил од Бога, не би имало никаква потреба да се упатуваат апели за давање на нашите големи собири. Осведочена сум во потполност дека јавно да се повикува на давање, на нашите црковни собори, не е најдобар начин. Мажите и жените кои го сакаат Божјото дело како својот живот, заветуваат во таква прилика одредена сума, додека токму парите кои ги ветиле за Божјото дело им се неопходни за одржување на семејството. Нашиот Бог не е таков за да бара пари за Своето дело од сиромашни луѓе, пари кои им се неопходни за издржување на семејството. {3C 410.3}

Повиците за давање на прилози упатувани на нашите големи состаноци до сега покажаа добри резултати, што се однесува до побогатите. Но се плашиме од последиците кои би можеле да настапат ако и понатаму продолжиме на тој начин да ја надополнуваме ризницата. Се плашиме дека тоа би можело да има и спротивно дејство. Одговорните луѓе во црквата треба да вложат многу повеќе напори, за сите да се

придржат до од Бога одредениот план и во тој поглед. Кога планот за систематско добродетелство доследно би се применувал во пракса, барањето на прилози за разни потфати на нашите јавни состаноци воопшто нема да биде потребно. {3С 411.1}

Бог осмислил план според кој сите треба да приложуваат во сооднос со благословите кои ги примиле од Него и кога тоа ќе им премине во навика, тие редовно ќе даваат, не очекувајќи некој посебен повик. Оние кои можат да прават така, а сепак не прават, го крадат својот Творец, Кој им доверил средства за да ги вложат во Неговото дело и да ги помагаат Неговите интереси. Сè додека сите на дело не го прифатат планот на систематско добродетелство, нема да бидеме во состојба да се држиме до апостолското правило (1.Коринтјаните 16:2). Оние кои зборуваат од катедрата треба остроумно да расудат што, кога и како треба да кажат. Кога ќе упатат повик обраќајќи им се на сите присутни, тие треба да ги препознаат можностите на оние кои најчесто се одзиваат на тој повик, внимавајќи сиромашните да не преземаат на себе преголеми обврски. Кога некој еднаш ќе Му посвети на Господа извесна сума на пари, тој чувствува дека тоа е свето, посветено на свети цели. Тоа е така и затоа проповедниците треба да бидат добро известени од кого примаат ветувања. {3С 411.2}

Секој припадник на нашата црква кој верува во вистината може, со прифаќање на систематското добродетелство, со задоволство и редовно да придонесува за нејзиниот напредок. „Секој од вас нека оддели при себеси (во својот дом) за да не се собира тогаш кога јас ќе дојдам". Да се поттикнуваат поединците и постојано да им се нагласува неопходноста од давање - тоа не е должност на Божјите проповедници. Тоа треба да го чувствува како своја лична должност и обврска секој кој тврди дека верува во вистината. „Секој од вас нека оддели при себеси, онолку колку што Бог го благословил". Секој член на семејството, од најстариот до најмладиот, може да учествува во тоа дело на добродетелство. {3С 411.3}

И прилозите на малите деца можат да бидат прифатливи и угодни на Бога. Вредноста на прилогот Бог го цени според побудите кои нè поттикнуваат за давање. Сиромавиот, кој држејќи се за апостолското правило, секоја седмица одвојува барем малку, со самото тоа придонесува редовно да пристигнуваат средства во Божјата ризница; и неговите прилози се потполно прифатливи за Бога, бидејќи претставува жртва која дури е поголема од жртвите на неговите побогати браќа. Планот на систематско добродетелство за секое семејство претставува заштита да не се трошат пари на она без што се може, а посебен благослов им донесува на побогатите, чувајќи ги да не се оддаваат на раскош и расипништво. {3С 412.1}

Сите членови на оние семејства кои во потполност се придржуваат за овој план секоја седмица ги имаат на ум Божјите барања. Откажувајќи се од сè што е излишно за да ги вложат своите средства во Божјата ризница, тие сè подлабоко сфаќаат што значи да се откаже од себе поради славата на Божјото име. Еднаш седмично секој го преиспитува својот живот за изминатата седмица - што можел да има со правилно штедење и што загубил угодувајќи си себеси. За сè што направил тој се преиспитува како пред Бога, а пробудената совест или му одобрува или го осудува. Така доаѓа до спознавање дека мирот со Бога и Неговото одобрување може да ги има само ако во сè - во јадењето, во пиењето и облекувањето - пред очите секогаш ја има само Божјата слава. {3С 412.2}

Систематското и доброволно давање предвидено со овој план ги држи секогаш отворени каналите на срцето. На тој начин се предаваме на Бога за да нè направи Свои канали преку кои благословите на Неговите добра ќе течат и на другите. Сиромашните нема да мрморат против систематското добродетелство, бидејќи не ги обврзува толку многу. Со тој план тие не се запоставени, туку им се укажува чест како Христови соработници да учествуваат во тој благослов исто како и нивните побогати браќа. Со самото учествување во тоа да го остават настрана она малку што можат да го одвојат, сиромашните се откажуваат од себе и негуваат особина на дарежливост. Така тие се навикнуваат да прават добро и намерата која Бог ја има во планот на систематско добродетелство ја исполнуваат исто толку успешно како и оние кои даваат од своето изобилство. {3С 412.3}

Во времето на апостолите, христијаните оделе на сите страни проповедајќи ја Божјата реч. Биле подигани нови цркви. Гонети од љубовта и ревнувањето за Христа, тие биле подготвени на големи откажувања и жртви. Многумина од тие верници од незнабожечко потекло биле многу сиромашни, а сепак апостолот вели дека во своето сиромаштво изобилувале со богатство на дарежливост. Во желба да им помогнат на другите, давале и над своите можности. Често го изложувале на опасност и својот живот и биле подготвени поради вистината да жртвуваат и изгубат сè што имале. {3С 413.1}

Апостолот го предлага првиот ден како соодветно време човекот да го разгледа текот на провидението и сите примени добра и во Божји страв и вистинска благодарност за благословите кои ги примил, да одлучи колку треба да Му врати на Бога во склад со планот кој Тој сам го одредил. {3С 413.2}

За да пробуди наклонетост и љубов кон добродетелството, кое треба да биде потполно доброволно, Бог не смета дури ни дека се потребни некои речити повици. „Бог го љуби оној кој доброволно дава”. Нему не му е по волја Неговата ризница да се полни со принудно давање. Верните срца на Неговиот народ, радувајќи се на спасоносната вистина за ова време, секогаш од љубов и благодарност за таа драгоцена светлина, со свои средства ревно ќе придонесува таа вистина да допре и до другите. Својата љубов кон Откупителот ја изразуваме на најдобар начин кога со своите доброволни прилози го помагаме ширењето на вистината. Христовата откупителска улога во планот на спасението е потполно доброволна и Негова намера е и сите наши добродетелства да бидат потполно доброволни. {3С 413.3}

35. ЛИЧНА НЕЗАВИСНОСТ

Драги брате А, многу размислував за твојот случај. Ти пишував за извесни поединости од твојот минат, сегашен и иден живот, кои ми беа покажани во визија. Многу сум загрижена за тебе, бидејќи гледам дека ти се закануваат големи опасности. Поради своите поранешни искуства во спиритизмот се изложуваш на искушенија и остри судири. Оној чиј ум, под влијание на злите ангели, бил целосно под контрола на непријателот, мора да биде многу внимателен и недоверлив кон впечатоците и чувствата кои можат да го одведат на патот на независност и одвојување од Христовата црква. Прв чекор кој таквиот поединец би можел да го преземе независно од црквата треба да се смета за вешто лукавство на непријателот со цел да измами и уништи. Бог ја направи Својата црква канал на светлина и преку неа Тој ги соопштува Своите намери и

Својата волја. Тој никому не дава искуство независно од црквата. Знаењето за Својата волја за цела црква Тој никогаш не го дава на еден човек, оставајќи ја притоа црквата, која претставува Христово тело, во темнина. {3С 414.1}

Брате А, биди многу внимателен и внимавај како и на што градиш. Надоаѓа бура во која твојата надеж ќе биде испитана до крајни граници. Својот темел треба да го поставиш длабоко и сигурно. „Секој кој ги слуша овие Мои зборови и ги извршува е како мудар човек кој ја сосида својата куќа на камен; и удри дожд и надојдоа реки и дувнаа ветрови и ја нападнаа таа куќа и не падна, бидејќи беше сосидана на камен". Градителот упорно поставува камен на камен сè додека градбата од камен не ја подигне на цврста карпа. Евангелскиот градител често мора да го продолжи своето дело во солзи, сред искушенија, во бурата на прогонство и огорчено спротивставување, неоправдани приговори и забелешки; но тој најревно ги продолжува своите напори, бидејќи знае дека гради за вечноста. Брате А, внимавај добро дали твојот темел е на цврста карпа и дали е нераскинливо прицврстен на неа, бидејќи Карпата е Христос. {3С 414.2}

Ти имаш цврста и одлучна волја и исклучително независен дух кој, според твоето мислење, мораш да го сочуваш без оглед на сите ризици и опасности. И тој ист дух ти го внесуваш и во своето верско искуство и живот. Не беше секогаш во склад со Божјото дело како што го спроведуваат твоите американски браќа. Во многу нешта не гледаш како што гледаат тие ниту се придржуваш на нивниот начин на однесување. За потребите на делото во поедини области едвај имаш претстава. Воопшто не се трудеше да се запознаеш со разните гранки на тоа дело. Со недоверба и сомневање гледаш и на делото и на луѓето избрани од Бога, кои се задолжени да го водат тоа дело. Беше поподготвен да се сомневаш, да пронаоѓаш грешки и да им завидуваш на оние на кои Бог им доверил тешки одговорности во Своето дело, отколку заинтересирано да се поврзеш со делото, покажувајќи дека навистина се грижиш за неговиот успех и напредок. {3С 414.3}

Бог виде дека не си соодветен за пастир, ниту за проповедник на правдата кој треба да ја пренесува вистината и на другите, сè додека не се обратиш во потполност и не станеш друг човек. Тој дозволи да поминеш низ тешки искушенија, да почувствуваш оскудица и немаштија, за да научиш да чувствуваш сожалување, наклонетост и нежна љубов кон натажените, угнетените и оние кои се свиткуваат под товарот на немаштија, искушенија и несреќа. {3С 415.1}

Додека во своето страдање и неволја молеше за мир во Христа, еден облак како потполно да го замрачи твојот ум. Бараниот мир и спокојство не дојдоа како што очекуваше. Твојата вера понекогаш беше искушувана до крајни граници. Кога би фрлил поглед на својот дотогашен живот, би видел само тага, страдање и разочарување; а погледот во иднината би ти донесол само потполна неизвесност. Божествената рака чудесно те водеше до крстот и ти научи дека Бог навистина ги наградува оние кои сесрдно и искрено Го бараат. Оние кои во молитва бараат како што треба - ќе добијат. Оној кој бара со вера - ќе најде. Искуството стекнато во пламенот на искушенијата и неволјите ги фрла во сенка сите непријатности и болни настани со кои е платено. {3С 415.2}

На молитвите кои ги упатуваше во својата осаменост, во својата тага и тешко искушување, Бог не одговараше секогаш во склад со твоите очекувања, но секогаш за твое добро. Немаше јасна и конкретна претстава за своите браќа, ниту самиот себе се

гледаше во вистинска светлина. Но Бог, во Своето провидение, одговори на молитвите кои ги упатуваше во својот очај на таков начин за да те спаси и сето тоа да биде на слава на Неговото име. Не познавајќи се самиот себеси, ти бараше нешто што за тебе не беше најдобро. Бог ги слушна твоите искрени молитви, но благословот кој ти го подари потполно се разликува од она што ти го очекуваше. Во Своето провидение Бог одлучил непосредно да те поврзе со Својата црква, за да ти помогне да имаш помалку доверба во себе, а повеќе во оние на кои Тој им го доверил Своето дело. {3С 415.3}

Бог ја слуша секоја искрена молитва. Тој ќе те поврзе со Своето дело за да може непосредно да ти донесе светлина. И ако не ги затвораш своите очи пред светлината на очевидните докази, ќе дојдеш до осведочување значително повеќе да напредуваш во Бога кога би бил повеќе недоверлив кон самиот себе, а помалку кон другите. Бог е Тој Кој те повел низ тие тешки искушенија. Негова намера е преку неволјите во тебе да изгради трпение, преку трпението искуство, а преку искуството надеж. Бог дозволил да те снајдат сите тие искушенија за, минувајќи низ сето тоа, спокојно да донесуваш мирољубиви плодови на правдата. {3С 416.1}

Петар се откажал од Човекот на тагата во Неговите моменти на болката во часот на Неговото понижување. Но искрено се покајал и повторно се обратил. Во понизност на душата повторно се предал на својот Спасител. Речиси заслепен од солзи, побрзал во осаменоста на Гетсиманската градина, паднал ничкум на земјата токму таму каде што го видел својот Спасител облеан со крвава пот во Неговата страшна агонија. Мачен од тешка грижа на совеста, се сеќавал дека во тие страшни моменти спиел додека Неговиот учител се молел. Неговото горделиво срце сега потполно се скршило, а неговите солзи ја натопувале земјата на која неодамна капела крвавата пот на драгиот Божји Син. Од тоа место во градината Петар се вратил како потполно обратен човек, подготвен да покаже сомилост кон оние кои се искушувани. Понизувајќи се во потполност можел да сочувствува со слабите и заскитаните. Сега можел да ги предупредува и опоменува оние кои во својата горделивост се склони кон претерување и навистина се удостоил да ги утврдува своите браќа. {3С 416.2}

Бог и тебе, брате мој, те водел низ болки и неволји за да ја усовршиш својата самодоверба и довербата во Него и за да имаш поскромно мислење за својот сопствен суд. Ти подобро поднесуваш неволји отколку успех и благосостојба во животот. Окото на Оној Кој гледа сè открило во тебе многу раски кои ти ги сметаше како злато и кои беа толку драгоцени во твоите очи за да ги отфрлиш. Моќта на непријателот имаше понекогаш силно и непосредно влијание на тебе. Измамите на спиритизмот кои внесоа забуна во твојата вера, би го изопачиле твојот суд и би те довеле до потполна збрка. Во Своето провидение Бог настојува да те „прочисти" како Левиевите синови, за да можеш да Му принесеш „приноси во правдата". {3С 416.3}

Во сите твои напори премногу се манифестира твоето „јас". Својата волја мораш во потполност да ја потчиниш на Божјата волја, или ќе се вплеткаш во сериозни искушенија. Ако во напорите да најдеш пристап до срцата на своите слушатели, потполно се изгубиш од вид себеси, Бог ќе ти подари сила и успех. Кога ќе се понизиш и ќе бидеш мал во сопствените очи, Божјите ангели ќе ги помагаат твоите напори. Меѓутоа, кога мислиш дека знаеш повеќе од оние кои Бог со години ги води, поучува во вистината и подготвува за ширење на Неговото дело, тогаш доаѓаш во искушение да се возгордееш и да се издигнеш себеси. {3С 417.1}

Би требало посесрдно да негуваш особини на благост, нежност, сочувство и префинетост. Твоите напори се премногу обоени со строгост, претерани барања, диктаторски и властољубив дух. Често си безобзирен кон чувствата на другите и создаваш непотребни искушенија и незадоволства. Со многу љубов во работата, со повеќе љубезност и сочувство, би можел да најдеш пристап кон срцата на луѓето и да придобиваш души за Христа и за вистината. {3C 417.2}

Секогаш во сè си склон на својата лична независност. Не сфаќаш колку таа независност е бедна кога те наведува да имаш преголема доверба во своите способности, да се потпираш само на своето расудување без никаков оглед кон советите на своите браќа, особено на оние во редакцијата на која Бог го доверил раководењето на Неговиот народ. На Својата црква Бог ѝ доверил посебен авторитет и власт кои никој нема право да ги омаловажи и презре, бидејќи правејќи така, го презира Божјиот глас. {3C 417.3}

Потполно е несигурно да се потпираме само на своите впечатоци и чувства. Твоја несреќа е што падна под влијание на спиритизмот, на таа сатанска измама. Се најде под тој смртен превез и твојата фантазија и твоите нерви беа под контрола на демонот; и кога во својата самодоверба нема потполно да се потпреш на Бога, ти се заканува голема опасност. Ти си често склон да ги отвориш сите брани и просто да го повикаш непријателот, кој тогаш господари со твоите мисли и постапки, додека во исто време потполно се измамуваш и си ласкаш себеси дека имаш милост кај Бога. {3C 418.1}

Сатаната те наведува никако да немаш доверба во своите браќа во Америка. Ти со сомневање гледаш на нивното искуство и сè што тие преземаат, додека токму тие можеле да ти помогнат и за тебе да бидат вистински благослов. Сатаната многу лукаво настојува да те одвојува од тие луѓе кои претставуваат канали на светлината и преку кои Бог не престанува да ја објавува Својата волја и да го подигне и шири Своето дело. Во своите погледи, чувства и животно искуство премногу си ограничен, а таква е и сета твоја работа. {3C 418.2}

За да можеш да претставуваш благослов за своите слушатели, мораш да се поправиш во многу нешта. Мораш да се учиш на префинетост, кон сите да манифестираш благост и нежно сочувство и да ја негуваш онаа крунска доблест на Божјата благодат, која се нарекува љубов. Премногу си склон на критикување и ти недостига особината трпение, толку неопходна за придобивање на душите. Кога во својата работа помалку би бил студен формалист, повеќе поттикнат од Светиот Дух, би имал многу повеќе успех. Премногу стравуваш случајно во нешто да не се поведеш по луѓето. Сепак, Бог ги користи луѓето како Свои орудија и ќе ги користи додека трае светот. {3C 418.3}

Паднатите ангели копнееле за целосна независност од Бога. Тие навистина биле прекрасни и величествени, но што се однесува до нивната светлина, мудрост и среќа, тие потполно зависеле од Бога. Поради својата непокорност тие биле симнати од своите високи положби. Христос и Неговата црква се потполно неразделни. Да не се уважуваат и презираат оние на кои Бог им дал задача да предводат во одговорностите врзани за Неговото дело и за ширење на вистината, значи да се отфрлат од Бога одбраните орудија да помагаат, храбрат и да го зајакнуваат Неговиот народ. Отфрлајќи ги тие луѓе и мислејќи дека светлината не може да дојде преку некое човечко орудие отколку само

непосредно од Бога, се изложуваш на опасност лесно да бидеш измамен и совладан. {3С 418.4}

Бог те довел во врска со Своите соработници во црквата, за да ти ја укажат неопходната помош. Поради својата поранешна врска со спиритизмот, изложен си на уште поголема опасност твојот суд, твоето знаење и твојата моќ на разликување да бидат изопачени. Ти сам не можеш за себе секогаш да кажеш дека ги разликуваш духовите, бидејќи сатаната е многу вешт и лукав и Бог те доведе во врска со Својата црква за таа да ти помогне. {3С 419.1}

Понекогаш ти си голем формалист, држејќи се студено и непристапно. Мораш да им се приближиш на луѓето таму каде што се, не издигнувајќи се многу над нив и не поставувајќи им преголеми барања. Кога излегуваш на катедра мораш потполно да се потчиниш на влијанието на Светиот Дух и да бидеш многу попријатен. Со постојано учење мораш да пронаоѓаш најдобар начин на работа, за да ја оствариш саканата цел. Христовата љубов - изобилувајќи во твоето срце, ублажувајќи ги твоите зборови и твојата природа и издигнувајќи ја твојата душа - треба да биде обележје на твојата работа. {3С 419.2}

Често, кога ти недостига оживувачкото влијание на небесниот Дух, ти зборуваш предолго и само ги заморуваш оние кои те слушаат. Многумина говорници грешат што не го прекинуваат своето излагање додека интересот сè уште трае. Тие продолжуваат со проповедање сè додека интересот пробуден во мислите на слушателите целосно не исчезне и така навистина го заморуваат народот со зборови кои немаат некое посебно значење. Престани пред да дојде до тоа. Не го продолжувај сувопарното излагање кое само предизикува предрасуди, а не го ублажува срцето. Мораш да биде така обединет со Христа, за со своите зборови да го трогнеш срцето и да најдеш пристап до своите слушатели. Едноличните говори не ги задоволуваат потребите на нашето време. Аргументите во излагањето добро доаѓаат, но може да се случи да има многу аргументирање, а премалку животворен Божји Дух. {3С 419.3}

Ако не дозволиш твоите напори да ги следи посебна Божја сила, да се потчиниш и понизиш пред Бога, дека твоите зборови течат од срцето полно со љубов - твојата работа ќе претставува само мачно заморување за тебе самиот, не донесувајќи никакви благословени резултати. Постои точка до која Христовиот проповедник во своите напори може да стигне, над која човечкото знаење и вештина се потполно немоќни. Ние се бориме против големите заблуди и зла кои со своја сила не можеме да ги неутрализираме, ниту пак ја пробудиме свеста на луѓето тоа да го увидат, бидејќи не можеме да го измениме срцето. Не можеме со своја сила да ја поттикнеме душата да ја увиди сета одвратност на гревот и да почувствува потреба за Спасителот. Но ако нашата работа го носи печатот на Божјиот Дух, ако нашите напори во сеење на евангелското семе се следени со божествена сила, ќе ги видиме плодовите на својата работа направени во слава на Бога. Само Тој може да го полее посеаното семе. {3С 419.4}

Така стои работата со тебе, брате А. Не смееш така да избрзуваш и премногу да очекуваш од оние кои сè уште се наоѓаат во темнина. Мораш во понизност и надеж да очекуваш Бог, во Својата милост, да ти ја подари онаа таинствена и закрепнувачка сила на Својот Дух, без која твоите напори во Божјото дело ќе останат напразни. Во жива вера треба постојано да се држиш за Бога, свесен во секој момент за своите опасности и своите слабости и постојано барајќи ја од Бога онаа сила и моќ која само Тој може да ја

даде. Можеш да се трудиш со сите свои сили, но сам не можеш да постигнеш ништо. {3С 420.1}

За да можеш мудро да постапуваш со другите, мораш прво и сам да учиш. Правејќи разлика, кон некои треба да манифестираш големо трпение и милост, додека други треба да ги спасуваш со страв, извлекувајќи ги како од оган. Нашиот небесен Татко често нè остава во неизвесност во поглед на нашата работа. Мораме да сееме покрај секоја вода, бидејќи не знаеме што подобро ќе успее: ова или она. Енергија неопходна за одржување на својата вера можеме секогаш да најдеме во Бога, Кој е извор на секоја сила и секогаш да се чувствуваме потполно зависни од Бога. {3С 420.2}

Брате А, во напорите да владееш со себе и својот карактер да го изградуваш во склад со начелата на Божјата реч, мораш да направиш сè што е во твоја моќ. За да станеш успешен пастир, мораш да се подготвиш за тоа и да учиш. Треба да ја облагородиш својата природа, негувајќи особини како што се: љубезност, ведрина, еластичност, благородност, сочувство, учтивост и сожалување. А за да го постигнеш тоа, мораш да ги победиш: мрзоволието, нетрпеливоста, тесноградоста, склоноста кон замерување и заповедничкиот дух. Ако се грижиш за Божјото дело мораш храбро да се бориш сам со себе и својот карактер да го ускладиш со божествениот Пример. {3С 420.3}

Без постојани напори од своја страна, ќе бидеш склон пречките кои под влијание на изопаченото сфаќање се појавуваат на твојот пат, да ги припишуваш на сè друго, само не на вистинските причини. Неопходна ти е самодисциплина. Нашата побожност не смее да се огледува во огорченост, студенило и мрзоволие туку во благост и подготвеност да се учиме. Духот на осудување и критика го прави многу мачен твојот пат и ги затвора срцата на луѓето пред тебе. Ако во понизност не побараш поддршка од Бога, ќе продолжиш сам да подигаш препреки на својот пат, а тогаш за тоа да обвинуваш други. {3С 421.1}

Мораш многу будно да внимаваш во изнесување на вистината и објавување на своите должности да не манифестираш фанатички дух што предизвикува предрасуди. Настојувај да се покажеш исправен пред Бога, како работник кој нема од што да се срами. Испитај ги своите природни склоности и запрашај се каков карактер си развил. Како и секој Христов проповедник, најсериозно обрати внимание на тоа сам да не негуваш навики или некои умни и морални склоности кои не би сакал да ги видиш кај оние на кои им ја донесуваш вистината. {3С 421.2}

На Христовите проповедници им е наложено да бидат примери на Божјото стадо. Со своето влијание проповедникот може да го обликува карактерот на своите слушатели. Ако проповедникот е немарен, ако не негува чистота на срцето и животот, ако е зајадлив, склон на критикување и изнаоѓање на грешки, себичен, склон кон независност и не владее со себе, тој сите тие непријатни особини во голема мера ќе ги наоѓа и кај своите верници; а тешко е да се исправи она за што е придонесено преку личното влијание. Особините кои проповедникот ги манифестира имаат големо влијание на развојот на христијанските доблести кај народот. Ако неговиот живот е среќен спој на христијански доблести, оние на кои тој им го пренесува знаењето за вистината, доколку навистина Го љубат Бога, во многу нешта ќе се угледаат на неговиот пример, бидејќи тој е за нив Христов претставник. Затоа проповедникот секогаш треба да чувствува дека негова должност е да ја украсува Божјата наука во сè. {3С 421.3}

Најголеми напори проповедникот на евангелието треба да посвети на одлучното настојување сите свои таленти да ги посвети на спасување на душите. Тогаш ќе биде успешен. Совесната примена на дисциплина е потребна на секој кој го исповеда Христовото име, но тоа е во многу повисока смисла важно за проповедникот, бидејќи тој е Христов претставник. Нашиот Спасител со Својата чистота и возвишен морал влевал стравопочит, додека со Својата љубов, благородно држење и благост ги воодушевувал слушателите. И најсиромашните и најнезачајните не се плашеле да Му се приближат; ги привлекувал кон себе дури и малите деца. Тие сакале да Му седнат во скут и со своите детски раце да го допираат и да го бакнуваат тоа замислено лице, полно со благонаклонетост и љубов. Таква љубов и нежност тебе ти недостигаат и ти треба да се трудиш да ги развиваш. Манифестирањето на наклонетост, учтивост и почит кон другите не би го намалило твоето достоинство, туку би ти отворило пристап до многумина срца кои сега се затворени за тебе. {3С 422.1}

Секој проповедник треба да се труди да стане што посличен на Христа. Мораме да учиме, угледувајќи се на Неговиот карактер, на строгата праведност да ѝ ги придружиме особините на чистота, љубов, искреност и благородност. Пријатно лице на кое се одразува љубов, љубезно и учтиво однесување во вашите напори кога не сте зад катедра, ќе направат многу повеќе отколку самото излагање на проповедта без вакви манири. Да се привикнуваме да го уважуваме расудувањето на другите, бидејќи во поголема или помала мера, зависиме од нив. Мораме да негуваме вистинска христијанска учтивост и нежно сочувство дури и кон најгрубите и најнељубезните. Христос од совршената чистота на небесните дворови дошол да ги спасува токму таквите. Ти премногу бргу го затвораш своето срце кон многумина кои не манифестираат интерес за пораката која ја изнесуваш, но кои сè уште се предмет на Божјата благодат и кои се драгоцени во Неговите очи. „Оној кој придобива души е мудар”. Павле бил подготвен на сè, само за да придобие и спаси некого. Сличен став треба да заземеш и ти. Мораш да ја потчиниш својата независност. Тебе ти недостига духовна понизност. Тебе навистина ти е неопходно благотворното влијание на Божјата благодат да го разнежни твоето срце за, не со предизвикување туку со благост да пронајдеш пристап до човечките срца кои можеби сè уште се под влијание на силните предрасуди. {3С 422.2}

На Божјото дело му се најпотребни луѓе со сесрдна вера, луѓе кои се полни со ревност, надеж, вера и храброст. На потребите на делото во ова време не им одговараат самоволни луѓе, туку само сериозни, ревни и искрени луѓе. Многумина од нашите проповедници се премногу чувствителни, неискусни, лишени од христијанските доблести, непосветени и лесно се обесхрабруваат; но многу се упорни да ја наметнуваат својата волја и да ги остваруваат своите себични цели. Таквите луѓе не ги задоволуваат потребите и барањата на ова време. Во ова последно време ни се неопходни луѓе кои секогаш се будни. Тоа мораат да бидат совесни, точни и искрени луѓе - искрени во својата љубов кон вистината, луѓе подготвени на најголеми напори и жртви ако со тоа можат да придонесат за напредок на Божјото дело и за спасување на драгоцени души. За ова дело се потребни луѓе кои нема да мрморат и да се жалат на тешкотиите и неволјите кои ги снаоѓаат, знаејќи дека тоа е дел од ветувањето кое Исус им го оставил. Тие мораат да излезат надвор од својата околина, да поднесуваат и срам и тешкотии како добри војници на Исуса Христа. Таквите секогаш ќе бидат подготвени да го носат

крстот на кој Христос ги повикува без жалба, без мрморење и мрзоволност и трпеливо ќе ги поднесуваат сите свои страдања и неволји. {3С 423.1}

Свечената и тестирачка вистина за овие последни денови сега ни е доверена на нас и треба да ја сфатиме најсериозно. Брате А, мораш да внимаваш сам себе да не се поставуваш за мерило. Престани да се повикуваш на своите наклонетости, те преколнувам. Сè што поднесуваме и сè што некогаш ќе се побара од нас да поднесуваме поради вистината е премногу незначително за да може да се спореди со она што нашиот Спасител го поднел поради нас - грешниците. Не очекувај другите правилно да те сфатат и за тебе да имаат добро мислење. Христос вели дека во светот ќе имаме неволји, но дека во Него ќе имаме мир. {3С 423.2}

Си навикнал да манифестираш многу борбен дух. И штом некој ќе ти се спротивстави, подготвен си веднаш да заземеш одбрамбен став; и иако би можел да живееш во мир со своите браќа кои ја љубат вистината и кои целиот свој живот го посветиле на Божјото дело, ти постојано се оправдуваш себеси, додека она што тие го велат или прават ти го критикуваш и се сомневаш дури и во нивните побуди. На тој начин се лишуваш од големи благослови и од драгоцената предност да го користиш искуството на своите браќа. {3С 423.3}

Расправиите треба да се одбегнуваат

Ти сакаш да дебатираш за вистината и имаш желба за расправање; но таквите расправи не се поволни за развој на складен христијански карактер. Тоа за тебе е поволна прилика да ги манифестираш токму оние црти на карактерот кои мораш да ги совладаш за некако да отидеш на небо. Расправањето не може секогаш да се избегне. Има случаи кога околностите се такви да од две зла треба да се одбере најмалото, а тоа е јавната расправа. Меѓутоа, таквите расправии треба да се одбегнуваат кога тоа е можно, бидејќи последиците од тоа најчесто не придонесуваат за слава на Божјото име. {3С 424.1}

Оние кои сакаат да ја набљудуваат борбата на противниците можат да инсистираат на вакво соочување. Други, кои сакаат да ги слушнат аргументите на двете страни, можат да бараат расправи од најискрени побуди. Сепак, расправите треба да се одбегнуваат секогаш кога тоа е можно, бидејќи тоа само ја зацврстува борбеноста, а ја слабее онаа чиста љубов и светите наклонетости кои секогаш треба да постојат во срцето на христијанинот, колку и тие да се разликуваат во ставовите и мислењето. {3С 424.2}

Расправите во овој век не претставуваат вистински доказ на сесрдните желби на поединците да ја истражуваат вистината туку потекнуваат од љубипитноста и желбата за возбуда која обично ги следи таквите расправи. Таквите судири ретко придонесуваат за слава на Божјото име или за напредок на вистината. Според резултатите кое нејзиното прифаќање ги донесува, вистината е премногу сериозна и значајна за таквите расправи да ја намалат или зголемат. Да се расправа за вистината за на противниците да им се докаже вештината на нејзините поборници претставува само бедно човечко надмудрување, бидејќи не придонесува речиси ништо за вистинскиот напредок на вистината. {3С 424.3}

Непријателите на вистината секогаш ќе бидат многу вешти лажно да ги прикажуваат своите противници. Тие се во состојба и најсериозните свети вистини да ги подложат на потсмев. Со дрска иронија и потсмев, тие ќе ја прикажат вистината во толку погрешна светлина, така што умот помрачен од заблудата и извалкан од гревот нема да ги препознае побудите и целите на тие вешти интриганти и лажно прикажување на драгоцените и важни вистини. Имајќи ги во вид луѓето кои учествуваат во нив, многу малку расправи се водат на принципиелен и коректен начин. И едната и другата страна често прибегнуваат на остри и ниски удари, лично изживување и зајадливи досетки. Љубовта кон душите потполно се потиснува во желбата да се надмудри и понизи противникот. Исходот од таквото расправање е често таков што предрасудите стануваат уште подлабоки и поогорчени отколку што биле. {3C 424.4}

Ангелите со болка набљудуваат како најдрагоцените бисери на вистините во таквите расправи се фрлаат пред луѓе кои се потполно неспособни да ги ценат доказите изнесени во прилог на вистината. Тие со сето свое битие се во војна со начелата на вистината и со сите сили се борат против неа. Нивна цел во расправата не е да ги сфатат доказите за вистината или набљудувачите да добијат правилна претстава за нашиот став, туку само да создадат забуна во сфаќањето, изнесувајќи ја во погрешна светлина вистината пред народот. Има луѓе кои се обучуваат за вакви судири. Нивна тактика е својот противник да го прикажат во лажна светлина и јасно изнесените аргументи да ги затрупаат со нечесни зборови. Сите свои од Бога дадени сили тие ги посветуваат на таа нечесна вештина, бидејќи во нивното срце нема ништо што би било во склад со чистите начела на вистината. Тие грчевито се фаќаат за секој доказ со кој можат да ги понижат поборниците на вистината, иако и сами не веруваат во тоа што го изнесуваат како докази. Ставот кој го зазеле тие го бранат без некаков оглед кон правдата и вистината ниту воопшто ги загрижува фактот дека пред нив е Божјиот суд, кога тој нивен триумф ќе се покаже во вистинска светлина со сите свои кобни последици. Тогаш заблудата со сите свои лажни надмудрувања и подли настојувања да ја претвори вистината во лага, ќе се покаже во сета своја гнасотија. Никакви победи нема да опстанат во денот кога Бог ќе суди, освен победите кои во слава на Божјото име ќе ги извојува вистината, чистата, света и возвишена вистина. {3C 425.1}

Ангелите плачат кога гледаат како светите вистини од небесно потекло се фрлаат пред свињи, за тие да ја газат со своите валкани нозе. „Не фрлајте бисери пред свињи, за да не ги згазат со своите нозе и да ве растргнат”. Тоа се зборови на Откупителот на светот. {3C 425.2}

Божјите проповедници не треба да мислат дека приликата за јавна расправа претставува голема предност. Сите точки на нашата вера не треба јавно да се изнесуваат и залудно да се објаснуваат на мноштвото преполно со предрасуди. На фарисеите и садукеите во Свое време Христос им зборувал во параболи, сокривајќи ги јаснотиите на вистините кои им ги изнесувал; додека на Своите ученици им зборувал отворено. Од Христа треба да учиме како во изнесување на вистината треба да бидеме внимателни, на луѓето да не им ги дупнуваме ушите со изнесување на вистините кои тие, бидејќи не се во целост разјаснети, не се подготвени да ги примат. {3C 426.1}

За да привлечеме внимание и да ја стекнеме довербата на слушателите, прво треба да се задржуваме на вистините кои ни се заеднички; потоа, откако ќе ги придобиеме, можеме лесно да напредуваме со излагањето. Потребна е голема мудрост за да се изнесе непопуларната вистина и да се пронајде патот до срцата на луѓето кои се полни

со предрасуди. Во јавна расправа пред слушателите кои се неизвестени во поглед на нашата вера и на кои библиската вистина не им е позната, треба да се изнесуваат вешто одбрани и внимателно подготвени докази кои ги поткрепуваат јасно изнесените вистини. Има луѓе кои професионално се занимаваат со тоа јасно изложените вистини во Божјата реч да ги затрупуваат со лажни теории кои звучат многу убедливо за оние кои не истражуваат сами за себе. {3C 426.2}

Во судир со таквите сатански агенти не е лесно да се биде трпелив и да се остане потполно смирен. Меѓутоа, смиреноста, самосовладувањето и трпението се особини кои мора да ги негува секој Христов проповедник. Тие противници на вистината посебно се обучуваат за побивање на спротивното мислење. Тие се подготвени своите лажни заклучоци и човечки тврдења да ги прикажат како Божја реч. Тие ги збунуваат неподготвените за таквата расправа и ја прават вистината неразбирлива, додека наместо чистите библиски вистини изнесуваат чисти измислици. {3C 426.3}

На многумина повеќе им одговара темнината отколку светлината затоа што делата им се зли. Но има луѓе кои со задоволство би ја прифатиле светлината кога таа би им се прикажала на поинаков начин и под поинакви околности и кога би им се пружила шанса сами да ја проверат тежината на понудените аргументи, со помош на Библијата, споредувајќи стих по стих. {3C 426.4}

Нашите проповедници покажуваат голема непромисленост кога пред светот ги објавуваат подло смислените заклучоци и заблуди, кои ги измислуваат ваквите интриганти за со тоа да ги покријат и прогласат неважечки светите Божји вистини. Тие лукави луѓе, кои само демнат прилика да ги измамат невнимателните, ги користат сите сили на своите умни способности за извртено да го прикажат значењето на Божјата реч. Оние кои се неискусни и невнимателни тие ги измамуваат на нивна пропаст. Тоа навистина била кобна грешка на сите да им се објаснат аргументите со кои нашите противници се борат против Божјата вистина, бидејќи на тој начин на сите им се даваат во раце доказите кои на многумина никогаш не би им паднале на ум. Некој ќе мора да одговара за такво немудро постапување. {3C 427.1}

Аргументите кои противниците ги изнесуваат против вистината, со своето влијание ја поткопуваат верата на оние кои не се добро известени за силата на вистината. Блискоста со гревот ги умртвува моралните чувства на општеството во целина. Себичноста, нечесноста и разни други гревови кои преовладуваат во ова време на општа изопаченост го умртвуваат чувството за она што е вечно и непропадливо и затоа Божјата вистина не се сфаќа. Објавувајќи ги лажните аргументи на нашите противници ние ја ставаме заблудата и вистината на исто ниво. Меѓутоа, ако вистината во сета своја јаснотија била за сето тоа време пред нивните очи, тие би се осведочиле во силата на нејзините аргументи и би биле подготвени да се спротивстават на аргументите на противникот. {3C 427.2}

Оние кои копнеат да ја запознаат вистината и да ја разберат Божјата волја и кои совесно ги исполнуваат своите секојднени должности ќе бидат сигурни што се однесува до учењето, бидејќи се упатени во секоја вистина. Бог не ветува дека луѓето со некоја неодолива сила на Своето провидение ќе ги доведе до познавање на вистината, доколку тие сами не ја бараат вистината во желба да ја сфатат. На луѓето им е дадена слобода на избор: да го прифатат делувањето на Божјиот Дух во својата душа или да го задушат. Тие можат да бидат послушни преку името и благодатта на нашиот Откупител, а можат

да бидат и непослушни и за тоа да сносат неизбежни последици. Човекот е одговорен за тоа: дали ќе прими или пак ќе ги отфрли светите и вечни вистини. Божјиот Дух не престанува да ги осведочува луѓето, а тие сами одлучуваат дали ќе бидат за, или против вистината. Со своето однесување, зборови и постапки, проповедникот може значително да придонесе една душа да се определи за вистината или против неа. Колку тогаш е важно секоја постапка во животот да биде таква за поради неа да не мораме да се каеме. Тоа е особено важно за Христовите претставници кои работат наместо Христа. {3С 427.3}

Авторитетот на црквата

Откупителот на светот ја облекол Својата црква со голем авторитет и ги утврдил правилата кои треба да се применат во случај да се појават некои тешкотии меѓу нејзините членови. Откако дал упатства до кои треба да се придржува, Тој додава: „Вистина ви велам: што и да врзете на земјата, ќе биде врзано и на небото и што и да одврзете на земјата ќе биде одврзано и на небото". Така дури и небесниот авторитет ја потврдува дисциплината на црквата во поглед на нејзините членови кога е испочитувано библиското правило. {3С 428.1}

Божјата реч не дозволува на ниту еден човек да го спротивставува своето расудување на одлуката на црквата ниту пак упорно да останува при своето мислење наспроти мислењето на црквата. Кога во црквата не би имало дисциплина и авторитет, таа би се распаднала и би било невозможно да се одржи како единствено тело. Отсекогаш имало поединци со независно сфаќање кои тврделе дека се во право, дека токму Бог ги учи нив и со Својот Дух ги води на посебен начин. Секој таков поединец имајќи лични сфаќања и посебно мислење за себе, тврди дека токму неговите погледи се во склад со Божјата реч. Секој има поинаква теорија и вера и секој смета дека примил посебна светлина од Бога. Таквите се одвојуваат од телото на црквата и секој за себе претставува посебна црква. Сите вакви никако не можат да бидат во право, а сепак сите тврдат дека ги води Бог. Зборот на вдахновение не може да биде и да и не, туку само да и амин во Исуса Христа. {3С 428.2}

На Своите поуки Спасителот додава и едно упатство со ветување: Ако двајца или тројца се обединат и во молитва ќе побараат нешто од Бога, ќе бидат услишени. Христос овде покажува дека мораме да се обединиме со другите, дури и кога за нешто ќе го замолиме. Големо значење треба да се придава на заедништвото во молитва, на единството во целта и намерите. Бог ја слуша молитвата на секој поединец, но во оваа прилика Христос дава посебни и важни поуки, посебно наменети на Неговата новоорганизирана црква на Земјата. Во она што го сакаат и за што се молат, верниците треба да бидат сложни и единствени. Таквата молитва треба да ги одразува не само мислите и желбите на поединецот, туку сесрдната желба на повеќето од нив чии мисли се сосредоточени на истите потреби. {3С 429.1}

Во Павловото чудесно обратување гледаме необично манифестирање на Божјата сила. Околу него одеднаш блеснала светлина посилна од светлината на пладневното сонце. Исус, чие име Павле го мразел и презирал повеќе од сè друго, лично му се открил со цел да го запре во неговата искрена ревност, за од тоа орудие кое дотогаш ништо не ветувало да направи „избран сад" кој треба да го објави евангелието на незнабошците.

Тој совесно направил многу зла против името на Исус Назареецот. Во својата ревност, бил најупорен и најжесток противник на Христовата црква. Бил длабоко и сигурно осведочен дека тоа алармантно учење кое Исуса го прогласува за Кнез на животот и кое толку незадржливо се шири на сите страни, треба да се сотре - и дека токму тоа е негова должност. {3C 429.2}

Павле навистина верувал дека верата во Исуса го укинува Божјиот закон, принесувањето на жртви, чинот на обрезување и сè она што Бог со векови го прифаќал со потполно одобрување. Но чудесната Христова појава пред вратите на Дамаск внела светлина во замрачените одаи на неговиот ум; и тој сфатил дека Исус Назареецот Кој тој го прогонува е навистина Спасител на светот. {3C 429.3}

Увидувајќи колку неговата ревност била погрешна, Павле извикал: „Господе, што сакаш да направам?" Исус веднаш не му одговорил какво дело му е наменето, иако можел тоа веднаш да му го каже. Поуките за тоа Павле морал да ги добие во христијанската црква и тоа со разбирање да го прифати. Христос го испратил токму кај оние ученици кои толку огорчено ги прогонувал, тие да го учат. Погоден од сјајот на неиздржливата небесна светлина, Павле ослепел, но Исус како Голем Лекар Кој им го вратил видот на толку слепи, веднаш не го исцелил. На Павловото прашање, Тој одговорил со следниве зборови: „Стани и влези во градот, па ќе ти кажам што треба да правиш". Исус можел не само да го излекува Павле од неговото слепило, туку можел и да му ги прости гревовите и да му каже која ќе биде неговата должност во иднина. Силата на исцелување и милоста на простување кои Павле ги очекувал во тој момент, се наоѓаат само во Христа и Тој можел да му го пружи тоа непосредно; но Тој не сакал да го направи тоа за Павле независно од Својата црква, неодамна организирана на Земјата. {3C 429.4}

Вчудоневиден и збунет од чудесната светлина која го осветлила во таа прилика, Павле во потполност се предал на Бога. Овој дел во залагањето за Павловото спасение не можел да го направи ниту еден човек, но останало нешто што требало да го направат Христовите ученици. Затоа Исус го испратил Павле кај Своите претставници во црквата за тие и понатаму да го упатуваат што треба да работи. На овој начин Христос лично Му се открил на Павле и го осведочил во вистината и со тоа се создадени услови и понатаму да го поучуваат и упатуваат оние на кои Бог им ги доверил тие должности. Испраќајќи го кај Своите избрани слуги, Христос го поврзал Павле со Својата црква. {3C 430.1}

Токму оние луѓе кои Павле имал намера да ги уништи станале негови учители во верата, која некогаш толку ја презирал и прогонувал. Ослепел и не јадејќи ништо, три дена чекал да стапи во контакт со луѓето кои во својата слепа ревност ги прогонувал до смрт. Така Исус го довел Павле во врска со Своите претставници на Земјата. Тогаш Господ во визија му рекол на Ананија, еден од Своите следбеници, да појде во една одредена куќа во Дамаск и да го бара по име „Савле од Тарс; бидејќи тој му се молел". {3C 430.2}

За да може, онака слеп, да дојде во Дамаск како што му било кажано, Савле зависел од оние кои дошле со него за да му помогнат во апсењето на Христовите ученици, да ги однесат во Ерусалим и да ги предадат на смрт, а сега тие морале да го внесат во градот. Така Савле поминал три дена и три ноќи во пост и во молитва во Дамаск, во Јудиниот дом. Тука неговата вера била ставена на проба. Три дена бил во темнината на неизвесноста, не знаејќи сè уште што се очекува од него и што треба да прави; а тие три

дена бил и физички слеп. Му било кажано само да влезе во Дамаск и дека тука ќе му се каже што треба да прави. Во својата неизвесност, сесрдно барал помош од Бога. Во меѓувреме на Ананија му бил испратен еден ангел кој точно му кажал во која куќа треба да го побара Савле кој му се молел на Бога и да му каже што треба понатаму да прави. Гордоста на Савле исчезнала потполно. Пред само неколку дена тоа бил човек полн со самодоверба, сметајќи дека е ангажиран во добро дело за кое ќе прими награда. Но сега сè се променило. Тој бил на колена. Наведнат до земја, се каел во длабоко понижување и срам, и во најсесрдни молитви барал простување. Преку еден од Своите ангели, Господ му рекол на Ананија: „Гледај, тој му се моли на Бога". Ангелот го известил овој Божји слуга дека на Савле во визија му било откриено како човек по име Ананија доаѓа кај него и ги става своите раце на него за да прогледа. Бидејќи едвај можел да им поверува на зборовите на ангелот, Ананија повторил сè што слушнал за Савле како најогорчен прогонител на светите во Ерусалим. Но Божјиот налог упатен на Ананија сега бил неодложен. „Оди, бидејќи тој ми е одбран сад кој ќе го изнесе Моето име пред незнабошците и израелевите цареви и синови". {3С 430.3}

Покорувајќи се на налогот на ангелот, Ананија тргнал и положувајќи ги своите раце на човекот кој до неодамна оддишувал со закана и најогорчена омраза против сите кои верувале во Христово име, рекол: „Савле брате, Господ Исус Кој ти се јави на патот по кој одеше, Ме испрати за да прогледаш и да се наполниш со Свети Дух. И одеднаш како лушпи да паднаа од очите негови и тој прогледа и кога стана се крсти". {3С 431.1}

Сето ова Исус можел да го направи за Павле и непосредно, но тоа не бил Негов план. Павле требало да го признае својот грев на оние кои претходно имал намера да ги истреби и Бог им ја доверил оваа одговорна задача на оние кои биле поставени да работат наместо Него. Павле бил должен да ги преземе овие чекори, кои се неопходни во процесот на обратување. Од него била барано да им пријде токму на оние кои ги прогонувал поради нивната вера. Овде Христос им дал пример на сите припадници на Својот народ како Тој работи на спасување на луѓето. Божјиот Син се поистоветил со службата и авторитетот на Својата организирана црква. Негов план е благословите да доаѓаат преку орудијата кои Тој ги поставил и затоа го поврзува човекот со црквата како канал преку кој ги примаме тие благослови. Павле бил убеден дека прогонувајќи ги светите прави добро дело, но неговата искреност во тоа не го направила невин кога Светиот Дух го осведочил колку тоа било погрешно и сурово. Морал да стане ученик на Христовите ученици. {3С 431.2}

Се осведочил дека Исус, кого тој во своето слепило го сметал за измамник е навистина основоположник и свршител на верата на избраниот Божји народ од Адамови денови, вера која сега му станува толку јасна. Во Христа видел бранител на вистината и го сметал како Оној во кој се исполнуваат сите пророштва. Порано го гледал Христа како оној кој го укинува Божјиот закон, но кога Светиот Дух го просветлил неговиот ум, научил од учениците дека Христос е основоположник и темел на целокупниот обреден систем, дека во Христовата смрт симболите нашле остварување и дека Христос дошол на свет со изразена цел да го оправда законот на Својот Татко. {3С 432.1}

Во светлина на законот, Павле се гледал себеси како грешник. Токму тој закон, за кој мислел дека толку ревно го држи и брани, сега го прогласувал престапник. Се покајал, умрел за гревот, продолжил да се покорува на барањата на Божјиот закон, со вера Го прифатил Христа како свој личен Спасител, се крстил и почнал да го проповеда

Исуса исто толку ревно како што некогаш Го прогонувал. Во Павловото обратување дадени ни се значајни начела на вистината кои секогаш треба да ги имаме на ум. Во прашањата за верата Откупителот на светот не го одобрува она што се прави независно од Неговата организирана црква, секаде каде што постои таква црква. {3C 432.2}

Многумина мислат дека за светлината и искуствата кои ги имаат во верата Му должат само на Христа, независно од Неговите признати следбеници во светот. Но Христос го осудува тоа во Своето учење и во примерите и фактите кои ни се дадени за наша поука. Еден од таквите примери е токму Павле, човекот кој сам Христос го избрал за посебно дело, да биде Негов „избран сад" и на кој Тој му се открил на толку чудесен начин. Тој го запрел на неговиот пат и го осведочил дека е во заблуда. Но на Павловото прашање: „Што сакаш да правам?" Спасителот не му дал директен одговор туку го довел во врска со Својата црква. Во неа ќе му се каже сè што треба да прави. Исус е пријател на грешниците; Неговото срце е секогаш отворено и Тој ги разбира сите наши страдања и потреби; иако Му е дадена сета власт и на небото и на земјата, Тој ги уважува орудијата кои сам ги одредил за духовно просветување и спасување на луѓето. Тој го упатил Павле во Својата црква и на тој начин признал дека таа претставува канал со кој небесната светлина треба да се пренесува на светот. Таа е тело на Христовата организација на земјата и почитувајќи ја, ги исполнуваме Неговите заповеди. Во Савловиот случај, Ананија го претставувал Христа, а исто така и Неговите проповедници на Земјата, кои се од Бога одредени да работат наместо Него. {3C 433.1}

Савле бил високо образован учител во Израел; но додека се наоѓал под опојното влијание на заблудите и предрасудите, Христос лично му се јавил и го довел во врска со Својата црква, која претставува светлина на светот. Тука овој високо образован и прочуен говорник морал да се учи на христијанската вера. Во Христово име Ананија ги допрел неговите очи за да му го врати видот; во Христово име тој ги положил своите раце на него, во Христово име тој се молел за него и Савле ја примил силата на Светиот Дух. Сè било направено во Христово име и со Неговиот авторитет. Христос е извор на светлината. А црквата е канал преку кој таа светлина се пренесува на светот. На оние кои се фалат со лична независност им недостига поблиска поврзаност со Христа која може да се оствари само со поврзаност со Неговата црква на Земјата. {3C 433.2}

Брате А, Бог те љуби; Тој сака да те спаси и со вовед во работата да те направи делотворен. Ако бидеш понизен и подготвен да примаш поуки, давајќи му место на Светиот Дух тој да го обликува твојот карактер, Тој ќе ти биде сила, твоја правда и твоја најголема награда. Ти би можел многу да направиш за своите браќа кога би се согласил да ја сокриеш својата волја во Бога, дозволувајќи Неговиот Дух да ја омекне и ублажи твојата природа. Ќе наидуваш на тврдоглави и упорни луѓе, луѓе кои се полни со огорчени предрасуди, но сепак не повеќе отколку што тоа бил Савле. Господ може силно да работи за твоите браќа ако не продолжиш, како, што си правел досега, сам да подигаш препреки на својот пат. Љубовта која го растопува срцето, сочувството и нежноста нека ја исполнуваат твојата душа додека работиш со луѓето. Ти би можел да срушиш и железни ѕидови на предрасуди, само кога цврсто би се држел за Христа и би примал совети од своите поискусни браќа. {3C 434.1}

Како Божји слуга, не би смеел да дозволиш постоечките тешкотии или жестоките спротивставувања толку лесно да те обесхрабруваат. Оди напред, не во свое сопствено име туку во силата на изралевиот Бог. Биди подготвен да поднесуваш и неволји и страдања како добар војник на Христовиот крст. Христос мирно ги поднесувал сите

спротивставувања и напади од страна на грешниците. Набљудувајќи го Христовиот живот, охрабри се и продолжи да напредуваш во верата, храброста и надежта. {3C 434.2}

36. ЕДИНСТВО ВО ЦРКВАТА

Во мојата последна визија покажано ми е ширењето на вистината и напредувањето на Божјото дело на брегот на Пацификот. Видов дека за многумина во Калифорнија е направено добро дело, но и дека многумина кои ја исповедаат вистината не се подготвени да го прифатат Божјото дело во вистински момент и да се одзвијат кога Бог, во Своето провидение ќе им го отвори патот и ќе им укаже на должноста. Со обединети напори во делото на спасување на душите и во ширење на знаењето за вистината на тој брег би можело да се направи и многу повеќе. {3C 434.3}

Кога сите кои имаат влијание, во желба да одговорат на Христовата молитва: сите да бидат едно како што бил едно со Таткото, би ја сфатиле сета неопходност на единството и соработката, делото на сегашната вистина на тој брег би претставувало вистинска сила. Но припадниците на Божјиот народ спијат и не ја увидуваат потребата на делото за ова време. Тие не го увидуваат значењето на сосредоточеноста во работата. Сатаната постојано работи на тоа да ги разедини припадниците на Божјиот народ и во верата и во срцето. Тој добро знае дека единството е нивната сила, а неслогата нивна слабост. Од огромна важност е сите Христови следбеници да го прочитаат ова сатанско лукавство и единствено да се спротивстават на неговите напади и победи. Тие треба постојано да вложуваат напори за единство, дури и ако од своја страна поради тоа би морале нешто и да жртвуваат. {3C 434.4}

Припадноста на црквата ги собира и обединува верниците со многу различна природа и лични склоности. Тука Божјата вистина, доколку е прифатена со сето срце, делува како квасец: го издигнува, облагородува и посветува секој од нив и ги ослободува од поединиите сфаќања и предрасуди. Секој треба, колку што е можно, да придонесува за меѓусебно зближување и слога. Оние кои Го љубат Бога и ги држат Неговите заповеди ќе влијаат навистина поволно на неверниците и ќе приведуваат души кон Христа, сè додека песните на победа не одекнат во радост пред големиот бел престол. Себичноста ќе биде победена, а незадржливата љубов кон Христа ќе се покаже во нивната желба да ги спасуваат душите за кои Тој го дал Својот живот. {3C 435.1}

Видов дека многумина не живеат според Христовата волја во својот семеен живот; тие мораат да ги преземат првите чекори токму тука, за да можат да напредуваат во богоугодниот живот. Во случајот на брат Б, укажано ми е токму на она време кога тој ја прифатил вистината. Под благотворното влијание на вистината, тој се ослободувал од себичноста. Во настојување да ја покаже својата вера со дела, тој ги ставал своите лични интереси на второ место. Божјото дело му било во срцето и со задоволство учествувал во помагање на истото. Неговите напори да Му служи на Бога биле навистина прифатливи и Господовата рака му давала успех. {3C 435.2}

Покажано ми е дека брат Б го предизвикал Божјото незадоволство и се нашол во голема духовна светлина кога во мислењето за правилно празнување на саботата се спротивставил на расудувањето на своите браќа. Поаѓајќи од своите лични интереси, брат Б не сакал да го прифати правилниот став во поглед на ова прашање. Ако се држел

до примената светлина, никогаш не би тргнал по оној пат на кој се решил по своето враќање од Исток. Тогаш ми е укажано на вториот момент во неговиот живот и видов на каков пат се наоѓа. Додека се наоѓаше меѓу неверници, не им светлеше со својот живот, за тие - гледајќи ги неговите добри дела - да Го слават нашиот Татко Кој е на небото. Заборавал на Бога и на својата должност: правилно да го претставува својот Спасител на секое место и во сите прилики. {3С 435.3}

Брат Б има посебни слабости во некои прашања. Тој ужива да го фалат и да му ласкаат; сака задоволства и одликувања. Склон е да се издигнува себеси; многу зборува, а малку се моли; и Бог го препуштил на неговите слабости, бидејќи не донесувал плодови во слава на Неговото име. На тој пат, тој имал прилики да направи многу добра, но не мислел на тоа дека за своите таленти е одговорен пред Бога и дека како Негов повереник ќе биде повикан да положи сметка: дали со користење на своите способности си угодувал себеси или Го славел Бога. Ако брат Б ја чувствуваше силата на Христовата љубов во своето срце, тој би чувствувал интерес за спасување на оние со кои доаѓал во допир и би ги повикал на сериозно размислување за своето вечно добро. {3С 436.1}

Имал прилики да го сее семето на вистината, но не ги користел тие можности онака како што требало. Додека бил меѓу своите роднини требало својата вера секогаш да ја носи со себе. Благословеното влијание на вистината и светата вера која ја исповеда требало да се почувствува во секоја негова постапка, во секоја мисла, и во секое чувство. Христос бара од Своите следбеници да чекорат во светлина. Да се чекори значи да се напредува, да се залага, да се користат сопствените способности, да се биде активно ангажиран. Ако не се вежбаме во добрите дела на кои нè повикува Спасителот, ќе имаме само болна и рудиментирана религија. Со своите искуства во делотворната работа постојано стекнуваме нови победи. Одејќи во светлина ги активираме своите сили уште повеќе да напредуваме на патот на Божјите заповеди. Секој чекор кој ќе го направиме на својот пат кон небото ни донесува нова сила. Припадниците на Својот народ Бог со задоволство ги благословува само кога се трудат и сами да служат на благослов на другите. Способностите и даровите кои Бог ни ги дал, со употреба можат уште повеќе да се развиваат и намножуваат. {3С 436.2}

Покажано ми е дека братот Б за време на својот престој во Батл Крик се покажа многу слаб во морален поглед. Бидејќи во напорите да ја сочува својата душа во чистота на мислите и постапките не се држел цврсто за Бога, Тој го пуштил да оди по своите мисли и да падне под влијание толку погубно за неговиот духовен напредок. Се дружел со оние кои ја извртуваат вистината и бил наведен да верува во она што не е вистина; а кога еднаш ја отворил вратата на непријателот и го примил како ангел на светлината, станал лесен плен на неговите искушенија. {3С 437.1}

Под влијание на безбожничките предрасуди почнал да се сомнева токму во тие луѓе во кои, според Божјата намера, требало да има најмногу доверба. Сè гледал во погрешна светлина и состаноците кои можеле да бидат за него извор на духовна сила, му донеле само штета. Така се случило токму она што сакал сатаната - брат Б да ја изгуби довербата во луѓето на кои Бог им дал должност да го водат ова дело. Тој дошол во непријателство со него и со срцето на нашето дело. Станал сличен на брод кој плови по морето без сидро и без кормило. Кога нема доверба во оние кои се наоѓаат на чело на делото, значи дека не може да има доверба во никого. {3С 437.2}

Брат Б покажува многу малку почит или оглед кон своите браќа; тој мисли дека според своите способности, знаење или расудување е над нив. Затоа од нив не прима ништо; не го уважува нивниот суд ниту сака да се советува со нив, освен тој нив да ги советува и учи. Тој сака да се раководи според сопственото расудување; не огледајќи се воопшто на чувствата и молбите на своите браќа. И кога својата доверба им ја ускратил на најодговорните браќа, сатаната бил сигурен во него сè додека таа доверба повторно не се воспостави. Вечните интереси на брат Б зависат од тоа дали тие ќе ја прифатат помошта и авторитетот на оние кои Бог ги поставил да управуваат со црквата. Ако продолжи по патот кој сам го избрал, еден ден ќе се осведочи дека патот по кој оди е погрешен и дека сам себе се лажел и упропастил. Поаѓајќи час во еден, час во друг правец, ќе се осведочи дека сепак не го нашол единствениот и вистински пат кој води во небото. {3С 437.3}

Илјадници од нив кои одат по патот на темнината и заблудата, по широкиот пат кој води во смрт, кои си ласкаат себеси дека се наоѓаат на патот на среќата и спасението - никогаш нема да го најдат ниту едното ниту другото. На брат Б му е неопходна помош од одговорните луѓе во црквата кои сам Бог ги поставил, бидејќи не може сам за себе да ја претставува црквата. Сепак, со своите постапки тој покажува дека би сакал да биде црква за себе, дека не зависи од никој. Брат Б веќе одамна ја загубил својата посветеност и верност на Бога, бидејќи не ги чувал приодите на својата душа од сатанските дошепнувања. Ги видов Божјите ангели како ги запишуваат неговите зборови и постапки. Тој сè повеќе се оддалечува од небесната светлина. Брате Б, ти си многу непристапен кога не се наоѓаш под посебна контрола на Божјата благодат. Многу си самодоверлив и непопустлив и тоа силно се чувствува и во твоето семејство и во црквата. Почит и огледност не покажуваш речиси кон никој. Понизноста не е твоја особина. {3С 438.1}

Брат Б се вратил на овој брег во голема духовна темнина, губејќи ја љубовта кон вистината и љубов кон Бога. Тој дозволува со него да владеат неговите природни чувства и покажува горделивост. Неговото самољубие и љубовта кон парите се поголеми од неговата љубов кон вистината и Спасителот. Покажано ми е дека неговиот живот по враќањето на овој брег претставува само срам за христијанското име. Видов како весело се дружи со оние кои уживаат во забавите и разонодите. Со своето однесување тој ги разочарува своите браќа и му задава болка на својот Спасител, изложувајќи Го на срам пред неверниците. Видов дека оттогаш воопшто не наоѓа задоволство во служењето на Бога ниту напредува во вистината. Изгледа како да ревнува во истражувањето на Светите Списи и разни други писатели, но не затоа за да се утврди во значајните точки на сегашните вистини кои, благодарение на Божјото провидение, му ги донеле Неговите избрани слуги туку за да заземе некој нов став и да застапува нови погледи кои се косат со утврденото верување на црквата. Со своето истражување тој не настојува да Го прослави Бога туку да се истакнува и издигнува себеси. {3С 438.2}

Заземајќи еднаш таков погрешен став, брат Б според својата природа не е ниту малку склон да ги увиди своите заблуди и да се покае туку упорно продолжува да се бори до крај, без оглед на последиците. Со таквиот дух тој нанесува штета и на црквата и на своето семејство. Нему му недостига понизност, нежност и љубов. Му недостигаат особини на дарежливост и благородно добродетелство. Накратко кажано, тој треба потполно да се обрати, за да стане нов човек во Исуса Христа. Дури тогаш неговото

влијание во црквата би можело да биде во потполност позитивно и да претставува вистинска помош. Тогаш би уживал почит и љубов во своето семејство и би бил во состојба да управува со своето домаќинство. Љубовта и должноста како две сестри близначки би биле негова помош во подигање на своите деца. {3C 438.3}

Видов дека сестра Б многу страдаше поради погрешниот став на нејзиниот сопруг и неговото однесување кон неа и дека нејзиниот живот е многу тежок, иако тој можеше да ја направи среќна. Таа се чувствува потполно обесхрабрена и незадоволна, бидејќи јасно гледа дека од страна на својот сопруг е отфрлена и запоставена. Во негово отсуство, таа - измачувана од љубомора и потполна недоверба во него - речиси потполно го загуби разумот. Сатаната беше тука со своите искушенија и таа некои работи ги гледаше во претерана светлина. Сето тоа не би се случило доколку брат Б беше посветен и верен на Бога. Следејќи го и понатаму, видов како скита во темнината на неверството, додека си ласкаше себеси како само тој ја има вистинската светлина. Што повеќе се оддалечуваше од Бога, сè помалку имаше љубов кон своите браќа и кон вистината. {3C 439.1}

Покажано ми е дека брат Б сè повеќе се сомнева во многу точки на нашата вера која нè одвојува од овој свет и нè прави посебен народ, народ кој во блажена надеж го очекува скорото доаѓање на нашиот Господ и Спасител Исус Христос. Со своето неверување и темнина кои ги шири не успеа да ги раздрма главните столбови на нашата вера ниту да ја поткопа и ослаби силата на Божјата вистина. Вистината останува вистина. Меѓутоа, тоа сепак не останало без влијание на умот на неговите браќа. Лажните извештаи за мојот сопруг и за мене, кои тој ги донесе од Исток, предизвикаа сомневање во мислите на многумина. Оние кои нè не познаваат не можеа да застанат во наша одбрана. Покажано ми е дека црквата во _____ би имала тројно повеќе членови отколку што има сега и дека нејзиното влијание би било десетпати посилно доколку брат Б не се предал во рацете на непријателот. Во своето слепо неверување тој направи сè што беше во негова моќ за да ги обесхрабри и растури оние кои веруваат во сегашната вистина. Во својата заслепеност тој не беше свесен колку неговиот став е одвратен во Божјите очи. Обесхрабреноста и духовната темнина која тој ја предизвика многу ја отежна работата на брат Ц, бидејќи неговото негативно влијание на членовите на црквата се почувствува не само туку и на други места. {3C 439.2}

Брат Б поттикнува неверство и дух на постојан судир, против што брат Ц мора да се бори. Покажано ми е дека и ние би морале да постапиме исто така и дека ќе биде потребно многу време за да се искорени стариот корен на огорченост со кој многумина се опоганиле. Има моменти кога треба да се зборува и моменти кога треба да се молчи. Кога ќе почувствуваме дека Бог бара од нас да проговориме, не смееме да се притегнуваме, без оглед дали луѓето ќе нè послушаат или не. Мораме конечно да разјасниме дали некој останува во црквата или ја напушта и црквата и вистината. Бог сака за некои во _____ да се направи големо и значајно дело. Тоа и ќе се направи во вистински момент и вистината ќе триумфира. {3C 440.1}

Оние помеѓу нашите членови кои врз основа на личното искуство не беа утврдени и осведочени во сегашната вистина не се во состојба да одговорат на аргументите на брат Б; и иако не ги прифаќаат гледиштата кои тој ги застапува, неговите говори и расудувања во помала или поголема мера влијаат и на нив. Некои не се чувствуваат слободни од тој дух ниту кога доаѓаат на богослужение. Некои и во сабота не се осмелуваат да зборуваат за своите вистински чувства и за своето верување, знаејќи дека

тој ќе критикува сè што ќе му кажат. Така на собирите се чувствува многу малку слобода и владее духовно мртвило. {3С 440.2}

Брат Б сака другите да гледаат кон него како на човек кој може да ги објасни вистините на Светите Списи, но мене ми е покажано дека тој е измамен и дека воопшто не ги разбира. Тој тргна по погрешен пат, трудејќи се да воведе некоја нова вера, некоја оригинална теорија за верата. Тој настојува да ги отстрани и премести патоказите кои укажуваат на исправноста на нашето верување дека се наоѓаме пред завршеток на земската историја. Тој можеше да се лаже ласкајќи си сам себеси дека Господ го води, но очевидно е дека го води друг дух. Ако својот правец не го промени во потполност и не се согласи да биде воден и поучуван, Бог ќе го пушти да продолжи по својот пат додека не доживее целосен бродолом на верата. {3С 440.3}

Некои се толку заслепени од сопственото неверство, така што не увидуваат каков дух го води брат Б. Тој можеше да им пружи помош на таквите доколку сам се држеше до Божјите совети. Но наместо да ги води кон светлината, тој сè повеќе ја зголемуваше нивната несигурност во верата и нивната збунетост; затоа беше само камен на сопнување - слеп водач на слепите. Доколку го рамнеше патот на своите нозе, тогаш ранетите не би скршнувале од патот туку би биле исцелени. Не само што одби сам да оди во светлината на вистината која е од Бога дадена на овој народ туку претставуваше сериозна пречка и за оние кои сакаа да одат во таа светлина. {3С 441.1}

Да се поттикнува сомневање и неверство во поглед на утврдената вера на оние кои ги држат Божјите заповеди, тој го смета тоа за чест и доблест. Вистината на која некогаш се радувал сега за него претставува духовна темнина и ако не го промени својот правец тој ќе заврши во мешавина на учења на разни цркви, додека во потполност нема да се согласува ниту со едно од нив. Тој ќе претставува одвоена црква за себе, но не под контрола на големиот Поглавар на црквата. Изнесувајќи го својот став спротивно на верата на црквата, тој ги обесхрабрува и духовно слабее верниците. Тој увидува дека доколку црквата на почитувачите на саботата ја има вистината, тој самиот навистина се наоѓа во темнина, но тоа не може да го признае. Вистината го осудува и тој, наместо во својата душа да се усклади со вистината, потчинувајќи се на нејзините барања и откажувајќи се самиот од себе, се обидува со сите сили да се стави во положба каде што нема да биде под осуда. {3С 441.2}

Покажано ми е дека, доколку продолжи по сегашниот пат, потполно слеп за својата вистинска состојба, по извесно време ќе биде подготвен под некој изговор да ја отфрли и саботата. Сатаната добро знае дека патот на измама и заблуда сигурно ќе го одвои од црквата, како што веќе многумина одвоил. Колку посигурно и подобро би било за брат Б да ја доведе својата душа во склад со вистината, отколку што со погрешно толкување се обидува Светите Списи да ги доведе во склад со своите идеи и постапки. Кога своите постапки би ги довел во склад со начелата на Божјиот закон, пред него би се нашла задача која сега едвај ја претчувствува. Телесното срце е во постојано непријателство со Бога, бидејќи не се потчинува на Божјиот закон ниту навистина може. {3С 441.3}

Бидејќи на својот пат до Исток, од нашите непријатели од Батл Крик слушнал отворени обвинувања против нас, брат Б се врати од тој пат полн со огорченост и зли чувства против оние кои се наоѓаат во срцето на делото, а посебно против мене и мојата работа. За ширење на такво расположение и такво мислење за мојата работа и за моите сведоштва, тој навистина немаше оправдана причина. Неверството и сомневањето со

кои ја затрул својата душа сега настојува да ги внесе и во мислите на другите. Тоа не остана без последици. На почеток, многумина паѓаат под влијание на неговите мрачни и лажни заклучоци, бидејќи тој ги нагласува своите тврдења и заклучоци толку убедливо како навистина да ракува со фактите. Тој знае како да постави прашање и е добар говорник. Со своите тврдења посебно влијаеше на оние кои се со непосветено срце и кои сакаат нашата работа и повик да бидат претставени токму во таа светлина. Со своето влијание тој внесуваше предрасуди и во мислите на некои на кои можевме да им помогнеме доколку на овој начин не ни го затвореше приодот до нивните срца. Меѓу таквите се наоѓаат и брат и сестра Д. {3С 442.1}

Во тоа брат Б може да ги види плодовите на својата работа. Постојат и други на кои исто така негативно влијаеше и предизвика исти последици, што се однесува до нивната вера и доверба во делото на сегашната вистина. Кога брат Б или било кој друг ќе дојде до заклучок дека оние кои најмногу придонеле делото на сегашната вистина да го достигне денешното ниво всушност не ги води Бог туку дека тоа се препредени луѓе кои само го лажат народот, таквиот тогаш - за да биде доследен на таквите свои тврдења - мора да се одрече од целото дело како заблуда и измама. За да биде доследен, мора да отфрли сè. Тоа го прави и брат Б иако речиси несвесен за тоа, а тоа го прават и останатите. Тој, ако не сега, сепак еден поинаку ќе гледа на својата работа. Кога сето ова што го работи во последниве неколку години ќе го согледа онака како што Бог гледа на тоа, нема да биде толку задоволен како што е сега. Кога ќе увиди колку е бедно сето ова што сега го работи нема веќе толку гордо да се фали со своето знаење и мудрост туку горко ќе се кае во својата душа, бидејќи на неговите облеки ќе се најде крвта на оние кои ги мамел. {3С 442.2}

Ако брат Б, свесен за можноста да биде измамен, сакал да ја дознае вистината за она што го слушнал, тој би ги пренел тие гласини кои се толку убиствени за угледот на брат и сестра Вајт на нив лично, пружајќи им прилика тие да зборуваат за себе. Гласовите кои ги пренел од рамнините на брегот на Пацификот претставуваат лажно сведочење, а тоа е отворен престап на Божјиот закон. Еден ден тој ќе мора да се соочи со тие лоши гласови и лукаво смислени поттикнувања на сатаната, кои ги внесуваше во мислите на други за да му наштети на мојот углед и угледот на мојот сопруг. Ова не е судир помеѓу брат Б и мене, туку помеѓу него и Бога. {3С 443.1}

Задачата која ја извршуваме ни ја доверил сам Бог и оние кои нè попречуваат да му ја пренесеме на народот дадената порака и ја поткопуваат верата на народот во вистината, се борат не само против орудијата туку и против Бога и Нему ќе мораат да му одговараат за последиците од своите зборови и своите постапки. Сите кои имаат моќ на духовно расудување ќе го препознаат дрвото според неговите родови. Брат Б се истакнува како од Бога просветен човек кој треба да му ги отвори очите на народот во поглед на нашата работа и нашата мисија. Сите оние кои сакаат, можат да видат какви плодови се раѓаат на тоа дрво. Брате Б, дали плодовите кои на ваков начин ги раѓаш донесуваат вечен живот или пак смрт? {3С 443.2}

Откога во Батл Крик го стекна тоа посебно знаење кое го наведува толку дрско да ја омаловажува нашата работа и мисијата која ни е доверена, брат Б се чувствува слободен во расипничкото уживање и задоволствата да им се придружува на неверниците; и со тоа свое лесноумно однесување тој нанесува срам на Христовото дело и големи страдања на својата сопруга. Зар во својата заслепеност не увидува дека го руши она што Бог го подигнал? Зар не помислува дека можеби се бори против

самиот Бог? Делото кое го направи, ангелите го запишуваат на небото и тој ќе мора да одговара за сето тоа кога сезнајниот Бог ќе му суди секому според неговите дела. Во својата заслепеност, брат Б ја подигна својата слаба рака да се бори против Бога, ласкајќи ѝ на секоја измамена душа дека Му служи на Бога. Делото на секој поединец ќе биде изложено на огнено искушение во овие последни денови и само златото, среброто и скапоцените камења ќе опстанат во таа проба. {3С 443.3}

Со Бога не се шегува. Тој има многу трпение со луѓето, но сепак, гледајќи ги нивните беззаконија, ќе му плати секому според неговите дела. Луѓето можат да се фалат и да се гордеат со својата мудрост, но само еден здив од Божјите усни може сето тоа со што тие се фалат и издигнуваат да го претвори во прав. Покажано ми е дека брат Б нема да може со ништо да се оправда на денот на судот, кога секое дело ќе биде одмерено на мерилата на светилиштето. Тој можеше да постапи многу подобро отколку што постапи. Имаше доволно докази правилно да го процени карактерот на делото кое Бог ни го доверил. Плодовите на тоа дело се наоѓаат пред неговите очи и тој може во секое време тоа да го види и да го процени, само ако сака. {3С 444.1}

Самодовербата на брат Б е навистина преголема и тоа за него претставува страшна стапица. Ако не ја победи таа опасна црта на карактерот, таа ќе го одведе во неминовна пропаст. Кога ги оспорува и побива начелните учења на нашата вера, тој се наоѓа во својот природен елемент; и ќе продолжи да се сомнева и да се служи со префрлања во судирот со своите браќа, сè додека сатаната не загосподари со неговиот ум до таа мера што навистина ќе поверува дека ја брани вистината и дека останатите наши браќа се во заблуда. Тој потполно е лишен од светлината и од Божјиот благослов, бидејќи спротивставувањето на утврденото верување на оние кои ги држат Божјите заповеди претставува составен дел од неговата вера. Зар е можно сите да се измамени, а само брат Б да е единствениот човек кому Бог му ја дал вистината? Зар Бог не може на своите самопожртвувани и верни слуги да им подари исто толку правилно разбирање на Светите Списи? {3С 444.2}

Брат Б би требало едноставно да се запраша: „Дали светлината и знаењето кое го пронајдов, поради што постојано се судирам со своите браќа, ме доведува во поблиска врска со Христа? Дали поради тоа Спасителот ми стана подрагоцен и дали според својот карактер станав посличен на Него?” Природна, но многу непријатна црта на нашиот карактер е остроумно да ги забележуваме грешките и недостатоците на другите и трајно и многу добро да се сеќаваме на нив. {3С 444.3}

Брат Б и не се труди да се усклади со своите браќа. Неговата самодоверба го наведува да не чувствува никаква посебна потреба за тоа. Тој смета дека нивните умни способности и достигнувања се значително пониски од неговите и да го бара и уважува нивното мислење за него би значело преголемо понижување. Таа самодоверба претставува главна препрека која го спречува во љубов и слога да соработува со своите браќа. Тој смета дека е премногу мудар и искусен и дека не му е потребна претпазливост која толку им недостига на многумина. Тој има толку високо мислење за своите способности и толку се потпира на своите достигнувања, така што се чувствува подготвен за секое изненадување. Укажувајќи на брат Б, небесниот ангел рекол: „Кој мисли да стои нека внимава да не падне”. Самодовербата води кон лесноумност и занемарување на сесрдната и понизна молитва. Постојат надворешни искушенија од кои треба да се чуваме и внатрешни непријатели и збунетост која треба

да се победи, бидејќи сатаната го приспособува своето искушување според карактерот и темпераментот на поединците. {3С 445.1}

Христовата црква се наоѓа во постојана опасност. Сатаната постојано настојува да го уништи Божјиот народ и затоа не можеме со сигурност да се потпреме на судот или мислењето на било кој човек. Христова волја е Неговите следбеници вистински да се зближат и обединат во црквата, да ги почитуваат редот, дисциплината и правилата и да се потчинуваат едни на други, правејќи се еден со друг поголеми од себе. Единството и довербата се битни услови за напредок на црквата. Кога секој член би се чувствувал потполно независен во своите постапки, одејќи секој по свој посебен пат, како црквата би можела да биде сигурна во миговите на опасност и ризик? Напредокот, па и самиот опстанок на црквата зависат од брзото, единствено делување и взаемната доверба на нејзините членови. Кога знакот на трубата, во некој критичен момент, ќе предупреди на опасноста која надоаѓа, неопходно е брзо и енергично делување, не задржувајќи се на опширно расправање за причините и последиците на настанатите тешкотии, бидејќи со тоа на непријателот би му се дала предност да добие во време, додека со единство во акцијата многу души би можеле да се спасат од пропаст. {3С 445.2}

Бог сака Неговиот народ меѓусебно да се поврзе со најтесните врски на христијанското заедништво. Меѓусебната доверба на членовите е многу важна за напредок на црквата. Единството на акцијата е од посебно значење во тешките ситуации на верските кризи. Еден невнимателен чекор, една непромислена постапка може да ја турне црквата во тешкотии и искушенија од кои со години нема да може да се ослободи. Еден член исполнет со неверство може да му пружи прилика на непријателот да ѝ наштети на цела црква и поради тоа многу души да бидат загубени. Исус сака Неговите следбеници да се почитуваат еден со друг, за Бог да може да ги употреби како орудија за меѓусебно помагање во црквата; бидејќи еден не може да ја забележи опасноста која окото на другиот бргу ја забележува; но ако оној кој не ја забележал опасноста со доверба го прифати даденото предупредување, двајцата можат да бидат поштедени од големи неволји и проблеми. {3С 446.1}

Пред самата разделба со Своите ученици, Исус на најтрогателен начин сесрдно се молел за нив сите да бидат едно: „Како што Ти, Татко си во Мене и Јас во Тебе; така и тие да бидат едно, за светот да поверува дека Ти си Ме испратил. И славата која Ми ја даде, Јас им ја дадов ним, за да бидат едно, како што и ние сме едно. Јас во нив и Ти во Мене: да бидат обединети и по тоа светот да познае дека Ти си Ме пратил и дека ги љубиш како што Ме љубиш Мене". И апостол Павле во своето прво послание до Коринтјаните ги повикува верниците на единство: „Ве молам браќа, во името на нашиот Господ Исус Христос сите исто да зборувате и да нема меѓу вас неслога туку да бидете утврдени во исто расудување и во иста мисла". {3С 446.2}

Бог води народ надвор од овој свет на возвишената платформа на вечната вистина, Божјите заповеди и Исусовата вера. Тој сака да ги дисциплинира припадниците на Својот народ и да ги направи достојни за нивното име. Тие нема да бидат во неслога, верувајќи еден во друг, а други во нешто сосем спротивно, потполно независно од организираната црква. Преку различните дарови и служби кои Тој ги поставил во црквата тие ќе дојдат во единство на верата. Ако некој поединец го истакнува своето лично мислење за библиската вистина без оглед на мислењето на своите браќа и својот став го оправдува со тврдењето дека има право на свои посебни сфаќања и погледи, а

потоа упорно настојува тоа да им го наметне на другите, како тогаш може да се исполни Христовата молитва? И ако потоа се подигне некој друг, па уште некој, тврдејќи дека секој има право да верува и да го зборува она што смета дека е правилно, без оглед на верата на црквата, каде е тогаш хармонијата помеѓу Христа и Неговиот Татко која Христос толку ја истакнува во молитвата за Своите ученици? {3С 446.3}

Бог води и утврдува народ на цврстата платформа на верата, Божјите заповеди и Исусовото сведоштво. Тој му дал на Својот народ прав синџир на јасно и складно поврзани библиски вистини. Овие вистини се од небесно потекло и биле истражувани како сокриено богатство кое било ископано преку внимателно пребарување на Светите Списи и со многу молитви. {3С 447.1}

Брат Б не престанува да се сомнева во секоја точка од нашата вера. Кога тој би бил во право со своите нови теории, тоа би значело дека црквата на почитувачите на саботата е потполно во заблуда. Зар треба да го напуштиме како погрешно верувањето во толку јасните точки на нашето учење, верата која нè извела од овој свет и нè обединила како посебен народ? Зар ќе ја прифатиме верата на тој човек, чиј живот толку очевидно ги покажува плодовите на неговиот верски карактер? Или пак брат Б треба да ги напушти своите погледи и својот суд и да ѝ пријде на црквата? Доколку не ја заслепеше толку својата душа со прифаќање на предрасудите и впуштањето во безбожно спротивставување на Божјото дело, не би бил оставен во толкава темнина на самоизмама и заблуда. {3С 447.2}

Како подготвен говорник тој постојано и упорно го истакнува своето мислење и не ги усвојува ниту најочевидните докази кои се изнесуваат против него. Начинот на кој не престанува да го попречува напредокот на црквата е вистинска свирепост. Светот е широк и му се пружаат сите можни прилики и предности кои можат да се посакаат за да замине меѓу неверниците и да ги придобие за своите теории; и дури кога со својата работа би успеал да ја оформи добро организираната црква на верници, кои благодарение на тоа го отфрлија гревот и ѝ пријдоа на правдата, дури тогаш, никако порано, би можел да се повикува на своите посебни погледи за Божјата црква на која ѝ нанесе огромна болка и обесхрабреност со своите мрачни заблуди. Тој нема никакво право на туѓ темел да ги вградува своите материјали: дрва, слама и сено, кои ќе ги проголта огнот на последните денови. {3С 447.3}

Покажано ми е дека брат Б би можел да биде сигурен само кога, седејќи покрај Христовите нозе, посовршено би се учел на патот на животот. Неговото учење како капка дожд и како блага роса би се симнувало на понизното срце и на оној кој е подготвен да прими поука. Тој не треба да се става во улога на судија туку да биде ученик; не да ситничари туку да верува; не да се сомнева и да пронаоѓа грешки и само да контрира туку да слуша. Гордоста мора да го отстапи местото на понизноста, а наместо предрасуди треба да негува искреност, инаку сите зборови за Христовата љубов и милост нема да бидат од никаква корист. Брате мој, ти можеш во својата заслепеност со вакво надмудрување да продолжиш сè до Божјиот ден, но ниту за еден чекор нема да се приближиш кон небото. Можеш да се расправаш, да ги пребаруваш делата на учените писатели, па дури и Светото Писмо, па сепак сè подлабоко да запаѓаш во самоизмама и духовна темнина, како што тоа бил случај со Евреите во однос на Христа. Во што била нивната грешка? Во настојувањето да пронајдат некоја нова светлина во која Светите Списи би можеле да се толкуваат така што со тоа ќе ги оправдаат своите постапки, што ја отфрлиле светлината која веќе ја имале. {3С 448.1}

Ти го правиш истото; преминуваш преку светлината која Бог ти ја испратил во публикациите за сегашната вистина и во Својата Реч и создаваш некои свои теории кои не можат да се оправдаат со Божјата реч. Кога ќе се понизиш и ќе станеш како мало дете, подготвен да слушаш и да бидеш воден. Кога својот разум и својата волја ќе ги потчиниш на Бога, отфрлајќи ги сите свои предрасуди, светлината која свети од Светите Списи ќе го осветли твоето срце така што ќе ја разбереш сегашната вистина во сиот нејзин склад и убавина. Во неа ќе видиш златен синџир чии алки во својата поврзана низа прават совршена целина. „Ако не се обратите и не бидете како деца, нема да влезете во царството небесно". „Научете се од Мене," вели Христос, „зашто Јас сум кроток и понизен во срцето и ќе најдете мир за своите души". {3С 448.2}

Ако навистина си ученик во Христовата школа, Тој очекува од тебе во својот карактер и однесување да манифестираш кротост која толку прекрасно се одразува во Неговиот карактер. Оној кој е полн со самоправедност, вообразеност и самоволие, Христос не може да го поучува. На прашањето на таквиот: „Што е вистина?" Христос нема одговор. Тој со задоволство ги упатува и води само оние кои се кротки и понизни во срцето. Соломон по својата природа бил надарен со исклучително расудување и високо развиени умни способности, а сепак пред Бога се чувствувал како мало дете. Тој во понизност барал мудрост од Бога и затоа не барал напразно - молитвата му била услишена. Ако навистина ја бараш вистината од искрени побуди, ќе се согласиш со црквата, бидејќи таа ја поседува вистината. Но ако Светото Писмо и разните други писатели ги проучуваш само за да пронајдеш учења кои го поткрепуваат твоето однапред создадено мислење, ако веќе имаш своја одредена вера, тогаш и понатаму ќе останеш толку самоуверен, фалбаџија и непопустлив. {3С 448.3}

Самодовербата - опасна стапица

Брате Б, ти со својот сегашен дух на самоволие и тврдоглава упорност сè повеќе се оддалечуваш од вистината; и ако не се обратиш, ќе се покажеш како голема пречка за Божјото дело секаде каде што имаш било какво влијание. Многу си упорен во наметнување на своите сфаќања. За да можеш појасно да сфатиш, мораш да се ослободиш од својата вообразеност. Ти ја мамиш и својата сопруга со мислата дека ја познаваш вистината подобро од било кој наш проповедник; ти си го зел клучот на знаењето во свои раце - што се однесува до неа и ја држиш во духовна темнина. Бог ѝ дал на Својата црква луѓе кои имаат длабоки искуства во верата и здраво расудување. Тие го познаваат патот на вистината и спасението, бидејќи сето тоа внимателно го пребарувале во длабока болка на душата поради спротивставувањето на таквите кои ја претвораат Божјата вистина во лага; и благословените резултати од напорите на тие верни Божји слуги денес се на дофат на сите. {3С 449.1}

Навистина има многу малку такви кои ја увидуваат возвишената природа на Божјото дело во споредба со минливите работи и грижите на овој живот. Исус, како наш небесен Учител, во упатствата кои им ги дал на Своите први ученици ни пружа поуки и на нас. Испраќајќи ги дванаесетминатa, Тој им дал налог во секој град или населба во кои ќе влезат, прво да се распрашаат кој тука е достоен за нивното внимание и посета. И ако се најде соодветна средина каде што присутните ќе знаат да го ценат благословот кој им е пратен - предноста да ги прима Христовите пратеници - тогаш тука треба да останат

и тука ќе остане и нивниот мир додека не го напуштат тој град или село. Ним не им е кажано да влезат во секоја куќа, наметнувајќи го своето присуство на луѓето без разлика дали тие тоа го сакаат или не; туку ако не се добредојдени, ако нивниот мир не може да остане во таа куќа, тие треба да побараат куќа чии домашни се достојни за таква посета и каде што нивниот мир ќе може да остане. {3C 449.2}

Кога Христовите гласници, испратени да ја пренесат пораката на вистината и на други, се отфрлаат и кога нивните зборови не наоѓаат одѕив во човечкото срце, тогаш се отфрла и сам Христос и Неговата реч се презира во гласниците на вистината кои Тој ги избрал и испратил. Тоа правило во потполност важи и денес, токму онака како и кога Христос ги испратил Своите први ученици. {3C 450.1}

И кога Христос бил на Земјата, имало луѓе кои кон Божјите гласници немале никаква почит ни оглед и кои нивните опомени и предупредувања не ги сметале ништо подобри од своето лично расудување; и денес исто така има такви кои сведоштвата дадени преку Божјите избрани орудија ги почитуваат помалку од своите лични мислења и погледи. Залагањето на Божјите слуги во работата со таквите не може да биде од никаква корист и затоа не треба да се губи време во понижување на Божјото дело за да им се излезе во пресрет на таквите. На Своите слуги кои ги испраќа да ја проповедаат Неговата реч, Христос им вели: „Кој ве слуша вас, Мене Ме слуша; и кој ве презира вас, Ме презира и Мене; а кој Мене Ме презира го презира и Оној Кој Ме испрати”. {3C 450.2}

Христос го потврдува авторитетот на црквата и силата на нејзините одлуки. „Зашто вистина ви велам: што и да врзете на Земјата, ќе биде врзано на небото и што и да одврзете на Земјата, ќе биде одврзано на небото”. Со ова на никој не му се дозволува независно да презема било што на своја лична одговорност и да се потпира на своите лични погледи без оглед на мислењето на црквата. Најголема власт под небото Бог ѝ доверил на Својата црква. Тоа е Божји глас изразен преку Неговиот народ обединет во црквата и тоа треба да се почитува. {3C 450.3}

Бог на Својата црква ѝ дал луѓе со големо искуство во верата, луѓе кои постеле, плачеле и се молеле цела ноќ за Тој да им ја открие вистинската смисла на поедини библиски стихови. Во понизност овие луѓе му ја дале на светот користа од своето зрело искуство. Дали оваа светлина е од небесно или човечко потекло? Има ли таа било каква вредност, или е дури и непроценлива? Брат Б шири многу погрешни гледишта за библиската вистина која еден ден залудно ќе се обидува да ја негира. Можеби ќе се кае, можеби и ќе се спаси како низ оган, колку драгоцено време ќе остане засекогаш загубено! Колку семе посеал кое раѓа само троскот и трње! Колку души се загубени кои можеле да бидат спасени ако толку ревно ја ширел вистинската светлина како што сè уште ја распротега темнината на своите заблуди! Што сè никогаш не би направил доколку бил потполно посветен од вистината! Со своите дела брат Б зборува: „Богат сум и се збогатив и ништо не ми е потребно” додека Верниот Сведок, укажувајќи на него, вели: „Ако не се обратите и не бидете како мали деца, нема да влезете во небесното царство”. На светлината која толку внимателно е изнесена во нашите книги и списанија тој воопшто не се огледа, туку своето лично расудување дрско го издигнува над најдрагоцената светлина, а токму таа светлина ќе биде сведок против него на денот на Божјиот суд. {3C 451.1}

Покажано ми е дека тој се сомнева токму во оние луѓе кои Бог ги удостоил за најголемите одговорности во Своето дело. Тој го издигнува своето мислење и своите

погледи над светлината која Бог ја испраќа преку овие луѓе и се фали со своето знаење; тој е озборувач на своите браќа, не исклучувајќи ги дури ниту проповедниците како Христови претставници. Ако не се покае поради својата вообразеност, желбата да го омаловажува судот на Божјите слуги, да ги обвинува пронаоѓајќи ги нивните слабости и грешки и да истакнува свои мислења и сфаќања наспроти нивните, сето тоа од записите во книгите - со кои со срам ќе мора да се соочи - ќе зборува против него на денот на Божјиот суд. {3С 451.2}

Во Својата милост Бог ќе ги одржи Своите заслужни и ценети слуги, но тешко на оној кој го омаловажува и поткопува влијанието на зборовите на овие Христови претставници, кои од Божјите усни ја примаат пораката за опасноста која надоаѓа и кои се должни да го опоменуваат народот и да го подготвуваат за големиот ден на Божјиот суд. Брат Б ќе увиди дека работата за која се нафатил не е ниту лесна ниту безначајна туку исклучително опасна - тоа е туркање на камен кој со сета своја тежина ќе се стркала на неговата душа и ќе ја сотре. Тој со сите сили се спротивставува на Бога и му претстои тешка задача. Христос вели: ”Соблазни мораат да дојдат, но тешко на оној преку кого доаѓа соблазната”. {3С 452.1}

Брате Б, патот по кој одиш ми е покажан уште пред три години. Видов како грешиш во речиси секој потфат, а сепак се обидуваш вистината да ја мериш со својот живот, наместо својот живот со вистината. Никогаш за Божјиот народ не беше светлина туку само страшен товар. Не само што ги одбегнуваш сите напори тогаш кога е најпотребно да се вложува туку обесхрабруваш и други и ги одвраќаш од сложните и обединети напори. Секогаш пронаоѓаш грешки и причина за озборување на своите браќа и додека се сомневаш за постапките на другите, отровен плевел на горчина фатил длабок корен во твоето срце. Овој корен на горчина не престанува да буи во твоето срце и затру уште многумина и ќе го продолжи своето разорно дејство сè додека не го увидиш и не го искорениш во потполност. {3С 452.2}

Покажано ми е дека брат Б, ако не ги увиди и со Божјата благодат не ги отстрани страшните недостатоци на својот карактер, сè повеќе ќе манифестира дух на фарисејска ароганција. Пред да ја прифати вистината, неговата рака се дигаше на секој, неговата воинственост при секој предизвик стануваше уште поголема и во својата самопочит вечно се чувствуваше навреден; беше човек со тешка природа и постојано создаваше тешкотии. Божјата вистина изврши во него преобразување. Бог го прифати и му пружи рака за помош. Но откако брат Б го загуби духот на просветеност, неговата стара природа склона на бунт и судир со другите повторно оживеа и копнее потполно да загосподари со него. Кога би се согласил да умре за себичноста и своето горделиво срце да го понизи пред Бога, би увидел колку е сам по себе немоќен; и свесен колку му е неопходна небесна помош, би повикал: „Нечист, нечист сум пред Тебе, о, Господе!” И на цело негово фалење со сам себе би му дошол крај. {3С 452.3}

Животот во овој бурен свет, каде што моралната темнина ликува над вистината и доблеста, за христијанинот претставува постојана борба. Тој увидува дека мора да го земе сето Божјо оружје, бидејќи мора да се бори против силите кои не знаат за замор и против непријателот кој никогаш не спие. Напаѓани од безбројни искушенија од сите страни, ние само во Христа можеме да најдеме сила да победиме или ќе бидеме победени и ќе ја загубиме својата душа. Пред нас е голема и сериозна задача и колку ужасна ќе биде нашата загуба ако не успееме во тоа! Ако делото кое Господарот ни го

доверил остане недовршено, ќе остане недовршено засекогаш. Не можеме да очекуваме некое друго време на милост и проба. {3С 453.1}

Покажан ми е животот на брат Б во неговото семејство. Набљудувајќи го неговото однесување во семејството, гледајќи ја неговата сопруга лишена од секоја почит и љубов од страна на оној чија должност е да ја сака и штити како свое тело, како што Христос ја љуби и штити црквата, ангелите плачат. Укажувајќи постојано на нејзините недостатоци, а истакнувајќи ја својата мудрост и своето расудување, тој не престанува да ја навредува и понижува и во друштво и кога се сами. И покрај тоа што е необразована, нејзиниот карактер е многу поприфатлив за Бога отколку карактерот на нејзиниот сопруг. Бог гледа на сестра Б со чувство на најдлабоко сожалување. Таа според начелата на вистината, според светлината која ја има, живее далеку посовесно отколку нејзиниот сопруг. Таа нема да биде одговорна за светлината и знаењето кои се дадени на нејзиниот сопруг, но кои таа не ги добила. Тој би можел за неа да претставува вистинска светлина, утеха и благослов, но тој го користи своето влијание на многу погрешен начин. Тој ѝ го чита само она што нему му се допаѓа, она со што може да ги поткрепи своите погледи и идеи, додека ѝ го скратува она што претставува битна светлина бидејќи не сака тоа да се дознае. {3С 453.2}

Тој сам не ја почитува својата сопруга и им дозволува на своите деца исто така да се однесуваат со неа. Слично на синовите на првосвештеникот Илија, тие деца се препуштени сами на себе. Никој не ги ограничува ниту им скратува било што и сето тоа наскоро ќе му се врати нему самиот. Сè што брат Б сега сее, тој неминовно ќе мора и да жнее. Сестра Б е многу поблизу до небесното царство отколку нејзиниот сопруг. Тие незауздани и непослушни деца, бидејќи не се учени на самосовладување, со своите постапки ќе садат трње во срцата на своите родители и тие тоа нема да можат со ништо да го спречат. И Бог на судот ќе ги повика таквите родители на одговорност што само ги донеле децата на свет и им дозволиле да израснат толку невоспитани, потполно неподготвени да сакаат и да бидат сакани. Таквите деца не можат да бидат спасени ниту можат да се најдат во небесното царство ако во нивниот карактер не дојде до голема промена. {3С 453.3}

Брат Б со сите сили се труди својата сопруга да ја наведе да верува исто така како и тој. Упорно ѝ го наметнува своето мислење дека сè што тој прави е исправно, дека знае повеќе од било кој проповедник и дека со својата мудрост ги надминува сите. Покажано ми е дека во својата вообразена мудрост постапува со телото на своите деца исто толку погрешно како и со душата на својата сопруга. Раководејќи се упорно и во сè само со сопствената мудрост, тој го упропастува здравјето на своите деца. Тој сам себе се мами дека отровот кој го внесува во нивниот организам ги одржува во живот. Каква заблуда! Требало да сфати колку за нив би било подобро ако ги оставел на мир и ако не работел против природата. Тие деца никогаш нема да можат да имаат здрава конституција, бидејќи и коските и целиот крвоток им се затруени. Нарушеното здравје на неговите деца, нивните болки и маки вапат против неговата вообразена мудрост, која е всушност вистинска лудост. {3С 454.1}

Но полошо и потажно од сè друго е токму тоа што тој ја остава и понатаму ширум отворена вратата на пропаста за своето семејство, така што неговите деца ќе бидат загубени. Природните склоности, навики и карактерот на неговите деца мораат да се менуваат од корен, во спротивно, за нив нема никаква надеж. Можат ли ангелите со љубов и одобрување да гледаат на твоето семејство, брате Б? Можат ли тие со

задоволство да престојуваат во твојот дом? Како градба, твојата куќа однадвор делува многу привлечно, но она што го прави семејството среќно, доаѓа одвнатре. Оние кои живеат во внатрешноста на нејзините ѕидови ја претвораат куќата во рај или во пекол. Во срцето на своите деца, со тоа што не ја почитуваш нивната мајка, ти поттикнуваш непослушност и непочитување. {3С 454.2}

Ти можеби ќе кажеш: „Зошто сестра Вајт ми доаѓа со ова? Јас не верувам во визиите". Знаев дека тоа е така и пред да одлучам да ти пишам, но чувствувам дека дојде време да ти го изложам сето ова. Морам да ти ја кажам вистината, бидејќи знам дека на Божјиот суд ќе одговарам за сè што овде напишав. Чекав во надеж дека зборовите кои овде ги напишав ќе го трогнат и омекнат твоето срце. Но ја загубив секоја надеж во тој поглед, бидејќи ти се оградуваш со оклоп кој е непробоен - како челик. Не прифаќаш ништо што не одговара на твоите сфаќања. Покажано ми е дека за делото на сегашната вистина би било подобро никогаш да не ја прифатеше саботата. Твојата совест не е многу чувствителна, бидејќи непријателот те заслепил. {3С 454.3}

Загубив секаква надеж дека за црквата во _____ можам да направам било што додека ти си им камен на постојано сопнување. Ти некогаш ја сакаше вистината и да продолжеше по патот на вистината и светоста, сега би бил Христов претставник. На големиот ден на Божјиот суд ќе мораш да полагаш страшна сметка за своите таленти кои не ги намножи. Ти имаш исклучителни способности. Бог ти ги даде тие таленти за да ги употребиш на добро, но ти постојано ги злоупотребуваш. Ако своите од Бога дадени способности ги употребеше како што треба, можеше да направиш многу во придобивање на души за Христа и на крај би можел да ги видиш во небесното царство душите кои се спасени со твоето посредување. Но ти само растураш наместо да собираш со Христа. Твоите браќа во своите напори да го унапредат делото често се обесхрабрени, бидејќи ти во улога на опозиција го неутрализираш сите добра кои тие сакаат да ги направат. {3С 455.1}

Во својата љубов и нежно сочувство, Бог никогаш не бил понаклонет кон Своите земски деца отколку што е сега. Никогаш не постоело време кога Тој бил поподготвен да направи нешто повеќе за Својот народ отколку што прави токму сега. И Тој е подготвен да упатува, води и да ги спаси сите оние кои ќе се согласат да бидат спасени на начинот кој Тој го одредил. Оние кои се духовни, во состојба се и духовно да расудуваат и тие секаде и во сè гледаат докази за Божјото присуство и за Неговото постојано залагање за Своето дело. Сатаната со своето лукавство ги повлекол нашите прародители од Едемската градина, така што од нивната невиност и чистота ги вовлекол во грев и неискажана несреќа. Тој не се согласил да ја уништува верата. Сите сили кои може да ги доведе под своја контрола, тој и во овие последни денови вешто ги користи во своето дело на уништување. Сите можни вештини кои може да ги употреби тој лукаво ги користи во своето настојување да го измами, збуни и уништи Божјиот народ. {3С 455.2}

Користејќи те како свој агент да ширириш темнина и да внесеш забуна и збрка, тој гледа дека си многу успешно орудие во неговите раце. Во тебе нашол вистинско орудие со кое толку успешно нанесува навреди, задава болка, обесхрабрува и руши. Никогаш не си подготвен своите рамена со задоволство да ги подметнеш под некој товар заедно со припадниците на Божјиот народ; но штом тие ќе тргнат да направат нешто со што навистина би го унапредиле Божјото дело, ти се уфрлаш како дополнителен товар за да ги спречиш во тоа. Сатаната не престанува да војува против оние кои ги држат Божјите

заповеди и имаат вера Исусова. Тој најогорчено ги мрази сите оние кои остануваат верни на Бога и кои ги држат Неговите заповеди. Тој никогаш не спие и ниту за момент не попушта во својата будна ревност. О, кога оние кои тврдат дека се Христови следбеници би биле макар наполу толку мудри, ревни и истрајни во Божјото дело колку што е сатаната во своето дело! {3С 456.1}

Ако брат Б, верно го продолжеше делото тогаш кога прв пат ги стави своите раце на плугот и да не се свртуваше назад, денес би бил гласник на вистината, носејќи ја светлината на оние кои сè уште се наоѓаат во длабока темнина. Но Бог не може да те употреби на слава на Своето име сè додека не научиш да се советуваш со своите браќа, не мислејќи дека веќе знаеш сè што е вредно да се знае. Сатаната успеал да те спречи во твојата намера да правиш добро. Својата трка ја започна успешно, но сатаната те совлада со своите искушенија. Сакаше да бидеш прв и да ти ласкаат. Ја сакаше моќта која ја носат парите. Сатаната добро ги познава човечките слабости. Тој поседува знаење кое ревно го собира со векови и многу е искусен во својата работа. Во својата лукавост тој најчесто успева затоа што припадниците на Божјиот народ не се мудри како змии. {3С 456.2}

Сатаната често се појавува како ангел на светлината, облечен во небесна облека. Тој презема облик на пријател, манифестирајќи голема светост на карактерот и посебна огледност кон своите жртви, кои на тој начин успева да ги уништи и измами. Патот на кој тој ја намамува душата која ја искушува е полн со опасност, но тој успева затоа што тие опасности лукаво ги прикрива, истакнувајќи ја само привлечната страна на тој пат. Големиот Војсководец на нашето спасение веќе извојувал победа во наша корист за - благодарение на тоа и ние да можеме да победиме, само ако сакаме. Меѓутоа Христос никого не спасува без негово согласување. Тој никого не принудува на послушност. Тој поднел неизмерна жртва за и ние да можеме да победиме во Негово име и за Неговата правда да може да ни биде припишана и нам. {3С 456.3}

Но за да можеш да биде спасен, мораш да го земеш Христовиот јарем, а да го отфрлиш јаремот на сопствените навики. Победата која Христос ја извојувал во пустината на искушението за тебе претставува гаранција за победата која и ти можеш да ја извојуваш во Негово име. Твојата единствена надеж и спасение се наоѓа во тоа да победиш на ист начин како што победил Христос. Сега над тебе е Божјото неодобрување и Неговиот гнев. Тебе привлечностите на овој свет ти се подраги од небесното богатство. Желбата на очите и гордоста на животот потполно те одвојуваат од Бога. Таа слепа доверба во своето бедно, ништожно и грешно „јас" мора да биде скршена. За да можеш заедно со својот товар да паднеш и да се предадеш во Божјите раце, мораш да ја увидиш својата слабост. Душата која ќе се понизи и во потполност ќе му се предаде на Бога нема да остане под вечен срам. {3С 457.1}

Бог не сака во службата за Него да бараме некакви земски удобности. И кога живеел на оваа Земја, Христос не си угодувал себеси. Тој бил човек на болката запознаен со страдањата. Тој, Величеството на небото, на Земјата немал каде да ја засолни својата глава ниту најмало катче кое би можел да го нарече свое. Тој станал сиромав поради нас, за ние да се збогатиме со Неговото сиромаштво. Не зборуваме за некакви жртви, бидејќи и не знаеме што значи да се жртвуваме поради вистината. Едвај некогаш да го земеме крстот, правејќи нешто за Христовото драго дело. Да не настојуваме патот по кој одиме да биде полесен од патот по кој поминал нашиот Откупител. Колку, покрај сета мудрост со која се фалиш, си недораснат да се водиш самиот себеси! Колку лесно си

склон по диктат на својата измамена совест толку незадржливо да одиш по погрешниот пат, повлекувајќи со себе и други! {3С 457.2}

Ти по својата природа си таков што потчинувањето и послушноста на барањата на Божјиот закон многу тешко ти паѓаат. Твојата незауздана самодоверба, твоите предрасуди и твоите чувства лесно те наведуваат да избереш погрешен пат. Христос може да ти биде водач само ако, наместо на своето заслепено расудување, во потполност се потпреш на Него. Во своите работи пред очите ја немаше најнапред Божјата слава. Доколку во своите многубројни деловни проблеми и тешкотии, наместо на своето лично расудување, се потпреше на Вистинскиот Советник, Тој би ти помогнал од сето тоа да излезеш како победник. {3С 457.3}

Пред тебе е многу значајна задача која без особена Божја помош никогаш нема да ја извршиш. Ти се пружа можност еднаш да се најдеш во друштво на ангелите и да бидеш Божји наследник и сонаследник на Исуса Христа; но ако дометот на своите надежи и своите желби го ограничиш само на тесниот круг на сопствените земски удобности ќе направиш животно промашување. Судбоносна заблуда е да се живее за овој свет. Кога, огледајќи се на своето минато и сам ќе увидиш дека си правел големи грешки и дека сето заслужува осуда, ти се обидуваш да се оправдаш наоѓајќи грешки и кај другите. Колку и да е патот по кој одат другите навистина погрешен и колку и да сме самите виновни за тоа, нивното застранување никогаш не може да претставува изговор за твоите заблуди. На денот на конечната пресметка нема да се осмелиш тоа да го изнесеш пред Бога како олеснувачка околност за своето запоставување на должностите. {3С 458.1}

Бог сака да те прими како Свое дете и да те направи член на царското семејство, дете на небесниот Цар, под услов да излезеш од светот и потполно да се одвоиш, не допирајќи се до ништо што е несвето. Владетелот на небото сака да ти пружи сè што може да го облагороди и издигне целото твое битие, за да се удостоиш засекогаш да бидеш со Него и твојот живот по траење да се мери со Божјиот живот! Колку е сеопфатна, длабока и неизмерна љубовта на Бога кон човекот! Нема зборови со кои би можела да се опише таа љубов. Таа ја надминува секоја мисла и сè што фантазијата може да долови, но сепак е реалност која и ти можеш да ја доживееш; можеш да уживаш во неа во неискажана радост и слава. {3С 458.2}

Со вакви изгледи пред себе, како можеш да го ограничиш својот ум само на кругот на земските размислувања и секојдневни грижи и копнеејќи по минлива добивка да ги напушташ една по друга точките на сегашната вистина! Пожелно е многу посериозно да ги чуваш вистината, начелото и совеста. Божјото одобрување значи неспоредливо повеќе отколку куќи од сребро и злато. Најдлабока радост на срцето доаѓа токму од најдлабокото понижување пред Бога. Довербата во Бога и потполната предаденост на Него го јакнат и облагородуваат карактерот. Солзите секогаш не се доказ за слабост. За да изградиш складен и урамнотежен карактер во очите на чистиот и свет Бог, мораш сè да почнеш од отпочеток. За да може да одговори на барањата на вистината и должноста, твоето срце мора да се скрши пред Бога, покажувајќи искрено каење поради направените гревови. Дури тогаш ќе стекнеш вистинската почит кон себе и вистинска доверба во Бога. Ќе станеш благ и сочувствителен, а духот на празно фалење ќе исчезне. Местото на суровоста и ароганцијата ќе го заземе вистинската благост проследена со одлучност да застанеш во одбрана на вистината и правдата во секој случај. Тогаш ќе

видиш дека во овој свет, а и во твоето срце има многу нешта поради кои навистина би требало да заплачеш. {3С 458.3}

37. ВИСТИНСКО ОБЛАГОРОДУВАњЕ ВО ПРОПОВЕДНИШТВОТО

Брате Е, одамна имам намера да ти пишам, но за сето тоа не ми се укажа соодветна прилика сè досега. Додека минатата сабота му зборував на народот, твојот случај толку јасно ми излезе пред очи, така што едвај се воздржав јавно да не го спомнам твоето име. Изнесувајќи ти го ова, сакам да ја растоварам твојата душа. Во мојата последна визија покажани ми се недостатоците на оние кои тврдат дека служат во Речта и науката. Покажано ми е дека ти не ги усовршуваш своите способности туку во излагање на вистината стануваш сè помалку и помалку успешен. Тебе ти е неопходна потполна преобразба. Својата силна волја ти ја истакнуваш толку упорно, така што тоа ја надминува дури и тврдоглавоста. Доколку беше помалку самоуверен, а повеќе кроток и понизен во срцето, досега навистина можеше да се оспособиш за овој сериозен повик - да ја пренесеш пораката на вистината и на други. {3С 459.1}

Ти не сакаш трудољубивост во работата ниту било какво оптоварување со постојани напори. Не беше истраен во проучување на Божјата реч ниту беше ревен работник во Божјото дело. Твојот живот ниту оддалеку не одговара на Христовиот живот. Ти недостига остроумност и моќ на расудување. Не си мудар и разумен работник. Не си успешен во придобивање на души за Христа што е должност на секој Христов проповедник. Ти имаш одредено зацртан пат и свој личен критериум кој сакаш да им го наметнеш на другите. Но во тоа не успеваш, бидејќи луѓето не ги прифаќаат таквите твои сфаќања. Склон си кон фантазирање и често одиш во крајност и така нанесуваш сериозна штета на Божјото дело и одвраќаш души од вистината, наместо да ги придобиваш. {3С 459.2}

Покажано ми е дека со својот наразумен начин на работа осуети неколку поволни изгледи за успех. И што уште треба да ти кажам во врска со тоа? Душите се изгубени поради тоа што покажа недостаток на мудрост во изнесување на вистината и што својот повик на евангелски проповедник не го украси со особини на љубезност, учтивост и трпение. Вистинска христијанска префинетост треба да ја обележува секоја постапка на Христовиот проповедник. О, колку жално го претставуваше нашиот сочувствителен и милосрден Откупител, чиј живот беше олицетворение на добрина на вистинска чистота! Со својот груб и заповеднички тон полн со прекори и осуда, ти ги одвраќаш душите од вистината. Своите зборови ти не ги изговараш во дух на благородност и Христова добрина туку во на тебе својствен дух. Твојот карактер според својата природа е груб и необлагороден и твојот живот не е облагороден онака како што би можел да биде, бидејќи никогаш не си почувствувал потреба за вистинска учтивост и христијанска префинетост. {3С 460.1}

Склон си да стануваш доследен на своите стекнати навики. Погрешно си учен и воспитан и затоа мораш да вложуваш многу поревни напори тоа да го надополниш, да се реформираш и потполно измениш. Ако во твојот живот и карактер не дојде до одлучна и целосна преобразба речиси во секој поглед, ќе останеш потполно несоодветен да ја проповедаш вистината; со своите манири и однесување му нанесуваш на делото повеќе штета отколку корист. Твојот придонес во ширење на

вистината е незначителен; премногу се задржуваш околу поедини цркви и членови, и со тоа ништо не им помагаш во духовен поглед туку само им нанесуваш штета. Особено ти недостига благородност и посветеност во начинот на однесување со луѓето. Не би смеел повеќе да го срамиш и попречуваш Божјото дело со таквите свои недостатоци, бидејќи не покажа неопходна одлучност во своите напори да се поправиш како работник во Божјото дело. {3С 460.2}

Невозможно е други да доведеш на повисоко духовно ниво од она на кое самиот се наоѓаш. Ако сам не напредуваш, како можеш да ја водиш црквата и на други да им помагаш да се издигнат на повисоко ниво на побожност и свет живот? Сите такви проповедници каков што си ти, веќе неколку години повеќе служат на проклетство отколку на благослов за Божјото дело и доколку има помалку такви, дотолку делото на сегашната вистина повеќе ќе напредува. {3С 461.1}

Во своите идеи и напори ти не покажуваш никакви стремежи за усовршување. Задоволен си само да имаш звање на проповедник, без оглед дали тоа ти прилега или не. Не настојуваш да го усовршиш христијанскиот карактер и да го достигнеш она совршенство кое Христос со право го бара од Своите избрани проповедници. Ниту еден од оние кој се занимава со проповедање не е соодветен за толку одговорна задача ако постојано не напредува во знаење и во потполна посветеност и предаденост на делото, ако секојдневно не ги поправа своите манири и својот темперамент и не расте во вистинска мудрост. Секому кој сака успешно да ги приведува душите кон вистината неопходно му е потесно одржување на врска со Бога во молитва. Сите оние кои ќе ја прифатат одговорноста да спасуваат души, изведувајќи ги од темнината во чудесната светлина на вистината, секогаш нека имаат на ум дека и сами мораат да напредуваат во таа светлина. Како инаку, би можеле да водат други? Ако и самите се наоѓаат во духовна темнина, тогаш на себе преземаат на себе најстрашна одговорност кога ќе се осмелат да поучуваат други. {3С 461.2}

Во местата каде што работиш не се покажа подготвен да одговориш на потребите на делото во кое си ангажиран. Не работеше промислено и разумно. Својот недостаток на знаење се обидуваше да го надополниш со напади на другите верски заедници, остро осудувајќи и огорчено критикувајќи ја нивната работа и нивната духовна состојба. Ако твоето срце беше осветлено од духот на вистината, ако беше потполно посветен на Бога, одејќи во светлината како што одел и Христос, ти би постапил помудро и би нашол доволно средства и начини да го пробудиш интересот на слушателите и без такво скршнување од својот пат и оддалечување од својата задача, напаѓајќи ги другите кои исто така тврдат дека се христијани. {3С 461.3}

Неверниците, мислејќи дека адвентистите на седмиот ден се такви какви што ти ги претставуваш, почнаа да негодуваат и дојдоа до заклучок дека такво учење не им е потребно. Нашата вера е непопуларна и во многу работи спротивна на верата и обичаите на другите цркви. За да најдеме пристап до срцата на оние кои се во темнината на заблудите и лажните теории, мораме да им приоѓаме со најголема претпазливост, нагласувајќи ги мудро и совесни оние точки во кои се согласуваме. {3С 462.1}

Во контакт со оние кои сè уште се наоѓаат во заблуда мораме да манифестираме најголема претпазливост со должна почит и уважување на нивната искреност. Меѓутоа, брат Е, како и многу други проповедници, веднаш започнуваат војна против заблудите

кои им се сè уште драги на оние кои веруваат поинаку. На тој начин тој само ја поттикнува нивната одлучност да се затворат во непробојниот оклоп на себичните предрасуди, кои потоа со никакви докази не е можно да се неутрализираат. {3С 462.2}

Кој друг освен тебе, би можел да биде одговорен за душите кои ги оттргна од вистината со своите непосветени напори? Кој може да ги сруши ѕидовите на предрасудите кои ги подигна со својата непромислена работа? Не знам дали може потешко да се греши против Бога отколку да се ангажираат во проповедничка служба луѓе кои работат за себе, а не за Христа. На нив се гледа како на Христови претставници, додека всушност не го претставуваат Неговиот дух со ниту една своја постапка. Тие воопшто не ги гледаат и не ги сфаќаат опасностите кои ги следат напорите на толку непосветените и необратените луѓе. Тие се движат како слепци, кои немаат речиси ништо, а сепак се толку полни со самодоверба и продолжуваат да одат во темнина, сопнувајќи се на секој чекор. Тие се синови на темнината - олицетворение на темнината. {3С 462.3}

Брате Е, твоите идеи се многу ограничени и со својата работа ти повеќе ја понижуваш отколку што ја издигнуваш вистината. Причина за тоа не е твојата неспособност. Ти би можел да бидеш добар работник, но премногу си мрзлив и немарен за да преземеш неопходни напори за остварување на поставената цел. Повеќе си подготвен да се спуштиш и да имаш дрско однесување кон оние со кои не се согласуваш отколку да вложиш неопходни напори во начинот на својата работа да се издигнеш на повисоко и поблагородно ниво. Кога ќе ти се докаже дека ставот кој еднаш си го заземал е погрешен, ти не си доволно понизен тоа да го увидиш и признаеш туку во својата независност и понатаму цврсто се држиш за своите идеи, иако се неопходни отстапки од твоја страна и претставуваат дел од твојата должност. Упорно и непопустливо остануваш при своето мислење, жртвувајќи го притоа и спасението на душите. {3С 462.4}

Брате Е, непопустливоста на твојот став и упорноста да ја оствариш својата волја без оглед на било каков ризик, најмногу ја почувствува и никогаш не можеше тоа да го одобри твојата сопруга, која поради тоа и го загуби своето здравје. Ти не се однесуваш кон неа благородно и нежно; со својот силен дух ги потисна нејзините нежни особини. Поради сето тоа, таа многу патеше во својата душа. Да се потрудеше, можеше нејзиниот живот да го направиш многу посреќен. Но ти, наместо да се прилагодиш на нејзината благородна природа, постојано настојуваше да ја потчиниш на својата груба природа и кон своите екстремни сфаќања. Слично на младо стебло насилно свиткано во неприродна положба, таа не можеше сама да се исправи. Венееше како растение засадено на земја која воопшто не му одговара. {3С 463.1}

Не смееш да настојуваш умот и карактерот на другите да го обликуваш насилно според сопствен пример туку дозволи и твојот карактер да се обликува според совршениот божествен Пример. Кога сите луѓе на светот според карактерот и темпераментот би биле слични на тебе - тоа би била вистинска трагедија. Бидејќи сличните каде и да се свртат наидуваат на слични на себе, ти - со гадење и одвратност на толку сличните на себеси - би посакал да си одиш од овој свет. {3С 463.2}

Ти се фалиш и издигнуваш само себеси. Но, колку е тоа недолично за секој човек, колку и да е благороден, образован и влијателен! Луѓето со благородни особини имаат најголемо внимание токму тогаш кога воопшто не се свесни за својата вредност и

своите добри дела со кои го задолжуваат светот. Но за луѓето од твојот повик ниту оддалеку не им прилега да се издигнуваат сами себе и да се фалат. {3C 463.3}

Во своите напори ти често имаше добар почеток; будиш интерес и твоите слушатели се убедени дека употребените аргументи не можат да се оспоруваат; но токму во моментот кога душите почнаа да се одлучуваат за вистината, ти почнуваше да го истакнуваше своето „јас" и сите оние кои можеа да бидат придобиени доколку од твоите зборови и од твоето однесување блескаше само Исус, се загубени. {3C 464.1}

Тебе ти недостигаат токму оние особини кои се толку важни за да можеш да придобиеш души за Христа и за вистината. Ти можеш добро да дебатираш, но ти недостига искуствено спознавање за божествената волја и бидејќи немаш лично искуство во верата, не си во состојба други да доведеш до Изворот на жива вода. Твојата сопствена душа не е во заедница со Бога туку се наоѓаш во темнина, а она што ѝ недостига на душата која го бара патот во темнината е токму светлината на вистината. Ако не се обратиш во потполност, подобро е сега да престанеш со својата работа на обратување на другите туку и понатаму да го изопачуваш критериумот на вистината со своите ограничени, романтичарски идеи. Тебе ти недостига искуствено спознавање за божествената волја, а имаш високо мислење за својата лична правда, која нема никаква вредност. За да можеш да послужиш во Божјото дело, претходно мораш потполно да се преобразиш, па дури потоа твојата работа ќе биде прифатлива. {3C 464.2}

Ти не ја поседуваш Христовата религија. Мораш да станеш понизен во срцето и да умреш за себичноста, така што во тебе живее Христос; тогаш ќе одиш во светлина како што одел Тој, оставајќи зад себе блескава трага од светлината која и на други ќе им го осветли патот кон небото. Премногу си задоволен со себе. Мораш уште многу да учиш за да го победиш својот романтичарски дух и склоноста да пронаоѓаш туѓи грешки. Мораш да го победиш телото и да го држиш во постојана потчинетост за, проповедајќи на другите, сам да бидеш цврст и одлучен. {3C 464.3}

Твоите погледи оддаваат ситничарски дух, фаќање за сламка, пронаоѓање на туѓи грешки и постојано сомневање во другите, додека поаѓајќи од христијанскиот став би било многу подобро да ги победуваш недостатоците во сопствениот живот и карактер, барајќи светлина од Бога и подготвувајќи се за друштвото на ангелите во небесното царство. Ваков каков што си сега: необлагороден и непосветен, би го осквернавил цело небо. За таквите како што си ти сега по својот карактер, на небо нема место. {3C 464.4}

Ако сесрдно се залагаш, не барајќи никаков изговор за гревот, да го осудиш гревот кај себе, ако во вера и надеж побараш божествена благодат и здраво расудување, ќе ти се пружи можност да ги победиш овие недостатоци во својот карактер кои сега те прават несоодветен за работа во Божјото дело. Ти веќе многу години воопшто не напредуваш ниту се поправаш. Денес, што се однесува до христијанското совршенство и критериум кој се бара од проповедникот на евангелието, ти си на многу пониско ниво отколку што беше пред само неколку месеци по прифаќање на вистината. {3C 465.1}

Оние кои не се доволно запознати со учењата на христијанската вера, а сепак прифаќаат да водат други, го предизвикуваат Божјото незадоволство. Ти си совршено прикажан како лицемер кој се обидува да ја извади раската од окото на својот брат, додека не ја чувствуваш гредата во сопственото око. Прво преиспитај го сопственото срце, реформирај го својот карактер, одржувај постојано врска со Бога во молитва,

стекнувај секојдневно христијанско искуство и дури тогаш ќе бидеш во состојба да водиш грижа за душите кои сè уште не се доведени кај Христа. {3C 465.2}

Мал е бројот на оние браќа кои во проучување на разни писатели посветиле повеќе време од тебе, а сепак силно ти недостигаат квалификации толку битни за проповедникот кој треба и други да поучува за вистината. Ти не си во состојба правилно да цитираш, па дури ни да пронајдеш и прочиташ некој баран стих од Светото Писмо. Тоа не би смеело да биде така. Не ги развиваше своите умни способности ниту растеше во благодатта кое би се одразувале во твоите зборови и во твоето однесување. Не сфати колку е неопходно постојано да напредуваш во вистината и во светоста. {3C 465.3}

Површното читање на многу книги го преоптовари твојот ум и те направи ментален диспептичар. Не си во состојба да апсорбираш ниту половина од сè што ќе прочиташ. Кога при читањето би имал само една цел: да го збогатиш својот ум, и кога би читал само толку колку што твојот ум може да сфати и апсорбира и кога трпеливо би истрајал во тоа, би постигнал подобри резултати. Како другите проповедници, така и ти треба да посетуваш училиште и како дете да почнеш со совладување на првите основи на знаењето. Ти дури не си во состојба правилно да читаш, пишуваш и изговараш поедини зборови, иако малкумина од нив имале помалку напори и грижи од тебе. {3C 465.4}

Положбата на проповедник бара здравје на телото и дисциплина на умот. Здравото расудување, добрите нерви и пријатната природа ќе го препорача проповедникот на евангелието насекаде и на секое место. Овие квалификации треба да се бараат и истрајно да се негуваат. {3C 466.1}

Твојот живот во многу нешта е бескорисен. Ти имаш некои многу добри идеи, но Божјиот Дух не престојува во твоето срце за постојано да оживува во него вистинска вера, љубов и надеж. Кога Христовиот Дух би престојувал во тебе, Тој би те оспособил сам да ги сфатиш светите Божји вистини и верно да им ги пренесуваш на другите. Нема да бидеш од никаква корист за Божјото дело сè додека не стекнеш повозвишена претстава за задачата на верниот Христов проповедник. Самооткажувањето и љубовта кои ќе ги манифестираш во својата работа ќе се одразат на животот и карактерот на другите. {3C 466.2}

Треба што побргу да се ослободиш од таа своја студена формалност, негувајќи чувства на нежност и пријателство во својот секојдневен живот. Она што особено ти недостига, тоа е вистинска учтивост и христијанска префинетост. Срцето кое навистина Го љуби Исуса, ќе ги љуби и сите оние за кои Тој умрел. Како што магнетната игла укажува на полот, така и вистинскиот Христов следбеник ќе настојува со ревно залагање да ги спасува душите за кои Христос го дал Својот живот. Работејќи на спасување на грешниците, ние ја одразуваме топлината на Христовата љубов во своето срце; тоа е најдобар начин вистинската љубов да расте и да се развива во нас. Без вистинско познавање на божествената волја нема складен развој на христијанскиот карактер. {3C 466.3}

Те преколнувам, брате мој, подобро да се запознаеш со Бога. „Господ ги утврдува чекорите на секој човек и мил Му е неговиот пат". Ангелите го бележат секој чекор на нашето напредување во верата. Но ти не ја потчини својата волја на Бога и твоите мисли не се посветени. Ти и понатаму се сопнуваш во мракот и не знаеш каде ќе застанеш со својата нога. Господ им ја открива Својата волја на оние кои искрено и сесрдно сакаат да бидат водени. Причината за твојот неуспех се наоѓа во тоа што ја отфрлаш и самата идеја дека треба да се познава и твори Божјата волја. Затоа и

навистина не знаеш ништо. Ти се обидуваш да водиш слепци, иако и самиот си потполно слеп. {3С 466.4}

О, во каква положба се наоѓате и ти и многу други проповедници! Напуштајќи го Бога, Изворот на жива вода, вие себеси си правите напукнати кладенци кои не држат вода. Те преколнувам, пробуди се! Сфати ја својата опасност и врати се кој Господа во длабоко и искрено каење кое ќе ти го осигура Неговото простување. Со Негова сила и ти можеш да издржиш во борбата на животот и да одговориш на сите Божји барања. Тој не може да го одобри твојот начин на живот, бидејќи стана камен на сопнување за многу души. За да постигнеш успех, ти се потпираш на своите дела и на својата правда, бидејќи не ја познаваш божествената волја. {3С 467.1}

Господ нека ти го открие твојот вистински карактер за да ги увидиш своите вистински недостатоци. Кога просветлен од Божјиот Дух конечно ќе сфатиш колку е судбоносна твојата немарност и неподготвеност да се поправиш, страв ќе ја обземе твојата душа и неволјата ќе те наведе на покајание за кое нема да ти биде жал. {3С 467.2}

Број дваесет и пет

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

38. ЗНАЧЕЊЕ И ВАЖНОСТ НА ДЕЛОТО

На трети јануари 1875. година покажани ми се многу поединости кои се однесуваат на големите и значајни интереси на делото во Батл Крик, во Издавачката дејност, во училиштето и во Здравствениот Институт. Кога правилно би се раководело со овие установи, тие би можеле значително да придонесат за напредок на Божјото дело во ширење на вистината и спасување на душите. Само потполната посветеност на Бога може секој од нас да го направи соодветен да учествува во завршната фаза од светото и значајно дело за ова време. Исклучително се малку потполно несебични луѓе на кои можат да им се доверат одговорни положби, малку се оние кои потполно се предале на Бога, подготвени да го слушнат и послушаат Неговиот глас и кои пред очите ја имаат само славата на Неговото име. Многу малку се оние кои - кога би притребало - би го дале и својот живот за напредок на Божјото дело. Токму таква верност бара Бог. {3С 468.1}

Луѓето се лажат со мислата дека Му служат на Бога, додека всушност не престануваат да си служат себеси, а интересите на Божјото дело им се од споредно значење. Таквите не се посветени во своето срце. Службата на таквите не е прифатлива за Бога. Од време на време, како што бараше развојот на делото, Тој во Своето провидение одредувал луѓе кои треба да заземат одговорни положби во Батл Крик. Ако во потполност Му се предале на Бога и сите свои сили ги посветиле на Неговото дело,

тие луѓе можеле да одговорат на значајните должности. На овие луѓе, поставени според Божјиот избор им била неопходна токму онаа дисциплина која би ја стекнале ако во потполност му се посветиле на делото. Тој би им укажал најголема чест поврзувајќи ги со Себеси и со Својот Свет Дух за одговорностите кои им се доверени. Ако не биле на положби кои повлекуваат толку големи и тешки одговорности, не би стекнале големо и сестрано искуство во познавање на божествената волја. {3С 468.2}

Никој нека не се лаже со мислата дека ако се поврзе со Божјото дело во Батл Крик ќе има помалку грижи и тешки напори и помалку искушенија. Сатаната е најактивен токму таму каде што се вложуваат најголеми напори во цел на ширење на вистината и спасување на душите. Тој добро ја познава човечката природа и не ги остава на мир оние на кои ќе им се укаже можност да станат послични на Христа и поуспешни работници во Божјото дело. Со своите лукаво испланирани искушенија, сатаната ги напаѓа токму оние луѓе кои Бог ги повикува да учествуваат во Неговото дело. Тој е неуморен во своето настојување да пронајде начин на кој најуспешно ќе може да го спречи остварувањето на Божјите намери. Тој многу добро ги познава и силните и слабите страни во карактерот на тие луѓе. И затоа во своите лукаво смислени напори, за да ги спречи Божјите намери, тој ги напаѓа најслабите точки во нивниот карактер; и ако успее во тоа, отворен му е патот да ги напаѓа и победува и таму каде што се посилни. Така стекнува власт над луѓето и го заслепува нивниот разум. Луѓето кои ќе ги збуни на таков начин и ќе ги совлада со своето лукавство, тој ги наведува на самодоверба и сигурност во себе токму во моментот кога нивните морални сили се најслаби. Тие паѓаат во самоизмама и мислат дека во духовен поглед стојат многу добро. {3С 469.1}

Непријателот упорно и лукаво настојува сè што ќе успее да го употреби во своја корист и да ги уништува душите. Своевремено дадените сведоштва оделе во корист на поединците кои заземале истакнати положби во црквата. Во носењето на товарите и во давањето на свој придонес на Божјото дело, тие добро почнале. Но сатаната не престанувал да ги облетува со своите искушенија, така што на крајот биле совладани. И на оние кои сега гледаат на нивните пропусти сатаната им сугерира мисли дека во сведоштвата дадени за тие луѓе мора да постои некоја грешка инаку не би се покажале недостојни да учествуваат во Божјото дело. {3С 469.2}

Токму тоа сатаната и сакал да се случи. Тој на тој начин настојува да пробуди сомневање во светлината која Бог ја испратил. Овие луѓе би се спротивставиле на искушенијата на сатаната доколку биле повнимателни, доколку секогаш биле свесни за потполната зависност од Бога и доколку во Христово име и во Неговата сила останале верни на својата должност. Но треба да се има на ум дека охрабрувањата на овие луѓе се давани под услов да останат несебични и свесни за своите слабости, да се потпираат на Бога, а не на својата мудрост и на својот суд. Доколку се придржувале до тоа, можеле да бидат голем благослов за Неговото дело. Но кога сатаната ги напаѓал со своите искушенија, победата речиси секој пат била на негова страна. Тој така го организирал сплетот на околности за секогаш да ги нападне во најслабите точки на нивниот карактер и тие биле совладани. Како само срамно тие му наштетиле на Божјото дело! Колку целосно тие се одделиле себеси од Бога следејќи ги своите изопачени срца! Одговор за тоа ќе мораат да дадат тие самите. Но Божјиот ден ќе ги открие причините за сите наши разочарувања во луѓето. Бог не греши. Тој им ги дал тие охрабрувачки ветувања под одредени услови, но тие не ги исполниле условите. Потпирајќи се на своите сопствени сили, подлегнале на искушенијата. {3С 469.3}

Она што може да се каже за луѓето под извесни околности не може да се каже за нив во поинакви околности. Луѓето најчесто немаат доволно морална цврстина, себични се, горделиви и лесно се занесуваат со суетна вообразеност. Препуштени сами на себе, тие се однесуваат како да се слепи и манифестираат таква слабост и лудост така што многумина се чудат како тие луѓе воопшто можеле да бидат применети и сметани за достојни да имаат било каква врска со Божјото дело. Токму тоа била намерата на сатаната. Откако почнал да ги искушува тие луѓе цел му била да го изложува на потсмев и срам Божјото дело и да фрли сомневање на Сведоштвата. Ако останеле таму каде што нивното влијание не би имало никаков одраз на Божјото дело, сатаната не би ги облетувал толку жестоко со своите искушенија, бидејќи не би можел да ги искористи како орудија за остварување на своите посебни намери. {3С 470.1}

Во текот на развојот на Божјото дело, она што за извесни поединци со право е кажано во одредено време, не може да се каже за нив и во некој друг момент. Причина за тоа е тоа што тие извесно време можеле да бидат исправни и да живеат беспрекорно според светлината која ја имаат, додека само еден месец подоцна би можеле да бидат совладани од сатанските лукавства и поради преголемата самодоверба и падот во тешки гревови, станале потполно несоодветни за Божјото дело. {3С 471.1}

Со своите лукавства сатаната ги наведува луѓето да го променат своето мислење под претпоставка дека мојот сопруг и јас не би требало дури ниту да го изнесуваме своето мислење за квалификациите на поединците кои заземаат разни положби, бидејќи сите сме договорни за нивните постапки и за патот по кој продолжуваат. Покрај сето тоа, ако тие луѓе останале цврсто постојани во Бога и понизни како што беа кога ги препорачавме и кога им беа доверени такви одговорности, тие навистина можеа да бидат вистински луѓе на вистинско место. На таквата положба луѓето се менуваат, но ниту самите не ја забележуваат таа промена. Тие подлегнуваат на искушенијата, ја губат својата непоколебливост и ја раскинуваат својата поврзаност со Бога. Тие паѓаат под контрола на непријателот и тогаш со своите зборови и постапки го обесчестуваат Бога и му нанесуваат срам на Неговото дело. Тогаш сатаната ликува, гледајќи како нашите браќа и сестри со сомнеж гледаат на нас затоа што своевремено со своето влијание ги охрабрувавме тие луѓе да се прифатат за делото. {3С 471.2}

39. СОСТОЈБАТА ВО СВЕТОТ

Покажана ми е состојбата во овој свет, кој бргу ја полни чашата на своето беззаконие. Насилството и злосторствата од секој вид го преплавуваат светот и сатаната ги користи сите можни средства за да ги направи популарни злосторствата и најниските пороци. Додека одат по улицата, младите се опкружени со огласи и слики на злосторства и гревови кои им се прикажуваат исто така како и во разни романи или во театар. Така нивниот ум систематски се навикнува на блискост со гревот. Животот на изопачените и порочни луѓе им се изнесува секој ден во привлечните списанија и сè што може да предизвика љубопитност и да ги пробуди животинските страсти им се прикажува во возбудливите и потресни приказни. {3С 471.3}

Литературата која е плод на изопачениот ум ги труе мислите на илјадници луѓе во светот. Гревот веќе не им изгледа толку одвратен. Тие слушаат и читаат толку многу за понижувачките злосторства и нискости, така што совеста која некогаш била

чувствителна и која не се згрозувала од сето тоа, станува толку нечувствителна што со голем интерес се задржува на грдите зборови и дела. {3C 472.1}

„Како што беше во времето на Ное, така ќе биде и во деновите на Синот Човечки". Бог сака да има еден народ кој копнее по добри дела, кој одлучно се спротивставува на изопаченостите на ова дегенерирано поколение. Вооружени со силата на божествената помош, припадниците на тој народ ќе излезат како победници од секое искушение. Со посредство на возбудливи реклами и заводливи написи непријателот може да се обиде да влијае на нивните сетила и да ги наведе на нечисти мисли, но тие ќе бидат толку обединети со Бога и со светите ангели, така што од сето тоа ќе излегуваат како ништо да не гледаат и да не слушаат. Тие пред себе имаат задача која никој друг не може да ја изврши наместо нив - задача чесно да се борат во добра борба на вера и да стекнат вечен живот. Тие нема да бидат самоуверени и задоволни со себе. Свесни за својата слабост, тие во молитва бараат од Христа нивното незнаење да го надополни со Својата мудрост, а нивната слабост со Својата сила. {3C 472.2}

Младите можат да бидат толку цврсти во начелото за сатаната да не може да ги заведе од вистинскиот пат и со најсилните искушенија. Самоил како дете бил опкружен со најзаводливи влијанија. Сè што гледал и слушал болно ја ранувало неговата душа. Илиевите синови кои учествувале во светата служба, биле под контрола на сатаната. Со своето порочно влијание, тие луѓе ја труеле атмосферата која ги опкружувала. Мажите и жените секој ден биле соочени со грев и порок, но Самоил останал неизвалкан. Облеките на неговиот карактер останале беспрекорно чисти. Тој немал ништо заедничко со гревовите за кои биле ширени страшни гласови по целиот Израел. Самоил Му бил драг на Бога и бил во толку блиска врска со небото, така што бил испратен ангел од небото за да зборува со него за гревовите на Илиевите синови кои сè повеќе го расипувале израелскиот народ. {3C 472.3}

Апетитот и страстите стекнуваат власт над илјадници таканаречени Христови следбеници. Блискоста со гревот ја оптоварила нивната свест до таа мера, така што воопшто не се згрозуваат над него туку дури им станува привлечен. Крајот на сè многу се приближил. Бог нема уште долго да го поднесува злосторството и понижувачкото беззаконие на човечките синови. Нивните гревови допреа до небото и Бог наскоро ќе пушти страшни зла на оваа Земја. Тие ќе мораат да ја испијат чашата на Божјиот гнев неизмешан со милост. {3C 473.1}

Покажано ми е дека дури и на оние кои тврдат дека се Божји деца им се заканува опасност да се изопачат. Неморалот ги врзува мажите и жените како робови. Неконтролираните барања за јадење и страстите ги залудуваат до таа мера, така што тие се потполно немоќни да им се спротивстават и да победат. Сила и помош за тоа можат да најдат само во Бога. Христос едвај чека со Својата животворна сила да поттикне секого кој во Негово име ќе побара помош. Опасности ни се закануваат од сите страни; и можеме да бидеме сигурни само кога, свесни за својата слабост, во вера цврсто се држиме за својот моќен Ослободител. Страшно е времето во кое живееме. Ниту еден момент не смееме да престанеме будно да стражариме и да се молиме. Во беспомошност на својата душа мораме потполно да се потпреме на Исуса - нашиот сочувствителен Откупител. {3C 473.2}

Свртено ми е внимание на големината и значењето на делото кое е пред нас. Но многу малку се оние кои ја сфаќаат вистинската состојба во која се наоѓаме. Сите оние кои мирно спијат, не сфаќајќи ја потребата од постојана будност и внимание, ќе бидат совладани. Работата во Божјото дело ја прифаќаат млади луѓе, но некои од нив едвај имаат претстава за светоста и одговорноста на тој повик. Тие имаат премалку искуство во живата вера и силната желба за дарот на Светиот Дух, желба која секогаш донесува резултати. Некои од нив кои очевидно имаат способности и кои би можеле да заземаат важни положби, не знаат од каков дух се. Во својата лесноумност тие се толку брзи што се смеат на сè како што водата природно тече низ планината. Зборуваат бесмислици и се шегуваат со младите девојки, иако речиси секој ден слушаат излагања за најсериозните и најпотресните вистини. Таквите ја прифатиле верата само со разум, додека во срцето воопшто не се посветени од вистината која ја слушаат. И затоа никого не можат да го доведат кон Изворот на жива вода сè додека и сами не се напојуваат од Неговото изобилство. {3C 473.3}

Сега не е време за лесноумност, суета и ништожности. Сцените на земската историја се ближат кон крајот. Оние кои со своите мисли дозволувале неконтролирано да се задржуваат на сè и сешто, треба да се променат. Апостол Петар предупредува: „Затоа препашувајќи ги бедрата на својот ум, бидете трезни и надевајте се на благодатта која ќе ви се даде кога ќе дојде Исус Христос. Како послушни деца не се поведувајте по поранешните желби од времето на вашето незнаење туку според Светецот Кој ве повика и вие бидете свети во својот живот. Зашто е пишано: бидете свети, зашто јас сум свет". {3C 474.1}

Мислите кои скитаат на сите страни треба да се зауздаат и да се сосредоточат на Бога. Секоја мисла треба да се доведе во послушност на Божјата волја. Ласкави пофалби не треба да се даваат ниту очекуваат, бидејќи тоа повеќе ја поттикнува самодовербата отколку понизноста; повеќе изопачува отколку што облагородува и духовно издигнува. Оние кои се навистина оспособени и кои се свесни за улогата која треба да ја имаат во делото, секогаш со претставата за светоста и големината на делото ќе се чувствуваат притиснати како запрежна кола натоварена со снопови. Сега е време за најсесрдни напори да се победат природните склоности на непрепороденото срце. {3C 474.2}

40. СОСТОЈБАТА ВО ЦРКВАТА

Постои голема потреба за реформација кај Божјиот народ. Сегашната состојба во црквата наведува на прашањето: „Дали таа е правилна претстава за Оној Кој го дал Својот живот за нас? Дали тие се следбеници на Исуса Христа и браќа на оние кои не мареа за својот живот?" Навистина се ретки оние кои одговараат на библискиот критериум, библиското опишување на Христовите следбеници. Оставајќи го Бога - Изворот на жива вода - тие градат сопствени цистерни, „напукнати кладенци кои не држат вода". Ангелот рече: „Недостатокот на љубов и вера е најголем грев за кој Божјиот народ сноси вина". Недостатокот на љубов води кон безбожност, самољубие и љубов кон светот. Оние кои ќе се одвојат од Бога и ќе подлегнат на искушението, се впуштаат во големи пороци, бидејќи телесното срце е секогаш наклонето кон зло и беззаконие. Во таква состојба се наоѓаат и многумина кои тврдат дека се Божји народ. Иако тврдат дека Му служат на Бога, тие речиси во секој поглед го изопачуваат својот пат пред Него.

Многумина попуштаат на апетитот и страстите, иако светлината на вистината јасно им ги открива тие опасности и предупредува: Воздржувајте се, откажете се од себе," „Зашто плата за гревот е смрт". Иако примерот на оние кои доживеале бродолом во својата вера стои пред нив како знак на опасност и ги предупредува минувачите да не одат оттука, сепак многумина продолжуваат по истиот пат. Контролирајќи го нивниот ум, сатаната стекнува целосна власт и над нивното тело. {3С 474.3}

О, колкумина од нив си ласкаат себеси дека се добри и праведни додека вистинската Божја светлина открива дека целиот живот само си угодувале себеси. Сè што тие прават му е одвратно на Бога. Колкумина од нив живеат без закон! Обвиткани со густа темнина, тие со задоволство гледаат на себе; но кога Божјиот закон би се открил на нивната совест, како што тоа бил случај со Павле, тие би увиделе дека се продадени на гревот и дека мораат да умрат за телесното мудрување. Сопственото „јас" мора да биде распнато. {3С 475.1}

Колку се тажни и страшни грешките кои многумина ги прават! Тие сидаат на песок, а си ласкаат себеси дека се на вечна карпа. Многумина кои се сметаат побожни безгрижно талкаат по својот пат и воопшто не се огледаат на опасностите кои им се закануваат, како да не ги очекува никаков иден суд. Ги очекува страшна казна, но тие сепак продолжуваат да се оддаваат на ниските страсти и нагони и постојано ги дополнуваат кобните записи за својот живот на денот на судот. Го подигам својот глас во опомена на сите кои го носат Христовото име да се одвојат од своето беззаконие. Очистете го своето срце и својата душа покорувајќи се на вистината. Очистете се од секое осквернување на телото и духот, усовршувајќи светост во Божји страв. Вие на кои се однесува ова што го пишувам, знаете што подразбирам под тоа. Иако скршнавте од патот, учествувајќи во беззаконието кое преовладува и ги извалкавте своите души со грев, Исус сè уште ве повикува да се вратите од својот погрешен пат, да се фатите за Неговата сила и во Него да најдете сила, мир, и благодат која во Негово име ќе ве направи повеќе од победници. {3С 475.2}

Изопаченоста на ова дегенерирано поколение ги извалкала душите на многумина кои тврдат дека Му служат на Бога. Но сè уште не е предоцна да се поправите и крвта на распнатиот и воскреснат Спасител да ве помири со Бога, ако се покаете и чувствувате потреба за простување. Мораме будно да стражариме, молејќи се како никогаш порано, за да не паднеме под силата на искушението и да оставиме пример на живот кој тажно потсетува на бродолом. Како народ, не смееме да останеме безгрижни и рамнодушно да гледаме на гревот. Таборот мора да се очисти. Сите кои се нарекуваат христијани треба будно да стражарат во молитва, чувајќи ги приодите на душата; бидејќи сатаната постојано настојува да изопачи и уништи секаде каде што за тоа ќе му се пружи и најмала можност. {3С 476.1}

Браќа мои, Бог ве повикува како Свои следбеници да одите во светлина. Морам да ве предупредам на опасноста. Гревот е меѓу вас, но тоа не се смета како толку голема опасност поради која би требало да се загрижиме. Поради попуштање на апетитот и постојаната блискост со гревот, совеста на многумина отапила. Би требало на својот пат до небото побргу да напредуваме, да растеме во благодатта и познавањето на вистината. Да се оди во светлина, брзајќи на патот на Божјите заповеди, никако не значи да се стои и да не се презема ништо. Ние мораме да напредуваме. {3С 476.2}

Во самољубието, самоиздигнувањето и горделивоста се манифестира духовната слабост, додека во понизноста е духовната сила. Своето вистинско достоинство не го покажуваме кога најмногу мислиме на себе и на своите интереси туку кога во мислите постојано ни е Бог и кога срцето ни гори со љубов кон нашиот Откупител и нашите ближни. Едноставноста на карактерот и понизноста на срцето донесуваат среќа, додека вообразеноста раѓа незадоволство, мрморење и постојано разочарување. Ако научиме помалку да мислиме на себе, а повеќе на тоа како другите да ги направиме среќни, тоа ќе ни дава божествена сила. {3С 476.3}

Во своето одвојување од Бога, во својата горделивост и темнина, ние постојано копнееме да се издигнеме себеси и забораваме дека во понизноста на духот се наоѓа сила. Силата на нашиот Спасител не била во острите зборови кои ја прободуваат душата туку во Неговата благородност и во едноставноста на Неговите неизвештачени манири со кои ги освојувал срцата. Гордоста и самоиздигнувањето, кога ќе се споредат со понизноста и добрината, навистина претставуваат слабост. Повикани сме да учиме од Оној Кој навистина е кроток и понизен во срцето и тогаш ќе ги искусиме она спокојство и мир по кои толку копнееме. {3С 477.1}

41. ЉУБОВ КОН СВЕТОТ

Искушението со кое сатаната му пришол на нашиот Спасител кога Го одвел на една многу висока гора е едно од најтешките искушенија низ кои луѓето мораат да поминат. Сите царства и славата на овој свет сатаната му ги понудил на Христа под услов да му се поклони како на надмоќен. Нашиот Спасител ја почувствувал тежината на ова искушение, но му се спротивставил поради нас и победил во наша корист. Тој не би бил искушуван во тоа кога тоа исто искушение не би го очекувало и човекот. Со Својот отпор и победа, Тој ни дава пример како и ние треба да се спротивставиме на сатаната кога со своите искушенија настојува да нè одврати од вистинскиот пат. {3С 477.2}

Никој не може да биде Христов следбеник ако ја подарува својата љубов на привлечностите на овој свет. Во своето прво послание Јован пишува: „Не го љубете светот ниту што е на светот. Ако некој го љуби светот, нема Таткова љубов во него". Нашиот Спасител, Кој бил изложен на ова сатанско искушение во полна сила, знае на каква опасност се изложува човекот кога ќе му попушти на искушението да го љуби светот. {3С 477.3}

Согласувајќи се да биде искушан во оваа точка и победувајќи во наша корист, Христос се поистоветил со луѓето. Со ова Тој нè предупредува и ни го свртува вниманието токму на оние точки во кои сатаната најуспешно ги искушува и заведува луѓето. Знаел дека сатаната најлесно би го победил човекот во поглед на апетитот и љубовта кон богатството и славата на овој свет, доколку човекот не бил предупреден особено на тоа. Затоа Тој вели: „Не собирајте си богатство на земјата, каде што молецот и р 'гата расипуваат и каде што крадците потпкопуваат и крадат: туку собирајте си себеси богатство на небото, каде што ниту молецот ниту р 'гата не расипуваат и каде што крадците не поткопуваат и крадат. Зашто каде е вашето богатство, таму ќе биде и вашето срце". „Никој не може да служи на двајца господари; зашто или едниот ќе го мрази, а другиот ќе го љуби; или едниот ќе го сака, а за другиот нема да мари. Не можете да Му служите на Бога и на мамона". {3С 477.4}

Овде Христос ни прикажува двајца господари: Бога и овој свет и јасно го нагласува фактот дека е невозможно да се служи и на едниот и на другиот. Ако во нашите интереси преовладува љубов кон светот, тогаш нема да го цениме она што треба да го привлекува нашето внимание над сè друго. Љубовта кон светот ќе ја изгаси нашата љубов кон Бога и ние ќе ги подредиме своите вечни интереси на земските интереси. Така своите љубов, внимание и верност, наместо на Бога, ќе му ги подаруваме на овој свет. {3С 478.1}

Со своите дела ние најдобро покажуваме колку сме врзани за богатствата на овој свет. Најголема грижа, внимание и труд се подаруваат на земските интереси, додека вечните и неминливи вредности доаѓаат на второ место. Во ова сатаната успева да ги натера луѓето поданички да му се поклонуваат, што напразно се обидувал да го изнуди од Христа во пустината на искушението. Она што ја изопачува верата на таканаречените Христови следбеници и ги прави морално слаби е токму таа себична љубов кон светот. Колку повеќе ги посветуваат своите љубов и внимание на материјалните добра на овој свет, дотолку повеќе се одвојуваат од Бога и сè помалку учествуваат во божествената природа, која би им ги отворила очите за да ги увидат опасностите кои им се заканувааат од изопачувачкото влијание на овој свет. {3С 478.2}

Со своите искушенија, сатаната настојува да ни го прикаже овој свет многу привлечен. Со љубовта кон богатствата и почестите од страна на светот, тој ги воодушевува луѓето и ја придобива наклонетоста дури и на таканаречениот христијански свет. Многу таканаречени христијани се подготвени на секаква жртва за да стекнат богатство и колку е поголем нивниот успех во тоа, помала е нивната љубов кон драгоцената вистина и нивното залагање за напредок. Тие ја губат својата љубов кон Бога и се однесуваат како безумници. Колку повеќе успеваат во натрупување на богатство, сè повеќе се чувствуваат сиромашни, бидејќи постојано сакаат уште; тие исто така помалку ќе инвестираат во Божјото дело. {3С 478.3}

Делата на тие луѓе кои налудничаво трчаат по стекнување на богатство покажуваат дека навистина е невозможно да се служи на два господари - на Бога и на мамона. Парите се нивен бог. Тие поданички ја признаваат неговата власт и со сите стремежи во животот му служат на овој свет. Својата чест која е нивно „првенствено право", тие ја жртвуваат поради земска добивка. Таа владеачка сила ги контролира нивните умни сили и тие се подготвени во цел на личните интереси и натрупување на земско богатство да го престапуваат Божјиот закон. {3С 479.1}

Многумина кои тврдат дека веруваат во Христа не го сакаат и не го слушаат она што претставува основно начело на Неговото учење. Тие ги посветуваат своите најдобри сили на земските стремежи и му се поклонуваат на сатаната. Навистина е вознемирувачки фактот дека толку многу од нив дозволуваат да бидат измамени од сатаната кој ја распалува нивната фантазија со сјајните изгледи за земска добивка. Тие се залудуваат со фантазирање за совршена среќа ако успеат да дојдат до почестите и богатствата на овој свет. Сатаната ги искушува со примамлива мамка: „Сето ова ќе ти го дадам на тебе" - сета таа моќ, сето тоа богатство со кое ќе можеш да правиш многу добра. Меѓутоа, кога ќе ја остварат целта за која толку многу се мачеле, тие ја раскинуваат врската со Откупителот полн со самооткажување кое би можело да ги направи соучесници во божествената природа. Држејќи се цврсто до своето земско богатство, тие го презираат самооткажувањето и самопожртвувањето кое Христос го бара. Тие тешко се одвојуваат од своето земско богатство кое им прирасnало за срцето.

Тие ги промениле господарите; тие го избрале сатаната наместо Христа. Тој е нивен бог и тие нему му служат. {3С 479.2}

Сатаната добил сигурни поданици во тие измамени души, со помош на нивната љубов кон богатството. Оваа промена настапила незабележливо, а владеењето на сатаната е толку лажливо и лукаво, така што тие се прилагодиле на светот, а воопшто не забележуваат дека раскинале со Христа и дека веќе не се Негови слуги освен според името. {3С 479.3}

Во своето настојување да ги искуша и заведе луѓето, сатаната постапува уште повнимателно отколку што постапил со Христа во пустината на искушението бидејќи знае дека таму ја загубил битката и дека сега е победен противник. Тој на луѓето не им пристапува непосредно и не бара од нив отворено да му се поклонат. Тој од нив едноставно бара својата љубов да ја посветат на привлечностите на овој свет. Ако успее со својата понуда да ги обземе нивните мисли и чувства, тогаш небесните привлечности паѓаат во сенка. Сè што тој сака и бара од човекот е да падне под измамничката сила на неговите искушенија: да го љуби светот, честа и положбата, да биде сребролубец и своите чувства да ги врзе со земските богатства. Ако успее во тоа, постигнал сè што барал од Христа во пустината на искушението. {3С 480.1}

Христовиот пример ни покажува дека нашата единствена надеж во победата се наоѓа само во постојан отпор на сатанските напади. Тој кој толку триумфално го поразил непријателот на човечките души во пустината на искушението знае каква моќ има тој над припадниците на човечкиот род и го победил во наша корист. Како победник, Тој ни пружа предност да ги користиме заслугите на Неговата победа - и во своите напори да се спротивставиме на искушението да ја здружиме својата слабост со Неговата сила, својата недостојност со Неговите заслуги. И потпирајќи се на Неговата неминлива моќ во секое искушение, можеме да се спротивставиме во Негово семоќно име и да победиме како што победил Тој. {3С 480.2}

Со Своите неискажани страдања нашиот Спасител ја ставил можноста на спасение на дофат на секој од нас. На овој свет бил непризнат и презрен, за преку Своето чудесно понижување да го издигне човекот и да му овозможи враќање во небесната почест и бесмртната радост во Неговите царски дворови. Треба ли тогаш паднатиот човек да мрмори што спасението може да се стекне само со постојана болка, понижување и мачни напори? {3С 480.3}

Во горделивоста на своето срце многумина го поставуваат прашањето: Зошто морам да поминам низ процесот на понижување пред да ја стекнам сигурноста дека Бог ме прима и дека ќе добијам бесмртна награда? Зошто патот кон небото не е полесен, попријатен и попривлечен? Сите такви кои се сомневаат и мрморат ги упатуваме на Оној Кој во сè ни е вистински пример, Кој под товарот на сите можни страдања поради човековата вина ги издржал и најголемите маки на гладување. Тој бил безгрешен и повеќе од тоа, бил Син на Семоќниот, но поради човекот ги презел на Себе гревовите на човечкиот род. „Тој беше ранет за нашите престапи и мачен заради нашите беззаконија. Казната за нашиот мир падна врз Него а преку Неговите рани ние се исцеливме”. {3С 480.4}

Христос жртвувал сè за да му пружи можност на човекот да стекне спасение. Сега е ред на паднатиот човек да покаже што е подготвен да направи од своја страна поради Христа за да стекне бесмртна слава. Оние кои имаат правилна претстава за големината

на сè што е жртвувано за нашето спасение никогаш нема да мрморат што мораат да сеат со солзи и што борбите и самооткажувањето се составен дел од христијанскиот живот на овој свет. Условите за спасение се одредени од Бога. Во подготвеноста да се понизи и трпеливо да го носи својот крст, покајничкиот грешник секогаш наоѓа утеха, спокојство и мир. Самата мисла дека Исус во Своето понижување се согласил на жртва каква што од човекот нема да се бара, треба да го замолчи секое мрморење. Искреното каење пред Бога поради кршењето на Неговиот закон и верата во Христа како свој Откупител и Застапник пред Бога, му донесуваат на покајничкиот грешник најслатка радост во животот. {3С 481.1}

Луѓето многу се мачат себеси да си го осигураат богатството на овој свет. Подготвени на тешки напори, немаштија и лишувања за да стекнат некои земски предности. Зошто грешникот да биде помалку подготвен да поднесува, страда и да се жртвува, за себеси да си осигура нераспадливо богатство, живот кој според траењето може да се спореди со Божјиот живот, венец на бесмртна слава кој никогаш нема да овене? Непроценливото богатство на небото, наследството кое надминува сè што човекот може да посака и кое претставува вечна и од сè попретежна слава, мораме да ги стекнеме без оглед на цената. Да не мрмориме против самооткажувањето кое се бара од нас, бидејќи Господ минал пред нас низ тоа. Да не ги одбегнуваме страдањата и лишувањата, бидејќи и Христос - Величеството на небото - сето тоа го прифатил поради грешникот. Жртвувањето на личната удобност и комфорот не би требало да предизвика ниту еден збор на незадоволство, бидејќи и Откупителот на светот го поднел сето тоа поради нас. И кога најскапо ќе ги процениме сите свои лишувања, самооткажувања и жртви, сето тоа нè чини многу помалку отколку што го чинело Кнезот на животот. Секоја жртва која ние можеме да ја поднесеме изгледа безначајна кога ќе се спореди со она што Христос го поднел поради нас. {3С 481.2}

42. ПРЕЧЕКОРУВАЊЕ НА ДОЗВОЛЕНОТО

Има поединци кои својата склоност на лесноумност и непромислени чекори ги нарекуваат храброст и јунаштво. Тие непотребно се изложуваат на опасност и паѓаат во искушенија од кои само Бог со некое чудо би можел да ги изведе неповредени и неосквернати. Кога сатаната, искушувајќи го Спасителот на светот, побарал од Него да скокне од врвот на црквата, Тој тоа најодлучно го одбил. Сатаната цитирал едно од Божјите ветувања, сугерирајќи му на Христа слободно да скокне, бидејќи го штити сигурноста на тоа ветување. Ваквото искушение Христос подготвено го дочекал со одговорот од Светите Списи: „Пишано е: не го искушувај својот Господ Бог”. Единствен сигурен начин за христијанинот е да му се спротивстави на непријателот со Божјата реч. Сатаната ги наведува луѓето да одат таму каде што Бог не ги испраќа, а тие свои сугестии вешто ги поткрепува со цитати од Светите Списи. {3С 482.1}

Драгоцените Божји ветувања не се дадени за да го храбрат човекот во пречекорување на дозволеното ниту тој да се повикува на нив кога без потреба се изложува на некоја опасност. Господ од нас очекува во својот живот понизно да се потпреме на Неговото провидение. „Патот на човекот не е во неговата власт ниту пак на човекот кој оди во власта да управува со своите чекори”. Секоја напредок кој ќе го остваримe во својот живот и самиот наш живот е во Божји раце. Ништо не можеме да

постигнеме без Божја дозвола и без Негов благослов. Тој со Својата рака може да ни подари успех во животот и благослов, а може и да ја подигне Својата рака против нас. „Предај му го својот пат на Господа и надевај се во Него, и Тој ќе те води". Од нас како Божји деца се бара да сочуваме цврст и доследен христијански карактер. Секогаш треба да бидеме разумни и понизни и внимателно да постапуваме со оние на кои тие доблести им недостигаат. Сепак, во никој случај не смееме да ги жртвуваме начелата. {3С 482.2}

Сигурни можеме да бидеме ако никако не му дадеме место на ѓаволот, бидејќи неговите настојувања секогаш се насочени кон тоа да ја загрози нашата вера и да нè одврати од Бога. Тој се претвора во ангел на светлината и чистотата за преку специфичните и многу заводливи искушенија да ги спроведе своите намери на таков начин што ние не го забележуваме неговото лукавство. Колку повеќе му попуштаме, тој е сè поупорен да ни ги наметне своите измами. Да се впуштаме со него во расправи и преговори е многу опасно, бидејќи секоја направена постапка му пружа можност на непријателот да бара повеќе. Наша единствена сигурност е одлучно да го одбиеме веќе и првиот чекор во дрското пречекорување на дозволеното. Во Својата милост, Бог, благодарение на Христовите заслуги, ни дава доволно сила да се спротивставиме на сатаната и да бидеме повеќе од победници. Спротивставувањето е успех. „Спротивставувајте му се на ѓаволот и ќе побегне од вас". Во спротивставувањето на злото мораме да бидеме одлучни и непоколебливи. Ако денес се спротивставуваме, а веќе утре попуштиме, ќе загубиме сè што сме стекнале. {3С 482.3}

Гревот на овој век е непочитување на дадените Божји заповеди. Моќта на погрешно насоченото влијание е многу голема. Ева имала сè што можела да посака. Не ѝ недостигало ништо за да биде среќна, но незаузданиот апетит барал плод токму од она единствено забрането дрво. Таа не чувствувала никаква потреба за плодовите од забранетото дрво, но дозволила апетитот и љубопитноста да завладеат со нејзиниот разум. Во својата рајска градина, во друштво на својот сопруг, таа можела да биде совршено среќна; но таа, како и многу други современи Еви, се занесувала со мислата дека постои повисока сфера од онаа која за неа била од Бога одредена. Меѓутоа, во обидот да се издигне над својата првобитна положба, паднала многу подлабоко. Тоа неминовно се случува и со Евите на сегашните генерации кога ќе ги занемарат своите секојдневни од Бога одредени должности. {3С 483.1}

Жените имаат должности кои според своето значење се повозвишени од должностите на владетелот на престолот. Тие можат да го обликуваат карактерот на своите синови и ќерки, така што тие можат да бидат не само корисни членови на човечкото друштво туку и да станат Божји деца. Тие треба да го сметаат своето време премногу драгоцено за да го поминуваат во забави и игранки или во некоја непотребна работа. На овој свет полн со потреби и страдања премногу има неопходна и важна работа, за да го трошиме своето драгоцено време на украсување и раскош. Ќерките на небесниот Цар, како членови на Неговото царско семејство, ќе сметаат дека е нивна должност да се издигнат на повисоко духовно ниво, за во поблиска поврзаност со небото да можат да соработуваат со Откупителот на светот. Оние жени кои со сето свое срце ќе се посветат на ова дело нема да наоѓаат задоволство во модата и лудостите на суетата кои ги обземаат мислите и срцето на современите жени во овие последни денови. Ако навистина се Божји ќерки, тие ќе имаат „дел во божествената природа". Исто како и нивниот божествен Откупител, и тие се трогнати од најдлабоко сожалување

кога гледаат до која мера владее изопачувачкото влијание во човечкото општество. Поттикнати од Христовата љубов, тие во својот делокруг и во склад со своите можности работат на спасување на душите, како што правел и Христос во сферата на своето возвишено влијание. {3C 483.2}

Занемарувајќи ја својата од Бога одредена улога уште при создавањето и борејќи се за некои истакнати положби во општеството за која не е предодредена, жената го остава празно своето вистинско место во животот кое според Божјиот план ѝ припаѓа. Излегувајќи од Бога одредениот делокруг на својата работа, таа го губи своето вистинско женско достоинство и својата благородност. Кога Бог ја создал Ева, Негова намера била таа да не биде пониска ниту повисока од мажот туку во сè да биде еднаква со него. Во интересите на овој свет пар немало никаква меѓусебна независност, додека во мислењето и постапките и едниот и другиот имале своја индивидуалност. Меѓутоа, по падот во грев, бидејќи Ева прва ја престапила дадената заповед, Господ ѝ рекол: „Твојата волја ќе биде под власт на мажот и тој ќе ти биде господар". Таа морала да биде потчинета на својот сопруг и тоа бил дел од искажаното проклетство. Во многу случаи ова проклетство ја правело многу тешка судбината на жената, а нејзиниот живот бил вистински товар. Својата од Бога дадена супериорност мажот ја злоупотребува во многу нешта и тирански ја манифестира својата моќ над жената. Но во Својата бескрајна мудрост, Бог, со планот на спасение му дал на човечкиот род уште едно време на милост и проверка. {3C 484.1}

Сатаната ги користи луѓето како свои агенти за да ги наведе на пречекорување на дозволеното и оние кои Го љубат Бога; тоа посебно е случај со оние кои се заведени од спиритизмот. Спиритистите воопшто не го сметаат Христа за Божји Син и со тоа свое неверство наведуваат многумина на гревот на пречекорување на дозволеното. Тие се сметаат и за повисоки од Христа, како што го правел тоа и сатаната кога се расправал со Кнезот на животот. Спиритистите, чии души се обземени од гревовите со одвратен карактер и чија совест е жигосана со тоа, се осмелуваат дрско да го земаат во своите усни името на безгрешниот Божји Син и Неговото име, кое е повозвишено од секое име, богохулно да го изедначуваат со ништожноста на својата осквернета природа. {3C 484.2}

Луѓето кои ги прифаќаат и изнесуваат овие ереси, дрско ќе се обидуваат да ги вовлечат оние кои ја проповедаат Божјата реч во јавни расправи за тоа и некои од оние кои ја учат вистината немаат секогаш храброст да се спротивстават на предизвиците на таквите чиј карактер е потполно изобличен во Божјата реч. Некои од нашите проповедници немаат морална храброст на таквите отворено да им кажат: „Во Својата реч Бог нè предупредува да се чуваме од таквите како што сте вие, и ни пружа верен опис на вашиот карактер и ересите кои ги застапувате". Некои пак од нашите проповедници за да не им дадат прилика на ваквите да ликуваат, обвинувајќи ги за кукавичлук - се впуштаат со нив во јавни расправи. Меѓутоа, во расправањето со спиритистите тие се судираат не само со луѓето туку и со сатаната и со неговите ангели. На тој начин тие комуницираат со силите на темнината и со тоа ги охрабруваат злите ангели кои ги опкружуваат. {3C 485.1}

Спиритистите сакаат својот ерес што повеќе јавно да го разгласат, а проповедниците кои ја бранат библиската вистина, впуштајќи се со нив во судири и расправи, им помагаат во тоа. Тие вешто ја користат приликата која им се пружа на тој начин да ги изнесат своите ереси пред народот и во секоја расправа со нив некој може да биде заведен. Затоа за нас е најдобро да одбегнуваме такви средби. {3C 485.2}

ж

43. МОЌТА НА АПЕТИТОТ

Едно од најсилните искушенија со кое човекот мора да се соочи и постојано да се бори е попуштање на апетитот. Помеѓу духот и телото постои таинствена и чудесна поврзаност - неминовно влијание едно на друго. Да се одржува телото во толку здрава состојба што секој дел од животната машинерија ќе функционира потполно ускладено со останатите органи - би требало да биде прва задача во својот живот. Да се занемари телото значи да се занемари и духот. Болесното тело и рудиментираниот ум не можат да служат на слава на Бога. Да се попушта на штета на здравјето е најлоша злоупотреба на своите сетила. Оние кои се оддаваат на неумереноста во јадењето и пиењето или во било кој поглед, ги исцрпуваат своите физички енергии, а со самото тоа ја губат и моралната сила; тие ќе мораат да сносат неминовни последици од секој престап на природните закони. {3С 485.3}

Откупителот на светот знаел дека попуштањето на апетитот ги поткопува физичките сили и ја затапува моќта на поимање, така што жртвите веќе не се во состојба да ги сфатат светите и вечни вистини. Знаел дека светот сè повеќе ќе се оддава на неумереност и дека таквото попуштање потполно ќе ги изопачи моралните сили. Кога попуштањето на апетитот во човечкиот род веќе толку било силно, така што Божјиот Син морал да пости речиси шест седмици - за да ја скрши моќта на апетитот во корист на човекот - каков труд треба да му претстојува на христијанинот за да може да победи како што победил Христос! Силата на искушението да му попуштиме на изопачениот апетит може да се процени само според неискажаните маки на гладување кои Христос морал да ги поднесе во текот на Својот долг пост во пустината. {3С 486.1}

За да можел планот на спасение успешно да се оствари, Христос знаел дека делото на спасување мора да започне таму каде што првиот човекот паднал. Адам паднал поради попуштање на апетитот. За да ја втисне обврската на послушност на Божјиот закон во човечкиот ум, Христос го започнал Своето дело на спасување со реформа на човековите животни навики. Опаѓањето на моралот и дегенарацијата на човечкиот род најчесто се резултат на попуштањето на изопачениот апетит. {3С 486.2}

Сериозна и света должност на сите, особено на проповедниците кои ја проповедаат вистината е да ги победат страстите и апетитот. Нивната корисност и нивните умни и морални сили ќе бидат значително поголеми ако имаат контрола над својот апетит и страсти и ако со своите умни напори ја комбинираат и физичката работа. Држејќи се строго за навиките на умереност и комбинирајќи го со умните напори и физичкото движење, тие во својата работа би постигнале значително поголем успех и би ја сочувале бистрината на умот. Кога трајно би продолжиле да се држат до тоа, нивните мисли и зборови би течеле послободно; во своите духовни активности тие би биле значително поживи и нивното влијание на слушателите би било посилно. {3С 486.3}

Неумереноста во јадењето, дури и кога јадеме здрава храна, неповолно влијае на целиот организам и ги затапува најдлабоките и најсвети чувства. Строгата умереност во животните навики, комбинирањето на физичкото движење со умните напори, ќе ги сочува и умните и физичките енергии и ќе им даде сила на издржливост не само на проповедниците туку и на сите кои се занимаваат со умна и издавачка дејност и кои своите работи главно ги извршуваат седејќи. Како народ кој толку ја истакнува

здравствената реформа, ние сè уште премногу јадеме. Попуштањето на апетитот е најголема причина за физичката и умствена истоштеност и се наоѓа во основа на изнемоштеноста која секаде се забележува. {3C 487.1}

Неумереноста започнува со употреба на нездрава храна на нашата трпеза. Така продолжувајќи со постојано попуштање во тој поглед, органите за варење по извесно време заслабуваат и храната веќе не го задоволува апетитот. Така создадената нездрава состојба во желудникот предизвикува силна желба за посилна, надразнувачка храна. Чајот, кафето и месото создаваат впечаток на моментално подобрување. Под влијание на овие отрови, нервниот систем се придвижува и во некои случаи, привремено изгледа како умот да е закрепнат, а фантазијата пожива. Овие надразнувачки средства моментално делуваат пријатно и поттикнувачки, па многумина заклучуваат дека тие навистина им се потребни и продолжуваат со употреба на истите. Меѓутоа, секогаш се јавува и реакција. Нервниот систем, насилно поттикнат, позајмува сила за моментална употреба од своите идни извори на сила. По ова привремено освежување на организмот настапува депресија. Во ист сооднос во кој овие надразнувачки средства привремено го освежуваат телото, доаѓа до опаѓање на моќта на надразнетите органи, кога надразнувачкото средство ќе ја изгуби својата сила. Апетитот се навикнува секогаш да бара нешто посилно со желба да го одржи и зголеми ова пријатно чувство, сè додека попуштањето не премине во навика која се одразува во постојана желба за сè посилни стимуланси, како што се: тутунот, виното и жестоките пијалаци. Доколку повеќе му се попушта на апетитот, дотолку се почести неговите барања и дотолку е потешко да се зауздаат. Доколку организмот стане послаб и помалку способен да живее без тие неприродни стимуланси, желбата за нив сè повеќе се зголемува, сè додека волјата не заслаби и се создаде впечаток дека веќе нема сила со која би можеле да се отфрлат неприродно силните желби за ова попуштање. {3C 487.2}

Што се однесува до чајот, кафето, виното, тутунот, опиумот и алкохолните пијалаци, најсигурен пат е: не земај, не вкусувај, не допирај. Луѓето на денешната генерација имаат двојно поголема потреба отколку оние од претходните генерации, во борбата против сатанските искушенија, во спротивставување и на најмалото попуштање на изопачениот апетит да ја повикаат на помош сета сила на волјата, зајакната со Божјата благодат. Но луѓето од денешната генерација имаат многу помала сила да владеат со себеси отколку оние кои живееле порано. Оние кои попуштаат на апетитот и желбата за надразнувачки средства ги пренесуваат своите лоши навики и страсти и на своите деца, и затоа денес е потребна многу поголема морална сила за луѓето да се спротивстават на неумереноста во секој поглед. Единствен сигурен пат е цврсто да се држиме за умереноста, не ризикувајќи ниту најмало застранување. {3C 488.1}

Причината поради која Христос издржал толку долг пост во пустината била во тоа да нè поучи на неопходноста од самооткажување и умереност. Строгото придржување до умереноста треба да започне на трпезата и до тој принцип треба строго да се држиме во сите животни прилики. Откупителот на светот се симнал од небото за со личен пример да му подари на човекот во својата слабост сила во стекнување на победа со која и тој ќе може да го победи апетитот и страстите и во сè да биде победник. {3C 488.2}

Многу родители, попуштајќи им на склоностите на своите деца да јадат месна храна и да пијат чај и кафе, со тоа го обликуваат нивниот вкус и нивниот иден карактер. Силно зачинетата месна храна, чајот и кафето на кои мајките често ги поттикнуваат своите деца, го подготвуваат патот и во нив создаваат желба за посилни стимуланси, како што

е тутунот. Употребата на тутун поттикнува желба за жестоки пијалаци, а употребата на тутун и алкохолни пијалаци неминовно ја слабее силата на нервите. {3C 488.3}

Кога би се пробудила моралната чувствителност на христијаните во поглед на умереноста во сè, тие со својот пример, почнувајќи од својата трпеза, би можеле да им помогнат на слабите во владеење над самите себе и на оние кои се потполно немоќни да се спротивстават на силните желби на апетитот. Кога би можеле да сфатиме дека навиките кои ги создаваме во овој живот влијаат на вечните интереси, дека нашата вечна судбина зависи од привикнувањето на строга умереност, повеќе би се труделе да бидеме строго умерени во јадењето и пиењето. Со својот пример и со лични напори би можеле да станеме средство за спасување на многу души од понижувањето, неумереноста, порокот и смртта. Нашите сестри можат многу да придонесат за големото дело на спасување на другите, со тоа што на својата трпеза ќе изнесуваат само здрава храна со голема хранлива вредност. Тие би можеле најдобро да го искористат своето драгоцено време во формирање на вкусот и апетитот на своите деца, во создавање на навики на умереност во сè и во поттикнување на самооткажување и пожртвуваност за добро на другите. {3C 489.1}

Наспроти примерот кој ни го дал Христос во пустината на искушението, победувајќи го апетитот и неговата сила, многу христијански мајки со својот пример и воспитување ги подготвуваат своите деца да станат алчни и пијаници. На децата често им се дозволува да јадат што сакаат и кога сакаат, без никаков оглед на здравјето. Многу деца од најрано детство се воспитуваат да станат алчни. Попуштајќи му на апетитот, таквите уште како деца заболуваат од лошо варење. Угодувањето на себе и неумереноста во јадењето расте заедно со нивната возраст и зајакнува со нивната сила. Со родителско попуштање се жртвува и умната и физичката сила. Така се формира посебен вкус кон поедини артикли од кои нема никаква корист туку само штета; организмот е преоптоварен, а отпорноста слабее. {3C 489.2}

Проповедниците, учителите и учениците не ја сфаќаат во целост неопходноста од физичко движење на свеж воздух. Тие ја занемаруваат оваа толку важна должност за чување и одржување на здравјето. Тие се сосредоточени само на книгите, а се хранат како да работат физичка работа. Поради таквите нездрави навики некои од нив почнуваат да се дебелеат, бидејќи организмот постојано им е преоптоварен. Други пак се слаби, бидејќи животните сили им се исцрпуваат во настојувањето на организмот да се ослободи од премногу внесената храна. Црниот дроб, преоптоварен од таквата злоупотреба, не е во состојба да ја исфрли наталожената нечистотија од крвта и така настанува болест. Кога со умните напори би се комбинирала и физичката работа, би дошло до пожива циркулација на крвта, работата на срцето би била подобра, нечистите состојки би биле исфрлени од организмот и секој дел од телото би добил нов живот и нова сила. {3C 489.3}

Бидејќи нашите проповедници, учители и студенти со постојано учење и проучување ги напрегаат само своите умни сили, додека телото останува неактивно, нивните нерви за емоции се преоптоварени, додека нервите за движење на мускулите остануваат потполно неактивни. Умните сили се преоптоваруваат и слабеат, додека мускулите ја губат силата поради неактивност. Многумина не се ниту малку склони да ги развиваат своите мускули со физичка работа, бидејќи сметаат дека таквата работа е многу тешка и заморна. {3C 490.1}

Христовите проповедници, сметајќи се за Негови претставници, треба да го следат Неговиот пример во сè, а најмногу треба да се навикнуваат на строга примена на умереност. Тие треба да го предочуваат Христовиот живот и пример со својот живот на самооткажување, самопожртвуваност и активно добродетелство. Христос го победил апетитот во корист на човекот: и затоа токму во тој поглед треба да им пружаат на другите достоен пример. Оние кои не увидуваат дека победата над апетитот е толку важна, нема да ја извојуваат драгоцената победа која би можеле да ја извојуваат и ќе продолжат да му робуваат на апетитот и телесните желби, со што жителите на овој свет ја полнат чашата на своето беззаконие. {3С 490.2}

Луѓето кои професионално се занимаваат со објавување на последната порака и опомена на светот, порака која ја одлучува судбината на душите, должни се практично да ги применуваат во својот живот вистините кои им ги проповедаат на другите. Тие треба да му бидат на народот пример во јадењето, пиењето и во искреноста во своите разговори и однесување. Алчноста, попуштањето на ниските страсти и тешките гревови се сокриваат под наметката на побожноста кај многумина кои тврдат дека се Христови претставници ширум светот. Има луѓе кои се многу надарени со исклучителни природни способности, а кои со својата работа не постигнуваат ниту половина од она што би можеле да го постигнат кога во сè би биле умерени. Попуштањето на апетитот и страстите го замрачува умот, ја намалува телесната сила и ја слабее моралната моќ. Нивните мисли не се јасни. Нивните зборови не се проследени и оживеани со силата на Светиот Дух и затоа не допираат до срцата на слушателите. {3С 490.3}

Бидејќи нашите прародители со попуштање на апетитот го загубиле Едем, наша единствена надеж повторно да се вратиме таму е токму во тоа цврсто да се спротивставиме на било какво попуштање на апетитот и страстите. Умереноста во јадењето и владеењето со своите страсти, ќе го сочува умот и ќе даде умна и морална сила, оспособувајќи ги луѓето сите свои склоности да ги стават под контрола на повисоките сили и да ја воочат разликата помеѓу доброто и злото, на која се одлучил Христос, оставајќи го својот небесен дом и симнувајќи се на овој свет, за со Својот живот да му покаже на човекот како треба да се спротивстави на искушението, со задоволство ќе се откажат од себе и ќе одлучат да бидат соучесници со Христа во Неговите страдања. {3С 491.1}

Почетокот на мудроста е страв од Господа. Оние кои победуваат како што победил Христос треба постојано да се чуваат од сатанските искушенија. Апетитот и страстите мораат постојано да се зауздуваат и да се држат под контрола на расветлената совест, за умот да остане непоматен, моќта на разликување јасна и сатанското делување и неговите стапици да не ги толкуваат како Божјо провидение. Многумина ја сакаат конечната награда и победа која им припаѓа на победниците, но не се подготвени да поднесуваат мачни напори, лишувања и самооткажувања, на кои секогаш бил подготвен нашиот Откупител. Единствено со послушност и постојани напори можеме да победиме како што победил Христос. {3С 491.2}

Владеачката моќ на апетитот ќе ја запечати пропаста на илјадници кои - доколку победеа во тоа - можеа да имаат морални сили да стекнат победа над секое друго искушение. Меѓутоа, оние кои му робуваат на апетитот мораат да успеат во своите напори да го усовршат христијанскиот карактер. Човековите постојани престапи во текот на шест илјади години не престануваат да му донесуваат болест, страдање и смрт како свои неминовни последици. И колку повеќе се приближуваме кон крајот, сатанските

искушенија во поглед на попуштање на апетитот ќе бидат сè посилни и ќе ни биде сè потешко да ги победиме. {3С 491.3}

44. ВОДСТВО ВО ЦРКВАТА

Брате А, искуствата кои ги стекна во поглед на водството во црквата пред две години беа за твое добро и се многу важни за тебе. Премногу полагаш на личната независност и правото да се раководиш според сопственото расудување. Ти екстремно инсистираш на својот став во тој поглед. Сметаш дека сам мораш лично да се осведочиш за она што ти е должност. {3С 492.1}

Покажано ми е дека ниту еден човек не треба да го подредува своето расудување на расудувањето на било кој друг човек. Но кога Генералната Конференција, која претставува најголем Божји признат авторитет на Земјата, ќе го искаже својот суд за нешто, тогаш не смее и понатаму независно да се истакнува личното мислење туку мораме да се потчиниме. Ти грешиш во тоа што упорно продолжуваш да го истакнуваш личното мислење за својата должност наспроти гласот на највисокиот авторитет кој Господ го има на Земјата. Ти дојде во Батл Крик на повторно упатениот повик на Генералната Конференција, бидејќи претходно го одложуваше своето доаѓање и со тоа одлагање многу го попречуваше напредокот на делото. Цврсто остана при тоа дека правилно си постапил раководејќи се според личното осведочување. Ти сметаш дека е доблест да се остане упорен во својата независност. Очевидно немаш вистинска претстава за власта која Господ ѝ ја доверил на Својата црква во гласот на Генералната Конференција. Мислеше дека да одговориш на повикот на Генералната Конференција значи да се потчиниш на судот и мислењето на еден човек. За да останеш доследен на себе, манифестираше дух на независност и самоволја, што е многу погрешно. {3С 492.2}

Во тоа време Бог ти даде драгоцено искуство кое се покажа многу значајно за тебе лично и во многу нешта го зголеми твојот успех во својство на Христов проповедник. Твојата склоност кон горделивост и непопустливост е совладана. Доживеа вистинско обратување. Така си наведен да го преиспиташ својот став кон водството во црквата. Исправни се твоите начела во поглед на водството, но ти погрешно ги применуваше. Ако власта која ја има црквата во гласот на Генералната Конференција не ја припишуваше на мојот сопруг, во твојот став не би имало никаква грешка. Но твојата голема заблуда е во тоа што на умот и расудувањето на еден човек му придаваше авторитет и влијание кое е од Бога одредено за црквата во судот и гласот на Генералната Конференција. {3С 493.1}

Кога власта која е од Бога дадена на црквата би му се доверила на еден човек и кога би му се дозволило да донесува суд за другите, тоа би било спротивно на Божјото уредување. На таквиот човек сатаната често и со успех би му подметнал најлукави измами со надеж дека преку него ќе успее да измами и други. Твојот став во поглед на водството ќе биде исправен ако значењето кое го придаваше на еден човек го придадеш на највисокиот авторитет во организацијата на црквата. Божја намера никогаш не била делото да носи печат на еден човек и на неговото човечко расудување. {3С 493.2}

Главна причина што на браќата Б и Ц денес им недостига искуство кое можеле да го имаат е во тоа што не се доволно одважни. Тие одбегнуваат одговорности, плашејќи се

да не се обелоденат нивните недостатоци. Премногу инсистираат дека мојот сопруг предводи во сè и ги презема на себе сите одговорности, препуштајќи тој да мисли и одлучува за нив. Се покажуваат слаби во она во што би требало да бидат силни. Не се осмелуваат да постапат според сопственото расудување, за да не прават грешки и поради тоа да бидат осудени, додека подготвено чекаат одговорноста за сето тоа што го сметаат погрешно да ја префрлат на мојот сопруг. Не се подготвени заедно со него да понесат товари. Постојано се повикуваат на мојот сопруг, принудувајќи го да ги сноси одговорностите кои би морале да ги поделат со него. Така конечно стануваат навистина слаби во она во што би можеле и би морале да бидат силни. Ним навистина им недостига морална сила, додека би можеле да бидат вистински џинови, оспособени да стојат како столбови во Божјото дело. {3С 493.3}

На овие браќа им недостига одважност и доверба дека Бог навистина ќе ги води ако продолжат да ја следат светлината која им ја дал. Божја намера никогаш не била силните, самостојни и умно развиени луѓе постојано да зависат од поддршката на другите, припивајќи се до нив како бршленот околу дабовото дрво. Сите тешкотии, препреки, неволји и разочарувања со кои се сретнуваат Божјите луѓе во својата работа треба само да ги зацврснат во изградба на христијанскиот карактер. Препреките на кои наидуваат, принудувајќи ги да ги користат сите умни способности, претставуваат вистински благослов. Тие на тој начин ги зајакнуваат духовните и умните мускули, така што можат да ги употребат со најголем успех во важните моменти. Учат да не зависат од други и врз основа на личното искуство доаѓаат до осведочување дека Бог навистина ги води и упатува. И кога ќе се најдат во опасност и агонија на душата тие се принудени да размислуваат и да ја сфатат неопходноста од молитвата, а со своите напори разумно и успешно да се залагаат за напредок на делото. Тогаш увидуваат дека судирите и тешкотиите само ја поттикнуваат вистинската вера, довербата во Бога и онаа одлучност од која се развива силата. Постојано се појавува потреба да пронаоѓаме нови патишта и начини како да ги совладаме пречките. Се будат способностите кои би останале заспани кога би немало вакви пречки. Во Божјото дело се стекнуваат различни искуства и тука не можат да бидат употребени оние кои имаат само една идеја и кои во својот христијански развој остануваат на половина пат. {3С 494.1}

Силни во ова дело стануваат оние луѓе кои Бог може да ги употреби на Своја слава, кои и покрај најсилните спротивставувања и сите можни пречки и препреки одат напред. Браќата Б и Ц можеа да ги претворат своите пропусти и неуспеси во значајни победи; но наместо тоа, тие ја одбегнуваат секоја одговорност во која би можеле да згрешат. Тие ценети браќа пропуштаат да стекнат воспитување кое се стекнува со лично искуство и кои нема да ги најдат во читањето и проучувањето ниту во било која друга предност. {3С 494.2}

Ти, брате А, беше во состојба да прифатиш некои одговорности. Бог ги прифати твоите енергични напори и ја благослови твојата работа. Направи извесни грешки, но не смееше поради неколку неуспеси да стекнеш погрешно мислење за своите способности ниту да ја загубиш силата која можеше да ја добиеш од Бога. Ти не беше подготвен да прифатиш одредени одговорности, бидејќи по својата природа си склон на тоа. Избра полесна должност, одлучувајќи да се занимаваш со пишување и со прашања кои не се од животно значење. Твоја грешка е што се потпираш на мојот сопруг, очекувајќи тој секогаш да ти каже што треба да правиш. Тоа Бог не му го даде како задача на мојот сопруг. Прифаќајќи ги должностите кои ги сметаш непријатни, сам мораш да одлучиш

што треба да работиш. Бог ќе ти го подари Својот благослов во тоа. Товарот на одговорност во врска со Божјото дело мораш да го носиш според своето најдобро знаење и можности. Но мораш да внимаваш мислењата на другите да не влијаат на твојот суд. Ако стане очевидно дека си згрешил, имаш можности своите грешки да ги претвориш во победи со тоа што ќе знаеш да ги одбегнуваш во иднина. Ако постојано други мораат да ти кажуваат што треба да работиш, никогаш нема да стекнеш неопходно искуство за секоја позначајна положба. {3С 495.1}

Ова се однесува на сите кои заземаат одговорни положби во разни гранки на делото во Батл Крик. Ним не треба да им се ласка, бидејќи со тоа би им се помогнало да се оспособат за важни и одговорни положби. Токму препреките ги прават луѓето силни. Моралната одважност на луѓето се стекнува не кога ќе им се помага во сè туку кога се изложени на тешкотии, судири и отфрлање. Желбата за полесен живот и одбегнувањето на личната одговорност ги претворат во џуџиња оние кои би можеле да прифатат одговорности, да имаат морална сила и силни духовни мускули. {3С 495.2}

Луѓето кои во секое изненадување би морале да бидат толку верни на делото како што магнетната игла се врти околу полот, стануваат неефикасни затоа што главна цел им е да се заштитат од било каков укор или осуда и што одбегнуваат одговорности, стравувајќи од неуспех. Луѓето со џиновски ум, кога е во прашање дисциплина, се однесуваат како деца и се вистински кукавици кога треба на себе да го преземат товарот на одговорности. Ним не им е важно да бидат најуспешни. Премногу долго очекувале еден човек да планира и да осмислува сè што тие треба да преземат во интерес на делото, додека сето тоа можеле и сами да го направат. Недостатоци на интелектуален план се сретнуваат на секој чекор. Луѓето кои се задоволуваат други да планираат и да мислат за нив не се потполно развиени личности. Кога планираат нешто за себе, се однесуваат поинаку; тука речиси во целост се губат тие нивни способности. Тука се задоволуваат да важат како ненадлежни и неделотворни, како други да мораат да планираат и да мислат за нив. Некои луѓе однадвор делуваат така како потполно да се неспособни сами да го расчистат патот. Зар секогаш мораат да се потпираат на други, па тие да планираат и да мислат за нив, да бидат нивен ум и нивно расудување? Бог се срами од таквите војници. Нему не Му причинува чест тие да имаат било какво учество во Неговото дело сè додека се само обични машини во раце на другите. На делото му се потребни самостојни, ревни и истрајни луѓе, а не оние кои можат произволно да се обликуваат како тесто. Оние кои очекуваат работата да им се дава потполно подготвена, да работат само одредено време за утврдена плата и тоа точно одредени работи кои им одговараат, без никакви напори да се прилагодуваат или нешто да учат, не се луѓе кои Бог ги повикува да работат во Неговото дело. {3С 495.3}

Човекот кој не е во состојба своите деловни способности да ги прилагоди за речиси секое работно место каде што ќе затреба, не е човек за ова време. Луѓето кои Бог сака да ги поврзе со Своето дело не се млади без ’рбетници, без мускули и морална сила на карактерот. Само со постојана и истрајна работа луѓето можат да се дисциплинираат и оспособат за одредена улога во Божјото дело. Таквите луѓе не смеат да губат храброст ниту кога приликите и опкружението им се најнеповолни. Тие не смеат да се откажат од својата цел, како сè да е загубено, сè додека потполно не се осведочат дека навистина ништо не можат да направат за слава на Божјото име и за доброто на своите ближни. {3С 496.1}

Има луѓе кои си ласкаат себеси дека би можеле да направат нешто големо и добро само кога околностите би биле поинакви, а не ги користат можностите кои веќе ги имаат да работат тука каде што се затекнати со Божјото провидение. Човекот може да создава свои околности, но никогаш не би требало околностите да го создаваат човекот. Човекот треба да господари со околностите и кога тие се погодни, да ги искористи во својата работа, но никогаш не смее да дозволи околностите да господарат со него. Личната самостојност и потполната одважност - тоа се особини кои сега се неопходни. Индивидуалноста во својот карактер не треба да се жртвува туку треба да се коригира, облагороди и издигне. {3С 496.2}

Според она што ми е покажано, должност на мојот сопруг е од себе да ја симне одговорноста која други со задоволство му ја препуштаат, бидејќи на тој начин се поштедени од многу тешкотии. Подготвеноста на мојот сопруг јасно да ја воочи разликата и правилно да расудува - особини кои ги стекна со трудољубиво проучување и долгогодишна пракса во работата - го наведуваат да преземе на своите рамена многу товари кои други треба да ги носат. {3С 497.1}

Брате А, ти си премногу бавен. Треба да негуваш во себе спротивни особини. На Божјото дело му се потребни луѓе кои брзо воочуваат и најенергично делуваат во вистинскиот момент. Ако чекаш додека ја одмериш секоја тешкотија и ја процениш секоја неизвесност на која можеш да наидеш, тогаш ќе постигнеш многу малку. На препреки и тешкотии ќе наидуваш на секој чекор и ако не останеш цврст во одлуката да ги победиш, тие ќе те победат тебе. {3С 497.2}

Се случува понекогаш различните патишта и намери, различниот начин на работа во Божјото дело да имаат еднакви изгледи за успех. Токму во таквите случаи неопходно е најостроумно разликување. Ако се сака нешто да се постигне, неопходно е да се искористи најсоодветниот момент. И најмалото придвижување на стрелката на вагата за мерење мора да се забележи и мора да се донесе одлука без никакво одложување. Одолговлекувањата ги замараат ангелите кои тоа будно го следат. Понекогаш донесувањето на погрешна одлука е помало зло отколку постојаното колебање, ту на една, ту на друга страна. Таквото колебање, несигурност и сомневање понекогаш донесуваат поголема забуна и неволја отколку претераното брзање. {3С 497.3}

Покажано ми е дека најзначајните победи и најстрашните порази зависеле од моменталната одлука на учесникот. Бог бара неодложно делување. Со одложување, сомневање, колебање и неодлучност често му ги даваме сите предности на непријателот. Брате мој, тебе ти е неопходна реформа. Со благовремено и одлучно делување можеме многу да направиме во корист на вистината и на Божјото дело. Можноста за победа често се пропушта токму поради одложување. Во делото ќе доаѓа до кризи. Но со подготвеноста на одговор и со одлучното делување во вистински момент можат да се извојуваат славни победи, додека одлагањето и немарноста имаат како последица само неуспех и му нанесуваат срам на Бога. Брзите движења во одлучувачкиот момент често го разоружуваат непријателот и тој е разочаран и победен, бидејќи му е потребно време за планирање на нови напади и лукави потези. {3С 497.4}

Бог сака совеста и расудувањето на одговорните во Неговото дело во Батл Крик да бидат подготвени, штом ќе затреба, да реагираат толку брзо како блесок на молња. Најголема подготвеност е потребна токму во моментот на ризикување и опасност. Секој

план за ширење на Божјото дело може да биде замислен така што ќе ветува добри резултати, но сепак во моментот и на најкраткото одложување, настаните можат да добијат поинаков тек и големите цели кои можеа да бидат остварени се пропуштаат поради недостаток на брзо расудување и итна интервенција. Многу може да се постигне со привикнување на умот да ја совлада невнимателноста и да реагира брзо. Има моменти кога претпазливоста и будното одмерување се многу потребни и кога избувливоста би била вистинска лудост. Но дури и во таквите моменти многу се губи со големото колебање. Претпазливост е потребна до извесна мера; но колебање поради наводна специфичност на случајот понекогаш е покобно од неуспехот предизвикан од избрзаност. {3C 498.1}

Брате мој, мораш да бидеш поподвижен и побрз. Отфрли ја својата природна склоност кон колебање. Бавен си и немарен без одложување да прифатиш некоја работа. Мораш да се ослободиш од тој ограничен начин на работа, бидејќи создаде многу лоша навика. Кога неверството ќе ја обземе твојата душа, ти толку се колебаш, одолговлекуваш и одмеруваш, така што сам не постигнуваш ништо, а и други попречуваш во работата. Ти си доволно заинтересиран за да ги увидиш тешкотиите и постојано да изразуваш сомневање, но не си толку заинтересиран ниту храбар да ги совладуваш тешкотиите и да го растераш сомневањето. Во такви моменти треба во потполност да му се предадеш на Бога. Тебе навистина ти е потребна сила на карактерот, а не упорност и самоволие. Твојата изразена склоност кон колебање е еден од најголемите недостатоци во твојот карактер и претставува сериозна препрека на патот на твојата корисност. {3C 498.2}

Твоето бавно делување и преголемата претпазливост во одлучувањето, кога се во прашање интересите на Божјото дело, понекогаш делуваат многу мачно. Тоа не е неопходно секогаш и во сè. Со брза и одлучна акција можат да се остварат големи резултати. Ти, општо земено, си подготвен да преземеш нешто само кога во тоа нема никаква неизвесност; но во Божјото дело би бил многу покорисен кога би бил брз и одлучен во критичниот момент и кога би ја совладал својата навика на колебање и одложување која е белег на твојот карактер и која претставува голема препрека за Божјото дело. Тој недостаток, доколку не го совладаш, ќе се покаже кобен во моментите на голема криза и за делото и за твојата сопствена душа. Мораш да учиш да делуваш сконцентрирано и одлучно во вистинскиот момент, бидејќи токму тоа ти недостига. Во борбите на фронт често со добро испланирана и брза акција се постигнува многу повеќе отколку со најупорно војување со непријателот. {3C 499.1}

Многу е корисна способноста работата да се заврши брзо, а сепак темелно и совесно. Брате мој, ти навистина мислиш дека твојата претпазливост и колебање се вредни за пофалба и дека повеќе претставуваат доблест отколку слабост. Меѓутоа, според она што ми го покажа Господ, таа претпазливост од твоја страна претставува голема препрека за Божјото дело и многу потфати кои можеа да бидат преземени со брзо делување, останаа непоттикнати. Сега секако ти е потешко во својот карактер да ги извршиш овие промени кои Бог од тебе со право ги очекува, бидејќи во младоста не навикна во своите напори да делуваш одлучно и сосредоточено. Кога карактерот е формиран, навиките создадени, а моралните и умни способности насочени, тогаш е многу тешко да се отфрлат лошите навики и да се делува брзо и одлучно. Мораш да го сфатиш значењето и вредноста на времето. Не можеш да се правдаш ако ја напуштиш најважната, иако непријатна задача, надевајќи се дека потполно ќе се ослободиш или

дека таа задача ќе стане помалку непријатна, додека своето време го минуваш во пријатни активности кои не заморуваат. Првенство во своите активности мораш да му дадеш на она што во овој момент е најзначајно за интересите на делото, и дури тогаш можеш да се посветиш на активностите од помало значење кои не се толку неопходни. Сосредоточеноста на точно одредените активности и одлучноста се од битно значење за Божјото дело. Одложувањето навистина значи пораз. Секој момент е драгоцен и мора да се искористи на најдобар можен начин. Земските односи и личните интереси секогаш мораат да бидат од второстепено значење. Божјото дело ниту најмалку не треба да трпи поради некакви огледи кон нашите земски пријатели или најблиски роднини. {3С 499.2}

„А Тој му рече на еден: Ајде по Мене! А тој му одговори: Господе, дозволи ми најнапред да одам и да го погребам својот татко, а Исус му рече: остави ги мртвите нека ги погребуваат своите мртовци; а ти ајде по Мене и објавувај го Божјото царство. А другиот рече: Господе, јас ќе одам по Тебе; но дозволи ми прво да одам да се простам со своите. А Исус му рече: Ниту еден кој ги ставил рацете на плугот па се врти назад, не е подготвен за Божјото царство". {3С 500.1}

Никакви земски врски, никакви земски огледи не би смееле ниту за момент да преовладаат на должноста кон Божјото дело. Христос ги раскинал сите дотогашни врски за да го спаси загубениот свет и Тој и од нас бара потполна посветеност. Поради интересите на Божјото дело мораме да бидеме подготвени на секаква жртва. Жртвувањето на своите чувства е жртва која се бара од нас, а сепак тоа по сето она што го преживеал Исус е мала жртва. Имаш мноштво на пријатели и ако твоите чувства се просветени, ти нема да ја сметаш работата со нив преголема жртва. Ти не ја оставаш својата сопруга меѓу незнабошците, ниту од тебе се бара секој ден да се излагаш на опасност од апсење и затвор. Кога бараш наклонетост, внимавај човечките чувства и личните огледи да не ги мешаш со своите напори во залагање за Божјото дело. Тој бара само несебична и доброволна служба. Со таква служба на Бога ти можеш да одговориш на сите свои должности кон семејството, но ова последното мораш да го сметаш како второстепено според приоритетот и значењето. {3С 500.2}

Мојот сопруг и јас заедно со него правевме сериозни грешки, согласувајќи се на себе да преземеме одговорности кои се наменети на други луѓе. Од самиот почеток делото бараше човек кој ќе биде подготвен да планира, остроумно да расудува и да воочува разлика, да предводи, да се бори против заблудите и да ги совладува многубројните препреки. Мојот сопруг под бремето на најтешките одговорности наидуваше на најодлучно спротивставување. Меѓутоа, кога станавме потполно организирано тело и кога за различни положби беа избрани соодветни луѓе, тогаш дојде вистинскиот момент мојот сопруг да престане и понатаму да се оптоварува со бремето на сите тие тешки одговорности како само тој да постои. Тоа не е работа за еден човек. Тука грешеа неговите соработници кои упорно му се наметнуваа, а и тој самиот што со години се согласуваше и понатаму сам да го носи товарот на сите тие одговорности. Требаше да се ослободи од товарот на сите тие одговорности многу години порано и да им ги подели на луѓето кои се избрани за добро на народот. На сатаната навистина би му било по волја еден човек со својот ум и расудување да го контролира умот и расудувањето на сите кои веруваат во сегашната вистина. {3С 500.3}

Често се случуваше мојот сопруг, кога требаше да ги сфати потребите на делото и да делува брзо и одлучно, да остане потполно осамен. На водечките луѓе околу него не им недостигаа умни способности туку им недостигаше подготвеност да се стават во положба во која мојот сопруг постојано се наоѓаше. Потполно недоследно дозволуваа еден парализиран човек да го носи товарот на одговорности во ова дело, товар кој ниту еден од нив, со своите здрави нерви и цврсти мускули, сам не би можел да го носи. Тој понекогаш прибегнуваше кон острина и зборуваше така што тоа можеше да се протолкува како навреда. Гледајќи како оние кои можеа со него да ги поделат тие тешки товари ја одбегнуваат секоја одговорност, беше натажен до дното на срцето и зборуваше импулсивно. Во таа несфатливо тешка положба не го доведе Господ туку неговите браќа. Неговиот живот речиси ниту малку не се разликуваше од животот на роб. Неговите браќа воопшто не ја ценеа неговата толку исцрпувачка умствена работа, неговите тешки грижи и постојани искушенија. Неговиот живот и така исполнет со непријатност и неговата несреќа уште повеќе ја загорчуваа неговите соработници со своите замерки, кои не сакаа да го направат ниту она што би можеле и што биле должни да го сторат. Неговата природа постојано беше изложена на насилство и преоптовареност. Неговите соработници, иако му замеруваа што толку работи, никогаш не се понудија да го преземат својот дел од одговорност туку со задоволство ја префрлаа на него одговорноста за сите. Тој благородно се нафаќаше на одговорност кога немаше никој друг кој би го презел. Ако браќата во проповедништвото беа подготвени да ги прифатат товарите на одговорности кои токму ним им беа наменети, мојот сопруг не би морал да извршува такви работи кои, според негово мислење, не смееја да останат занемарени. {3С 501.1}

Бог не дозволи животот на мојот сопруг неславно да заврши. Тој го одржуваше во живот. Но на човекот кој работи двојно повеќе, кој работите предвидени за две години ги завршува во една, животната свеќа му согорува од двата краја. На мојот сопруг сепак сè уште му преостанува задачата која требаше да ја изврши неколку години порано. Тој сега треба да има што помалку судири и животни одговорности и во своето созревање да омекнува, подготвувајќи се за својата последна промена. Тој сега треба да ги чува своите сили, не дозволувајќи преоптовареноста со одговорностите, предрасудите и сомневањата од страна на браќата да го загрозат неговиот мир. {3С 502.1}

Бог дозволи драгоцената светлина на Неговата реч да го просветли умот на мојот сопруг, така што тој со своите проповеди и пишување може да ја пренесува таа светлина од Христовото присуство и на други. Но принуден да извршува разни други работи и да „служи околу трпезата," тој во голема мера беше лишен од предностите да пишува и да му проповеда на народот. {3С 502.2}

Тој се чувствуваше од Бога повикан да остане во одбрана на вистината и да ги укори, понекогаш и многу остро, оние кои во своето залагање за делото не беа исправни. Притиснат од грижите и болеста, често паѓаше во обесхрабреност и некои работи гледаше во претерана светлина. Неговите браќа често успеваа неговите зборови и неговото брзо реагирање, што беше во очевидна спротивност со нивната спорост во работата и планирањето, да ги искористат против него. Тие му припишуваа на мојот сопруг побуди и чувства кои тој никогаш не ги негуваше. Големата спротивност помеѓу нив и него изгледаше како некој понор; но тој понор лесно можеше да се премости доколку тие, инаку многу интелигентни луѓе беа подготвени, жртвувајќи се за личните интереси, со сето срце да се посветат на изградба и напредок на Божјото дело. {3С 502.3}

Во ова место, на чело на делото, ние со своето влијание можеме постојано да придонесуваме за напредок на нашите институции. Но однесувањето на другите - кои, не правејќи го она што би можеле, претставуваат постојан повод за искушенија и кои, ако не им се застане на пат, ги прикажуваат во најнеповолна светлина нашите најсердни напори за напредок на Божјото дело - нè принудува да побараме засолниште на некое друго место каде што ќе можеме да работиме поуспешно и со помалку опасности да се скршиме под товарот. Во работата со Неговиот народ во Батл Крик, Бог ни дал голема слобода и сила. Кога дојдовме во ова место минатото лето, од самиот почеток најревно пристапувавме на работата и така продолжуваме сè уште. Но тешкотиите и пречките не престануваат да се појавуваат една по друга и потребни се навистина многу напори и труд за сè да се постави како што треба. {3C 503.1}

Господ покажа дека брат Д, доколку продолжи да се потпира на Неговата сила, би можел да биде соодветен човек за тоа место. Тој не направи пропуст ниту изврши погрешен избор. Брат Д извесно време беше вистински заинтересиран и во Здравствениот Институт се однесуваше како татко. Но тој се возгордеа и стана задоволен сам со себе. Попуштајќи му на искушението, тој продолжува по погрешен пат. Ниту еден од изговорите кои водечките луѓе ги наведуваат за своите занемарени должности не е оправдан. Нивното префрлање на одговорностите на брат и сестра Вајт упадливо зборува против нив. Тие ги занемаруваат своите должности едноставно затоа што тие не им се пријатни. {3C 503.2}

Покажано ми е дека на брегот на Пацификот навистина е неопходна помош. Но Бог не сака ние да преземаме на себе одговорности и товари кои им припаѓаат на други. Можеме да им помагаме со своите совети, со своето влијание и расудување. Можеме да направиме многу ако не дозволиме да се наведеме да преземеме на себе товари кои мораат да ги носат други доколку сакаат да стекнат неопходни искуства. Наше е да пишуваме за значајните вистини кои толку му се потребни на народот, бидејќи поседуваме драгоцена светлина за библиската вистина која треба да допре до оние на кои им е наменета. {3C 503.3}

Покажано ми е дека Божја намера не беше мојот сопруг да паѓа под товарот кој го носеше последните пет месеци. Сета одговорност и грижа околу организирањето на работите е препуштена на него. Тоа кај него предизвика збунетост, замор и заслабнување на нервите, што резултираше со обесхрабреност и депресија. Од самиот почеток недостигаше складна соработка од страна на неговите најблиски соработници во проповедничкиот повик. Во својата желба да бидат слободни, не ги преземаа на себе одговорностите кои можеа и пропуштија да стекнат искуства кои би ги оспособиле за најодговорните положби во врска со виталните интереси на Божјото дело во овој момент. За својата неподготвеност да ги прифатат одговорностите, тие се изговараат со стравувањето дека подоцна тоа би се одразило неповолно на нив самите. {3C 503.4}

Верата која ја исповедаме често носи белег на нашите природни склоности и нашиот темперамент; затоа многу е важно слабите точки во својот карактер да ги зајакнеме со вежба, а оние изразено неповолни точки да ги неутрализираме со делување во спротивен правец и со зајакнување на спротивните особини. Меѓутоа, некои од водечките луѓе не го направија она што можеа и што беа должни да го направат, со што на мојот сопруг би му пружиле доволно охрабрување и поддршка да издржи во своите одговорности на чело на делото. Неговите соработници не постапија самостојно, барајќи од Бога да им ја покаже должноста ниту беа подготвени заеднички да се

советуваат за плановите и начинот на работа за кои Бог им го отворил патот во Своето провидение. {3C 504.1}

По нашето доаѓање во државата Мичиген минатото лето, Господ посебно ги благослови напорите на мојот сопруг и на многу забележлив начин беше поддржан во она што навистина требаше да се направи. Ако неговите соработници го следеа развојот и потребите на Божјото дело, на нашиот последен црковен собор одржан во Мичиген можеше да се направи многу од она што остана недовршено. Потребите кои тогаш беа актуелни не се задоволени. Доколку брат А со радосно срце ја следеше примената светлина, подготвен да види што треба да направи и правејќи го тоа без одложување, можевме веќе со месеци интензивно да работиме на основање на печатница на брегот на Пацификот. Со својот поединечен пад во тмурно расположение, а особено со останувањето во таква состојба, не можеме да Го прославиме Бога. Светлината блеска, иако ние можеби не ги забележуваме нејзините благодати, но ако ревно се бориме да излеземе на светлина и радосно го продолжиме својот пат како да е осветлен со светлина, набргу ќе излеземе од темнината и ќе видиме дека светлината е насекаде околу нас. {3C 504.2}

На нашиот последен црковен собор, Божјите ангели дојдоа на посебен начин да донесат светлина, здравје и благослов на мојот сопруг и на брат Вагонер. Тука е стекната драгоцена победа која никогаш не треба да го изгуби своето влијание. Покажано ми е дека Бог му пружил на мојот сопруг најочевидни докази за Својата љубов, грижа и постојана милост. Тој гледа и ја уважува неговата верност и предаденост на делото; тоа треба секогаш да го поттикнува мојот сопруг на понизност и постојана благодарност. {3C 505.1}

Бог бара луѓе кои се подготвени за акција. Тој бара луѓе кои кога се донесуваат значајни одлуки, се верни на должностите како магнетната игла на полот, луѓе кои своите посебни и лични интереси како што тоа го правел и нашиот Спасител - ги подредуваат на големиот општ интерес за спасување на душите. Сатаната делува на човечкиот ум секогаш кога за тоа ќе му се укаже прилика и настојува секој можен момент и место да ги искористи за служба на себе, а на што поголема штета на Божјото дело. Немарноста да го направиме она што можеме и што Бог со право бара да го направиме за Неговото дело, претставува грев кој не може да се оправда со околностите или постоечката состојба; бидејќи Христос се грижи за сè и за секое изненадување. {3C 505.2}

Брате мој, соработувајќи на Божјото дело, ти ќе се најдеш во различни околности кои бараат потполна присебност и самоконтрола; но токму тоа ќе те оспособи да се прилагодуваш на околностите во исклучително тешката ситуација. Тогаш ќе бидеш во состојба да постапуваш самостојно и ништо да не те збунува. Не смееш премногу да ги потценуваш своите способности да ја одиграш својата улога во разни ситуации на секојдневниот живот. Ако си станал свесен за своите недостатоци, заземи се веднаш и тоа најсесрдно за да се ослободиш од нив. Не се потпирај на другите и не дозволувај тие да ги надополнат твоите недостатоци, додека ти рамнодушно продолжуваш по својот пат, како сето тоа да се разбира само по себе дека во својата настраност секогаш мораш да останеш таков. Заземи се најодлучно да се ослободиш од тие недостатоци, за да можеш да бидеш совршен во Исуса Христа, без никаква мана. {3C 505.3}

Ако продолжиш да негуваш премногу високо мислење за себе сметајќи ја својата работа позначајна од она што всушност е, ќе копнееш по лична независност, која се граничи со ароганција. Ако пак, одејќи во друга крајност, создадеш за себе премногу скромно мислење, секогаш ќе се чувствуваш инфериорен и за себе ќе оставиш впечаток на пониска вредност што во голема мера ќе го ограничи твоето влијание на добро. Чувај се и од едната и од другата крајност. Не дозволувај со тебе да владеат чувствата ниту немоќно да паѓаш под влијание на околностите. Мораш да формираш коректно мислење за себе, не одејќи во ниту една крајност. Можеш да имаш достоинствено држење без суетна вообразеност; можеш да бидеш благонаклон и подготвен на попуштање без жртвување или лична независност, што ќе ти овозможи позитивно да влијаеш на луѓето и од повисоките и пониските општествени слоеви. {3С 506.1}

Брате А, ти сега си во опасност да се поведуваш по она што зборуваат другите. Во својата работа ти си одлучен, строг и преостар. Склон си луѓето да ги зауздуваш со исклучително строги барања. Тоа понекогаш е неопходно; но твоите напори се премногу карактеристични по тоа и ќе ја изгубат делотворноста ако не бидат повеќе следени со ублажувачкото и охрабрувачко влијание на Божјиот Дух. Ти си дозволуваш зборовите на твоите роднини и лични пријатели да влијаат на твоите планови и одлуки. Премногу им веруваш и нивните мислења и ставови ги прифаќаш како свои и поради тоа многу често се наоѓаш на погрешен пат. Мораш да бидеш многу повнимателен. Семејствата во со кои роднински си толку блиску поврзан, значително влијаат на тебе. Со своето расудување, со своите чувства и со своите ставови ти силно влијаеш на нив, но исто толку силно и тие од своја страна влијаат на тебе и тоа ќе ве одвлече како силна бура во погрешна насока, ако сите не се соберете заедно и потполно му се предадете на Бога. Сите членови на тие семејства по својата природа се независни и совесни и дотолку не се урамнотежат под посебното влијание на Божјиот Дух, се склони кон екстремизам. {3С 506.2}

Никогаш, никогаш не дозволувај да паднеш под влијание на оние кои пренесуваат што слушнале. Никогаш не дозволувај на тебе негативно да влијаат оние со кои си во најблизок однос. Дојдено е време кога во поглед на Божјото дело и Неговите интереси мораме да бидеме многу внимателни. Неопходно е остроумно расудување за да се знае кога треба да се зборува, а кога да се молчи. Копнежот за сочувство често доведува до многу сериозни пропусти во доверувањето на своите чувства на другите. Со својата појава ти често бараш наклонетост и сочувство додека за тебе би било подобро да не ги примаш. Значајна должност на секој поединец е секогаш да биде длабоко свесен за секоја постапка во своето секојдневно однесување, како и за побудите кои го поттикнуваат на тоа. Особено е важно да се води сметка за побудите кои поттикнуваат на одредени постапки. За постапките во животот не треба да се суди според тоа како тие изгледаат туку според побудите кои го поттикнуваат сторителот на одредена постапка. {3С 506.3}

Сите треба будно да внимаваат на своите сетила, за сатаната да не загосподари над нив; бидејќи сетилата претставуваат приоди на душата. Во дисциплинирање на самите себе мораме да бидеме внимателни за да не турнеме некои души во очај. Некои сметаат дека брат Вајт е премногу строг и одреден во начинот на кој им се обраќа на поединците, осудувајќи го она во што според негово мислење грешат. Можеби тој во својот начин на укорување не беше доволно внимателен да му пружи на укорениот прилика за размислување. Меѓутоа, некои од оние кои се жалат на неговиот начин на укорување,

се служат со најостри зборови на осуда, зборови кои не би требало да се слушнат на собирот на верници и тогаш сметаат дека ја растоварile својата душа и направиле големо и добро дело. Но Божјите ангели никогаш не можат да одобрат такво постапување. Ако брат Вајт треба да биде поучен да го промени својот начин на работа во укорување на поединецот кон кои постапил престрого, колку што е потребно и неговите соработници во проповедништвото треба да ја увидат потполната недоследност на критикување и осудување на целиот собир на верници, при што и потполно невините се принудени да трпат заедно со виновните. {3С 507.1}

Полошо е, многу полошо да се дава израз на чувствата на некој голем собир, погодувајќи со тоа сè и секого отколку да се обратиме непосредно на поединците кои згрешиле и лично да ги укориме. Соблазната на тие остри и осудувачки говори пред големиот собор е потешка во Божјите очи отколку личното укорување на поединците, бидејќи е поголем бројот на погодените, а осудата е поопшта. Секогаш е полесно да се дава израз на своите чувства пред некој собир, бидејќи тука има многу присутни отколку да му се пријде на заблудениот и отворено и искрено да му се изнесат неговите грешки. Да се внесуваат во Божјиот дом непријателски чувства кон поединците, погодувајќи ги со тоа покрај виновникот и невините - тоа е начин кој Бог не го одобрува и кој донесува повеќе штета отколку корист. Премногу често на јавните собири се излегува со излагања кои се полни со критика и осуда. Тоа не поттикнува дух на братска љубов меѓу присутните. Тоа не ги издига нивните мисли кон небото ниту ги прави подуховни и посвети туку во неговото срце буди огорченост и несвети чувства. Понекогаш се потребни и толку строги излагања кои ги кршат срцата за луѓето да се пробудат, да ја увидат опасноста и да се осведочат. Но доколку не носат посебен белег дека се поттикнати со Светиот Дух, таквите излагања донесуваат повеќе штета отколку корист. {3С 507.2}

Покажано ми е дека начинот на постапување на мојот сопруг не беше совршен. Вистина тој понекогаш грешеше во тоа што и самиот мрмореше и беше престрог во укорувањето. Но според она што ми беше откриено, сепак тој во тој поглед не грешеше толку многу како што некои претпоставуваа и како што понекогаш и сама стравував. И патријархот Јов, потполно несфатен од своите пријатели, бил принуден да возвраќа на нивните прекори и осуди, бидејќи тие мислеле дека ја бранат Божјата чест, исповедајќи ја својата вера во Него и својата свест за гревот, па Јов им возвратил дека сето тоа тој го знае поцелосно и подлабоко од нив. „Сите вие сте залудни тешители," им одговорил тој на своите критичари и многу остри судии. „И јас би можел да зборувам како вас, да ве затрупувам со зборови и да мавтам со главата на вас" - рекол Јов. Но тој вели дека не сака да прави така. Повеќе би сакал, вели тој „да ве храбрам со своите усни и мрдањето на моите усни би ја олеснило вашата болка". {3С 508.1}

Браќата и сестрите кои се добронамерни, но имаат премногу ограничена претстава гледајќи го само она што може однадвор да се види, често се обидуваат да помогнат во нешто што всушност не го разбираат. Во своето ограничено искуство тие не се во состојба да проникнат во чувствата на душите кои се поттикнати од Божјиот Дух, души кои ја сфаќаат сета длабочина на онаа сесрдна и неискажана љубов и интерес за Божјото дело и за спасување на душите кои тие никогаш не ги искусиле и која во Божјото дело ги носела товарите на одговорности кои тие никогаш не ги понеле. {3С 509.1}

Поедини кратковиди и неискусни луѓе не се во состојба во својата ограничена претстава да ги сфатат чувствата на оној кој во делото на спасување на душите со сета

своја душа долго и нераскинливо е врзан со Христа. Неговите побуди и постапки погрешно ги толкуваат и оние кои се сметаат негови пријатели. Сè додека не бил принуден како Јов најсердно да се моли: Спаси ме од моите пријатели. Во случајот на Јов Бог ги земал работите во Свои раце. Неговото трпение било тешко искушувано; но кога Бог проговорил, исчезнала неговата мрзоволност. Оправдувањето на самиот себе, кое му било неопходно за да се спротивстави на осудата на своите пријатели, не било потребно пред Бога, Кој никогаш и во ништо не греши. Кога Господ му рекол на Јов: „Препашај се како човек, Јас ќе те прашам, а ти одговарај," патријархот го препознал божествениот глас и свесен за својата грешност, во душата се наведнал пред Бога, велејќи понизно: „Се кајам во прав и пепел". {3С 509.2}

Секогаш кога Бог ќе проговореше, мојот сопруг беше подготвен да го послуша Неговиот глас, но да поднесува осуда од своите пријатели, кои не беа во состојба правилно да расудуваат, тоа за него беше преголемо искушение. Кога неговите соработници се најдоа во исти околности и беа притиснати од товарот на одговорности кои тој ги носеше со толку малку помош и охрабрување, тогаш можеби би биле во состојба да сфатат колку е неопходно да го поддржуваат, тешат и благословуваат, не навредувајќи ги неговите чувства со прекори и осуди кои тој на никој начин не ги заслужи. {3С 509.3}

45. ПОВИЦИ ЗА ДАВАЊЕ НА ПРИЛОЗИ

Покажано ми е дека повиците за неодложно давање на прилози на нашите црковни собори имаа неповолни последици. Тоа прашање е многу нагласувано и оди многу тешко. Многумина од побогатите луѓе не би направиле ништо ако влијанието на сведоштвата кои им се изнесени не ги омекна и скрши нивните срца. Меѓутоа, сиромашните беа многу подлабоко трогнати и во својата искреност, тие од срце ветија одредени суми на пари кои не се во можност да ги исплатат. Во повеќето случаи упорното повикување на давање на прилози остави негативен впечаток на луѓето. Некои сфатија дека парите се суштина на нашата порака. Многумина се вратија во своите домови среќни поради тоа што со своите прилози го помогнаа Божјото дело. Меѓутоа, системот на доброволно давање е подобар отколку упорното барање на прилози на големите состаноци. Кога сите би го поддржале планот на систематско добродетелство и кога сите наши работници и мисионери би биле верни во тој поглед, ризницата би била доволна снабдена и без тие наметливи повици на нашите големи собири. {3С 510.1}

Меѓутоа, постои голема немарност во поглед на оваа должност. Многумина ги ускратуваат средствата кои Бог со право ги очекува и на тој начин Го крадат Бога. Раководејќи се според себичноста на своето срце, тие не даваат десеток од сè, што Господ со право го бара. Тие дури на годишните собири не ги принесуваат своите дарови на благодарност, доброволни прилози и жртви за престап. Многумина излегуваат пред Господа со празни раце. „Смее ли човекот да Му задржува на Бога? А вие Мене ми задржувате и потоа прашувате: во што Ти задржуваме? Во десетокот и во приносот. Удрени сте со проклетство, бидејќи Ми задржувате, вие - сиот Мој народ. Донесете ги сите десетоци во ризницата за да има храна во Мојот дом и потоа испитајте Ме во тоа,

вели Господ над војските дали нема да ви ги отворам небесните брани и нема ли да излеам благослови на вас со полна мерка". {3C 510.2}

Како народ, ќе бидеме виновни пред Бога ако не вложиме најсесрдни напори да ги пронајдеме оние кои и покрај своето сиромаштво приложуваат за разни потфати во делото. Сè што приложиле во дарежливоста на својата душа треба да им се врати со дополнителна помош, за да им се олесни нивното сиромаштво. Во барањето на пари се одеше во крајност. Тоа остави многу неповолен впечаток на многумина. Упорното инсистирање на неодложното давање не е најдобар начин да се дојде до средства. Немаше доволно внимание да им се вратат прилозите на сиромашните кои приложуваат преку своите можности, за тие да не останат без најнеопходните животни потреби. Да се занемари својата должност во овој поглед - да не се запознаат потребите на сиромашните и да не им се вратат парите кои ги приложиле за напредок на Божјото дело, значи да се запостави нашиот Спасител во лицето на Неговите светии. {3C 510.3}

46. ДОЛЖНОСТ КОН УНЕСРЕЌЕНИТЕ

Покажани ми се извесни поединости за нашата должност кон унесреќените и се чувствувам обврзана ова да го напишам. {3C 511.1}

Во блиското христијанско сродство со Својата црква, Бог во Своето провидение доведува и вдовици, сирачиња, слепи, глуви, сакати, глувонеми и на разни начини унесреќени лица - за да ја испита верноста на Својот народ, давајќи им на сите прилики да развиваат вистински христијански карактер. Божјите ангели будно внимаваат како ние се однесуваме кон таквите на кои навистина им е потребно нашето сочувство, љубов и несебично добродетелство. На тој начин Бог го проверува нашиот карактер. Ако имаме вистинска библиска вера, ние ќе чувствуваме дека навистина должиме љубов, наклонетост и сесрден интерес на Христа во лицето на Неговите браќа и само со манифестирање на длабоко внимание и љубов кон оние на кои среќата им е помалку наклонета отколку нам, можеме да ја покажеме својата благодарност за неизмерната љубов која ни ја укажал додека сè уште бевме грешници недостојни за Неговата милост. {3C 511.2}

Да се љуби Бог над сè друго, а ближниот како самиот себе - тоа се две големи начела на Божјиот закон. Од овие две начела произлегуваат и првите четири и останатите шест заповеди на Божјиот закон. Со илустрацијата за човекот кого на патот од Ерусалим до Ерихон го фатиле крадци, го претепале, ограбиле и оставиле полу-мртов, Христос му објаснил на законикот кој всушност е неговиот ближен. Свештеникот и Левитот во поминување го виделе овој несреќен човек, но неговите страдања не ги трогнале нивните срца. За да ја избегнат таа страшна глетка, тие поминале од другата страна. Кога некој Самарјанин, минувајќи по истиот пат го здогледал непознатиот човек во неволја, тој воопшто не размислувал дали е во прашање негов роднина или припадник на иста вера туку ја прифатил должноста да му помогне на страдалникот, бидејќи тоа навистина било неопходно. Му ги превил раните најдобро што можел и умеел, го качил на своето магаре, го однел во гостилница и тука се погрижил за неговите потреби на сопствен трошок. Овој Самарјанин, според Христовите зборови навистина му бил ближен на човекот кој бил нападнат од крадци. Левитот и свештеникот ги претставуваат оние во црквата кои манифестираат рамнодушност токму кон оние на кои им е најпотребна

нивната помош и нивното сочувство. Таквите членови, без оглед на положбата која ја заземаат во црквата, ги престапуваат Божјите заповеди. Самарјанинот ги претставува оние кои се вистински Христови соработници и кои се угледуваат на Неговиот пример, правејќи само добро. {3С 511.3}

Оние кои имаат сомилост за несреќните, слепите, онеспособените, вдовиците, сирачињата и загрозените, Христос ги признава како оние кои навистина ги држат Неговите заповеди и кои ќе имаат вечен живот. Во постои голем недостаток на лична вера, луѓето воопшто не се чувствуваат обврзани да сочувствуваат со оние кои се во неволја и несебично да се залагаат за доброто на несреќните и натажените. Многумина немаат никако искуство во таа должност. Тие во текот на целиот живот се однесуваат како оној свештеникот и Левитот, кои поминале покрај несреќникот на другата страна. Ако верниците и Левитот во не ја извршат задачата која им е доверена, тие ќе останат во темнина. Членовите на тамошната црква и како поединци и како целина мораат совесно да ги преиспитаат своите побуди споредувајќи го својот живот и учење со Оној Кој единствено може да биде наш Пример. Секое дело на милост, добродетелство и искрено внимание укажано на несреќните, слепите, болните, вдовиците и сирачињата, Христос смета како да му е направено Нему лично, Таквите дела се запишуваат во небесните книги и ќе бидат наградени. Од друга страна, се води записник против оние кои кон несреќниците манифестираат иста ваква рамнодушност како и оној свештеник и Левит од Христовата парабола, а посебно против оние на кои им е во интерес несреќата на другите и ги зголемуваат нивните страдања за од тоа себично да извлекуваат лична корист. За секоја постапка на неправедност и рамнодушност кон натажените и оние кои се во неволја од нашите редови Бог сигурно ќе му плати на оној кој прави така. Секој на крај ќе биде награден според своите дела. {3С 512.1}

Покажано ми е дека со брат Е неговите браќа не постапуваат праведно. Ставот на браќата Ф, Г и останатите кон него не Му е по волја на Господа. Брат Ф не се интересираше посебно за брат Е, освен ако му се присторило дека преку него може да оствари некоја лична корист за себе. Видов дека некои го сметаат брат Е за скржавец и нечесен човек. На Бога не му е по волја таквиот суд за еден наш слеп брат. Брат Е без никакви проблеми имаше доволно средства за своето издржување да немаше себично постапување од страна на неговите браќа кои имаат и благодат на видот и материјален имот, а работеа против него настојувајќи неговите умни способности себично да ги искористат за свои лични интереси. Да се користи напорната умна работа на еден слеп човек и да се настојува добивката од неговите пронајдоци да се приграби за себе е вистински грабеж и претставува престап на Божјите заповеди. {3С 513.1}

Во црквата има и такви кои тврдат дека го држат Божјиот закон, но всушност се престапници на тој закон. Има луѓе кои не ги увидуваат сопствените недостатоци. Тие негуваат дух на себичност и скржавост и ги затвораат очите пред сопствениот грев на лакомство, што во Библијата се нарекува идолопоклонство. Луѓето со таков карактер можат да бидат сметани од своите браќа како примерни христијани, но Божјото око ги чита срцата и ги гледа најскриените побуди. Тој го гледа во мислите и карактерот она што човечките очи не го гледаат. Во Своето провидение Тој ги доведува таквите во положба која со текот на времето ќе ги открие недостатоците на нивниот карактер, за да можат да се поправат, доколку сакаат. Има луѓе кои целиот свој живот мислат само на своите лични интереси и целосно се стопуваат во своите себични планови, без никаков оглед дали со тоа ги унесреќуваат или на било кој начин ги загрозуваат другите.

Господ понекогаш дозволува таквите себично да продолжат во своето духовно слепило сè додека оние кои имаат здраво духовно расудување јасно не увидат дека тие навистина се на погрешен пат, бидејќи со своите дела покажуваат дека не се вистински христијани. {3C 513.2}

Луѓето кои поседуваат имот, релативно здравје и непроценлив благослов на видот, се наоѓаат во неспоредливо поповолна положба од еден слеп човек. Ним во деловната кариера им се отворени многу можности и патишта кои за слепиот човек се потполно недостапни. Оние кои можат да ги користат сите свои работни способности не смеат поради своите лични интереси ниту најмалку да го закинуваат својот слеп брат во можноста да заработи пари. Брат Е е не само сиромашен и слаб туку и слеп човек. Тој најсердно настојува сам себе да се издржува; и иако живее под товарот на обесхрабрувачката унесреќеност, неговите страдања не ја задушиле благородноста во неговата душа. Во своите ограничени можности, тој има срце да направи многу повеќе за оние на кои помошта им е неопходна од неговите браќа кои се благословени и со дарот на вид и со изобилство на материјални добра. Капиталот на брат Е се наоѓа во неговата деловна снаодливост и во неговите пронаоѓачки способности. Тој неуморно се трудел во настојувањето да пронајде занимање со кое ќе може сам да се издржува и да не зависи од своите браќа. {3C 514.1}

Желба ми е сите да го видиме ова како што го гледа Бог - да сфатиме како Бог гледа на оние кои тврдат дека се Христови следбеници и кои имаат благослов на видот и сите други предности во животот, а сепак завидуваат на еден слеп човек на оној мал деловен успех кој го остварува со својата работа и кои сакаат своето изобилство да го зголемат на сметка на својот несреќен брат. Тоа е во Божјите очи злосторничка себичност од најлош вид, задржување и голем грев, кој сигурно нема да остане неказнет. Тоа Бог никогаш не го заборава. Тој на тоа не гледа со човечки очи ниту со студено и бесчувствително човечко расудување. Тој на тоа не гледа од ставот на овој свет туку од ставот на милоста, сочувството и бескрајната љубов. {3C 514.2}

Брат Х се обидува да му помогне на брат Е, но не и од себични побуди. Тој на почеток беше поттикнат од сожалување, гледајќи дека на брат Е навистина му е потребна помош. Меѓутоа чувството на себичност и личниот интерес сè повеќе земаа замав, така што на брат Е држењето на неговите браќа кон него му донесуваше повеќе штета отколку корист. Тоа многу го обесхрабри брат Е и во голема мера ја поколеба неговата доверба во своите браќа. Тие го вовлекоа во долгови кои не можеше да ги отплати. Дознавајќи за себичните побуди според кои се раководеа некои од нив, беше многу несреќен, а некогаш и видно возбуден. Сфаќајќи дека некои од неговите браќа и покрај неговата толку беспомошна состојба - без очи, без средства за живот и без здравје - работат против него, понекогаш воопшто не можеше да ги контролира своите чувства. Тоа уште повеќе ја влошуваше неговата состојба и страшно делуваше на неговото здравје. {3C 515.1}

Покажано ми е дека брат Е има исклучителни умни способности кои би биле уште подрагоцени кога би можел поуспешно да владее со себе и да не се возбудува. Секое манифестирање на нетрпение и лутина од негова страна вешто го користат оние кои направија многу потешки гревови во Божјите очи. Начелата според кои брат Е се раководи се добри и тој е чесен човек. Но тој има недостатоци и гревови кои мора да ги победи. Како и сите други луѓе, тој мора да се бори со човечката природа. Премногу е често нетрпелив, а понекогаш и властољубив. Треба да биде пољубезен, поучтив и

поблагодарен кон оние кои покажаа интерес за неговиот случај. Според својата природа тој има избувлива природа и бурно реагира ако одненадеж или неоправдано е предизвикан. Но и покрај тоа, во срцето е наклонет кон правдата и искрено се кае пред Бога кога размислува за своите грешки. {3С 515.2}

Кога кај своите браќа ќе ја види подготвеноста да ја исправат неправдата која му е направена, тој е подготвен на великодушно простување и доволно понизен да се согласи на мир, дури и тогаш кога за тоа е неопходно многу да се жртвува. Меѓутоа, тој лесно се возбудува и има нервозен темперамент. Неопходно му е смирувачкото влијание на Светиот Дух. Кога оние кои се подготвени да го осудат би биле исто толку понизни да размислат за своите грешки и кога преку неговите слабости би преминувале толку благородно како што би требало, тие би покажале Христос Дух. На брат Е му претстои задача да ги победи своите слабости. Во своите зборови и држење кон другите тој треба да биде љубезен, благ и пријатен и строго треба да се чува од сè што оддишува со заповеднички дух и дрскост во зборовите и постапките. {3С 515.3}

Бог е наклонет кон слепите и унесреќените, но сепак не преминува преку неговите гревови. Тој и од нив бара да се победат себеси и со помош на Оној Кој победил поради нив да го усовршат христијанскиот карактер. Сочувствувајќи со нас во нашите слабости, Христос е подготвен да ни подари сила да победиме и да се спротивставиме на сатанските искушенија, ако сите свои товари ги префрлиме на Него. Ангелите се испратени да му помогнат на секое Божјо дете кое физички е слепо. Ангелите го следат секој чекор на таквите и ги спасуваат од илјадници опасности кои се наоѓаат на нивниот пат, а тие за тоа и да не знаат. Но Божјиот Дух не може да ги следи ако тие не негуваат дух на љубезност и ако не се трудат најсердно да владеат со себе и сите свои сили да му ги потчинат на Бога. Тие се должни да негуваат дух на љубов и да владеат со своите зборови и со своите постапки. {3С 516.1}

Од припадниците на Својот народ Бог бара да имаат повеќе сомилост и оглед кон несреќниците. „Зашто ова е чиста и беспрекорна вера пред Бога и нашиот Татко: да се посетуваат сирачињата и вдовиците во нивните неволји и да се држиме неосквернати од светот”. Овде е дефинирана вистинската вера. Бог бара вниманието и огледите кои им ги укажуваме на вдовиците и сирачињата исто така да ги укажуваме и на слепите и на сите кои на било кој начин се телесно оштетени. Несебичното добродетелство е многу ретка појава во ова време на изопаченост. {3С 516.2}

Што се однесува до случајот на брат Е покажано ми е дека сите кои постапуваат неправедно во однос на него, обесхрабрувајќи го на било кој начин во неговото настојување сам себеси да се издржува, или пак да дојде до некоја материјална добивка на сметка на тој слеп човек, неминовно ќе го снајде проклетство, бидејќи Бог особено води грижа за слепите. Бог им дал посебни упатства на израелевите синови во поглед на слепите: „Не го мами својот ближен и не му задржувај ништо; платата на надничарот да не преноќи кај тебе до изутрина. Не изговарај пцовки на глув, ниту пред слеп човек ставај нешто на што ќе се сопне; туку бој се од својот Бог; Јас сум Господ. Не прави неправда на судот, не гледај кој е сиромав ниту пак поведувај се по богатиот; правилно суди му на својот ближен”. „Проклет да е оној, кој ја поместува меѓата на својот ближен. А сиот народ нека каже: амин. Проклет да е оној кој ќе го заведе слепиот од патот. А сиот народ нека каже: амин”. {3С 516.3}

Навистина е чудно кога оние кои тврдат дека се христијани не го уважуваат толку јасното и одредено учење на Божјата реч и при тоа да не чувствуваат никаква грижа на совест. Бог ги прави одговорни да се грижат за унесреќените: слепите, вдовиците и сирачињата; но многумина не вложуваат никаков напор во тој поглед. За да ги спаси таквите, Бог често дозволува и сами да доживеат удари на болка и страдање и да се најдат во положба на оние на кои треба да им се укаже сочувство и помош, но тоа никогаш не го примиле од неговите раце. {3С 517.1}

Црквата во _____ како целина Бог ја смета одговорна за погрешниот пат по кој одат нејзините членови. Ако се дозволи било кој од нејзините членови да манифестира дух на себичност и бесчувствителност кон унесреќените, како што се: вдовиците, сирачињата, слепите и умно и физички болните, Тој ќе го сокрие Своето лице од таквите припадници на Својот народ сè додека тие не ги прифатат своите должности и додека не го отстранат злото помеѓу себе. Ако било кој од оние кои тврдат дека се Христови следбеници толку погрешно го претставува својот Спасител, така што ја запоставува својата должност кон унесреќените или на било кој начин ја користи нивната несреќа, задржувајќи му го она што им припаѓа на нив, таквата црква Господ ја смета одговорна за гревовите на нејзините членови сè додека не направат сè што е во нивна моќ да го отстранат постоечкото зло. Бог не може да ја услиши молитвата на припадниците на Својот народ сè додека меѓу нив се запоставуваат сирачињата, слепите и болните. {3С 517.2}

Зборовите „да се биде на Господова страна" значат многу повеќе отколку што е повторувањето на таа фраза на нашите собири. Господова страна е страната на милост, љубов и сочувство со оние кои страдаат, како што тоа се гледа од примерот кој Христос ни го оставил со Својот живот. Од нас не се бара ништо повеќе отколку да го следиме Неговиот пример. Но има и такви кои во тој поглед не се на Христова страна туку на страна на непријателот. Објаснувајќи им го на Своите слушатели ова прашање, Христос вели: {3С 518.1}

„Кога му направивте на еден од овие Мои најмали браќа, Мене Ми направивте. Тогаш ќе им каже на оние што Му стојат од левата страна: Бегајте од Мене во вечен оган подготвен за ѓаволот и за неговите ангели. Зашто огладнев и не Ми дадовте да јадам; жеден бев и не Ме напоивте, гостин бев и не Ме примивте; гол бев и не Ме облековте; болен бев и во затвор бев и не Ме посетивте. Тогаш тие ќе му одговорат: Господе, кога те видовме гладен или жеден, или гостин или гол, или болен или во затвор? Тогаш ќе им одговорам: Вистина ви велам: кога не направивте на еден од овие Мои мали браќа ниту Мене не Ми направивте. И тие ќе одат во вечна мака, а праведните во вечен живот". {3С 518.2}

Во ова Свое излагање Христос се поистоветува со припадниците на човечкиот род кои страдаат и јасно ни става до знаење дека секоја немарност и неправда која ќе ја направиме на најмалите од Неговите светии всушност му ја правиме на Него лично. {3С 518.3}

Оплакувајќи ги своите страдања и побивајќи ги неправедните обвинувања на еден од своите тешители, праведниот Јов вели: „Му бев око на слепиот и нога на сакатиот. Татко бев на многумина и разбирав за кавгата за која не знаев. Му ја кршев вилицата на безаконикот и од забите му го вадев пленот". {3С 518.4}

Гревот на еден лаком човек ја поразил цела израелска војска пред нивните непријатели. Погрешното постапување на еден член кон неговиот брат ќе ја засолни Божјата светлина од Неговиот народ сè додека не се отстрани злото и додека угнетените не се земат во заштита. Од припадниците на Својот народ Господ бара да бидат нежни во своите чувства и праведни во расудувањето, широкогради и длабоко сочувствителни, а не ограничени, себични и скржави. Неопходни се особини на благородно сочувство, широчина на душата и несебично добродетелство. Тогаш црквата ќе може да триумфира во Бога. Но сè додека се дозволува себичноста да ги задушува спонтаните чувства, нежноста, љубовта и искрениот интерес за своите браќа, тоа ја нагризува секоја доблест како р'ѓа. Треба добро да го проучиме постот препорачан во книгата на пророк Исаија 58:6-10 и во длабоко преиспитување на сопствениот живот да видиме колку се држиме до тие од Бога одредени начела, за како Негов народ да можеме да го примиме ветениот благослов. {3C 519.1}

Од припадниците на Својот народ, Бог бара во никој случај да не дозволат угнетување на сиромашните и ужалените. Тие ќе ги примат ветените благослови само ако го скршат секој јарем и ги ослободат угнетените, постапувајќи несебично и со многу оглед кон сиромашните и оние кои се неволја. Ако во црквата се најдат и такви кои пред слепите ставаат камен за сопнување, таквите треба да се повикаат на одговорност: бидејќи Бог бара од нас да бидеме заштитници на слепите, ужалените, вдовиците и сирачињата. Каменот на сопнување спомнат во Божјата реч не значи само парче дрво или некој друг материјал ставен пред нозете на слепиот за да се сопне туку значи многу повеќе од тоа. Тоа се однесува на секоја постапка со која може да се наштети на влијанието на слепиот брат, да се работи против неговите интереси и да се попречува неговиот просперитет. {3C 519.2}

Братот кој е слеп, сиромашен и болен, а прави сè што е во негова моќ сам себе да се издржува и да не зависи од другите, треба да се храбри и да му се крепат рацете на секој можен начин. Меѓутоа, оние кои тврдат дека се негови браќа, кои можат да ги користат сите свои работни способности и да не зависат од никој, но кои ги забораваат своите должности кон слепиот до таа мера што со своите постапки го збунуваат, растажуваат и попречуваат неговиот животен пат - прават грев за кој ќе мораат длабоко да се каат пред Бога и во потполност да се менуваат ако сакаат Бог да ги прими нивните молитви. И Божјата црква (во тоа место) која дозволи да му се прави неправда на унесреќениот брат, ќе биде виновна за тој грев сè додека не направи сè што е во нејзина моќ тоа зло да се отстрани. {3C 519.3}

На сите ни е познат Аховиот случај. Тоа во светата историја е запишано за сите поколенија, а посебно за оние „на кои ќе дојде крајот на светот". Исус Навин паднал ничкум на земја, плачејќи пред Бога, бидејќи Израел морал срамно да се повлече пред своите непријатели. Но Господ му наредил на Исус Навин велејќи: „Стани, што си паднал на своето лице?" Дали ве понижив без причина, ускратувајќи ви го Своето присуство? Дали Бог без причина раскинува со Својот народ? Не; Тој му рекол на Исус Навин дека прво мора да направи нешто за неговата молитва да биде услишена. „Израел згреши и го престапи Мојот завет; зашто земаа од проклетите работи и украдоа и го ставија меѓу своите работи". „Нема веќе да бидам со вас," продолжил Бог, „ако не го истребите помеѓу себе проклетството". {3C 520.1}

Со овој пример добиваме претстава за одговорноста на црквата и за делото кое Бог го бара од неа за повторно да го има Неговото присуство. Вината и гревот паѓа на

црквата во било кое место ако не ја пронајде причината за духовната темнина и тешкотиите кои постојат во неа. Црквата во _____ не може да биде жива и успешна сè додека нејзините членови не се пробудат, не го увидат и не го отстранат злото кое постои меѓу нив и кое спречува Божјиот благослов да се излие на нив. Црквата не смее да дозволи на унесреќените членови да им се прави неправда. Токму таквите заслужуваат сочувство, благородност, најсесрдно внимание и наклонетост на секој Христов следбеник. Вистинските Христови ученици, по углед на Неговиот пример и во хармонија со Него, секогаш се подготвени да им помагаат на оние на кои помошта им е најпотребна. Слепилото на брат Е претставува многу болен удар за него и сите околу него треба да се трудат да бидат „околу слепиот" за тој што помалку да го чувствува својот недостаток. Има и такви кои будно следат да не пропуштат ниту една можност за стекнување на лична корист и земска добивка, како очите да им служат само за тоа; но Бог може да ги збуни на начин кој воопшто не го очекуваат. {3С 520.2}

Ако во Својата милост Бог му дал на тој слеп човек пронаоѓачка способност за да ја употреби за свое лично добро, Тој не дозволува било кој да му завидува на тој човек поради таа привилегија и да му ја задржува добивката која му ја донесува тој дар даден од Бога. Во недостаток на вид, слепиот човек наидува на пречки и тешкотии на секој чекор. Срцето кое не е трогнато со сожалување и сочувство кога ќе види слеп човек како со пипкање го бара својот пат низ животот, пат кој за него секогаш е обвиткан со темнина, навистина е тврдо и закоравено и мора да се омекне со Божјата благодат. Слепиот човек никогаш не е во можност да го види лицето кое му е наклонето и на него да прочита нежно сочувство и вистинска благонаклонетост. Тој не може да ги набљудува убавините на природата ниту трагите на Божјото присуство во делата на создавање. Со својата величественост тие не можат да го тешат и разведруваат кога ќе го обземе очај. Колку со задоволство, кога тоа би било можно, би го заменил своето слепило и сите земски добра за благодатта на видот! Тој е затворен во свет на постојана темнина и зар неговите од Бога дадени права да се фрлаат под нозе за други да дојдат до добивка! {3С 521.1}

47. ЧОВЕКОВАТА ДОЛЖНОСТ КОН БЛИЖНИТЕ

Покажани ми се извесни поединости во поглед на семејството на брат И и тоа на мене, откако дојдов во ова место, остави силен впечаток, така што одлучив да пишам. Брате И, покажано ми е дека себичноста која постои во твоето семејство се налепи за вас како лепра. Вие морате тоа да го увидите и да го победите, бидејќи себичноста во Божјите очи претставува тежок грев. Како семејство, толку долго се поведувате по сопствените желби, себични задоволства и удобности, така што воопшто не увидувате дека други имаат право било што да бараат од вас. Вашите мисли, планови и сите напори се сосредоточени на вас и живеете само за себе. Не учествувате во несебичното добродетелство, кое со пракса би се зголемило и би зајакнало сè додека не ви стане вистинско задоволство да им правите добро на другите. Би чувствувале дека во животот имате одредена цел која донесува награда подрагоцена од секој износ во пари. Морате многу повеќе да се интересирате за луѓето со кои доаѓате во допир; на тој начин вие во душата поблиску ќе се поврзете со Христа и исполнети со Неговиот Дух, ќе бидете толку

цврсто и трајно врзани за Него така што ништо нема да може да ве одвои од Неговата љубов. {3С 521.2}

Христос е животворна лоза; и ако сте прачки на таа лоза, Неговиот животворен сок кој минува низ секоја прачка, ќе ве храни и вас така што нема да бидете празни и бесплодни. Како семејство и како поединци, вие на зборови Му служите на Христа; но мерени на мерилата на светилиштето, се најдовте лесни. Секој од вас поединечно мора целосно да се преобрази за да можете да бидете она што несебичните и посветени христијани треба да бидат. Ништо, освен потполно обратување, не може да ви даде вистинска претстава за недостатоците на вашиот карактер. Наклонети на духот на времето, вие сите негувате љубов кон светот. „Кој го љуби светот," вели апостол Јован, „нема Таткова љубов во него". Духот на себичност го стеснува вашиот делокруг само на вашите лични интереси. Ви недостига чиста и неосквернавена вера. Едноставноста на вистината ќе ве наведе да сочувствувате со другите во нивните неволји. Има страдалници на кои вашата наклонетост и вашата љубов толку добро би им дошле. Развивањето на тие карактерни особини е составен дел на животворната задача која Христос ни ја доверил на сите нас. {3С 522.1}

Ако не го земете својот крст, подготвени во самооткажување да правите добро од несебични побуди, нема пред Бога да имате за тоа никаков изговор. Кога би се потрудиле да стекнете дух на независност, што се бара од секој христијанин, вие преку Божјата благодат би можеле да се оспособите за делото на придобивање на души. Бог во однос на вас има сосема оправдани барања на кои никогаш не одговоривте. Насекаде околу нас има толку души кои копнеат по сочувство и љубов. Но вие, како и многу други, речиси сте потполно лишени од онаа неизвештачена љубов која природно се излева во сомилост и сочувство кон оние кои се во неволја, кои се болни и сиромашни. И со самиот израз на своето лице, кое претставува огледало на душата, човекот влијае на другите или на добро или на зло. Никого од нас Бог не повикува будно да ги следиме своите браќа и да жалиме поради нивните гревови. Тој ни одредил задача која треба да ја извршиме за себе и нѐ повикува тоа да го направиме одлучно, во Божји страв, имајќи ја во вид само славата на Неговото име. {3С 522.2}

Секој од нас, без разлика дали е верен или не, ќе мора пред Бога да полага сметка за себе, а не за другите. Со пронаоѓање на недостатоци кај другите кои тврдат дека се христијани и со осудување на нивното држење нема да ги оправдаме ниту намалиме своите грешки. Не смееме да земаме други за свој критериум ниту пак да го оправдуваме своето држење со тоа што другите прават зло. Бог ни дал совест со која секој за себе треба да се раководи. Во Неговата реч се изложени големите начела кои се доволно јасни да ни бидат патоказ во нашиот живот и однесување. Вие драги мои пријатели, како семејство, не се држевте за начелата на Божјиот закон. Никогаш не го почувствувате товарот на должности кои човекот го има кон своите ближни. {3С 523.1}

„И еден законик стана и искушајќи Го рече: 'Учителу, што треба да правам за да бидам спасен?' А Тој му рече: 'Што е напишано во законот? Како читаш?' А Тој му рече: 'Љуби го својот Господ со сето свое срце и со сета своја душа и со сета своја сила и со сета своја мисла, а својот ближен како самиот себе.' Исус му рече: 'Право кажа; прави го тоа и ќе бидеш жив.' А тој, во желба да се оправда, му рече на Исуса: 'Кој е мојот ближен?' А Исус одговарајќи рече: {3С 523.2}

„Еден човек одеше од Ерусалим во Ерихон, па го фатија разбојници кои го соблекоа и претепаа, па заминаа, оставајќи го полумртов. Одненадеж по тој пат доаѓаше еден свештеник и откако го виде, си замина. Потоа помина и еден Левит и откако го виде, си замина. А потоа помина еден Самарјанин и откако го виде, се сожали над него и му ги приви раните и ги зали со масло и вино, па го стави на своето магаре и го одведе во една гостилница и остана со него. Изутрината му рече на гостилничарот: внимавај на него и колку ќе потрошиш за него, јас ќе ти платам кога ќе се вратам. Што мислиш, кој од овие тројца му бил ближен на оној што го фатиле разбојниците? А тој рече: 'Оној кој се смилувал над него.' А Исус му рече: 'Оди и ти прави така.'" {3С 523.3}

Овде Спасителот на наједноставен начин јасно ги изложил условите на вечниот живот. Човекот кој бил претепан и ограбен ги претставува оние на кои им го укажуваме своето внимание, сочувство и милосрдие. Ако ги запоставиме случаите на несреќниците кои ќе се најдат на нашиот пат, без оглед кои се тие, не си осигуруваме себеси вечен живот, бидејќи не одговараме на барањата кои Бог ни ги поставил. Не манифестираме сочувство и сомилост кон членовите на човечките семејства затоа што не ни се сонародници или роднини. Вие ја престапувате втората голема заповед со која се опфатени шест заповеди од втората плоча на Божјиот закон. „Зашто кој ќе згреши во едно, виновен е за сè". Оние кои не го отвораат своето срце пред потребите и страдањата на човечкиот род, нема да го отворат своето срце ниту пред Божјите барања содржани во првите четири заповеди на Неговиот закон. Идолите бараат срцето и чувствата да им се подарат ним и на Бога не му се оддава слава како на Прв и Највисок. {3С 524.1}

Вие, како семејство, имате едно сериозно промашување. Вие не ги држите Божјите заповеди во најстрога смисла. Можеби во нешто сте исправни, но го запоставувате она што е најважно - судот, милосрдието и Божјата љубов. Иако обичаите на овој свет не се наш критериум, видов дека сомилоста, сочувствата и благонаклонетоста на светот кон унесреќените во многу случаи ги засрамува оние кои тврдат дека се Христови следбеници. Многумина манифестираат рамнодушност кон оние кои Бог ги доведува меѓу нив за да ги испита и да покажат што им е во срцето. Бог ги чита побудите на срцето. Тој ја забележува секој постапка на себичност и покрај имињата на таквите запишува: „Виновници, пронајдени лесни, престапници на законот". Секој од нас ќе биде награден според своите дела. Секое запоставување на должностите кон оние кои имаат потреба претставува запоставување на должноста кон Христа во лицето на Неговите светии. {3С 524.2}

Кога случаите на сите живи ќе бидат разгледувани пред Бога, нема да се постави прашањето што исповедале, туку што правеле? Дали само ја слушале Божјата реч или правеле добродетелства во делата на милосрдие и љубов, ценејќи ги другите повеќе од себе и откажувајќи се од себе за да послужат на благослов на другите? Ако записите покажат дека таков бил нивниот живот, дека нивниот карактер бил обележан со давање, самооткажување и добродетелство, Христос ќе им упати зборови на одобрување и добродетелство: „Добро извршено, добар и верен слуго". „Одете благословени кај Мојот Татко; примете го царството кое ви е подготвено од создавањето". Со својата изразена себичност, со љубовта кон себе и со потполната рамнодушност кон страдањата и потребите на другите, вие го жалостите и ранувате Христа. {3С 525.1}

Нашите напори за другите многу пати можат да изгледаат презрени и потполно напразни. Но тоа не е изговор да се измориме правејќи добро. Колку пати Христос

доаѓал на садниците кои толку нежно ги негувал да бара плод, но не нашол ништо освен листови! Можеби ќе бидеме разочарани од резултатите на нашите најсесрдни напори, но тоа не смее да нè наведе да станеме рамнодушни кон страдањата на другите и да не правиме ништо. „Проколнете го Мироз, рече Господовиот ангел, проколнете ги неговите жители, бидејќи не дојдоа во помош на Господа, во помош на Господа против насилниците". Колку пати Христос се разочарал во оние кои тврдат дека се Негови деца! Тој им дал несовладливи докази за Својата љубов. Станал сиромав за да се збогатиме со Неговото сиромаштво. Умрел поради нас, за да не пропаднеме во своите гревови туку да имаме вечен живот. Што би било ако Христос одбил да ја преземе на Себе нашата вина затоа што малку од нив ја ценат Неговата љубов и непроценливите благослови кои ни ги донел на сите? Мораме да бидеме подготвени на трпение и најмакотрпни напори. Сега е потребна храброст, а не опаѓање на духот и мрзоволно мрморење. Ние се наоѓаме на овој свет за да работиме за Господа, а не да попуштаме на своите склоности и задоволства, да служиме на сопственото „јас" и да се славиме и величаме себеси. Зошто тогаш би биле неактивни и обесхрабрени со тоа што не ги гледаме веднаш резултатите кои ги сакаме? {3С 525.2}

Наше е да работиме во Господовото лозје, не само за себе туку и за добро на другите. Влијанието кое го ширите претставува за другите или благослов или проклетство. Овде сме затоа за да го усовршиме својот карактер за живот на небото. Да настојуваме да го работиме она што ни е должност, а не само да се жалиме на Божјото провидение и да го собираме она со што сами си го загорчуваме животот. Непријателот никогаш нема да ни даде мир. Ако навистина сме Божји деца, ќе бидеме вознемирувани и жестоко напаѓани и не треба да очекуваме сатаната и оние кои се под негово влијание да постапуваат убаво со нас. Но постојат ангели кои се ненадминливи во силата и кои ќе бидат со нас во секој судир, само ако останеме верни. Христос во пустината на искушението го победил сатаната во наше име. Тој е неспоредливо помоќен од сатаната и наскоро ќе го сотре под нашите нозе. {3С 526.1}

Вие, и како семејство и како поединци, секогаш пронаоѓавте некој заговор да не учествувате активно и ревно во служба за својот Господар и на Неговото дело. Бевте премногу немарни, препуштајќи им на другите да ги носат тешките бремиња кои вие можевте и бевте должни да ги носите. Вашата духовна сила и благослови ќе бидат соодветни на вашата љубов кон Божјото дело и вашите добри дела. Апостол Павле нагласува: „Носете ги бремињата еден на друг и така ќе го исполните Христовиот закон". Држењето на Божјите заповеди бара од нас добри дела, самооткажување, самопожртвување и потполна посветеност во залагањето за добро на другите. Само со добри дела не можеме да бидеме спасени. Кога ќе направиме сè што е во наша моќ, тогаш можеме да кажеме: „Го направивме она што сме должни да го направиме и во најдобар случај сме само „неполезни слуги" потполно недостојни за Божјата милост и Неговото одобрување. Христос мора да биде наша правда и круна на нашата радост. {3С 526.2}

Вие со својата лична правда и телесна сигурност се оградивте како со некој ѕид. Како семејство полни сте со дух на независност и горделивост. Тие особини ве одвојуваат од Бога. Тоа е сериозен недостаток кој мора да се увиди и победи. За вас е речиси невозможно да ги увидите и признаете своите грешки и заблуди. Имате премногу високо мислење за себе и тешко ви е да увидите и со признавање да ги отстраните своите постапки во секој поглед, без оглед дали се исправни или погрешни. Додека уште

не е предоцна да се поправите, приближете се кон Христа во своето срце и во молитва и понизност настојувајте да се запознаете самите себеси. Ако не се пробудите и не почнете да соработувате со Христа, ќе бидете изгубени. Вие сами се затворате во непробојниот оклоп на студената бесчувствителност. Во вашите односи со другите има премалку живот и топлина. Вие живеете само за себе, а не за Христа. Безгрижни сте и потполно незаинтересирани за потребите и животните прилики на другите кои се помалку среќни од вас. Насекаде околу вас се наоѓаат луѓе кои чувствуваат глад на душата и кои копнеат по љубов изразена со убави зборови и очекувана постапка на љубезност. Пријателската наклонетост и вистинското чувство на нежно грижење за другите би донело на душата на секој од вас благослови какви што никогаш не сте искусиле, доведувајќи ве во тесно сродство со нашиот Откупител, Кој дошол на светот само за да им прави добро на другите и Кој со Својот живот ни оставил најдобар Пример. Што правите за Христа? „Гледајте да влезете на тесната врата, бидејќи ви велам: многумина ќе бараат да влезат и нема да можат". {3C 526.3}

Љубов и склад во семејството

Многумина на овој свет копнеат по љубов и наклонетост кои би требало да им се пружат. Во повеќето случаи мажот ја сака својата сопруга, но е премногу себичен за да го манифестира тоа. Лажното достоинство и горделивост најчесто не дозволуваат на луѓето да им ја покажат својата љубов со зборови или на дело. Многумина од таквите никогаш нема да дознаат колку срцето на неговата сопруга копнее по нежни зборови на признание и наклонетост. Кога ќе ги погребаат своите сакани и кога веќе нема да ги видат, би виделе дека со својот начин на постапување ја предизвикале нивната предвремена смрт. Христовата вера нè наведува да бидеме љубезни и учтиви, а не толку напорни и непопустливи во своето мислење. Би требало да умреме за себичноста и да ги цениме и почитуваме другите повеќе од себе. {3C 527.1}

Божјата реч е наш критериум, но колку Неговиот народ се оддалечил од тоа! Нашата вера треба да биде не само теоретска туку и практична. Чистата и неопоганета вера не ни дозволува да ги фрламе под нозе правата и на најмалото Божјо создание, а не пак правата на оние кои се членови и на Неговата црква и на нашето семејство. Бог е љубов и секој кој живее во Бога, живее во љубов. Влијанието на световната себичност кое опкружува многумина е сличен на градоносен облак, од кој замрзнува и самиот воздух кој други мораат да го вдишуваат, предизвикува болест и на телото и на душата и често останува толку студен до самата смрт.

Да се негува чиста и несебична љубов и добродетелство кое не е мотивирано од лични интереси, да се попушти во своето мислење, да се потчини својот суд и да се прифати советот на други луѓе - тоа за вас изгледа како претежок крст. Некои од членовите на вашето семејство основале свое семејство. Но оној ист дух кој во помала или поголема мера постоел во домот на нивните родители, пренесен е и во нивните огништа, а се чувствува и надвор од семејниот круг. Ним им недостига едноставност, христијанска нежност и несебична љубов. Тие не можат да бидат родни прачки на вистинска Лоза сè додека не ги победат себичните црти во својот карактер. „Со тоа ќе се прослави Мојот Татко," вели Христос, „да родите добар род и ќе бидете Мои ученици". Вие треба да му се приближите на Исуса, да Го доведете во својот дом и во своето срце.

Вие не треба само да знаете што е исправно туку тоа да го направите од најискрени побуди, имајќи ја пред очите само славата и честа на Божјото име. Би можеле да бидете од помош во Божјото дело, ако ги прифатите условите дадени во Божјата реч. {3С 528.2}

Христовата вера е нешто повеќе од самото исповедање на зборови. Христовата правда се состои во правилно постапување и во добри дела, кога тие произлегуваат од чисти и несебични побуди. Надворешната правда, кога недостига внатрешниот украс на душата, нема никаква вредност пред Бога. „А ова е пораката која ја слушнавме од Него и која ви ја јавуваме вам: дека Бог е светлина и дека во Него нема никаква темнина. Ако кажеме дека имаме заедница со Него, а одиме во темнина, лажеме и не ја твориме правдата. Ако одиме во светлина, како што и Тој самиот е светлина, имаме заедница едни со други и крвта на Исуса Христа нè очистува од секој грев". Ако немаме светлина и Божја љубов, не сме Негови деца. Ако не собираме со Христа, тогаш растураме. Сите ние ширите одредено влијание кое се одразува на судбината на другите, за нивно сегашно и идно добро или пак за нивна вечна загуба. {3С 528.3}

Ј и К немаат никаква наклонетост и љубов кон оние не припаѓаат на нивното семејство. Тие се наоѓаат во опасност будно да пронаоѓаат недостатоци во животот на другите, додека поголемо зло постои неразоткриено во нив самите. За да можат тие драги души да влезат во небото, тие мораат да умрат за себичноста и да стекнуваат искуство во добри дела. За да го усовршат христијанскиот карактер и да станат едно со Христа, тие мораат да се учат во Христовата школа. На Своите ученици Исус им рекол: „Ако не бидете како деца, нема да влезете во небесното царство". Потоа објаснил што сакал со тоа да им каже. Тој не сакал тие да бидат како деца во поглед на поимањето туку во поглед на манифестирањето на пакост и злоба. Малите деца не манифестираат чувства на надмоќност и суверено владеење над другите. Тие се едноставни и природни во своето однесување. Христос сака Неговите следбеници да негуваат неизвештачени манири, во своето однесување да бидат секогаш совршени и кротки, слични на Него. Тој ни дава должност да живееме поради добро на другите. Тој од своите царски дворови на небото дошол на овој свет за да покаже колку се грижи за спасението на човекот; и неизмерната цена платена за откупување на човекот покажува дека човекот е толку драгоцен во Христовите очи, така што Тој бил подготвен да ги жртвува сите богатства и почести на царските дворови за да го подигне човекот од деградацијата предизвикана од гревот. {3С 529.1}

Кога Тој како Височество на небото бил подготвен на сето тоа за да ја покаже Својата љубов кон човекот, што би требало да прават луѓето, помагајќи си едни на други да излезат од темнината и страдањата? Христос вели: „Љубете се еден со друг како Јас што ве љубев," не повеќе од тоа; бидејќи „од оваа љубов никој нема поголема, отколку да го положи својот живот за своите пријатели". Нашата љубов често е одраз на себичност, бидејќи е ограничена во пропишани граници. Кога ќе се соединиме и блиску поврземе со Христа, нашата љубов, нашата наклонетост и нашето добродетелство со постојана примена ќе бидат сè поделотворни и подлабоки. Љубовта и сочувството на Христовите следбеници не смеат да има никакви ограничувања. Оние кои живеат само за „себе и за своето" нема да го наследат небесното царство. Бог ве повикува да негувате љубов, помалку да мислите на себе, а многу повеќе за страдањата и искушенијата на другите. Духот на себичност кој го негувате цел живот е соодветно прикажан во држењето на свештеникот и левитот кои поминале покрај несреќниот човек и преминале на другата

страна. Тие виделе дека на тој човек му е потребна помош, но намерно го заобиколиле. {3C 529.2}

Секој од вас треба да се пробуди и потполно да го промени начинот на живеење, за да можете да излезете од таа опасност која се нарекува себичност. Искористете го краткото време на милост и проба кое ви преостанува, правејќи сè што е во ваша моќ да ги исправите пропустите во својот досегашен живот. Бог ви дал живот на овој свет полн со страдања за да ве испита и да се види дали ќе се удостоите за вечен живот. Насекаде околу нас има толку страдалници кои со копнеж очекуваат некој збор на сочувство, љубов и внимание и на кои им се неопходни нашите понизни и сердни молитви. Некои страдаат под железната рака на сиромаштијата, некои ги мачи болест, а некои душевни страдања, очај и замор. И вие сте должни како некогаш Јов да бидете око на слепиот, нога на сакатиот, распрашувајќи се за случаите кои не ви се познати, за да им укажете помош во она што им е најпотребно. {3C 530.1}

Л треба да негува вистинска љубов кон својата сопруга, изразувајќи го тоа и со зборови и со дела. Тој треба да негува чувство на нежност и пријатно расположение. Сопругата му е премногу чувствителна и природно приврзана и потребна ѝ е нежност. Секој збор на нежност, почит и љубезно охрабрување, таа ќе знае да го запомни и да го возврати со љубов на својот сопруг. Само во близок контакт со Христа неговата несочувствителна потреба и студена резервираност можат да бидат победени со божествената љубов. Не е никаква слабост ниту жртвување на машкото достоинство ако сопругот со зборови и со дела ѝ пружи на својата сопруга докази на нежност и сочувство; и тоа не треба да се завршува во кругот на семејството туку треба да се прошири и на оние кои се надвор од тој круг. Л тука може да го направи она што никој друг не може да го направи наместо него. Тој може да стане силен во Господа ако биде подготвен да го понесе товарот на одговорност во Неговото дело. Своите чувства и љубов тој треба да ги насочи на она што е небесно и својот карактер да го изгради за вечен живот. {3C 530.2}

Сестра К има многу ограничена претстава за тоа што значи да се биде христијанка. Таа сака да се ослободи од секој товар, а Христос толку поднел поради неа. Не е подготвена да го носи својот крст и на најдобар начин да ги користи своите способности и таленти кои ѝ се од Бога дадени. Таа не ја стекна онаа морална цврстина и храброст ниту чувствува тежина на лична одговорност. Не е подготвена да поднесува приговори и префрлања поради Христа, држејќи се за ветувањата: „Блажени се оние кои ќе бидат укорени за Христовото име, зашто Духот на славата и на Бога почива на нив". „Ако трпиме, со Него ќе царуваме". Господ има задача за секој од нас. Да се поминува животот во безделничење и себичност, а сепак да се усоврши христијанскиот карактер - е невозможно. Тој сака сите членови на твоето семејство да ги отворат своите срца за благото влијание на Неговата љубов и благодат, за да може нивното сочувство кон другите да се прелева преку себично подигнатите ѕидови на семејната и национална изолираност, како што направил и милостивиот Самарјанин за непознатиот несреќник кого неговиот свештеник и левитот го оставиле да умре. Покажано ми е дека на многумина во светот им е потребна нашата љубов и внимание; и кога ќе помислиме дека само еднаш минуваме низ патеката на животот и дека никогаш не можеме да се вратиме да ги исправиме направените грешки - колку е важно низ животот да одиме онака како што треба! {3C 531.1}

Пред извесно време ми беше покажан случајот на Ј. Верно укажував на нејзините грешки и заблуди, но во последната визија ми беше покажано дека тие грешки сè уште

постојат и дека таа е многу студена и бесчувствителна кон децата на својот сопруг. Таа ги казнува и непоштедно ги укорува не само за сериозните пропусти туку и за безначајните ситници преку кои би требало да премине незабележано. Постојаното пронаоѓање на грешки е лоша навика и во срцето на таквите нема Христов Дух. Преку она што е добро кај тие деца таа минува без ниту еден збор на пофалба и одобрување, додека сè уште е подготвена да ги укорува и осуди ако згрешат во нешто. Тоа секогаш ги обесхрабрува децата и ги наведува да создадат навики на немарност. Така во нивното срце се поттикнува зло и тие стануваат слични на разбрането море чии бранови ги исфрлаат „нечистотиите и калта". Кај децата кои навикнале на постојано казнување се јавува одбојност и тие често велат: „Не ми е грижа" и злите страсти често се манифестираат без никаков оглед за последиците. {3C 531.2}

Секогаш кога може да ги пофали своите деца за нивното добро однесување, мајката тоа треба да го прави со задоволство. Секогаш треба да ги поттикнува и охрабрува со зборови на одобрување и со поглед полн со љубов. Тоа ќе делува на срцата на децата како сончеви зраци, будејќи во нив чувство на самопочит и позитивна гордост. Сестра J треба повеќе да развива во себе чувство на љубов и сомилост и понежно да постапува со децата без мајка кои се доверени на нејзина грижа. Тоа би бил вистински благослов за тие деца кои му се многу драги на Бога и кои тоа би ѝ го возвратиле со својата љубов. {3C 532.1}

Според својата природа децата се многу чувствителни и нежни. Лесно можат да се развеселат, но исто толку лесно можат и да се направат несреќни. Со благородно дисциплинирање, благи зборови и дела на љубов, мајките можат да ги привржат децата за своето срце. Да се манифестира строгост и премногу да се бара од децата е многу погрешно. Неопходни се непристрасна контрола и цврстина во дисциплинирање на семејството. Кажи го мирно она што го сакаш, дај објаснување за своите постапки и постапувај во склад со своите зборови. {3C 532.2}

За манифестирање на љубов и внимание во однесувањето со децата, наградата сигурно нема да изостане. Не ги одбивај со неразбирање за нивните детски игри, радости и болка. Никогаш немој да бидеш со намрштено чело и од твоите усни никогаш нека не излезе остар збор. Секој таков збор се запишува во божествените записи. Таквите зборови предизвикуваат мрзоволност и го рануваат детското срце и во некои случаи тие рани тешко се лекуваат. Децата се чувствителни и на најмала неправда и не можат да се покорат на лутото заповедање, закани и казнување. Со погрешниот начин на дисциплинирање, родителите често сами предизвикуваат дух на одбојност кај своите деца, кај кои со правилно постапување би можел да се развие добар и складен карактер. Мајката која не може во потполност да се контролира себеси не е во состојба да ги воспитува своите деца. {3C 532.3}

Брат M е во потполност под влијание на својата жена. Тој во многу нешта станал себичен како и таа. Неговиот ум е потполно обземен со мислите само „за себе и за своето," исклучувајќи сè друго што е всушност бескрајно позначајно. Во семејниот живот тој не зазема свој став како татко на стадото кое му е доверено и не е непристрасен во постапувањето со своите деца ниту пак постапува кон нив без тежината на туѓото влијание. Неговата сопруга не е и без потполна преобразба не може никогаш да биде вистинска мајка на неговите сироти деца кои останале без својата мајка. Како татко, брат M не го зазема кон своите деца оној став кој би бил по волја на Бога. Овие деца без мајка се драгоцени во Божјите очи и спаѓаат во оние со кои Христос се поистоветува, како со

најмали од Своите браќа. Брат М по својата природа е нежен, великодушен, чувствителен и љубезен, додека неговата жена е чиста спротивност од сето ова. Но наместо тој облагородувачки да влијае на карактерот на својата сопруга, таа влијае на него. {3С 533.1}

Тој смета дека поради мир во домот мора да преминува преку многу нешта што ја вознемирува и мачи неговата душа. Се навикна на тоа од неа да не очекува попуштање и отстапување од личното мислење. Таа сака да господари и да ја спроведува својата волја без оглед на цената. Сè додека и двајцата не вложат најсесрдни напори да се реформираат, тие немаат никакви изгледи за вечен живот. Светлината која им е дадена тие потполно ја занемариле. Себичната љубов кон овој свет ја помрачила нивната свест и ги одрвенила нивните срца. Ј мора да увиди дека доколку не ги отфрли своите себичност и самоволие, таа не може да влезе на небо. Со таквите особини во својот карактер таа и понатаму би ги навредувала сите околу себе. Во Христово име ја повикувам сестра Ј без одложување да се пробуди од својата затапена рамнодушност и да го послуша советот на Верниот Сведок, и во ревност да се покае бидејќи нејзината душа е во опасност. {3С 533.2}

Бог е милостив и секогаш подготвен да ја прими жртвата на понизното срце и понизниот дух. Дали сестра Ј ќе се обиде, како свештеникот и левитот од Христовата парабола, да пронаоѓа изговори за тоа што, не забележувајќи ги и не чувствувајќи ги страдањата и болката на другите, преминува на друга страна? Бог ја смета одговорна поради занемарување на должностите во укажување на сочувство и нежност кон несреќниците. Таа не ги држи токму оние Божји заповеди кои јасно укажуваат на должностите кон ближните. „Прави го тоа," му рекол Христос на законикот, „и ќе живееш". Со таквото занемарување на должностите кон ближните се губи вечниот живот. {3С 533.3}

Исклучивост во семејството

К, тоа кутро дете, како и многу други има да изврши една сериозна задача за која никогаш не сонувала. Таа многу се оддалечила од Бога. Наместо несебична љубов кон душите и настојување да ги приведе кон Христа, таа во својот недостаток на љубов премногу се занимава сама со себе и копнее во духот и постапките што повеќе да се прилагоди кон светот. Таа треба да умре за сопственото „јас" и да стекне живо искуство во добродетелството. Тој студен дух на непристапност треба потполно да исчезне пред топлите сончеви зраци на Христовата љубов. Таа премногу се затвора во себе. Бог во неа видел едно неразвиено растение кое не донесува никакви плодови, освен листови. Нејзините мисли се сосредоточени исклучиво само на „себе и на своето". Во Својата милост го кастрел саканото растение и му ги отсекувал гранките, за што подлабоко и подобро да се вкорени во земја. Се трудел да го привлече кон себе како свое сакано дете. Во својот верски живот таа била речиси потполно бесплодна и ќе биде одговорна за талентите кои ѝ се од Бога доверени. Кога би се согласила да ги сруши ѕидовите на себичност со кои се оградила од Божјата светлина и љубов, би можела да биде корисен и успешен Христов соработник. {3С 534.1}

Нашето сочувство и нашите совети им се потребни на многумина околу нас, но во својство на советник не смееме да се издигнеме над оние на кои им ги даваме советите,

а нив да ги понижуваме. На сестра К во срцето ѝ недостига Божја љубов која би ја направила нежна и полна со сочувство. Длабока претпазливост, нежност и љубов полна со почит, треба да се одразуваат во самиот поглед и глас. Секој поглед и секој тон на гласот во кој се чувствува она „посупериорен сум од тебе" ја замрзнува атмосферата околу таквата личност и повеќе личи на мраз отколку на сончеви зраци кои донесуваат топлина. Сестро моја, ти си многу самоуверена и се дружиш со луѓето од својата околина само ако можеш да им го наметнеш своето влијание. Никогаш и не помислуваш да се прилагодиш на другите во она во што си подобра, а своето расудување и своето мислење да го потчиниш на нивното. Се раководиш според своите сфаќања и ги оправдуваш своите идеи и постапки. Ако во нешто не успееш да ги убедиш другите, упорно повторно и повторно се враќаш на истото прашање. Таа особина во твојот карактер, доколку е посветена на Бога и контролирана со Неговиот Дух, би била вредна за пофалба, но вака таа претставува само проклетство и за тебе и за другите. Тврдењата и советите кои одразуваат диктаторски дух не се добри плодови. Кога Христовата љубов која ја разнежнува и ја облагородува природата би била во твоето срце, тоа би се одразувало во твоите односи кон членовите на семејството и кон сите со кои доаѓаш во допир. {3C 534.2}

Стравувам дека К ќе ја пропушти можноста за спасение. Таа толку го љуби светот и сè што е на него, така што не ѝ останува ниту малку љубов за Христа. Таа толку потона во себичност, така што блескавите зраци на небесната светлина не можат да продрат низ студените и мрачни ѕидови на самољубие и вообразеност, кои ги подигаше за време на својот живот. Љубовта е клуч кој го отвора срцето, но таа никогаш не ја негуваше таа драгоцена билка. Себичноста толку го замати нејзиниот духовен вид, така што таа тоа воопшто веќе не ни го забележува. Таа има толку малку животно искуство во верата така што со сето срце му припаѓа на овој свет и стравувам дека за неа овој свет претставува небо. Под такво негативно влијание и нејзиниот сопруг не увидува дека само поткрепен со Божјата благодат може да стекне морална сила, за да се заложи за она што е правилно. Таа не само што не го сфаќа и не го прави она што Бог од неа со право го бара туку со својот диктаторски дух настојува да ги врзе рацете и на својот сопруг, и во тоа вешто успева. Тој сега е потполно заслепен. {3C 535.1}

Барањата кои Бог ги има кон брат М се поважни од секоја земска роднинска врска. За да стекне складен христијански карактер и право на влегување во Божјото царство, тој треба да има маст за очи, бели облеки и злато прочистено во оган. Само потполното обратување може да ѝ ги отвори очите на неговата сопруга за да ги увиди своите заблуди и грешки и да ги победи. Кај неа мора да дојде до потполна промена за да ја увиди својата вистинска состојба и неопходност од реформа. Таа е многу далеку од подготвеноста да учи од небесниот Учител Кој бил кроток и понизен во срцето, бидејќи кротоста се смета за слугување и се мисли дека е понижувачки за човекот да е понизен и кроток во срцето, и другите да ги цени повеќе од себе. {3C 535.2}

Сестра Ј манифестира заповеднички дух на гордост и самоволие. Во негувањето на дух на благост и кротост таа не гледа никаква привлечност ниту пак доблести кои се посакуваат. Поседувањето на овој толку драгоцен украс таа толку малку цени, така што воопшто не се согласува да го носи. Духот на мрзоволност кој таа толку често го манифестира е спротивен на Божјиот Дух, толку колку што исток е далеку од запад. Вистинската благородност во Божјите очи претставува бисер од непроценлива вредност. Оној кој има кротост и понизност нема секогаш да трага по сопствената среќа

туку ќе копнее во целосен заборав на себе да наоѓа најслатко задоволство во настојувањето да ги усреќи другите. {3C 536.1}

Благодарение на Божјото провидение, сестра Н живее одвоено од семејството на својот татко. Иако заедно со останатите манифестира карактеристични особини на тоа семејство, таа покажува и подготвеност да преземе на себе сериозни одговорности и да манифестира сочувство кон страдањата на другите. Таа во извесна мера го отвора своето срце во сочувство и љубов кон целокупното Божјо семејство, покажувајќи интерес и за други. Интересите на Божјото дело го привлекуваат нејзиното внимание. Барем до извесна мера, таа сепак чувствува дека сите паднати смртници му припаѓаат на исто братство. Во настојувањето да се превоспита, во заборав на себе да мисли за другите, вложи многу труд; но сè уште не манифестира во потполност сочувство, разбирање и љубов кон другите, што со право се очекува од Христовите следбеници. Таа треба да манифестира повеќе сочувство и сомилост, а помалку крута и насилна праведност. Кога своето внимание и време ги посвети на значајното прашање на здравствената реформа, таа се издигна над доменот на себичноста. И благодарение на тоа, беше благословена. Правејќи им добро на другите, сè повеќе увидува што треба да прави и е сè поподготвена така да прави. {3C 536.2}

Залагајќи се за другите, таа често доаѓа во ситуација практичната примена на верата да ја доведува во многу мачна и тешка положба. Но како одговор на сесрдната молитва доаѓа и верата, љубовта и довербата кои ја јакнеат душата. Искуство често се стекнува токму преку збунувачките и тешки искушенија. Бог ставил во срцето и нешто повозвишено од љубовта кон самиот себе. Но сопственото „јас" постојано настојува да надвладее сè останато. Сестра Н треба да манифестира повеќе нежност и внимание во секојдневниот допир со другите. Таа мора да научи да го потчини своето „јас". Ако навистина е христијанка, ќе увиди дека својата љубов кон Христа може да ја покаже само ако најдобриот дел од својот живот - а ако треба и целиот живот - го посвети на несебично и трпеливо залагање за другите. Без такво искуство таа ниту оддалеку не постигнува совршенство на христијанскиот карактер. {3C 537.1}

Сестра Н презема извесни чекори во добра насока и членовите на семејството, чувствувајќи дека ги напуштила, го доживуваат тоа како распнување. Тие сметаат дека таа во своите чувства, цели и животни интереси веќе нема ништо заедничко со нив. Тие чувствуваат дека во дружење со таа сестра не можат веќе да наоѓаат радост и среќа како порано. Сметаат дека нејзиното држење е за секоја осуда, дека потполно се променила и дека нејзините чувства веќе воопшто не се истоветни со нивните. Причината за такво несогласување меѓу нив е во тоа што сестра Н напредува во сочувството и разбирањето за другите, додека тие како лош и мрзлив слуга пропуштаат да го направат токму она што Бог го очекува од нив на оваа Земја. Поради тоа, тие духовно назадуваат. Тоа семејство себично се затвора во себе. Сите свои интереси и стремежи ги посветува само на себе и го љуби овој свет. {3C 537.2}

Целта за која се залага сестра Н е многу добра. За неа здравствената реформа е од големо значење, бидејќи од лично искуство ја сфатила неопходноста од реформа. Меѓутоа, во семејството на нејзиниот татко не ја сфаќаат потребата за здравствена реформа. Тие не ја увидуваат улогата која здравствената реформа треба да ја одигра во завршниот дел на овие последни денови. Затоа што не сакаат тоа да го увидат, тие запаѓаат во некои обичаи и треба да се вложат сериозни напори за да се излезе од тоа. Но тие за тоа немаат ниту волја ниту сила. Навистина е ужасно да се корозира од

неактивност. Ако без никакво одлагање не преземат нешто во таа насока, членовите на тоа семејство ќе бидат измерени на мерила и сигурно ќе бидат пронајдени лесни. „Ако некој нема Христов Дух, тој не е Негов". Тоа е јасно кажано. Кој ќе ја издржи таквата проверка? Како што фотографскиот апарат дава верна слика, така Божјата реч ни дава јасна претстава за Божјиот и Христовиот ум, а исто така и за умот на паднатиот човек и за човекот обновен според Христовото обличје, кој поседува божествен ум. Кога своите мисли, чувства и намери ќе ги споредиме со Христовиот пример, ќе видиме дека немаме никаква сличност со Него ако не ги твориме Неговите дела. {3С 537.3}

Христос дошол да ја твори волјата на Својот Татко. Дали ние одиме по Неговите стапки? Оние кои се нарекуваат со Христовото име мораат постојано да настојуваат што поблиску да се запознаат со Него, за да живеат како што живеел Тој и да ги творат Неговите дела. Поуките од Неговиот живот треба постојано да ги применуваме во својот секојдневен живот. Христос се дал Себеси „за да нè избави од секое беззаконие и за да очисти за Себе избран народ кој копнее по добри дела". „По тоа ја познавме Неговата љубов, што Тој го положи Својот живот за нас; ние сме должни да го полагаме својот живот за браќата". Тоа е дело на самооткажување кое мораме да го прифатиме со радост, угледувајќи се на примерот на нашиот Откупител. Христијанскиот живот мора да биде живот на борба и пожртвуваност. Ние треба да одиме по патеката на должноста, а не по патеката која сами ја избравме затоа што е поудобна и полесна. {3С 538.1}

Кога членовите на семејството на брат И ќе ја увидат својата должност и ќе го направат она што Бог од нив со право го очекува, тие нема толку да се издвојуваат од брат и сестра О, сестра Н и останатите кои во своите напори се обединуваат со Господа. Можеби ќе ни биде потребно повеќе време во потполност да се потчиниме на Божјата волја, но доколку не го постигнеме тоа, никогаш нема да бидеме достојни за небото. Вистинската вера го води верникот кон постојано усовршување. Сите свои мисли, зборови, постапки, апетит и страсти морате потполно да ги доведете во потчинетост на Божјата волја, донесувајќи род во светост. Тоа ќе ве наведе да ги земате во заштита сиромашните, вдовиците, сирачињата и несреќниците. Ќе бидете подготвени да творите правда на вдовицата, да им помагате на сиромашните и оние кои се во неволја, правејќи што е праведно, љубејќи ја милоста и одејќи понизно со својот Бог. {3С 538.2}

За да одиме во светлина, мораме да го пуштиме Христа во своето срце и во својот дом. Домот треба да се направи токму она што се означува со тој збор. Тоа треба да биде мало небо на земјата, место каде што љубовта и наклонетоста треба да се негуваат, а не намерно да се задушуваат. Од тоа колку негуваме во семејството љубов, сочувство и взаемна наклонетост, зависи нашата среќа. Причината што во денешниот свет мажите и жените се со толку тврди срца и што се толку бесчувствителни е во тоа што вистинската љубов и чувствителност се сметаат за слабост, па систематски се потиснуваат и се задушуваат. Подобар дел од природата на таквите личности се изопачува и се задушува уште во детството, и доколку зраците на божествената светлина не ја стопат нивната бесчувствителност и нивната студена себичност, нивната среќа е погребана засекогаш. За да имаме нежност во срцето, каква што манифестирал Исус додека живеел на Земјата, и посветено сочувство, какво што имаат ангелите кон грешните смртници, мораме да негуваме чувствителност во детството, која сама по себе е толку едноставна. Тоа ќе ни помогне да се издигнеме, облагородиме и раководиме според небесните начела. {3С 539.1}

Интелектуалниот развој претставува големо богатство; но без ублажувачкото влијание на сочувството и посветената љубов, тоа нема нејголема вредност. Нежно сочувство и внимание кон другите треба да манифестираме и со зборови и на дела. Илјадници ситни вниманија кон другите можеме да изразиме со пријателски збор и пријатен поглед, што ќе ни биде возвратено на ист начин. Невнимателните христијани со своето запоставување на другите покажуваат дека не се обединети со Христа. Невозможно е да се биде обединет со Христа, а во исто време да се биде нељубезен со другите и да се игнорираат нивните права. Многумина чувствуваат силна желба за пријателско сочувство. Бог на секого од нас му дал личен идентитет кој не може да се стопи во личноста на некој друг; меѓутоа, доколку сме навистина Христови и ја прифатиме Неговата волја како своја, тие лични особености помалку ќе се истакнуваат. Својот живот ние треба да го посветиме на доброто и среќата на другите како што го правел тоа и нашиот Спасител. Во целосен заборав на себе, секогаш треба да гледаме дури и во ситните поединости да покажеме благодарност за сè што примаме од другите. Да настојуваме секогаш да пронајдеме начин како да ги израдуваме другите, олеснувајќи ги нивните товари и грижи со нежна љубезност и ситни докази на љубов. Збирот на такви вниманија и љубезности, кои започнуваат во семејството и се шират подоцна и надвор од семејниот круг, претставуваат животна среќа, додека со запоставување на тие привидни ситници постојано се дополнува чашата на горчина и животни страдања. {3C 539.2}

Сè што правиме или што пропуштаме да направиме, во голема мера влијае на нашиот иден живот и на нашата судбина. Да ја искористиме секоја можност која ни се пружа за да бидеме корисни во животот - тоа Бог со право го бара од нас. Запоставувањето на таа должност е погубно за нашата духовна возраст. Пред секој од нас е голема задача. Драгоцените часови кои Бог ни ги дал за да го усовршиме својот карактер, не смееме да ги поминуваме во безделничење. Не смееме да бидеме неактивни или мрзливи во тоа дело, бидејќи ќе бидеме одговорни пред Бога за секој момент кој го минуваме бесцелно. Ако со вера Му се обратиме на Бога, Тој ќе ни помогне да ги победиме своите недостатоци и слабости. Благодарение на Оној Кој толку нè љуби можеме да станеме повеќе од победници. Кога на краткиот живот на овој свет ќе му дојде крајот и кога ќе ја сфатиме минливоста на сето тоа, колку краткотрајно и ништожно ќе ни изгледа сето земско во споредба со славата и убавината на подобриот свет! Христос никогаш не би ги напуштил Своите царски дворци и би презел на Себе човечка природа и одговорност за гревот на човечкиот род ако не видел дека со Негова помош човекот може да стане вечно среќен, да стекне неминливи богатства и да добие живот кој по траење може да се спореди со Божјиот живот. Тој знаел дека грешниот човек без Негова помош тоа никогаш не би можел да го постигне. {3C 540.1}

Мораме да копнееме постојано да напредуваме во духовен поглед. Мораме да внимаваме да не се сосредоточиме само на своите погледи, сфаќања и постапки. Божјото дело мора постојано да напредува. Мораат да се спроведуваат реформи и секоја започната реформа мораме одлучно да ја поддржуваме и да ја придвижуваме. Енергијата и амбицијата ублажени со трпение и урамнотежена мудрост, сега се неопходни на секој христијанин. Делото на спасување на душите ни е доверено токму на нас, како на Христови следбеници. Ниту еден од нас не е ослободен од таа должност. Многумина поради неактивност рудиментираат и остануваат неразвиени во својот христијански живот. Да се трудиме трудољубиво да го минеме своето време додека се

наоѓаме на овој свет. Колку сесрдно треба да ја искористиме секоја можност која ни се пружа за да правиме добро и стекнатото знаење за вистината да го пренесуваме и на другите! Имајќи ја пред очите само должноста и победата - наша лозинка треба да биде: „Напред и само напред!” {3С 540.2}

Во поглед на поединците кои се спомнати во ова поглавје покажано ми е дека Бог сите ги љуби и сака да ги спаси доколку се согласат да бидат спасени на начинот кој Тој го одредил. „И ќе седне како Оној кој го претопува и чисти среброто и тие ќе му принесуваат на Господа приноси во правда. И благоугоден ќе му биде на Господа Јудиниот и Ерусалимскиот принос како во старо време”. Тоа е процес на чистење и облагородување, процес кој го применува Господ над војските. Тој процес е многу болен за душата, но само така може да се отстрани нечистотијата и сè што би можело да ја осквернави. Сите наши неволји се неопходни за да се приближиме на нашиот небесен Татко, принесувајќи Му во послушност приноси во правда. На сите овде спомнати Бог им дал способности и таленти за со правилна употреба да ги умножат. На сите нас ни е потребно ново и живо искуство во побожниот живот, за да ја твориме Божјата волја. Никакви искуства од минатото не можат да ни бидат доволна сила за да ги совладаме тешкотиите на кои наидуваме денес. {3С 541.1}

За да бидеме победници, секој ден треба да примаме нова сила и нови изливи на Божјата благодат. Ретко се случува два пати во животот да се најдеме во потполно исти околности. Аврам, Мојсеј, Илија, Даниел и многу други биле болно и тешко испробувани, но не на ист начин. Секој од нив имал свои лични неволји и проби во драмата на животот, но истите неволји ретко се појавуваат два пати. Секој од нас во извршувањето на одредена задача во животот има свое лично искуство, посебно според својот карактер и околности. За секој од нас Бог има одредена цел и задача во животот. Секоја постапка, колку и да е незначителна, има свое место во нашето животно искуство. Тоа ни е неопходно на сите нас, а Бог е подготвен да ни го пружи тоа штом ќе побараме. Тој не ги затворил небесните брани пред вашите молитви, но вие се чувствувате задоволни да преминете и без божествената помош која ви е толку неопходна. {3С 541.2}

Колку малку знаете за влијанието на своите секојдневни постапки врз животот на другите! Можеби мислите дека она што го правите или зборувате нема толку значајни последици, додека најделекусежните последици за добро или за зло произлегуваат токму од нашите зборови и постапки. Секој збор и постапка, иако често изгледаат толку ситни и безначајни, претставуваат чекори во другиот синџир на случувања и настани во нашиот живот. Во случајот на нашите прародители, желбата само еднаш да го задоволат апетитот ги отворила браните на насопирливата поплава на гревови и зло, несреќи кои го преплавиле светот. Драги мои сестри, секој чекор кој ќе го направите може да има трајно и пресудно влијание не само на вашиот живот туку и на карактерот на другите и затоа толку би сакала вие тоа да го направите. О, колку тогаш е важно постојано одржување на врска со Бога! Колку е неопходно Бог во Својата благодат да го насочува секој наш чекор, упатувајќи нè како да го усовршиме христијанскиот карактер! {3С 542.1}

Христијаните во својот живот постојано наидуваат на нови неволји и нови доживувања во кои порано стекнатото искуство не може да им послужи како доволно сигурен водач. Сега ни е повеќе од потребно да се учиме од нашиот божествен Учител, бидејќи колку повеќе имаме искуства во тоа и колку повеќе се приближуваме на Неговата божествена чистота и светлина, дотолку повеќе ја увидуваме неопходноста од

реформа во личниот живот. Сите можеме да правиме добро на благослов на другите, ако со вера и послушност постојано бараме совет од Бога. Патот на послушност и верност на Бога води од сила во сила, од благодат во благодат, од слава во слава. Од Бога дадената просветеност се зголемува во сооднос со нашето духовно напредување, оспособувајќи нè да одговориме на секоја задача и на секое изненадување кое нè очекува во животот. {3С 542.2}

Кога ќе ве притиснат неволји, кога очајот и темнината на неверството ќе ги обземат вашите мисли, кога себичноста ќе ги обликува вашите постапки, вие не ја увидувате потребата за Бога и за длабоко и потполно познавање на Неговата волја. Вие воопшто не ја познавате Божјата волја ниту можете да ја запознаете сè додека живеете само за себе. Вие се потпирате на своите добри намери и одлуки и значителен дел од вашиот живот се состои во донесување на одлуки кои никогаш не се остваруваат. На сите нас ни е неопходно да умреме за своето „јас," да престанеме да се издигнуваме себеси и потполно да се предадеме на Бога. Јас би сакала да ве бодрам на вашиот пат кога би го знаела тоа и кога би смеела да го направам тоа. Со задоволство би ги пофалила вашите добри особини, добри намери и добри постапки, но тоа не би било во склад со она што Бог ми го покажа за вас. Тој ми укажа на она што ве попречува за да развиете добар, благороден и возвишен карактер на светост неопходен за влегување во небесниот покој и бесмртна слава, која Тој сака да ја наследите. Наместо само на себе и своите, насочете го својот поглед на Исуса. Тој за нас е сè. Со заслугите на Својата пролеана крв, распнатиот и воскреснат Спасител може да нè испере и од најмалиот и од најголемиот грев. Во непоколеблива вера и со полна доверба предајте го својот живот на Бога како на верен и семоќен Творец. Не живејте во постојан страв дека Тој ќе ве напушти. Тој никогаш не ги остава оние кои не дозволуваат да се одвојат од Него. Христос чека да дојде и да престојува во вас ако Му ја отворите вратата на своето срце. Во совршено единство со Таткото и Синот сè уште можете да дојдете ако умрете за сопственото „јас" и живеете со Христа во Бога. {3С 542.3}

Колку се малку оние кои се свесни за имаат идоли кои им се многу драги и да го негуваат гревот! Бог ги гледа тие гревови кои потполно нè заслепиле и со Својата „остра косилка" Тој понекогаш засекува многу длабоко за да ве ослободи од тие ислучително сакани гревови. Секој од вас сака сам да го избере процесот на чистење низ која мора да помине. Колку тешко секој од нас се согласува да го распне своето „јас," но кога тоа ќе му го препушти на Бога како на Оној Кој ги знае сите наши слабости и нашата грешност, Тој ќе одбере најдобар начин да се постигнат саканите резултати. И Енох, живеејќи во вера еднакво според Божјата волја, постојано наидувал на судири. Тоа може да биде искуство на секој од нас. Со потполно обратување и видна промена во својот живот можете навистина да бидете Божји деца, не само познавајќи ја Божјата волја туку наведувајќи со својот пример и други понизно да појдат по патот на послушност и посветување. Вистинската побожност, како мирис или некакво зрачење, незадржливо се шири и пренесува и на другите. Псалмистот вели: „Твојата правда не ја сокрив во своето срце; ја објавив Твојата верност и Твоето спасение и не ја кријам Твојата милост и Твојата вистина пред големиот собор". Секаде каде што постои Божјата љубов, тука секогаш се јавува и силна желба тоа јавно да се изрази. {3С 543.1}

Бог нека ви помогне на сите со најсесрдни напори да стекнете вечен живот и други да доведувате кон патот на светоста. {3С 544.1}

48. ГРЕВОТ НА ЛАКОМСТВОТО

Драг брате П, уште еднаш ќе се обидам да те опоменам да бидеш многу посесрден во напорите за небесното царство. Многу опомени кои ти беа упатувани во тој поглед, не ги послуша. Но, о, ако уште сега се покаеш за својот погрешен начин на постапување во минатото и се свртиш кон Господа, може да не е предоцна да се исправат досегашни грешки. Сите сили и способности на своето битие ги посвети само на стекнување на пари. Ти им служиш на парите и тие се твој бог. Стапот Божји лебди на тебе и Неговите судови можат било кој момент да те стигнат и така неподготвен, во облеки осквернавени од изопаченоста на овој свет, да отидеш во гроб. Каков е твојот запис на небото? Секој денар кој толку себично го натрупуваш е сличен на уште една алка која толку цврсто те врзува за овој грешен свет. Твојата страст за стекнување на пари е сè поголема. Твоето срце натежна од грижата и размислувањето само за тоа: како да се дојде до што повеќе пари. Ти имаше ужасно искуство кое треба да биде предупредување за оние кои дозволиле љубовта кон овој свет да господари со нивната душа. Ти стана роб на мамонот. Што ќе кажеш кога Господ ќе побара да положиш сметка за твоето повереништво? Дозволи љубовта кон стекнување на пари да стане владеачка страст во твојот живот. Затруен си со среброљубието како пијаницата со алкохолот. {3С 544.2}

Како што Исус во својство на градинар се залагал за неплодната смоква да биде поштедена уште малку, и јас уште еднаш се залагам за тебе со желба твоите напори за небесното царство да не бидат толку слаби и едвај забележливи туку најсердни. Ослободи се од таа сатанска стапица пред на небото да биде изговорена пресудата: „Тој нераскинливо се поврза со своите идоли, оставете го!" Сите кои толку слепо трчаат по заработувачка и стекнување на пари, како што правиш ти, горко ќе заплачат еден ден, велејќи: „О, измамливоста на богатството! Ја продадов за пари својата душа!" Твоја единствена надеж не се некои колебливи обиди туку во најодлучна подготвеност потполно да се промениш. Одлучно повикај на помош и правилно насочи ја силата на волјата која толку долго ја користеше во погрешна насока. Тоа е единствен начин на кој можеш да го победиш лакомството. {3С 544.3}

Учествувањето во делата на добродетелство претставува од Бога одреден пат да се победи лакомството. Со својот живот ти покажуваш дека богатството на овој свет го цениш многу повеќе отколку вечното богатство. На своето спасение и бесмртен живот ти практично им зборуваш: „Збогум - јас го избрав овој свет!" За минлива земска добивка ти го менуваш скапоцениот бисер. Додека Бог во Своето провидение сè уште те опоменува, иако со своите нозе веќе си зачекорил во мрачните бранови, се осмелуваш ли и понатаму да негуваш склоности и љубов кон парите? Зар како последен чин во твојот неуспешен живот, ќе посегнеш по она што припаѓа на друг, задржувајќи го тоа насилно за себе? Можеш ли уште да се убедуваш себеси дека постапи правилно кон својот брат? Ќе сакаш ли да додадеш уште една подла интрига кон сето она што на небото е веќе запишано против тебе? Треба ли да те погоди возвратниот удар на Божјата казна и без предупредување да бидеш повикан на мрачниот пат без враќање? {3С 545.1}

Нашиот Спасител често и сериозно го укорувал гревот на лакомството. „А Тој им рече: 'Внимавајте, пазете се од лакомството; зашто животот на човекот не зависи од изобилието на неговиот имот.' Им ја раскажа и следнава парабола: 'На еден богат човек

нивата му беше родила многу. И си мислеше во себе: Што да правам? Немам во што да ја соберам жетвата. Па рече - вака ќе направам: ќе ги срушам своите амбари и ќе направам поголеми, и таму ќе го соберам сето свое жито и сите свои добра; и ќе ѝ кажам на својата душа: душо, имаш многу добра за многу години, уживај, јади, пиј и радувај се. А Бог му рече: безумнику, оваа ноќ ќе ти ја побарам твојата душа; чие ќе биде сето она што го подготви? Така е со секој оној кој стекнува богатство за себе, а не се богати со Бога.'" {3C 545.2}

Бог му дал на Својот народ закон според кој десетокот од сите приходи му припаѓа Нему. „Ви дадов девет десетини," вели Бог, „а барам една десетина од секој приход". Тој десетти дел овој богат човек му го задржал на Бога. Ако не постапел така, ако наместо самољубие и себично служење само на себе и на своите интереси, Го љубел Бога над сè друго, тој не би натрупувал толкаво богатство кое немал каде да го смести. Ако ги раздавал своите добра на своите сиромашни браќа и ги задоволувал нивните потреби, не би морал да ги руши старите и да подига поголеми житници. Но тој не ги уважувал принципите на Божјиот закон. Не Го љубел Господа со сето срце ниту пак својот ближен како самиот себе. Ако своето богатство го употребел како дар кој Бог во таквото изобилство му го доверил за со него да прави добра на другите, би стекнал богатство на небото и би бил богат со добри дела. {3C 546.1}

Должината и корисноста на нашиот живот не зависи од количината на земското богатство. Оние кои со своето богатство прават добра на другите немаат потреба да натрупуваат богатство на овој свет; бидејќи богатството кое употребено за Божјото дело и раздадено на сиромашните во Христово име, е дадено на Исуса, Кој ќе го вложи тоа за нас во небесната банка - во трезори кои не се распаѓаат. Оној кој прави така се богати во Бога и неговото срце ќе биде таму каде што е вложено неговото богатство. Оној кој понизно го користи сето она што му го дал Бог на слава на својот Дародавател, давајќи онака дарежливо како што примил, може да се чувствува спокоен и сигурен дека во неговите работи Божјата рака го води на добро и дека на себе го носи печатот на Божјото одобрување. {3C 546.2}

Многумина ги сожалуваат Израелците што покрај вообичаените годишни прилози биле принудени и на систематско давање. Сезнајниот Бог најдобро знае кој систем на добродетелство најдобро одговара на Неговото провидение и затоа на Израелците како на Свој народ му дал одредено упатство во тој поглед. Секогаш се покажувало дека деветте преостанати десетини (со Божји благослов) за нив значеле многу повеќе отколку сите десет (без Негов благослов). Оние кои мислеле дека, задржувајќи и ускратувајќи му на Бога, или принесувајќи му слепа или саката жртва, ќе ги зголемат своите приходи, неминовно доживувале загуба. {3C 546.3}

Провидението, иако невидливо, се одразува во она што луѓето го доживуваат. Божјата рака може да подари или пак да ускрати успех во животот; и Тој често му ускратува на едниот додека на другиот му дава во изобилство. Сето тоа се случува за луѓето да бидат испитани и да се види што им е во срцето. Тој дозволува еден брат да го снајде несреќа додека на други им дава напредок во сè за да покажат дали навистина во стравопочит пред Него ги извршуваат своите должности, љубејќи го ближниот како самиот себеси и помагајќи ги посиромашните браќа во желба да прават добро. Со делата на добродетелство и благородност, Бог сака во срцето на човечките синови трајно ја да одржи нежноста и сочувството, во нив да пробуди интерес и љубов едни кон други и во желба да се угледаат на својот Спасител, Кој поради нас станал сиромав,

за ние да се збогатиме со Неговото сиромаштво. Уредбата за десетокот се заснова на трајно начело и дадена е со цел да му служи на човекот на благослов. {3С 547.1}

Системот на добродетелство е воведен со цел да се спречи лакомството кое во Божјите очи претставува голем грев. Христос видел дека љубовта кон богатството во деловните односи ќе биде најголема причина за исчезнување на вистинската побожност од човечкото срце. Тој видел дека љубовта кон парите длабоко ќе ги замрзне тековите на благородните побуди во човечката душа и потполно ќе ги умртви нивните чувства за потребите на оние кои страдаат и се во неволја. „Внимавајте," предупредувал Тој повеќе пати, „чувајте се од лакомството". „Не можете да Му служите на Бога и на мамона". Овие често повторувани и значајни опомени на нашиот Спасител се во голема спротивност со постапките на оние кои тврдат дека се Негови следбеници, а со својот живот покажуваат силна желба да се збогатат, докажувајќи со тоа дека Христовите зборови не влијаат на нив. Лакомството е еден од најраспротранетите и најпопуларните гревови на последните денови и има смртоносно влијание на душата. {3С 547.2}

Твоите мисли и желби, брате П, се сосредоточени само на стекнување на богатство. Таа страст за натрупување на пари ги задуши во тебе сите благородни побуди и те направи бесчувствителен како студено железо. Твоите пари и богатство се вистински отров за тебе и ти ја разјадуваат душата како ракот. Доколку паралелно со стекнување на богатство негуваше особина на дарежливост, ти во парите би гледал средство со кое може да се прави добро. Знаејќи колку лакомството е опасно за човекот, Спасителот се погрижил во делата на добродетелство да пружи сигурна заштита против тоа страшно зло. Тој го замислил планот на спасението така што неговата примена од самиот почеток па сè до завршниот чин се заснова на добродетелство. Жртвувајќи го и сопствениот живот, Христос се согласил на непроценлива жртва. Тоа само по себе претставува одлучно спротивставување на лакомството, а издигнување на добродетелството и несебичноста. {3С 547.3}

Постојаната подготвеност на самооткажување и добродетелство претставува од Бога даден лек против гревот на себичност и лакомство кој ја разјадува душата како рак. Бог го одредил систематското добродетелство за со така собраните средства да се помогне Неговото дело и да се ублажат страдањата на сиромашните и оние кои се во неволја. Тој одредил давањето на таков начин да премине во навика и да стане природна препрека на толку опасниот грев на лакомството. {3С 548.1}

Со постојано давање лакомството е едноставно осудено на смрт. Систематското добродетелство има цел од Бога дадените средства да се извлечат од рацете на алчните исто толку бргу како што се и стекнати и да се посветат на Господа кому и Му припаѓаат. Овој систем на давање е замислен така што луѓето секој ден можат нешто да одвојат од својата добивка и еден дел од своите приходи да му вратат на Господа. Секојдневната примена на овој Божји план за систематско давање ја ослабува лакомоста, а го зајакнува добродетелството во човечкото срце. Кога на луѓето им расте богатството, дури и ако тврдат дека се побожни, срцето им се приклонува кон тоа; и колку повеќе имаат, сè помалку даваат во Божјата ризница. Така богатството ги прави луѓето себични, а натрупувањето на богатство само го потхранува лакомството. Тие зла, доколку луѓето им се оддаваат, стануваат сè посилни. Бог ги познава опасностите кои ни се закануваат и нè оградува со Своите уредби за да не пропаднеме. Тој бара постојано практикување на добродетелство за моќта на навиките во добрите дела да ја надвладее и скрши моќта на навика во спротивна насока. {3С 548.2}

Бог бара, соодветно на своите приходи, секоја седмица (секој месец) да даваме во добротворни цели, за тоа да ни стане траен обичај и за добродетелството од нашето срце да тече како несопирливиот тек на реката кој никако не може да се сопре. Со постојана примена во пракса, добродетелството сè повеќе зајакнува и развива додека не стане цврсто начело кое владее со човечката душа. За нашиот духовен развој е многу опасно ако дозволиме себичноста и лакомството да најдат и најмало место во нашето срце. {3C 548.3}

Во Божјата реч имаме многу записи за пожртвуваност. Богатствата се Божји дар и Нему Му припаѓаат. „Мое е среброто и Мое е златото, вели Господ над војските". „Зашто Мои се сите горски sверови и добитокот по планините". „Господова е земјата и сè што е на неа, светот и сè што живее во него". Господ Бог твој е Оној Кој ти дава сила да стекнуваш богатство. {3C 549.1}

Само по себе, богатството е минливо и незадоволувачко. Во Божјата реч имаме многу опомени да не се надеваме во минливото богатство. „Богатството ќе си направи крила на себе и ќе одлета". „Не собирајте богатство на земјата, каде што ги јаде молецот и р'ѓата и каде што разбојниците поткопуваат и крадат". {3C 549.2}

Богатството не може да им донесе никакво олеснување на луѓето кога ќе се најдат во најголема неволја. „Богатството нема да помогне во денот на гневот". „Ни среброто ни златото нема да ги избави во денот на Господовиот гнев". „Навистина, гневот е на тебе; гледај да не те отфрли во карањето, зашто тогаш нема да те избави ниту голем откуп". {3C 549.3}

Оваа опомена, брате мој, може да се примени и во твојот случај. Каква подготовка, брате П, изврши за вечниот живот? Дали постави „добар темел за времето кое доаѓа" за со сигурност да можеш да ги очекуваш вечната радост? О, Бог нека те пробуди мој брате, за од овој момент да почнеш најсердно да вложуваш барем нешто од својата добивка и богатство во Неговата ризница. Ниту еден денар од сето тоа не е твое. Сето тоа му припаѓа на Бога, додека ти полагаш право на она што ти е од Бога позајмено за да правиш добри дела, Времето кое ти преостанува е многу кратко. Направи сè што е во твоја моќ. Со покајание сè уште можеш да побараш и да најдеш простување. Со својата љубов и со своите чувства наместо за земското богатство, мораш поцврсто да се врзеш за Бога. Мораш, како целосно обратен човек, во молитва со сета душа да се бориш со Бога. Не продолжувај по патот на вечна пропаст туку вложи најсердни напори за своето спасение пред да биде засекогаш предоцна. {3C 549.4}

Сè уште не е предоцна за грешките да се исправат. Покажи со искрено каење дека сакаш да ги исправиш своите пропусти од минатото. Секаде каде што некому си направил неправда, настојувај тоа без никакво одложување да го исправиш. Твоја единствена надеж е Бог, Кој е полн со љубов и подготвен да прости. Тоа за тебе ќе биде како себеси да си го вадиш десното око или да си ја отсечеш десната рака, но друг пат нема за тебе. Ти повеќе пати се обиде да се поправиш, но не успеваше во тоа затоа што ги љубиш парите, од кои некои не ги стекна на најчесен начин. Не се трудиш да ги поправиш своите грешки од минатото со надополнување на оштетените. Кога ќе почнеш да правиш така, тогаш за тебе постои надеж. Ако пак продолжиш во преостанатите денови од својот живот да одиш по истиот пат како и досега, тогаш твојот случај ќе остане безнадежен; ќе го загубиш и овој и идниот живот; ќе ги видиш спасените прославени во небесниот град, а себеси надвор од градот, лишен од било

какво учество во тој среќен живот кој со неизмерна цена ти е овозможен и на тебе, но кој ти толку малку го цениш, па го продаде за земско богатство. {3С 549.5}

Ти преостанува уште само малку време. Дали ќе се покаеш и ќе преземеш чекори кои Бог ги очекува од тебе, или пак ќе умреш неподготвен, во обожавање на парите, во издигнувањето на себе и во целосен заборав на Бога и на спасението на својата душа? Својата наклонетост и љубов кон светот не можеш да ги победиш со неодлучни и слаби напори. Но Христос е подготвен да ти помогне. При секој искрен чекор кој го преземаш во таа насока, Тој ќе биде покрај тебе и со Својот благослов ќе го награди секој вложен труд. Мораш најодлучно да се бориш или ќе бидеш загубен. Не одложувај со тоа ниту еден момент, те преколнувам. Со своето лакомство и неактивност ти веќе долго го обесчестуваш Христовото име. Сега, постапувајќи спротивно на досегашната пракса, можеш да Го прославуваш - покажувајќи им на сите дека Божјата вистина има моќ да ја преобрази човечката природа. Ако сакаш да ја спасиш својата душа, сè уште тоа можеш да го направиш со силата Божја. {3С 550.1}

Пред тебе е задача која треба да ја отпочнеш веднаш, без никакво одложување. Сатаната ќе те напаѓа како што го напаѓал и Христа во пустината на искушението, за со своите заклучоци да ги изопачи твоето расудување и да ја парализира твојата претстава за она што е правилно и корисно. Кога ќе постапиш правилно во еден случај, не смееш да чекаш сатаната со своите лажливи заклучоци да ги задуши твоите добро насочени побуди. Толку долго беше под контрола на себичноста и лакомството така што веќе не можеш да имаш доверба во сам себеси. Јас искрено сакам да не го загубиш небото. Покажани ми се себичните постапки во твојот живот, твоите лукави интриги и преправања, твоето тргување и користа која ја извлекуваш на сметка на своите браќа и своите ближни. Секоја таква постапка е верно запишана во Божјите книги. Сакаш ли во молитва најсердно да бараш од Бога да ти покаже каде си грешел и потоа во искрено покајание да го поправиш минатото? {3С 550.2}

Брате П, Бог нека ти помогне да го направиш тоа пред да биде предоцна. {3С 551.1}

49. ТРУДОЉУБИВОСТ ВО ПРОПОВЕДНИЧКИОТ ПОВИК

Укажано ми е на опасноста која им се заканува на нашите млади проповедници кои поаѓаат на работа и прифаќаат други да поучуваат во вистината додека самите не се соодветни за тоа свето Божјо дело. Тие немаат правилна претстава за светоста на делото за ова време. Тие чувствуваат извесна желба да се поврзат со делото, но не се подготвени да ги носат товарите кои се неминовни на патот на таа должност. Тие го прават она што не бара многу напор и неудобност, а занемаруваат да бидат во делото со сето срце и со сета душа. {3С 551.2}

Некои од нив се премногу немарни за да остварат било каков успех во деловен поглед и им недостига искуство кое би ги препорачало како добри христијани во приватниот живот; а сепак се чувствуваат повикани да се нафатат за работа која е потешка и поодговорна од секоја друга работа - да влијаат на умот на другите и да ги обратуваат душите од заблудата и гревот кон вистината. Срцето на некои од тие проповедници не е посветено со вистината. Таквите претставуваат само камен на сопнување за грешниците и препрека на патот на вистинските работници. Да се

превоспитаат таквите да работат како што треба и да не нанесуваат штета на Божјото дело е многу потешко отколку сами да го направите сето тоа што се очекува од нив. Непосветените работници, на кои потполно им недостигаат неопходните квалификации за проповедничкиот повик, не можат со својата работа да Го прославаат Бога ниту да му користат на Неговото дело. Некои од младите проповедници кои прифаќаат да обратуваат други, прво треба и самите да бидат во целост обратени кон вистинската библиска религија. {3С 551.3}

Покажан ми е случајот на брат Р од кој во многу нешта ги претставува и случаите на останатите слични на него. Брат Р навистина не е од никаква корист за Божјото дело ниту некогаш може да биде; освен ако целосно не се обрати. Тој во својот карактер има сериозни недостатоци кои мора да ги увиди пред Бог да може да го употреби како работник во Своето лозје. Божјото дело е свето. Брат Р, пред сè, не ја доживеа во срцето онаа промена која го трансформира човекот и која се нарекува обратување. Тој ја прифати верата само со разум. Меѓутоа, за тоа што верува да може да го примени во практичниот живот и за да може и на други да им укаже на Божјото Јагне кое на Себе ги зема гревовите на светот, неопходно е влијанието на Божјата благодат да делува на неговото срце. Делото за ова време е премногу сериозно за да може да им се довери на оние кои немаат цврсти раце и чисто срце. {3С 552.1}

Брат Р има многу непријатна природа и со тоа создава тешкотии и на себе и на своите најдобри пријатели. Тој по својата природа е зајадлив, склон кон сомневање и пронаоѓање на грешки кај другите. Оние кои се со него во најблиски односи, најмногу го чувствуваат тоа. Тој е полн со самољубие и има многу високо мислење за себе и штом нема да му се укаже посебно внимание и почит тој смета дека вината за тоа е секогаш на страна на другите. Меѓутоа, недостатокот е во него самиот. Тој сака да се ласка на неговата суета. Со задоволство се сомнева во побудите на другите и во тоа манифестира дух на ограниченост и себичност. Тој смета дека во работата на другите гледа многу недостатоци кои треба да се разоткријат, критикуваат и осудат, додека всушност вистинско зло постои во непосветеното срце, потполно неподготвено да се понизи. Додека не умре за сопственото „јас" и не биде подготвен да учи од Исуса, Кој секогаш бил кроток и понизен во срцето, тој нема да успее да го усоврши христијанскиот карактер ниту ќе се подготви за небото. {3С 552.2}

Во начинот на кој се обидува другите да ги поучува на вистината, брат Р доживува само неуспех. Духот кој го манифестира не ги придобива луѓето. Во сè што презема се чувствува неговото „јас". Многу се грижи за својот надворешен изглед и за начинот на облекување како само тоа да го прави човекот угледен проповедник, додека потполно го занемарува она што претставува внатрешен украс на душата. Тој не ја чувствува неопходноста да копнее по сличноста со убавината и складот на Христовиот карактер, Кој е наш совршен Пример. Кротоста и понизноста, кои беа обележје на Христовиот живот на Земјата, ги придобиваат срцата и ги отвораат приодите на душата. Меѓутоа, кога брат Р зборува, слушателите забележуваат толку самоувереност и толку малку дух на понизност, така што нивните срца не се трогнати туку неговите излагања ги прават уште постудени и потврди, бидејќи чувствуваат дека во нив нема божествено помазание. {3С 552.3}

Брат Р мора да се ослободи од својата самоувереност и вообразеност и да увиди во својата грешност дека постојано му е потребна Божјата благодат и сила, за преку моралната темнина на овој изопачен век да може да допре до душите кои треба да ги

спасува. Тој однадвор се облекол со достоинството на проповедничкиот повик, но не увидува дека за успех во проповедањето на вистината е многу поважно вистинско искуство во тајна побожност и вистинско познавање на Божјата волја. {3С 553.1}

Брат Р е премногу студен и бесчувствителен. Тој не се обраќа непосредно на срцето на слушателите во христијанска едноставност, нежност и љубов како што тоа го правел Христос. Во тој поглед е многу важно секој оној кој работи на спасување на душите да се угледа на примерот кој го наоѓаме во Христовиот живот и работа. Ако луѓето не научат да бидат работници во Господовото лозје, тогаш е подобро и да не учествуваат во делото. Неразумно е да се плаќаат од Божјата ризница оние кои всушност само нанесуваат штета на Неговото дело и поради кои угледот на христијанството постојано опаѓа. {3С 553.2}

За човекот да стане успешен проповедник не е доволно само да има знаење стекнато од книги. На оние кои работат на спасување на душите неопходни им се честитост, интелигенција, трудољубивост, енергија и тактичност. Сето ова е многу важно за проповедникот да може да биде успешен во својот повик. Човекот кој има вакви квалификации нема да биде инфериорен туку исклучително влијателен. Ако работникот во Божјото дело не ја стекне довербата на оние за чие спасение се залага, неговото влијание на добро ќе биде многу незначително. Работникот во Господовото лозје мора секој ден да прима сила одозгора за да се спротивстави на секое зло и да остане исправен во сите искушенија кои животот ги носи со себе и за во душата секогаш да биде во склад со својот Откупител. Тој навистина може да биде Христов соработник, работејќи како што работел Тој, љубејќи како што љубел Тој и поседувајќи морална сила да се спротивстави и на најтешката проверка на карактерот, како што Тој го поседувал. {3С 553.3}

На брат Р му недостига христијанска едноставност. Тој треба да го отфрли своето лажно достоинство, дозволувајќи му на Светиот Дух да го посвети, издигне, очисти и облагороди неговиот живот. Дури тогаш ќе биде во состојба да го почувствува товарот на одговорност за душите, товар кој вистинскиот слуга на евангелието мора да го чувствува додека свечената порака на опомена им се пренесува на оние кои се наоѓаат во опасност и кои мораат да пропаднат во темнината на заблудата ако не ја прифатат светлината на вистината. Таквото достоинство позајмено од Откупителот на светот би го украсило со особините на божествената благодат и би го довело во поблиска поврзаност со Христа. {3С 554.1}

Покажан ми е животот на брат Р и резултатите од неговата работа во настојување да ја пренесе вистината на другите. Некои со одобрување ќе ги слушаат неговите излагања и теоретски можеби ќе бидат осведочени; меѓутоа, на брат Р му недостига секојдневно искуствено спознавање на Божјата благодат и на Неговата спасоносна сила и затоа не е во состојба да го пренесува на други она што ниту самиот не го поседува. Нему му недостига лично искуство на вистински обратен човек. Како тогаш Бог може да го направи благослов за грешниците? Додека се обидува да биде водач на слепите, тој самиот е слеп. {3С 554.2}

Со таквата своја работа тој во полето кое имаше добри изгледи, им го оневозможи успехот и на другите. Луѓето кои навистина се посветени на Бога и кои го чувствуваат товарот на делото можеа да придобијат души за вистината и во местата каде што тој се обидуваше без успех; но по неговата површна работа, пропуштени се златни прилики.

Во мислите на оние кои можеа да бидат осведочени, тој со својот начин на работа предизвика предрасуди, а срцата кои можеа да бидат омекнати, станаа уште потврди. {3С 554.3}

Сакав да ги видам душите кои опстанаа во вистината благодарение на неговите напори. Внимателно набљудував да видам колку тој бдее над душите во настојување да ги охрабри и утврди во верата, што е посебна должност на проповедникот. Не можев да забележам ниту една душа која немаше да биде во многу подобра состојба ако своите први впечатоци за вистината не ги прими од него. Текот на реката ниту на едно место не може да се најде на поголема надморска височина отколку што е нејзиниот извор. Човекот кој на грешниците им ја изнесува вистината се наоѓа на исклучително одговорна положба. Душите со кои работи, тој може да ги приведе со своите напори кон Христа, а може и да ги оттурне во потполно спротивна насока. {3С 554.4}

Според она што ми е покажано, брат Р е немарен и мрзлив; склон да бара само задоволство и удобност. Тој сè во животот зема лесно. Кога некако и ќе оди на некое место, тој се обидува да ја изнесе вистината, но се труди со сето срце да не е во тоа. Тој не чувствува товар на одговорност за делото ниту за душите кои се доверени на негова грижа. Љубовта кон тие души не го обзема во потполност неговото срце. Дозволувајќи им на своите природни склоности да го одвојат од делото и да загосподарат во потполност со него, тој често ја напушта работата и се свртува кон своето семејство. Во самооткажувањето, во жртвувањето на својата удобност и на своите склоности, тој нема никакво искуство. Мислејќи само на платата, тој не се посветува на својата работа со сето срце туку само се допира до неа ваму и таму, без неопходна истрајност и ревнување и затоа и не постигнува никаков успех. Н сите таканаречени работници Бог гледа со заслужено негодување. Тие се неверни во секој поглед. Нивната совест е потполно нечувствителна. {3С 555.1}

Да се почне со објавување на вистината во некое место, а потоа во недостаток на храброст, издржливост и такт, да се остави недовршена започнатата работа е многу погрешно. Тоа му се случува на брат Р затоа што во своите напори не е одлучен и истраен, а тоа е од пресудна важност во ваквите случаи. Кога во својата работа ќе наиде на тешкотии и спротивставувања, тој кукавички се повлекува, наместо во пост, молитва и солзи да се обрати на Бога и со вера цврсто да се држи за Изворот на светлината и силата сè додека мрачните облаци не се разидат. Во судирот со сомневањето и противничките влијанија, верата станува сè посилна. Искуствата стекнати во такви искушенија се подрагоцени од најскапоцените камења. {3С 555.2}

Резултатите на твојата работа, брате Р се такви што треба да се срамиш од нив. Бог тоа не може и нема да го прифати. За Божјото дело би било подобро да престанеш со проповедање и да се прифатиш за работите кои не бараат толкава одговорност. И за тебе лично би било подобро да работиш со свои раце. Понизи се пред Бога во своето срце; биди верен во земските работи; и кога ќе се покажеш верен во помалите должности Бог може да ти довери и поголеми одговорности. „Кој е верен во малку и во многу ќе биде верен; а кој не е верен во малку и во многу е неверен”. Тебе ти недостига подлабоко искуство во верскиот живот. Мој совет е: Работи со свои раце и во своите молитви најсесрдно барај од Бога да ти подари искуство кое толку ти недостига. Држи се цврсто за Исуса и никако не се осмелувај да се нафатиш на проповедничка одговорност сè додека не станеш потполно обратен човек со понизен и мирен дух. Треба да се повлечеш од Божјото дело сè додека не бидеш надарен со сила од висините.

Во работата на спасување на души ниту еден човек не може да стане успешен сè додека во неговите напори не се огледа само Христос, а сопственото „јас” потполно не се изгуби од вид. {3С 555.3}

Христовиот проповедник треба секогаш да биде подготвен за секое добро дело. Ти во тој поглед имаш големи пропусти. За да имаш успех во приведувањето на души за Христа, ти прво треба да ја манифестираш кон членовите на своето семејство онаа љубов, нежност, благородност, трпение и вистинска љубезност која ти прилега како глава на семејството. Кога ти недостига мудрост да управуваш со неколку членови од своето семејство со кои толку блиску си поврзан, како можеш успешно да управуваш со значително поголем број на оние со кои немаш толку блиски семејни и лични врски? На твојата сопруга исто така ѝ недостига вистинска и потполна обратеност на Бога. Ниту еден од вас не е во состојба коректно да ја претставува нашата вера. Потполно обратување ви е потребно на двајцата. {3С 556.1}

За тебе брате Р, засега би било најдобро во целост да се повлечеш од Божјото дело, бидејќи немаш ниту истрајност, ниту постојаност во работата, ниту морален рбет. Ти недостигаат токму оние особини кои денес се толку потребни во Божјото дело. Не си подготвен со домашно воспитание за практичните животни должности што претставува еден од битните услови за да можеш да бидеш успешен како проповедник. Слепи за твоите карактерни мани, родителите не те обучуваа како да го победиш тоа, за со правилен развој да стекнеш цврстина, самооткажување, владеење со себе, понизност и морална сила. Твоето знаење за практичните животни должности и за истрајноста во тешкотиите е многу оскудно. Ти си склон да се спротивставуваш на идеите на другите и упорно да го истакнуваш и наметнуваш своето мислење. Тоа е последица на твојата самоувереност, вообразеност и попуштање на сопствените склоности од младоста. {3С 556.2}

Ти не се познаваш себеси ниту ги увидуваш своите грешки. Не се согласуваш да бидеш ученик туку сакаш само да ги учиш другите. До своето мислење и до своите на себе својствени идеи ти се држиш толку упорно така што тоа станува мачно и здодевно за оние кои се околу тебе. Не се смируваш додека не ги остариш своите намери и за тебе твоите лични погледи се многу позначајни од искусното расудување на луѓето со морален квалитет кои се докажаа во ова дело. Се занесуваше со идејата дека луѓето ќе бидат воодушевени со твоите способности и дека ќе бидеш исклучително ценет, но твоите способности не го издржаа процесот на проверка. Воспитуван си погрешно и едностранo. Немаш ниту малку склоност и љубов за домашните должности на секојдневниот живот. Веќе твојата мрзливост е доволна за да те дисквалификува за должноста на проповедник, кога не би постоеле и други причини поради кои не треба да се занимаваш со тој повик. На Божјото дело не му се толку потребни проповедници колку работници. Од сите повици во животот, ниту еден не бара толку ревни, самопожртвувани, верни, истрајни и самопожртвувани работници како Божјото дело во овие последни денови. {3С 557.1}

Залагањето за вечниот живот треба да ни биде поважно од сè друго. На Бога не му се пожелни во Неговото дело оние кои се склони кон колебање. Работата на повикување на грешникот да „бега од гневот кој доаѓа” бара сесрдни луѓе кои чувствуваат товар за душите, луѓе кои нема да го користат секој можен извор за да се ослободат од товарот и да ја напуштат работата. Безначајните пречки, како на пример лошото време или замислената болест, се доволен изговор за брат Р да ги одбегне напорите. Тој дури се

повикува и на своите склоности и кога должноста бара да направи нешто кон што не е склон, кога неговата природна склоност кон мрзливост бурно негодува, често се изговара дека е болен иако за тоа нема никаква причина, освен ако мрзливоста и попуштањето на апетитот не му го парализирале целиот организам. Кога во светлина на здравствената реформа строго ги почитува законите на животот и здравјето во сите свои навики, тој би можел да биде потполно здрав. {3С 557.2}

Доколку се реформира во секој поглед, брат Р не е соодветен за делото во овие последни денови. Оние кои се премногу мрзливи да се нафатат на физичка работа Бог не ги повикува за проповедници кои на светот треба да му ја објават последната вест на опомена. Тој во Своето дело сака да има вредни работници. Резултати во својата работа можат да постигнат само вистинските, ревни и самопожртвувани работници. {3С 558.1}

Брате Р, твоето проповедање на вистината на другите беше потполно промашување. Ако Бог некого повикува на работа, Тој сигурно не би згрешил толку да земе човек со толку малку искуство и во практичниот и во духовниот живот како што си ти. Ти имаш способност да зборуваш и тоа е сè; но Божјото дело бара посветени и енергични луѓе. Со истрајност во негување на особини спротивни на оние кои сега ги имаш би можел да ги победиш во себе оние карактерни мани кои во тебе зајакнуваа од младоста. Ако проповедникот само повремено одржи некоја проповед или оди во некоја посета, тоа пред Бога не е никаква вистинска работа. {3С 558.2}

Со излагање на вистината од катедра, делото на оние кои работат за Бога всушност штотуку започнува. Дури по ова доаѓа вистинската работа: посетување од куќа до куќа, разговори со членовите на семејството, молитва со оние на кои сакаме да им донесеме благослов и воспоставување на срдечни односи со нив. Проповедникот нема да изгуби ништо од своето достоинство ако покаже разбирање за земските грижи и товарите на семејствата кои ги посетува и ако, во настојување да им помогне, прифати и некоја физичка работа. Со тоа ќе го зајакне своето влијание, ќе ги разочара противниците и ќе ги сруши предрасудите, што не би го постигнал дури и кога во сè друго би бил успешен како проповедник. {3С 558.3}

Нашите млади проповедници не мораат да се занимаваат и со пишување, што обично се очекува од постарите и поискусни соработници. Тие не се задолжени со толку многубројни одговорности кои го заморуваат умот и го оптоваруваат човекот. Но токму тие товари на грижи и одговорности го усовршуваат христијанското искуство, даваат морална сила, правејќи ги силни и делотоворни оние кои учествуваат во Божјото дело. Одбегнувањето на товарот и непријатните одговорности нема да ги направи нашите проповедници силни луѓе на кои црквата може да се потпре во некоја верска криза. Многумина од нашите млади проповедници се однесуваат во Божјото дело како мали деца. А некои кои веќе со години учествуваат во делото сè уште не се вистински работници кои немаат од што да се срамат. Тие во борбата со спротивните влијанија немаат речиси никакво искуство кое би ги зајакнало во верата. Тие секогаш го одбегнуваа сето она што ги зајакна нивните морални мускули, давајќи им духовна сила. Меѓутоа, токму тоа искуство им е неопходно за да израснат до полна висина на луѓе во Исуса Христа. Во својата мрзливост и себична љубов кон задоволствата, тие одбегнуваат секаква одговорност и затоа не стекнуваат духовна сила. {3С 558.4}

Брат Р има способност своите идеи да ги изрази со соодветни зборови, но му недостига вистинска духовност и вистинска светост на срцето. Тој не се напојува доволно на неисцрпниот извор на вистина. Ако правилно ги искористеше своите златни моменти во проучување и подготовка за Божјото дело тој можеше да биде оспособен работник, но тој е премногу мрзлив за да ги „впрегне бедрата на својот ум" и сам да ги преиспита причините за нашата надеж. Тој се задоволува со користење на материјалот кој е плод на проучување и пишување на другите и рамнодушно ги користи неговите заклучоци, не напрегајќи го ниту малку својот ум со грижливо и побожно размислување. {3С 559.1}

Брат Р не е склон кон трудољубивост ниту во проучување на Светите Списи ниту во било која работа. Тој повеќе оди по линијата на полесен отпор и затоа во прифаќањето на товарите и одговорностите во Божјото дело нема никакво искуствено спознавање. Полесно му е да ги повторува мислите и заклучоците на другите туку трудољубиво и ревно да ја истражува вистината сам за себе. Оспособувањето за проповедничкиот повик е можно само со лични напори, трудољубиво користење на своите умни способности и потполна предаденост на Божјото дело. {3С 559.2}

Христос вели: „Вие сте сол на земјата, ако солта облутави, со што ќе се осоли?" Вкусот на солта го претставува дејството на Божјата благодат. Сите вложени напори со цел на ширење на вистината ќе имаат многу незначителни резултати ако не бидат следени со силата на Светиот Дух. Ти му пристапи на проповедањето на вистината како на некоја детска игра. Раководејќи се според своите лични склоности, мислеше само на својата удобност и задоволство. Ниту ти ниту твојата сопруга не ја увидувате светоста на Божјото дело. Двајцата повеќе мислите за задоволување на своите барања и желби за удобен живот и уживање, отколку за сериозните животни должности, а особено за светите должности да го опоменувате и предупредувате светот на Божјиот суд кој доаѓа. {3С 559.3}

Гледаше како брат С се уништува под исцрпувачкиот товар на физичките напори; но во себичната желба за удобен живот и желба да го сочуваш своето лажно достоинство заглави до тој степен, што потполно се држеше настрана, одбегнувајќи ги тие напорни должности кои некој мора да ги прифати. Деновите ги минуваше во уживање и мрзливост, не користејќи му практично никому; а потоа - и покрај тоа што своето време го минуваш во неактивност - со мирна совест примаше плата од Божјата ризница. {3С 560.1}

Со таквото свое држење покажа дека немаш никаква вистинска претстава за она што е свето и возвишено. Крадеше од Бога и сега мораш најсесрдно да настојуваш да се покаеш. Не се обидувај да поучуваш други. Само ако во потполност се обратиш, ќе бидеш во состојба да ги утврдиш своите браќа. Меѓутоа, луѓе со вакви обележја на карактерот какви што имаш ти, Бог не може да ги употреби во Своето лозје. Во Божјото дело ќе можеш да соработуваш дури тогаш кога на својот карактер наместо вакво обележје ќе имаш печат на Божјото одобрување. Ти преостанува во речиси сè што е овде изложено повторно да учиш од почеток и тоа во многу краток рок. Бог нека ти помогне во тоа да бидеш што посесрден. За општите начела во оваа насока напишав многу повеќе, но сега немам време сето тоа да го изложам. {3С 560.2}

50. РОДИТЕЛИТЕ КАКО РЕФОРМАТОРИ

На трети јануари 1875. година ми беше покажано дека никој од нас не е во потполност свесен за опасностите кои ни се закануваат на секој чекор. Ние во сатаната имаме непријател кој никогаш не спие, а сепак не сме доволно будни и сесрдни во своите напори да се спротивставиме на неговото лукавство и искушенија со кои настојува да нѐ совлада. {3С 560.3}

Бог дозволи во овие последни денови да нѐ осветли светлината за здравствената реформа за, одејќи во таа светлина, да ги одбегнеме опасностите на кои сѐ повеќе ќе бидеме изложени. Во секое лукаво заведување на Адамовите потомци да му попуштаат на апетитот и неразумното задоволување на личните склоности, не водејќи сметка за законите на здравјето, сатаната има чудесна моќ. Тој ги прикажува привлечностите на животот, посветен на лично уживање и задоволување на животинските страсти. Разузданост преовладува во вознемирувачка мера, уништувајќи ги животните сили; и повеќе од тоа, на тоа се жртвуваат и моралните сили. Попуштањето на неумереноста ги намалува и физичките и умните животни енергии. На тој начин победениот се става на тлото на непријателот, каде што сатаната може да го искушува, мачи и конечно да загосподари над него по своја волја. {3С 561.1}

Оние кои попуштаат на апетитот и употребуваат тутун, ги понижуваат своите морални и умни сили доведувајќи ги во ропство на сетилноста. А попуштајќи на барањето за алкохолни пијалаци, човекот како суштество создадено според Божјо обличје, сам себе се понижува на ниво пониско од она на животното. Разумот е парализиран, расудувањето заматено, животинските страсти раздразнети, а потоа следат злосторства кои сѐ повеќе ја понижуваат несреќната жртва. Кога луѓето би биле умерени во сѐ, чувајќи се од алкохолните пијалаци и кога не би ги допреле наркотиците со своја рака и не би ги вкусиле, разумот би го држел кормилото на власта во свои раце, контролирајќи ги ниските склоности, апетит и страсти. Во овој век на неморал треба што повеќе да се одбегнува храна која надразнува. Умереноста во сѐ и одлучното совладување на апетитот претставуваат единствен сигурен пат. {3С 561.2}

Сатаната му приоѓа на човекот, како што му пришол и на Христа, настојувајќи со своите силни искушенија да изнуди попуштање на апетитот. Тој добро знае дека во овој поглед најлесно го победува човекот. Во поглед на апетитот тој ги победил Адам и Ева уште во Едем и поради тоа тие го загубиле домот на своето блаженство и среќа. Колку беда и злосторства го преплавуваат светот, како неминовна последица на Адамовиот пад! Цели градови заедно со своите изопачени жители се збришани од лицето на Земјата поради понижувачките злосторства и одвратните беззаконија кои ги направиле срамна дамка во вселената. Попуштањето на апетитот бил главна основа и причина за сите нивни гревови. Преку апетитот сатаната загосподарил со умот и со целото човечко битие. Илјадници од нив кои можеа да живеат подолго, предвреме заминуваат во гроб, уништени и физички и умно и морално, како остатоци од брод на пуст брег. Сите свои прекрасни способности тие ги жртвуваа на попуштање на апетитот, сетилноста и телесните желби. Светот стана огромна болница. Порочните навики сѐ повеќе земаат замав. {3С 561.3}

Непријатно е, а и опасно да се престојува во непроветрен железнички вагон или во преполна просторија, каде што атмосферата е презаситена од испарување на алкохол и тутунски чад. Со својот здив и испарување на телото присутните покажуваат дека

организмот им е исполнет со отров од алкохолот и тутунот. Употребата на тутун е навика која често делува на нервниот систем поштетно и од употребата на алкохол. Својата жртва тутунот ја врзува со синџирите на ропството дури и повеќе од алкохолот и таа навика е потешко да се победи. Со употребата на тутун и телото и умот во многу случаи се жртвуваат многу повеќе отколку со употребата на алкохол, бидејќи тој отров делува поподмолно. {3C 562.1}

Неумереноста сè повеќе преовладува и покрај вложените сесрдни напори изминатата година [This *Testimony* was first published in 1875.] да се запре нејзиното ширење. Покажано ми е дека огромната моќ на неумереност не може да се совлада со вакви напори какви што се вложени досега. Умереноста мора да започне во нашето семејство, на нашата трпеза. На мајките им претстои многу значајна задача: со правилно домашно воспитание да ги подготват своите деца за речиси секоја положба во општеството, но исто така со задоволство да ги прифатат и должностите на домашниот живот. {3C 562.2}

Должноста на мајка е многу значајна и света. Таа треба од колевка да ги привикнува своите деца на самооткажување и самосовладување. Ако мајката поголем дел од своето време го троши на лудостите на овој изопачен век, ако своите драгоцени часови ги посветува на облекување, седенки и излегувања, нејзините деца нема да добијат воспитување толку важно за изградба на христијанскиот карактер. Христијанската мајка треба многу повеќе внимание да посвети на здравјето и моралните квалитети на своите деца отколку на нивниот надворешен изглед. {3C 562.3}

Многу мајки, додека ја осудуваат неумереноста која преовладува насекаде, не гледаат доволно внимателно за да можат да ја воочат причината за тоа. Тие од ден на ден подготвуваат разновидни и силно зачинети јадења кои го надразнуваат апетитот и поттикнуваат прекумерно конзумирање на храна. Американската трпеза, општо земено, се подготвува на таков начин што создава неумерени луѓе и пијаници. Апетитот претставува владеечко начело во најширoките општествени слоеви. Секој оној кој, попуштајќи му на апетитот, јаде премногу често и зема нездрава храна, со тоа ја слабее својата моќ да се спротивстави на барањата на апетитот и страстите и тоа во оној сооднос колку што ѝ попуштал на својата склоност на неправилни навики во јадењето. На мајките постојано треба да им се предочува нивната обврска кон Бога и кон светот: на општеството да му дадат деца со добро урамнотежен карактер. Мажите и жените кои на сцената на животот излегуваат со цврсти начела, ќе бидат подготвени неизвалкани да стојат сред моралната нечистотија и изопаченост на овој век. Мајките се должни, користејќи ги златните прилики кои им се пружаат, правилно да ги воспитуваат своите деца и млади за во животот да бидат корисни и подготвени за животните должности. Своето време тие во посебна смисла треба да го посветат на своите деца и тоа не во непотребно украсување и китење на нивната надворешност туку во трпеливо поучување на децата, укажувајќи им грижливо на неопходноста од самооткажување и самосовладување. {3C 563.1}

Многу таканаречени христијанки на својата трпеза секој ден изнесуваат разновидни јадења кои го надразнуваат желудникот и предизвикуваат трескавична состојба во организмот на нивните домашни. Месната храна претставува главен продукт на трпезата на некои семејства сè додека членовите на семејствата не ја затрујат потполно својата крв со бацили на рак. Телото на таквите е составено главно од она што го јадат.

Меѓутоа, кога ќе ги снајдат страдања и болести, тие тоа го сметаат како удар на Провидението. {3С 563.2}

Повторуваме, неумереноста почнува на нашата трпеза. На апетитот му се попушта сè додека таквото попуштање не стане втора природа. Со употребата на чај и кафе се создава желба за употреба на тутун, а тутунот ја поттикнува желбата за жестоки пијалаци. {3С 563.3}

Многу родители, за да ја одбегнат должноста на трпеливо воспитување на своите деца за навиките на самооткажување и постојано поучување за правилното користење на сите Божји благослови, им дозволуваат на своите деца да јадат и пијат секогаш кога ќе посакаат. Апетитот и себичното попуштање на неговите барања, ако одлучно и упорно не се сузбијат, растат заедно со возраста на децата и зајакнуваат истовремено со развојот на нивната сила. Кога таквите деца како млади ќе почнат да живеат самостојно и да заземаат свое место во општеството, тие немаат сила да се спротивстават на искушенијата. Каде и да се свртиме, светот е преполн со морална нечистотија и големо беззаконие. Искушението да му се попушта на уживањето и личните склоности не се намалува со бројот на годините и младите, општо земено, се робови на апетитот и моменталните страсти. Во жртвите на алчноста, пушењето, пијанството и разврат ги гледаме тешките последици на погрешното воспитување. {3С 564.1}

Кога слушаме лелекање на христијаните и христијанките поради ужасните зла на неумереност, истовремено ни се наметнува прашањето: Кој ги воспитал тие млади, оставајќи свој отпечаток на нивниот карактер? Кој ги поттикнал во нив тие неконтролирани барања? Кој ја занемарил најсериозната одговорност за обликувањето на нивниот ум и карактер, за да бидат корисни во овој живот и подготвени за друштвото на небесните ангели во вечниот живот? Голем број на човечки суштества, кои ги сретнуваме на секој чекор, претставуваат само проклетство за светот. Тие живеат само за да му попуштаат на апетитот и страстите и да ги валкаат душата и телото со навиките на разузданост. Тоа е страшен укор за мајките кои, обожавајќи ја модата и мислејќи само на облекувањето и надворешниот изглед, занемаруваат да ги усовршуваат и изградуваат својот ум и карактер според божествениот Пример, а исто така го запоставуваат и светиот завет кој им е доверен за да ги подигаат и воспитуваат своите деца во Господов страв. {3С 564.2}

Покажано ми е дека сатаната, поттикнувајќи желба за мода која постојано се менува, за некое привлечно дружење или разонода, ги наведува мајките своето од Бога дадено време на милост да го посветат на безначајни работи наместо на воспитување и правилно обучување на своите деца. Потребно е младите од колевка да се учат да ги контролираат страстите, да владеат со апетитот и да ја победуваат себичноста, а тоа можат да го направат само мајките. Тие треба да ги учат „заповед по заповед, правило по правило, овде малку, онде малку”. {3С 564.3}

На Евреите им биле дадени упатства како да ги воспитуваат своите деца и млади да се чуваат од идолопоклонството и порочноста на незнабожечките народи: „Вметнете ги овие Мои зборови во своето срце и душа и врзете ги на својата рака како знак и нека ви бидат како штит меѓу вашите очи. И учете ги своите синови, зборувајќи за нив кога седите во својот дом и кога одите на пат, и кога легнувате и станувате”. {3С 565.1}

Наша сесрдна желба е жената да ја заземе положбата која Бог првобитно ѝ ја наменил, да биде рамноправна со својот сопруг. На човечкото семејство му се неопходни мајки кои се навистина мајки во вистинска смисла на тој збор, а не само по име. Со сигурност можеме да кажеме дека должностите карактеристични за жените според своето значење и достоинство се посвети од должностите наменети на мажот. {3C 565.2}

Постојат различни мислења и теории за тоа дали жените имаат право на глас и каква е нивната должност во тој поглед. Многу жени не беа во можност да го сфатат значењето на ова прашање. Живееја поради задоволување на моменталните потреби, бидејќи такви беа обичаите и сфаќањата. Жените кои можеа да ги развијат своите умни способности и да имаат вистински морални вредности, сè уште се само робови на навиките и модата. Тие ја немаат широчината на просветен и продуховен ум. Со разбирање тие можат да зборуваат само за последната мода, за кројот на облеката, за седенки и за привлечни забави. Ваквите жени не се подготвени да земат активно учество ниту било какво истакнато место во политичкиот живот. Тие се само производ на моменталните околности и на модата. Во тоа треба да дојде до промена. Жената треба да ја сфати светоста на својот повик и во Божји страв и во сила која само Тој ја дава да ја прифати својата животна задача, воспитувајќи ги своите деца така што ќе бидат корисни во овој живот и подготвени за дом во еден подобар свет - на обновената земја. {3C 565.3}

Обраќајќи им се на мајките кои исповедаат христијанство, најсесрдно ве молиме: сфатете ја својата одговорност како мајки и живејте не за да си угодувате себеси туку за да Го славите Бога. Христос не си угодувал себеси туку земал на себе обличје на слуга. Ги напуштил царските дворци и Своето Божество го облекол со човечка природа за со личен пример да ни покаже како можеме да се издигнеме до таа мера да станеме синови и ќерки на небесното семејство - деца на небесниот Цар. Меѓутоа, под кои услови можеме да стекнеме право на таа света и возвишена предност? „Излезете од нив и одвојте се, вели Господ и не допирајте нешто што е нечисто и Јас ќе ве примам и ќе ви бидам Татко и вие ќе бидете Мои синови и ќерки, вели Господ Саваот”. {3C 565.4}

Иако според Својата положба и возвишеноста на својот авторитет бил рамен на Бога, Христос се понизил земајќи обличје на слуга. Живеел во Назарет, место кое според изопаченоста на своите жители влегло и во поговорка. Родителите Му биле со скромно потекло и сиромашни. Го изучил дрводелскиот занает и работел со Своите раце, давајќи на тој начин свој придонес во издржувањето на семејството. До триесеттата година од животот бил потчинет на своите родители. На тој начин, Христос со Својот личен пример ни укажал на нашата должност да бидеме вредни во својата работа и грижливо да ги поучуваме послабите и оние кои се во незнаење. Во поуките дадени на Своите ученици, Христос нагласува дека Неговото царство не е како царството на овој свет каде што секој се бори за највисокото место. {3C 566.1}

Положбата на жената во семејството е неприкосновена и повозвишена од положбата на царот на неговиот престол. Нејзина голема задача е со својот живот да претставува пример за своите деца. И со пример и поука и треба да им пружи корисни со знаења и да ги навикнува на самопожртвувано залагање за добро на другите. Голем поттик за најтешките напори на една мајка, која и онака е оптоварена со секојдневни грижи е свеста дека секое дете кое таа правилно ќе го воспита и украси со внатрешна

убавина на понизниот и кроток дух, ќе биде спасено и еден ден ќе заблеска во Господовите дворци. {3C 566.2}

Колку се малку оние во вистинска Христова понизност гледаат било каква привлечност! Неговото длабоко понижување не се состоело во потценување на сопствениот карактер и способности туку во тоа што се спуштил до паднатиот човечки род за да ги подига луѓето и да ги поведе со Себе во еден повозвишен живот. Луѓето на овој свет постојано се борат за повисока положба во животот и не престануваат да се издигнуваат еден над друг. Додека Исус - Божјиот Син - сам се согласил да се понизи, за да им пријде на луѓето такви какви што се и да ги издигне; и секој вистински Христов следбеник ќе го следи Неговиот пример. {3C 566.3}

Ќе сакаат ли мајките на ова поколение да ја сфатат светоста на својата мисија и наместо натпреварувањето со своите богати соседи во облекувањето и надворешниот изглед да копнеат да ги надминат во совесното воспитување и подготовка на своите деца за подобар живот? Кога децата и младите би биле учени самооткажувањето и владеењето со себе да им станат навики, кога од детство би биле поучувани дека треба да јадат за да живеат, а не да живеат за да јадат и пијат, би имало многу помалку болести и помалку морална изопаченост. Кога вистинското начело на умереност навреме би се всадило во срцата на младите, кои го создаваат и обликуваат општеството, борбата за умереност не би морала да личи на крстоносни војни со што толку малку се постигнува. Тогаш тие би имале морална сила и цврстина во Христова сила да се спротивстават на изопаченоста и осквернувањето на овие последни денови. {3C 567.1}

Најтешко е одучувањето од навиките на кои им се попуштало цел живот. Демонот на неумереност има огромна сила и не е лесно да биде совладан. Затоа родителите мораат да ја започнат борбата против злото уште покрај домашното огниште. Своите деца тие треба да ги поучуваат на начелата од нивното најрано детство и само тогаш можат да се надеваат на успех. Мајки, користете го своето драгоцено време кое Бог ви го дал за изградба на карактерот на своите деца, учете ги строго да се држат за начелата на умереност во јадењето и пиењето и наградата нема да изостане. {3C 567.2}

Можеби родителите ги пренеле своите сопствени склоности кон апетитот и страстите на своите деца, што значително го отежнува воспитувањето на таквите деца и млади да бидат строго умерени и чистотата на живеење и христијанскиот морал да им станат навики. Ако склоноста за нездрава храна, надразнувачки средства и нарокотици им е пренесена со наследство, колку е поголема и посериозна одговорноста на родителите да ги отстранат лошите склоности кои самите ги пренеле на своите деца! Колку тогаш родителите треба посесрдно, со вера и надеж, да се залагаат за своето толку несреќно потомство! {3C 567.3}

Запознавањето со законите на здравјето и животот, родителите треба да го сметаат за своја прва задача, за со подготвување на храна или некои други навики да не направат ништо што би развило лоши склоности кај нивните деца. Трпезата за своите деца мајките треба најгрижливо да ја снабдуваат со што поедноставна и здрава храна, храна која не ги слабее органите за варење, не ја поткопува рамнотежата на нервниот систем и која не е во спротивност со поуките кои им ги даваат од Божјата реч. Таа храна или ги зајакнува или пак ги слабее стомачните органи и значи многу во контролирањето на физичкото и моралното здравје на децата, кои се Божја своина, откупени со Христовата крв! Колку света доверба им е укажана на родителите будно да бдеат над физичкото и моралното здравје на своите деца и млади, за нивниот нервен систем да

остане урамнотежен, а душата поштедена од опасност! Оние родители кои слепо попуштаат на сите барања на своите деца и не ги контролираат нивните страсти, ќе го увидат својот страшен пропуст кога синовите и ќерките ќе им станат немоќни робови на тутунот и алкохолот, чии сетила потполно затапеа и чии усни изговараат лага. {3С 568.1}

Кога родителите и децата ќе се сретнат при конечната пресметка -на денот на Божјиот суд - каква глетка ќе биде тоа! Илјадници деца и млади кои беа робови на апетитот и понижувачките пороци, чиј живот претставува морална урнатина, ќе стојат лице во лице со родителите кои ги направиле такви. Кој, освен родителите би можел да сноси ваква страшна одговорност? Дали Господ ги создал овие млади толку расипани? О, не! Тој ги создал по Свое обличје и ги направил малку помали од ангел. Кој тогаш го извршил тоа ужасно дело и вака го формирал нивниот карактер? Кој толку го изменил нивниот карактер, така што тој веќе не го носи Божјиот печат и тие мораат да бидат засекогаш оддалечени од Неговото присуство како премногу нечисти за да добијат место меѓу ангелите на чистото и свето небо? Зар на тие деца не се пренесени гревовите на родителите кои и сами му попуштале на изопачениот апетит и страсти? И зар тоа дело не го надополниле мајките кои во желба за лични задоволства пропуштиле да ги воспитаат своите деца во склад со примерот кој им го дал Господ? Сите овие мајки ќе мораат да се појават пред Божјиот суд, тоа е сигурно токму така како што е сигурно дека тие постојат. Сатаната е подготвен да го прави своето и да ги доведе во искушенија, а тие немаат ниту волја ниту морална сила да се спротивстават на тие искушенија. {3С 568.2}

Припадниците на нашиот народ во поглед на здравствената реформа постојано назадуваат. Сатаната знае дека над нив никогаш не може да стекне таква власт како тогаш кога тие попуштаат на апетитот. Под влијание на нездрава храна свеста затапува, умот ја губи бистрината, а подложноста на влијанијата станува сè послаба. Меѓутоа, самиот факт дека свеста е умртвена од престапот никако не ја намалува вината на престапникот. {3С 569.1}

Со своите лукаво смислени искушенија, сатаната го изопачува умот и ги уништува душите. Ќе увидат ли припадниците на нашиот народ колкав грев претставува попуштањето на изопачениот апетит? Ќе сакаат ли да се откажат од чајот, кафето, месото и сите стимулативни средства и парите кои ги давале за тие штетни задоволства да ги употребат за ширење на вистината? Сите надразнувачки и опојни средства донесуваат само штета, а сепак гледаме дека многумина од оние кои тврдат дека се христијани употребуваат тутун. Тие ги осудуваат злата на неумереноста; меѓутоа, додека зборуваат против употребата на алкохолни пијалаци, тие сами не престануваат да ја трујат атмосферата околу себе со чадот од тутунот. Со оглед дека здравјето на умот многу зависи од нормалната состојба на виталните сили во организмот, колку грижливо треба да се избегнува употребата на било кои надразнувачки средства и наркотици! {3С 569.2}

Тутунот е бавен, но подмолен и многу опасен отров и од неговите последици организмот се ослободува многу потешко отколку од последиците на алкохолот. Какво влијание или сила може да има еден пушач во обидот да го запре ширењето на неумереноста? За да се стави секира на коренот на дрвото на неумереноста, во светот прво би морало да дојде до револуционерна промена во поглед на пушењето. Да го нагласуваме овој предмет уште потемелно. Чајот и кафето поттикнуваат желба за уште поголеми стимуланси, како што се тутунот и алкохолот. А сега уште повеќе се

приближуваме до семејниот круг, секојдневните оброци, трпезата која се поставува во христијанските домаќинства. Дали тука се применува умереност во сè? Дали се спроведуваат реформи битни за здравјето и среќата на домашните? Секој вистински христијанин треба да го контролира својот апетит и да владее со своите страсти. Ако во потполност не се ослободи од синџирите и робувањето на апетитот, тој не може да биде вистински послушен Христов слуга. Попуштањето на апетитот и страстите го слабее влијанието на вистината на срцето. Невозможно е Духот и силата на вистината да ги посветат во потполност духот, душата и телото на оние кои попуштаат на апетитот и страстите. {3C 569.3}

51. „НЕ МОЖАМ ДА СЛЕЗАМ!”

„Имам работа,” вели Неемија, „затоа не можам да слезам. Зашто би сопрела работата кога би ја оставил за да дојдам кај вас”. {3C 570.1}

На трети јануари 1875. година [It is a pleasure here to state relative to the gracious manifestation of the Holy Spirit to Mrs. White on the eve of January 3, 1875, that she had been sick with severe influenza, and confined to her room and bed for one week, till the physicians at the Health Institute had become anxious in her case. In this condition she followed the directions given in the fifth chapter of the Epistle of James, and after a great stretch of faith, like the man in the gospel who stretched forth his withered hand, she reached the point of deliverance from pain and sickness, and was soon in vision, which lasted ten minutes. She then dressed for meeting, walked to the church, and spoke to the crowded assembly twenty minutes, and walked home. Since that time she has written very much, and has spoken to the people with freedom. She is now preparing for the long journey to the Pacific Coast. J. W., *in first edition*] ми беше покажано дека Божјиот народ ниту за момент не смее да попушти во своето стражарење и будност. Сатаната постојано ни е зад петици. Во настојувањето со своите искушенија да совлада некои кои ги држат Божјите заповеди, тој е многу одлучен. Меѓутоа, ако не му дадеме место и ако со непоколеблива вера се спротивставиме на неговото лукавство, ќе имаме сила да отстапиме од секоја неправда. Оние кои ги држат Божјите заповеди ќе бидат во светот сила на добро, ако живеат во склад со примената светлина и своите предности. Тие можат да бидат пример на побожност, свети во срцето во општењето со другите. Не постои ниту време ниту околности кога нема да чувствуваме потреба за молитва и постојана будност. Колку повеќе се приближуваме кон времето на Христовото доаѓање на небесните облаци, сатаната со своите искушенија сè поодлучно ќе навалува на оние кои ги држат Божјите заповеди, бидејќи знае дека има малку време. {3C 570.2}

Своите намери и цели сатаната ги остварува преку своите агенти. Проповедниците кои го мразат Божјиот закон ќе ги употребат сите можни средства за да ги одвратат душите од нивната верност кон Бога. Нашите најогорчени непријатели ќе се наоѓаат меѓу адвентистите на првиот ден. Тие со сето срце одлучиле да војуваат против оние кои ги држат Божјите заповеди и имаат Исусова вера. Кога во сè што зборуваат, пишуваат или работат против нас се раководат од најогорчената омраза, тие тоа го сметаат како доблест. Од нив не треба да очекуваме нешто подобро. Многумина од нив сатаната ги вдахнал со силен бес против оние кои ги држат Божјите заповеди. Ние ќе бидеме напаѓани и лажно претставени; сите наши побуди и наши постапки ќе бидат лажно

толкувани, а нашиот карактер ќе биде најдрско напаѓан. Тоа ќе претставува манифестирање на гневот на змевот (Откровение 12:17). Но, според она што ми е покажано, ние не треба да бидеме ниту малку обесхрабрени. Нашата сила е во Исуса Христа - нашиот Застапник. Ако во понизност се надеваме во Бога, држејќи се цврсто за Неговите ветувања, Тој ќе ни подари благодат и небесна мудрост да се спротивставиме на сите лукавства на сатаната и од сето тоа да излеземе како победници. {3С 571.1}

Во неодамна примената визија ми беше покажано дека нашето влијание не би се зголемило ниту Бог би ни бил понаклонет ако им возвраќаме, спуштајќи се од нашата возвишена задача на нивното ниво и одговарајќи на нивните клевети. Има такви кои се служат со секакви измами и лаги за, остварувајќи ја својата цел, да ги мамат душите и да го изложуваат на потсмев Божјиот закон и оние кои му се покоруваат. Тие постојано повторуваат најпротивречни зборови и најодвратни лаги, сè додека сами не поверуваат дека ја зборуваат вистината. Тоа се нивните најсилни аргументи против саботата од четвртата заповед. Не смееме себеси да си дозволиме ова да ги повреди нашите чувства и тоа да нè одврати од нашата главна задача, а тоа е објавување на последната опомена на светот. {3С 571.2}

Укажано ми е на еден настан од Неемиината искуство. Тој со сето срце се нафатил на работата за обновување на срушените ерусалимски ѕидови, но Божјите непријатели одлучиле да го спречат во тоа. „А кога слушнаа Санавалат и Товија и Арапите и Амонците дека се поправа ерусалимскиот ѕид и дека почнало да се затвора она што е скршено, се разгневија многу; и се согласија сите заедно да удрат на Ерусалим и да ја спречат обновата”. {3С 571.3}

Во овој случај омразата и непријателството кон Јудејците ги обединиле и создале взаемна наклонетост помеѓу припадниците на различните народи кои инаку воделе меѓусебни војни. Ова е погрешна илустрација на она што се случува и во наши денови кога припадниците на разни верски заедници се здружуваат за да се спротивстават на сегашната вистина. Овие луѓе меѓусебно ги поврзува само она што според својата природа е духот на змевот кој се манифестира во огорчена омраза против остатокот (жениното потомство) кој ги држи Божјите заповеди. Овој дух особено го манифестираат адвентистите на првиот ден, оние кои не празнуваат ниту еден ден и оние кои сите денови ги сметаат еднакви. Сите тие се познати по постојаната меѓусебна омраза и озборување, освен кога се зафатени со заедничките напори во лажното претставување, озборување и разновидните напади на адвентистите на седмиот ден. {3С 572.1}

„А ние му се молевме на својот Бог и поставивме деноноќно стража кон нив, стравувајќи од нив”. Ние се наоѓаме во постојана опасност да се потпираме на себе и на својата мудрост, наместо својата сила и сигурност да ја наоѓаме во Бога. Сатаната ништо не го вознемирува толку длабоко како нашето познавање на неговите лукавства. Ако сме свесни за опасностите кои ни се закануваат, ќе почувствуваме потреба за молитва, како што тоа го почувствувал и Неемија и ќе добиеме како него сигурна заштита, која ќе претставува наша безбедност во деновите на опасност. Ако сме безгрижни и рамнодушни, неминовно ќе бидеме жртви на сатанското лукавство. Постојано мораме да бидеме будни и внимателни. Сепак, додека Неемија постојано му се обраќал на Бога во молитва, изнесувајќи ги пред Него сите свои грижи и тешкотии, да не мислиме дека од своја страна не треба да правиме ништо. Како што треба да се молиме, исто така треба и будно да стражариме. Мораме будно да ја следиме работата на нашите

противници за да не им пружиме предност во нивното измамничко делување и заведување на душите. Со свои напори, во Христова мудрост, мораме да бидеме подготвени да ги осуетиме нивните намери, додека во исто време не смееме да дозволиме да нè одврати од нашата голема задача. Вистината е посилна од заблудата. Правдата ќе триумфира над неправдата и невистината. {3C 572.2}

Божјиот народ треба за ги зasидува пукнатините направени во Божјиот закон. „И твоите ќе cосидаат врз стари урнатини; ти ќе ги поставиш основите на многу поколенија, и ќе те викаат обновител на урнатини, градител на патишта за населби. Ако ја задржиш својата нога во сабота да не го правиш она што тебе ти е драго во Мојот свет ден и ако ја наречеш саботата милина, свет и славен Господов ден и го славиш не одејќи по своите патишта и не правејќи го она што ти е драго, тогаш ќе се веселиш во Господа и ќе те изведам на земските височини и ќе ти дадам да јадеш од наследството на својот татко Јаков; зашто тоа го рекоа Господовите усни”. {3C 573.1}

Ова ги вознемирува непријателите на нашата вера и затоа тие ги употребуваат сите можни средства за да нè спречат во нашата работа. Сепак, старите урнатини се подигаат, пукнатините се cосидуваат. Опомени се упатуваат на светот и многумина престануваат да ја газат Господовата сабота. Во овој дел е и сам Бог и тоа човекот не може да го запре. Божјите ангели ги помагаат напорите на Неговите верни слуги и делото постојано напредува. Ние ќе наидуваме на разновидни пречки и спротивставувања, како што тоа бил случај и со градителите на ерусалимските sидови, но ако во својата работа не го запоставаат будното стражарење и молитвата, како што правеле и тие, Бог ќе се бори за нас и ќе ни даде драгоцени победи. {3C 573.2}

Неемија „се приврза кон Господа, не отстапувајќи од Него и ги држеше заповедите кои Господ му ги заповеда на Мојсеј. И Господ беше со него”. Тие неколку пати му праќале гласници кои со своите зборови ги заплашувале градителите, слабеејќи им ги рацете, или со ласкави и примамливи зборови им ветувале разни олеснувања и чудесни привилегии ако се согласат да соработуваат со нив и да престанат со својата работа на sидање. {3C 573.3}

Но Неемија им препорачал на градителите да не се впуштаат во никаква расправа со непријателите и да не им одговараат со ниту еден збор, за да немаат ништо што би го искористиле против нив. Тогаш уследиле закани и иронично дофрлување: „Нека sидаат; лисица ќе дојде и ќе го сруши нивниот камен sид”. А Санавалат кога слушна дека повторно се sида, „се разгневи и се налути многу и им се потсмеваше на Евреите”. Неемииниот одговор на сето тоа била молитвата: „Чуј, Боже наш, како нè презираат и одврати го нивниот потсмев на нивна глава!” {3C 573.4}

„И испратив гласници кај нив и порачав: имам голема работа, затоа не можам да слезам. Зашто би запрела работата кога би ја оставил за да дојдам кај вас. И ги праќаа кај мене четири пати и јас исто им одговарав. Тогаш Санавалат го испрати по петти пат својот слуга кај мене со отворено писмо во рацете”. {3C 574.1}

И ние исто така ќе наидуваме на најжестоко спротивставување од страна на оние адвентисти кои се противат на Божјиот закон. Но и ние денес, слично на градителите на ерусалимските sидови, не смееме да дозволиме да нè одвратат од нашата задача ниту гласниците кои копнеат по расправии и полемики, ниту застрашувањата со закани, ниту публикациите полни со лажни тврдења и лажни заклучоци, ниту било какво лукавство со кое би можел да се послужи сатаната. Нашиот одговор на сето тоа треба да биде:

Имаме голема работа и затоа не можеме да слеземе (дојдеме). Понекогаш можеби и ќе бидеме збунети и нема да знаеме на кој начин да ја сочуваме честа на Божјото дело и да ја одбраниме Неговата вистина. {3C 574.2}

Постапката на Неемија може да ни послужи како сигурна насока: како да постапиме со противниците од таков вид. Сите вакви и слични проблеми треба да ги изнесеме пред Бога во молитва, како што тоа го правел и Неемија и тоа во дух на понизност. Тој со непоколеблива вера цврсто се држел за Господа. Тоа е патот по кој треба и ние да продолжиме. Времето е премногу драгоцено за Божјите слуги да го минуваат во оправдување на својот карактер оцрнет од клеветите на оние кои ја мразат Господовата сабота. Да одиме храбро напред во непоколеблива вера, цврсто осведочени дека Бог ќе ѝ даде на Својата вистина големи и драгоцени победи. Во понизност, кротост и чист живот, потпирајќи се на Христа, можеме да бидеме потполно сигурни дека ја имаме вистината. {3C 574.3}

Ние не сфаќаме во потполност колкава предност е да се има вера и доверба во Бога и колкави благослови всушност ни донесува верата. Пред нас е многу значајна задача. Треба морално да се удостоиме за небото. Сведоштво на овој свет треба да пружиме не само со зборови туку и со својот пример. Небесните ангели не престануваат да им служат и да им помагаат на Божјите деца. Во записите на Божјата реч дадени ни се драгоцени ветувања под услов на послушност на Божјите барања. Небото е преполно со изобилство на благослови кои чекаат да ни бидат дадени. Ако, увидувајќи ја својата потреба, Му пријдеме на Бога во искреност и сесрдност на верата, ќе бидеме поблиску поврзани со небото, претставувајќи канали на светлината за светот. {3C 574.4}

Во ушите постојано нека ни одзвонува предупредувањето на апостол Павле: „Бидете трезвени, бидете будни, зашто вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика и бара некого да проголта”. {3C 575.1}